РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ„ - СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА

М-Р ФРОСИНА ТАШЕВСКА-РЕМЕНСКИ

„МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО ВО СОСЕДНИТЕ ЗЕМЈИ: СОВРЕМЕНИ СОСТОЈБИ„

-ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА-

МЕНТОР:
ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ТАШЕВА

Скопје, 2006 год.

Верувame дека улогата на минатото искуство не е насекаде еднакво значајна. Некаде минатото намерно се отпрегнува од заборавот на групите за да послужи како засилувач на чувствата на незадоволество предизвикани од моменталните состојби на нештата. Некаде тоа се става во рамка што сјае за да ја поттикне храброста за надминување на колективните тешкотии, да се земе залет, да се направи скок кон иднината. Но некаде, минатото било многу драматично, многу турбулентно, за да нема свој одјек во сегашноста.

ВОВЕД

Минатото и историјата на Македонија и македонскиот народ одново стана не само многу актуелна, туку и мошне судбоносна тема во национални и интернационални рамки. Осамостојувањето на Република Македонија со референдумот од 8 септември 1991 год., во значајна мерка ја измени геополитичката карта на балканскиот југ. Тоа внесе немир и разногласие кај некои од соседите, кои не ја поздравија Македонија како нов, конечно слободен и независен член на семејството на балканските народи. Напротив, тие протестираа, поставуваа барања и наметнуваа услови за кои Македонија цената сè уште ја плаќа. Ги оспоруваа историјата, културата, етносот, јазикот, па дури и уставното име на Македонците, значи сиот нивен идентитет. Со тоа беше тангирана и „совеста на Европа", зашто со Букурешкиот (1913) и со Версајскиот мировен договор (1919) на одреден начин беше задоволен стремежот на поголемиот дел од тогашните соседни монархии Србија, Грција и Бугарија, па и на штотуку формираната албанска држава. Никој, меѓутоа, тогаш не сакаше да го слушне легитимниот глас на Македонците кои цел половина век пред тоа креваа масовни востанија и водеа крвава борба за својата слобода и државна самостојност. Во Букурешт и Версај се расече животното тело на еден народ заради задоволување на средновековните соништа на балканските соседи за создавање на големи држави на тесниот простор.

Со конституирањето на Република Македонија како независна и меѓународно призната држава и со полното афирмирање на македонскиот национален идентитет во еден дел од етничката територија автоматски се покренува и *прашањето за правата и слободите на македонското национално малцинство во Грција, Бугарија, Србија и Албанија*, со сите реперкусии на внатрешен и маѓународен план.

Затоа денеска, Република Бугарија ја признава државата, но сè уште се опира да ја признае и посебната македонска нација (иако, меѓународноправно нациите не подлежат на признавање!). Притоа се заборава дека легитимните органи на бугарската држава по Втората светска војна ја признаа и државноста на

Македонија и македонската нација. И не само што го признаа македонското национално малцинство во Бугарија и со државен акт во Пиринскиот дел на Македонија беше воведена настава и на македонски јазик, со предавања за македонската историја во училиштата, со македонски печат, со Македонски народен театар и македонска книжарница во Благоевград, туку дури и од бугарска страна се нудеше присоединување на Пиринскиот дел на Македонија кон создадената Федерална Република Македонија во Демократска Федеративна Југославија. Но тој чин не влегуваше во плановите и интересите на големите „заинтересирани" сили и не беше прифатлив ни за еден (и тоа управувачки) дел од новата федерација.

И така беше сè до Резолуцијата на Инфорбирото (1948), па со извесни деривации и до 1956 год. Тогаш новот партиско и државно раководство наметна нова „доктрина" по македонскот национално прашање во Бугарија, па денеска македонскот национално малцинство во оваа држава не ужива ни елементарни национални права, не се признава не само национално-културниот субјективитет на Македонците во Бугарија, туку се негира и во самата Република Македонија. Објавената „Бугарска национална доктрина" (1997) од Научниот центар за бугарска национална стратегија во Софија, во консултација и со соработка на БАН, само уште еднаш и најофицијално ги декларира отворените претензии кон Македонија во предстојниот XXI век. Сакаме да веруваме дека новите меѓудржавни договори ќе донесат и нова клима во нашите меѓусебни односи.

Од друга страна, Република Србија (до мај 2006 год., државната заедница Србија и Црна Гора) формално и официјално не ја одречува македонската нација, ги признава и македонската држава и нејзините граници. Сепак, сè до падот на Милошевиќ на 5.10.2000 год., Србија ја нарекуваше Македонија „јужна Србија". Сепак, сé уште се одолжува конечното меѓународно обележување на македонско-српската гранична линија (во голема мера и поради нерешениот статус на покраината Косово и Метохија како протекторат на ОН со Резолуцијата 1244). Уште во 1945 год., Србија официјално ја призна и македонската нација и македонската државност и во половината век заеднички живот во федерацијата никогаш официјално не беше оспоруван македонскиот национален ентитет.

Денеска, меѓутоа, често во Србија одредени кругови го поставуваат и прашањето за некаков „сецесионизам" на Република Македонија, иако е познато дека во април 1992 год., со официјален писмен заемен договор Југословенската армија по мирен пат се повлече од територијата на веќе осамостоената македонска држава, признавајќи го територијалниот интегритет, националниот легитимитет и државен суверенитет.

Треба да се консататира, меѓутоа, дека Република Србија во целиот период по Втората светска војна но, и денес, водеше двојна политика во однос на ставот на Српската православна црква кон Македонската православна црква, а со тоа индиректно и кон македонскиот народ како ентитет. Денеска СПЦ е најкоравиот „борец" за „српските национални интереси" во Република Македонија. Таа сé уште си ја смета некогашната Вардарска Бановина во својата диецеза и назначува свои архиереи за македонските епархии. Се стига до таму што сега за надлежен архиерej е определени дури и самиот српски патријарх!

Република Албанија пак, начелно ја признава и нацијата и државата. Но, преку своето малцинство во Македонија нуди полно партнерство во државата и со закани и уцени на внатрешени надворешен план ја модулира политичката тензија во нашата држава, упорна градејќи патишта за утрешно евентуално поинакво решение на „албанското прашање на Балканот". Потврда за тоа е „Платформата за решавање на албанскот национално прашање" (Тирана, октомври 1998) на Академијата на науките на Албанија. Во документот од највисоко место се декларира дека повеќе од половина од територијата на Република Македонија е „историски албанска етничка територија" и дека треба да се трансформира македонската држава во вид на биполарна кон/федерација, со два наполно рамноправни конститутивни ентитета, по примерот на некогашната Австро-Унгарија. Деценискиот механички прилив на косовското албанско население во Македонија и конфликот од 2001 год., само уште повеќе го потенцира постоечкиот проблем.

Со радикализацијата на „Косовското прашање" преку екстремните настапи на политичките партии на Албанците во Македонија се врши отворена закана за имплементација на косовскиот дух и во нашата средина, па со девизата за „инте-

грално решавање" на прашањето на Албанците, всушност се загрозува и мирот во регионот, па и во Европа во целина.

Од друга страна, вистина е дека во изминативе педесет години Република Албанија (со разни амплитуди) признава, макар и формално, некои елементарни национални права на еден дел од македонскот национално малцинство во нејзините граници. Но, таа ограничена слобода за употреба на македонското национално име и за крајно редуцирано елементарно основно образование по некои предмети на македонски јазик. Притоа се испушта од предвид дека скоро целата македонско-албанска граница од обете страни е населена со дебел појас македонско (главно исламизирано) население што фактички претставува и брана против аспирациите на Тирана, а голем е бројот на Македонците што живеат во другите градови и села во внатрешноста на Албанија, вклучително и во престолнината. Се смета дека во Република Албанија денеска живеат (исламизирани и православни) некаде од 120.000 до 200.000 национално непризнати Македонци. Статистичките податоци од пописите на населението по националноста, по јазикот и по верата, во Албанија се чуваат како „државна тајна" и традиционално не се објавуваат целосно!

Република Грција која го носи епитетот на „лулка на цивилизацијата и демократијата" во Европа, не ја признава ни нацијата ни државата под своето уставно и историско име и, благодарејќи на својата меѓународна поставеност како членка на ЕУ и НАТО, работи на сите начини и со сите средства Република Македонија и македонскиот народ да не станат фактор во меѓународната политика. Денеска Република Грција како никогаш до сега инсистира Република Македонија да си го смени името што го носи веќе со векови, зашто и таа имала дел од територијата што го носи тоа име. Грција побара и со моќните пријатели успеа да нé присили да си го смениме државното знаме, зашто тоа било симбол на Филип II Македонски, пронајден во откриениот негов гроб кај селото „Вергина". Република Македонија во 1992 год., со два амандмани направи измени во Уставот од 1991 год., само со цел да ги потврди нашите заложби дека нема територијални претензии кон соседните држави и нема да се меша во внатрешните работи и суверените права на други држави. Во 1995 год., беше потпиешана „Привремена спогодба"

помеѓу двете „Страни" (Македонија и Грција) и сé уште течат договорно гарантираните разговори околу нашето легитимно историско име што сега е замането со конструкцијата „Бивша Југословенска Република Македонија". Тоа име требаше да биде употребувано привремено и само во рамките на Организацијата на Обединетите нации, но се прошири во односите со Македонија и од страна на многу грчки пријатели во светот и влезе во официјалните акти и контакти. Денес, единаесет години од потпишувањето на „Привремената спогодба", Република Грција зборува за преговори за меѓународното име на државата, а не за билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Грција.

Таква е модерната историја на Македонија и македонскиот народ. Бидејќи суштината на „македонското национално прашање" од еден историски аспект сè уште не е достатно и објективно познато треба да се направат обиди врз изворни факти и со историски аргументи да се промовира патот на развитокот на македонската историја и современите состојби за слободите и правата на македонското национално малцинство во соседните држави!

НЕКОЛКУ ПОГЛЕДИ НА ПРОБЛЕМОТ И ЦЕЛИТЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Секој обид да се дискутира по прашањето за современата состојба на македонското национално малцинство во соседните земји, наидуваме на една двострана, би рекла политичка реакција за научно-интелектуална дебата, како кај македонската политичка и научна јавноста, така и во јавните настапи на официјалните политички представници на соседните држави. Двостраноста на реакциите се огледа во „црно-белата" претстава за минатите и сегашните случувања на Балканот, историографијата на соседните држави, прашањата за (не)постоење на македонското национално малцинство, правото на евроатлантски аспирации на економски послабите итн.

Историографијата на соседните земји во однос на Македонија и македонското малцинство отсекогаш била во функција на нивната државна политика. Таа постојано се прирамувала до потребите на државната политика, а секогаш кога било потребно, отстапувала од научноста и се претворала во пропаганден сервис на државната политика. Тој факт не го оспоруваат дури ни сегашните историчари, ниту политичарите. Се разбира, повремено и во зависност од потребите на дневната политика.

Историографијата на Република Македонија поведена од децениските и вековни оспорувања, негирања, поделби, претензии, пропаганди, дестабилизации, пазарења, порази и победи, падови и успони, ја пишуваше/ва својата историја во стил на кој што треба да биде напишана, обработувајќи периоди и теми за една критичка и синтетичка научна анализа.

Појдовна точка на овој труд е доследно, фактографско претставување на податоците за положбата и правата на националните малцинствата во соседните држави, преку анализа на националното законодавство и приказ на повеќе гледишта за нивните минати и сегашни состојби. Во понатамошниот тек на социолошкиот приод во анализа на проблемот акцент е ставен на објективните услови и можности за негување на основните елементи на македонскио идентитет: историјата, јазикот, културата и традицијата на Македонците во соседните земји.

Идејата за истражувачкиот проблем произлезе од неколку причини:

***Прво**, од обидот за споредбена анализа на правата и положбата на националните малцинства во Република Македонија, од една страна, и правата и положбата на македонското малцинство во соседните земји, од друга страна.*

***Второ**, од историските прилики на Балканот кон крајот на XIX век и почетокот на XX век, местото и улогата на Република Македонија во тој историски период (Балканскиот сојуз, Балканските војни, Берлинскиот конгрес, Букурешкиот договор) и положбата на Македонците во тие историски консталации.*

***Трето**, од согледување на потребата за негување на етничкиот и националниот идентитет на македонското малцинство во соседните земји од една страна, и оневозможување на основните малцински права, неговото непризнавање и негирање, од друга страна.*

Овие три точки не би биле потполни доколку не се поткрепени со уставната обврска на Република Македонија согласно чл. 49 од Уставот на РМ, која гласи: „Републиката се грижи за положбата и правата на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, го помага нивниот културен развој и ги унапредува врските со нив ... Републиката се грижи за културните, економските и социјалните права на граѓаните на Републиката во странство ... Републиката при тоа нема да се меша во суверените права на други држави и во нивните внатрешни работи".[1]

Овој комплекс на уставни обврски наметнува потреба, покрај идентификација на општите белези да се дефинираат и барањата на македонското малцинство и македонското иселеништво со соседните земји. Тргнувајќи од фактот дека македонското национално малцинство во соседните земји е неразделен дел од македонскиот народ, па според тоа и неразделен фактор учесник во градењето на македонската историја и култура надвор од својата матица, еден дел од нивните суштински потреби се: изградба на нова национална политика кон македонското малцинство во соседните земји и иселеништвото; развивање на разни комуникациски врски; поактивно влучување на сите информативни куќи во Македонија

[1] Устав на Република Македонија (Со амандманите на Уставот I-XVIII), ЈП „Службен весник на Република Македонија", Скопје, 2002;

во информирањето на иселениците и македонското малцинство со цел да се намалат влијанијата од туѓите средства за масовно информирање; печатење на македонски весници; работа на пропаганден план за развивање на свест и самосвест за македонската држава и македонската национална свест; државните органи на Република Македонија, согласно своите овластувања, да се ангажираат за враќање на културното и археолошкото богатство[2] итн.

Изборот и селектирањето на изворите на податоци во прилог на предметот и целите на трудот, неизбежно водат во искушение да се започне со темелен историски пристап кој би го довел истражувачот до прагот на современата историја, а воедно и до современите состојби на проблемот кој се истражува.

Ако треба да се одбележат суштинските заеднички точки во положбата на македонското малцинство во соседните земји, што воедно се и цели за анализа во трудот, тие би биле:

- *потребата мнозинството да го овозможи неговиот развој, почитувајќи ги неговите етнички, културни, јазични и религиски особини;*
- *желбата за рамноправност на неговите припадници во правата и обврските со другите граѓани;*
- *потребата да се одржува врска со другите делови на етничката заедница на која и припаѓа, матичната држава и малцинството кое најчесто живеат во соседните земји;*
- *потребата од континуирано и слободно негување на историјата и на културниот идентитет;*
- *барањето за регулирање на правата на малцинствата како во внатрешното законодавство на државите, така и со меѓународни документи и институции,*

[2] Покрај негирањето на Македонската црква од страна на познатите антимакедонски елементи, нејзините активности не беа подржувани од страна на тогашните државни органи кои, освен што се мешаа во решавањето на внатрешните канонски прашања на Македонската црква, овозможија експанзија на атеизмот, разграбување на подвижниот и недвижниот имот на Македонската црква, забранување на нејзини јавни манифестации итн., со цел да нема црква, која е услов за постоење на јака самостојна македонска држава. Пандил Костурски, *Дипломатијата и македонското иселеништво*, Скопје, 1994.

особено со Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа.

За да се одговори на овие задачи, за потребите на поставената цел како инструмент за анализа ќе биде употребена Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа, како мултилатерален правно обврзувачки инструмент за унапредување на положбата на националните малцинства во Европа. Освен како инструмент, РКНМ ќе биде употребена и како извор на податоци за актуелната состојба на македонското национално малцинство во соседните земји кои ја ратификувале Конвенцијата и пристапиле кон исполнување на обврските од неа. Рамковната конвенција претставува своевиден индикатор за мерење на степенот на малцински права и малцинска заштита.

ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ИСТРАЖУВАНИОТ ПРЕДМЕТ

„Проблемот-Македонија", македонскиот културен идентитет и современите состојби на македонското национално малцинство во соседните земји, бара целосна ретроспектива на историски настани, враќање на многу години и векови наназад. Целта на трудот не е да западне во безконечки дебати околу многубројните историски контраверзии за историјата на Македонија и македонскиот народ. Целта е да се определи временска рамка, еден временски репер во прилог на предметот и целите на трудот. Неизбежен е еден краток историски осврт на одредени историски моменти кои оставиле траен белег на развојот на Република Македонија, бидејќи трудови на вакви теми бараат мултидисциплинарен пристап во проучувањето. Таков е случајот и со истражувањето на современите состојби со положбата и правата на македонското национално малцинство.

Без претензии да бидат опфатени сите историски контраверзи и моменти од развитокот на македонската државност, една од целите на трудот е да ја потврди оправданоста и потребата од еден *фактографско-историски, социолошко-антрополошки, современ, мултидисциплинарен и компаративен пристап* во

анализата на современата положба на македонското малцинство во соседните земји.

Проблемот временски ќе биде анализиран во два периоди. Првиот, кој е воедно и најдолг е периодот од поделбата на Македонија до нејзиното осамостојувањето или 1913-1991 год. Првиот дел претставува увертира во вториот период кој е предмет на трудот, а тоа е периодот од осамостојувањето на Република Македонија или 1991-2006 год.

Евроатлантските аспирации на Македонија, Бугарија, Србија и Црна Гора и Албанија (со исклучок на Република Грција која е членка на ЕУ и НАТО), претставуваат дополнителен мотив за анализа на положбата и правата на македонското малцинство во соседните држави. Членството во ЕУ и НАТО, наметнува реформски зафати во позитивното законодавство согласно Копенгагеншките критериуми и обврска за имплементација на европските стандарди, вклучително и спроведување на обврските од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства. Ова оди во прилог на тезата дека законодавството на ЕУ ќе мора без исклучок да се применува од сите нејзини членки и аспиранти, и дека ЕУ треба да го оттргне од себе епитетот дека применува „двојни стандарди" и сериозно да бара сите земји-членки и земји-аспиранти за влез во ЕУ, да имаат недвосмислено ист, стандардизиран пристап во малцинската заштита и малцинските права.

ПРВ ДЕЛ

1. МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ КАКО ЕТНО-ИСТОРИСКИ СУБЈЕКТ

1.1. Историски конотации

Современата позиција на Македонија има подлабоки историски корени. Етничките Македонци не се продукт на современата македонска нација како демос во актуелните гео-политички граници или на името на земјата Македонија каде што живеат, туку напротив современата македонска нација е продукт на историскиот континуитет на етничките Македонци, не асптрахирајќи ги соодветните влијанија низ историјата!

Македонското национално прашање јавно се претстави на меѓународната сцена во 70-тите години на XIX век. Но внатре, во границите на Турската Империја, тоа назреа, континуирано се развиваше и се изрази во јавноста уште од 40-тите. Поради петвековното турско владеење над христијанското население на Јужниот Балкан, Европа малку знаеше за различните народи и нивните етнокултурни граници на овој простор. Тие беа третирани (и внатре и надвор) главно како православни христијани.[3]

Притоа, сé до 30-тите години на XIX век, сè уште не постоеше некоја поблиску определена претстава за етнографската карта на овој дел од Балканот. За Европа тоа беше турска и австриска земја и во неа главно живееше христијански народ. Дури со процесот на изделување на одделни периферни области од Турција и со составување на вазални или самостојни државички почнува да се вообличува и етнокултурната карта, особено на православниот Балкан.

---

[3] Како прв пример за заштита на христијаните (во случајот за католичкото население) во Отоманската Империја се наведува договорот склучен меѓу францускиот крал Франсоа I и султанот Сулејман во 1535 год. Потоа такви договори со Високата порта склучиле Англија (1580-1583), Холандија (1612). Со Кучук-Кајнарџискиот мировен договор во 1774 год., Русија обезбедила заштита за православното население во Турција. Желбата за заштита на религиозните малцинства често била изговор и за католиците, и за протестантските владетели, за повеќе интервенции во странски држави. Ваквата ситуација била поттик за повеќе европски држави во нивните меѓусебни односи, особено преку трансферите на територии, да предвидат слободно исповедување на верата за религиозните малцинства. Види повеќе во: Ортаковски, Владимир, 1996, *Меѓународната положба на малцинствата,* Скопје, Мисла, стр.30;

Од воените планови и замисли на големите сили станува очигледно дека во тоа време сè уште се нема јасна претстава ни за денешните народи-нации, ни за нивните етнички граници на Балканот. Бугарија, на пр., воопшто не се замислувала како посебна држава, туку во сите комбинации таа влегува заедно со другите етнички области во други државни творби-во рамките на Србија, во Романија или директно во Русија.

И не само за територијата, туку и за етничкиот состав и неговата распространетост се немало јасна претстава. Така на пример, во „Додатокот" на Вук Караџиќ од 1822 год., македонските области од Пиринско со јазикот и народните песни биле маркирани како бугарски. Многу подоцна истиот тој, некои краишта од Македонија ги прогласил за српски и нашол „српски" јазик и „српски" песни во нив.

Исто така во Русија дури во 1829 год., излезе првиот том од историската книга „Древните и денешните Бугари и нивниот политички, народописен, историски и религиозен однос кон Русите", од медицинарот Јурај Венелин од денешна Украина. Тоа било првото поопширно „запознавање" на Русите со Бугарите како словенски народ. А какви биле тие претстави на Ванелин за Балканот може да се види и од неговата книшка „За зародишот на новата бугарска литература" што била објавена во Москва во 1838 год.[4]

Во почетокот на XIX век се немало претстава ниту за грчкиот и српскиот етнокултурен простор. Така на пр., дури и во времето кога се формира познатата „Филики етерија" во 1814 год., во Виена се собрале крунските глави од Европа на т.н. Виенски конгрес, па грчките национални дејци отпечатиле обраќање и упатиле молба за ослободување на нивната татковина. Како репрезенти на Грците во Виена се појавиле угледните кнезови на руска служба Јоан Каподистрија и Александар Ипсиланти. Но, не само што нивното барање не било ни поставено на разгледување, туку и лично, претседавачот К. Матерних јасно им рекол дека „не

[4] Авторот наведува дека во тоа време во Бугарија живееле 750.000 Бугари, во Тракија 600.000, на други места уште 195.000, а во Македонија-цел еден милион! Во таа негова голема Македонија ги сместува и градовите Карловци, Призрен, Копривштица, Калофер и други места расфрлани на Балканот. Толку стигнуваа тогашните познавања не само на Ванелин, кој впрочем и никогаш не стапнал во Македонија.

постои грчки народ и дека во турската држава не се признаваат други народности освен турската". Но, не беше поинаква ситуацијата со претставата за етничката територија на Грците и подоцна, зо време на формирањето на современата грчка држава. Самиот прв претседател на самостојна Грција Јоан Каподистрија, не само што Македонија, Тракија и Епир воопшто не ги вклучил во границите на нова Грција, туку предлагал островот Кипар да ѝ се даде на Франција, Кандија на Англија, а Родос на Русите. Дури во 1831 год., по поттик и поддршка од Русија, Каподистрија ја поместува северната граница до Пинд и Олимп.[5]

Истиот однос Европа го имаше и кон Србите. Дури подоцна, благодарејќи на дејноста на Српската православна црква во Австрија, а потоа и на српската држава, се прават напори да се омеѓат и етничките граници на „Србите" во Турција. Така постепено се градеше српската национална митологија и се создаваше претпоставка за идна српска национална пропаганда.

1.2. Природно-географски одлики

Не може да се даде јасен преглед за територијата на Македонија, без притоа да се земат во предвид историските прилики кои во голема мера ја модификуваа и обликуваа картата на Македонија. Би ги издвоила историските моменти кои значително влијаеле врз обликувањето на територијалните граници на Македонија: ноќта пред Руско-турската војна; бугарските граници предложени со Санстефанскиот договор-1878; Берлинскиот конгрес, 1878; предложената линија за поделба на Македонија со Српско-бугарскиот договор-1912; Букурешкиот договор-1913 и Нејскиот договор од 1920; границите на Народна Република Македонија во Југославија по Втората светска војна и границите на Република Македонија по нејзиното осамостојување од 1991 год.

За таа цел би издвоила неколку историски гледишта, во кои различни автори секој на свој начин ги опишуваат границите на Македонија во различен период од нејзиниот историски развој.

---

[5] Исто, стр.11-12;

Студијата на Хенри Р. Вилкинсон за етнографската картографија на Македонија започнува со признание што не може да се најде ниту во еден националистички приказ за таа област. „Македонија" напиша тој „не дава да се дефинира поради повеќе причини... Историјата не го става својот печат на границите на Македонија ниту тоа го прави физичката географија... Овој регион не се одликува со некое физичко единство или општо политичко искуство, туку повеќе поради сложеноста на етничката структура на нејзиното население". Разновидноста на населението во Македонија во деветнаесеттиот век била навистина толку позната, што на француски јазик се создал зборот „Macèdoine" што значи салата од мешано овошје и зеленчук.

Според поекстремното македонско националистичко становиште модерните Македонци не се Словени; тие се директни потомци на древните Македонци, коишто не биле Грци. Ова тврдење барем делумно претставува обид да се побие грчкото тврдење дека „Скопјаните" се Словени, а не Македонци. Според екстремните македонски националисти „славизмот" е деструктивна доктрина „што има за цел сосема да го искорени македонизмот". Ако Македонците се Словени, тогаш тие „немаат легално право на ништо македонско". Тие „го легализираат грабежот од страна на Грците (на древните Македонци) ".[6]

Американецот Џон Шеј во својата книга: „*Македонија и Грција-битка за дефинирање нова балканска нација*„[7] од 2002 год., во делот насловен како *Ставовите на античките Грци кон Македонците*, вели: „Во текот на античката историја, планината Олимп и долината Темпи биле познати по тоа што ја делеле Македонија од Грција. На север, Македонија се протегала сé до изворот на

[6] Овие гледишта беа изнесени во еден македонски весник во Мелбурн во 1986 год., и се цитирани кај Kofos Evangelos, National Haritage and National Identity in Macedonia (19th to 20th Centuries). In Anastasios Tamis, ed. *Macedonian Hellenism*. Melburne: River Seine Presss, 1990;

[7] „Оваа книга е напишана како одговор на релативно новиот спор меѓу Грците и Македонците. Иако разгледувањето на овој спор е од централно значење на оваа расправа, иделите кои се опишани во неа одат многу подалеку. Спорот меѓу Грците и Македонците има посебно значење во светските случувања денес, поради значењето кое го има Македонија на Балканот. Оваа малечка земја, новата Република Македонија, има долга историја на вплетканост со малите и големите сили на самиот Балкан, со западна Европа, со Русија и со Турција. На Македонија се гледа како на можно кризно жариште за војна со огромни меѓународни размери. Ова е индикатор за тоа колкава важност има Македонија во очите на меѓународната заедница, а посебно за Соединетите Американски Држави." (Џон Шеј)

Вардар, и по долините Струма и Места, преку Благоевград до изворите на Бистрица во планините Рила во денешна Бугарија. Македонија покривала површина од околу 26.000 квадратни милји. Северната граница на античка Македонија одела или од денешниот град Превеза или од Крф до долината Темпе јужно од Олимп. Во античко време, Македонија била северен сосед на Грција, а никогаш грчка провинција. Античките луѓе знаеле каде завршува Грција, а каде почнува Македонија. Тие верувале дека планината Олимп е во Македонија, а планината Парнас во Грција. Па, така географот Страб го нарекол Олимп највисоката планина во Македонија. И сè уште е така".[8]

Разни грчки географи и историчари од класичниот и пост-класичниот период, како што се Ефор, Псевдо-Скајлакс, Дионис синот на Калифон, и Дионис Периегет, ја сместиле северната граница на Грција на линијата од Амбракијскиот залив па сè до Пенеј, со што ја исклучиле Македонија.[9]

Старогрчкиот историчар Тукидит (околу 460-396 г.п.н.е.) и еминентниот грчки географ Страбун (оклу 63 г.п.н.е.-20 г.н.е.) даваат опис на границата на Македонија во доста широки размери. Така, Страбун, во својата книга, *„Geografija eks Strabonis"*, во враска со границата пишува: „Македонија е омеќена од запад со крајбрежјето на Јадран, од исток со паралелниот меридијан кој почнува со устието на реката Марица и градот Кипселон, од север со замислената права линија што минува низ планините Вертискос, Скадрон (Шара), Пирин, Родопи, Емос (Балкан), кои пак почнуваат од Јадран, одат по права линија кон Црно Море, оформувајќи спрема југ голем полуостров што ги опфаќа Тракија, Македонија, Епир и Ахаија, а пак од југ со Виа Игнатија од градот Драч кон исток, доаѓајќи до Тесалоники (Солун) и така оваа шема на Македонија составува еден паралелограм".[10]

Македонија се наоѓа во средишниот дел на Балканскиот Полуостров. Нејзините основни географски граници се следниве: на север границата ја составуваат планините Шар Планина, Скопска Црна Гора, Козјак, Осогово и Рила;

---

[8] Џон Шеј, *Македонија и Грција-битка за дефинирање нова балканска нација*, Стеда графика, Скопје, 2002, стр. 45

[9] Исто;

[10] Хаџиев, Вања, *За името Македонија и Македонци во историјата*, Љуботен, Скопје, 1996 г., стр. 12-13;

јужната граница ја определуваат реката Бистрица и брегот на Егејското Море до утоката на реката Места; планините Кораб, Јабланица, Грамос и Пинд ја заградуваааат географската граница на Македонија од запад, а на исток тоа го прават реката Места и дел од планината Родопи.[11]

Бугарскиот автор Васил К'нчов, во својата книга *„Македонија-Етнографија и статистика"*, забележува: „...Името Македонија многу неоправдано се дава на различни области низ различни периоди. По распаѓањето на Македонското Царство името се дава на главните области, кои влегуваат во негов состав, околу долното течение на реката Вардар и Струма. Во средниот век тоа се проширува на исток и по извесно време со името Македонија се означува јужната страна на сегашна Тракија. Денес со тие области се нарекуваат турските области меѓу Кнежевството Бугарија, Тракија, Србија, Стара Србија, Албанија и Тесалија. Поточно, се означуваат границите на тие области со Родопскиот венец од исток; со Рила, Осогово и рамнината меѓу Вардар и Морава, Скопска Црна Гора и Шарскиот венец од север; со Источно-Албанските планини, рамнините меѓу реката Девол и реката Бистрица, Грамос и Олимп од запад; со Белото Море од југ. Кон Македонија се вклучува месното население од Ќустендилскиот округ со целото горно течение на Струма и Врањската Околија, а пак од друга страна жителите од Населичко и Гребенско низ коритото на реката Бистрица не се нарекуваат Македонци".[12]

Во грчкиот весник „Катимерини" од 2 мај 1992 год., проф. Христос Гудис од „Македонскиот дневник" (Атина 1911), цитира: „Македонија имала скицирано многу разни граници за време на повеќе разновидни политички промени што оваа како и други земји ги трпеле во текот на историјата. Како нејзини граници ги прифаќаме на југ Егејското Море, на исток Родопите до Неврокоп од каде границата скршнува на северозапад и ја допира граничната линија со Бугарија и упатувајќи се на запад ја достигнува планината Скадрон (Шара) над Скопје, потоа ја продолжува насоката кон Охрид, од каде оди право на југ до планината Грамос, а

---

[11] *Историја на Македонскиот народ*, издание НИП Нова Македонија, Скопје, 1969 година, книга I, стр.9;

[12] К'инчовъ В., *Македония-Етнография и статистика*, I изд. Бълг. Книжовно Д-во, София, 1900; II фототипно изд. "Проф. М. Дринов", София, 1996;

оттаму пак, свртувајќи кон исток и минувајќи низ градовите Сјатиста и Кожани, излегува на Солунскиот Залив покрај Олимп... Според тоа, Македонија ги опфаќа: целиот Солунски вилает, најголемиот дел од Битолскиот вилает и голем дел од Косовскиот и Санџачкиот, за чија политичка поделба придонесоа во најголема мера, сосема случајни причини...".[13]

Во специјален додаток на грчкиот весник „Катимерини" од 19.01.1992 год., под наслов *„Македонија-историски преглед"*, составен врз основа на архивски материјали на грчкото Министерство за надворешни работи, од „Штабот на главните редактори на најголемите грчки весници" во врска со Македонија се вели: „...Територијата на денешна југословенска Македонија, освен една зона од неколку десетина километри северно од грчката граница не претставувала дел од античка Македонија... И покрај тоа за време на турското владеење беше прифатено да се сметаат како македонски и териториите кои допираат дури до планината Скадрон (Шара) северно од Скопје. Како такви тие се третираат и денеска, без за тоа да постои научна основа...". [14] И понатаму: „Како што пишуваат историчарите Амандос, Закинтинос и Вакалопулос како и византиските автори терминот „Македонија" често го означувал најголемиот дел од Албанија, од северна Тракија (Источна Румелија) како и области од денешна грчка Тракија. Поради тоа и терминот „Македонија" го изгубил националното, дури и географското значење што го имал од античките времиња.[15]

Во споменатите географски граници Македонија опфаќа територија од 67.741,2 км². На тој простор во средината на втората половина на XIX век (1874) живееле околу 1.873.388 жители, што доаѓало по 25,5 жители на км². Малку подоцна на оваа територија живееле околу 2.000.000 жители, од кои мнозинството го сочинувале Македонци.[16]

---

[13] Хаџиев, Вања, *За името Македонија и Македонци во историјата*, Љуботен, Скопје, 1996 г., стр.15;
[14] Цит. во Хаџиев В.,..., стр. 16;
[15] Исто;
[16] Данчо Зографски, *Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија во времето на турското владеење*, Култура-Скопје, 1967, стр. 17-25;

Францускиот Едмон Бушје де Бел[17] во својата книга „*Македонија и Македонците*", за Македонија пишува: „Името Македонија означува подрачје чии граници се доста нејасни[18] и кое уште пред неколку векови престанало да биде политичка целина. Но, две суштински карактеристики се причина за нејзината популарност, за нејзината големина и воедно за нејзината несреќа. Првин тое е нејзината местоположба. Македонија се наоѓа таму каде што би можел да се наоѓа почетокот на големите светски патишта: од Белград преку Ниш, Скопје и долината на Вардар се спушта кон заливот Термајк, кусиот пат од Средна Европа кон средоземниот Исток. Сега до крајот го следи железницата. Би можеле да се спуштиме и преку Босна и Нови Пазар, кога железницата би ја поврзала Митровица со Сараево. Друг, многу стар пат некогаш го поврзувал Драч со Византија, преку Албанија и Македонија, тоа е прочуената *via Egnatia*... Втората карактеристика што од Македонија создава прочуено место е дека таа е затворено подрачје со многу различни раси...".[19]

Русија и Велика Британија имале удел во судбината на регионот поради неговата близина со протоците и улогата што тој ја имал во рамнотежата на силите на Балканот. За балканските националисти Македонија, ја имала доминантната стратешка положба на полуостровот. Треба да се потсетиме дека основното спротивставување на формирањето на санстефанската голема Бугарија било поради тоа што границите што би ѝ се дале и во кои би била вклучена и Македонија, би ја направиле најсилна држава на Балканот, а со време би можело да се очекува таа да дејствува како руски сурогат.[20]

---

[17] Францускиот Едмон Бушје де Бел е сосема непознат за македонската јавност, како и неговата книга „Македонија и Македонците" издадена во 1922 год., во Париз. Ако се суди спрема тежината на она што таа книга го носи како прилог и документација од еден автор за македонската историографија и историјата и воопшто сведочење и расправа за „македонското прашање" помало е чудењето што толку време останала настрана од македонското внимание. Книгата не е ниту историја на Македонија ниту на Македонците, пред сé таа е расправа.

[18] Нејасноста се однесува пред сé на северната граница. Главно се смета дека Македонија се простира во тој правец до Кара-Даг и кара-Планина, а на другата страна започнува Стара Србија. Другите граници се: на североисток Родопите, на исток Марица, на југ Егејско море (од утоката на Марица до масивот на Олимп), планините на десниот брег на Бистрица; на запад албанските планини. Едмон Бушје де Бел, *Македонија и Македонците*, Македонска книга, Скопје, 1992, стр. 28;

[19] Исто;

[20] Македонскиот водач на Разловечкото востание (7./19.5.1876), Димитар поп Ѓорѓиев-Беровски-како и многу други словенски востаници пред него-отишол да побара помош во Санк Петерсбург

Во книгата „*Како ја видоа Македонија*" (Руски публикации за Македонија 1828-1913), од авторот Цветан Станоевски, рускиот историчар М. Ладиженски во делот насловен како „*Поглед врз Европска Турција-1828*", за местоположбата на Македонија вели: „... Македонија, ограничена со високи планини од централниот венец од исток-со планините Пангејски, паралелни со Родопите од запад-со поголем венец на Мезов или древниот Пинд на југ со планината Олимп и Тесалија, се состои од многу широки, просторни и затворени долини, чија источна страна е попогодна за земјоделство и производство на секакви растенија отколку западната...".[21]

„Заливите: Салоникски (Sinus Thermanus), Касандриски Афонски Гори и Контески (Sinus Strimonikus), далеку засекувајќи во копното и затворени бурни северни и североисточни ветрови, како да се претзначени од самата природа за раширување на надворешната трговија на Македонија. Македонњаните што живеат во земјата, чија положба е планинска и налегната кон исток, според мислењето на Ипократ многу поволна за развој на човечките способности, земајќи просветување од Грците,-брзо избиле со посебен блесок на политичката сцена. Посилно бројно, со природни способности, со телесни квалитети и знаења добиени со образование-тие в час ја поробиле Грција и за не многу години го раширило своето владеење сé до границите на Хиндустан...".[22]

Во горе споменатата книга, еден друг руски публицист со иницијали Ир.-П во делот насловен како „*Македонија и Македонското прашање-1904 (земја и население)*", за Македонија пишува: „Македонија-земја на нејасности, неопределености, непостојаности, земја на вечни смутови и безредија, речиси на непрестајни крвопролевања и интриги. Работата е во тоа што името Македонија нема определено географско значење и на официјалниот турски јазик речиси не постои. Во

(Русија), но не бил ни примен! Во актите на ова е првиот знак дека Русија, за разлика од сите останати православни молители, поинаку ја третираа Македонија. Од тоа може да се заклучи дека Русија очигледно уште тогаш ја препуштила Македонија на една од нејзините протежирани земји-Грција или Бугарија. Значи автономна, можеби дури и независна Македонија, би представувала огромна пречка на руските планови за излез на Средоземното Море, за разлика од македонската провинција во рамките на (тогаш сé уште) послушната Бугарија.

[21] Станоевски, Цветан, *Како ја видоа Македонија (Руски публикации за Македонија 1828-1913)*, Македонска книга-Скопје, 1978, стр. 45;

[22] Исто, стр. 46;

сегашно време под тоа име обично се подразбира С о л у н с к и о т (Салоникскиот) и Битолскиот (или Монастирскиот) вилает (провинции) на Европска Турција, што се распостилаат кон северозападниот агол на Егејско Море, каде што се формира Солунскиот Залив. Обично кон неа се присоединуваат и југоисточниот дел на К о с о в с к и о т вилает (околу една третина од овој вилает со градот Скопје, по турски Ускјуп, исто така Ускјуб) и западниот дел на А н д р и ј а н о п о л с к и о т вилает (до Родопските Планини)... Од јужната страна кон Македонија припаѓа Халкидичкиот Полуостров, еден од трите што длабоко се врежуваат во морето чиј гребен ја образува Св. Гора Атинска, сета посеана со православни манастири. Освен тоа, оваа Македонија, инаку викана Западна Румелија (по турски Харбш-Урумпли), во етнографски однос се наоѓа во тесна врска со земјите што се нејзини соседи: Тесалија, Епир и Албанија (вилаетите Јанински и Скутарски), Црна Гора, Херцеговина, Србија, Бугарија, Источна Румелија и Тракија (Адријанополски вилает)".[23]

Елизабет Баркер во нејзината книга „*Македонија и нејзиното место меѓу балканските политички сили*", вели: „...Не постоела македонска држава од времето на македонските кралеви од 4 век п.н.е. Од тоа време, па сé до 1912, Македонија му припаѓала на Римското царство, потоа на Византиското, на средновековните бугарски и српски царства и на крајот на Отоманското царство. Како резултат на ова нејзините граници флуктуирале. Некои српски историчари нагласувале дека скопскиот регион на северозапад, не бил дел од Македонија, туку дека ѝ припаѓал на Стара Србија. Како и да било, географската територија на Македонија е онаа територија што на север се граничи со брдата северно од Скопје и Шар Планина, на југ со Егејскиот брег околу Солун, со планината Олимп и со Пиндус планините, на запад со Преспанското и Охридското Езеро. Нејзината површина е околу 67.000 км²".[24]

Во вториот том од книгата „*Историја на Балканот*„ од Барбара Јелавич, кој се однесува на XX век, во поглавјето за *Крајот на османлиското владеење во*

[23] Исто;
[24] Баркер, Елизабет, *Македониј и нејзиното место меѓу балканските политички сили*, Македонска книга-Скопје, 1992, стр. 25;

Европа, авторката за Македонија пишува: „Како регион што се протегал на околу 40.000 км² со околу 2 милиона жители, Македонија немала дефинирани политички граници, туку била дел од трите вилаети Солун, Косово и Битола. Се смета дека регионот на север е ограничен со Шар Планина, на исток со Родопските Планини, на југ со Егејското Море, планината Олимп и Пиндската верига, а на запад со Охридското Езеро. Етничката поделба не може со сигурност да се прецизира. По конгресот во Берлин, кога судбината на оваа област станала основна грижа, биле извршени многу статистички мерења. Резултатите главно ги одразувале интересите на оние кои ги правеле проучувањата...".[25]

Во рамките на споменативе географски граници на Македонија, во големо мнозинство веќе 14 века, од доселувањето на ова подрачје во VII век па до денес, живеат Македонци, па затоа со право може да се каже дека тие граници се истовремено и етничките граници на македонскиот народ. Се разбира, тоа не се и државните граници на Македонија, зошто вон државните границите на Република Македонија, во рамките на границите на Бугарија, Грција и Албанија, живеат делови од македонскиот народ како македонско национално малцинство.

Според извештајот на Стејт Департментот од 19 март 1949 год., на 35 страници текст со наслов *„Ситуацијата на Балканот"* во еден дел од текстот насловен како „Македонското прашање", се подвлекува дека, „Во современава епоха Македонија остана политички сон во еден географски регион совршено разграничен со природните граници: Шар-Планина северно од Скопје, Рила во Бугарија, Оса, Олимп и Егејското Море од југ, албанските планини од запад...".[26]

За етничката поделба на Македонија, нејзините сегашни граници и односот со соседите по тие прашања, а со тоа и за настанување на „македонското прашање" ќе стане збор подолу.

---

[25] Јелавич, Барбара, *Историја на Балканот, XX век*, Том II, НИК-Лист, Скопје, 1999, стр. 104;
[26] Archives diplomatique de Ministère des affaires ètrangeres, Paris, Sèrie Z Europe. Sous-sèrie, La Yougoslavie, vol.22;

1.3. Потекло на името Македонец и Македонија

Мајкл А. Димитри, современ Македонец (и покрај навидум грчкото име), нуди своја теорија за потеклото на античките Македонци. Тој првин го разгледува грчкиот став кон името на Македонците значело „високите" или „планинците" кои дошле од планините да ги освојат низините, или „високи планини" што повторно е референца за нивната оргинална локација. Тој претполага „полесно одбранлива и најверојатна деривација за името Македонија" која лежи во „праисторијата". Димитри вели дека: „...во текот на овој период, во многу делови на светот, главното божество што го обележале тогашните цивилизации, додека се учеле како да ја култивираат, населат и скротат земјата на која живееле, била земја која што тие ја персонифицирале во божица. Оваа земјена божица била таа, која како мајка, им носела богати жетви, стада и покриви над главите, кои што им биле неопходни за опстанок. За возврат на нејзините благослови, голем дел од овие култури ја именувале својата земја според нивната верзија на оваа Мајка Земја. Добро познат пример за ова е Италија, чиешто име потекнува од Италиа, античката Мајка земја на тој полуостров. Во индо-европските јазици, каде што спаѓа и македонскиот основата „Ма" често е асоцирана со „женственост, жена и мајка". Примерите за ова се „матер" на латински, „мадре" на шпански, „мама" на англиски и „мајка" на македонски. Исто така, основата „дон" значи „подарок". Примерите се „додаре" на латински, „дар" на шпански, „донате" на англиски и „донесе" на македонски. Ако го додадеме зборот „мајка" на основата „дон," со типичниот индо-европски завршеток на именките „-иа" ќе добиеме „македониа" или Македонија. Името Македонија значи потекнува од праисторијата и неговото значење е „Подарок на Мајката".[27] Постојат и други докази што би ја поткрепиле оваа теорија, како што се написите во кои македонската Мајка-земја е нарекувана „Ма". Исто така постојат и историски референци стари неколку милениуми во врска со народот наречен „Македонци".

Употребата на името „Македонци", кога станува збор за луѓето од македонските територии, од кои повеќето биле Словени, е евидентирана во архивските

[27] Michael Dimitri, *Macedonian Canadian News*, June 1993;

документи на Средниот век. Поголемиот дел од византиските хроники, вклучувајќи ги и оние на Георгиос Монахос, Лав Ѓакон, Иван Геометар, Ана Конмена и Кадрин, ги споменуваат „македонските Словени". Слично на ова, придавката „македонски" ја користеле и македонските Словени уште од почетокот на Средниот век во народните песни, а и воопшто во фолклорот.

Името Македонија се спомнува исто така и во првото писмо на Апостол Павле на Солуњаните (три пати), во второто писмо на Колосјаните (пет пати), како и на Римјаните и на Тимотеј (во нив по еднаш), како и во првата книга на Макавејска, гл.1 стих 1.[28]

Потеклото на името Македонија е многу старо и се појавува уште неколку векови пред новата ера. Станува познато особено при создавањето на огромната македонска империја, што била оформена за време на прославениот македонски цар Александар Велики (Македонски), (336-323 г. пред н.е.). Во II век од н.е. географот Птоломеј на следен начин ги опишува границите на Македонија: на север Шар Планина, на запад албанските планини, на југ границата со Тесалија, на исток утоката на реката Места.[29] Тоа се речиси идентични географски граници со денешните географски граници што веќе беа опишани. Тоа е основната причина што, по доселувањето на ова подрачје во VII век, словенските племиња почнале да бидат нарекувани македонски Словени. Византиски извори говорат дека во 758/59 императорот Константин V се кренал да ги покори „склавиниите низ Македонија"[30].Оттука името на територијата на Македонија сé почесто се поврзува со новодоселеното население, со Словените од ова подрачје. Ова македонско име за македонските Словени се употребува и може да се најде во документи од XI, XII, XIII и идните столетија, него го споменуваат и службените документи на Австрија од XVII век".[31]

Во формирањето на основите за самобитен македонски народ, најголемо значење имаат следниве фактори кои влијаеле и на тој начин македонските слов-

---

[28] Ханс Лотар Штепан, *Македонскиот јазол*, Аз-Буки, Скопје, 2004, стр.48;
[29] *Македония като природно и стопанско цяло*, издание: Македонски научен институт, София, 1945, стр. 24-25;
[30] Бранко Панов, *Откритија на стогодишна опсесија*, Списание Арена, бр. 896 од 28.II.1978, Загреб;
[31] Исто;

енски племиња почнале да бидат разликувани од соседните словенски племиња, бугарските и српските.

Заедничкиот, единствен јазик за сите словенски племиња што живееле на територијата на древна Македонија почнал да се создава за време на формирањето заеднички воени сојузи. Но, извонредно значајна улога во создавањето на заедничкиот старомакедонски јазик одиграла словенската азбука што ја создал Константин Филозоф Кирил и неговиот брат Методиј. Кирил напишал и книги на јазикот што го говореле македонските Словени.

Друг факт за разликата на македонските словенски племиња од соседните словенски племиња е создавањето на самобитна култура. Во текот на IX век и кон неговиот крај, во Охрид се создава развиен книжевен и културен центар. Негови организатори се учениците на Кирил и Методиј, Климент и Наум. Тие го создаваат и подигаат на ниво на книжевен јазик-старомакедонскиот јазик. Всушност, тие црковната служба ја изведуваат на јазикот на македонските Словени, а книжевните дела ги пишуваат исто така на јазикот на македонските Словени. Во Охрид се создаваат многубројни образовани кадри што ја шират среде Македонските Словени самобитната култура и писменост. Така се создавала автохтоната култура на македонските Словени, култура што има свои белези и се разликува до културите на соседните словенски народи.

Трет факт што говори за разликата на македонските Словени и соседните словенстки племиња е создавањето на посебната црквава. За време на Самоиловото царство создадена е посебна црква на македонските Словени-Охридската архиепископија. Соседните народи имаат свои цркви, Византија Цариградската патријаршија, Бугарија Патријаршијата во Преслав, Србија Пеќката патријаршија. Добро е познато каква голема улога игра црквата во формирањето, оддржувањето и развивањето на етничката свест на одделен народ, во случајов македонскиот, неговата култура, неговите обичаи, на сите оние белези што се битни за формирањето на неговата самобитност. Многу е значајно да се истакне

дека Охридската архиепископија не е укината со падот на Самоиловото царство, туку дејствува повеќе од седум векови. Укината е дури во 1767 год.[32]

Колку и Македонија да не беше слободна и независна во турско време, во сите акти стои дека во изјавите на сите државници на сите балкански држави, вклучувајќи ја и Грција, како и Велесилите, од првите релевантни извештаи па сé до крајот на периодот одреден за истражување, постојано и во секоја прилика за македонската област се користи името Македонија.

Ханс Лотар Штепан, германски дипломат и автор на импозантното дело *„Македонскиот јазол"*, истакнува дека, „...во самото Министерство за надворешни работи на Република Германија, од околу 2.000 тома кои ги опфаќаат извештаите на Османлиското царство, 154 тома се однесуваат само на-како што стои на корицата на секој том-односите во „Македонија". Првите документи потекнуваат од 1867 год., значи од времето на пруското Министерство за надворешни работи во рамките на северно-германскиот сојуз. Би било апсурдно да се обвинат тогашните служби во Германија дека сами го измислиле ова име, целосно неповрзано со реалните состојби и со неговата употреба од другите европски сили".[33]

Меѓутоа, името Македонец во денешно, современо значење, почнува да се употребува од XIX век. Тоа е време кога веќе се манифестира силна национална свест на словенското население што живее како комплетно, мнозинско население на територијата на Македонија и кога борците за непречен развој и за национално ослободување на македонскиот народ, како свое национално име го зеле името на територијата Македонија. Тоа било неопходно да се стори поради недостиг на друго национално име. Требало да се изнајде свое, сопствено име, со кое ќе може да се искаже реалната национална разлика меѓу словенското население што живеело во Македонија и соседните словенски народи-Србите и Бугарите. Зашто, поради словенската блискост и заеднички живот во заедничка држава во определени периоди од развојот, за македонското население се употребувани имињата

---

[32] *Историја на македонскиот народ*, издание на Просветно дело, Скопје, 1972, стр.107;

[33] Како извори за неговата книга биле користени необјавени архивски документи од германското Министерство за надворешни работи, за периодот на Балканските војни и Балканскиот сојуз.

Бугарин и Србин. Тие особено широко се распространуваат во XIX век, кога владеачките кругови и во Бугарија и во Србија почнаа да манифестираат територијални претензии кон Македонија и смислено Македонците ги прикажуваа како Бугари и Срби.

1.4. Македонскиот јазик

Една од функциите на јазикот е да служи како означувач на националноста. Со порастот на национализмот националниот јазик се сметаше како доказ за постоење на една нација. Современиот македонски јазик има долга историја. Како и другите европски јазици, неговата форма од пред илјада и петстотини години е различен од неговата современа форма. Македонците вообичаено не можат да го разберат стариот црковно-словенски јазик, и покрај тоа што тој е основан врз македонски дијалект. За разбирање на развојот на словенските јазици, мора да се запамти дека дијалектот од Западна Македонија беше основата на првиот пишан словенски јазик и затоа практикуваше моќно влијание врз сите други словенски јазици. Поради ова, Македонците сакаат да веруваат дека нивниот јазик е мајка на другите словенски јазици.

Кога Словените се преселиле западно и јужно на Балканот, тие ги замениле административните јазици латински и грчки и предходните илирски, тракиски и фригијски говор на населението со нивниот дијалект. Овие беа прадедовски форми на словенечкиот, хрватскиот, српскиот, македонскиот и бугарскиот јазик.[34] Во средината на деветтиот век, Македонија беше дел од бугарското царство, иако Словените на западот (во Македонија) често беа тешки да се контролираат и долго револтирани од владеењето на Бугарите и самите го преземаа царството, Бугарите го прифатија словенскиот јазик и култура. Парадокс е дека Бугарите, турски народ кој ги прифати словенскиот народ и обичаи, имаше значајна улога во стандардизирањето на словенското писмо.

Предноста на христијанството на Балканот беше забавена поради фактот дека немаше пишан словенски јазик, заради тоа не постоеше ниедно преносно

[34] John Geipel, *The Europeans: Ethnohistorical Survey*, London and Harlow: Longmans, Green, 1969, str. 62-70;

средство за пренесување на христијанската литургија. Во деветтиот век „словенските апостоли" Константин Филозоф (подоцна Св. Кирил, 826-869 год.) и неговиот брат Методиј (815-885 год.), создадоа нова азбука за потребата на Словените во Моравија. Оваа азбука беше применета на првото, без сомнение потврдено писмо познато како глаголица. Речникот на којшто беше употребена и граматиката која ја обезбеди неговата структура беа основани врз дијалектот на јужните Македонци, словенски дијалект од Солун, родното место на Кирил и Методиј.

Двата, и бугарскиот стандарден јазик, и македонскиот стандарден јазик може да се гледаат како директни наследници на стариот црковно-словенски јазик. Бугарите гледаат на нивниот јазик како на директно наследен од првиот пишан словенски јазик. Тие сметаат дека ова му дава на нивниот јазик особена предност, а на нивната нација, заради тоа, културна предност пред словенските народи, и бугарските деца го учат ова на училиште како значаен дел на нивното национално образование. Според J.Henniger, „модерниот бугарски јазик користи кирилична азбука, која по ортографските реформи во 1995 год., визуелно е идентична со Руската кирилична азбука. Кириличното писмо што се користи во Македонкиот јазик се базира врз варијанти на српската кирилица".[35]

Бугарската страна одрекува дека македонскиот е јазик и дека поради тоа тој може да биде конкурентски претендент за старото црковно-словенско јазично наследство. Македонците, спротивно на ова, сметаат дека употребата на дијалектот од македонските Словени во формирањето на „стариот македонски" му овозможува предност на нивниот јазик.[36]

А. А. Палис, во својата историска студија *„Македонија и Македонците"*, пишува: „За Македонците со сигурност се знае дека се јужни Словени. Тие имаат јазик или група на дијалекти, што граматички се сродни со бугарскиот, но фонет-

---

[35] J.Henniger, *Encyclopedia of Language and Linguistics*, (1994), vol.1, p.429, edited by R.E.Asher and J.M.Y.Simpson (Oxford, New York, Seoul and Tokyo: Pergamon Press).

[36] Зографски, Д. Македонски, Кузман Шапкарев и др., немајќи сé уште јасно формирана македонска национална свест, во македонскиот јазик ќе гледаат основа на еден заеднички бугарско-македонски литературен јазик и за тоа упорно ќе се борат. Пошироко во: *Историја на државите и правата на југословенските народи,* Завод за унапредување на стопанството на СРМ„Самоуправна практика„-Скопје, 1980, стр.587;

ски во некои аспекти е сроден со српскиот јазик. Сепак, има свои особени белези што наполно го одвојуваат од овие два јазика".[37]

Во почетокот на 1971 год., еден од највидните претставници на бугарската преродба П. Р. Славејков, во бугарскиот цариградски весник „Македонија", напишал: „Најпосле македонското прашање излезе на јаве и се проби во печатот... Велиме, најпосле, бидејќи тоа прашање не е нова работа. Ние сме го слушале уште пред десеттина години од некои во Македонија".[38] Малку подоцна, во 1871 год., и во вториот бугарски цариградски весник „Право" пишувало дека меѓу учителите во Македонија се ширело разбирање дека друго било Бугари и бугарски јазик, а друго Македонец и македонски јазик.[39]

Кога се зборува за јазичното прашање во 19 век, нужно е да се објасни настанокот на граѓанската класа и нејзините потреби во поглед на јазикот. Прашањето за посебен литературен јазик на Македонците уште повеќе го активирале македонистите кои ја застапувале тенденцијата за самостоен развиток на македонскиот народ со одделен македонски литературен јазик. Првите јавни акции за создавањето на македонскиот литературен јазик биле манифестирани при создавањето учебници за училиштата што почнале да се отвараат за македонските деца кон крајот на VIII век и почетокот на XIX век.

Фолклорот во пишана форма се појавил во тек на XIX век, кога имало неколку значајни обиди за собирање и издавање на македонски народни песни. Широкото познавање на овие песни играло голема улога во будењето на македонската национална свест.

Во 1893 год., во Белград се основало Студентско друштво кое израснало од македонското литературно друштво *Лоза*, и ги вклучувало членовите: Крсте Мисирков и Димитрија Чуповски, кои тогаш први почнале да ги развиваат македонските национални идеи.

Во делото *„За македонците работи"* издадено во 1903 год., во Софија, но одземено од бугарската полиција, Мисирков расправа дека современиот македон-

---

[37] А.А.Палис, *Македонија и Македонците*, Историска студија во Елизабет Баркер, *Македонија и нејзиното место меѓу балканските политички сили*, 1992, Македонска книга, Скопје, стр.26-27;
[38] *Историја на државите и правата на југословенските народи*, стр.587;
[39] Исто;

ски јазик треба да биде заснован особено „на прилепско-битолскиот дијалект еднакво различен од српскиот и бугарскиот јазик и централен македонски дијалект" со збогатување на речникот со собрани материјали од сите македонски дијалекти.[40] Самиот Мисирков во книгата вели: „Како следбеник на идејата за целосно одделување на нашите интереси од интересите на другите балкански народи и за самостојно културно и национално развивање, јас и ја напишав (книгата) на централното македонско наречје кое за мене, од сега натаму, ќе биде литературен македонски јазик".[41] Книгата на Мисирков од 1903 год., всушност беше напишана на македонски стандарден јазик кој беше кодификуван во 1944-1945 год.

По Балканските војни и поделбата на Македонија, постоеја четири официјални јазици-грчки, бугарски, српски и албански-во областа на Македонија. Четирите владеачки сили се обидоа да ја потисната македонската форма на словенски јазик. Во нивниот дел од Македонија, кој беше официјално насловен како Јужна Србија, Кралството на СХС објави дека словенското население се Срби. Во официјална употреба беше дозволен само српскиот јазик. Освен за време на краток период по Втората светска војна, бугарската влада официјално го одрекуваше постоењето на македонската нација, во спротивно тврдејќи дека сите Словени во Македонија се Бугари. Во Грција по 1913 год., сите словенски лични имиња и топоними беа хеленизирани и целиот доказ за словенската литература беше уништен. Под притисок на Лигата на народите за да ја исполни законската обврска кон малцинските етнички групи по Балканските војни, Грција веднаш усвои толерантна политика и дури издаде македонски буквар за употреба во училиштата на новите јужни територии. Сепак, букварот никогаш не стигна до училиштата.

На 2 август, 1944 год., во манастирот Прохор Пчински, АСНОМ донесе одлука да ја вклучи македонската република кон планираната Народна Федеративна Република Југославија. Официјалниот јазик на народот од тогашна НР Македонија требаше да биде новиот стандарден јазик заснован на македонскиот народен говор. Беше речено дека централниот македонски дијалект ќе биде ос-

[40] Крсте П. Мисирков, *За македонците работи*, (Софија: Печатница на „Либералнија Клуб" 1903), Скопје, 1974, стр. 145;
[41] Исто;

нова на стандардниот јазик. Овој стандарден јазик имаше за цел да ги замени другите стандардни јазици кои предходно се употребуваа во Македонија, како што беа стандардниот бугарски, српски и грчки јазик. Президиумот на АСНОМ како највисоко тело на македонската држава, во Ноември 1944 год., назначил комисија која требала да поднесе предлог за азбука и правопис на македонскиот јазик. Комисијата за азбука и правопис во дефинитивна форма ги формулирала своите ставови во Резолуција, донесена на 3 мај 1945 год. Таа е усвоена на 5 мај 1945 год., од Народната влада на федерална Македонија. Правописот на македонскиот јазик е озаконет на 7 јуни 1945 год.

На прославата во мај 1995 год., Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), му даде почесно членство на д-р Виктор Фридман, светски признатиот американски експерт, поради истражувањето на македонскиот и другите словенски јазици во балкански контекст. Фридман е познат по својата работа на кодификација на македонскиот јазик и по неговите жестоки дебати против неговите потценувачи.[42]

1.5. Македонска афтокефална црква

Македонците поседуваат елемент, кој би требало да биде од непроценлива вредност за иднина и опстојување до ден-денес: засебна православна црква.

Денешната македонска афтокефална црква има „... амбиции..., како национално-црковна варијанта на Бугарската/Охридската архиепископија да ја отелотвори институцијата која ја наследи". [43] За ова не би требало да има никакви приговори, имајќи предвид дека Македонската православна црква „преку експлицитното утврдување на нејзиното делување..., исклучиво на државната територија на (Република) Македонија, јасно се ограничи од било какви експанзионистички тенденции, кои би можеле да произлезат од поглед на историските граници на (географски многу пораспространетата) „Охридска архиепископија".[44]

---

[42] *Macedonian Information and Liaison Service (MILS) News, Skopje, May 24, 1995.*
[43] Лотер Штепан, Ханс, *Македонскиот јазол*, Аз-буки, Скопје, 2004 год., стр. 38;
[44] Исто;

На почетокот на христијанската ера во Македонија, културен христијански центар на Македонија и на Балканскиот Полуостров, општо земено беше Солун, со неговата архиепископија. Подоцна, најважен центар на христијанската национална култура во Македонија стана градот Охрид, со својата позната Охридска архиепископија, основана врз урнатините на Јустинијана од страна на словенскиот македонски император Самуил.[45] На оваа архиепископија и беа одобрени истите права како на Јустинијана Прима. Како центар на уметности, книжевност и наука воопшто, архиепископијата заведе значителна улога во дефинирање и бранење на единствената македонска словенска култура во тек на периодот од 995 до 1767 год.

Кога во XVI век Османлиската империја почнала да слабее Охридската архиепископија се нашла во тешка економска положба. Освен економската криза, во рамките на Охридската архиепископија се водела борба меѓу домородното и грчкото свештенство, како и борбата околу словенскиот и грчкиот јазик во литургијата. Грчкоит јазик кој од страна на Турците бил признат за втор административен јазик покрај турскиот, за православното население, започнал да се наметнува и во литургијата која од IX век наваму била словенска. За да се спречат идни ремисии во борбата, Патријаршкиот Синод решил, „во иднина да не се располага за свештеник и да не се унапредува човек невоспитан, неписмен, кој не ја познава грчката писменост".[46]

Грчкото свештенство ја извојувало војната тогаш кога биле укинати другите цркви. Охридската архиепископија била укината во 1767 год., кога е укината дури и Охридската епископија, и како врв на ова укинување името Охрид било заменето со старогрчкото име Лихнида. Пеќката патријаршија била укината една година порано- во 1766 год., како финале на една исто така систематска војна, која започнала во 1691 год., и била водена со истите средства како и онаа со Охридската. По укинувањето на самостојноста на Охридската архиепископија од страна на Високата порта..., и „прочистувањето" на црковните библиотеки и

[45] „По воспоставувањето на бугарската власт во регионот околу 842 год., Охрид како архиепископија првпат се спомнува во актита на VIII-от екуменски совет (Константинопол 869/870 и 879/880 год.)....На премин од X во XI век Охрид, во царството на цар Самоил, чија резиденција, исто така, беше во Охрид, стана седиште на бугарскиот автокефален епископ". Исто;

[46] Тоа се случило во време на патријархот Иперемија (1716-1726).

архиви спроведено од новото црковно водство, македонските традиции во народот се пренесуваа само усно, во форма на песни и приказни".[47] „...Мошне впечатливо, и најдобар доказ за македонството, е зачувувањето на засебниот идентитет во овие два века преку народните обичаи, песни и приказни негувани во семејството".[48]

Од бројните извештаи на мисионери што ја крстосувале Македонија може да се прочита дека, населението во Македонија, разочарано од попустите надежи и лоши преговори на Русија во време на војната и по нејзиното завршување, заплашувано дека ќе загуби сè што преостанало од религиозната и политичката независност, почнало да ги насочува своите симпатии кон други страни за да ја обезбеди подобро својата национална независност.

Во тој период и бугарската буржоазија повела борба против Цариградската патријаршија. Македонската буржоазија, уште неразвиена заради поуспешна борба против турското владеење и грчкото духовништво се здружила со бугарската буржоазија која била поразвиена и помногубројна. Бугарската буржоазија тоа го решила во своја корист. „На почетокот, Македонците поверуваа дека Егзархијата е шанса да се оттргнат од притисокот и присилбата за асимилација на омразената Грчка православна црква во Константинопол. Затоа отидоа под закрила-барем така мислеа- на бугарската национална црква, не знаејќи дека преминале од лошо на полошо".[49]

Бугарската црква под име Егзархија била обновена со султански ферман на 28 февруари 1870 год. Ферманот вклучува член (10), според кој црковните области од Тракија и Македонија можат самите да се изјаснат дали ќе останат во принадлежност на Патријаршијата, или пак ќе се приклучат кон Егзархијата. Бугарската егзархија за кратко време по создавањето успеат да изврши силно влијание и кон себе да ги приклучи сите македонски епархии и преку црквата и училиштата да продолжи со асимилаторската политика. Таа се здобила со право по верска литургија да воведува свои обичаи во црквите, да формира и да издржува училишта, уништувајќи ги предходно сите народни училишта во Македонија, во

[47] Andreas Raab: Durfen Macedonian Macedonian Sein? Der Streit um die makedonische identitet. Во: Elke Loranz/A. Raab (издавачи): Makedonian.Reiches armes Land. Ulm 1997, стр. 132-133;
[48] Исто;
[49] Лотер Штепан, Ханс,... стр. 40;

кои бил во употреба македонскиот народен јазик и нивните училишни раководства, така што врз Македонците во Империјата отпочнала една нова агресија врз нивниот верски и просветен живот. Бугарската егзархија почнала да воведува бугарски јазик и литература во училиштата и во црквите, вршејќи на тој начин со султановиот ферман одобрувано бугаризирање на Македонците.

Преку ферманот на Султанот" сигналот за почеток на битката за Македонија" беше даден 1870 год.-а не 1876 или 1878 год. Тезата на професорот Аданир, дека Македонското прашање започнува со формирањето на Егзархијата уште повеќе добива на вистинитост. Успесите на Ехзархијата во Македонија биле резултат на повеќе внатрешни и надворешно-политички фактори. Самото создавање на бугарската Егзархија во 1870 год., во многу нешта се должи на содејството на руската дипломатија што најдобро покажува колку многу таа била ангажирана во остварувањето на бугарската национална политика.

Македонците како што пишува Кристијан Фос, имаат отпор кон обидите за национализирање. Според него, „свеста за сопствениот идентитет се изгради преку спротивставените тврдења, безобзирноста и исклучивоста на српската, бугарската, грчката и романската пропаганда. Сознанието за сопствената автохтоност створи ... идентитет, засилен преку колективното изложување на страдања".[50]

Што се однесува до суштинска неопходност од сопствена Македонска православна црква, Архиепископот Михаил од политичка гледна точка нејзе ја оцени од егзистенцијално значење за Република Македонија. Проф. Ошлис го цитира осумдесетгодишниот поглавар на црквата: „Во минатото националните цркви на Бугарија, Грција и Србија во Македонија беа ‚експоненти на Голема Србија, Голема Бугарија и Голема Грција' и токму затоа на Македонија ѝ е потребна сопствена црква, за да нашата црква не штити од мегаломанството и шовинизмот на соседните народи".[51]

[50] Ch. Voss: Der albanisch-makedonische Konfliktin der Republik Macedonien in zitgeschichtlicher Perspektive. Bo: Sudosteuropa Mitteilungen, 2001, br. 3. str. 276;
[51] Лотер Штепан, Ханс, ... стр. 39;

2. МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ОД БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС ДО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

2.1.Берлинскиот конгрес од 1878 година и македонското прашање

По Берлинскиот конгрес меѓународната и географската положба на Македонија, како периферна провинција на Отоманлиското царство, кон крајот на XIX и првата деценија на XX век беше дотолку посложена и противречна што македонското прашање стана едно од најсложените и најактуелните политички проблеми на Балканскиот полуостров, во Југоисточна Европа и Блискиот Исток. Причините за тоа беа: прво, распаѓањето на турскиот феудален систем и отоманлиската држава; второ, политичката и економската експанзија на западноевропските и средноевропските империјалистички држави и на крајот, политичката пропаганда на соседните балкански и јужнословенски држави на македонскиот простор, како политичка подготовка за тоа таа територија да се присоедини кон нивните национални територии по распаѓањето на Османлиското царство.

На самиот почеток треба да се се истакнат основните фактори кои ја определуваат меѓународната положба на Македонија од Берлинскиот конгрес до балканските војни. Тоа се: прво, интересите на империјалистичките држави, потоа политичките планови на балканските буржоаски држави, коишто Македонија ја третираа како дел на своите национални територии во XIX век, и на крајот, националноослободителното движење на македонскиот народ за независна и самостојна држава, како пат за отстранување на сите причини кои ја претставуваа суштината на неговото долгогодишно страдање.

Берлинскиот конгрес одржан од 13 јуни до 13 јули 1878 год., претставуваше ревизија на Санстефанскиот договор[52], за кој големите сили сметаа дека го

[52]Санстефанскиот договор, склучен на 3 март 1878 год., ги содржеше следниве важни точки: а) меѓународно признавање на независноста и значајното проширување на територијата на Црна Гора; б) независност и територијало проширување на Србија на југ до Врање; в) независност на Романија; г) создавање на автономна кнежевина Бугарија, со територија од Дунав до Егејското Море и од Црно Море до албанските планини, која ги опфаќа Бугарија, Источна Румелија и скоро цела Македонија. Пошироко во Ортаковски, Владимир,... стр. 56-59;

нарушува системот на рамнотежа на силите во Европа. Под притисок на Англија и Австро-Унгарија, која сметаше дека недоволно биле почитувани нејзините интереси, Русија беше принудена да се согласи на одржување на Берлинскиот конгрес, под претседателство на „непристрасниот" Бизмарк. Берлинскиот договор беше склучен помеѓу Германија, Австрије, Унгарија, Франција, Британија, Италија, Русија и Турција. Со него беа донесени неколку важни одлуки: поништување на границите на голема Бугарија; Македонија и Тракија да останат во рамките на Турција со обврска во нив да бидат извршени неопходни реформи; Србија да добие независност и територијално проширување; Црна Гора да добие меѓународно признавање на независноста, двојно поголема територија и излез на море; Австро-Унгарија да го добие правото да ја окупита Босна и Херцеговина на неопределено време; и, Русија да ја добие Бесарабија и територијално проширување. Одлуките од Берлинскиот конгрес беа спроведени.

Со Берлинскиот договор за првпат се прокламираат *начелата на верски слободи и рамноправност на граѓаните*. Договорните обврски се однесуваат на националните и верските малцинства во Турција и во државите кои тогаш се здобиле со независност (Србија, Црна Гора и Романија) или ја проширила својата автономија (Бугарија). Со него се укинува секаква разлика во третирањето на религиозни основи во новосоздадените балкански држави. Берлинскиот конгрес го поврза признавањето на независноста на новите држави со нивното прифаќање на принципот на недискриминација на верски основи. Член 62 од Берлинскиот договор ја обврзува Турција да ги почитува принципите на слободата на вероисповест, граѓанските и политичките права. За државите кои се здобиле со независност или ја проширила својата автономија, Берлинскиот договор наметна обврски за заштита на малцинствата како услов за добивање на независност.[53]

По Берлинскиот конгрес во 1878 год., македонското прашање претставуваше едно од основните проблеми во рамките на балканското прашање, посебно во односите помеѓу ривалските држави: Грција, Бугарија и Србија. Тие бараа начини за решавање на македонското прашање на еден од три можни начини: со меѓусебна поделба на сферите на влијание; давање на автономија на Македонија;

[53] Исто;

или по насилен пат. Грција и Србија се залагеле за првата можност, сметајќи дека по поделбата ќе ги присоединат тие интересни сфери кон своите територии. Бугарија се залагала за автономија на Македонија, сметајќи дека на тој начин ќе ја обезбеди за себе цела Македонија.

Од европските капиталистички држави најголемо интересирање за Македонија појавиле Австро-Унгарија и Русија.[54] Меѓутоа, не треба да се заборават, дури ни да се занемарат, интересите на Бугарија, Франција, Италија и други западноевропски и капиталистички држави. Основна карактеристика на меѓународната политика на големите сили, посебно на Австро-Унгарија и Русија кон Турција, односно Македонија, била од Берлинскиот конгрес до Балканските војни што подолго да се задржи меѓународната рамнотежа, бидејќи каква и да е промена ќе повлечела по себе несогледливи последици во нивните меѓусебни односи. Кога дојде до територијални промени, а Македонија поделена, меѓународните односи меѓу двата блока, Големата антанта и Централните сили, беа дотолку заострени што секој момент се очекуваше да започне светска војна. Тогаш Македонија стана составен дел на оваа меѓународна пресметка. Овие факти говорат дека македонското прашање претставуваше едно од клучните меѓународни прашања.

За проучување на минатото на македонскиот народ од голема важност е да се констатира дека на Берлинскиот конгрес и на Цариградската конференција[55], секогаш кога се дискутирало за промени во Македонија секој барал начин промените да ги поврзе со чл. 23 од Договорот на големите сили, потпишан на Берлинскиот конгрес, без разлика дали тоа биле барања од големите сили за ре-

---

[54] Австро-Унгарија интересот кон Македонија го поврзуваше со својата политичка и економска експанзија на Балканот и на Блискиот Исток, бидејќи Македонија се наоѓаше во нејзините планови и проекти за освојување и контролирање на средоземните патишта и железничките врски кои од север водеа кон Солунското пристаниште. Русија ја вклучуваше Македонија во својата глобална стретегија за продор кон Босфор и Дарданелите и врз основа на ваквата политика фаворизираше една или друга балканска, односно јужнословенска држава за која сметаше дека во даден момент придонесува за остварување на овие најзини тајни планови и тенденции. Оттука произлегува и нејзиното ангажирање во Руско-турската војна од 1877-1878 год., и по победата над турската армија да ја создаде т.н. Санстефанска Бугарија, во чиишто граници влегуваше скоро цела Македонија. Цитирано според: Џамбазовски, Климент, 1986, *За некои национални македонистички тенденции на македонската емиграција во Србија кон крајот на XIX век*, ГИНИ, Скопје, стр. 165-177;

[55] Во текот на летот 1880 год., беше свикана Цариградската конференција на која учествуваа амбасадорите на големите сили како нивни комесари, но тие не успеаја да ги реализираат препораките од Берлинскиот конгрес за тоа Македонија да добие автономија.

форми во Македонија како преодна форма за нејзината анексија. Балканските буржоаски држави имале различно толкување на чл. 23 од Берлинскиот договор, кој предвидувал автономија за Македонија. Бугарската буржоазија автономијата на Македонија според чл. 23 ја подразбирала како подготовка на нејзината анексија. Српската буржоазија автономијата на Македонија по чл. 23 ја сфаќала на тој начин што таа би послужила како меѓусебен компромис во судирите на балканските држави околу нејзината територија. Се мислело дека на тој начин би се ликвидирала меѓусебната недоверба помеѓу грчката, бугарската и српската буржоазија и би се создале услови за разновидна меѓусебна соработка, дури и за балканска федерација. Македонците кои се бореа за независност и самостојност, автономијата согласно чл. 23 од Берлинскиот договор, ја сфаќале како привремен облик на државно уредување кое со текот на времето ќе прерасне во посебна и самостојна држава.[56]

2.2. Пропагандата на балканските држави на македонскиот етнички простор

Кога е во прашање меѓународната положба на Македонија, за македонската историографија од најголемо значење е проучувањето на грчката, бугарската и српската, дури и романската пропаганда на македонскиот етнички простор. На македонскиот етничкиот простор несомнено најјака пропаганда била грчката, која работела во заштита на Цариградската патријаршија и чии што корени датираат уште во XVIII век. Најизразена била во периодот на укинување на Охридската архиепископија, кога целокупното свештенство како и црковно-училишните институции се нашле под јурисдикција на Цариградската патријаршија. За реализација на своите политички цели Грција применувала методологија на елинизација на јужнословенските народи кои живееја во границите на Турција, а посебно на македонскиот народ. Ова може да послужи како пример како една црковна организација која располага со верска автономија може да се употреби за културно-просветна, политичка и национална пропаганда среде православните народи.

[56] Цамбазовски, Климент, 1969, *Културно-општествените врски на македонците со Србија во текот на XIX век,* стр. 133, во Историја на македонскиот народ, книга втора, Скопје, стр. 119;

Постоеле многубројни училишта со голем број на грчки учители што ја ширеле писменоста и образованието на грчки јазик. На тој начин била градена тезата за припадноста на Македонија кон Грција и доколку Македонија не била присоединета кон Грција, грчките националистички кругови сметале дека Македонија и натаму треба да остане под турска власт. Врз вакви принципи грчката надворешна политика сакала да го спречи извојувањето на политичката автономија на Македонија. Против елинизацијата спроведувана од Цариградската патријаршија, Македонците воделе организирана борба за обновување на Охридската архиепископија.

Втора во хронолошкиот ред била бугарската пропаганда, чиј двигател била Ехзархијата по нејзиното основање во средината на февруари 1870 год. Егзархијата, како верска институција впрочем произлегувала од Патријаршијата и поради тоа ги задржала сите оние надлежности со кои располагала во границите на Османлиското царство, со таа разлика што во црковната служба го употребувала словенскиот јазик, а во училиштата бугарскиот.[57] Во овие околности во првите години од своето постоење, Егзархијата на своја страна го привлекла македонското словенско население, но до моментот додека не ја сфатело својата национална посебност. Бугарските претензии кон Македонија биле прикривани со санстефанската фикција, која станала постојана опсесија на Бугарското кнежество, дека треба целосно да ја апсорбира Македонија. За начинот како тоа да се направи во Софија имало две различни гледишта: едното, кое сметало дека тоа треба да се направи со заговор, бунт и во крајна линија со завојувачка војна; а другото, се залагало за политичко трпение, за добивање на време во кое во Македонија ќе делува засилената бугарска пропаганда. Завојувачките претензии на бугарската буржоазија кон Македонија биле „оправдувани" пред сопствената и пред европската јавност со наводно „бугарскиот„ карактер на Македонија, и со „историодноста" на македонскиот и бугарскиот народ, наоѓајќи корени во заедничкото

[57] За развојот на македонските училишта под јурисдикција на бугарската егзархија зборуваат податоците дека во Битола во периодот од 1893 до 1900 год., бројот на училиштата пораснал од 204 на 273, бројот на наставниците од 283 на 421, а бројот на учениците од 10.603 на 15.161, а во Скопје, во истиот период, бројот на училишта се зголемил од 86 на 190, на наставниците од 142 на 314, а на учениците од 4.476 на 9.455. Оратаковски,...стр.135;

словенско потекло, во „неправичниот" однос на големите европски сили кон Бугарија, со издвојувањето на Македонија од замислената Санстефанска Бугарија на Берлинскиот конгрес од 1878 год.

Трета по ред била српската пропаганда[58], која во границите на Османлиското царство и специјално во Македонија, зад себе ја немала црковната самоуправа каква што ја имале Грчката Патријаршија и Бугарската Егзархија, односно грчката и бугарската пропаганда. По извесно време српската влада констатирала дека без своја црковна самоуправа во границите на Османлиското царство не може да ја постигне стабилна основа на систематска работа на својата пропаганда во Македонија. Бидејќи Цариградската патријаршија била продолжена рака на грчката држава и бужоазија, српската влада била принудена во текот на 1890 год., да воспостави преговори за поделба на интересни сфери во Македонија помеѓу грчката и српската пропаганда во македонските епархии. Во текот на април 1896 год., по искажаните прогнози за заедничка акција на српската и бугарската влада за реформи во Македонија според чл. 23 од Берлинскиот договор, во почетокот на 1897 год., била потпишана т.н. „Нагодба" од четири точки, врз основа на која требало да се постигне разграничување на српско-бугарските интереси во Македонија.[59] Договорите за интересни сфери во Македонија, било меѓу српската и грчката влада, било помеѓу српската и бугарската влада, не се почитувале ниту од една страна, зошто секој сакал да ја контролира целата нејзина територија: грчката пропаганда-до Шар Планина и Качаник, бугарската до Охрид и Струга, а српската пропаганда до Солун и Егејско Море. Тука лежи причината за меѓусебните пресметки веднаш по Првата балканска војна, или во Првата светска војна.

---

[58] Српската пропаганда се потпирала на традицијата на српската средновековна држава на царот Душан. Во Србија претставници на поумереното крило биле: Стојан Новаковиќ, Милован Миловановиќ, Јован Цвијиќ и др. Нивната теза била дека словенските маси во Македонија уште не примиле определена и постојана народна свест, ни српска, ни бугарска, ни грчка, бидејќи во текот на историјата и историските промени се врзувале посилно или послабо за онаа народност, која по интересот и била поблиска. Од оваа теза тие изведувале заклучок дека македонските маси ќе се приближат до оние со кого ќе дојдат во потрајна државна заедница. Во Тодоровски Глигор, *Македонското прашање и реформите во Македонија,* Скопје, Култура, 1989, стр.67;

[59] Андрей Тошевъ, *Балканските войни*, томъ първи, книгоиздателство „Факелъ" София 1929, стр. 97, во *Македонија во војните 1912-1918*, 1991, МАНУ, Скопје, стр. 245;

Најкомплицираните настани од меѓународно значење за македонското прашање се одиграле по Илинденското востание. Трагедијата на македонскиот народ во неуспешното востание ја привлече целокупната светска јавност, а тоа придонесе во решавањето на македонското прашање да се појават нови моменти кои ги надминаа балканските рамки и му дадоа светска димензија. Еден познат српски дипломат (Светислав Симиќ) овие промени во македонскот прашање ги илустрирал вака: „Реформните акции се развиваа пред сé надвор од српско-бугарските интереси..., ако ситуацијата во Македонија продолжи да се развива онака како што замислуваа големите сили, може наместо автономија да дојде до окупација. Македонското прашање ја надмина својата црковно-училишна фаза, па затоа има многу мали изгледи, преку училиштата и црквата..., српската пропаганда да постигне подобри успеси во споредба со бугарската. Во Македонија, каде што словенското население земено во целина без оглед на неговата црковна поделеност на патријаршисти и егзархисти и национал-политичка (Срби и Бугари), Македонците претставуваат само половина од целокупното население, па затоа ни оддалеку ја немаме ситуацијата каква што е во Источна Румелија, каде што Бугарите ја сочинуваат огромната и единствена целина во спогодба со Грците и Турците".[60]

Културно-просветната фаза на грчката, бугарската и српската пропаганда по Илинденското востание, односно по првата половина на 1904 год., прераснала во меѓусебно вооружено пресметување на македонскиот терен, што претставувало нов момент во меѓународните односи на балканските буржоаски држави. Голем дел од печатот, списанијата и друг вид политичко-пропагандна дејност што била финансирана од редовните буџетски средстава и од други тајни фондови на соодветните држави, ги отварале своите страници за оправдување на своите пропагандни активности што ги преземале балканските држави кон Македонија, докажувајќи ги на тој начин своите „историски права" над Македонија. Во ваквите активности биле вклучени многу истакнати луѓе во Бугарија, Србија и Грција. Тие „научно" разработувале многу прашања од областа на македонската историја,

[60] Џамбазовски, Климент, *Влијанието на Илинден врз српско-бугарските односи*, Охрид, ИНИ, 1970,стр. 126;

култура, јазик, фолклор и др. Ваквата антимакедонска пропагандна активност ги минувала границите на Бугарија, Грција и на Србија, настојувајќи да привлечат и странски учени луѓе за да помогнат во тенденцијата за меѓународно признание на „историските" права во Македонија, зад кои всушност се криелекон економските и политичките интереси на балканските буржоаски држави кон Македонија.

По Илинденскот востание во меѓународните односи околу македонското прашање се формулирале две стојалишта: првото, го формулирал рускиот и австро-унгарскиот цар; второто стојалиште бугарската и српската влада почнале да го воспоставуваат уште во пролетта 1904 год., а неговата дефинитивна реализација настанала кога кон нивните планови се приклучила и грчката влада во текот на 1912 год., која ја предвидувала поделбата на Македонија меѓу балканските држави по распаѓањето на османлиската држава.

Во тој период на Балканскиот Полуостров и Блискиот Исток, а исто така и на македонскиот терен, се одиграле значајни настани како што се на пр., Младотурската револуција во средината на 1908 год., Турско-италијанската војна, којашто започна во септамври 1911 год., и Албанската буна во текот на 1911 год., кои директно или индиректно придонеле за поставување и на македонското прашање. Сите тие биле причина на историската сцена прво да настапат балканските буржоаски држави и по победата и распаѓањето на отоманската држава да ја поделат Македонија за потоа, по неполни две години, да дојдат големите сили поделени во две големи коалиции: Голамета антанта и Централните сили, кои во текот на Првата светска војна на македонскиот фронт ги распарчуваа меѓусебните сметки околу поделбата на интересни сфери на Балканскиот Полуостров, Југоисточна Европа и Блискиот Исток.

Таква беше меѓународната положба на Македонија од Берлинскиот конгрес па сè до Балканските војни кога македонското прашање се визираше преку интересите: прво на големите сили-учесници и потписници на Берлинскиот договор, а потоа во светлината на интересите на балканските буржоаски држави, кои на свој начин сакаа да ја приклучат Македонија кон нивните национални територии по распаѓањето на Османлиското царство. Сите меѓународни одлуки и договори кои се однесуваа на Македонија во долгиот период од Берлинскиот конгрес до

балканските војни беа донесувани без учество на македонскиот народ и без негова согласност.

Политичките активности на македонскиот народ во разни маѓународни тела и форуми била блокирана, па тој не можел да го брани сопственото право на самостоен политички и национален развиток, но историската стварност познава многу случаи кога одделни Македонци преземеле чекори кај големите сили или пред меѓународните форуми и институции за да ги изнесат неговите барања за посебен политички и национален развиток.

3. БАЛКАНСКИОТ СОЈУЗ, БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И ПОДЕЛБАТА НА МАКЕДОНИЈА

Кон крајот на XIX век четири балкански држави ги истакнале своите барања за Македонија. Тоа биле Бугарија, Грција, Србија и Романија[61]. Покрај тоа, Албанските национални водачи, во најмала рака, сакале Вилаетите Битола и Косово да станат дел од нивниот иден автономен регион. Аргументите за територијалните аспирации биле засновани на три основни принципи: историската заднина, етничкиот состав на населението[62] и неопходноста да се оддржи рамнотежа меѓу силите. Третиот аргумент ја опфаќал идејата за компензација, т.е. во случај ако една држава добие зголемување на територијата, тогаш и територијата на нејзините соседи треба исто така да се зголеми.

Војната во 1912 год., наеднаш создала нова, изменета консталација на односи во Македонија. Долгогодишното спогодување околу Македонија меѓу Бугарија и Србија било завршено на 13 март 1912 год., со потпишувањето на *„Договор за пријателство и сојуз"*.[63]Од името и содржината на овој договор, би се заклучило дека овој е еден од вообичаените билатерални дипломатско-политички аранжмани меѓу две држави. Меѓутоа, зад конвенционалниот наслов и содржина

---

[61] Владата на Романија отпочнала да покажува голем интерес за влашкото население во Македонија, кое зборувало романски јазик и било расфрлано низ целиот регион.

[62] Одредувањето на националниот состав на населението било навистина тешко прашање. Според турскиот попис од 1906 год., кој се базирал на системот на милети, 1.145.849 жители биле муслимани, 623.197 православни Грци кои биле под јурисдикција на Патријаршијата и 626.715 православни Бугари, или членови на егзархијата... Бројките за муслиманите, секако ги вклучувале и Албанците... Мнозинството од христијаните во Македонија навистина било јужнословенско, но тие зборувале и дијалекти и имале обичаи и традиции што биле преземени или биле заеднички со сите нивни соседи... Поради ова конфузна ситуација, исто така, било можно да се тврди дека македонските Словени не се ниту Срби ниту Бугари (Македонија била преодна зона меѓу Бугарија и српското кралство), туку дека формирале своја посебна националност... Македонците обично не биле сметани за националност различна од Бугарите, Грците, Србите или Албанците... Претставниците на големите сили сметале дека регионот има крајно измешан етнички состав, во кој доминираат Бугарите... Целото прашање било дополнително усложнето не само со судирите околу поделбата на населението, туку и со фактот дека народите не живееле во компактни области. Иако концентрацијата на југ била чиста, другите групи биле меѓусебно мошне измешани. Цитирано според: Јелавич, Барбара, *Историја на Балканот, XX век*, Том II, НИК-Лист, Скопје, 1999, стр. 105-107;

[63] Кесяковъ. Б, Соларовъ, 1926, Балканскиятъ съюзъ и освободителнитѣ войни презъ 1912-1913, Софияа, 109-111; во Стојанов. П., 1979, *Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912-1913 година*, Институт за национална историја, Скопје стр. 75;

на српско-бугарскиот договор од 13 март 1912 год., всушност се криела една освојувачка намера и акција насочена против Турција и за завојување, поробување и поделба на нејзините европски територии и во прв ред на Македонија. Тоа го кажува и придружниот *„Таен анекс"* кој бил потпишан како самостоен дел на Договорот и за кој било договорено да остане како строга тајна.[64] Во чл. 2, од „тајниот анекс" било утврдено идното заедничко координирано дејствување против Турција и решавањето на сите проблеми што ќе произлезат од таа заедничка акција. Договорените страни утврдиле дека сите територијални придобивки од војната со Турција ќе бидат под заедничка власт (кондоминиум) на обете договорнички и нивната ликвидација ќе се извршела веднаш, а најдоцна во рок од три месеци по потпишувањето на мирот". Тајниот анекс, всушност предвидувал, во случај на успешна војна, организирање на политичка автономија во Македонија, ако прва можна солуција за регулирање на повоените територијални прашања. Алтернативната солуција била на втор план и ја регулирала делбата, која пред сé се имала во предвид, а евентуалните спорови ѝ се препишувале на руската арбитража.[65]

До есентта 1912 год., српско-бугарскиот сојузен договор бил проширен со Договорот меѓу Бугарија и Грција од 29 мај 1912 год., во кој не се прецизирале никакви територијални разграничувања помеѓу договарничките во Македонија. Во месец септември бил потпиешан договор меѓу Србија и Грција и на 6 октомври меѓу Србија и Бугарија и Црна Гора. На овој начин бил создаден четворниот Балкански сојуз против Турција.[66] Истовремено со создавањето на Сојузот, и по тоа, сè до почетокот на војната на 18 октомври 1912 год., балканските сојузници се труделе што повеќе да го придобијат населението во Македонија за соработка за време на воените операции против турската војска на Балканот, како и во своите идни војни со бившите сојузници. На 10 октомври 1912 год., „Czas" ја објавува но-

[64] Било нужно тајната да биде строга, заради можноста од интервенција на Австро-Унгарија против Србија и затворањето на солунското пристаниште за српските стоки од страна на Турција. Како аргумент плус за ова тврдење е пишувањето на Ханс-Лотар Штепан дека балканските сојузници биле водени од „заедничката желба во блиска иднина да станат и настапат како наследници на наследството на Турција и Австро-Унгарија". Во *„Македонскиот јазол"* стр.57;
[65] Исто, стр. 57-58;
[66] Стојанов. П., ... стр. 77-78;

тата на Русија и Австро-Унгарија до балканските држави, со која сакале да ги одвратат од војна. Нотата гласела: „Големите сили ги осудуваат одлучно сите наредби кои можат да предизвикаат немири... Врз основа на чл. 23 од Берлинскиот договор, големите сили во интерес на населението лични ќе ги обезбедат административните реформи во Европска Турција... Ако дојде до војна, на крајот на спорот големите сили нема да дозволат накаква територијална промена".[67]

Експанзионичките тенденции на балканските држави имаа своја кулминација во Балканските војни 1912-1913 год. Со предавање ултиматум на 18 октомври 1912 год., балканските држави и објавија војна на Турција. Таа заврши за многу кратко време. Со очигледниот колапс на османлиското владеење, европските сили побрзале да интервенираат. Во мај 1913 год., тие ги принудиле завојуваните страни да прекинат со борбите и да преговараат за условите на мирен договор од Лондон. На 4 ноември 1912 год., било склучено примирје. Со посредство на големите европски сили дошло до примирје помеѓу балканските сојузници и Турција. Со овој договор била воспоставена линијата Енос-Мидија со која се ограничиле османлиските имоти во Европа, кои биле сведени на Цариград и на некои околни територии. Сите други делови на Турција во Европа ги поделија балканските држави. На Бугарија и било дадено Едрене; Крит, конечно и бил одстапен на Грција. Големиот проблем околу поделбата на Македонија останал. Тука настанал проблем што предходно балканските сојузници воопшто не го предвиделе. Во нивните договори тие настапувале со претпоставка дека меѓусебно ќе ја поделат Албанската територија. Наместо тоа, откриле дека големите сили инсистирале да се формира албанска држава.[68]

---

[67] Меѓу бројниот полски печат, кој излегуваше во Галиција, конзервативниот „Czas" посветил многу простор за настаните во Македонија во периодот на балканските војни. Тој главно им обрнувал внимание на меѓународните детерминанти на војните од 1912-1913 год., Irina Srawowy-Kawka, Огласи за Балканските војни во полскиот печат; Исто, стр. 197-198;

[68] Најважните одлуки коишто се однесувале на Албанија биле донесени на амбасадорската конференција под претседателство на британскиот секретар за надворешни работи сер Едвард Грej, која била одржана во Лондон во декември 1912 год. Претставниците прво решиле да се формира автономна Албанија под османлиска управа, но под заштита од шест големи сили. Оваа одлука морала да се измени пролетта 1913 год., кога станало очигледно дека Османската Империја ќе ја загуби цела Македонија, па така и територијалната поврзаност со Албанија. Затоа во јули 1913 год., конференцијата дошла до заклучок дека е неопходна независност. Албанија по облик на управување била уставна монархија. Определувањето на националните граници предизвикало како што можело да се очекува, големи тешкотии. Со завршените договори државата била лишена од

По Берлинскиот конгрес кога голем дел од балканските држави барале и добивале независност и територијални проширувања, Албанците останале под власта на Османлиската Империја, помалку поради лојалноста кон неа, а повеќе поради недостатокот на хомогеност-географска, племенска, религозна и јазична. Турско-италијанската војна во 1911-1912 год., како и наближувањето на балканската војна, ги натера Турците да се спогодат со Албанците. Со склучениот мир во летото 1912 год., Албанците добиле практично сè што барале. Најзначајно за Албанците било дефинирањето на автономната провинција Албанија, која Турците ја определиле на четири вилаети: Скадар, Јанина, Битола (Монастир) и Косово, што било на задоволство на застапувачите на идејата за „голема Албанија".[69]

Главни приврзаници на независна Албанија биле Италија и Австро-Унгарија. Од друга страна, Русија ги подржувала барањата на балканските држави. И двете страни биле цврсто решени да обезбедат создавање на Албанија со цврсти национални граници, кои би служела како брана од соседните словенски држави. Со оглед на тоа дека со ваквиот начин Србија, Црна Гора и Грција би биле лишени од територииите кои што очекувале да ги анектираат (Косово, Скадар и Јанина), тие како компензација побареле дел од македонската територија што ѝ била дадена на Бугарија или сè уште била нераспределена. Не се поставувало прашање околу националниот карактер на територијата за која станува збор, туку за рамнотежа на силите меѓу балканските сојузници. Уште еднаш, плашејќи се од Бугарија како најголем конкурент, Србија и Грција дошле до таен договор за поделба на односната територија и за заемно помагање во случај на војна.[70]

Бугарско-српскиот договор за поделба на Македонија ја изгуби својата важност. Бугарија не само што ги предизвикала зависта и непријателството на своите бивши сојузници, туку таа немала ниту поддршка од некоја голема сила. Погрешно проценувајќи ја ситуацијата, убедена дека може да однесе воена победа,

---

области со бројно албанско мнозинство, од кој најзначаен бил регионот Косово, Црна Гора го напуштила Скадар кој бил окупиран од нејзини трупи. Кога најпосле се конституирала, државата била голема околу 17,5 илјади км² и имала околу 800.000 жители. Во Јелавич, Барбара, *Историја на Балканот, XX век*, Том II, НИК-Лист, Скопје, 1999, стр. 117-118;

[69] Ортаковски, Владимир, ...стр.90-91;

[70] Исто, стр. 118;

ноќта меѓу 29 и 30 јуни Бугарија ги нападнала Грција и Србија, надевајќи се дека со помош на Австро-Унгарија ќе ја добие цела Македонија. Втората Балканска војна резултирала со целосен пораз на Бугарија од страна на српска, црногорска и грчка војска. Во борбите се вклучиле и Романија и Турција, кои ја нападнале Бугарија и од неа ги освоиле Добруџа и територииите во Тракија. На 31 јули било потпиешано примирје.[71]

Со Мировната конференција во Букурешт, од 28 јули до 10 август 1913 год., петте победнички сили (Србија, Црна Гора, Грција, Турција и Романија) ги диктирале условите на мирот, во името на „воспоставување на праведна рамнотежа" и го потпишале Букурешкиот мир со кој се изврши прецизна поделба на Македонија. Така големи победнички станале Србија и Грција. Со добивањето на македонската територија, Србија станала речиси двојно поголема. Грција ја добила Јужна Македонија и дел од Епир, со градот Јанина. Грчката граница на исток била проширена и ја вклучила Кавала. На територијата на Егејска Македонија доби околу 157.000 бегалци, претежно Турци, а помалку Грци, Македонци патријаршисти и Власи, и тоа од Бугарија, од Вардарска и Пиринска Македонија, од Тракија и од Мала Азија.[72]

И покрај поразот, Бугарија добила територија околу долината на реката Струма и 128 км од егејскиот брег, вклучително и пристаништето Дедегач (Александрополис). Бугарија на својата територија добила околу 112.000 бегалци, од нив околу 50.000 Македонци, од кои околу 30.000 од Егејска Македонија.

Крајниот договор како што се види, претставувал огромен чекор назад за Бугарија и за Османлиската Империја. Токму поради тоа таа и во Првата и во Втората светска војна ќе војува за да го добие најголемиот дел од територијата на Македонија. Во тоа привремено ќе успее, но на крај ќе доживее две воени катастрофи и одново поделбата на територијата на Македонија ќе стане таква каква што беше извршена со Букурешкиот договор. Бугарија, борејќи се од страната на германско-австриско-унгарската коалиција, од 1915 год. до 1918 год., ја окупирала речиси цела Македонија, но со Парискиот мир од 1919 год., Македонија била од-

[71] лок. цит
[72] Исто, стр. 119;

ново поделена онака како што беше шест години порано во Букурешт. Бугарските аспирации продолжија, таа на страната на хитлеровска Германија од 1941 до 1944 год., го окупира најголемиот дел од Македонија, зашто еден дел беше под италијанска окупација, односно под грчката квислиншка влада. Бугарија беше одново поразена. Нејзините окупаторки војски се повлекоа. Со одлуките на Париската мировна конференција од 1947 год., во границите на Бугарија остана само Пиринска Македонија. Во Вардарска Македонија се формира независна држава на македонскиот народ-НР Македонија, а Егејска Македонија, како и порано, остана во границите на Грција.

4. УЛОГАТА НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ ВО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

Во последниве децении кога на Балканот се случуваат суштински општествено-политички промени во размислувањата на европските и меѓународните институции не се земени во предвид на јасен и препознатлив начин мотивите, целите и последиците од основањето на Балканскиот сојуз. Ханс-Лотар Штепан, во „Македонскиот јазол" вели дека: *„...тогашните планови и однесувања на државите соседи на Македонија имаат огромна вредност во интерпретацијата на современата политика кон Република Македонија..., особено што последиците од Балканскиот сојуз, во прва линија Балканските војни кои резултираа од него во 1912 и 1913 год., на многу начини, сé до денес се одразуваат врз целиот Балкан, а особено врз Македонија".*[73]

По Букурешкиот мир од 1913 год., меѓу балканските држави се воспоставени нови граници, кои за победничките сили имале и политичко-стратегиско значење. Македонија поради географската местоположба беше точка на вкрстување и судирање на интересите на балканските буржоаско-чифлигарски режими, а посебно на големите империјалистички сили. Тоа придонесе, „да се расцепи единството на македонкиот народ, а војните од 1912-1913 год., доведоа до распарчување на Македонија меѓу Грција, Бугарија и Србија".[74]

Трите балкански замји настојуваа да ја ликвидираат индивидуалноста на македонскиот народ, не признавајќи ја македонската национална самостојност. Поделбата на Македонија претставуваше губење на геополитичката, етничката и економската целина на македонскиот народ. Таа му нанело катастрофални удари на македонското стопанство и на македонското националослободително движење, кое било доведено во крајно тешки услови на дејствување. Во окупитаните делови на Македонија беа воведени вонредни воени и полициски режими. Бесмислено е прогонувана секоја активност за независност на Македонија. Во сите три држави

[73] Штепан, Ханс-Лотер, ... стр. 57;
[74] Цитирано според: *КПГ и македонскоѓ национално ѓрашање*, стр. 499;

(Србија, подоцна Кралството на СХС, Грција и Бугарија), во кои македонскиот народ се најде во положба на малцинство, се негираа неговите права и се вршеше груба политика на систематска денационализација и асимилација на македонскиот народ. Македонците како малцинство не беа признати ни во новоформираната држава Албанија.

На Балканот, во политиката на балканските држави и во политиката на Турција во периодот на Османлиското владеење, може да се согледа постојаната присутност на македонското прашање, т.е. судбината на Македонија како мошне важна и централна турска провинција. Македонското прашање во тој период било третирано како дел од т.н. Источно прашање, односно прашањето за иднината и остатокот на Османлиската империја во Европа. Големите европски сили ја користеле можноста да го употебат малцинското прашање за поединечна или колективна интервенција кога тоа одговарало на нивните интереси. Но, поради нивните различни политички интереси, речиси нема случај на вистинска колективна акција, туку секоја голема сила поединечно се обидувала, со едностранн интервенции, да ја користи „заштитата" на христијанските малцинства за обезбедување на своите интереси преку директно мешање во внатрешните работи.[75]

Доследни на својата „пацифичка" политика за одржување на *status quo* на Балканот, од што зависела и балканската и европската рамнотежа, европските сили, македонското прашање го тангирале, главно низ источното прашање. Дури кога војната станала факт, на што предходела општата мобилизација на балканските сојузници и Турција, европските сили почнале енергично и организирано да го поставуваат македонското прашање на преден и централен план, сакајќи со стари рецепти на реформи во Македонија да го продолжат животот на Турција и да ги стопираат воинствените интервенционистички акции на балканските сојузници.

Неофицијалните лица, луѓето од Балканскиот комитет сметале дека „балканските народи и да не се во состојба само да го решат источното прашање, сепак тие барем ќе го отворат и Европа ќе биде принудена волно или неволно да се занимава и да го реши барем со една автономија на Македонија".[76] Други

[75] Ортаковски,...стр. 98;

нимава и да го реши барем со една автономија на Македонија".[76] Други Англичани сметале дека автономијата на Македонија би ги предизвикала сите страсти кои во себе содржеле самоистребување.

Резервираноста на европските сили ја зголемила одлучноста на балканските сојузници да го започнат решавањето на источното прашање т.е. на иднината и припадноста на балканските турски провинции, врз кои аспирирале. Тие се надевале дека дека сепак ќе ја принудат Европа, да ги прифати последици од еден пораз на Турција и да им ги признае правата на наследниците на нејзините балкански поседи и во прв ред врз Македонија.

Големиот сили до 1912 год., не го согледувале постоењето на македонскиот народ кој со своето мнозинство над другите етнички маси ја населувал Македонија и ѝ го давал историскиот и етнички национален-македонски карактер. Македонија за Големите сили била само објект на нивната политика и интереси на Балканот. „Czas" (полски весник) се трудел да им сврти внимание на читателите дека за натамошната судбина на Балканот, а со тоа и на Македонија, ќе решат пред сè Големите сили.

Големите сили своето внимание и интерес го зголемиле, а оттука и своето директно мешање во моменти кога ценеле дека македонското прашање треба да биде повод и причина за обиди да се спречи војната и да се задржи *status quo*. Во таквите прилики од дипломатските архиви се вадел познатиот чл. 23 од Берлинскиот договор од 1878 год., и започнувала манипулацијата со фамозните реформи во Турција, односно „давање административна автономија на Македонија".[77] Ова се потегнувало со надеж дека ќе се неутрализираат балканските аспиранти врз Македонија и ќе се „одоброволи" Турција да ги прифати „добронамерните" совети на Европа која сакала заради својата економска, воено-политичка и стратегиска заинтересираност да ѝ го продолжи векот на Турција.

Независно од силната пропагандна дејност на соседните балкански држави во Македонија и во светот водена со цел да го „докажат нивното право" над оваа

---

[76]Стојанов. П., 1979, *Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912-1913 година*, Институт за национална историја, Скопје стр. 89;
[77] Исто, стр.100;

територија и народ, уште во втората половина на XIX-от век, француските дипломатско-политички и други претставници го нагласуваат сознанието за посебноста на македонскиот народ во однос на соседните балкански народи. Притоа, му забележуваат на македонскиот народ за неговата затвореност, за која сметаат дека е „можеби резултат на стравот да се декларираат отворено за Македонци". [78]

Македонскиот народ очекувал дека неговата борба против Турција ќе биде почитувана од сојузниците, односно дека ќе бидат реализирани неговите настојувања за слобода и независност. Таквите очекувања отворено ги искажал Јане Сандански во Солун, залагајќи се за автономна Македонија. Активистите на ВМРО го поздравија избивањето на војната во 1912 год., како можност за ослободување на Македонија. Македонската колонија од Петроград и нејзиниот истакнат претставник Димитриј Чуповски, во посебен Меморандум ја искажаа својата македонска свест, барајќи Македонија да биде слободна „за да може Македонија како самостојна и рамноправна држава..., доброволно да влезе во општиот сојуз".[79]

Македонскиот деец Г. Георгов (Стремјаге) ги искористил страниците на словенофилскиот орган „Славянскиія извѣстія" за во две статии од 3 февруари и 3 март 1913 год., да ги пласира македонските погледи врз Македонија и Македонците, нивните стремежи и цели, и положбата по Балканската војна. Тој таму нагласува дека европската и балканската дипломатија се зафатила само со прашањето за давањето самостојност на Албанија, но го заборавила „неизмерно поважниот етнографски, географски, историски и политички фактор на Балканскиот Полуостров-Македонија и Македонците..., па и сојузниците, опиени од неочекуваните ни од самите нив успеси, како што се гледа од целата нивна активност, ја прифатиле секоја мисла за автономија на Македонија и имаат намера не само да ја ампутираат неа, како жив организам, но и наполно да си ја поделат меѓу

[78] Archives diplomatique de Ministere des affaires etrangeres. Nantes, Fond, Etat General des fonds, serie, Monastir (Bitola), vol. 11-1, во Лазаров., Л., *Македонија во француската политика на Балканот 1944-1957*, Институт за национална историја; електронско издание на: <http://www.macedonica.org/Frans2.htm#_1_

[79] Наведено според: Александар Стојановски, Иван Катарциев, Данчо Зографски, Михајло Апостолски итн., во Ортаковски. В., стр ...106;

себе, сосема заборавајќи дека правејќи слични операции над географска Македонија, над нејзината територија, со самото тоа на никаков начин не треба да се убие и да се раздели нејзината душа-етнографска Македонија... ".[80]

И при целиот тежок пат македонската ослободителна мисла на прво место ја поставуваше борбата за зачувување на интегритетот на народот и татковината (до 1912 год.) и за обединување на „живото тело" (по поделбата на Македонија), односно автономија како траен програмски принцип за зачувување на самостојноста и целоста на македонскиот народ. Тоа беше императивот за Македонците што беше диктиран од историјата, географијата, етнографијата и политиката на овој дела на Балканот. До балканските војни како средство и начин за неутрализирање на стремежите за поделба на соседите, а потоа како единствена можност за ослободување и обединување на раскинатиот народ. Автентичното македонско национално движење имаше длабоки корени и врз етнокултурните традиции и настојувања во минатото, поставувајќи програмски начела што придонесоа за национална слобода, сообразувајќи се со современите околности и можности.[81]

Напорите на македонскиот народ за автономна Македонија, се движеа од борба против сферите на влијанија (пред 1912-1919 г.), до борба за Македонија во рамките на Балканска федерација, по 1919 год. По Версајскиот диктат од 1919 год., македонските прогресивни и патриотски сили предано и најактивно се вклучија во комунистичките и демократските движења на соседните балкански народи (во Југославија, Бугарија и Грција), но не испуштајќи ги од предвид државноста и целокупноста на Македонија. Ваквата идејно-политичка орјентација потраја долго време, завлегувајќи дури и во годините на НОБ.[82]

Кога зборуваме за улогата на големите сили во решавањето на македонското прашање треба да се спомне и улогата на Коминтерната околу нејзината идеја за решавање на македонското прашање. Секоја од трите Балкански комунистички партии биле организирани на територијална основа од трите балкански држави онакви какви што излегле од Првата светска војна или Балканските војни.

---

[80] „Славянскиія извѣстія" 12(5), С.-Петерсбургъ, 3.II.1913, стр.175-177, во Ристевски, Блаже...стр. 124;
[81] Исто, стр. 119;
[82] За ова пошироко кај Пандевски, Манол, *Македонија на Балканот: XIV-XIX: Историски координати,* , Мисла, Скопје,1990;

Во исто време, немало никаква трага од било каква одвоена македонска комунистичка организација. Коминтерната во тие рани години се чинело дека има некои нејасни идеи за македонското прашање. Зиновјев како претседател на Извршниот комитет на Коминтерната во една своја честитка до Балканските комунистички партии, забележува дека: „..на некои земји им било дадено правото ако е потребно да ги користат националните малцинства како средства за притисок врз Србија, Романија и Грција, со цел да се добие секаков вид на економска и политичка предност...".Пораката на Зиновјев ја обезбедила идеолошката рамка за комунистичкото согледување на македонското прашање во раните дваесетти години.

На Петтиот конгрес на Коминтерната била прифатена Резолуција за Македонија и Тракија. Нешто подоцна, оценувајќи дека поради постојните негативни услови (меѓународната и балканската ситуација) не е реално да се очекува да дојде до формирање на обединета Македонија, зашто треба да се менуваат три граници-ја истакнуваат паролата за извојување на национални права и право на создавање на сопствена држава и своја партија, во рамките на Југославија, под услов да биде тоа федеративна заедница на рамноправни народи на Југославија.

ВТОР ДЕЛ

„ОД ПОДЕЛБА ДО ОСАМОСТОЈУВАЊЕ 1912-1991„

1. КРАЛСТВОТО НА СХС И ПОРАНЕШНА СФРЈ (1912-1991)

Воведни напомени

Поранешната југословенска држава беше основана по завршувањето на Првата светска војна. Нејзиното јадро Србија, беше една од земјите победнички во таа војна; како самостојна политичка единица се појавила по востанието против османлиската власт во 1804 год., иако меѓународната заедница полната самостојност ѝ ја признава дури по Берлинскиот конгрес во 1878 год. Кралскиот државен удар во 1923 год., имаше за цел да создаде систем во кој регионалната и партикуларистичката припадност ќе биде заменета со нова „југословенска" свест. Целта не беше остварена. Во средината на триесетите години (1934) бил убиен кралот, а југословенските водачи биле оптоварени со општествените и стопанските последици на депресијата и дипломатските потешкотии кои ги донесе подемот на националистичка Германија. Кога српската власт во март 1941 год., одлучила да пристапи кон Тројниот пакт (Германија, Италија и Јапонија), во Белград дошло до бунт на народот и воен удар. Државниот удар, отворените симпатии на новата влада кон Советскиот Сојуз и Грчко-италијанската војна сериозно ја вознемирија Германија.[83] На 6 април 1941 година таа ги нападна Југославија и Грција, кои набргу капитулираа. Она што остана од Србија беше под управа на германски генерал кој го назначил српскиот генерал Милан Недиќ за претседател на новата српска влада. Косово се припои кон Албанија, која заедно со Црна Гора беше окупирана од Италија. Словенија, исто така беше поделена меѓу Германија и Италија, а Хрватска номинало стана Независна Држава Хрватска (НДХ) со припоена Босна и Херцеговина.

Македонија во периодот по Втората светска војна повторно беше поделена. Бугарија доби делови од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија до

[83] Поопширно види во Кремптон Ц. Ричард, 2003, *Балкан после другог светског рата*, Clio, UK, стр.26-27;

реката Струма (со островите Тасос и Самотраки), Италија доби дел од Егејска Македонија (Кожанско, Леринско, Костурско) и делови од Вардарска Македонија (со градовите Тетово, Гостивар, Кичево, Струга), а централната Егејска Македонија (Солунско, Кукушко, Воденско, Гуменџиско итн.) останаа под германска управа.

Во периодот на Втората светска војна, покрај германскиот и италијанскиот фактор, во Македонија беа присутни и дејствуваа четирите историски антагонистички детерминизми кои очекуваа во чија полза ќе се реши македонското национално прашање.

Во периодот на Втората светска војна, во Македонија во рамките на оваа историско-политичка реалност се забележуваат веќе и првите етнички промени. Прво на удар се најде српското колнизирано население во Вардарскиот дел на Македонија. Бугарскиот фактор, по анектирањето на Македонија, почна да спроведува политика на протерување на српското колонизирано население, кое никогаш не беше прифатено од Македонците. Протерувањето на Србите од Вардарскиот дел на Македонија се реализираше брзо и ефикасно. Прво, пред самата капитулација на Југославија, сами си заминаа стожерите на српското во Македонија (жандарите, црковните и просветните лица и сл.), а потоа процесот на протерување го опфати и српското селско колонизирано население. Во периодот на Втората светска војна од овој дел на Македонија беа протерани речиси 70.000 Срби. Со протерувањето на српското население од Македонија, бугарските власти, всушност ѝ зададоа силен удар на српската политика на демакедонизација и словенизација (со српски) етнички елемент во Македонија.

1.1.Етничките промени во Вардарскиот дел на Македонија и српските статистики 1918-1944 година

Делот на Македонија што потпадна под власта на Кралството Србија, од 1913-1915, а подоцна влезе во составот на монархистичка Југолавија (1919-1941),

унитаристичка држава со троимен народ-Срби, Хрвати, Словенци опфаќаше територија од 25.713 км² или 39% (без српски етнички елемент).[84]

Во српските статистики за бројноста и националната структура на населението во Македонија се забележува големата разлика на населението и разновидните аргументации за докажување на божемниот српски карактер на Македонија. Српските предвоени научници во докажувањето на „српскиот" карактер на Македонија се служеле со не-научни принципи. Српските конзули кои престојувале во Македонија ја познавале реалната состојба и се спротивставиле на книгата на С. Гопчевиќ, публикувана на француски јазик и ја оквалификувале како ненаучна и неавторитетна.[85] Ова го потврдува и Сима Томиќ, српски пратеник во Македонија. Во својот извештај до српската влада тој го пишува следното: „...српската книжевност не даде едно сериозно дело за Македонија".[86]

Еден од првите претставници на српската влада кој бил задолжен да известува за настаните во Македонија, во периодот од 50-тите и 60-тите години на XIX век бил Стефан Верковиќ. Тој ќе рече: „Словените и Грците ги дели речниот тек на Бистрица, преку Кожани, Сопишта и Костур, до границата на Епир. Реката Бистрица е значи природна граница меѓу Македонија и Тесалија, или со други зборови кажано, меѓу словенскиот и грчкиот свет и до оваа река насекаде во селата превага имаат бугарските Словени".[87] Во најјужниот дел на Македониај тој ќе открие голема народна измешаност и ќе забележие дека, „живеат четири различни народи, т.е. словенски, македоно-влашки или цинцарски, грчки и османски".[88]

Како што ќе констатира Хенри Вилкинскон, во својата компаративна анализа на етнички карти на Македонија „*Картите и политиката*", српскиот

---

[84] Пошироко во Ортаковски. В., 1998 , *Малцинствата на балканот (Minorities in the Balkans)*, „2 Август С„- Штип; Ачкоска, Виолета, *Братството и единството 1944 1974-Помеѓу хармонија и дисхармонија,* Институт за национална историја, Скопје, 2003; Киселиновски Стојан, *Етничките промени во Македонија (1913-1995),* Институт за национална историја, Скопје, 2000.

[85] Апостолов, Александар, 1963, Еден документ за положбата на Македонија во 19 век и почетокот на 20 век, Гласник ИНИ, Скопје, бр. 1, стр.248;

[86] Исто;

[87] Верковиќ С., 1985, *Македонски народни умотворби*, I, Македонска книга, Скопје, стр.79, во, Ташева М., 1996, *Етничките групи во Македонија, Историски контекст*, Филизифски факултет, Скопје, стр. 37;

[88] Исто;

владин претставник С. Гопчевиќ, изработил етнографска карта на Македонија што била вистински приказ на империјалните амбиции на Србија во однос на територијата јужно од неа населена со македонско население, како и на голем дел од територииите населени со албанско и бугарско население.[89]

Постојат многубројни извори кои даваат официјални и неофицијални податоци за бројот и националната структура на населението во Македонија и во Вардарскиот дел на Македонија. Тука ќе наведам само неколку.

Францускиот дипломатски претставник, кој добро ги познавал состојбите во Солунскиот вилает- Стек, прикажал статистички податоци, за кои самиот тврди дека немал претензии да даде класификација на населението според националност, туку по вера, јазик и политичко групирање. Проценил дека вилаетот имал 1.045.000 жители, од кои 471.387 Муслимани, 305.259 „Руми" (Патријаршисти), 210.976 „Бугари" (Егзархисти) и 48.000 Евреи.[90] Како што истакнува самиот Стек, религијата не била сигурен критериум за разграничување на населението, исто и официјалниот јазик. Турскиот бил официјален јазик на администрацијата, но го познавале и луѓе кои не ѝ припаѓале на турската група, како што грчкиот бил официјален на православната црква.

Недостатокот на податоци од другите вилаети, упатува на тенденцијата да се претстави целото население, повикувајќи се на статистики кои ги воделе француските конзули кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Битовски, врз основа на тие податоци, направил обид да даде сумарен приказ на населението на територијата на македонија на почетокот на XX век, како и на неговиот етнички состав. Според него, од вкупно 2.101.000 жители, 542.000 биле Турци, 152.000 биле Албанци, 7.000 (47.000) биле Роми, 997.000 Македонци, 75.000 Власи, 272.000 Грци и 56.000 Евреи.

Во 1921 год., е спроведен првиот официјален попис на населението на територијата на Кралството СХС, во чиј состав влегувала и Вардарска Македонија. Пописот е спроведен по методологија што се применува денес, во кое

---

[89] Вилкинсон Х., Картите и политиката..., стр. 116-122, во: Исто, стр.38;
[90] Битовски К., 1982, Прилог кон прашањето за бројот и националниот состав на населението во Македонија на почетокот на XX век", *Гласник на ИНИ*, бр.1, Скопје, стр.183, Исто, стр.39-40;

попишувањето се врши на поединци, а не на домеќинства. Поради колонијалниот статус на Македонија, македонското население немало признат статус на посебна национална група, а со тоа и право на употреба на сопствениот јазик. Од тие причини не се правело разграничување меѓу македонската група и српската група, во споредба со другите групи (Албанци, Турци, Власи). Јазиците на овие националности биле на листата на јазици кои се говорат во Кралството, но не и македонскиот.

Според официјално извршениот попис на населението во 1921 год., на оваа територија живееле 728.286 жители. Од тоа 630.000 Македонци или 86,5% од вкупното население на оваа територија.[91]

Според *критериумот-јазик* од пописот од 1921 год., на територијата на Вардарска Македонија живееле 808.724 жители, кои биле распространети во седум окрузи: 554.370 биле Срби (Македонци и Срби), 110.674 Албанци, 118.758 Турци, 9.116 Власи. Според *критериумот-вероисповест*, од вкупниот број на население во Вардарска Македонија како Православни се изјасниле 528.656 (65,37%), Римо-Католици 2.216 (0,27%), Грко-Католици 765 (0,095%), Евангелисти 1.108 (0,14%), Муслимани 270.930 (33,50%), Јудеисти 5.047 (0,62%).[92]

Професор Владимир Ортаковски, во своето импозантно дело *„Малцинствата на Балканот"*, наведува податоци за пописот на населението во СХС од 1921 год. Според нив: „...во Кралството СХС, 2.773.900 жители или 23,8% од вкупното население (12.017.323 жители) припаѓале на малцинствата од кои: 573.472 (4,77%) Германци, 467.658 (3,89%) Унгарци, 441.740 (3,68%) Албанци, 229.398 (1,91%) Романци. Иако непризнаени, односно третирани како „јужни Срби" во Кралството СХС, во Вардарска Македонија, се проценува дека живееја околу 600.000 Македонци (4,99%)...".[93]

Иван Иваниќ, М. В. Веселиновиќ, С. Гопчевиќ и други, сметале дека Србите го сочинуваат главниот етнички елемент во Македонија. Иван Иваниќ, во својата

---

[91] Бошкович: *Положение въ Югославии*, Комунистичкий интернационалъ, год. VI, број 8 (37), 1924 год. стр. 151, во Поповски Т., *Македонското национално малцинство во Бугарија, Грција и Албанија*, Македонска Книга, Скопје, 1981 год. Стр.85;
[92] Исто;
[93] Ортаковски. В., стр. 129-130;

книга „Македонија и Македонци" (1908), смета дека: „...од вкупно 1.366.556 жители, колку што имаше Македонија во почетокот на XX век, 400.568 се Срби-патријаршисти, 265.408 Срби-егзархисти, 400.624 муслимани, 60.000 Евреи, 190.639 православни несловени, 15.000 Срби-католици и 34.277 разни народности".[94]

Јован Цвиић во својот труд *„Промаштрања о етнографији македонских Словена"* во врска со објективноста на српските научници, искажал мислење дека Иван Иваниќ, М. В. Веселиновиќ, С. Гопчевиќ во своите книги шират заблуда, т.е. ненаучност и збрканост.[95]

Бугарскиот автор В. К'нчов, со оглед на тоа дека водел статистика на населението на ниво на населени места (кази), можно е да се направи споредба меѓу застапеноста на групите во вкупното население-во рамките на неподелена Македонија и во Вардарска Македонија, на која ќе се однесуваат поновите статистички податоци. Од општата слика за статистичките податоци кои се однесуваат на Вардарска Македонија, може да се препозне присуството на три групи: македонската (во понатамошната анализа различните имиња што му се давале на едно исто население ќе бидат сведени на она со кое денес тоа самото се именува-македонско, албанско, ромско, влашко итн.), турската и ромската.[96]

Во Вардарскиот дел на Македонија се забележуваат сериозни етнички промени. Српската држава била живо заинтересирана да го смени етничкиот состав на населението во Вардарскиот дел на Македонија со што овој дел ќе добие српски етнички карактер.[97] За таа цел, покрај селска колонизација, Кралството на СХС, со желба да го создаде српското во Македонија, вршела и т.н. „административна колонизација". Со еден збор, во периодот меѓу двете светски војни, Кралството СХС врз основа на селска или т.н. „административна" колонизација успеало да колонизира вкупно 96.347 лица, што претставувало 10% од вкупното население што тогаш живеело во тој дел на Македонија. Со

---

[94] Ivanić, I., 1908, *Makedonija i Makedonci*, Beograd, str.32 во Киселиновски Стојан, 2000, *Етничките промени во Македонија (1913-1995)*, Институт за национална историја, Скопје.стр. 15;
[95] Цвијић, Јован, 1906, *Промаштрања о етнографији македонских Словена*, Београд, стр.62;
[96] Ташева М., ...стр. 45;
[97] Една од целите на оваа тенденција е тоа што Грција и Србија сакаа и етнички да граничат и со тоа „природните сојузници„ подобро и поефикасно да си го заштитуваат својот територијален интегритет создаден по силата на Букурешкиот и Нејскиот мировен договор.

колонизирањето на речиси 100.000 Срби во Вардарскиот дел на Македонија, Србија првпат во историјата успеа да создаде едно српско етничко малцинство во Македонија.

Паралелно со доаѓањето на Србите во Македонија и зацврстувањето на српскиот етнички елемент, се забележува заминување на македонското население кон Југославија, т.е. Србија (Војводина). Таа македонска етничка миграција се одвиваше во рамките на општојугословенската (српска) политика на колонизација во Војводина. Во рамките на општата политика и Македонија требаше да придонесе со колонизирани речиси 20.000 Македонци кои потекнуваа од Крива Паланка, Поречје, Кумановско и други места во Македонија.[98] Македонското колонизирано население во Војводина во почетокот ги уживаше своите национални права, но постепено започна процес на денационализација и асимилација на македонското колонизирано население. Асимилацијата беше олеснета и од дел од македонското колонизирано население и тоа се должи главно на суптилната политика на колонизација што ја водеше Србија во периодот на Втора Југославија. Србија, со политиката за враќање на Србите во Македонија, сакаше да го засили и развие српскиот етнички елемент во Македонија, но во Војводина таа бараше засилување на српскиот елемент со брзата асимилација на колонизираното население. Во функција на овој етничко-политички интерес, Србија беше заинтересирана од Македонија да доведе таков етнички елемент што брзо ќе ги прифати процесите на српската етничка асимилација. Затоа македонските колонисти беа избирани главно од места каде што српското влијание беше големо и кај дел од населението каде веќе постоеше про-српска орјентација. Отпор на оваа политика на етничка асимилација на Македонците изјавија само тие Македонци што потекнуваа од општини каде што историски про-српската орјентација не беше присутна (Охрид, на пр.).[99]

Со политиката на колонизација на Војводина, Србија успеа постепено да го смени етничкиот состав на населението на таа покраина. По Втората светска војна

---

[98] Трифуновски Ф. Јован, *О послератном насељавању становништва из СР Македоније у три банатска насеља-Јабука, Качарево, и Глогоње*, Нови Сад, 1958;
[99] Исто, стр.100;

српското малцинство првпат стана мнозинство, а Војводина доби српски етнички белег.

1.2. Образованието, етно-јазичните и политичките промени по српската колонизација

Македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија го задржа статусот на мнозински народ. Според јазикот што се зборуваше во домот, т.е. семејството, во Вардарскиот дел на Македонија во 1921 год., од вкупно 808.704 лица, 650.000 или 80% од вкупното население беа Македонци, а другите ги сочинуваа малцинствата и етничките групи (Турци, Албанци, Роми, Власи, Евреи).[100]

Компактното македонско население кое опстојуваше во Вардарскиот дел на Македонија по 1913 год., придонесе македонскиот јазик да го задржи својот традиционален историски статус. Македонскиот јазик беше најупотребуван јазик и покрај државниот (официјален) карактер на српскиот јазик. Македонскиот јазик се употребуваше во кругот на семејството, во секојдневната комуникација на луѓето, на пазар, во илегалниот политички живот итн. Македонскиот јазик го употребувале и со него комуницирале не само Македонците туку и традиционалните малцинства кои живееле во Македонија.

Српското население кое го колонизираше Вардарскиот дел на Македонија според неговата бројност немаше статус на мнозинство, туку реално статус на малцинство. Српскиот јазик во периодот од 1913 до 1941 год., за населението во Вардарскиот дел на Македонија немаше улога на најупотребуван јазик и покрај неговиот статус на државен (официјален) јазик. Тој се употребуваше само во рамките на новоформираните селски населби, но не и во градовите, и покрај сé поголемото присуство на српската администрација во Македонија и сé поголемото присуство на српскиот јазик во урбаните средини.[101] Една од отежнатите околности на образовниот процес бил јазикот на наставата. Српскиот, како официјален јазик, бил и јазик на образованието. Тоа претставувало хендикеп за целото

[100] лок. Цит;
[101] Пошироко во Киселиновски Стојан;

население што не го зборувало овој јазик, но посебно за несловенските етнички групи. Некои од нив како што е албанската, за која дополнителен хендикеп била територијалната распространетост во селските локалитети, практични биле исклучени од институцијата на формалното образование.[102]

Според српските владеачки кругови, преку училиштата, преку превоспитувањето на македонските деца најлесно и најефикасно ќе можело да се врши асимилација и посрбување. Токму од овие причини југословенската влада му посветила значително внимание на развојот на просветата во Вардарска Македонија. Од своите буџети предвидувала вообичаено големи суми токму за развој на училиштата во Македонија, за нивна изградба, за создавање учителски кадри, за отварање на повисоки образовни институции, како и за формирање училишта за образование на возрасните.[103]

Токму за време на образовната експанзија во Вардарска Македонија, носителите на српската политика за денационализација на Македонците почнале да осознаваат дека нема видливи знаци на денационализација. Еден висок српски просветен стручњак во писмо од мај 1929 год., го известува тогашниот југословенски крал, Александар: „...од овие училишта излегува младина што е против нас. Тоа што ние во училиштата до пладне го градиме, дома попладне се разградува".[104] Подоцна со указ на кралот, а по барање на поголем број српски просветни раководители, започнало укинувањето на гимназиите во Македонија. Така сега почнала да се спроведува нова тактика на српските власти: Македонците да останат што понеобразовани. Да не се дозволи создавање побројна македонска интелигенција, зошто од нејзини редови излегувале доследни борци за национални, граѓански и политички права на делот на македонскиот народ во Југославија. Од друга страна, недостатно образован и без своја интелигенција, маке-

---

[102] Ташева М., стр.165;

[103] Во училиштата 1924/25 година, е изнесен предлог да се изградат 1.000 нови училишта. Покрај основните училишта, се отвараа и средни школи. Резултатите не изостанаа. Во училиштата 1923/24 г., во Вардарска Македонија учеле 32.955 ученици, односно било опфатено повеќе од 50% од вкупниот број на деца на училишна возраст. Во тоа време беше обновена учителската школа во Скопје и формирана нова учителска школа во Прилеп. Во учебната 1924/25 г., во Вардарска Македонија веќе работеа 7 полни и 5 неполни гимназии. Беа формирани и две трговски гимназии, една богословија и др. Во Поповски Т. ...стр.92;

[104] Исто, стр. 92-93;

донскиот народ не ќе може успешно економски и културно да се развива. Политиката на колонизација на Вардарскиот дел на Македонија имаше политички последици за Македонија, за македонското национално движење и за македонското револуционерно движење. Колонизацијата на Македонија беше поддржана од српските граѓански партии, а тоа придонесе македонското население да се дистанцира и да не им даде никаква поддршка на граѓанските српски политички партии, бидејќи нивната политика ги загрозуваше најсуштинските македонски интереси.

1.3. Положбата на Македонците во Кралството на СХС (1913-1941)

Во Вардарскиот дел на Македонија за време на српската колонизација се забележуваат феномени на деноминација на македонското национално име. Србија уште во 1913 год., го деноминира името на територијата (Македонија) и името на нацијата (Македонци). Македонија стана „Јужна Србија", „Вардарска бановина", а Македонците „јужносрбијанци". Во рамките на жилавата политика на денационализација и асимилација на македонскиот народ, Србија упорно се стремеше на Македонците да им наметне ново етничко име „јужносрбијанци". Македонците никогаш не го прифатија тоа име и упорно го отфрлаа како ново етничко име.

Основна карактеристика во однос на положбата на македонскиот народ беше негирање на неговата национална самобитност и настојувањето од страна на официјалната српска власт да се србизира. Таквата политика била спроведувана, како што спомнав предходно, преку аграрната реформа и административната колонизација, како и преку образованието и политиката на запоставување на образованието на македонскиот народ. Во периодот додека Македонија се наоѓала под турска власт, имало значителен број македонски училишта и писменоста меѓу христијанското население во Македонија било на високо ниво. По тројната поделба на Македонија во вардарскиот дел, македонскиот народ бил подложен на целосно негирање на културните права на Македонците во Кралсвото на СХС.

По завршување на Првата светска војна, во Вардарска Македонија со обновената важност на специјалната уредба донесена по поделбата на Македонија во 1913 год., е воведен посебен антидемократски режим. На делот на македонскиот народ што потпадна под Југославија не му се дозволи, како што тоа беше случај со другите југословенски народи да има свој претседател во Привременото претставништво, парламентарно тело што беше формирано по завршувањето на војната. Му беше забрането формирање на политички партии, а му беше дозволено само членство во некоја од српските политички партии.

Драстичните ограничувања на верските права, во употребата на македонскиот јазик, како и прогонувањето и малтретирањето на македонските селани и интелектуалци од страна на властите на Кралството на СХС, беа главните причини и содржина на многу протести и петиции испраќани до Лигата на народите.[105] Во петициите што се испраќале до Лигата на народите, а кои се однесувале на македонското прашање, но и на правото на македонскиот народ на самоопределување, Секретаријатот на Лигата на народите имал став дека Советот не треба да третира политички прашања, т.е. автономијата на Македонија, туку само малцински прашања.

И економската положба во која се наоѓал дел од македонскиот народ под српска власт, била многу тешка. Српските владејчки кругови на Вардарска Македонија гледале како на колонија која треба максимално економски да ја експлоатираат, притоа-да не се преземе ништо за индустрискиот развој на ова подрачје. Вардарска Македонија треба да биде само извор на евтини суровини.

Одредбите за малцинствата биле содржани во Уставот на Кралството на СХС (чл. 14 и 16). Членот 16 ги содржал општите одредби дека на расните и јазичните малцинства им се гарантира основно образование на нивниот мајчин

---

[105] Еден од најчестите случаи со кои се среќавала Лигата на народите во врска со кршењето на одредбите за еднаквоста на третманот и правната и фактичката безбедност биле токму таквите жалби на македонското население од областа што југословенската влада ја нарекувала „јужна Србија". Безброј петиции постојано биле упатувани до Лигата на народите за репресивните методи што југословенските власти ги употребувале против македонското население. Југословенската влада се повикувала на „иредентистичките" ставови на македонското население и посебно на неговото „попуштање" на терористичките и револуционерните активности на Македонскиот револуционерен комитет на Михајлов, како објаснување за својата репресивна политика. Ортаковски. В., стр. 133;

јазик „под услови пропишани со закон". Но, во нив немало одредби за „значителна пропорција на населението", ниту за распределба на средства од државен, општински или друг буџет, на малцинските заедници. Уставот на Кралството на СХС бил укинат со превратот од 6 јануари 1929 год.

Во Мемоарот што на 10 септември 1927 год., беше упатен до Конгресот на националните малцинства во Женева, во кој покрај другото се наведува: „Во Македонија под српска власт сите белградски влади..., по однос на Македонците спроведуваа една иста политика: да го изменат националниот карактер на таа земја, да го асимилираат и денационализираат нејзиното население. За постигнување на таа цел, владите прибегнуваа кон најодвратни средства и тоа го вршеа пред очите на претставниците на европските големи сили. Македонскиот народ, т.е. сите националности што живееја и живеат таму..., се лишени од секакви политички и граѓански права. Национално, економски и политички потиснато, населението на Македонија, под притисок на најкрвавиот внатрешен режим, без сомневање забележа најголема отпорна сила од сите други краишта. Таа отпорност на македонското население претставува една од најголемите тешкотии за империјалистичката реакционерна политика на југословенската буржоазија".[106]

Во Мемоарот понатаму се наведува дека македонскиот народ е ставен надвор од законите, а затварањата, прогонувањата, тепањата, мачењата, тешките пресуди и многу честите смртни пресуди и убиства, биле дел од методите и механизмите на српските влади за наметнување на српскиот етнички белег во „Вардарската бановина".[107]

---

[106] The „Memoire on the Position of the Subjugated People in the Balkans,, submitted to the Third Congress of National Minorities in Geneva, on September 10, 1927, is quoted after: VMRO (Obedineta) Dokumenti i materijali, Vol.I, selected and with a commentary by Ivan Katarziev, Institut za nacionalna istorija, pp.129-137, во Ортаковски Владимир, ... стр. 134;

[107] Против овој терор го дигнаа својот глас најистакнати светски културни дејци и политичари. Таков е еден протест до југословенската влада за зверствата што ги врши во Вардарска Македонија го потпишаа и Анри Барбис, Ајнштајн, Максим Горки, Томас Ман, Џавахарлал Нехру, Аптон Синклер и др. Во *Историја на македонскиот народ*, Книга III, НИП Нова Македонија, Скопје, 1969, стр.56;

1.4. Македонската национална свест и ставовите на КПЈ за решавање на македонското национално прашање

Во периодот на српското владеење во Вардарска Македонија, постоеше изразена поларизација меѓу македонското национално движење и македонското револуционерно движење во однос на македонската државност, карактерот на македонската нација, природата на македонскиот јазик и во однос на српската колонизаторска политика.

Македонското национално движење („максималисти" на чело со Методија Шаторов-Шарло и „минималисти") имаа различни и нијансирани ставови во однос на македонската државност, македонската нација и во однос на српската политика на колонизација на Македонија. Меѓу нив не постоеја разлики околу посебноста на македонската нација и македонскиот јазик. Тие го делеа ставот дека Македонците се посебен народ-нација и дека македонскиот јазик е посебен словенски (македонски) јазик. Суштински разлики меѓу нив постоеја во однос на македонската државност. „Максималистите" бараа формирање на независна македонска држава, а „минималистите" бараа почитување на националните права на Македонците во рамките на балканскиот политички *status quo* и ја поддржуваа идејата за формирање на мини македонска држава во рамките на идната југословенска федерација.[108] Српските власти во Велес и околината извршиле анкета преку која сакале да ги осознаат стремежите и целите на Македонците во поглед на остварувањето на нивните национални идеали. Непосредните разговори ги организирала Командата на граничните единици на Кралството Југославија. Командата во врска со резултатите од анкетата пишува: „Оваа автономија на Македонија треба да ги опфати целиот српски, грчки и бугарски дел на Македонија-од Качаник и Шар Планина до реката Струма. Се верува дека Америка ќе ја помогне оваа акција... Активноста за автономна Македонија би се состоела во тоа што, пред сé народот би се запознал со оваа идеја и би се убедил во нејзината

[108] Во рамките на минималистичката тенденција се манифестирале две политички тенденции: една национална (на чело со Кузман Јосифовски-Питу) и една „анационална" проорјентирана (просрпска-симболизирана и персонифицирана од Лазар Колишевски) и една прогрчка тенденција во Егејска Македонија. Исто, стр.74-75;

реализација, а потоа секој дел на Македонија ќе прати петиција до Конгресот и до Винсон, во кои ќе се бара, според прокламираниот Винсонов принцип, на Македонија да ѝ се гарантира правото на самоопределување. Во петицијата, поткрепена со доволен број потписи ќе се бара автономија на Македонија под заштита на Големите сили... Народот, во своето мнозинство, верува дека сегашната положба нама да остане, туку Македонија сигурно ќе стане автономна... Пореалните луѓе велат дека, ако Македонија случајно не добие автономија, како минимум на своите барања ќе посакаат да им се гарантира почитување на правата на малцинство, право изнесено во Прокламацијата на (југословенскиот) Престолонаследник од декември. Почитувањето на правото на малцинството ќе биде гарантирано од Конгресот (мировната конференција) во Париз. Врз основа на тоа право тие би имале училишта и свој јазик во администрацијата."[109] Некои од нив дури велат: „Со оние што ќе дојдат од Србија ние ќе поведеме културна борба, па до колку се тие посилни, постепено ќе изчезне македонскиот јазик, а заедно со нив и македонското прашање; но, доколку бидат послаби, тие самите ќе го примат нашиот јазик и ќе се претопат во Македонци".[110]

КПЈ во рамките на својата еволутивна политика во однос на македонското национално прашање различно ги именуваше Македонците. Во периодот на политиката „државност без националност", Македонците ги сметаше за Бугари, а македонскиот јазик за бугарски. Во периодот и во рамките на политиката „националност без државност", КПЈ еволуира и ја прифати политиката „националност и државност" за сите народи што живееја во Југославија. [111]

---

[109] Катарџиев И., 1977, *Време на зреење*, I издание, Култура, Скопје, стр.19-20;
[110] Исто;
[111] Еве еден краток хронолошки преглед на ставовите на КПЈ за македонското прашање: На Првата конференција на КПЈ, одржана од 3 до 7 јули 1922 год., во Виена, беа заземани доста нејасни ставови спрема националниот идентитет на македонскиот народ во Вардарска Македонија, но независно од тоа истакнато е следното: Положбата во Македонија е таква што паролите за автономија, широка самоуправа на можат да го задоволат населението во Македонија. Принципот на самоопределување на народот овде се поставува на дневен ред многу повеќе отколку во која било друга област на Југославија. На Втората конференција на КПЈ повторно одржана во Виена од 9 до 12 мај 1923 год., посветено му е поголемо внимание на македонското национално прашање. На оваа конференција не е сè уште сосема разјаснет ставот кон македонскиот народ и се говори за „македонско население„. Извори за КПМ за времето 1921-1941 година. Документи и материјали, Скопје, Том 1, книга2, стр.347-349;

Во историографската продукција до 1990 год., честопати, се среќаваме со предимензионирани оценки и толкувања на улогата на КПЈ во однос на разрешувањето на националното прашање и посебно во однос на македонското прашање. Заради историската вистина мораме да нагласиме дека слободарските стремежи на Македонците за обединување и државност биле пресудниот фактор, а во определениот политички момент тие кореспондирале со платформата на комунистите, особено до почетокот на 1943 год.[112]

Македонското национално прашање станува целосно, јасно и конкретно со доаѓањето на Тито на чело на КПЈ. Во дадени моменти тој својата јасна и целосна концепција на решавање на националното прашање на народите на Југославија, па во тие рамки и за решавањето на македонското национално прашање, ги изнесува во голем број партиски документи. Интересно е да се истакне ставот и видувањето на Тито во периодот кога балканските земји ги подготвуваа своите услови за учество на страната на Тројниот фашистички пакт. Како одговор на бугарскиот став дека, „со освојувањето на Македонија во царската бугарска круна ќе биде вграден бесценет дијамант" кој беше изнесен во бугарското Собрание, Тито напишал: „И кога денес, во екот на рушењето на целиот версајски систем, бугарската и српската реакција воинствено и провокаторски се натпреваруваат дали Македонија треба да биде украс на бугарската или на југословенската кралска круна-тогаш мораме посилно од кога било, да им викнеме на тие воени поттикнувачи дека Македонија не е ни српска ни бугарска".[113] Иако Л. Колишевски ја истакнува големата улога на титовата мисија во решавање на македонското прашање, индикативни се неговите натамошни изјави, бидејќи на Париската мировна конференција, од југословенската делегација воопшто не беше поставено македонското прашање, а од друга страна барањата кон Италија за Истра и Трст беа застапувани.

[112] Ачковска В., 2003, *Братството и единството*..., стр.16-17;
[113] Исто, стр. 18-19;

1.5.Создавање на Социјалистичка Република Македонија

По нападот на фашистичка Германија врз Југославија, Македонија беше многу брзо окупирана. На 7 април веќе беше заземен главниот град на Вардарска Македонија, Скопје, а шест дена подоцна и целата територија на Македонија. Според договорот на министрите на Германија и Италија, по окупацијата Вардарска Македонија беше поделена на два дела. Едниот дел, кој ја опфаќаше главно Западна Македонија со градовите Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар и Струга, ѝ припаднаа на Италија. Овој дел, нешто подоцна, е присоединет кон квислиншка Албанија. Другиот дел на Вардарска Македонија, што го окупираа германски единици во втората половина на април 1941 год., беше препуштен да го окупира бугарската војска. Бугарската влада сметаше дека овој дел на Македонија е присоединет кон Бугарија и дека се остварени „вековните идеали".

Македонците во Вардарска Македонија не се заплашија од суровите мерки што ги преземаа ново-старите окупатори, грубо газејќи ги политичките и националните права на Македонците. Уште во првите денови Македонците преку различни форми почнаа да му даваат отпор на фашистичкиот окупатор и на неговата политика. Големобугарската, италијанската и големоалбанската окупација почнаа најдиректно да ја загрозуваат животната егзистенција на населението и македонскиот национален идентитет. Во такви услови основните човекови и национални права можеа да се извојуваат и да се зачуваат голите животи на Македонците во Вардарска Македонија само преку вооружена борба против окупаторската сила, само со неговото истерување од окупираните територии. Токму тоа беше причината што Македонците од Вардарска Македонија така од срце, масовно го прифатија повикот на Комунистичката партија на Југославија за подигање вооружено востание против окупаторот во сите краишта на Југославија. Зашто, иако беа различни по националност, окупаторите еднакво најтешко ги загрозуваа вителните интереси на сите народи на Југославија. Решението за почнување востание беше донесено на 4 јули 1941 год., а со тоа започнаа организационите подготовки во сите краишта на Југославија, вклучително и Македонија. 11 октомври 1941 год., е прогласен за ден на почнувањето на народното востание на Маке-

донците од Вардарска Македонија. Така, Македонците заедно со другите југословенски народи влегоа во најсудбоносната битка од своето постоење-битката за ослободување од фашистичката окупација, за извојување на целосна слобода, за национално ослободување и создавање на своја независна, самостојна држава на македонскиот народ. И во тоа успејаа.

Како резултат на учеството на македонскиот народ во антифашистичката борба, во Вардарскиот дел на Македонија се забележани етнички загуби. Бројот на загинати лица изнесуваше 19.823, од кои 7.379 загинати учесници во вооружени дејствија, 7.240 жртви во логорите на смртта и 5.204 жртви на војната.[114]

Паралелно со развојот и јакнењето на народноослободителната борба на Македонците од Вардарска Македонија, се одвиваше и процесот на создавање самостојна држава на македонскиот народ. Тој процес започна со формирањето на органите на локалната власт на ослободената и окупираната територија. Тоа беа нови органи на власта, не само по својата демократичност, по својата социјална структура, по својата прогресивна политичка определеноет-туку и по својот национален карактер. Тоа беа органи на македонскиот народ.

Значаен настан во процесот на конституирање на македонската држава е Второто заседание на АВНОЈ, што се одржа на 29 ноември 1943 год., во градот Јајце. На ова заседание беа донесени решенија што се од историско значење за сите југословенски народи и народности, особено за македонскиот народ. Имено, на Второто заседание на АВНОЈ беше донесена одлука за создавање на нова Југославија како федеративна држава, како заедница на рамноправни народи на Југославија. Со таа одлука, подоцна со законско решение на највисокото претставничко тело на Југославија, Македонија *de jure* се признава како посебна федерална единица. [115] Оваа одлука ги исполнуваше стремежите и желбите на македонскиот народ и токму затоа со големо воодушевување беше примена од најшироките слоеви на македонскиот народ. Дотогаш за првпат во историјата на македонскиот народ беше донесено решение од меѓународно значење, со кое на

[114] Републички секретаријат за народно здравје и социјална политика, Попис на борците во НОБ во СР Македонија, Скопје, 1971, ИНИ.
[115] Odluka Drugog zasedanja AVNOJ-a izgradnji Jugoslavije na federativnom principu, 29 novembra 1943, Službeni list DFJ, br.1/1945, цит. во Ачковска В.,.. .стр.38;

македонскиот народ му се признава правото и му се овозможува да создаде своја држава.

Во манстирот Св. Прохор Пчински, на 2 август 1944 год., на Првото заседание на АСНОМ беше конституирана и прогласена самостојната држава на македонскиот народ. Прашањето за обединување на македонскиот народ како најгорливо и најважно прашање за Македонците во тој период, во Манифестот било поврзано со нивното „учество во гигантскиот антифашистички фронт" но, и дека тоа ќе се изврши „под покривот на Титова Југославија". За жал, и покрај желбите на бројните македонски дејци, „класната логика" на КПЈ која го ограничува правото на самоопределување на народите не дозволи тоа да се случи.

АСНОМ донесе одлуки со уставнотворен карактер од историско и уставнотворно значење за македонската држава. Беше донесено Решение со која македонскиот јазик е прогласен за службен јазик со што се потврдува идентитетот на македонскиот народ како носител на државниот суверенитет, единствен конститутивен елемент на македонската држава и исклучување на можноста за двојазичност на државната територија на Македонија. Декларацијата за основни права на граѓаните со која во услови на војна, прокламира широк спектар на општоприфатени демократски права на граѓанинот, кои се предмет на сите устави на демократските држави итн.

По долговековното ропство извојуваната национална слобода бара, врз решенијата на АСНОМ, свој нов поредок. Како тој да се изгради?[116] Асномските принципи на македонската култура, најубаво и најсестрано ги изразува Стојан Христов во својата позната расправа од 1945 год., *„New Macedonia"*. Тој, всушност пишува: „Една нација не е само предел од земја со луѓе кои пасат како стадо. Ни една нација не е само земја, куќа и народ. Луѓето кои го заслужуваат името нација се надахнати со заеднички дух и ги збогатуваат своите духовни и морални вредности, своето културно наследство. Должност на учените и научниците на нова Македонија е да трагат по секое делче македонско наследство, да го најдат каде и

[116] Пошироко во *Манифестот од Првото заседание на АСНОМ да македонскиот народ:* „Каква Македонија ќе изградиме, таква ќе ја имаме" *„АСНОМ (1944-1964),* Зборник на документи, Институт за национална историја, Скопје, 1964;

да е скриено, под каква било маска, колку и да е изменето, и да го вратат на неговото вистинско место, да му го вратат вистинскио македонски лик, за на тој начин новата нација да се здобие со длабочина, дух и димензија".[117]

Кратката анализа на односите во поранешната југословенска федерација и положбата на Република Македонија во нејзиниот состав покажува дека нејзиното својство на држава, како и другите републики, никогаш не било доведено во прашање и дека, напротив, ова нивно својство постојано се зацврстувало, особено во периодот по 1971-1974 год. Второ, дека за сето ова време Република Македонија има рамноправна положба со другите републики, а на македонскиот народ му се осигурани национална рамноправност и основни услови за слободен национален развиток. Трето, и покрај начелно признатата државност и прокламираната рамноправност, постојано се засилуваат отпорите против централистичкиот федерализам и растат тенденциите кон поголемото проширување на самостојноста на републиките и кон сé пореална национална рамноправност. Во меѓунационалните и меѓурепубличките односи, покрај наследените и докрај нерешените, се јавуваат различните интереси во сферата на економскиот развој. Отпорите на силите на централистичкиот федерализам против радикалното решавање на овие проблеми и против преустројувањето на федерацијата на сосема нови основи, за што се застапуваше и Република Македонија, крајно ќе ги заострат односите помеѓу одделните народи и нивните држави, ќе доведат на одделни подрачја дури и до меѓунационални судири и воени дејства и ќе предизвикаат брзо распаѓање на Југославија како федеративна заедница.

1.6. СФР Југославија (до 1991 година)

СФР Југославија беше сложена мултинационална држава. По Устав сите шест републики во која живеат народите на Србите, Хрватите, Словенците, Македонците и Црногорците, беа рамноправни. Муслиманите не беа признати како народ сé до 1981 год. Покрај нив имаше голем број на национални малцин-

[117] Stoyan Christov, *New Macedonia*, Chicago, 1945;

ства[118]и етнички групи, од кои најголеми беа Албанците и Унгарците. Гледано нумерички, ниту еден од народите или етничките групи не претставуваше мнозинство во вкупното население на земјата. Според податоците од пописот во 1991 год., најмногубројни беа Србите со околу 8.517.000 (36,2%) и Хрватите со 4.635.000 (19,7%), додека Муслимани имаше 2.353.000 (10%), Словенци 1.765.000 (7,5%), Македонци 1.365.000 (5,8%) и Црногорци 541.000 (2,3%).

Кај Македонците имаше постепен пораст и на бројот и на процентот во тој период: од 1.040.000 (5,6%) во 1961 год., на 1.346.000 (6%) во 1981 год., но веќе во пописот од 1991 год., (1.365.000 или 5,8%) започна опаѓањето на процентот. Бројот (%) на државјани на Црна Гора, чиј мајчин јазик е македонскиот се движи вака: 27.189 (0,37%) според пописот од 1953 год., 30.063 (0,30%) според пописот во 1981 год., 28.492 (0,33%) според пописот во 1991 год. Од друга страна, бројот на Македонците во Црна Гора, според пописите од 1981 год., изнесува 875 (0,15%), а според пописот од 1991 год., 1.072 (0,17%).[119]

На процесот на соединување му пречеше распространетото чувство, дека новата држава во основа е проширена Србија, бидејќи владеачката династија беше српска и Србите ги држеа најважните државни институции, владата и војската.[120]

На 21.02.1974 год., во Сојузното собрание свечено беше прогласен новиот Устав на СФРЈ. Републиките станаа национални држави, а покраините „конститутивни елементи на федерацијата".

Уставот од јануари 1946 год., на сите граѓани на Југославија им ветуваше рамноправност без разлика на раса, национална припадност, јазик, вероисповест, образование и општествена положба. Гарантираше лични слободи: слобода на вера и уверување, слобода на говор, печат, здружување и собирање, како и право на приватна сопственост и приватно стопанство. Уставот не предвидуваше право на штрајк, а правото на слобода на печатот, иако уставно загарантирано, во ос-

---

[118] Во Уставот на СФРЈ од 1974 год., за националните малцинства се употребуваше терминот „народности" како помалку навредлив за малцинствата, кој не индицира нивна инфериорност, туку само етничка различност од народите во Југославија. Разликата помеѓу поимите народи и народности беше таа што народностите немаа свои републики. Во Ортаковски В., ...стр. 326, и во Кремптон Џ. Ричард, ...стр.41-42;

[119] Statisticki godisnjak 2005, Zavod za statistiku Crne Gore – MONSTAT;

[120] Кремптон Џ. Ричард, 2003, *Балкан после другог светског рата*, Clio, Pearson Education Limited, United Kingdom, стр.26;

нова беше оспорено од државниот монопол над печатниците и со клаузула која на државата ѝ даваше право да забрани растурање на секаков материјал кој повикувал на промена и кршење на уставот. Граѓаните на една република треба да ги добијат сите политички и граѓански права во друга република, доколку одлучат за живеат во неа. Границите меѓу републиките не може да се менуваат без заемна согласност. И народите во Југославија беа измешани, односно не беа ограничени само во своите републики.

Уставот на СФРЈ (чл. 4) од 1974 год., ги признава „суверените права" на националностите и на нивните членови. „Народите и народностите во СФРЈ имаат еднакви права" (чл. 245, од Уставот на СФРЈ од 1974 год.). На припадниците на народностите освен правата загарантирани со Уставот, им беа загарантирани и други права, над меѓународните стандарди за недискриминација, содржани во општото меѓународно право и Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права[121]. Со Устав (чл. 154), беше забранета дискриминацијата, односно еднаквоста на граѓаните пред законот без оглед на националноста, расата, полот, јазикот, верата, образованието или социјалниот статус.

Со Уставот (чл. 171), на припадниците на народностите им се гарантираше правото својот јазик и писмо да го употребуваат во остварувањето на своите права и обврски пред државните служби и организациите од јавен интерес. За припадниците на народите и народностите, Уставот оставаше соодветното законодавство (националните законодавства на шесте републики), да ги обезбеди истите права за настава на нивниот мајчин јазик. Правото на употреба на својот мајчин јазик се протегаше на целата територија на Југославија и беше уредено со сојузни, републички и покраински закони и прописи.

Членовите 246-248 од Уставот на СФРЈ од 1974 год., ја регулираа употребата на јазиците пред сојузните институции. Разликата на сојузно ниво беше дека јазиците на народите се во „официјална употреба" во секој случај, додека јазиците на народностите се употребуваат само кога тоа е пропишано со уставот и законот. Согласно Уставот (чл. 246), официјалната употреба на јазиците на народностите

[121] Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (1966 год.), СФРЈ го ратификувала на 30.01.1971 год.;

„во областите населени со одделни народности" се пропишуваше со републички, покраински и регионални прописи. Со чл. 247 од Уставот, се предвидуваше дека за да се „обезбеди остварување на правото на изразување на својата народност и култура, на секоја народност и се гарантира правото на слободна употреба на својот јазик и писмо, на развој на својата култура и на основање на организации за таа намена, како и да ужива други уставно втемелени права".[122]

И покрај исправните уставни начела, воспоставувањето на целосна рамноправност на јазиците во југословенската федерација, претставувало едно од горливите прашања. Дискусијата околу рамноправноста на јазиците во СФРЈ покренале повеќе полемики и во СР Македонија, при што дошле до израз ставовите што ги изразувале некои македонски интелектуалци, околу употребата на македонскиот јазик во СФРЈ и барањето заштита од прекумерната употреба на српскиот јазик во СРМ. Барајќи поадекватна застапеност на македонскиот јазик во секојдневното комуницирање, македонските интелектуалци истапиле и со предлог за реципроцитет во преведувањето на литературата од српски на македонски и од македонски на српски јазик. Така, во сеопштата клима на силна национална афирмација, беше формирана Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ). Формирањето на МАНУ значеше силен чекор напред во афирмирањето на националните вредности и достигања на македонскиот народ на полето на науката, уметноста и културата.[123]

На институционален план, народностите имаа реална можност за зачувување на нивниот јазик и култура. Радио-телевизиските станици целосно на албански, унгарски и италијански работи во Приштина, Нови Сад и Копар. Образованието на јазиците на народностите беше гарантирано во основните и средните училишта и истото беше финансирано од државата.

Сметајќи дека, односот кон националните малцинства во повоената социјалистичка изградба, никогаш не зависел од меѓународните односи на Југославија со соседните земји, Извршниот комитет на ЦК СКЈ нагласува дека во СФРЈ „националните малцинства се третираат како сосема рамноправни фактори со сите

[122] Ортаковски В., ... стр. 329-330;
[123] Ачковска, В.,... стр. 147-148;

други југословенски народи, а така изедначени во сé учествуваат во изградбата на југословенската заедница давајќи свој политички, културен и друг придонес. Тие ги задржуваат своите одлики како дел од нацијата на која етнички и припаѓаат и чии специфичности, во прв ред од културна природа, ги носат во себе, преплетувајќи ги со одлуките на средината во која живеат. Заради тоа националните малцинства се сметаа за фактор на зближување и поврзување помеѓу различните нации".[124]

Заради ескалација на барањата за употреба на знамето (особено албанското), при крајот на 1968 год., посебна работна група за прашањата на народностите и етничките групи при Комисијата за општествено-политички заедници и меѓунационални односи на Претседателството на СКЈ, меѓу приоритетните задачи го постави прашањето за употребата на знамињата на народностите во СФРЈ.[125] Поради многу специфичности врзани за Југославија, за некои западни кругови и „знамињата на националните малцинства" претставуваат специфичност, бидејќи Европа не познавала такви „достигања". Според тогашното меѓународно право, знамето претставува еден од симболите на државноста, а не на националноста. Меѓународното право и практиката на европските и други држави не предвидувале знамиња за националните малцинства.[126] Логички се поставува прашањето дали деловите од југословенските народи кои како малцинства живееле во соседните држави можеле покрај знамето на државата чии граѓани биле, да го истакнуваат и југословенското знаме? Се разбира дека не можеле. Инсистирањето на употреба на знамиња на туѓа држава било симбол на борбата за територијални промени.[127]

Иако во Уставот на СФРЈ од 1974 год., нормативно и идејно била утврдена новата федерација, многу односи останале на декларативно ниво, додека фактичките односи се развивале во друг правец. На тој начин се појавил двоен федерализам: идејно-нормативен, утврден со Уставот и суштински кој во повеќе

---

[124] *Zaključci Izvršnog komiteta CK SKJ o pitanjima nacionalnih manjina,* 2.mart 1959, „Komunist„ 28. avgusta 1962, цитирано во Ачковска В., ... стр.110;
[125] Исто, стр. 155-156;
[126] Pekić V., *Kako nas drugi vide*..., str.61, во Ачковска В., ... стр.156;
[127] Исто, стр.157;

елементи се движел кон конфедерација. Расчекорот помеѓу идејното и реалното, помеѓу декларативното и остареното создаде огромен јаз што ја продлабочуваше кризата на југословенскиот федерализам.

1.7. Македонско-српските односи во рамките на СФРЈ

Непосредно по Втората светска војна, македонско-српските меѓунационални односи беа оптоварени со историските хипотеки на големосрпското владеење и претензиите кон Макаедонија. Во услови кога беше прогласена рамноправност меѓу српскиот и македонскиот народ во југословенската федерација, расчистувањето со овие хипотеки, како основен услов за хармонизирање на македонско-српските меѓунационални односи, се прекршуваше низ неколку основни прашања. Разрешувањето на овие прашања се провлекуваше повеќе години и децении, а некои останаа нерешени и во дваесеттиот век, иако постоеше интерес тие да се решат со помош на федерацијата во интерес на двата народа. Меѓу повеќето нерешени прашања што ги нарушуваа македонско-српските меѓунационални односи беа следниве: негирање на посебноста на македонскиот народ од страна на одредени српски политичари; отпорот против осамостојувањето на македонската православна црква (МПЦ), односно спорот околу црквата; ревизијата на дозволите на доделувањето земја на бившите комунисти и аграрните интереси; регулирање на границата помеѓу двете републики итн.

Во периодот кога Македонија се конституираше како федеративна, рамноправна единица во рамките на ДФЈ, дојдоа до израз разни манифестации на неприфаќање на посебноста на македонскиот народ од страна на повеќе српски политичари. Независно од своето демократско определување, тие го задржале предвоеното сфаќање за „целината на српскиот народ" под кое ги опфаќале Македонците и Црногорците, неприфаќајќи го фактот дена Второто заседание на АВНОЈ беше во знакот на признавање на националниот индивидуалитет и на Македонците и на Црногорците.

Лидерот на Југословенската републиканска партија, Прединовиќ изразил недоверба кон принципот на правото на народот на самоопределување,

вклучувајќи го и правото на отцепување. Надевајќи се на поинакво разрешување на македонското прашање воопшто, тој укажал дека со Македонците треба да се биде „внимателен" воедно изразувајќи го своето чудење зошто Србија не ги добила Скопје и Куманово, зошто тој ги сметал за „српски" краеви.[128]

Земајќи ги предвид бугарското интересирање за Македонија, интерпретирајќи ги зборовите на бугарскиот министер за надворешни работо кој изјавил дека Бугарија никогаш нема да се откаже од Македонија-д-р Васа Чубриловиќ (професор по историја), во однос на Македонија и Македонците сметал дека „...Македонија е неразделно поврзана" за Србија, бидејќи заради српската чувствителност за статусот на „југот" секакво самоопределување и отцепување може да ги загрози виталните „економски, воено-географски и национално-политички интереси на Србија.[129]

Имало и такви (Кирило Савиќ), кои покажале повеќе разбирање околу националната проблематика на Македонците и Црногорците за кои тој сметал дека, „имаат долга и своја посебна историја", а Србите не се „етнички исти што и Македонците, дури ни Црногорци.[130]

И покрај содржината на „југословенството" во било каква форма, кај пошироките слоеви од македонскиот народ се создаваше спонтана реакција на неговото идентификување со „големосрпството" кое остави тешки историски хипотеки. На нагласеното влијание на политиката и Партијата врз историографијата, отпор дала младата македонска интелигенција која се формираше на чисто македонска линија, наспроти идејата за интегрално југословенство. Во целиот период на постоење на титова Југославија, национализмот, односно поголемото истакнување на националното се гледаше исклучиво од неговата негативна димензија и нејчесто се изедначуваше со шовинизмот. Во тој период беа маркирани неколку облици на национализам, меѓу кои еден од „политички и идејно најопасен и највлијателен во односите помеѓу народите" бил етатистичко-бирократскиот

---

[128] Исто, стр. 178;
[129] Zapisnik sa sednice IO JNOF-a Srbije od 26.IX.1944, цитирано според: B. Ilić, *Jugoslovenska federacija i njen razvoj*, doktorska disertacija, Univerzitet „Kiril i Metodij„ Fakultet za filozofsko-istoriski nauki, Skopje, 1985, str. 182, цитирано во: Ачковска В., 2003,.... стр.18-179;
[130] Zapisnik sa sednice IO JNOF-a Srbije od 31.XII1944, Isto, str.178-179; Исто, ...стр.179;

национализам. Освен него биле забележани и некои традиционални облици кои се препознавале „во редовите на постарата интелигенција, а пораспространета во редовите на малограѓанската средина".[131]

Според анализите на највисокото српско партиско раководство, национализмот кај дел од српската интелигенција „егзистира и делува многу често како задоцнет одек на националниот романтизам од времето на еманципацијата и процутот на српската буржоазија". Во најагресивна форма овој национализам ги обезвреднувал другите народи, ги негирал автентичноста и вредноста на нивните култури, инсистирал, пред сé на она што ги разделувало народите во историјата, продигал бариери помеѓу актуелните културни стремежи.[132]

За историските хипотеки и современите македонско-српски „спорови" ќе стане збор во делот за современите состојби на македонското национално малцинство во соседните држави.

[131] ARS, f: CK ZKS, št.195, Neki problemi međurepubličkih i međunacionalnih odnosa, Beograd, CK SK Srbije, oktombar 1966, Исто, ... стр. 142-143;
[132] Исто;

2. РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

2. 1. Бугарските статистики од 1918-1944 година

Бугарските автори (Васил К'нчов, Д. М. Бранков, Јордан Иванов, Владимир Руменов и др.) со нивните дела, имаат големо влијание во научниот свет. Статистиката на К'нчов за етничката состојба во Македонија не е направена врз основа на црковната или јазичната припадност, според јазикот во наставата (грчки, бугарски или српски), туку врз основа на јазичната припадност во рамките на семејството. Затоа за К'нчов, домот, според бројноста и јазикот, е основен елемент за определување на националноста на населението.[133] Уште еден значаен податок за статистиката на К'нчов е тоа дека тој својата статистика ја водел на ниво на населени места, а тоа дава можност за правење на споредба меѓу застапеноста на групите во вкупната структура на населението во целина.

Статистиката на К'нчов, претставува најсистеметски зафат за пресметување на населението на Македонија од почетокот на минатиот век, иако како и сите други нуди веројатни, но не и потврдени податоци. Во статистичкиот приказ на населението К'нчов, користел повеќе извори на податоци што ги имале собрано

---

[133] Според В. К'нчов, состојбата според бројноста и народноста на христијанството (егзархиско или патријаршко) население со говорен бугарски мајчин јазик, македонското муслиманско население со говорен бугарски јазик, грчко (христијанско или муслиманско) население со грчки говорен мајчин јазик, влашкото или албанското население со влашки или албански говорен мајчин јазик, во почетокот на XX век (1900) беше следна: вкупно 2.258.224 жители од кои: Бугари 1.181.336 (52,31%), Турци 499.304 (22,14%), Грци 228.702 (10,13%), Албанци 128.711 (5,70%), Власи 80.767 (3,58%), Евреи 67.840 (3,00%), Цигани 54.557 (2,42%), Руси 4.000 (0,17%), Черкези 2.837 (0,12%), Арменци 300 (0,02%), Негри 200 (0,01%), Разни 4.070 (0,40%).
Покрај етничката основа, како критериум во разграничувањето на населението во посебни категории, тој ја зел и *вероисповеста*. Според народноста и вероисповеста, структурата на населението во Македонија била: Бугари 1.181.336 (87,40% Христијани, 12,60% Мухамеданци), Турци 499.304 (0,85% Христијани, 99,15% Мухамеданци), Грци 228.702 (93,72% Христијани, 6,28% Мухамеданци), Албанци/Арнаути 128.711 (7,39% Христијани, 92,61% Мухамеданци), Власи 80.767 (95,67% Христијани, 4,33% Мухамеданци), Евреи 67.840 (100% Јудеисти), Цигани 54.557 (35,74% Христијани, 64,26% Мухамеданци), Руси 4.000 (100% Христијани), Черкези 2.837 (100% Мухамеданци), Арменци 300 (100% Христијани), Негри 200 (100% Муслимани) итн.
К'инчовъ В., *Македония-Етнография и статистика*, I изд. Бълг. Книжовно Д-во, София, 1900; II фототипно изд. "Проф. М. Дринов", София, 1996, стр. 289;

други истражувачи, а исто така користел и административни книги од времето на Османлиската империја.

До слични заклучоци за структурата на населението во Македонија дошол и Д. М. Бранков, кој исто како и К'нчов како елемент за определување на националноста го сметал јазикот. Тој го употребува јазикот како елемент за определување на една или друга националност, но ја проширува црковната припадност (од онаа на К'нчов: егзархисти и патријаршисти), опфаќајќи ја во рамките на христијанската вера не само егзархиската, туку и католичката, протестантската и патријаршиската црковна припадност со грчки белег.[134]

Владимир Руменов, исто така му дава предност на македонското население, наречено бугарско, во однос на сите малцинства што живееле во денешна јужна Македонија. Според него, бројот на Бугарите во Македонија изнесувал 339.369 или 31,30%, на Турците 314.854 или 30%, на Грците 245.251 или 23,3%, на Евреите 68.206, на Албанците 15.108, и 8.016 различно население.[135]

Во Бугарија во 1926 год., од вкупно 5.478.741 жители, малцинствата сочинувале 16,40% или 898.550 жители. Од тоа 580.000 (10,59%) биле Турци, 135.000 (2,46%) Роми, 70.000 (1,28%) Власи, 46.550 (0,85%) Евреи, 20.000 (0,36%) Руси, 10.000 (0,18%) Грци, 6.000 (0,11%) Татари, 4.000 (0,07%) Гагаузи. Поради спомнатите причини во Бугарија, Македонците немале статус на посебно малцинство, додека Помаците (исламизирани словени) кои претставувале 1,86% или 102.000 биле именувани како религиозно малцинство.[136]

Бугарските автори како елемент за определување на етничката состојба во Македонија го зеле јазикот во куќата т.е. во семејството кој тие го сметале за бугарски, Македонците со егзархска или патријаршка припадност со бугарски јазик биле сметани за Бугари. Тоа се должело на етничко-историските текови што

---

[134] Според овие белези Д.М. Бранков националната структура на христијанското население во Македонија пред Балканските војни ја претставува вака: од вкупно 1.450.688 жители, Бугари 1.172.136 (80,80%), Грци 190.047 (13,10%), Власи 63.895 (4,40%), Албанци 12.006 (0,83%), Роми 12.604 (0,87%). Д.М. Бранкофф, La Macedonie et la population chretienne, Париc, 1905, 237. Д.М. Бранков е псевдоним на Димитар Мишев, секретар на Бугарската егзархија во почетокот на XX вак. Во Киселиновски Стојан,... стр.12;

[135] Руменов Владимир, Българить в Македония под гръцка власть, Македонски преглед (МП), София, книга 4, 1941, стр.90;

[136] Исто;

се случувале во Македонија во последните децении на XIX век. Во тој период во Македонија се појавиле две основни тенденции: македонско движење (со бугарска етничко историска тенденција) и македонско национално движење (со македонска етничко историска тенденција). Македонското движење се залагаше за формирање на една нација, еден јазик и една држава со бугарскиот народ. Македонското движење сметаше дека Македонците се Бугари, дека македонскиот јазик е само една дијалектична варијанта на бугарскиот јазик. Затоа, за македонското движење македонското национално прашање не беше национално прашање, туку само македонско прашање, т.е., тоа сметаше дека во Македонија живее шаренило на народи (главно Бугари и малцинства како Турци, Власи, Грци, Евреи итн.).

Етно-јазичните концепции на македонското движење ги прифати и изрази и бугарската историска наука. Ставовите на бугарската историографија беа прифатени и од страна на некои странски научници. Така на пример, *Leon Lamouche* забележува дека статистиката на Васил К'нчов „...се доближува многу до вистината".[137] До ист заклучок како И. Верковиќ и М. С. Иречек, дошол и познатиот германски етнолог *Gustav Weigand*[138], кој патувал во Македонија и на самото место се убедил за реалната состојба на населението.

Бугарската статистика за етничката состојба во Македонија има свои приврзаници меѓу странски автори, кои во своите трудови даваат статистички податоци за бројот и етничката структура на населението во Македонија.

Според *Official Turkish Statistic Ethnicity of Macedonia* Philippopoli, од 1881 год., вкупниот број на населението во Македонија бил 754.353, од кои 500.554 се Бугари, 22.892 се Грци и 185.535 се Турци и Албанци.

Според францускиот весник *„Le Temps"* кој пренесувал податоци за етничката состојба во Македонија добиени од француски автори, вкупниот број на

---

[137] Leon Lamouche, La Question macedonie, МП, София, 1927, книга 4, стр.62;

[138] Според германскиот професор G. Wiegland, вкупниот број на населението во Македонија е 2.275.000, од кои 1.200.000 се Бугари, 220.000 се Грци и 695.000 Турци и Албанци
Gustav Weigand, Etnographie von Makedonien, Leipsig, 1924, во Киселиновски Стојан, *Етничките промени во Македонија (1913-1995)*, Институт за национална историја, Скопје, 2000, стр.14;

населението во Македонија е 2.782.000, од кои 1.200.000 се Бугари, 270.000 се Грци, 410.000 Турци и 600.000 Албанци.[139]

Францускиот автор *Robert Pelletier*, изнесува свои податоци за етничката состојба во Македонија. Според него, вкупниот број на население во Македонија е 1.437.000, од кои 1.172.000 се Бугари, 190.000 се Грци и 3.036 Албанци.[140]

Американскиот автор *Leon Dominian*, во својата статија за јазиците и националностите во Европа, дава статистички податоци за етничката структура во Македонија. Според него, вкупниот број на населението во Македонија е 1.438.084, од кои 1.172.136 се Бугари, 190.047 се Грци и 12.006 Албанци.[141]

Германецот *Richard von Mach*, во своето дело *„Der Machtbereich des bulgarischen Exarchats in der Türkei"*, дава податоци за етничката структура во Македонија. Според него, вкупниот број на населението во Македонија е 1.334.827, од кои 1.166.070 Бугари, 95.005 Грци и 6.036 Албанци.[142]

Грчкиот професот *Dr. Cleanthes Nicolaides*, во своето дело објавено во Берлин, а кое се однесува на етничката структура на населението во Македонија, објавува дека, вкупниот број на населението во Македонија е 1.820.500, од кои 454.700 Бугари, 656.300 Грци и 576.600 Турци.[143]

Според претседателот на *Советот на министрите за надворешни работи на Франција*, во 1924 год., бројот на Македонците во Бугарија изнесува 500.000, а според турско-бугарскиот договор од 15 октомври 1923 год., се нагласува дека „1.200.000 Македонци се нарекуваат како Македонци, а не бугарски Македонци и се залагаат за создавање на автономна Македонија".[144]

Од податоците се гледа приврзаноста на одредени странски автори кон бугарската историографија и статистичките податоци за етничката структура на населението во Македонија. Така во сите случаи, авторите разликуваат Бугари (егзархисти), Грци (патријаршисти) и Турци, Албанци (муслимани).

---

[139] Journal "Le Temps" Paris, 1905;
[140] Robert Pelletier - La verite sur la Bulgarie. Paris 1913;
[141] Leon Dominian - The frontiers of Language and Nationality in Europe. Published for the American Geographical Society of New York 1917;
[142] Richard von Mach - Der Machtbereich des bulgarischen Exarchats in der Türkei. Leipzig - Neuchatel, 1906;
[143] Dr. Cleanthes Nicolaides - Macedonien - Berlin 1899;
[144] ...Nantes, Fond, Roma, serie A, vol. 547, Paris, 15. H. 1923.

Во периодот по Втората светска војна бугарската наука и пропаганда прават големи напори да ги побијат резултатите од пописот на населението спроведен во Бугарија од 1946 год. Причина за нивното упорно негирање доаѓа од бугарската националистичка догма дека нема, не може и не треба да има Македонци зашто тие сите се Бугари. Според С. Ратевски, резултатите од пописот се многу јасни-мнозинството од народот во Пиринскиот дел на Македонија се декларирало како Македонци. Според официјалните податоци за две околии Петрич и Светиврачката околија, процентот на луѓето што се декларирале како Македонци бил: 61.666 Македонци во Петричката околија и 71.754 во Светиврачката околија.[145] Според бугарските толкувања овие резултати се должат на притисок врз населението извршен од страна на НР Македонија и Југославија преку БРП-комунисти (?) и оние граѓани што се спротивставувале биле малтретирани и испраќани во затвор.

Југословенските извори од пописот во 1946 год., велат дека 252.908 луѓе изјавиле дека се Македонци, додека бугарската страна прогласува дека нивната бројка е 169.544. Во 1956 год., имаше 187.789 Македонци или над 95% од жителите на Пиринска Македонија (63,8%). Веќе во 1965 год., под контрола на комунистичкиот режим во Бугарија се регистрирани 9.636 Мкаедонци. Во околината на Благоевград во кој најголемиот процент на население го сочинуваа Македонците, во пописот од 1965 год., македонската популација учествува со помалку од еден процент во вкупното население.[146]

Во учебната 1946-1947 год., (т.е. во иста година со горе разгледаниот попис) во училиштата во Пиринска Македонија, *Обласната училишна дирекција* направила попис на учениците. Вкупниот број ученици со македонска национална свест (и христијани и муслимани) е 39 586 (88,9%) наспроти 3 184 „Бугари" (7,3%), 459 Цигани (1%) и 555 други (1,27%-најмногу Турци и Евреи). Не е познато дека имало наредба за задолжително запишување на децата како Македонци, а и

[145] Државен архив на Р. Бугарија ф. 210, опис 1, а. е. 903; од книгата на В. Јотевски - Националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија 1944-1948 г. Скопје 1996, стр. 155;
[146] Малцинствата во Југоисточна Европа, Македонци во Бугарија, 2000, Центар за документација и информации за малцинствата во Европа-Југоисточна Европа(CEDIME-JE), стр.9;

постоењето на 3.184 кои се запишале како Бугари покажува дека бугарската идентификација не била забранета.[147]

Следен попис на населението што исто така,се премолчува од бугарска страна е спроведен во декември 1956 год., во поинакви услови. Новиот попис бил замислен во него да се покаже непостоењето на македонската национална свест во Бугарија. Во инструкциите за контролорите на пописот во однос на Македонците директно стои дека секој сам си ја одредува националната припадност (в´прос 8 б), а тајната на податоците била загарантирана. Токму ова е причината резултатите од овој попис во Бугарија упорно да се премолчуваат. Еве ги резултатите од пописот: од вкупно 7.613.109 жители, 187.789 се изјасниле како Македонци, 6.506.541 како Бугари, 197.789 Роми и 656.025 Турци. Во Благоевградскиот округ Македонците сочинувале 63,64% од населението, во Сандaнската околија 89,49%, во Петричката 82,64%, во Разлошката околија 45,18%, во Гоцеделчевската околија 45,77%.[148]

Според официјални француски извори од Нант - *Генерален фонд на државните архиви на Франција,* серија Скопје, има „Македонци во Грција и Бугарија и се поставува прашањето колку Македонци има во Бугарија, колку во Грција". Одговорот е тежок бидејќи македонската националност не е дефинирана во овие земји..., така што за Бугарија изнесените бројки вариpаат од 200.000 до 600.000. [149]

Согледувањата и оценките за состојбата и националните права на Македонците се изнесени и во извештајот на францускиот конзул во Скопје од 31 декември 1947 год., при што меѓу другото се нагласува дека, „во Пиринска Македонија има 250.000 жители, 40.000 се емигранти дојдени од Егејска Македонија, а другите се жители на земјата..., населението во мнозинство го

[147] Во Горноџумајската училишна околија како Македонци биле евидентирани 7.460 ученици, а во посебна графа биле евидентирани уште 116 Македонци муслимани, односно мухамедани. Во Неврокопската училишна околија како Македонци се изјасниле 11.553 ученици и 3.002 ученика како Македонски муслимани. Во Разлошката училишна околија 6.121 ученици биле Македонци. Во петричката училишна околија 7.775 ученика биле евидентирани како Македонци. Светиврачката училишна околија броела 9.337 ученици Македонци. Архив на Македонија, ф. Министерство за просвета на НРМ. Документи за Пиринска македонија 1944-1953. Необработен материјал, во Јотовски Васил, 1996, ... стр.109;

[148] Исто;

[149] Archives diplomatique... Nantes... Fond, Etat General des fonds, serie Skopje, vol. 1;

сочинуваат Македонци и последнава година (1947) во Бугарија 75% од населението од Пиринска Македонија се декларира како Македонци...".[150] Според неофицијалните податоци од попис на населението кои биле објавени во весникот „Пиринско дело" од 30 декември 1946 год.: „...Вкупно во Пиринскиот дел на Македонија има 60 општински центри, 267 населени места и 206,814 жители".[151]

Иако, според официјалните бугарски податоци, на пописот од декември 1956 год., 187.789 лица (63,7% од населението) од Пиринска Македонија „национално се декларирале како Македонци" веќе на следниот попис (1-10.12.1965), „во целата земја како Македонци се декларирале 8.750 жители, од кои во Пиринска Македонија само 1.500". На четвртиот попис во 1975 год., според официјалните бугарски податоци „немало ниту еден Македонец".[152] За сето тоа Бугарската академија на науките и уметностите дава „научно" објаснување: „Големиот број на македонски граѓани во повоениот период е производ на административното присилување на населението во пиринскиот дел да се декларира како македонско".[153]

Бидејќи показателите од предходните пописи на населението не упатуваат на репресивни мерки и со единствено бришење на Македонците, некои западни „историчари" го поставуваат прашањето за употребата на репресивните мерки токму при предходните пописи од 1946 и 1956 год.![154]

Со пописот од 1975 год., властите во НР Бугарија си поставиле цел да формираат т.н., „социјалистичка нација" при што од формуларите за попис на населението ја избришале графата за националната припадност на граѓаните на НР Бугарија. За феноменот „исчезнување" на македонското национално малцинство во Бугарија пишувало и во светскиот печат: *Арбаитер Цајтунг* од Виена објавил

---

[150] Archives diplomatique... Paris,... Sous-serie, Yougoslavie, vol. 32.

[151] Петрич 85-90% Македонци, Светиб Врач 80-85% Македонци, Неврокоп 60-65% Македонци, Разлог 55-60% Македонци Горна Џумаја 45-50% Македонци. Список на населените места. Главна дирекци на статистиката на државната печатница. Софи, 1945, стр.25, цитирано во Јотовски Васил, 1996, *Националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија (1944-1948)*, Институт за национална историја, Скопје, стр.108;

[152] "Prebrojavanje na naslenieto na NR Bulgaria na 1. XII 1956. godina", Državno izdatelstvo "Nauka i iskustvo", Sofija, 1961, Цит. по: D. Popovski, Borba makedonskog naroda za nacionalno oslobođenje, "Socijalizam", 1979, br. 7-8, str. 255;

[153] Исто;

[154] Стефан Требст, *Бугарско-југословенската контраверза за Македонија 1967-1982*, Институт за национална историја, Скопје, 1997, стр.13;

напис со наслов „Бугарските Македонци умреле", „Па каде исчезнаа Македонците?„ -се пишувало во финскиот весник Суомен соцојалдемократ.[155]

При пописот од 1985 год., бугарските органи на власт презеле акција за промена на имињата на нејзините граѓани со муслиманска вероисповед, по националност Турци и други. По промените што настанаа во народна, односно Република Бугарија по ноември 1989 год., во 1991 год., беше направен попис на населнието и резултатите од тој попис беа објавени во 1992 год. Согласно промените, при тој попис беа евидентирани сите припаници на народносните групи што живееле во бугарската држава. Нивниот број приближно изгледа вака: Бугари 7.271.185, Турци 800.052, Цигани 313.398, Руси 17.139, Ерменци 13.677, а другите се под десет илјади. Забележително е дека кај другите, чиј број изнесува 16.288, како Македонци се запишале 10.803 лица, што според нивната определба и бројност би требало да бидат забележани на шесто место. Но, нив ги нема во списокот на триесетте (30) народности и национални малцинства што живеат во Република Бугарија.

2. 2. Грчко-бугарската конвенција за „доброволна" размена од 27 ноември 1919 година и етничките промени во пиринскиот дел на Македонија

По Првата светска војна, бугарската држава се соочи со тешки политички и економски проблеми. Со Нејскиот мировен договор од 27 ноември 1919 год., Бугарија изгуби дел од своите етнички територии и беше принудена да го прифати целокупното бугарско население кое беше присилно протерано од тие територии. Врз основа на чл. 56 ст. 2 од Нејскиот договор, меѓу Бугарија и Грција беше потпишана Конвенција за „реципрочна и доброволна" миграција на етничките малцинства и иселување на инородното население што живееше во двете држави.

[155] БКП изработила писмо во вид на директива насловена како „Цели и задачи на пописот на населението" како еден вид упатство, а со намера „...да докажеме дека немаме никакви национални проблеми. Нашето население е единствено и збиено на линијата на БКП околу т.н. „македонско прашање". За нас поимот „Македонија" е само еден географски поим и една географска област во која е формирана бугарска народност и нација. Затоа за време на пописот не постои никаква промена на националната припадност, зошто нема што да се менува. Уште на минатиот попис населението кажа што мисли-наполно ја изрази својата бугарска националност и големиот патриотизам„. *Вечерње новости*, Београд, серија: „Од пописа до логора", број од 9.XI.1977 година.

Грција во конвенцијата гледаше инструмент за отстранување на македонското малцинство, а за Бугарија по поразите на военото поле во 1913 год., и во Првата светска војна таа беше своевидна гаранција дека против неа нема да биде презе-мена унилатерална акција. Владите на двете држави, а особено Грција настојуваа да го поттикнат секого кој сака да емигрира. Неутралните членови на Комисијата задолжени за следење на процесите на емиграција, често требало да ги употребат сите мерки за да ја спречат присилната емиграција на населението, особено на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.[156]

Бугарија го „прифати" целокупното македонско население што емигрирало од Егејскиот дел на Македонија по силата на Конвенцијата со „доброволна раз-мена" на населението меѓу Бугарија и Грција. Вистинските доброволни емигранти не биле многу. Околу 50.000 Македонци од Грција и 25.000 Грци од Бугарија еми-грирале согласно Конвенцијата, а најголемиот дел од нив фактички биле бегалци раселени за време на немирите во 1923-1924 год. Бегалското населението што пристигна во Бугарија имало различно територијално потекло. Од вкупно 40.371 семејства 11.276 (27.66%) семејства потекнуваа од Македонија (Егејска Маке-донија), 1.106 (2.71%) семејства од Македонија (Вардарска Македонија)...".[157] Во Пиринскиот дел на Македонија беа „колонизирани" 6.533 семејства со речиси 30.000 лица. Настанатото население во Петричкиот округ во своето апсолутно мнозинство беше од македонско потекло. Од вкупно 6.533 семејства населени во Петричкиот крај, 6.523 или 99.81% од доселеното население потекнуваше од Македонија. Од Егејскиот дел на Македонија беа населени 5.953 семејства, од

---

[156] Во Грчко-бугарската конвенција се содржани 16 члена и со неа се предвидува размена на насе-лението под определени услови, како и посебен начин на спроведување на размената. Во чл. 1: Високите договорени страни им го признаваат правото да емигрираат слободно на соодветните територии на овие нивни државјани кои им припаѓаат на расните, верските или јазичните малцин-ства. Во чл. 5 предвидува дека емигрантот го губи државјанството на земјата во моментот кога ја напушта, а го добива државјанството на другата земја од моментот на неговото пристигнување во неа. Чл. 8 и 9, предвидува Мешовитата комисија да ја врши должноста за исплатување на недвижниот имот, селски или градски, што им припаѓа на доброолните емигранти или на наве-дените заедници со сите овластувања да го проценува недвижниот имот. Македонците од Егејскиот дел на Македонија од самиот почеток покажале мала желба за емигрирање од своите имоти. На македонските земјоделци силно влијание вршела ВМРО, спречувајќи ги во користењето на „погодностите" на Конвенцијата. Archives diplomatique... Nantes, Fond, Salonique, serie B, vol. 24 (echange des populations 1918-1924) и Ортаковски В.,...стр.197-198;

[157] Стойко Трифунов и др., Нови очерци по българска история 1918-1948, София, стр.61-62;

вардарскиот 564, а само 6 семејства потекнуваа од Јужна Добруџа и Источна Тракија. Поголем дел од ова население беше колонизирано по селата, а помал број по градовите на Пиринска Македонија. Од вкупно 6.533 семејства, речиси 5.959 или 91.21% од бегалските семејства беа населени по селата и само 343 или 5.25% беа „колонизирани" по градовите.[158]

2. 3. Положбата на македонското малцинство во Бугарија, етно-јазичните и политичките последици од бугарската „колонизација"

Во Нејскиот мировен договор со Бугарија, освен минималните стандарди за заштита, немало посебни одредби кои специјално ќе се однесуваат на малцинската заштита. Обврските за заштита на малцинствата во Нејскиот договор биле содржани во чл. 49-57. Со чл. 56 Бугарија се обврзува дека нема да го спречува извршувањето на одредбите на овој и на другите договори за правото на опција за бугарско државјанство. Втората обврска на Бугарија што произлегува од овој член беше однапред да ги „признае одредбите што главните сојузнички и здружени сили ги сметаат како пожелни во однос на заемната и доброволна емиграција на етничките малцинства".[159]

По политичката поделба на Македонија, македонското население од Пиринска Македонија го задржува статусот на мнозинско население. Со доселувањето на македонското население од Егејскиот дел на Македонија со договорот за размена на население меѓу Бугарија и Грција, тој статус уште повеќе се зацврстил. Овој мнозински статус што го имаше македонското населени беше од посебна важност за македонскиот јазик. Македонскиот јазик во периодот од 1912 до 1941 год., во Пиринскиот дел на Македонија имаше статус на најупотребуван јазик и покрај фактот што приврзаниците на македонското движење (со бугарска етничко-историска тенденција), македонскиот јазик го сметаа за бугарски, односно дијалектичка варијанта на бугарскиот јазик. Во секојдневна употреба се користеле македонски пиринski дијалекти. Поради тоа, со текот на времето,

[158] Исто;
[159] Ортаковски Владимир, ... стр. 175-176;

македонските егејски дијалекти постепено исчезнувале и македонското „колонизирано" население ги прифаќало локалните јазични дијалекти и локалниот начин на изразување.

Економската положба на делот на македонскиот народ под Бугарија драстично се влоши. Раскинувањето на економски целосната територија имаше тешки економски штети. Со прекинувњето на комуникациите со Егејското Море по реките Струма и Места, почна драстичното влошување на економската положба. Во тој период се забележува интересниот феномен на деноминација, т.е. никогаш не се деноминираше територијата туку само нацијата. За бугарските граѓански политички партии никогаш не постоеше македонски народ, бидејќи секогаш се сметаше дека Македонците се дел од бугарскиот етнички корпус. Бугарската левица (КПБ) имала еволутивен став во однос на Македонците. Во периодот од 1923-1929 год., за КПБ не постоела македонска нација, но по 1929 год., македонската нација била признаена од страна на бугарската левица.

2. 4. Положбата на македонското малцинство во Бугарија меѓу двете светски војни

Извесно подобрување на положбата на делот од македонскиот народ во Бугарија дојде по завршувањето на Првата светска војна, односно во периодот од 21 мај 1920 до 9 јуни 1923 год., кога на власт во Бугарија бил Александар Стамболиски. Демократската влада на Стамболиски, давајќи им широки права на Бугарите, тие важеле и за Македонците во Бугарија. По завршувањето на Првата светска војна и одржувањето на мировната конференција во Париз, Стамболиски бил готов да овозможи остварување на националните права на Македонците, поднесувајќи предлог за формирање на независна македонска држава. Во своите разговори со група претставници на Македонците во Бугарија тој ги повикал македонските организации во Бугарија реално да ги согледаат новите услови во кои се најде македонскиот народ по новата поделба, оценувајќи дека создавањето на независна македонска држава не може да се постигне со герилска акција на вооружени чети, туку со политичка борба. По убиството на Стамболиски од

страна на реакционерните големобугарски сили на чело со бугарскиот двор, дојде крајот на обидите за демократски развој на бугарската држава и решавање на националните проблеми, вклучително и решавањето на македонското национално прашање.

Со доаѓањето на Александар Цанков на власт од 1923 до 1934 год., настапува периодот на најтешкото ропство на делот од македонскиот народ во Бугарија. Тоа беше период на системетски терор над македонското население и период на пресметка со македонските прогресивни, национално-ослободителни и демократски идеи. Целта на бугарската власт била индиректно да завладеат со Македонија, односно создавањето на автономна Македонија (но, не независна и самостојна), да биде предфаза на нејзиното присоединување кон Бугарија. Фашизираната македонска емиграција преку специјални задачи, со ликвидација на секој кој се бори за независна и самостојна Македонија, започна да ги ликвидира сите прогресивни македонски раководители што живееја во Бугарија (Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов и многу други). За дел од тешката состојба и дејствувањето на овие групи пишува весникот „Македонско дело" орган на организацијата што вистински се бори за стремежите и интересите на македонскиот народ.

Основната цел на злосторничкиот притисок врз дел од македонскиот народ во Бугарија била да се задуши неговата борба за создавање своја самостојна држава. Димо Хаџи Димов, пред неговото убиство напишал: „На македонскиот народ му е забрането да мисли за својата судбина и да бара излез од создадената состојба. Бугарската политика со заплашување на овој народ му го парализира неговиот инстинкт за самозачувување, ги задушува и умртвува сите никулци кои би го спасиле овој народ од непријателската поделба..., тоа што му е заедничко на целиот македонски народ, е во полна спротивност со целите на бугарската политика".[160]

Од 1934 до 1941 год., настапува нова фаза во положбата на дел од македонскиот народ под Бугарија. На 19 мај 1934 год., на власт доаѓа офицерската група „Звено" на чело со Кимон Гиоргиев. Владата на Гиоргиев решително ги раскинала врските со фашистичките банди, ја распуштила врховистичката ВМРО, а на тој

[160] Димо Хаџи Димов, 1919, *Към автономията*, София, во Поповски Т., ...стр.48-49;

начин македонскиот народ бил ослободен од тероризирање. Но, политиката на големобугарските власти воопшто не се сменила во однос на македонското национално прашање. Новата влада не го признавала постоењето на македонскиот народ кој живеел во Пиринскиот дел на Македонија, а со тоа му оневозможило да ги користи своите права како национално малцинство. Со укинувањето на Петричкиот округ, кој како административна област точно ги определуваше границите во кои живеел компактен дел на македонско население во Бугарија, започнал процесот на денационализација и асимилација на македонскиот народ и бришење на белезите на различност на македонскиот од бугарскиот народ. Односот на властите кон таа територија (укинатиот Петрички округ бил присоединет кон Пловдивскиот) и понатаму останал ист, односно се презеле остри и репресивни мерки, полициски и судски прогони против сите Македонци што се бореле за национално и социјално ослободување. Обвинети за „национално предавство" затворите во Пиринска Македонија почнале да се полнат со активисти-Македонци кои се придружиле кон борбата за национално ослободување на Македонија.

Извонредно значајна манифестација на високоразвиената македонска национална свест кај Македонците во Бугарија во тоа време, како и нивната интензивна активност за развој на македонскиот литературен јазик и македонската литература бил Македонскиот литературен кружок, формиран во Софија 1938 год., а активно делувал до почетокот на Втората светска војна.[161] На првиот состанок на кружокот Никола Вапцаров во својот реферат насловен како „За Македонија и за должностите на писателите-Македонци кон неа, кои треба да одат по патот на револуционерните идеи на Гоце Делчев и Јане Сандански", поставил две цели: прва, да се пишува и развива македонската национална литература; втора, да се развива националната свест кај македонскиот народ. Михаил Сматракалев додал: „Ние треба да влијаеме врз нашиот народ да го разјасниме неговото национално сознание, да ја разгориме неговата борба за национална слобода и за социјална правда. Ние сме должни, макар и во емиграција, да работиме на создавањето на македонската литература... Светот треба да сознае

[161] Во него членувале истакнати македонски дејци и борци, како што беа: Антон Попов, Михаил Сматракалев, Ѓорѓи Абациев, Коле Неделковски, Димитар Митрев, Кирил Николов, Антон Велков и др.

дека ние сме посебна нација, посебен народ, со свои посебни квалитети, кои нас нé одделуваат од другите Јужни Словени".

Втората светска војна докажала дека Антон Попов бил во право кога прогнозирал нова поделба на Македонија, при што најголем дел окупирала Германија, односно Бугарија, а еден дел и Италија, која се појавила како нов претендент за територијата на Македонија.

Македонскиот народ од Вардарска Македонија се нашла во извонредно тешка положба. Бугарските и италијанските (албанските) окупатори почнале да спроведуваат тешка експлоатација на македонскиот народ. Фашистичката власт веднаш ги укинале основните човекови права и слободи, вклучувајќи ги и националните права. Во првите денови на окупацијата започнало прогонувањето на сé она што било демократско и прогресивно. Бугарските власти донеле одлука за замена на валутата, при што постојниот југословенски динар бил заменет со бугарски лев. Со овој акт, голем број трговци и шпекуланти од Бугарија по многу евтина цена ја разграбале вредната стока и ја префрлиле од Македонија во Бугарија. Исто така, биле окупирани индустриските и другите суровини по евтина цена. Со специјална уредба, бугарската влада во Македонија вршела реквизиција на житото што се произведувало во Македонија. Бесмислено се експлоатирале рудните и шумските богатства. Сето тоа довело до осиромашување на македонскиот народ. Снабдувањето на населението со основните и неопходните продукти за егзистенција било сведено на минимум, така што бил доведен во прашање животот на луѓето.

Она што српските власти во Вардарска Македонија не можеле да го постигна, бугарските окупаторски сили го поставиле за своја цел, а тоа е денационализација на Македонците. Една од првите мерки била официјално прогласување на Македонците за Бугари. Административно, без никаква согласност во службените документи Македонците биле запишувани исклучиво како Бугари. Бугарскиот јазик бил прогласен за официјален јазик и јазик на комуникација. Администрацијата и судовите биле водени/работеле единствено на бугарски јазик. Имињата на улиците и градовите биле променети со имиња од бугарската историја. Специјално внимание било посветено на побугарување на македонската

младина, затоа во училиштата низ Македонија, во кои се учел бугарскиот јазик, биле спроведувани специјални училишни програми во кои најзастапени биле: бугарскиот јазик, бугарската историја и бугарската литература. Во своите намери за докажување дека Македонците се Бугари, бугарскиот окупатор развил интензивна и масовна пропаганда, користејќи го радиото, печатот, книги и брошури. Заради недовербата во пробугарскиот елемент во Македонија, бугарските власти од Бугарија во Македонија го донеле речиси целиот апарат на владеење.[162] На тој начин станало очигледно дека Македонците не се Бугари. За многу кратко време, бугарските окупатори се уверile во постоењето на силно изразената национална свест кај населението во Вардарска Македонија.

Асен Богдаров, командант на бугарската окупаторска полиција говори за своето разочарување од големобугарските цели: „Пред да дојдам во Македонија имав впечаток дека овде навистина постои бугарски елемент. Со години кај нас беше всадено дека Македонија и припаѓа на Бугарија, дека македонскиот народ е бугарски... Изненадувањето беше големо..., како Бугари се чувствуваат неколку богати луѓе кои и се приближија на бугарската власт и грст интелектуалци кои и припаѓаа на бугарската организација. Сите други се чувствуваа како Македонци".[163]

Ставовите на Бугарската комунистичка партија (БКП), беа спротивни на стремежите на македонскиот народ и ставовите што ги заземаше КПЈ во тој период. Прво, БКП не го признаваше постоењето на самобитниот македонски народ, ниту го признаваше правото на самоопределување. Партијата сметаше дека насилното присоединување на Вардарска Македонија кон Бугарија е легално и нормално, бидејќи Македонците се Бугари. Членови на партиското раководство почнуваат да зборуваат за вистинското национално чувство на Македонците: „...еден дел од македонското население веќе има македонска, а не македонско-бугарска свест..., македонската свест мошне длабоко проникнала, особено во младата генерација, која не е опфатена со егзархиската пропаганда..., во Македонија, не помалку од 80% од словенското население се чувствува македонско, а

[162] Администрацијата, полицијата, учителскиот и професорскиот кадар бил донесена од Бугарија.
[163] Павловски Јован, 1977, *Судење како последен пораз*, Тетово, стр.75, цитирано во Поповски Т., ... стр.116;

не бугарско..., процесот на формирање на македонскиот народ во нација многу напреднал".[164] Платформата на БКП што им беше сугерирана на македонските комунисти била да го спречат или забават вооруженото востание на македонскиот народ против бугарскиот окупатор, да го спречат создавањето самостојна држава на македонскиот народ како рамноправна членка на идната југословенска федерација.

2. 5. БКП, културната автономија на Пиринска Македонија и македонското национално малцинство

Со Парискиот мировен договор, што беше склучен во Бугарија на 10 февруари 1947 год., еден дел на македонскиот народ и натаму остана да живее во границите на НР Бугарија. Со оглед на фактот дека во овој период, по Втората светска војна, веќе беше формирана СР Македонија, како матична земја за целиот македонски народ, а делот од македонскиот народ во Бугарија сега веќе стана македонско национално малцинство во оваа замја.

Прашањето на националните права на македонскиот народ на Мировната конференција во Париз не беше третирано како одделен проблем, но тоа не треба да значи дека не беше и поставено и не се дискутираше по него, туку напротив, во врска со овој проблем беа водени опсежни и на места мошне остри дискусии меѓу претставниците на големите сили и југословенските, бугарските и грчките официјални претставници на оваа конференција-како директно најзаинтересирани за меѓусебните територијални разграничувања.[165]

---

[164] Историски архив на КПЈ, Београд, 1951 г., том VII, стр.50

[165] Иако постојат одредени забелешки околу симплифицираната форма во која Моша Пијаде го прокламирал македонското прашање на Парискатa конференција, сепак треба да се истакне храброста со која тој се спротивставуваил на грчките барања спрема Југославија со која посредно се целеше на македонски територии. Тој истакнал:„...Како претставник на една земја која порано беше недоволно мудра и храбра по прашањето на Македонија да прекине со шовинистичките тенденции, на земја која во најново време му го признава правото на македонскиот народ да се организира во слободна нација... протестирам против сите обиди на грчката влада, да го пороби населението од Пиринска Македонија...". Југословенската делегација намала официјален став да го постави ова прашање од причина што тактизирала со односите со Бугарија и евентуалната федерација. Цитирано според Лазар Колишевски, *Аспектите на македонското прашање*, Наша книга, Скопје, 1979, стр.324;

За југословенско-бугарските прашања на Парискатa мировна конференција битно е да се подвлече дека тие од повеќе аспекти се разновидни по својот карактер и суштина, а едно од позначајните е: прашањето за националните права на македонскиот народ од Пиринскиот дел на Македонија како посебен национален проблем. Треба да се истакне дека, и покрај тоа што и на оваа конференција не беше разрешен проблемот со националните права на македонскиот народ во Пиринска Македонија, како и на другите национални малцинства во Бугарија, сепак е направен чекор напред со донесениот чл. 2 на Секцијата 1, за политички прашања. Со овој член Бугарија е обврзана од страна на Конференцијата да преземе соодветни мерки, според кои на сите граѓани им се гарантираат основните човечки права, слободата на изразување во печатот, на мислењето, во здружувањето, и други права без оглед на расна, верска, јазична и полова припадност.

Во рамките на овие околности посебен придонес имаше ставот на Георги Димитров, не само за правата на Македонците во Бугарија туку и за правото на македонскиот народ на обединување во една македонска држава, инаку изнесен во американскиот и шведскиот печат.[166] Овие ставови на Георги Димитров ги анализира и францускиот дипломатски претставник во Софија, Жак Емил со својот извештај под наслов „Македонското прашање и бугарскиот министер за надворешни работи во Париз". Според него, со развојот на настаните на Балканот „во оптек се две опции: една би била југословенската федерација, што подразбира отстапување на Пиринска Македонија на Југославија и создавање на една голема автономна Македонија што би било поедноставно за новата и моќна федеративна организација на Балканот и втората солуција за Бугарија би била да го прифати ова отцепување на Пиринска Македонија со една компензација, да ја добие Тракија. Втората солуција изгледа невозможна за остварување и е во зависност од ставот на Москва". [167]

Културната автономија на Македонците што беше создадена во Пиринска Македонија претставуваше една од најсуштествените резултати на новото

---

[166] (*белешки на Стејтдепартментот бр. 1295, Е.В.*): Исто;
[167] Исто;

бугарско општество и таа беше заснована врз Бледската спогодба меѓу Тито и Димитров од 1947 год.[168] Ваквиот забрзан развој на културната и економската соработка меѓу Македонија, односно Југославија и Бугарија доби нови содржински форми и димензии со признавањето на националното право од страна на новата бугарска власт по Втората светска војна.

Со културната автономија македонското национално малцинство доби право за изучување на македонскиот јазик и на македонската историја. Тоа беше донесено со одлука на Министерскиот совет на Бугарија, врз основа на чл. 155 од Законот за народна просвета, во која се решава „кои малцински населенија на територијата на бугарската држава се користат со право на малцинство и можат да се воспитуваат во свои училишта на свој мајчин јазик".[169] Повеќе учители беа упатувани да помагаат во изведувањето на наставата во Пиринска Македонија на македонски литературен јазик.

Постоеја повеќе видови соработка меѓу двете земји на културно-образовно поле. Се разменуваа делегации, културно-просветни групи, предавачи, актери, режисери меѓу НР Македонија и Пиринска Македонија каде работеше македон-

---

[168] Во Блед меѓу делегациите на СФР Југославија и НР Бугарија беше расправано и за идниот статус на македонското национално малцинство во Бугарија. Биле манифестирани различни приоди кон решавање на овој проблем. Југословенската делегација го застапувала становиштето дека „...присоединувањето на Пиринска Македонија кон НР Македонија, врз основа на манифестираната желба на големото мнозинство од нејзиното население кое се чувствува како македонско...", како и поправката на границите околу Босилеград и Цариброд-може да се реализираат пред остварувањето на југословенско-бугарската федерација. Бугарската делегација предлагаше да се оди по обратен пат, односно прво да се оствари федерација, па во тие нови државни граници да се изврши присоединување на Пиринскиот крај кон НР Македонија и да се „избрише границата" меѓу нив, како и да се исправи границата меѓу НР Србија и НР Бугарија...".Во таква ситуација кога двете делегации не можеа да се договорат за темпото на спроведување на чинот на договорот се договорија во периодот до реализирањето на присоединувањето на Пиринска Македонија кон НР Македонија, на македонското национално малцинство во Бугарија да му се овозможи да има културна автономија, за чија реализација зеде обврска делегацијата на Бугарија." Одлуката за културна автономија не беше објавена, а причините за тоа биле политичките проблеми и тешкотии кои би се појавиле во Бугарија по нејзиното објавување. Тоа е една од причините поради која денешното бугарско раководство настојува да го негира давањето на културна автономија на македонското национално малцинство, тврдејќи дека за тоа нема никаков меѓудржавен договор.

[169] Обласната училишна инспекција од Горна Џумаја, на 7 февруари 1948 год., испратила циркуларно писмо до сите околни инспекции со препораки за збогатување на наставната програма и активностите поврзани со истакнувањето на достигнувањата на македонската национална култура. За целиот текст на писмото види во Јотовски Васил, *Националната афирмација на македонците во ПМ (1944-1948),* ИНИ, Скопје, 1996, стр.159-162;

скиот народен театар.[170] Беа отварани книжарница со голем број на книги, весници и други публикации на македонски јазик, кои се продаваа во големи тиражи. За одушевувањето на Македонците во Пиринска Македонија пишува весникот „Пиринско дело", весникот на македонски јазик во кој во еден напис се издвојува: „До вчера нашата нација не беше признаена. Нашиот јазик беше сметан за дијалект, а нашата култура ја присвојуваа други... Сега македонската книга во Пиринска Македонија навлегува со својата висока мисија...".[171]

2. 6. Инфорбирото од 1948 година и македонското национално малцинство во Бугарија

Во пролетта и летото 1948 год., дошло до ненадеен пресврт во политиката на раководните кругови на НР Бугарија кон македонското национално малцинство во оваа земја и кон решавањето на македонското национало прашање. До овие ненадејни промени дошло поради најнепосредното влијание на советското раководство на чело со Сталин врз југословенското раководство, чија основна цел според Едвард Кардељ била „да се уништи правото на народите на Југославија на самоопределување и рамноправност, да се уништи нивната независност и тие да се потчинат на странската хегемонија (советската)".[172] Со фамозната Резолуција на Инфорбирото од 1948 год., советската антијугословенска кампања, својата поддршка ја нашла директно меѓу комунистичките партии на балканските земји, кои ја спроведувале советската политика. Бугарското раководство проблемот на македонското национално малцинство требало да го искористи како главен адут во антијугословенската пропаганда. На бугарската власт тоа воопшто не ѝ било

---

[170] Во галвниот град на Пиринска Македонија, Горна Џумаја, денешен Благоевград, во ноември 1947 год., беше отворен Македонскиот народен театар. На отварањето на театарот делегатот на Отечественият фронт на Бугарија, Рада Тодорова рече:„...Ние особено се радуваме дека Вам на Македонците од Пиринска Македонија ви се дава можност преку свој македонски театар да ја градите својата македонска култура и да го изведувате својот звучен македонски јазик". *Пиринско дело, Благоевград*, бр. 11.VIII.1949, цитирано во Поповски Т., стр.145 и во Мојсов Лазар, *Бугарска радничка партија (комунисти) и македонско национално питање,* Београд, 1948, стр.270-271, цит. во Ортаковски В., ... стр.270;

[171] *Пиринско дело, Благоевград*, бр. од 10.XI.1947, цит. во Поповски Т., стр.146;

[172] Кардељ Едвард,: *Проблеми наше социјалистичке изградње*, књига II, стр.73, Исто, стр.177;

тешко да го спроведе со оглед на негирачката, антимакедонска бугарска политика во минатиот период.

Веднаш по донесувањето на Резолуцијата на Инфорбирото, ЦК на БКП донесе нова резолуција за решавање на проблемот на македонското национално малцинство во Бугарија, односно ревидирање на ставовите за присоединување на Пиринска Македонија кон НР Македонија, културната автономија итн. Двојноста во политикатана НР Бугарија по однос на македонското национално малцинство траела со одредени осцилации се водела до 1958 год. [173]

По сталиновата смрт во 1953 год., антимакедонската и антијугословенската политика што ја водеше бугарското раководство во определна мера се измени. Во 1954-55 год., доаѓа до определена нормализација во југословенско-бугарските односи. Во овој период нема никакви официјални отстапки во врска со македонското прашање. Во тој период поточно во 1956 год., на спроведениот попис на населението 180.000 жители на Пиринска Македонија се изјаснуваат како Македонци.

Априлскиот пленум на БКП во 1956 год., претставува клучен „историски настан" кој го означува почетокот на директното негирање на постоење на македонско малцинство од страна на бугарската политика, почеток на „негово денационализирање и асимилирање". Априлскиот пленум заклучил дека, „дошло до јакнење на бугарската социјалистичка нација и до зголемување на нејзината монолитност" и со тоа е оневозможено „да се влијае на бугарската национална свест на населението во пиринскиот крај". [174]

Следна партиска одлука која подоцна е остварувана преку мерки и акции на органита на државна власт е статистичкиот геноцид. Свој значаен удел во спроведување на бугарската политика кон македонскиот народ имаат и одделни бугар-

[173] Една каратка анализа многу лесно може да ја открие причината за оваа двојност во бугарската политика кон македонското национално малцинство. Јавните изјави во печатот за постоење на македонско национално малцинство во Бугарија „кое ги ужива сите права" беа давани за да се создаде основа врз која се градеше тезата заобединување на македонскиот народ околу Пиринска Македонија во рамките на Бугарија. Зошто ако нема македонско национално малцинство во Бугарија, тогаш не може да се постави ни барањето Пиринска Македонија да стане пиемонт на обединување на Македонците, аисто така, не може да се постави барање Македонците од НР Бугарија да се присоединат кон Пиринска Македонија, ако не постои македонски народ, чиј дел живее во рамките на Југославија.

[174] M. Mihovilović, M. Bošnjaković, S. Saračević, *Sukob s Informbiroom*, Zagreb, 1976, str. 125-126;

ски научници, кои имале задача „научно" да ја потврдат бугарската антимакедонска политика. Особено биле настојчиви во процесот на присилна денационализација на македонското национално малцинство и во „бришењето" на сите докази за негово постоење во бугарските државни граници.[175]

Во 1968 год., се основало Бугарско историско друштво, кое претставувало „единствен центар за историја" директно раководен од Бугарската академија на науките (БАН). Посебната оформената „информирмативна група за Македонија" имала за цел негирање на сé што има македонски национален белег и присвојување на македонското национално минато. БАН во 1968 год., издала брошура насловена како „Македонското прашање, историско-политичка информација" во која се изнесува целосна националистичка концепција кон македонското прашање: „Во НРБ не постои македонско национално малцинство..., секакви претензии за некаква културна автономија..., кон СР Македонија..., наполно се неосновани. Не постои самобитна македонска нација воопшто..., 2/3 од населението во Вардарска Македонија е од бугарско потекло..., во СРМ се прават усилби за формирање на македонска нација. Македонскиот јазик е бугарски јазик. Македонија е географска област..., името Македонија е географски поим..., му се дава право на оној дел од населението во СРМ што има бугарска свест, слободно да ја определува и манифестира својата национална припадност".[176] Во Декларацијата на бугарското Министерство за надворешни работи се заклучува: „...не можеме да се согласиме со тоа формирањето на македонска нација да се спроведува врз антибугарска основа, преку фалсификување на општопознатите факти. Ако некоја балканска земја ги имаше историските основи да претендира за присоединување

[175] Бугарската историографија се нашла во мошне незавидна положба. Таа била задолжена да работи спротивно на основните историографски принципи. Таа требало да им даде научна верификација на политичките решенија т.е. дека објективната историска стварност, каква што беше постоењето на македонската нација, јазик, историја, култура, во македонската федеративна држава, во рамките на ФРНЈ, и на македонското малцинство во Бугарија, всушност ја нема. Иако бугарската држава вложувала многу напор во оваа „научна работа" сепак историографијата не успеала да одговори позитивно на поставените партиско-државни диктати и задачи.

[176] Чашуле Ванѓа, *Од признавање до негирање*, Култура, Скопје, 1976, стр.100;

на Вардарска Македонија кон своите граници - тогаш тоа несомнено беше Бугарија".[177]

Во шеесеттите години бугарските власти, при обновувањето на задолжителните лични карти на сите кои предходно се изјасниле како Македоници им впишале етнички Бугари. Започнале судења со обвинение за македонски национализам. Обвинетите биле судени според чл. 108 и 109 од Кривичниот кодекс од 1968 год., „директна антидржавна насоченост" и за „водење и членство во илегални групи". За присилно раселување на членовите на македонското национално малцинство во Бугарија се користел и чл. 39 ст. 1, од Законот за народна милиција, според кој се овозможивашало административно казнување без судење. Цели семејства од Благоевградскиот округ биле раселувани, поради афирмацијата на македонската посебност.[178] И покрај тоа што во 1965 год., биле укината визите за патување на југословенските, односно на бугарските граѓани во Југославија и Бугарија, како и порано Македонците од Пиринскиот дел на Македонија не можеле да патуваат надвор од границите на НР Бугарија, затоа што не им биле издавани патни исправи-пасоши, доколку не сакале да го сменат својот македонски национален идентитет во бугарски. Никој во Бугарија не можел да стапи во брак ако по националност не бил Бугарин. Македонските просветни работници редовно биле испраќани на служба надвор од границите на Пиринска Македонија (во внатрешноста). Учениците кои пројавувале интерес за македонското национално прашање биле исклучувани од училиштата без право да го продолжат своето образование.

На 70-тата седница, Собраните на СРМ на 4 и 5 март 1969 год., донело заклучок дека, „...во југословенската надворешна политика се забележува отсуство на нејзино ангажирање околу прашањето за состојбата на Македонците

---

[177] Декларација на Министерството за надворешни работи на Бугарија, Работничко дело, Софија, бр. од 27.07.1978 година;

[178] Во обвинувањето на судот е речено дека причините за целокупната вака оквалификувана „антидржавна дејност" на обвинетите Македонци лежат „во нивното превртено толкување на историски установените факти во однос на националната припадност на населението во Благоевградскиот округ„. Ортаковски В.,... стр. 271-272;

во НР Македонија и посебно во Пиринскиот дел на Македонија низ целиот период".[179]

Тодор Живков, изразувајќи ја својата готовност за развивање на добрососедските односи со СФРЈ го нагласил категоричното „не" на обидите југословенската страна „да се доведе во заблуда светското општествено мислење дека во Бугарија постои македонско национално малцинство". За Т. Живков решавањето на националните права и слободи на Македонците во пиринскиот крај, на начин како што беа и се решени националните права и слободи на Бугарите во СФРЈ, немало никаква перспектива, дури се истакнува дека тоа претставувало „мешање во внатрешните работи на Бугарија".[180]

Живков не сакал да разбере дека НР Бугарија имала обврски преку својот Устав и со законски одредби да ги признае националните права на малцинствата. Таквиот негов став, спротивен на меѓународните принципи, бил наметнат и прифатен и од страна на владејачката структура во Бугарија. Таквите активности биле надвор од сите дотогаш зацртани меѓународни принципи за правата на малцинствата. Тоа воедно ја покажува немоќта на меѓународната заедница да преземе и да поправи нешто во тој контекст.

Македонското националното малцинство Во Бугарија за време на политичките промени во Бугарија (1989), започнува конкретни активности за подобрување на својот малцински статус. За тоа повеќе во третиот дел од овој труд.

---

[179] Јотовски Васил, *Македонците во Пиринскиот дел на Македонија 1949-1989*, Институт за национална историја, Скопје, 2004, стр.113-114;
[180] Тодор Живков, *Избрани съчинени*. Том 27, Партиздат, София, 1980, стр.411;

3. РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА

3. 1. Грчката статистика, националната структура и Македонците во Егејска Македонија (1913-1944)

Како последица на Балканските војни и Букурешкиот мировен договор, санкциониран од Најскиот мировен договор, од Северскиот мировен договор, следеше тројната поделба на Македонија. Делот што потпадна под Грција и оттогаш претставува составен дел на грчката држава опфаќа површина од 33.953 км² од вкупно 66.474 км², колку што има цела Македонија. Со вклучувањето на Егејска Македонија во нејзиниот состав како и на другите територии добиени во и по Балканските војни, Грција се зголеми од 63.211 км² на 129.880 км², а нејзиното население од 2.631.952 се зголеми на 6.204.684 жители, колку што броеше во 1929 год. Со тоа таа се здоби и со државни граници кон СХС и Бугарија, иако тие не се ниту нејзини природни, ниту пак етнички граници кон овие држави.[181]

Поголем дел од населението што живееше во Егејскиот дел на Македонија по Балканските војни беше од не-грчко потекло. Бројот на населението во 1912 год., во делот од Македонија кој со исходот на балканските војни беше припоен кон Грција (Егејска Македонија), според детални проценки кои земаат предвид бугарски и грчки извори, изнесуваше: 326.426 Македонци, 40.921 исламизирани Македонци (Помаци), 289.973 Турци, 4.240 христијански Турци, 2.112 Черкези (Монголи), 240.019 Грци, 13.753 исламизирани Грци, 5.584 исламизирани Албанци, 3.291 христијански Албанци, 45.457 Власи, 3.500 исламизирани Власи, 59.560 Евреи, 29.803 Роми, како и 8.100 останати.[182]

Во грчките статистики за националната структура на населнието, спротивно од српските и бугарските, се забележува дека грчкиот елемент е тој

---

[181] Тодор Х. Симовски, *Етничките промени во Егејска македонија во XX век,* Здружение на децата бегалци од Егејска Македонија, Скопје, 2002 год., стр.35;

[182] Todor Simovski, The Balcan Wars and their Rerercussions on the Ethnical Situation in Aegean Macedonia, Glasnik, Vol.XVI, № 3, ed. By Mihailo Apostolski and Haralampie Polenakovich, Skopje, 1972, p.191, цит. во Ортаковски В., ... стр.156;

што е претставен како најброен во Македонија. Според грчкиот Силогос, во статистиката публикувана во 1903 год., од вкупно 1.873.000 жители, колку што има тогаш Македонија, 777.000 се Турци, 659.000 Грци, 374.000 Бугари и 700.000 разновидно население. Оваа историска логика дека во Македонија грчкиот елемент е најмногуброен, е присутна и кај сите други грчки историчари.[183]

Ако бугарските научници како елемент за национално определување на населението го користат јазикот, грчките научници и историчари ја користат *теоријата на т.н. надворешно манифестно чувство* што се изразува преку посета на соодветна просвета (со соодветниот јазик), црква (со употреба на соодветниот мајчин јазик), а ја користат и т.н. теорија на изгубениот јазик. Според јазикот што се зборуваше во домот, т.е. во семејството, во тој дел на Македонија живееја 370.371 или 35,20% Македонци, 274.052 или 25,05% Турци, 236.755 или 22,50% Грци, 68.206 или 6,49% Евреи, 44.414 или 4,22% Власи итн. Значи од вкупно 1.052.227 жители 77.50% биле негрци или само 236.755 или 22,50% беа Грци по потекло и мајчин јазик.[184]

Додека Бугарите ги сметаа народниот говор и поимањето на расното потекло за показатели на националната свест на населението во Егејскиот дел на Македонија, Грците на југот како дефинирачки карактеристики ги сметаа религиозната припадност, учеството во грчкиот образовен систем и знаењето на грчкиот како втор јазик. Грчкото писмо, пренесувано преку религијата, образованието и јазикот, се сметало за „вистинска цивилизација на Ориентот".

---

[183] Stilipon Kiriakides, The nothen boungaries Hellenisme, Thesaloniki, 1955; V. Colocotronis, la Macedonie et l'helenisme, Paris, 1919, во Киселиновски С., ..., стр.18;

[184] К'нчов го распределува населението на одделните села и градови во Македонија на Бугари-христијани, Бугари-мухамеданци, Турци, Черкези, Грци-христијани, Албанци-христијани, Албанци-мухамеданци, Власи, Евреи, Цигани и разни. За пооделните кази од Македонија, што исцело влегоа во составот на Грција после Балканските војни, К'нчов ги дава следниве податоци за бугарското население што живее во нив: во Солунската каза 27.164 души или 18%, во Берската каза 6.2667 или 16%, во Енице-Вардарската каза 24.789 или 76% Бугари-христијани и 12.170 Бугари-мухамеданци, во Воденската каза 25.839 или 82% Бугари-христијани и 7.940 Бугари-мухамеданци, во Кукушката каза 21.468 или 50%, во Лагадинската каза 10.150 или 25%, во Серската каза 40.316 или 38% Бугари-христијани и 220 Бугари-мухамеданци, во З'хненската каза 16.290 или 38%, во Демир-Хисарската каза 30.890 или 61% Бугари-христијани и 1.150 Бугари-мухамеданци, во Драмската каза 9.092 или 34% Бугари-христијани и 10.502 Бугари-мухамеданци, во Правишката каза 500 или 3% Бугари-мухамеданци, во Кавалската каза 2.710 или 15% Бугари-мухамеданци, во Сара-Шабанската каза 180 или 2% Бугари-мухамеданци, во Леринската каза 37.781 или 63%, во Костурската каза 46.783 или 68% Бугари-христијани и 4.340 Бугари-мухамеданци, во Кајларската каза 7.916 или 20% и во Анаселичкара каза 1.215 или 6%. *Васил К'нчов,* цит. дело ;

Вури тврди дека оваа т.н. проблематична зона на Македонија, каде што е лоциран егејскиот дел, во почетокот на векот била населена од три категории луѓе, класифицирани врз основа на нивната национална верска припадност. Имало *Ellinizondes,* или православни христијани прогрчки наклонети; *Voulgharizondes*, православни христијани индиферентни кон верската пропаганда на Бугарската егзархија, но пробугарски наклонети; и *Skhismatikyi*, оние кои ја наследиле Бугарската егзархија и отворено му се спротивставувале на елинизмот.[185]

Според податоците објавени во книгата „Македонија како природна и стопанска целост", издадена во Софија во 1945 год., од страна на „Македонскиот научен институт", во 1896 год., во делот на Македонија што потпадна под Грција имало 354.407 Македонци (овој пат, првпат во историјата на овој Институт, навистина се употребува терминот „Македонија"), додека во 1920 год., тој број изнесувал 307.646. Според тоа, по податоците на оваа статистика, бројот на Македонците во Егејска Македонија во 1912 год., бил некаде на средината помеѓу 354.407 и 307.646 души.[186]

Се поставува прашањето дали е можно во присуство на толку контрадикторни статистики да се добие реална слика за националната структура на населението во Македонија, пред и по Балканските војни? Политичките настани на Балканот и во Грција, предизвикаа последици кои пред сé се изразија, и се изразуваат во менувањето на националната структура на Егејска Македонија на штета на Македонците.

Грчкиот попис на населението спороведен во 1928 год., по големите етнички промени кои се случија (размената на населението меѓу Турција, Бугарија, Грција), ги дава следниве официјални податоци: според нив во јужна Македонија (Егејска Македонија) живееле 1.412.477 жители. Од нив 618.499 лица биле дојдени по Балканските војни, како резултат на внатрешните и надворешните миграциони движења во периодот 1913-1928 год. Но, целото население не било

---

[185] Вури, Софија. 1992, Образованието и национализмот на Балканот: Случајот на Северозападна Македонија, 1870-1904, Атина: Paraskionio (на грчки); во Рудометоф Виктор, *Македонското прашање*, Култура, историографија, политика, 2003, Евро-Балкан, стр. 83-84;

[186] Македония като природно и стопанско цяло, Македонски научен институте, София, 1945, во Мојсов Лазар, *Македонците во Егејска Македонија, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција,* Мисла, Скопје, 1989, стр.183;

родено и не живеело во Егејска Македонија и пред 1913 год. Структурата на населението според местото на раѓање била: 794.278 лица родени во Егејска Македонија, 53.356 родени во Грција, 565.143 родени во странство. Значи само 794.278 жители од целокупното население било родено во Егејска Македонија.[187]

Бројот на жителите во Егејска Македонија (1.412.477), според официјалниот грчки попис од 1928 год., делумно се совпаѓа со извештајот на Карнегиевата балканска комисија. Според неа, во Егејска Македонија како негрчки елемент имало 403.548 лица од бугарско, влашко, еврејско, албанско и ромско потекло. Тоа значи дека пред Балканските војни, 403.548 лица биле од не-грчко потекло, а само 236.755-грчко население по потекло и јазик. Ни остануваат за определување уште 143.975 жители. Ова население всушност, го претставува природниот прираст на целокупното население од 784.278 лица што било составено од Македонци, Грци, Власи, Роми итн., во периодот од шеснаесет години.[188] Според податоците на Јордан Иванов, професор на Софискиот универзитет, кој ги усвои и Карнегиевата балканска комисја, во 1912 год., во делот на Македонија што потпадна под Грција имало 329.371 Бугари.

Малцинствата во Грција со пописот од 1928 год., изнесуваат околу 930.634, односно 14,99% од вкупно 6.204.684 жители. Меѓу нив имаше 270.000 Турци (4,35%), 200.000 Македонци (3,22%), 200.000 Власи (3,22%), 120.000 Алабнци (1,93%), 100.000 Евреи (1,61%), 33.634 Ерменци (0,54%), 4.000 Роми (0,06%), 3.000 Руси (0,005%). Според наши извори, во тоа време Македонци во Грција (во Егејска Македонија) имало 240.000, преостанати од раселените 126.000 Македонци во Бугарија и Турција.[189]

Според „Годишникот на грчкиот статистички уред за 1934 год.", во којшто се објавуваат податоците за пребројувањето на населението во 1928 год., во грчка

---

[187]Statistica apostelezmata tis apografis plitizmu tis Elados 15-16 maiu 1928, Athina, 12, во Киселиновски С., ... стр.25;

[188]Анкета на Балканить, Карнагиевата комисия по войить през 1912-1913, София, 1914, 128, во Ибид, стр.26; Поопширно за извештајот на Карнегиевата балканска комисија види во: *Поранешните Балкански војни (1912-1913), Извештај на карнегиевата балканска комисија*, Култура, 2000, (Библиотека Historia est);

[189] Наведено според: Macedonian Academy od Sciences and Arts, OP. cit., p.34; во Ортаковски Владимир, *Меѓународната положба на малцинствата*, 1996, Мисла, Скопје, стр.124;

Македонија имало 81.984 лица кои зборувале македонско-словенски јазик и 16.775 кои зборувале бугарски јазик (Помаците-македонски муслимани).

Според грчките податоци, од 1919 до 1932 год., од Егејска Македонија биле иселени 66.126 Македонци, односно од 1913 до 1932 год., вкупно биле иселени 72.000 Македонци. Ако се земат во предвид официјалните грчки податоци и истражувањата за бројот на Македонците во Егејска Македонија непосредно по 1912 год., тогаш излегува дека по завршувањето на преселувањето во Грција не би требало да има Македонци, или да ги има сосема малку. Но, самите грчки официјални статистики подоцна ги демантираат сопствените тврдења.

Според податоците што ги дава Владимир Руменов, кој до нив дошол користејќи ги официјалните протоколи на Мешовитата грчко-бугарска емигрантска комисија и извештаите на бугарската „Главна дирекција за населување на бегалците" од Егејска Македонија до 1928 год. во Бугарија биле иселени 86.572 Македонци. На тој начин грчките власти постигнале делумен успех, зошто најголемиот дел и натаму останал да живее во Егејска Македонија. Ако го земеме бројот на Македонците подпаднати под грчка власт, што го дава Карнегиевата комисија за 1913 год., како најобјективен, а тој е 329.371, и ако од оваа цифра се одземе бројот на иселените Македонци во периодот 1913-1928 год., што го дава бугарскиот научник Владимир Руманов, а тој е 86.572 Македонци, тогаш непосредно пред Втората светска војна, во Егејска Македонија останале да живеат уште 242.799 Македонци. Ако кон оваа цифра се додаде еден минимум број природен прираст на населението во износ околу 37.000, а природниот прираст во Грција во тој временски интервал е 24%, тогаш може како многу блиску до реалната состојба да се даде цифрата од 280.000 Македонци. Од овие податоци таква е состојбата во 1941 година, за што потврда даваат уште два податока. Првиот, податоците што ги изнесува споменатиот Македонски институт од Софија. Во процесот на собирање на податоците на самата територија на Егејска Македонија, Институтот доаѓа до податок дека во текот на 1941-1942 год., во Егејска Македонија живееле 251.753 Македонци. Вториот извор е белградскиот весник „Борба" кој во својот број од 26 август 1946 год., пишува: „Во текот на 1941-1942 год., партизанските повереници лично вршеле попис на македонските семејства во Егејска Маке-

донија и, според сигурни податоци пресметале дека таму има уште околу 250.000 Македонци".[190]

Друштвото на народите сметаше дека Егејска Македонија е апсолутно елинизирана и, спротивно на грчките информации за националната структура на населението во Егејска Македонија, по големите мигарциони движења (1913-1928) ја дава следната статистика за бројноста и присуството на разните народности во јужна Македонија: Грци 1.341.000 или (88%), Бугаризирани 77.000 или (5,1%), Турци 2.000 или (0,1%), други 91.000 или (6%).[191]

Паралелно со иселувањето на Македонците, Турците, Власите и другото негрчко население од Егејска Македонија се одвивал и процес на населување или колонизација на Егејска Македонија. Иселувањето на етнички не-грчкото население и верски различното (муслиманското), население од Егејска Македонија, Грција целила да постигне „хомогеност" во етничкиот состав на овој дел од Македонија. Во врска со оваа „хомогеност" солунскиот весник „Прогрес" од 27 октомври 1926 год., наведува податоци во кои тврди дека Грците во Егејска Македонија достигнале до 88,8% од вкупното население, давајќи го коментарот дека Грчка Македонија има наполно хомогено население како и секоја друга провинција во Стара Грција. Изјавата за етнички чиста Грција не е прифатена надвор од Грција. На пример, во изданието на *Enciclopedia Britannica*, од 1987 год., пишува дека сé уште има 180.000 Македонци (Словени) во Егејска Македонија, со што се гледа дека бројката 1,5% е нереална.

Во „Големата грчка енциклопедија", том X, стр.410, се наведуваат „општите резултати од сместувањето на бегалците во Грција": „...Со иселувањето на 200.000 Турци и 5.000 Бугари, од една страна, а со идење на двапати поголем број Грци, од друга страна, доста се намали процентуалниот удел на другите националности во вкупниот удел на населението-од 20% на 6% во 1928 год. Населувањето на бегалците има особено значење за елинизација на Македонија, каде што процентот на

---

[190] Поопширно за ова во: Иван Катарџиев: *Време на зреење*, I, Издание Култура, Скопје, 1977; Поповски Тошо, *Македонското национално малцинство во Бугарија, Грција и Албанија*; *Етничките промени во Егејска Македонија*, Здружение на децата бегалци од Егејска Македонија; Мојсов Лазар, *Македонците во Егејска Македонија*, Мисла, Скопје, 1989 и др;

[191] Societe des Nations, L'establissement des regugies en Grece, Geneve, 1926, Carte ethnographique de la Macedonine Hellenique, во Етничките промени..., стр.92;

другите националности се ограничи од 45% (во 1915) на 12% (во 1928). Во врска со „елинизацијата на Македонија" во истиот извор се даваат поконкретни податоци за односот на националностите во Македонија по сместувањето на бегалците.[192]

Солунскиот весник „Македонија" во број од 20 март 1949 год., во статијата „Македонија е грчка", пишува: „...Со познатата размена на населението, составот на населнието сосема се измени. Не само муслиманите, туку и еден дел на славофонското население беше разменет, така што денес во сите грчки окрузи сретнавме, според статистиката на Г. Д. Ханудопуло, само 65.000-70.000 славофони". „Неа алитеја" во својот број од 16 јуни 1949 год., го определува бројот на „Бугарите" во Егејска Македонија на 70.000, а атинскиот весник „Етникос кирикс", во број од 21 мај 1946 год., го определува бројот на „Славомакедонците" на 80.000. Истиот весник во продолжение место иселување, бара протерување: „Од Грција треба што поскоро да се протераат 80.000 Славомакедонци".[193] Неделниот републикански лист „Елефтерос" во својот број од 28 јануари 1946 год., донесува статија под наслов „Нека си одат Славомакедонците од нашата Македонија-нека си одат каде што сакаат ".[194]

На овој начин, националната „хомогеност" што била постигната со колонизацијата на Егејска Македонија е потенцирана и со тоа што и Македонците се вбројуваат во „хомогеното" грчко население. Всушност заради тоа, за нив така упорно и се употребува терминот „славофони" т.е. Грци кои само поради низа околности зборуваат на „словенски" јазик. Сите тие прикажувања за националната „хомогеност" на Егејска Македонија, непрепознавањето дека постојат Македонци, како одделно национално малцинство, намалувањето на нивниот број и

---

[192] Мојсов Лазар, *Македонците во Егејска Македонија*, Мисла, Скопје, 1989, стр. 240;

[193] Овој весник во својот број од 9 септември 1952 год., го резимира целиот спор околу постоењето или непостоењето на Македонците во Егејска Македонија и покрај низата спротивставени кажувања. „Ни соседите, ни некои трети туѓинци, ниту пак ние самите не го игнорираме постоењето на еден број Словени во извесните северни подрачја на земјата, кои останаа по пат на превара и после доброволната размена на населението во 1925 год. Овие Бугари, затоа што се работи за Бугари,... изјавија дека сакаат како Грци да останат на своето огниште. Не беа повеќе од 70.000 души и од 1925 год., до избувнување на Втората светска војна изгледаа мирни". Исто;

[194] „Но, Славомакедонците постојат; спрема нашето мниение, нивниот број е многу мал, по мнението на Белград е поголем, уште поголем според јавната бугарска пропаганда. Тие лошо направија што останаа во Грција, затоа што во минатото им се пружи прилика да си одат и да живеат со своите „сонародници" со оние кои имаат ист јазик. Но, дали се во голем или мал број, тие без разлика претставуваат повод за караница меѓу Грците, Југословените и Бугарите".

противречностите во самите грчки статистички податоци кои се однесуваат на утврдување на големината на македонското население беа предизвикани од фактот дека Македонците во компактни маси навистина постојат во „хомогената" Егејска Македонија. Со големите миграциони движења Егејскиот дел на Македонија, всушност, „не се елинизираше, туку едноставно доби немакедонски етничко-историски карактер и стана „вистинска тантела" на народи што се разликуваат меѓу себе според своето потекло, јазик, културна традиција и темперамент".[195]

Настан, кој исто така, остави силен белег на етничката структура во Егејска Македонија, а одеше во полза на грчката денационализаторска политика и иселување на Македонците од Егејскиот дел на Македонија е Граѓанската војна во Грција (1946-1949). За положбата на Македонците во тој период ќе зборувам подолу, но сега би ги нагласила последиците врз македонското и Македонците во Егејска Македонија од Граѓанската војна.

Според нецелосните податоци, последиците од Граѓанската војна во Грција се сладниве: бројот на жртвите од војната, според официјалните статистики, изнесува околу 154.000. Од вкупниот број жртви, 21.000 се Македонци. Најголемиот дел од материјалните штети се направени во Егејскиот дел на Македонија.

Според проценките на Здружението на децата бегалци од Егејска Македонија и на Црвениот крст, за врема на Граѓанската воја во Грција, 25-30.000 деца на возраст од 2 до 14 години, од кои најголем број Македонци, биле протерани во Југославија или во некои од источно-европските земји.[196]

---

[195] E. Driauet, M. L'Heritier, *Historie diplomatique de la Grece de 1921 a nos jours*, Paris, 1928, p.477;

[196] Кога Југословенскиот црвен крст добил позитивен одговор од организациите на црвен крст на соседните држави, со голема помош на АФЖ организирал транспорт на децата бегалци во Чехословачка, Унгарија и Романија. Во април 1948 год., биле транспортирани 2.490 деца за Чехословачка, 2.254 за Унгарија и 3.300 за Романија. Во половината на декември дополнително биле транспортирани и 797 деца за Унгарија и 3.105 деца за Романија. На тој начин до 3 јануари 1949 год., од Југославија биле транспортирани вкупно 12.455 македонски и грчки деца во соседните земји. Бројката на децата бегалци се движел меѓу 25.000 и 28.000 и во основа децата потекнувале од областа на Западна Македонија, Епир и Источна Македонија. Испратените деца во источноевропските земји се соочија со опасноста за заборават на тоа што се. Во услови на емиграција постоеше реална опасност да го заборават својот мајчин јазик и својата национална култура. Еден од најсериозните проблеми што се наметна испраќањето на децата во странство беше проблемот на нивното национално образование и воспитување, како и стручното оспособување. Поголемиот дел од испратените деца во странство, во своите родни места посетуваа училишта на мајчин македонски јазик. Заедно со децата во странство беа испратени и македонските учители.

Силите на атинскиот режим во текот на Граѓанската војна и по неа, преименувајќи ја политиката на масовни репресии присилно иселија од нивните домови и ги доведоа во градовите околу 700-800 илјади селани од кои околу 28.000 Македонци, на повеќето острови интернираа 40.000 граѓани од кои голем број Македонци и на крајот околу 90.000 лица, од кои 50.000 Македонци, беа принудени да емигрираат. Во Егејскиот дел на Македонија, според официјалните статистички податоци, односно според пописот во 1951 год., во Грција, не беа евидентирани 46 македонски населби со 20.913 жители, што беа регистрирани во пописот во 1940 год.[197] И по завршувањето на Граѓанската војна притисокот врз Македонците продолжи со несмален интензитет, поради што голем број Македонци беа принудени да емигрираат во Западна Европа и во прекуокеанските земји.

Советското списание „Атлас на народите на светот", кое е познато по тоа што критички и внимателно ги проверува податоците за бројот на македонското национално малцинство во Грција, во своето издание од 1964 год., изнесува факти дека во Грција живеат 150.000 Македонци. Познатата американска информативна публикација „Светски алманах-книга на факти", во своето издание од 1978 год., ги изнесува следниве податоци: Населението на Грција во 1976 год., броеше 9.170.000 жители. Од овој вкупен број 1,8% се Македонци (Словенски-како што е речено во публикацијата), или пресметано во цифра, во 1976 год., во Грција живееле 165.000 Македонци.

Според nationmaster.com, електронска база на податоци, бројот на жители во Грција, заклучно со јули 2003 год., изнесува 10.665.989 од кои 98% се Грци и 2% други. Како објаснување за бројот на етничките групи во Грција, уредувачите на базата го цитираат официјалниот грчки став дека во Грција не постојат етнички групи[198].

Како учебно помагало им служеше букварот составен за потребите на учителските курсеви. По завршувањето на основното училиште децата го продолжуваа своето образование во професионалните стручни училишта, средните и високите школи и факултети. *Егејска Македонија во НОБ*, 1948, т.у. Скопје, 1981, стр..130; *Југославија, за избеглице из Грчке*, Београд, 1949, стр.47;

[197] Кирјазовски Ристо, *Македонското национално прашање и Граѓанската војна во Грција*, 1998, Институт за национална историја, Скопје, стр.345;

[198] < http://www.nationmaster.com/

3.2. Применување на топонимите во Егејска Македонија и прекрстување на Македонците

Помеѓу двете светски војни, во Егејска Македонија поради низа политички причини, се појави и иселување на Македонците во прекуокеанските земји. Причините за иселувањето се од политичка и од традиционална природа. Позасилено емигрирање во прекуокеанските земји има по балканските војни, особено од Егејска Македонија, и оваа појава има главно политички причини. Приливит на македонските иселеници во овие земји се зголемува по воведувањето на Метаксасовата диктатура од 4 август 1936 год., кога се зголемува и теророт врз Македонците, дури и со забраната на македонскиот јазик и во домовите на Македонците, и кога бројот на затворените и интернираните Македонци, особено поради нивните национални чувства, драстично се зголемува. Овој процес на иселување од Егејска Македонија во прекуокеанските земји трае до Втората светска војна, практично до објавувањето на Грчко-италијанската војна во октомври 1940 год.

Министерот за внатрешни работи на Грција, Н. Левидис, на 8 мај 1909 год., лично поднел опширен извештај до грчкиот крал Георги I, во кој ја нагласил потребата итно да се формира официјална комисија која ќе има за цел да разработи специфичен план за преименување на населените места и другите топоними на Грција кои не се од грчко потекло. Врз основа на овој извештај, на 31 мај 1909 год., издаден е Указ, кој е објавен во владиниот весник бр. 125 од 8 јуни 1909 год., за формирање на државна комисија за проучување на топонимите и за утврдување на нивното историско потекло. Според чл. 8 од овој Указ, управите и сите други власти на државата беа должни без приговор да ѝ даваат на комисијата потребни информации и да ѝ укажуваат помош за олеснување на нејзината работа. Работата за Грција се усложни поради фактот што заради нејзиното ширење кон север за време на Првата светска војна во чии состав влезе дел од Епир, Егејскиот дел на Македонија и Западна Тракија, каде што бројот на грчкото население претставуваше апсолутно малцинство во споредба со месното македонско, турско и друго население.

Замисленият план за измена на топонимите, Грција решила да го форсира пред сé во Егејска Македонија, а во другите делови од земјата тоа да го чини постапно. Поради тоа, од 1918, заклучно со 1925 год., во Егејскиот дел на Македонија беа преименувани само 76 населени места. При обидот за изнаоѓање нови имиња, надлежните комисии со посебно внимание работеле на можноста што поголем број градови и села да бидат преименувани со стари антички имиња на Македонија.

Паралелно со преименувањето на имињата на населенеите места се спроведувало и присилно прекрстување на имињата и презимињата на Македонците. Повеќето од нив се обезличени и неможат да се препознаат, но добар дел од нив добиле само грчки суфикси и од коренот може сосема лесно да се препознае дека станува збор за имиња со словенско потекло. Овие мерки за денационализација и асимилација имале за цел да го обезличат етничкиот карактер на Македонија и да се покаже дека таа, Македонија, од памтивек „била и останала чисто грчка“ провинција.

На 20 јануари 1948 год., беше донесен Декрет М/48, малку подоцна Н/48, а на 23 август 1953 год., Законот бр. 2536/53 за колонизирање на граничните подрачја со „нови колонисти со здрава национална свест“.[199] Одредбите на Законот предвидуваа дека, 60 км од границата кон внатрешноста треба да се иселат „нелојалните“ граѓани и на нивно место да се населат Грци, „здрави“ елементи со јасна и со потврдена грчка национална свест.

На 7 декември 1947 год., е донесен Декрет ЛЗ/47 за лишување од грчко државјанство на многу граѓани на Грција, кои според мислењето на Комисијата за безбедност на округот, дејствуваа антидржавно. Лишуавњето од грчко

[199] Врз основа на овие законски прописи беше извршена конфискација на околу два милиони декари обработливо земјиште, пасишта и шуми, главно во пограничните македонски подрачја.. .конфискацијата се вршеше на оние кои служеа во ДАГ, што емигрираа и на оние на кои имбеше одземено државјанството. На повеќе од 15.000 Македонци им берше одземано државјанството, а повеќе од 50.000 беа принудени да емигрираат, па според тоа споменатите закони и законски прописи главно ги погодија нив. Впрочем тие беа донесени за нив и беа применети на нив. Владата на Караманлис во 1977 год., го донесе Законот бр.666 за „Измени и дополнување на одредбите во законодавството за колонизација“ во кој беше даден рок за поведување на постапка за враќање на имотот од три години. Но, тоа немаше никаво значење за македонските бегалци, зошто тие беа во други земји и им беше забрането враќање во родните огништа. Оние кои сепак се одлучија да поведат постапка, беа изложени на залудни трошоци.

државјанство на толку голем број Македонци имаше и сé уште има многу тешки последици од економски, политички, човечки, психолошки и друг карактер. Овие нелегитимни акти не се ревидирани ни со поновите акти за репатрицијa на грчките државјани и политички бегалци. Со Одлука на министрите за внатрешни и јавни работи бр.106.841 од 1982 г., во Грција можат да се вратат само „Грци по род" врз истата дискриминаторска клаузула е оневозможено остварувањето на нивните имотни права во Република Грција (Закон бр. 1540 од 1985 г.). Тоа се случува и после усвојувањето на Завршниот документ на Конференцијата за европска безбедност и соработка во Хелсинки што се одржа во 1975 год., а чиј потписник е и Грција. Во јуни 1989 год., премиерот на Грција, Папандреу, во предизборната кампања во Лерин (Флорина), изјавил дека ако добие на изборите ќе изгради фабрика во која ќе биде вработено само локалното население (т.е. Македонците), исто така, ветувајќи дека ќе го укуне Законот бр. 1540 за кој, тој самиот бил одговорен. Тој сé уште не си го исполнил ветувањето.

На 9 октомври 1949 год., на беше донесен Декрет ОГ, „за национално превоспитување", кој имаше за цел со примена на разни мерки да ги денационализира Македонците од Егејскиот дел на Македонија. За остварување на таа цел беше вклучена целата административно-политичка, црковна и културно-просветна власт, науката, печатот, радиото и др. Притоа посебно беше ангажирана просветната пропаганда.[200]

[200] Сé што е правено до сега во однос на политичките бегалци кои што не се Грци по род е во функција на демократизирањето на Егејскиот дел на Македонија. Наспроти очигледноста на проблемот, Грција не сака да ги почитува меѓународните норми. Без укинување на Законот бр.1.540 македонските политички бегалци од Егејска Македонија ќе бидат без стартна основа, бидејќи со Законот бр.233 со кои беа суспендирани 150 декрети, одлуки и закони од времето на окупацијата наваму, ништо од тоа не се однесуваше на последиците од законите кои се однесуваа на политичките бегалци и учесници во националниот отпор, а уште повеќе на Македонците што живеат во РМ.

3.3. Меѓународните договори и обврски на Грција кон малцинствата и правата на македонското национално малцинство

Од историските факти, статистичките податоци и искажувањата на низа автори, кои се однесуваа на разни историски периоди, македонското национално прашање во Грција постоело и постои и тој факт не може да се негира. Уште повеќе ако се земат предвид и многубројните обврски што разни грчки влади во меѓународните договори ги преземаа со цел да се заштити македонското национално малцинство во Грција и да му се обезбеди неговиот слободен развиток, но станаа мртво слово на хартија.

По Версајскиот договор од крајот на Првата светска војна, требало да се имплементираат неколку договори (под водство на Лигата на народите), според кои грчката влада требала да ги зачува правата на Македонците во Северна Грција (Егејска Македонија). Така, според Нејскиот договор, односно чл. 46, Грција беше обврзана да се грижи за „интересите на жителите што се разликуваат од мнозинското население по нација, вера или јазик".

На 10 август 1920 год., Британската империја, Франција, Италија и Јапонија, од име на победничките сили на Антантата и Грција склучија, *„Договор за правата на малцинствата во Грција"* наречен *Севрски договор*. Според Севрскиот договор Грција презема низа обврски со кои на малцинствата им се гарантираше полна рамноправност со останатите грчки граѓани во поглед на заштитата на животот и имотот, слободата, граѓанските и политичките права. На малцинствата им беше загарантирана употреба на нивниот јазик не само во своите приватни односи, туку и во службените односи со органите на грчката држава, како и правото на употреба на својот јазик во судската постапка и во печатот. Малцинствата не само што според Севрскиот договор, требаше да имаат обезбедена настава во училиштата на сопствениот јазик, туку грчката држава се задолжуваше во буџетот на државата и на пониските административни единици да се предвидуваат и соодветни суми за непречен развиток на малцинските училишта.

Според Севрскиот договор малцинствата исто така, имаа право да организираат свои сопствени општествени и други организации. [201]

Но, и покрај ваквите прецизни одредби, во Грција не помислија да отпочнат со сериозно спроведување во живот на Севрскиот договор. Поради тоа, неколку пати во Друштвото на народите се поставуваше прашањето за заштитата на не-грчките малцинства и во тој поглед Грција беше постојано изложена на критики. Конечно грчката влада на Михалакопулос, преку својот министер за надворешни работи, а со активно учество на круговите на Друштвото на народите во Женева и претставник на Бугарија, на 29 септември 1924 год. го потпиша *Протоколот за покровителство на малцинствата во Грција и Бугарија* со бугарската влада „за правата на бугарското малцинство во Грција и на грчкото малцинство во Бугарија".

Протоколот Калфов-Политис тргнуваше од Севрскиот договор и во него беа разработени низа практични мерки што треба грчката влада да ги преземе за да обезбеди примена на Севрскиот договор. Со овој протокол македонското малцинство во Грција беше признато како „бугарско малцинство", беа предвидени низа одредби и практични мерки за обезбедувањето на т.н. културна и просветна автономија на малцинствата во Грција. Меѓутоа, како и предходниот, така и овој протокол не беа реализирани. Прво, поради фактот дека грчката влада не сакаше да го изврши. Второ, поради протестот на југословенската влада, која изјавуваше дека Македонците не се бугарско, туку српско малцинство.[202]

Севрскиот договор не можеше да биде отфрлен, бидејќи ги носеше потписите и на Големите сили. Но, во февруари 1925 год., протоколот Калфов-Политис беше укинат од страна на грчката влада, под мотивација и изговор дека

---

[201] Во чл. 2, ст. 1 се вели: Грција се обврзува на сите жители да им даде целосна заштита на животот и слободата независно од нивното потекло, националност, јазик, раса и религија... Нема никакво ограничување на ниеден грчки поданик да го употребува јазикот кој тој го сака во приватно или трговски дејности, или во религиозните односи, во печатот или во публикациите од секаков вид или на јавни собири".Stijković, Balkanski ugovorni odnosi..., II, 113-119; превод од српски јазик во: ДАМ, Македонија во меѓународните договори 1913-1940, стр.191-199;

[202] По признавањето на македонското национално малцинство како бугарско, уследила протестна нота од тогашниот југословенски министер за надворешни работи до грчката влада во која се вели дека „не може славофоните од грчка Македонија да ги признае за Бугари, кога славофоните што живеат северно од граничната линија спрема југословенска Македонија ги смета за Срби".

означува мешање во внатрешните работи на Грција. Едностраното отфрлање на протоколот не беше прифатено од страна на третата потписничка-Друштвото на народите, која истакна дека двете страни, „во своите постапки кон малцинствата задолжително да се придржуваат на веќе применетите задолженија". Поради обврските од Севрскиот договор, Грција сепак мораше да преземе некои дејствија за заштита на малцинствата. За таа цел беше формирана посебна секција во Министерството за надворешни работи, која требаше да се грижи за исполнување на меѓународните обврски кон малцинствата. Во овој период како дел од овие активности грчката влада презеде мерки и за издавање на учебници за македонските училишта што беше предвидено да се отварат. Одделна комисија го состави и буквaрот за тие школи „Абецедар", составен на македонски јазик централно-македонски дијалект, и отпечатен со латински букви во печатницата Сакалариу во Атина. Иако бил претставен пред Друштвото на народите, Абецедар-от никогаш не стигнал во рацета на македонските деца. Повеќето копии биле уништени. На локално ниво, Абецедар-от често ќе пристигнел во одредени градови од страна на локаната полиција. Печатењето на оваа мала книга и ставовите поврзани со неа покажуваат дека барем некои грчки академици и политичари од тоа време признавале дека македонските Словени во Егејска Македонија биле група со значителна големина, со јазик и култура различни од оние на Србите и Бугарите.

По потпишувањето на Протоколот Калфов-Политис, околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција, започна дипломатска борба и двојно маневрирање на грчката власт во политиката со Југослвија и Бугарија.[203] Прашањето на македонското национално малцинство не беше симнато од дневен

[203]Со преземање на некои формални мерки кај големите сили Грција создаваше впечаток дека договорот се спроведува, а кај бугарската и југословенската влада таа вложуваше демерши со кои се одбива нивната интервенција во врска со применувањето на Севрскиот договор. Пред југословенската влада, што бараше македонското национално малцинство да се признае како српско, грчката влада истапуваше со тезата дека Македонците од Егејска Македонија се Бугари, а грчкиот печат отпочна да донесува написи дака дури и Македонците од југословенска Македониај се Бугари и во тој поглед, со оваа практична цел, се усвојуваа тезите на бугарската влада за бугарскиот карактер на Македонија. Пред бугарската влада, од друга страна истапуваше со аргументот дека Македонците од Егејска Македонија не се Бугари, туку „Славомакедонци" и грчката влада ќе воведе за нив школи на „славомакедонски" јазик, што предизвикуваше остри напади во бугарскиот печат против тезата дака Македонците не се Бугари туку одделна националност.

ред во самата Грција. Во тој период грчките власти преземаа засилени мерки за денационализација на Македонците од Егејска Македонија, иако повремено од страна на одделни грчки службени претставници во Друштвото на народите беа давани изјави дека на Македонците од Егејска Македонија ќе им се овозможи отварање на школи и употреба на нивниот јазик „ако народот тоа го побара" (Е. Венизелос). „Ако народот тоа го побара" тоа беше официјална формула со која на демократски начин се одбегнуваше пред јавноста да се даде отворен став по прашањето за признавање или непризнавање на малцинските права на Македонците во Егејска Македонија. И додека во Друштвото на народите и во разните негови органи и организации се поставуваше прашањето за положбата на македонското национално малцинство во Грција, неговата положба сé повеќе се влошуваше. Низа познати европски научници и политичари на седниците на малцинската комисија на Друштвото на народите и во своите публикации не еднаш истапуваа за заштита на малцинските права на македонското население.

Се поставува прашањето-дека ако во Грција не постоеше проблемот на малцинствата, како што тоа и тогаш го тврдеа грчките претставници и пропагандистите, тогаш зошто меѓународната заедница смета за потребно Грција да потпишува договори за заштита на малцинствата? Самиот факт, дека Грција ги потпишала овие договори претставува недвосмислено признание од страна на грчката држава, дека малцинствата во Грција не само што постојат, туку треба да бидат загарантирани и нивните минимални национални права.

3.4. Образованието, јазикот и положбата на Македонците во Егејска Македонија

Во поголемиот дел од изминатите осумдесет години, грчката влада постојано го негира постоењето на македонската нација и македонското малцинство во Северна Грција, при што усвоила насилна асимилација кон жителите со словенско потекло од Грчка Македонија (Егејска Македонија). Степенот до која оваа политика влијаела на човековите права на Македонците

што се граѓани на Грција, веќе многу години е тема на дискусија меѓу многу организации за зачувување на човековите права.

Македонскиот јазик како словенски јазик битно се разликува од грчкиот и на тој начин евидентно и многу јасно ја покажува целосната етничка разлика што постои меѓу Македонците и Грците. Македонскиот јазик не можеше да се укине со одлука на грчката влада. Тој реално постоеше, но административните мерки што ги преземаа грчките власти одеа во прилог на грчката политика за асимилација и денационализација. Во наредбата на командантот на Националната гарда во Полипотамос од 1946 год.: „Од денес најстрого им се забранува на сите жители од две до педесет години да се служат со друг јазик освен грчкиот. На тоа ѝ обрнуваме внимание особено на младината. Прекршителите на оваа наредба ќе бидат предадени на одборите на безбедноста". [204] Понатаму се вели: „Употребата на македонскиот јазик се забранува во сите општински центри, установи, во трговијата, на состаноците, собирите, веселбите, ручеците, свадбите итн. Во сите наведени случаи наредуваме да се говори грчки јазик. На сите политички и воени власти на сите државни и приватни службеници, им препорачуваме да не даваат и да не примаат подароци на друг јазик освен грчки. Родители, учители, свештеници, тутори на малолетни деца Ве повикуваме да го исполните вашиот патриотски долг, инаку Вас ќе ве сметаме за одговорни за престапите на потчинетите. Прекршителите на оваа наредба ќе се сметаат за предавници на татковината и тие ќе ја почувствуваат страшната казна на нашата организација".[205] Со доследна примена на законските одредби и декретите, грчките власти успеале да ги отстранат сите докази за постоење на македонски јазик.

Промените во населението во Егејска Македонија имале влијание врз статусот на јазиците во секојдневната употреба на тие територии. Сé до почетокот на големите промени во составот на населението, македонскиот (словенски) јазик

---

[204] Таа оргаизација беше „Елиники македоники пигма", односно „Грчко-македонска тупаница" големогрчка, шовинистичка организација, чии терористички активности биле поддржувани од грчките власти. Таа служела како оружје за спроведување на денационализаторската политика кон Македонците во Грција. Веритас, во Поповски Т., ...стр.71;
[205] Исто;

бил најупотребуваниот јазик.[206] Но, по 1930 год., со огромното доселување на немакедонско население, повеќе од милион луѓе го користеле или се обидувале да го користат грчкиот јазик. Дотогаш сите возрасни поминаа курсеви за учење на грчкиот јазик. Не излегувал никаков пишан збор на македонски јазик и било подготвено сé да се помине на новата фаза: истерување на македонскиот говор и од семејните куќи.[207]Според некои податоци, поради употреба на македонски јазик од страна на месното население во Егејска Македонија само во периодот од 1936 до 1940 год., биле казнети 5.250 Македонци.

По грчката окупација на Егејскиот дел на Македонија, грчките власти ги затвориле словенските училишта и цркви и ги протерале свештениците. Македонскиот јазик бил забранет, а Македонците биле именувани како Бугари, Срби или домородци. И покрај ваквата општа политика, имало времиња кога грчката влада, соочена со меѓународен притисок, заземала различен став во врска со македонскиот јазик. Меѓутоа, сегашниот став на грчката влада е дека македонскиот јазик на постои и дека никогаш не постоел.

Демократската армија на Грција (ДАГ), како последица на своите демократски погледи, како и поради масовното учество на припадниците на македон-

---

[206] Од вкупното население-1.052.227 жители.. .805.000 лица го знаеле и го користеле македонскиот јазик на работните места и во секојдневниот живот. Грчкиот бил малцински јазик кој што го користеле околу 220.000 луѓе. Атинскиот весник „Беразански весник“ кој во бројот од 25 декември 1928 год., пишува: „Бугарската пропаганда работи безшумно, тајно и со програм,.. ...Така во пограничните реони на Лерин, Костур, Сорович, Караџова, Воден и Енице-Вардар, согласно тајните наредби од македонскиот комитет, бугарското население од горните области на секој начи избегнува да говори на грчки јазик во своите односи со новодојдените бегалци од Мала Азија, под изговор дека не знае грчки. За свое оправдување и да би ја избегнале одговорноста, тоа вели дека зборува на македонски јазик и со тоа ја прави првата стапка кон автономијата на Македонија“. Солунскиот весник „Македонија“ во бројот од 4 декември 1928 год. пишува:„Со систематското избегнување да зборуваат грчки, тие ги принудуваат бегалците да учат на бугарски јазик и така по заштитата на грчката управа единствениот и најраспростаранет јазик кој се зборува особено меѓу туркофоните бегалци, ќе биде бугарскиот, а тоа ќе биде околност што ќе им даде повод на Бугарите и на европската дипломатија постојано да го истакнуваат бугарскиот карактер на овие области. Време е веќе да се разбудиме и да преземеме соодветни мерки за искоренување на оваа бугарска опасност со иселување; секој кој зборува бугарски треба да се земе за пропагандист и да се заманува со бегалци, кои ќе можат да се спротивстават на секое туѓо навлегување и наложување“. Мојсов Л., ...стр. 229-230;

[207] Забраната за употреба на македонскиот јазик беше регулирана со специјален закон. Казаната за прекршување на одредбите од овој закон беа ригорозни. На 15 мај 1939 год., на извесен му се судело за прекршување на чл. 697 од Кривичниот закони, во врска со упатството на полицијата бр.15/30, бидејќи бил фатен да зборува со други лица на словенски јазик. Во: Спољнополитичка документација, бр.36, 1951, стр. 151;

ското национално малцинство во антифашистичката борба, донеле решение на ова малцинство да му се овозможи да ужива определени права. Одделни места на ослободената територија се отвараа дневни училишта на македонски јазик. Окружните совети на народната власт за Костурскиот округ, донел решение за отварање училишта на македонски јазик за децата на припадници на македонското национално малцинство.[208] За да ја оствари таа цел биле извршени подготовки, како што се: изработка на буквар на македонски јазик, оспособување на учители за тие училишта и сл. Македонските партизани во селото Карчишта, во Костурскиот округ (Касторија), на локален дијалект го објавиле весникот „Славјаномакедонски глас". Бил објавен и доставен до училиштата во Костур и Лерин, Буквар на македонски јазик.

Од октомври 1947 до април 1948 год., во Егејска Македонија се отворија 180 македонски училишта во кои беа опфатени околу 10.000 ученици. Во овие училишта се изучувала македонската азбука што е создадена и стана официјална во НР Македонија. Се учеа поважните моменти од македонската историја, од македонската литература итн. Во споменатиот период во Егејска Македонија се појавија околу 10 весници и списанија на македонски јазик.[209]

Со воспоставување на власта на конзервативните грчки сили во 1945 год., било сосема природно припадниците на македонското национално малцинство во Грција да се надеваат дека, по завршувањето на војната здобиените национални права ќе бидат зацврстени и проширени. Меѓутоа, овие предвидувања и очекувања на Македонците од Грција не само што не се остварија, туку сите активности биле забранети по мировниот договор од Варкиза на 12 февруари 1945 год. Едно време се оневозможило и строго била забранета работата на училиштата на македонски јазик. Тогаш настапил најтешкиот период од постоењето на македонското мал-

---

[208] Законскиот акт бр.5, во чл. 5, предвидува:„За децата што им припаѓаат на националните малцинства од страна на народните совети се основаат посебни училишта. Наставата се изведува на јазикот на малцинството".

[209] Како органа на Главниот одбор на Народноослободителниот фронт, НОФ, за Егејска Македонија, во јуни 1945 год.,се појавува весникот „Билтен". Излегува на македонски и на грчки јазик. Во Воденскиот крај се издава весникот „Победа". Весникот „Зора" излегува во Леринскиот округ, додека весникот „Единство" е орган на НОФ, наместо „Билтен" почнува да се издава весникот „Непокорен". АФЖ од Егејска Македонија во мај 1948 година, почна да го издава списанието „Нова Македонија",. Поповски Т.,.. ..стр. 217;

цинство во Грција, било изложено на физичко уништување. Во 1987 год., македонските родители во Егејска Македонија биле приморани да ги испратат своите две до тригодишни деца во „интегрирани детски градинки“ со цел да не бидат во можност да го научат македонскиот јазик и култура. Ваквата одлука не била применувана во други делови на Грција.

Во електронската база на податоци за јазици, етнички и религиски групи-etnoloque.com, наведен е податок дека, според податоците од Пописот на населението во Грција во 1986 год., покрај останатите јазици, 180.180 жители на Грција зборуваат Словенски јазик. Словенскиот (алтернативни имиња: Славомакедонски, Македонски) јазик се зборува во македонскиот регион во Грција, Флоринската префактура, Северна Касторија, Солунската профактура итн.[210]

Познатиот американски публицист Стојан Прибиќевиќ во книгата *„Македонци“*, наведува свои заклучоци за поновата положба на македонското национално малцинство во Грција. „Посетата на Грчка Македонија ми покажа дека Словените немаат своја интелигенција; немаат своја работничка организација; немаат граѓанска средна класа од бизнисмени, адвокати, лекари, инжинери, учители; немаат свој печат; немаат дури ни свои свештеници што ќе служат служба за нив во источно-православната црква. Словените во Грчка Македонија речиси целосно се заостаната селска класа“.[211] Овој публицист во своите извештаи наведува и лични сведоштва за тоа, на кој начин Македонците се присилувани да не го говорат својот мајчин, македонски јазик. Неговите сведоштва се потврдени и во грчкиот печат.

---

[210] <http://www.ethnoloque.com/

[211] Атинскиот весник „Вима“ во својот број од 8 јули 1959 год., меѓу другото пишувал: „Јазикот на Македонските Словени требаше да биде искоренет порано, меѓутоа сé уште не е доцна, на тоа треба да му се придаде особено значење за да послужи како пример за другите Грци што ја населуваат Македонија и кои сé уште го употребуваат тој јазик“. Весникот „Еленикос Ворос“ во својот број од 8 јули 1959 год., го дава текстот на заклетвата: „Во име на бога и на човекот, како предани потомци на старите Грци, ние се колнеме дека во иднина на ниедно место и во никое време, доброволно нема да го употребуваме словенскиот јазичен дијалект“. Поповски Т., ...стр. 225-226;

3.5. Грчката антимакедонска пропаганда и југословенско-грчките односи

По завршување на Втората светска војна и формирање на СР Македонија во рамките на СФРЈ, прашањето на македонското национално малцинство во Грција, директни и индиректно е третирано како прашање од надворешната политика на Југославија. Интересирањето што СФР Југолавија го покажа за македонското национално малцинство во Грција и по повод забелешките на Законот за колонизација, грчките власти настојуваа да го прикажат како манифестација на територијални претензии кон Грција, а во најмала рака-мешање во внатрешните работи на една држава. Оваа теза е изнесена да послужи како причина за одбивање на официјална Грција да учествува во изнаоѓање решение за овој проблем, кое би било прифатливо за двете страни, и кое би се постигнало преку договарање. Од тогаш наваму на грчката јавност постојано ѝ се сервира мнение, дека постои постојана и неослабната „словенска" опасност за Грција-и тоа од страна на Југославија, која се наоѓа во пријателски и сојузнички однос со Грција и со која во рамките на Балканскиот пакт Грција сестрано соработува.

Конкретното ангажирање на југословенското државно раководство во остварување и заштита на националните права на Македонците надвор од тогашна Југославија може да се оцени како недоволно. Очигледно се водело премногу сметка да не се нарушат југословенско-грчките односи. Меѓутоа, со разгорување на Граѓанската војна во Грција, а посебно со прифаќање на дел од македонските бегалци и воспоставување на врски со Македонија, југословенското раководство ќе поведе поголема грижа да го помогне македонското ослободително движење во Егејска Македонија.

Настаните по донесувањето на Резолуцијата на Инфорбирото во 1948 год., имаа негативно влијание, т.е. дојде до промена на курсот на тогашното југословенско државно-партиско раководство во врска со Македонија. Пред и по потпишувањето на Балканскиот пакт во 1953 год., се одбегнува да се спомне присуството на Македонија и македонски народ надвор од Југославија и не се зборува

за нивна заштита. Тоа го согледуваат и странските дипломатски претставници во балканските земји. Во времето кога се воспоставувале дипломатските односи помеѓу Грција и Југославија и кога се воделе разговори за уредување на тие односи, неколку грчки весници се занимавале со македонското прашање. Така солунскиот весник „То фос“ во својот број од 30 април 1950 год., пишува: „Пред сите разговори ќе треба да се распушти вештачката скопска држава. Не постои македонска држава, не постои македонска нација. Тие се создадени според московската политика, за да се обезбеди доаѓањето на Словените во Солун.“

Весникот „Неа алитија“ во број од 6 септември 1952 год., по повод доаѓањето на грчката парламентарна делегација во Југославија, го објавува отвореното писмо на Каквос во кое се вели: „И обрнуваме внимание на нашата делегација, да настојува да се прекине со емисиите и другите публикации на Југославија, во кои се зборува за наводна независна држава Вардарска Македонија со главен град Скопје. Таква пропаганда е во корист на бугарските претензии, а исто така ја внесува и големата грешка направена со создавањето не една држава, која станува пречка за соработка помеѓу двете земји“. Истиот весник во бројот од 30 јануари 1953 год., во статија под наслов „Нашите дипломати и скопската држава“, ја открива вистинската позадина на сите овие грчки напади вперени против постоењето на НР Македонија. Ако се признае постоење на НР Македонија, тогаш ќе треба да се признае и постоење на македонска нација, тогаш и „славофоните“ во Грција ќе треба да се признаат како дел од таа нација, како македонско национално малцинство.

По повод воспоставувањето на грчко-југословенските дипломатски односи и зближувањето помеѓу двете земји, весникот „Етникос кирикс“, пишува: „Ние би требале поради многу причини да бидеме резервирани кон фактот на грчко-југословенското зближување... Стравуваме поради тоа што однапред, се знае дека Грција нема и не ќе може слободно да преговара за низа прашања што треба да се решат помеѓу двете земји. Меѓу нив е и прашањето на македонското малцинство, кое зборува на словенски јазик“.

Повеќе пати за врема на 1980-тата год., владата на Грција упатувала предупредувања до прекуокеанските официјални служби во врска со

признавањето на македонската националност.[212] По повод изјавите на министерот Константин Стефанопулос во грчкиот Парламент, весникот „Вима", пишува: „...прашањето за Славомакедонците, како малцинска група во Грција е завршено... Инаку, во рамките во кои навистина постоеше една група, која би можела да се окарактеризира како славомакедонско малцинство, треба да се додаде дека таа ја напушти земјата за време на внатрешните неприлики во Грција... Упорниот став на извесни југословенски кругови дека во Грција постои проблемот за македонското национално малцинство не придонесува за грчко-југословенското пријателство... ".[213] Во ист контекст заменик-министерот за надворешни работи во хунтската влада, во март 1973 год., изјавува: „Главната причина за застојот во југословенско-грчките односи се извесните провинциски елементи во Југославија, односно формирањето на вештачка (македонска) нација".

Во атинскиот месечник „Схолиастис", бр.1/89, г-ѓа Елефтерија Панагиопулу објавила статија со наслов „Националистите и жителите на Скопје-Циганите", во која таа бара да се стави крај на дискриминаторската политика против Македонците и укинување на нечовечките правни акти, насочени кон Македонците. Во друг весник истиот автор Македонците ги нарекува „Палестинци на Европа".

3.6. Грција во периодот на политичка стабилност

Политиката на негирање на Македонците и постоењето на македонско национално малцинство продолжија и во периодот на демократска стабилност во Грција, период кога на власт дојде Караманлис и неговата Нова демократија 1974-1990 год. Со поддршка на големиот број граѓани, Караманлис создаде ново

---

[212]Грчките власти испратиле протест до американскиот амбасадор кој, во тогашната СФРЈ, при една посета на Македонија, изговори неколку реченици на „непостоечкиот" македонски јазик. Иста таква нота грчката власт испратила и до Папата Јован Павле II, прекорувајќи го за тоа што упатил новогодишни и божиќни честитки на истиот „непостоечкиот" македонски јазик. Во 1986 година поранешниот министер за Северна Грција, Н. Мартис испратил писмо до австралискиот премиер, Боб Хок, насловено како „Фалцификат за историјата на Македонија" во кое тој го одрекува постоењето на македонската националност. Џон Шеј, стр.125;

[213] *Нова Македонија*, Скопје, број од 9.II.1978 г.;

политичко опкружување и како неопходен чекор по укинувањето на монархијата, на 9 јуни 1975 год., го донесе Уставот на Република Грција. Во тој период, поточно во мај 1979 год., Грција ја потпиша спогодбата за прием во Европската Унија. Тоа се случи на 1 јануари 1981 год. На изборите одржани во октомври 1981 год., ПАСОК ја добива власта. Во последните децении на XX век, во Грција и понатаму опстојуваат старите политички навики и старите проблеми. На власт биле Нова демократија и Константин Мицотакис.

Македонското прашање повторно ги разбуди „заспаните“ духови во Грција по прашањето на името Македонија, наговарајќи ја меѓународната јавност дека тоа ги изразува територијалните аспирации кон истоимената грчка провинција. Грција живеела со стравување дека постоењето и маѓународното признавање на македонската нација, може повторно да го охрабри „малубројното славофонско малцинство во Грција, да бара негово признавање како национално малцинство“. Грција упорно одбивала да признае дека во земјата постои било какво етничко или религиозно малцинство. Министерот за надворешни работи Антони Самарас, во 1991 год., изјавил дека Грција никогаш нема да признае држава која се вика Македонија. И така, повторно започна антимакедонската кампања на грчката влада. Мицотакис лобирал кај своите европски пријатели, убедувајќи ги дека треба да ја прифатат неговата тврда линија во односите со Македонија. Овие закани на Мицитакис во декември 1992 год., биле поткрепени со масовни протести во Солун и Атина.

За положбата на македонското национално малцинство во Грција по април 1993 год., за економското ембарго и современите спорови ќе зборувам подолу-во делот за современи состојби.

4. РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

4.1. Македонското национално малцинство и македонските етнички предели во Албанија

Македонското национално малцинство во Албанија се појавува во оној час кога беше создадена албанската држава. Тоа се случи на 27 ноември 1912 год. На Конференцијата на амбасадори во Лондон во 1913 год., кога се определени границите на Албанија, неколку етногеографски предели[214] од Македонија ѝ припаднаа на Албанија. Поради тоа што територијата на Македонија и Албанија се соседни, а населението во пограничните реони етнички измешано, при непостоење на македонска држава, како последица на определувањето на границите на новосоздадената албанска држава, дојде до тоа еден мал дел од македонскиот народ да биде принуден да живее во границите на Албанија.

Во 1923 год., помеѓу Албанија и Грција беше постигната спогодба за определени корекции на границата помеѓу нив, со која 14 села од реонот Мала Преспа, исклучиво населени со Македонци ѝ беа отстапени на Албанија.[215]

Уште едно разграничување било извршено во 1925 год., помеѓу Албанија и Кралството на СХС. Манастирот „Св. Наум“, на брегот на Охрдското езеро, кој до тогаш влегувал во составот на Кралството СХС, како значаен споменик на

---

[214]Етничките предели на Македонија во границите на Албанија се: 1.ГОРИЈА (североисточно од Корча до Билишта и Трстеник на албанско-грчката граница во правец на Костур); 2. ДОЛНА ПРЕСПА (на југ од Преспанското Езеро); 3. Дел од ОХРИДСКО-СТРУШКИОТ предел (југозападниот дел, западно од градот Подградец); 4. ГОЛО БРДО (југозападно од Дебар, наречен и Горни Дебар); 5. Дел од ГОРА (северно од Пришкопеја помеѓу десниот брег на Црн Дрим и југословенско-албанската граница, чиј втор дел е на југословенската територија, југозападно од Призредн до Шара и Кораб). Д.К. Будимовски, *Македонците во Албанија,* НИО Студентски збор, Скопје, 1983, стр.70;

[215] Тоа се следните села: Верник, Заградец, Видова, Капешница и Трестеник, кои до тогаш влегувале во Костурскиот округ, и селата Глобочани, Горна Горица, Долна Горица, Туманец, Церје, Шулин, Пустец, Леска и Зрновско кои дотогаш влегувале во составот на Леринскиот округ. Во 1913 год. овие села потпаднале под грчка власт, за по десет години, односно во 1923 год. да и бидат отстапени на Албанија. Така се трампала македонската земја и македонското население. Фуснота во: Д.К. Будимовски, ..стр.61;

Словенството, а над 20 села од Дебарско, од реонот Голо Брдо и беа предадени на Албанија.[216]

Покрај споменатите села, Македонците во помала или поголама група живеат и во некои албански градови. Бугарскиот научник Јордан Иванов, наведува податок дека Македонците во две маала во градот Корча во 1888 год., отвориле свое словенско училиште во кое учеле 40 ученици. Миграционите движења, исто така придонеле за раселување на одреден број Македонци и нивно населување во некои албански градови.[217] Така, 1,77% од етнографската територија на Македонија се најде во политичките граници на соседна Албанија, а тоа е 4,19% од цела албанска територија.

Најстарите податоци за македонското население на територијата на Албанија датираат од пред неколку века. Британскиот вицеконзул Г. Ц. Блунт во книгата „Населението во Битолскиот вилает", објавена во 1897 год., дава податоци за бројот на Македонците во некои македонски етнички предели во Албанија-Корчанскиот предел, во реонот Билишта и во пределот Голо Брдо (нецелосни податоци). Тој македонското население го дели на три категории, и тоа: Македонци-православни, мешани Македонци и Македонци-муслимани. Иако некомплетни и до одреден степен неточни, според Блунт во 1897 год., бројот на Македонците во Албанија изнесувал 11.225.[218]

Бугарскиот етнограф Васил К´нчов во книгата „Македонија-етниграфија и статистика", дава статистички податоци за бројот на Македонците што живееле

---

[216] Тоа се следниве села: Клење, Стеблево, Смолник, Требиште, Пасинки, Борово, Врбница и др. Многу жители на тие села не сакајќи да бидат под власт на Албанија се иселија во Дебар, Скопје, и во некои други места во Југославија, но мнозинството не успеа во таа своја намера. Фуснота во: Д.К. Будимовски, *Македонците во Албанија*, ... стр.69;

[217] Покрај наведените македонски етнички предели, во Албанија постојат и етнички оази на македонското малцинство. На север од Дебар по долината на Црни Дрим кон Пишкопеја, се на север до Кукс каде можат да се сретанат населби во кои живеат Македонци. Кај Валона е реката Бистрица покрај која се некои села со словенски имиња во кои се среќаваат Македонци. И централна јужна Албанија, околијата на Берат е населена и со Македонци. Како од Берат и околијата така и од споменатите етнографски предели во Албанија и од сите македонски оази ширум Албанија, многу Македонци се доселиле во поголемите градови: Елбасан, Драч, Скадар, Ѓирокастро, а особено многу Македонци мигрирале во Тирана. Исто, стр.74-75; Поповски Т., лок.цит.. ..стр.241;

[218] Блунт, изнесувајќи ги бројките на Македонците во етничките предели во Албанија, во категоријата Македонци ги вбројува и православните и исламизираните Македонци, односно мешани (mixed) Македонци. Ибид. стр.77-78; Поопширно за Битолскиот вилает во: Gl. Elezovic, *Kratka istorija Bitoljskog vilajeta*, Brastvo XXVII, Beograd 1933, str.190-244;

во Отоманската империја, според организираната администрација на тогашната Османлиска држава. Според К´нчов, бројот на Македонците во некои македонски предели кои во 1913 год., се нашле во границите на Албанија, изнесувал 7.102. Сепак, овие податоци треба да се земат со резерва, бидејќи во својата статистика К´нчов, Македонците ги смета за Бугари.

Поконкретни податоци за бројот на Македонците од подрачјата што денес се наоѓаат во политичките граници на Албанија датираат од поодамна. Меѓутоа, не можат да се изнесат стопроцентно прецизни податоци за бројната состојба со малцинствата во Албанија, поради тоа што официјалните органи на Албанија доцна или воопшто не ги објавуваат. Причините за тоа се многубројни, но некои од нив лежат во напорите што Албанија ги правела за да ги заобиколи прашањата за националната структура на Албанија и настојувањата немуслиманското население да го асимилира. Во официјалните публикации на државната статистика *„Vjetari statistikor“*, може да се најдат податоци за сé и сешто, но не и за националната структура на населението. Со оглед на фактот дека постоењето на македонското национално малцинство во Албанија официјално се признава, не би требало да постои причина за прикривање на нивниот број. Повремено, постои една тенденција на официјално минимизирање на бројот на Македонците во Албанија.

Меѓу двете светски војни одредени научници и истражувачи се обидувале да го утврдат бројот на југословенското, односно македонското малцинство во Албанија. Д-р Борис Петков во една статија објавена весникот *„Македонија“*, ги изнесува своите истражувања за Македонците во Албанија. Во своето истражување тој опфатил 30 македонски села во Албанија и го утврдил следниот број на Македонци: 75.000 православни-Македонци и 20.000 исламизирани Македонци чиј мајчин јазик е македонскиот. Така според Петков, во 1932 год., во Албанија живееле 27.500 Македонци.

Миленко С. Филиповиќ, во својот труд *„Голо Брдо“*, дава статистички податоци за жителите на Голо Брдо, на другата страна на југословенско-албанската граница. Бидејќи наведува податоци за 27 села и 2.320 семејства со по

4-5 члена, според овој автор бројот на Македонците (југословени) во Голо Брдо изнесува 9.280.[219]

Југословенскиот научник Л. Трњегорски во книгата *„Југословенските малцинства во соседните земји"*, изнесува делумно поточни податоци за бројот на македонското национално малцинство во Албанија од предходните. Според овој автор, во македонските етнички предели, бројот на Македонците е следен: Голо Брдо-над 20.000 Македонци; Горија (Корча)-околу 20.000; Мала Преспа-над 4.000 до 5.000 Македонци, или вкупно 44.000-45.000 Македонци.[220]

Според податоците во книгата на д-р В. Ортаковски *„Малцинствата на Балканот"*, во 1928 год., на малцинствата во Албанија им припаѓале вкупно 185.000 лица, или 22,29% од вкупната популација. Од нив 65.000 или (7,83%) биле Срби и Црногорци, 55.000 или (6,62%) Аромани-Власи, 50.000 или (6,02%) Турци и 15.000 или (1,8%) Грци.[221] Македонците, чие постоење во тој период било негирано од албанските власти во овие податоци не фигурираат.

Помеѓу двете светски војни, хрватскиот научник Божидар Муговац во својата книга *„О Албанцима и о Албанији"*, во поглавје насловено како „Колку и какви народи", пишува: „Во Албанија живеат нешто повеќе од милион луѓе, од тоа преку 4/5 (82,2%) се Албанци. Народ, кој се чувствува како Срби пред десет години биле 65.000, а сега сигурно ги има нешто повеќе...".[222]

Според неколку пишувања од различни автори за бројноста на македонското национално малцинство во Албанија, повеќето од нив алудираат на

---

[219] Пошироко во Д.К. Будимовски, *Македонците во Албанија, ...* . стр.85,

[220] За податоците од овој автор треба да се напомене дека во своето статистичко прикажување на бројноста на населението во Албанија не изнесува податоци за бројот на Македонците во етнички предели каде што тие реално живеат (Охридско-струшкиот предел и пределот Гора. Втора работа што е исто така важна за овој автор, е фактот што тој за сите југолсовенски малцинства што живеел во Албанија вели дека се Срби, и за Македонците и за Црногорците. Подетално во Д.К. Будимовски, стр.85-86;

[221] Ортаковски В., лок.цит.,... ..стр.191;

[222] Божидар Моговац, како што и самиот истакнува статистичките податоци во својата книга ги наведува според д-р Милан Шифлај, за кој тој лично смета дека е еден од најголемите албанолози во светот. Како и предходната забелешка, така и за овој автор треба да се истекне дека Македонците во тој период на Кралството СХС, т.е. македонските етнички предели и Македонците како малцинство во Албанија ги смета за Срби.

бројка од 60.000 Македонци.[223] Тој податок, според Д. К. Будимовски се потврдува со податоците за Албанија дадени во Поморската енциклопедија. Според неа во делот за населението на земјата стои дека: „Албанците сочинуваат 82% од населението, голем број се Срби (65.000), Арумуни (55.0000), Турци и Грци... По вера најмногу има муслимани (65%), потоа православни (21%), католици (10%); православните се населени на југ, католиците на север, а муслиманите низ целата земја".[224] Енциклопедијата на Лексикографскиот завод на ФНРЈ, издадена во Загреб 1955 год., бележи дека: „Според пописот од 1941 год., Албанија имала 1.105.000 жители, а според проценката од 1951 год., 1.210.000 жители; од тоа Албанци се 82%..., Православни 21%, Католици 10%, а Муслиманите 65%".[225]

Пропагандната политика на Енвер Хоџа се гледа во објавените статистички податоци за 1955 год. Според нив, 92% од населението во Албанија е албанско, само 2% од населението во јужна Албанија е со грчко потекло, додека сите други малцинства се со незначителна бројка. Иако официјалното албанско раководство не го негира постоењето на македонското национално малцинство во Албанија, сепак минимизрањето на неговиот број (кој се заснова на објективниот приод во политиката кон малцинствата), го намалува неговото значење. Во една прилика Енвер Хоџа изјавил дека, бројот на Македонците во Албанија е колку една задруга, распространети во девет села и ги уживаат сите права утврдени со Уставот на НСР Албанија.[226]

Ваков пристап во прикажување на националната структура на Албанија имал и авторот на книгата *„Албанија и Албанците"*, Рамадан Мармулаку во која

---

[223] Целата територија на денешна Албанија е прошарана со топоними со словенско потекло, што претставува сигурен доказ дека на тие подрачја живееле Словени, а најверојатно тие места се именувани со самото доселување на населението, бидејќи не било затечено население со што би се зачувало старото име на населеното место. Поранешните географски карти сведочат дека постоеле поголем број на топоними отколку денес. Еве некои топоними од словенско потекло: Широк Брег, Голо Брдо, Плашевица, Горица, Берат, Подгорје, Пештер, Корито, Каменин, Каменица, Зеленин, Луково, Борич, Белица, Бистрица, Дворани итн., Повеќе во *„Stanovništvo slovenskog porjekla u Albaniji,,*-Zbornik radova sa međunarodnog naučnog skupa održan na Cetinju 21, 22, 23 juna 1990 godine.

[224] Поморска енциклопедија, изд. Лексикографски завод на ФНРЈ, Загреб, 1954; во Д.К. Будимовски, стр. 89-90;

[225] Енциклопедија на Лексикографскиот завод на ФНРЈ, Загреб, 1955 г.-во одредницата за Албанија. Исто;

[226] Изјава на Енвер Хоџа на Седмиот конгрес на Албанската партија на трудот во 1976 година, Списание „Дрита" од 12.VI. 1977;

наведува дека Албанија во 1975 год., има 2.226.000 жители од кои 95% се етнички Албанци, а во 1961 год., имало 40.000 или 2,4% Грци, 15.000 или 0,9% Македонци и Црногорци, 10.000 или 0,6% Власи и околу 10.000 Роми. Во проблематичната статистика на Мармулаку, интересно е што според него бројот на Македонците е пет пати поголем од оној број со кој оперира официјалната албанска информатика за потребите на меѓународната јавност.

Во документите на ООН од југословенска страна излегле податоците дека во Албанија живеат околу 100.000 припадници на југословенското национално малцинство и тоа, околу 60.000 Македонци, до 20.000 Срби и Црногорци, потоа 17.000 доселеници од Босна и Херцеговина со словенско потекло (Бошњаци) и Хрвати и Горанци за чија бројност нема доволно податоци. Наспроти овие податоци, албанската страна располага со други податоци, кои исти така, се презентираат пред ООН.[227] Според албански официјални извори бројот на малцинствата во Албанија во 1956 год., изнесува само 5.566, односно 0,4% од вкупното население на Албанија. Од ова треба да се има во предвид дека, меѓу признатите малцинства во Албанија се само Македонците и Црногорците, кои се прикажани како Словени. Со пописот на населението во Албанија од 1979 год., евидентиран е уште помал број на припадници на националните малцинства од словенско потекло, само 4.163 или 0,2% од вкупното население.

Според официјалните резултати од пописот на населението во Албанија од 1989 год., во Албанија живеат 3.182.417 жители. Бројот на припадници на националните малцинства почнувајќи од 1960 до 1989 год., се движел вака: 1960 год., бројот на националните малцинства изнесувал 44.570 или 2,7% од вкупното население. Во 1979 год., 54.687 или 2,1% од вкупното население. Во 1989 год., тој изнесувал 64.816 или 2,0% од вкупното население. Последните официјални податоци за бројот на припадниците на националните малцинства во Албанија се податоците од Пописот на населението и домаќинствата од 1989 год., според кои националните малцинста се регистрирани според округот во кој живеат. Така, 64.816 припадници на националните малцинства, се распоредени: во Ѓирокастро 20.395 житли, во

[227] Zorica Radović, Položaj jugoslovenske manjine u Albaniji, во *„Stanovništvo slovenskog porjekla u Albaniji„*- Zbornik radova...;

Саранда 36.773, во Корча 4.706, во Тирана 852 и во други градови 2.090 припадници на национални малцинства.[228]

Според резултатите од Пописот на населението спроведен на 1 април 2001 год., во Албанија живетат 3.087.159 жители.[229]

Според *nationmaster.com*, електронска база на податоци и профили на држави, според пописот од 1989 год., 95% од населението во Албанија се Албанци, 3% Грци, и 2% други (Власи, Роми, Срби и Бугари).

Една од причините за варирање на бројот на македонското национално малцинство во Албанија во периодот од Османлиската империја до поново време е бројот на исламизираните Македонци кои во одреден период, поради асимилаторската политика на албанските власти се декларирале како Албанци. За време на Османлиската империја во Македонија била исламизирана 1/10 од македонското население, а голем дел од исламизираното население било од западните краишта на Македонија кои подоцна потпаднале под албанска власт. Во Источна Македонија исламизираните Македонци се познати како „Помаци", а во Западна и Северо-западна Македонија на Шара, како „Торбеши". Во определени периоди, токму ова население било мета на албанската асимилаторска политика.

4. 2. Положбата на македонското национално малцинство во Албанија

На почеток е важно да се истакне фактот дека Албанија во 1921 год., во периодот на нејзин прием во Друштвото на народите, презеде низа ригорозни и прецизни обврски за заштита на малцинските групи, во рамките на своите политички граници, и тоа преку едностарна декларација, и примена како *condicio sine qua non* во Друштвото на народите.[230] По завршување на Втората светска војна

---

[228] The 1989 Population and Housing Census in Albania, publication of the Statistics Department.

[229] Results that the Albanian Population registered on April 1, 2001,<http://www.instat.gov.al/repoba/English/Results.htm

[230] Неопходно е да се спомнат историски заборавените востановени права на националните малцинства во Албанија. Во актот за приклучување на Албанија во Друштвото на народите на националните малцинства и се гарантираат следниве права: еднаквост пред законот; забрана на дискриминација по основ на национална, расна, верска и јазичка припадност; право на употреба на малцинскиот јазик во јавниот сообраќај; право на настава на мајчин јазик во градовите, особено каде што станале бројни малцински групи; паво на основање на верски и социјални установи.

и конституирањето на НР Македонија како федерална единка во рамките на југословенската федерација, сите активности се остваруваат на релација, Албанија-СФРЈ-СРМ.

Положбата на македонското национално малцинство во Албанија може да се подели во неколку фази. Во првата фаза која го опфаќа периодот од создавењето на албанската држава до крајот на Втората светска војна, воопшто не биле признаени правата на македонското малцинство. Во овој период вршена е асимилација и било забрането да се зборува на македонски јазик, бидејќи во училиштата се зборувало само на албански јазик.

По завршување на Втората светска војна во периодот 1944-1948 год., кога Македонија била во рамките на ФНРЈ, беше признаено македонското национално малцинство. Тогаш биле отварани училишта во кои се учело на македонски јазик. Било дозволено учители од Македонија да одат и да работат во македонските училишта во Албанија. Според искажувањата не еден од тие учители, Тоде Јовановски, во 1945 год., во Албанија биле формирани 13 македонски училишта, во 13 села во кои живеело чисто македонско население.[231] Работата на учителите што биле дојдени од НР Македонија се одвивала нормално, бидејќи нивната дејност била помогната од албанската влада.

По Резолуцијата на Инфорбирото во 1948 год., Македонците во Албанија ја изгубија културната автономија. На малцинствата им биле одземени сите права, македонските учители биле протерани итн. Дел од Македонците под изговор дека

---

[231] Во село Врбник (67 куќи со 381 жител) работело македонско училиште со 56 ученика со кој раководел учителот Цина Кикец, кој бил упатен од Министерството за образование на НР Македонија. Постоела и мала библиотека со книги, списанија и брошури на македонски и на албански јазик; во селото Церје (19 куќи со 174 жители) отворено е македонско училиште во 1945 год., во кое биле запишани 34 ученика, а работело под раководство на учителот Тодор Јовановски кој дошол од Македонија. Благодарејќи на напорот на учителот започнал да работи курс за описменување на селаните; Во селото Зрновско (22 куќи 148 жители) добило училиште 1945 год., во кое се запишале 37 ученици. Улогата на учител ја обавувал Борис Малевски, албански државјанин, но Македонец по националност. Во село Леска (10 куќи со 64 жители) немало училиште, така да учениците настава посетувале во Пустец (75 куќи со 183 жители). Поранешното албанско училиште во Пустец било претворено во македонско училишПте во 1945 година, а учител бил Никола Беровски. Селото Сулин, едно од економски најсиромашното (58 куќи-25 по Вр.С.в), имало македонско училиште во кое учеле 28 ученици. Училиштето го водел Петар Поповски од Егејска Македонија. Селото Глобочани на брегот на Преспанското езеро и предходно имало училиште на албански јазик, додека македонската била отврена во 1945 год., за да биде укината во 1947 год.,. Во него работел учителот Јован Петровски, од Егејска Македонија.. ..Izveštaj o položaju makedonskih sela u NR Albaniji, 4 fevruari 1948, ACKSKJ, IX.8-V/317;

се шпиони и југословенски соработници биле малтретирани. Во тој период се одвивал интензивен процес на албанизација на Македонците-муслимани, на кои им биле менувани имињата и презимињата и биле принудени да посетуваат албански училишта и да учат на албански јазик.

Големата изолираност на Албанија, која резултираше со забрана за излегување и влегување во земјата на роднини и блиски на македонското национално малцинство, но и на сите југословенски малцинства, резултираше со интензивен процес на асимилација, кој подоцна ќе ѝ послужи на Албанија во официјалното толкување на малцинската политика и статистика. Министерството за надворешни работи на ФНРЈ до владата на НР Албанија на 14 октомври 1948 год., испраќа нота по повод присилното задржување на југословенските граѓани и самоволното постапување на албанските власти и бара албанската влада да изврши репатрицијa на овие граѓани. Албанската влада овие граѓани ги сметала за албански државјани, бидејќи гласале на изборите од 2 декември 1945 год., „на тој начин тие ја изјасниле својата волја за прифаќање на албанско државјанство, а албанскиот правен систем не дозволува албански државјани да имаат друго државјанство“ и поради тоа не може да ги репатрира во Југославија.

Систематското задушување на националниот идентитет на своите граѓани со различно потекло и јазик, Албанија го подига на ранг на државен проект. Укинување на училиштата на малцинските јазици, систематско и планско раселување на неалбанското население ширум земјата, формирање на специјални резервати и сл., биле само некои од познатите мерки на албанската политика на внатрешен план. Процесот на програмирана денационализација во Албанија плански и функционално се одвива по зацртана линија од 1948 год., па сé до поново време, со непрекинат континуитет.

Првиот службен документ во Архивот на Сојузниот секретаријат за надворешни работи по Втората светска војна, кој директно се однесува на македонското национално малцинство во Албанија, е извештајот на тамошниот југословесни дипломатски претставник од март 1949 год. Во тој извештај, дипломатскиот претставник зборува за националната структура на Албанија, односно за македонските етнички предели. На крај од извештајот југословенското

претставништво критички се осврнува на работата на претходните дипломатски гарнитури во Албанија, поради нивниот негативен однос кон малцинските проблеми, апелирајќи да се преземат мерки за корекција на дотогашната пракса.

На 9.07.1946 год., помеѓу ФНРЈ и НР Албанија бил склучен Договор за пријателство и заемна соработка. Во шест точки биле формулирани важни прашања за идната соработка меѓу двете земји. Апострофирани се следниве прашања: јакнење на пријателството, обезбедување на независност, унапредување на мирот во овој дел на светот. Во наведените прашања воопшто не е третирано прашањето за положбата на југословенските национални малцинства кое живее во Албанија. Во чл. 5 од Договорот предвидена е обврска дека, културните и другите врски ќе се воспоставуваат по пат на посебени договори. Таа обврска не е реализирана.

Југославенското дипломатско претставништво во Тирана, во еден строго доверлив извештај од 10.11.1954 год., зборува за тешката положба на југословенското (македонското) малцинство во Албанија, наведувајќи пракси на силен притисок од различен вид. Во уште еден доверлив извештај на југославенското дипломатско претставништво во Албанија, од јануари 1957 год., на многу едноставен, аналитички начин е претставена положбата на македонското национално малцинство во реонот Мала Преспа. Наведувајќи ги веќе споманатите состојби по Резолуцијата на ИБ од 1948 год., во вториот дел на извештајот се зборува за проблемот на егејските Македонци кои се нашле на територија на Албанија по напуштање на своите домови во Егејска Македонија по познатите случувања таму. Според сознанијата на Претставништвото, во тоа време во Албанија се наоѓале 900 луѓе, чија состојба била очајна. Околу 300 од нив, наводно биле слободни, а под „слободни“ се подразбира раселени низ цела Албанија, каде работат најтешка работа, дури по 12 часа дневно за бедна плата. Останатите се по затвори и логори, а тие кои се на „слобода“ поминале низ затворско-логорски

третман. Во извештајот се наведува дека во прогонот на овие Македонци, освен албанската полиција, активно соработува и Комунистичката партија на Грција.[232]

По презентирање на југословенската Бела Книга во ООН, во шеесетите години, настапува вториот бран на обесправување на југословенското (македонското) национално малцинство во Албанија. Отворен е процес на систематска албанизација, кој ги ограничил националите, етничките, културните и другите права. Припадниците на малцинствата биле лишени од можноста да комуницираат на било каков начин со своите земји матици. Во албанските средства за информирање постојано се објавувале текстови во кои тенденциозно се прикажувале правата и положбата на албанското малцинство во Југославија.

Оргиналните „бисери" на албанската државна политика, како што се фамозните Декрети: Декретот за укинување на религијата[233]од 1968 год., и Декретот за промана на неприкладните имиња и презимиња од 1966 год., со кој родителите се обврзуваат на своите деца да им стават современи и револуционерни (илирски) имиња, се само доказ повеќе за тоа дека, по секоја цена се барал начин за присилна албанизација на сé што нама албански народен корен. Познато е дека црквата отсекогаш била центар на образование и заштитник на националниот идентитет, па според тоа и овој акт е насочен во асимилаторска функција.

Третиот асимилаторски бран на македонското национално малцинство во Албанија, почнува со донесување на Уставот на Народна Република Албанија во 1976 год. Во него, се спомнуваат националните малцинства на кои им се гарантира заштита и развој на културата и народната традиција, употребата на мајчиниот јазик и негово изучување во училиштата. Во тој период доаѓа до подобрување на меѓудржавните односи и интензивна меѓусебна соработка меѓу Југославија (СРМ)

---

[232] Извештајот го потпишале: атеше Радивоје Генич и дипломатскиот пратеник Арсо Милановић за чиј дипломатски мандат се појавиле сите овие извештаи кои се однесуваат на малцинставата во Албанија. ASSIP, PA, F-3, pov. Br.41999, Исто;

[233] Црковните згради беа затворени или пренаменети за други потреби. Во септември 1967 година албанската влада објави дека ги затворила сите религиозни згради, меѓу кои 2169 цркви, џамии, манастири и други институции. Од нив 630 ортодоксни цркви биле срамнети со земја и приближно иста толкава бројка биле пренаменети за други потреби. Религиозните празници и приватното верско испитување беа забранети. Албанските власти ги конфискуваа од поединците нивните лични крстови, икони и библии. Религиозните водачи биле јавно обвинувани, бричени, протерувани, затворани и убивани. Ортаковски В.,.. ..стр. 300-301;

и Албанија. Во сето ова се манифестира една диспропорција меѓу прокламираното и реално остварено, што дава право повторно да се зборива за смислена асимилирачка политика, бидејќи ниту еден од претходно донесените декрети не бил ставен вон сила, туки продолжила нивната примена.

Првото јавно албанско признавање на македонското национално малцинство во Албанија потекнува од 1976 год., и тоа по дипломатски пат, кога амбасадорот на Албанија во писмо до УНЕСКО, изјавил дека, „во НР Албанија постои македонско национално малцинство.“[234]

По смртта на Енвер Хоџа, во април 1985 год., дојде до обновување на црквите и џамиите во Албанија, како културни споменици и туристички знаменитости. Албанија постепено ги отвори границите за посетителите во и од Албанија, со што припадниците на националните малцинства можат да ги примаат и да одат на посета во соседните земји. По промената на општествено-политичкиот систем и отварањето на дотогаш најизолираната земја кон светот, и припадниците на македонското национално малцинство имаа можност да ги обноват контактите со своите роднини и пријатели во Република Македонија.

[234] Saša Stanojlović, „Danas„ Zagreb, 1982 g., str.33-34;

ТРЕТ ДЕЛ

СОВРЕМЕНИ СОСТОЈБИ

(1991-2006)

ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Македонското прашање во никој случај не е ново во политиката на Балканскиот Полуостров. Секогаш кога ќе се покрене прашањето за македонското малцинство, се разгоруваат жестоки расправи. Невозможно е да се даде целосен приказ на еволуирањето на македонското прашање во текот на XX век, бидејќи историјата и нејзините толкувања лежат во основата на неразрешените тензии кои сé уште ги делат балканските народи. Македонското прашање е дел од поширокиот регионален проблем кој се однесува на „малцинското прашање" во Југоисточна Европа-со оглед на тоа што градењето на нациите во регионот придонесе за маргинализација на различни групи на Балканот. Се разбира, политиката на етничка хомогенизација не е карактеристична само за овој регион, меѓутоа постои нагласена разлика меѓу актуелните меѓународни тенденции и правецот што го следат многу балкански држави. Решенијата на „националното прашање" на Балканот по 1945 год., станаа важен дел од комунистичкиот проект за легитимитет. Колапсот на комунистичките режими во 1989-1990 год., покажа дека, иако комунизмот беше способен да ги држи под контрола националните соперништва, тој не понуди долгорочни решенија за овие прашања. Како што различните националистички агенда беа вградувани во регионалната национална историја, во учебниците, песните и народната традиција, така тие постепено создаваа „измислени традиции"[235] што ќе бидат усвоени во јавните предавања, националните празници, официјалните истории и другите форми на „баналниот национализам"[236]. Колективното сеќавање, создадено и оддржувано со секојдневно репродуцирање на таквите национални „комеморации"[237], сега е една од главните пречки за изнаоѓање меѓусебно прифатливи решенија за повеќето различни политички проблеми поврзани со македонското прашање.

---

[235] Бенедикт Андерсон, *Замислени заедници*, Скопје, Култура, 1998 (Benedict Anderson, *Imagined Communities,* London: Verso, 1991);
[236] Терминот „банален национализам" тука е усвоен од *Banal nationalism* на *Michel Billig*, London, 1995;
[237] John R.Gills (ed.), *Commemorations: The politics of National Identity*, Princeton: Princeton University Press, 1994;

Всушност, колективното сеќавање го попречува создавањето непристрасни решенија за македонското прашање и ревидирање на некои од најнационалистичките погледи кои сé уште опстојуваат во балканската литература. Научното пишување на оваа тема одамна се карактеризира со политички и националистички предрасуди кои го одложија развојот на општествено-научните становишта за етничките и националните контраверзии во врска со „Македонија".

Поновите тенденции во проучувањето на македонското прашање одразуваат еден нов правец, како во политиката во регионот, така и во рамките на политиката на академскиот свет. Тие исто така, одразуваат еден приод кон македонското прашање кој е видливо различен од оној кој беше применуван во XIX и во голем дел од XX век. Во многу аспекти, современата расправа за ова прашање ги носи белезите на општиот меѓународен контекст од крајот на XX век. Најновиот интерес за човековите права, за граѓанската еднаквост и за мултикултурализмот го трансформира она што пред Втората светска војна се сметаше едноставно прашање за прашање на национално самоопределување. Според тоа, сегашната фаза на македонското прашање не треба да се смета само како просто продолжување на старите расправи, туку и како одраз на меѓународните тенденции во однос на важноста на политиката на идентитетот во современиот свет.

Мојата првична намера беше да презентирам различни антрополошки, историографски и правно-политички видувања за прашањето. Набргу стана очигледно дека поделбата на трудот на различни сфери или домени би бил проблематична. Културата, историјата, политиката и правото се меѓусебно детерминирани и испреплетени. Кога научник ќе напише или ќе дискутира на тема за македонскиот етницитет или националност, во ист момент станува свесен дека неговата позиција ќе биде присвоена од различните страни инволвирани во оваа контраверзија.

Оттука, за потребите на овој труд, а со намера да се прикаже современото поимање на македонското прашање кое се ефектуира преку положбата и правата на македонското национално малцинство и современите „спорни прашања" со соседите во контекст на меѓународните тенденции, ќе се обидам да го анализирам преку меѓународниот мултилатерален правен инструмент-Рамковната конвенција

за заштита на национални малцинства на Советот на Европа, како единстено средство со востановени индикатори за мерење на положбата и правата на националните малцинства во Европа.

1. Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства

Положбата на националните малцинства е разгледувана во рамките на Советот на Европа на повеќе наврати во текот на повеќе од 40 години.

На 1 февруари 1998 год., влезе во сила ***Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа.*** Ова беше важна пресвртница, бидејќи Конвенцијата е првиот *правно обврзувачки мултилатерален инструмент што е посветен на општата заштита на малцинствата.*

Конвенцијата е резултат на одлука што е донесена на Самитот на шефови на држави и влади во Виена во октомври 1993 год . Во таа пригода тие се согласија дека националните малцинства што историските потреси ги создадоа во Европа треба да бидат заштитени и почитувани со цел на тој начин да се придонесе кон стабилноста и мирот. *Таа се повикува на Завршниот документ на средбата за човековите димензии во Копенхаген, 1990 год., на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (КЕБС) и на Декларацијата на ОН од 1992 год., за правата на лица што припаѓаат на националните или етничките, верските или јазичните малцинства.* Рамковната конвенција може да послужи како модел и правен индикатор за законодавството и практиките на земјите-членки на Советот на Европа и на земјите што се подготвуваат да станат членки во поглед на нивното третирање на малцинствата.

Конвенцијата може да се смета за најнов и најсеопфатен меѓународен стандард за националните малцинства и нивното донесување станува задолжително за земјите што поднесуваат барање да станат членки на Советот на Европа. Таа има морална и политичка сила и покрај тоа што истата сé уште не е ратификувана од некои земји.

Честопати поединците што припаѓаат на некое малцинство не може целосно да ги уживаат своите човекови права и слободи затоа што се дискриминирани врз основа на својот етнички, верски или јазичен идентитет. Меѓутоа, одредбите против дискриминацијата не се доволна гаранција дека малцинствата може да уживаат целосна и ефективна рамноправност. Забраната на дискриминација има за резултат рамноправност пред законот, но не ја гарантира фактичката рамноправност. Покрај тоа, потребни се и посебни права и мерки за заштита на малцинствата за надминување на моделите на дискриминација и за практична реализација на рамноправноста. Малцинските права се човекови права, тие постојат за да може малцинствата да ги зачуваат и развиваат својот идентитет, карактеристики и традиции. Единствено во таков случај може да се ужива целосна и делотворна рамноправност.

2. Содржина и толкување на РКНМ

Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства е првиот правно обврзувачки мултилатерален инструмент што е развиен за регулирање на општата состојба на малцинствата. Акцентот е ставен на заштитата на лица што припаѓаат на национални малцинства, кои што може да ги уживаат своите права индивидуално или во заедница со други. Се тврди дека заштитата на некое национално малцинство може да се постигне преку заштита на правата на поединеците што се припадници на малцинствот. Од друга страна, *Рамковната конвенција не е против воведување на колективни права,* ова претежно се смета дека е прашање на технички избор.

Преамбулата ги објаснува причините заради кои е изготвена Рамковната конвенција и обезбедува увид во „духот“ на спогодбата. Со неа меѓу другото се потенцира дека, „секое плуралистичко и вистински демократско општество треба не само да го почитува етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на секое лице што припаѓа на некое национално малцинство, туку треба и да создаде соодветни услови што ќе овозможат изразување, зачувување и развивање на таквиот идентитет“. Во неа, исто така, се изјавува дека, „создавањето на клима на

толеранција и дијалог е неопходно за овозможување културната различност да биде извор и фактор не на поделби туку на збогатување на секое општество".

Рамковната конвенција користи одредби од програмски тип. На државите им се дава „дискрециono право" да одлучат како ќе ги спроведат целите на Конвенцијата на домашно ниво врз основа на општествените прилики во своите земји.

Иако е точно, дека состојбата со малцинствата се разликува од една земја до друга и според тоа бара различни пристапи, постои опасност од рестриктивно токлување на општо формулираните цели и принципи од страна на некои од земјите што се страни во Конвенцијата. Покрај тоа, чл. 22 ја изразува поврзаноста на Конвенцијата со други меѓународни инструмент и им забранува на државите да ја употребуваат конвенцијата за намалување на постоечките стандарди. Конвенцијата треба да „се чита" заедно со останатите меѓународни инструменти за да се осигури дека се исполнува максималниот стандард за заштита што го нуди маѓународното право.[238]

Еден од најголемите проблеми во врска со толкувањето на Конвенцијата е изразот „национално малцинство". Конвенцијата не дава дефиниција за „национално малцинство". Тоа значи, дека не постои јасна спогодба за видовите групи што се опфатени со Конвенцијата. Во ст. 12 од Извештајот за објаснување се вели дека изготвувачите на Конвенцијата за ваков прагматичен пристап се одлучиле затоа што сметале дека не може да се формулира дефиниција која ќе биде општо прифатена од сите земји-членки на Советот на Европа. Треба да се забележи дека и кај останатите меѓународни организации не постои консензус за дефиницијата за „национално малцинство" или „малцинство". Ниту еден меѓународен акт на универзално ниво не содржи дефиниција за национално малцинство, ниту за малцинство воопшто. Единствен меѓународен, регионален инструмент, кој содржи дефиниција за национално малцинство, а нема *обврзувачки карактер е Препораката на Парламентарното собрание на Советот на Европа бр. 1202*, усвоена во 1993 год., според која:

---

[238] Alfredsson, Gudmundur and Melander, Göran, *A Compilation of Minority Rights Standards: A Selection od Tehts from International and Regional Human Rights instruments ant other Documents*, Raoul Wellenberg Institute for Human Rights and Humanitarian Law, Repport. 24, Lund, Sweden, 1997;

„За сите конвенции, изразот национално малцинство означува група на луѓе во една држава кои:

- живеат на територијата на една држва и се нејзини државјани;
- со таа држава одржува долготрајни и трајни врски;
- покажуваат посебни етнички, културни, верски или јазични карактеристики;
- застапена е во доволен број, но сепак помала по број од останатото население на таа држава или одредена област од таа држава; и,
- мотивирана со желба да го чува она што го конституира нивниот заеднички идентитет, особено нивната култура, нивната традиција, нивната религија и нивниот јазик".[239]

Сепак, како последица на тоа определен број држави при ратификација или потпишување на Конвенцијата може да издадат декларации што содржат дефиниција и/или ги идентификуваат групите што се опфатени во нивните земји или да изјават дека под нивна надлежност нема национални малцинства. Мнозинството држави не изготвија такви декларации, но преостанува да се види за кои групи ќе се применува Конвенцијата. Анализата на декларациите што веќе беа направени укажува на тоа дека постојат две главни категории на групи што некои држави сметаат дека треба да бидат исклучени: групите на лица без државјанство и емигрантите.

Определен број држави предвидуваат дека сите етнички, верски или јазични заедници ги уживаат правата предвидени со оваа Конвенција. Предноста на непостоење на дефиниција во Конвенцијата се состои во тоа што ниедна група не е однапред исклучена. Сé додека не постои дефиниција оставен е простор за водење дијалог. Функционалниот механизам за мониторинг може значително да придонесе кон надминувањето на опасноста од различни и рестриктивни толкувања на Конвенцијата.

Механизмот за мониторинг е предвиден во делот IV, чл. 24-26 на Конвенцијата. Тој предвидува дека Комитетот на министри на Советот на Европа врши мониторинг врз спроведувањето на Конвенцијата врз основа на извештаи што ги

[239] Tatalović, S., *Manjinski narodi i manjine*, Prosvjeta, Zagreb, 1997, str.17.

поднесуваат државите и дека Советодавниот комитет му помага на Комитетот на министри при вршењето на оваа задача.[240]

Државите што се страни во Конвенцијата во своите изваштаи треба да опишат како Конвенцијата се спроведува во нивните земји.[241] Советодавниот комитет прво ги разгледува овие извештаи и, правејќи го тоа, може исто така, да ги земе предвид доказите што се поднесени од други извори, вклучувајќи ги малцинствата и НВО. Механизмот за мониторинг не предвидува индивидуална жалбена постапка како што е случајот со Европскиот суд за човекови права.

Државите кои ја ратификувале Конвенцијата се обврзани да ги поднесат своите првични извештаи во рок од 12 месеци по влегување во сила на Конвенцијата во соодветната земја. Извештаите треба да содржат „целосни информации за преземените законодавни и други мерки за исполнување на принципите што се утврдени со Конвенцијата". Задачата на Советодавниот комитет се состои во прегледување на државните извештаи и во изготвување мислења за мерките што државите ги презеле за спроведување на Конвенцијата.[242] При оценувањето на некој државен извештај, Советодавниот комитет може да користи дополнителни информации за да добие целосна слика за спроведувањето на Рамковната конвенција. Комитетот на министри ги зема предвид и државниот извештај и мислењата на Советодавниот комитат. Тој донесува заклучоци за соодветноста на мерките што државата ги презема за спроведување на Конвенцијата. Тој може, исто така, да донесува препораки за државата и да утврдува временски рокови во кои што државата треба да обезбеди информации за тоа како тие ги почитуваат овие препораки. Препораките не се правно обврзувачки и не постои систем за санкционирање.

---

[240] Резолуција 97(10): Правила за спогодбите за мониторинг донесени од страна на Комитетот на министри, согласно со чл. 24 до 26 од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, донесена од страна на Комитетот на министрs на 17 сепември 1997 год., на 601-та средба на замениците министри.

[241] Нацрт за извештаите што се поднесуваат согласно со чл. 25, ст. 1 на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, донесен од страна на Комитетот на министри на 30 септември 1998 год., на 642-ата средба за замениците министри, ACFC/INF (98)1;

[242] Деловник за работа на Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства (ACFC/INF (98)2);

Како инструмент за одговор на целите на овој труд, ќе бидат анализирани извештаите на СР Југославија-Србија и Црна Гора, Република Бугарија, Република Грција и Република Албанија-членки на Советот на Европа, кои се потписнички на Рамковната конвенција.

Сојузна Република Југославија, подоцна Србија и Црна Гора, Рамковната конвенција ја потпиша на 11.05.2001 год., а стапи во сила на 01.09.2001 год.

Република Бугарија, Рамковната конвенција ја потпиша на 09.10.1997 год., ја ратификува на 07.05.1999 год., а влезе во сила на 01.09.1999 год.

Република Грција, Рамковната конвенција ја потпиша на 22.09.1997 год. Како членка на Советот на Европа и земја-членка на Европската Унија, Грција е една од малкуте земји која сé уште не ја ратификувала Конвенцијата за заштита на национални малцинства.

Република Албанија, Рамковната конвенција ја потпиша на 29.06.1995 год., а ја ратификува на 03.06.1999 год., со Закон бр. 8496. Стапи во сила на 01.01.2000 год.

„Тргнувајќи од уставната определба за грижата за положбата и правата на деловите од македонскиот народ, кои како национално малцинство живее во соседните земји, Република Македонија ќе продолжи да води политика што ќе се потпира врз меѓународните норми и чија основна цел и суштина се почитувањето на основните човекови права и слободи, а во тие рамки и слободите и правата на Македонците што како национални малцинства живеат во соседните земји. Република Македонија ова го сфаќа како прашање што може да се решава исклучиво со мирни и демократски средства и во духот на европските и на цивилизациските стандарди".

Декларација за суверена и самостојна Република Македонија (чл. 5), 17 септември 1991 год., бр.08-3786, Собрание на Република Македонија

„Републиката се грижи за положбата и за правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, го помага нивниот културен развој и ги унапредува врските со нив„.

Устав на Република Македонија (чл. 49), 17 ноември 1991 год.

Амандман I

1. *Република Македонија нема територијални претензии кон која било соседна држава.*
2. *Границите на Република Македонија можат да се изменат само во согласност со Уставот и врз основа на добрата волја , како и во согласност со општо прифатените меѓународни норми.*

Амандман II

1. *Во остварувањето на оваа грижа Република Македонија нема да се меша во суверените права на другите држави или во нивните внатрешни работи.*

Амандмани I и II на Уставот на Република Македонија, усвоени на 6 Јануари 1992 год.

1. СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА-СРБИЈА И ЦРНА ГОРА

(1991-2006)

Воведни напомени

Познатите случувања во 90-тите години на XX век-распаѓањето на СФРЈ, меѓународното признавање на независноста на Словенија, Хрватска и Македонија во 1991 год., го најавија почетокот на една ново-стара Сојузна Република Југославија, во чии состав останаа Србија и Црна Гора.

Сојузна Република Југославија постоеше до 4 февруари 2003 год., кога врз основа на Појдовните основи за преуредување на односите меѓу Србија и Црна Гора од 14 март 2002 год., Сојузното собрание ја усвои Уставната повелба на државната заедница Србија и Црна Гора, според која е предвидено СРЈ да се преименува во Србија и Црна Гора.[243]

Бившата СРЈ, а подоцна Србија и Црна Гора е сместеа во југоисточниот дел на европскиот континент и зазема површина од 102.173 км². Се граничи со осум држави: Унгарија, Романија, Бугарија, Албанија, Италија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Македонија. Една од особините на таа држава претставува шареноликиот етнички состав со значителен удел на голем број национални малцинства. Тоа можеби било причина СР Југославија (1992) во Уставот да не е дефинирана како национална држава.[244]

Составен дел на Уставната повелба е и *Повелбата за човековите и малцинските права и граѓанските слободи* кој е усвоена на 28 февруари 2003 год. Според Уставната повелба, името на новата држава, односно државите след-

[243]Ustavnu Povelju Državne zajednice Srbije i Crne Gore, Zakon o sprovođenju Ustavne povelje Srbije i Crne Gore, <http://www.info.gov.yu

[244] Чл. 1 од Уставот на СРЈ гласи:„Сојузна Република Југославија е суверена сојузна држава, заснована на рамноправност на граѓаните и рамноправност на државите-членки".
Во чл. 1 од Уставот на Република Србија (1990), се вели:„Република Србија е демократска држава на сите граѓани кои живеет во неа,.... ".
Слично решение содржи и чл. 1 од Уставот на Црна Гора (1992), во кој се вели дека Црна Гора е демократска, социјална и еколошка држава;

бенички на Сојузна Република Југославија е Србија и Црна Гора и таа се заснова на рамноправноста на двете држави членки, државата Србија и државата Црна Гора. Србија и Црна Гора се еднакви субјекти на меѓународното право, а државите членки можат да бидат членови на меѓународните глобални и регионални организации за чие членство не е услов меѓународниот субјективитет.[245]

Во периодот пред 2003, СР Југославија се соочуваше со бројни политички, економски и други проблеми (војните во опкружувањето, меѓународното ембарго, НАТО бомбардирањето во 1999 год., и др.), што заедно со ригидниот став на тогашната власт влијаеше положбата на националните малцинства да не биде на задоволително ниво. Иако во Југославија постоеше „долга" пракса на етничка толеранција и на сила беа правни акти, кои на националните малцинства им ги гарантираа одновните права, сепак во стварноста беа дозволени одредени аномалии, односно кршење на одредени законски и други норми. И кога беа утврдени прекршувања, тие не беа санкционирани на вистински начин. Секое спомнување на положбата на националните малцинства беше оквалификувано како неблагодатност на оние кои „ги уживаат сите права, како никаде во светот". Истовремено, изолацијата и самоизолацијата ја исклучија СРЈ од процес на глобализација, а со тоа ја прекинаа врската со новите трендови во меѓународните односи. Од анахрон пристап треба да се набљудува тратманот на малцинските прашања во последните петнаесет години во СРЈ.

Распаѓањето на СФРЈ драстично ја измени положбата на малцинствата во сите новонастанати држави, вклучително и нејзините земји-наследнички, Србија и Црна Гора. Реализацијата на српскиот национален проект беше заснован на клучната теза на националистичката елита, дека етничката хомогенизација на Србија е приоритет во однос на нејзината демократизација. Тоа доведе до исклучување на националните малцинства од политичкиот живот на Србија и со тек на време нивно „меко етничко чистење". Со тезата дека, „Србите се во опас-

[245] Органите на новата држава се: Собранието на Србија и Црна Гора (еднодомно и го сочинуваат 126 пратеника, од кои 91 од Србија и 35 од Црна Гора); Претседател на Србија и Црна Гора; Советото на министри (министер за надворешни работи, министер за одбрана, министер за меѓународни економски односи, министер за внатрешни економски односи и министер за човекови и малцински права); Судот на Србија и Црна Гора.

ност“ започна медиумската војна. Проектот „Голема Србија“ имаше за цел промена на внатрешните граници на СРЈ и создавање на етничка држава. Во тој потфат етничкото чистење беше основен инструмент за оставарување на таков проект. Проектот со текот на годините беше поразен во етапи, но сé уште не беше напуштен. Во прилог на тоа зборува фактот дека, голем дел од малцинското население, во тој период ја напушти Србија.

По војната со Хрватска (1991-1992), подоцна војната со Босна и Херцеговина, немирите на Косово и НАТО-бомбардирањето и по значителното иселување на голем број припадници на националните малцинства од Србија, етничката хомогенизација не доведе до исчезнување на мултиетничноста, но доведе до тоа, најголем број на Срби денес да живеат во Србија. Покрај големиот број бегалци, кои плански беа разместувани во етнички мешани средини, пред сé во Војводина, дојде до интеракција на малцинската и бегалската популација, а со тоа и до значително влошување на положбата на сите малцинства поради засилената етноцентрична и ксенофобична атмосфера.

Треба да се нагласи дека актуелната, современата положба на малцинствата во Србија и Црна Гора е одредена од досегашните резултати и остварувањето на „српската национална програма“. Демографската и психолошката хомогенизација на етнички мнозинското население, платената социјална паника и постојаната ксенофобија, ја оцртуваа општата рамка во која живееше населението во Србија. Покрај сите објективни невољи, малцинското население беше/е под константен притисок и во позиција на непријател.[246]

По демократизацијата на власта во Југославија, во есента 2000 год., на внатрешен и меѓународен план се прават обиди за унапредување на човековите и малцинските права.

[246] Biserko Sonja, predsednica Helsinškog odbora za ljudska prava u Srbiji, *Većinski nacionalizam "proizvodi" manjinski,* Analitički pogled položaja i zaštite pojedinih nacionalnih manjina: Normativni i implementacioni aspekti;

1. Србија и Црна Гора и Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства

СР Југославија, Србија и Црна Гора е една од договорните страни во најголем број универзални и регионални меѓународни договори од областа на човековите права, особено оние кои посредно или непосредно се однесуваат на правата и слободите на припадниците на националните малцинства: *Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација* (1965)[247], *Меѓународниот пакт за граѓански и политички права* (1966)[248], *Меѓународниот пакт за сузбивање и казнување на злосторствата на апартхејдот* (1973)[249], *Конвенцијата за правата на детето* (1989)[250], *Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства* (2001)[251], *Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд*, *Факултативниот протокол со Меѓународниот пакт за граѓански и политички права* (2001)[252], *Вториот факултативен протокол со Меѓународниот пакт за граѓански и политички права кој се однесува на укинување на смртната казна* (2001), *Факултативниот протокол со Конвенцијата за правата на детето за учеството на децата во вооружени судири* (2001), *Факултативниот протокол со Конвенцијата за правата на детето за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија* (2001) и др.

СР Југославија/Србија и Црна Гора во подолг процес на преговори склучи билатерални договори за заштита на националните малцинства со соседните држави меѓу кои и со Република Македонија.[253]Најзначајна меѓународна соработка

---

[247] Поранешна Југославија ја ратификувала на 12.7.1967. Сукцесија за СР Југославија на 12.3.2001, *Službeni list SFRJ (Međunarodni ugovori), 6/67;*

[248] Поранешна Југославија ја ратификувала на 30.1.1971. Сукцесија за СР Југославија на 12.3.2001,, *Službeni list SFRJ 7/71*;

[249] Поранешна Југославија ја ратификувала на 12.3.1975. Сукцесија за СР Југославија на 12.3.2001.

[250] Поранешна Југославија ја ратификувала на 18.12.1990. Сукцесија за СР Југославија на 12.3.2001, *Službeni list SFRJ (Međunarodni ugovori),15/90; Sl. List SRJ (Međunarodni ugovori),4/96, 2/97;* .

[251] СР Југославија на повик на Комитетот на министари, врз основа на чл. 29. ст. 1. од Конвенцијата пристапила на 11.05.2001. Конвенцијата стапила на сила за СР Југославија на 01.09. 2001, *Sl. List SRJ (Međunarodni ugovori),6/98;*.

[252] Ратификована на 22.6.2001. Стапил на сила за СР Југославија на 6.12.2001,, *Službeni list SRJ (Međunarodni ugovor)i, 4/01;* .

[253] *Zakon o ratifikaciji Sporazuma između Srbije i Crne Gore i Republike Makedonija o zaštiti srpske i crnogorske nacionalne manjine u Republici Makedoniji i makedonske nacionalne manjine u Srbiji i Crnoj Gori*, Službeni list SCG-Međunarodni ugovori-br.6/2005;

во областа на заштитата на националните малцинства, Србија и Црна Гора остварила со релевантни меѓународни институции (Советот на Европа и ОБСЕ).[254]

Собранието на СР Југославија, Рамковната конвенција за заштита на национални малцинства ја ратификувало на 3 декември 1998 год. Меѓутоа, непосредно по потврдувањето на Рамковната конвенција, ратификуваните инструменти не биле депонирани во Советот на Европа (чл. 30 од Конвенцијата). СРЈ таа постапка ја оправдувала со ставот, дека не е членка на Советот на Европа и не била повикана од Советот на Европа да пристапи кон Конвенцијата. Последиците од тоа биле што СР Југославија на меѓународен план не била обврзана со одредбите од Рамковната конвенција. По демократските промени од 2000 год., СР Југославија била повикана да пристапи кон Рамковната конвенција и биле депонирани ратификуваните инструменти, по што на 1 септември 2001 год., Рамковната конвенција стапила на сила во меѓународното право и за СР Југославија.

При депонирањето на ратификуваните инструменти не е одредена територијата на која ќе се применува Рамковната конвенција. Во таа смисла, Рамковната конвенција се применува на целата територија на СР Југославија/Србија и Црна Гора. Инаку, од стационирањето на силите на КФОР на Косово и Метохија, согласно Резолуцијата 1244, Покраината *de facto* и *de jure* не е под контрола на СРЈ, односно Република Србија. Во таа смисла, органите на власта во СР Југославија и Република Србија не ги спроведуваат одредбите од Рамковната конвенција на територијата на АП Косово и Метохија.

СР Југославија, исполнувајќи ја обврската за доставување на извештај до Советот на министри, на 1 септември 2002 год., го достави својот прв извештај за спроведување на Рамковната конвенција. Извештајот го сочинувале податоците со кои располагало Сојузното министерство за национални и етнички заедници, од податоците кои се добиени од надлежните органи (сојузни, републички и покраински, без АП КиМ) и од податоците во извештаи кои СРЈ ги има поднесено до други

[254] Со Уставната повелба на Србија и Црна Гора се предвидува дека одредбите од меѓународните договори за човековите и малцинските права непосредно се применуваат (чл. 10 од Уставната повелба), и дека ратификуваните меѓународни договори и општо прифатените правила на меѓународното право имаат примат над позитивното право на Србија и Црна Гора и правната држава на членките (чл. 16 од Уставната повелба).

меѓународни организации. Многу од податоците во Извештајот се преземени од публикацијата *„Националне мањине у СР Југославији"* на Сојузното министерство за национални и етнички заедници.

Во историскиот контекст не беа дадени историски моменти и состојби кои оставија длабок печат врз идниот развој на македонската држава, како и податоци за положбата на македонскиот народ, прво во рамките на „поранешните Југославии" и како федеративна единица во рамките на СФРЈ, а подоцна како независна и суверена држава,

Целта на овој дел од труд е преку приказ и анализа на официјалнните законски и уставни решенија на СРЈ/СЦГ, да се прикаже положбата на македонското национално малцинство во СРЈ/Србија и Црна Гора, во периодот од 1991 до 2006 год.

2. Македонското национално малцинство во српската официјална статистика (1991-2002)

Во делот од Извештајот за спроведување и постапување по одредбите од РКНМ, СРЈ/Србија и Црна Гора, кој се однесува на *„Основните демографски податоци"*, даден е табеларен приказ за националниот состав на населението на СРЈ, според пописните податоци од 1991 год.

Во функција на официјално прикажување на бројот на припадниците на македонското национално малцинство во националниот состав на Србија и Црна Гора, ги користам официјалните статистички податоци со кои оперира СРЈ/СЦГ. Бројот на Македонците во Република Србија според пописните податоци од 1948, 1953, 1961, 1971, 1981, 1991 и 2002 год., изнесува: во 1948 год., бројот на Македонците во Република Србија изнесувал ***17.917***; во 1953 год., тој бил ***27.277***; во 1961 год., на ***36.288***; во 1971 год., ***42.675***; во 1981 год., ***48.986***; во 1991 год., ***46.046***, а според последниот попис од 2002 год., бројот на Македонците во Република

Србија без Косово и Метохија изнесува ***25.847***, *намален за помалку од половина од бројот според пописот од 1991 год.*[255]

Бидејќи станува збор за СРЈ, а од 2003 год., за Србија и Црна Гора, ќе ги наведам резултатите за бројот на Македонците во Црна Гора, според пописите од 1981, 1991 и 2003 год. Бројот на Македонците во Црна Гора во 1981 год., изнесувал ***875***, во 1991 год., ***1.072***, а според пописните резултати од 2003 год., нивниот број изнесува ***819*** или помалку од регистрираните во 1981 год.[256]

Од податоците се гледа дека бројот на Македонците во СР Југославија, во периодот од пописот во 1991 год., до последниот попис од 2002 год., **се намалил за цели 44% во Република Србија, односно за 23,6% во Црна Гора.** [257]

Се поставува прашањето: Која е причината за намалување на бројот на Македонците во Србија и Црна Гора?

Ова прашање има неколку одговори, кои во одредена мера одат во прилог на делумно точниот српскиот официјален став дека, „распаѓањето на СФРЈ, пов-

---

[255] Според регионалната поделба на Република Србија, на Централна Србија, АП Војводина и АП Косово и Метохија, дистрибуцијата на припадниците на македонската национална заедница според пописните резултати во горенаведените години изгледа вака: ***Во Централна Србија*** бројот на Македонците според пописните години изнесува: во 1948 год., 8.301, во 1953 год., 14.616, во 1961 год., 19.956, во 1971 год., 25.100, во 1981 год., 29.033, *во 1991 год., 27.596 и според последниот попис од 2002 год., 14.062.* ***Во АП Војводина*** бројот на Македонците според пописите изнесува: 1948 год., 9.090, во 1953 год., 11.689, во 1961 год., 15.190, во 1971 год., 16.527, во 1981 год., 18.897, *во 1991 год., 17.472 и според последниот попис од 2002 год., 11.785.* ***Во АП Косово и Метохија***, бројот на Македонците според пописите изнесува: 1948 год., 526, во 1953 год., 972, во 1961 год., 1.142, во 1971 год., 1.048, во 1981 год., 1.056, во 1991 год., 978. За бројот на Македонците според официјалниот попис на населението во Србија за АП Косово и Метохија не постои, од причина што Албанците го бојкотираа пописот на населението во 2002 година. Во: **СТАТИСТИЧКИ годишњак Србије и Црне,** Zavod za statistiku Srbije i Crne Gore, Beograd, 2005;

[256] *"STAT.YEARB. MON - 2005"*,Zavod za statistiku Crne Gore – MONSTAT, NJP POBJEDA;

[257] Според пописните податоци од 2002 година, бројот на Македонците во вкупниот број на население по окрузите во Република Србија е: *Градот Белград* (1.576.124)-Македонци **8.372**; *Северно-бачки округ* (200.140)-Македонци 561; *Средно-баначки округ* (208.456)-Македонци 599; *Северно-банатски округ* (165.881)-Македонци 249; *Јужно-банатски округ* (313.937)-Македонци **7.636**; *Западно- бачки округ* (214.011)-Македонци 437; *Јужно-бачки округ* (593.666)-Македонци 1637; *Сремски округ* (335.901)-Македонци 666; *Мачвански округ* (329.625)-Македонци 152; *Колубарски округ* (192.204)-Македонци 143; *Подунавски округ* (210.290)-Македонци 555; *Браничевски округ* (200.503)-Македонци 319; *Шумадиски округ* (298.778)-Македонци 461; *Поморавски округ* (227.435)-Македонци 293; *Борски округ* (146.551)-Македонци 692; *Зајечарски округ* (137.561)-Македонци 271; *Златиборски округ* (313.396)-Македонци 135; *Моравички округ* (224.772)-Македонци 198; *Рашки округ* (291.230)-Македонци 329; *Расински округ* (259.441)-Македонци 302; *Нишки округ* (381.757)-Македонци 897; *Топлички округ* (102.075)-Македонци 99; *Пиротски округ* (105.654)-Македонци 123; *Јабланички округ* (240.923)-Македонци 326; *Пчињски округ* (227.690)-Македонци 395; Цитирано според: ***Становништво према националној или етничкој припадности по попису 2002,*** СН31 241202, Републички завод за статистику Србије;

лекувањето на ЈНА, настаните од 1999 год., НАТО-бомбардирањето и економската криза во Србија, придонеле голем број Македонци трајно да мигрираат во својата земја на потекло-Република Македонија".

Доколку се анализира тврдењето, дека една од причините за намалувањето на бројот на Македонците во Србија *е миграцијата*, тогаш потребно е да се наведат официјалните статистички податоци за миграционото салдо на СРЈ. Почнувајќи од 1991 до 1995 год., Србија и Црна Гора има позитивно миграционо салдо, односно бројот на отселени лица е помал од бројот на доселените лица. Меѓутоа, од 1996 до/и 1999 год. СРЈ има негативно миграционо салдо (највисоко негативно во 1997 год., -1,89, а најниско негативно во 1999 год., -0,17), што значи бројот на иселените е поголем од бројот на доселените, за да во периодот од 2000 до 2003 год., повторно се воспоставува позитивна вредност на миграционото салдо.

Ако подобро се анализираат овие показатели, ќе се заклучи дека тие не одат во прилог на тврдењето дека во периодот 1998-1999 год., бројот на отселените требало да биде поголем. Напротив, ниту негативното салдо кое е најниско во 1999 год., ниту позитивното од 2001 год., (1,09), една година пред последниот попис, не го објаснуваат намалувањето на бројот на Македонците во Србија и Црна Гора за периодот 1991-2002 год.

Втора претпоставка за намалувањето на бројот на Македонците во СРЈ/Србија и Црна Гора е *асимилацијата*. Кога станува збор за асимилација на македонското национално малцинство, треба да се нагласи дека се мисли на *доброволна или стихијна асимилација која се јавува во недостаток на механизми за национално промовирање.* Во годините пред падот на режимот на Милошевич, односно периодот на српскиот националистички проект за голама етнички хомогена српска држава, малите етнички групи и покрај жилавиот напор за опстојување на српска територија, беа на „удар на асимилирачката политика".[258]

„Опкружени од српското мнозинство, Македонците во Србија постепено го забораваа својот јазик и својата изворна култура и се стопуваа во мнозинството..., старата генерација Македонци, во голема мера го поддржува актуелниот режим (се мисли на власта пред 2000 год.). Покрај агресивната медиумска кампања,

[258] Sonja Biserko,...;

поддршката може да се објасни со фактот што опозицијата во Србија нема дефиниран однос кон македонската нација или дури не ја ни признава... Отежнителна околност е фактот што постоечките македонски друштва се под директна или индиректна контрола на режимот. Откако постои СРЈ формирано е само едно здружение на граѓани со македонска националност со седиште во Пожаревац (!)...".[259].

Голем број на социолошки истражувања за етничката дистанца, етничката преференција и сл., покажуваат дека религиската припадност позитивно влијае врз можноста за прифаќање на доминантната мнозинска култура, како и врз склучувањето на етнички мешани бракови.[260] Ова се дел од аргументите за објаснување на доброволната асимилација на припадниците на македонското малцинство во СРЈ/СЦГ

3. Уставно-правена основа за заштита на слободите и правата на националните малцинства во СРЈ/Србија и Црна Гора, согласно РКНМ

Општествените прилики и временскиот распоред во кои беа создадени, придонеле сите три југословенски устави (сојузниот и двата републички), да имаа различни термини за означување на етничките малцинства. Така Уставот на Република Србија од 1990 год., го користи терминот „народност"; Уставот на Црна Гора од 1992 год., зборува за „национални и етнички групи", додека Уставот на Сојузна Република Југославија од 1992 год., го користи меѓународно прифатениот и споредбено-правно најкористениот термин „национално малцинство", што е во согласност со Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства.

Различното именување на етничките малцинства и фактот дека регулирањето на одделни области од општествениот живот кои се значајни за

---

[259] Veljkovski Jugoslav, *Makedonci sui potpuno zaboravljeni*, Okrugli sto NACIONALNE MANJINE U SRBIJI, Novi sad, 8-9 Septemvri 2000; Кога авторот на овој есеј зборува за здружение на Македонците, мисли на Здружението на граѓани на македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора (ZAJEDNICA UDRUŽENJA GRAĐANA MEKEDONSKE NACIONALNE MANJINE SRBIJE I CRNE GORE), со претседател Гојко Илијевски и седиште во Пожаревац. <http://directort.crnps.org.yu/

[260] Ташевска-Ременски Фросина, *Албанците и Македонците: Етничката интеракција во Република Македонија, пред и по конфликтот од 2001 година* (необјавен магистерски труд), 2004;

националните малцинства (образование, култура, информирање, службена употреба на јазикот и писмото итн.), кои спаѓале во надлежност на федералните единици, воделе до различно уредување на нивната правна положба. Притоа, може да се забележи дека најпотполна заштита обезбедува Уставот на Црна Гора, кој е донесен последен, а во тој поглед најрестриктивен од уставните документи е Уставот на Република Србија од 1990 год. Донесувањето на *Сојузниот Закон за заштита на правата и слободите на националните малцинства*[261] во 2002 год., во Србија и Црна Гора ситуацијата во однос на усогласувањето на правната регулатива е значително подобрена.[262]

Високиот комесар на ОБСЕ го поздравил донесувањето на Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства. Меѓутоа, од неговото донесување до денес, Законот не е систематски применет, а неговиот статус останува недефиниран во отсуство на јасна поделба на надлежности меѓу државната заедница и Србија.[263] Иако Законот во Република Србија се смета за применлив, сé додека српскиот парламент не го регулира неговиот иден статус, властите во Република Црна Гора не го применуваат законот, туку настојуваат да го одолговлечат процесот на донесување на сопствени законски мерки за заштита на националните малцинства.[264]

Дефинирањето на националните и етничките групи во Црна Гора кое е утврдено во Уставот на Црна Гора од 1992 год., е изменето со политичкиот договор помеѓу мнозинските политички партии склучен на 12 октомври 1997 год. Потписниците на оваа спогодба го воведоа во пракса терминот „малцински народи", сметајќи дека тој најмногу одговара на чувствата на припадниците на малцинските

---

[261] Savezni Zakon o zaštitu slobode i prava nacionalnih manjina, *Službeni list SRJ, br. 11/02;*

[262] Функционирањето на овој Закон треба да се гледа интегрално, бидејќи само во согласност со идните закони кои треба да се донесат, а кои се однесуваат на положбата на националните малцинства со одредбите на Сојузниот закон за националните малцинства, ќе се воспостави оперативен систем во согласност не само со меѓународните стандарди за заштита на националните малцинства, туку и со реалните потраби на општеството и малцинствата. Меѓутоа, во неколку усвоени закони, пред и по усвојувањето на Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства се гледа неусогласеност со одредбите од Законот кој во уставно-правниот систем е „постар".

[263] Manjine između državne zajednice i Srbija, Florijan Biber, Dušan Pavlovič, <http://www.blicnews.com/aktuelno/1sadrzaj/sadrzaj4.htm

[264] STAVOVI SAVETODAVNOG KOMITETA O OKVIRNOJ KONVENCIJI ZA ZAŠTITU NACIONALNIH MANjINA, *MIŠLjENjE O SRBIJI I CRNOJ GORI,* Savet Evrope, ACFC/OP/I(2003)008, Strazbur, 27. novembra 2003.

етнички заедници во Црна Гора и дека на тој начин се надминуваат слабостите кои се присутни во употребата на термините национални и етнички малцинства или групи.[265]

Статус на национално малцинство има *„секоја група на државјани на СР Југославија кои се бројно доволно репрезентативни, иако на територијата на СРЈ претставуваат малцинство; припаѓа на група граѓани кои се во долготрајна и цврста врска со територијата на СРЈ и поседува обележја како што се јазик, култура, национална или етничка припадност, потекло или вероисповест, по што се разликуваат од мнозинското население и чии припадници се одликуваат со грижа во заедница со други да го одржуваат заедничкиот идентитет, вклучувајќи ја културата, традицијата, јазикот и религијата„.*

Со ваквото дефинирање на националните малцинства се надминува постоечката терминолошка неусогласеност, бидејќи под поимот „национално малцинство“ се опфатени сите групи на државјани кои се нарекуваат или одредуваат како народ, национални или етнички заедници, национални и етнички групи или националности и народности.

Ова определување на националните малцинства е содржано во чл. 2 ст. 1 од Законот за заштита на правата и слободите на националните малцинства и претставува прво правно обврзувачко определување на националните малцинства во СР Југославија. Имајќи во предвид дека до донесувањето на Законот за заштита на правата и слободите на националните малцинства, правните акти содржеле различни и неусогласени поими за малцинските заедници, во Законот (чл. 2 ст. 2), се прецизира дека „за национални малцинства се сметаат сите групи на државјани кои себеси се нарекуваат или се определуваат како народ, национални или

---

[265] На заседанието на Поткомисијата на ОН за спречување на дискриминацијата и заштита на малцинствата, одржана во 1984 год., се истакнало дека мора да се направи јасна разлика помеѓу староседелските (мацински) народи и малцинствата. (E/CN.4/Sub2/1984.7.20,104 и 107). Реформите на канадскиот уставен систем спроведени 1982 и 1984 год., во делот кој се однесува на малцинските народи и малцинствата, се утврдува јасна граница, така што овие две групи на население не можат да се поистоветуваат. Според податоците од едно истажување во рамките на проектот „Права и положба на малцинските народи во црногорското општество“ објавени во 2000 год., д-р Срѓан Вукадинович изнесува податоци дека терминот „малцински народи“ го прифатиле 76,4% Хрвати, 69,3% Бошњаци (Муслимани), 68,2% Албанци и 58,3% Роми.

етнички заедници, национални и етнички групи, националности и народности, а ги исполнуваат условите од чл. 1 ст. 2 од Законот".[266]

Ваквото решение е во согласност со Уставот на СРЈ, кој начелно ги гарантира правата на националните малцинства и не користи други поими кои би означиле групи на население кои се разликуваат од мнозинството по својата култура, јазик, религија, потекло итн.

Во духот на чл. 2 и 3 од Рамковната конвенција, таксативно ги набројувам одредбите од Уставот на СРЈ, кои се во контекст на општите начела на слободите и правата на граѓаните. Уставот на СРЈ (чл. 45 ст. 1), „ја гарантира слободата на изразување на националната припадност и култура, како и употребата на мајчиниот јазик и писмо". Истовремено, со Уставот на СРЈ (чл. 45 ст. 2), утврдено е дека, „никој не е должен да се изјаснува за својата национална припадност". Решението според кое никој не може да дојде во неповолна положба поради своето национално определување или поради уживање на права врзани за тоа определување, произлегува од Уставот на СРЈ (чл. 20 ст. 1 и 2), со кој е утврдено дека, „сите граѓани без разлика на национална припадност, раса, јазик или друго лично својство се еднакви пред закон". Во чл. 50 од Уставот на СРЈ се предвидува дека, „противуставно е и казниво секое предизвикување и поттикнување на национална, расна, верска и друга нерамноправност и предизвикување и разгорување на национална, расна, верска и друга омраза и нетрпеливост".

Во духот на Рамковната конвенција, во Законот за заштита на правата и слободите на националните малцинства (чл. 5, ст. 1), изричито се утврдува дека, во согласност со Уставот на СРЈ, поради прокламираната слобода на национално определување и изразување на националната припадност, никој не може да трпи штета поради своето определување и изразување на националната припадност или поради воздржување од национално определување. Во ст. 2 од истиот член од Законот, се забранува секоја регистрација на припадниците на националните малцинства што спротивно на нивната волја ги обврзува да се изјаснат за својата национална припадност. Одредбите со кои се прокламира слободата на национално

[266] Savezni Zakon o zaštitu slobode i prava nacionalnih manjina, *Službeni list SRJ, br. 11/02;*

определување и изразување на националната припадност се содржани и во уставите на југословенските федеративни единици. Во Уставот на Република Србија (чл. 49), „се гарантира слободата на изразување на националната припадност и култура и слобода на употреба на јазик и писмо“ и истовремено се утврдува дека, „никој не е должен да се изјаснува за својата национална припадност“. Уставот на Република Србија (чл. 13) утврдува дека, „сите граѓани се еднакви во правата и должностите и имаат еднаква заштита пред државните и другите органи без разлика на раса, јазик, национална припадност, вероисповест или друго лично својство“. Прокламирајќи ја еднаквоста, Уставот на Република Србија, нормира дека никој, дури ни припадниците на националните малцинства, нема да дојдат во неповолна положба поради своето национално определување или поради вршење на права поврзани за тоа определување.

На ист начин, Уставот на Црна Гора (чл. 34, ст. 2 и 3), покрај другото, гарантира слобода на изразување на национална припадност, култура и употреба на својот јазик, со тоа што прецизира дека никој не е обврзан да се изјаснува за својата национална припадност. Покрај тоа, одредбите од Уставот на Црна Гора (чл. 15), утврдуваат дека, „граѓаните се слободни и еднакви без разлика на било каква посебност и лично својство“, исто така „сите се еднакви пред законот со што правно се оневозможува припадниците на националните малцинства да дојдат во неповолна положба поради својата национална определнеост или поради вршење на права поврзани за тоа определување“.

Во согласност со стилизацијата на релевантните меѓународни документи и споредбено-правната пракса, Уставот на СРЈ се јавува како титулар на малцинските права и ги одредува припадниците на националните малцинства.

Уставот на СРЈ (чл. 11), отстапува од оваа концепција, утврдувајќи дека СРЈ го признава и гарантира правото на малцинствата (малцинствата како колективитети) на зачувување, развој и изразување на нивната етничка, културна, јазична и друга посебност, како и на употреба на националните симболи во со-

гласност со меѓународното право.[267] Врз основа на ова може да се заклучи дека, во самиот Устав поедини малцински права се третираат како колективни. Во духот на одредбите од Уставот, Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства им ги признава колективните права на националните малцинства. Иако на повеќе места во Законот се употребува поимот „припадници на национални малцинства", нема сомнение дека во него покрај индивидуалните се признаваат и колективните права на малцинствата. Законот (чл. 1, ст. 2), ги прецизира колективните права одредувајќи дека, „со него се уредува заштитата на националните малцинства од секаков облик на дискриминација во остварување на слободите и правата и воспоставување на инструменти со кои ќе се обезбедат и заштитат посебните права на националните малцинства на самоуправување во област на образованието, употрабата на јазикот, информирањето и културата, и основање на институции заради олеснување на учеството на малцинствата во власта и во управните работи".

По распаѓањето на СФРЈ, дел од Македонците кои живееја на територијата на Србија и Црна Гора, но и во останатите републики од бившата федерација, останаа да живеат на тие простори, дел од нив ги напуштија и се вратија во Република Македонија, а други заминаа во земјите од Западна Европа. По трансформирањето на бившата ЈНА, дел од македонскиот офицерски кадар се врати во Република Македонија. И други клучните моменти за СР Југославија/СЦГ допринесоа бројот на Македонците постојано да опаѓа, за во 2002 год., да дојде до официјалната бројка од ***25.847***.

Во текот на целиот петнаесетгодишен период од распаѓањето на СФРЈ и конституирањето на Република Македонија како самостојна и независна држава, особено периодот до демократските промени во СРЈ од 2000 год., Македонците во СРЈ не беа третирани како национално малцинство од неколку причини. Една од причините е фактот што националистичката елита во времето на реализација на српскиот национален проект за етнички хомогена Србија, Македонците ги

[267] Уставот на Република Србија не содржи ваква или слична одредба. Обврската за заштита на малцинствата во овој Устав може да се изведе само посредно со толкување на чл. 3, ст. 2 во кој се гарантираат „личните, политичките, националните, ...и др. права на човекот и граѓанинот".

сметаше за јужни Срби, а Република Македонија за Јужна Србија. Постарата генерација Македонци во СРЈ во тој период, под влијание на силната медиумска кампања, недефинираноста на ставот на српската политичка опозиција кон македонското национално мацинстно, но и по сопствени убедувања го поддржуваше режимот на Милошевич.[268] Тоа произлезе и од убедувањето дека „заедничката" антиалбанска, но и антималцинска државна политика ќе ги заштити Македонците и матичната држава Македонија од наезда на големоалбанскиот национализам и иредентизам. Колку беа во право, времето покажа (?).

Официјалните статистички податоци кои беа предходно анализирани, покажуваат драстичен пад од 44% на бројот на Македонците за десет години. Аналогно на горе кажаното, а во функција на официјалната статистика, може да се заклучи дека, немањето на третман на национално малцинство во држава во која постои силна државна антималцинска кампања, доведе до прифаќање на тивкиот процес на доброволна асимилација.

Кај Македонците во Република Србија постои чувство дека се потполно заборавени како од својата матична држава-Република Македонија, така и од српските власти, опозицијата, невладините и меѓународните организации. Во сите српски официјални анализи и извештаи што се користени како примарни извори на податоци за потребите на овој труд, а кои се однесуваат на правата и положбата на националните малцинства и нивната заштита (со исклучок на статистичките податоци), *Македонците воопшто не се предмет на анализа, ниту се сфомнуваат како субјекти на малцинска заштита.* Паѓа во очи фактот што, одредени национални малцинства, иако бројно двојно помали од македонското, се предмет на анализа, односно за нив државата презема мерки на посебна заштита во делот на остварувањето на слободите и правата кои им ги гарантира Уставот и меѓународните конвенции.

---

[268] Советодавниот комитет констатира дека во СЦГ сé уште во голема мера се чувствуваат последиците од агресивната националистичка политика на режимот на Милошевич. Овие остатоци го комплицираат извршувањето на задачите на сегашната влада во спроведувањето на Рамковната конвенција и бара посебни мерки насочени кон повторно градење на меѓуетничката толеранција и вистинска и делотворна еднаквост во СРЈ.

Во оваа насока е констатацијата на Советодавниот комитет на Советот на Европа во неговото *Мислење за Србија и Црна Гора* (за Извештајот согласно чл. 25 од РКНМ). Во него тој констатира дека, „македонското и хрватското национално малцинство, кое скоро го добиле третманот на малцинство по распадот на Југославија не се јавуваат како предмет во анализите на владините и невладините организации во СРЈ".[269]

Спогодбата меѓу Србија и Црна Гора и Република Македонија за заштита на српското и црногорското малцинсво во Република Македонија и македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора, која беше потпишана во Скопје на 6 јули 2004 год., е прв билатерален договор во кој СЦГ официјално потврдува дека во СЦГ постои македонско национално малцинство.[270]

Во духот на Рамковната конвенција и Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства на СЦГ, во Спогодбата (чл. 1, ст. 1), се утврдува дека, „припаѓањето на национално малцинство е засновано на слободата на личен избор, а поради таквиот избор како и поради остварување на правата кои произлегуваат од тој избор, припадниците на малцинствата нема да имаат никакви негативни последици„.[271]

Свеста за постоење на македонско национално малцинство и преземените обврски од страна на СЦГ околу решеноста за обезбедување на највисоко ниво на правна заштита и развој на националниот, културниот, јазичниот и верскиот иден-

---

[269] STAVOVI SAVETODAVNOG KOMITETA ...;

[270] Имајќи ја определбата на договорните страни за вклучување во евроатлантските интеграции и уважувајќи ги принципите и нормите на меѓународна заштита на националните малцинства, Спогодбата меѓу СЦГ и РМ за реципрочна заштита на малцинствата е склучена врз основа на нормите содржани во: Повелбата на ОН, Општата декларација за правата на човекот, Меѓународната конвенција за укинување на сите форми на расна дискриминација, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, Конвенцијата на УНЕСКО за борба против дискриминацијата во областа на образованието, Делкарацијата на ОН за укинување на сите форми на нетолеранција и дискриминација засновани на вероисповеста и убедувањето, Декларацијата на ОН за правата на лица кои припаѓаат на националните малцинства или етнички, верски и јазични малцинства, Завршниот документ на КЕБС за човековата димензија од Копенхаген 1990 год., Париската повелба за нова Европа од 1990 год., Хелсиншкиот доцумент на КЕБС од 1992 год., Повелбата за безбедност на Европа од Истамбул 1999 год., Конвенцијата за заштита на правата и основните слободи, Европската повелба за регионални или малцински јазикци, Рамковната ковенција за заштита на националните малцинства и чл. 4 од Спогодбата за регулирање на односите и унапредување на соработката меѓу СРЈ и Република Македонија од 1996 год.

[271] Исто;

титет на Македонците во СЦГ сé уште не се на ниво за да може да се зборува за стварно унапредување на нивните права и положба.

Советодавниот комитет на Советот на Евопа смета дека во Србија и Црна Гора главен проблем во заштитата на националните малцинства е спроведувањето на релевантните норми во пракса, кое се надополнува со ограничената соработка помеѓу релевантните органи на државната заедница и нејзините конститутивни членки, како и недоволната јасност на нивните надлежности.[272]

3.1. Право на еднаквост пред законот и рамноправна малцинска заштита

Еднаквоста пред законот и еднаквата судска заштита се од суштинска важност за заштита на националните малцинства. Уставот на СРЈ (чл. 40), предвидува дека граѓаните се еднакви без разлика на националната припадност, расата, полот, јазикот, верата, политичкото или друго уверување, образование, социјалното потекло, имотна состојба и друго лично својство. Со оглед на ова, Уставот на СРЈ забранува дискриминација по основ на овие критериуми. Уставот на СРЈ (чл. 20 ст. 2) предвидува дека сите се еднакви пред законот.

Уставот на Република Србија во чл. 13 предвидува дека „граѓаните се еднакви во правата и должностите и имаат еднаква заштита пред државите и другите органи без разлика на расата, пол, раѓање, јазик, национална припадност, вероисповест, политичко и друго убедување, образование, социјално потекло, имотна состојба и лично својство“. Како Сојузниот Устав, така и Уставот на Република Србија забранува дискриминација на посреден начин, нормирајќи дека сите граѓани се еднакви без разлика на својствата кои беа наведени. Уставот на Република Србија (чл. 22, ст. 1), секому му гарантира еднаква заштита во постапките пред судовите и другите државни органи или било кои органи и организации.

---

[272] Исто;

Уставот на Република Црна Гора (чл. 15), предвидува дека сите граѓани се еднакви без разлика на било каква посебност или лично својство и дека сите се еднакви пред законот.

Уставно прокламираната еднаквост и забраната на дискриминација се уредени со закони кои се донесени на сојузно ниво и на ниво на федерални единици. Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл. 3, ст. 1), утврдува дека, „забранет е секаков облик на дискриминација, на национална, етничка, расна, јазична осонова, спрема лица кои припаѓаат на национални малцинства". Одредбите од истиот закон (ст. 2), прецизира дека, органите на федерацијата, републиките, автономните покраини, градот и општините не можат да донесат правни акти, ниту да преземаат мерки кои се спротивни на ст. 1 на тој член. Дискриминацијата е правно санкционирана.[273]

Донесувањето на Повелбата битно го подобрува правното регулирање на забраната на дискриминација во СЦГ. Во Повелбата (чл. 3) се подразбираат два вида на обврски: забрана на дискриминацијата преку закони и прописи и обврската со закон да се гарантира еднаквата и делотворна заштита против секаков вид на дискриминација.

Законите од областа на образованието кои се донесени на ниво на федерални единици, исто така ја санкционира дискриминацијата во образованието. Законот за основно образование на Република Србија (чл. 7), предвидува дека, „во училиштата се забранети сите активности со кои се омаловажуваат групи и поединци врз основа на расна, национална, јазична, верска или полова припадност, односно политичко определување, како и поттикнување на такви активности".[274] Исто одредби содржи и Законот за средно образование на Република Србија.[275]

---

[273] Поаѓајќи од одредбите на Уставот на СРЈ кој предвидува дека е противуставно и казниво секое предизвикување и поттикнување на национална, расна, верска и друга нетрпеливост, Кривичниот закон на СРЈ во чл. 134 , 154, ст. 1 и 186, предвидува изрекување на казна лишување од слобода во траење од 3 месеци до 5 години за лица кои ги кршат човековите права на припадниците на националните малцинства, шират расна, верска или национална нетрпеливост или во службена постапка вршат било каква дискриминација или повластица по основ на национална, етничка или верска припадност.

[274] Zakon o osnovnoj školi, *Službeni glasnik RS, 50/92, 53/93, 67/93, 48/94, 66/94, 22/02, 62/03;*

[275] Zakon o srednjoj školi, *Službeni glasnik RS, br. 50/92, 53/93, 67/93, 48/94, 24/96, 23/02, 25/02, 62/03, 64/04;*

Дискриминацијата е забранета и во работните односи. Во Законот за основите на работните односи на СР Југославија и во Законот за работни односи во државните органи на Република Србија се содржани одредба за забрана од дискриминација.[276]

Во сферата на јавното информирање, Законот за радиодифузија на Република Србија (чл. 3, ст. 6), предвидува дека регулирањето на односите во областа на радиодифузијата се засноваат, меѓу другото, и на начелата на објективност, забрана на дискриминација и јавна постапка за издавање дозвола за емитување.[277]

Во Повелбата за човековите и малцинските права и граѓанските слободи на Србија и Црна Гора (чл. 55), предвидена е обврска за усвојување на соодветни мерки за унапредување на полната и ефективна рамноправност меѓу припадниците на националните малцинства и оние кои припаѓаат на мнозинството, во сите области на економскиот, социјалниот, политичкиот и културниот живот.[278]

Во Спогодбата меѓу Србија и Црна Гора и Република Македонија за заштита на српското и црногорското малцинсво во Република Македонија и македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора, содржани се одредби со кои „на припадниците на националните малцинства им се гарантира рамноправен третман пред законот и еднаква правна заштита".

Во текот на 2004 год., еден од најголемите проблеми во остварување на човековите права во Република Србија, претставува кршењето на забраната на дискриминација. Во однос на претходните години забележан е поголем број на такви случаи, особено оние инспирирани од националната нетрпеливост. Иако српските власти не повикуваа отворено на дискриминација, сепак во некои изјави на нејзин официјални претставници можат да се толкуваат на наков начин.[279]

---

[276] Zakon o radnim odnosima u državnim organima, *Službeni glasnik RS, br. 48/91, 66/91, 44/98, 49/99, 34/01, 39/02;*

[277] Zakon o radio difuziji, *Službeni iglasnik RS, br. 42/02, 97/04;*

[278] Povelja o ljudskim i manjinskih pravima i građanskih slobodama, *Službeni list SCG, 6/03;*

[279] *Ljudska prava u Srbiji i Crnoj Gori 2004*, Posebna prava: Zabrana diskriminacija i prava manjina, str. 308; Жени во црно и Queer Belgrad Kolektiv спроведоа акција насловена како: *ДА ГО ТРГНЕМЕ НАСИЛСТВОТО ОД СИДОВИТЕ,* која има за цел да апелира до јавноста и да укаже на сé поизразената нетрпеливост и нетолеранција, како и насилното реагирање кон сите кои се поинакви/различни по национална, етничка, родовна, културна или вереска припадност. *Akcija za pokrivanje na grafitite koi povikuvaat na omraza,* <http://mk.oneworld.net/external/?url=http://www.wib-zeneucrnomibelgrade.org/, 12.08.2006;

Од анализата на извештаите на српските невладини организации и извештаите на меѓународните организации кои се занимаваат со проблемот на дискриминација на националните малцинства во СЦГ, може да се забележи дека освен проблемите на дискриминација поврзани со албанското и унгарското национално малцинство и ромската етничка група, нема случаи во кои припадници на македонското национално малцинство се објект на дискриминација.

Со голема жестина на националистички говор, српските медиуми, политичарите кои го застапуваа ставот за српскиот национален проект, јавни личности и претставниците на Српската православна црква го актуелизираа случајот на расчинетиот Митрополит повардарско-велешки Јован во РМ.[280] Српската јавност и српските медиуми беа преплавени од написи од типот: *„Sinod tzv. MPC grubo optužio SPC za "nacionalsovinizam i velikosrpske ideje", „SPC ne negira BJR Makedoniju i samoopredeljenje njenog stanovništva ali ne prihvata etničku i kulturnu asimilaciju“, „Sporni i neistorijski naziv: Makedonska Pravoslavna Crkva“*, итн.[281]

Говорот на омразата присутен во пишаните и електронските медиуми во Република Србија во врска со споменатиот случај наиде на осуда кај дел од граѓаните на двете држави кои сметаат дека кривичната одговорност на македонскиот државјанин не треба да претставува пречка двете држави него да го издигнуваат на ниво на меѓународен спор, ниту пак предмет на државна политика чиј државјанин не е споменатиот метрополит. Меѓутоа, приврзаниците на националистичкото политичко и црковно крило во Република Србија, „спорот“ помеѓу Македонската православна црква и Српската православна црква го искористија за будење на српскиот националистички дух меѓу свештените лица, а СПЦ стана двигател на меѓудржавната соработка помеѓу Република Србија и Република Македонија. Непотребно искажаните навреди и валкањето на угледот на МПЦ, остава сомнеж за „искрената желба“ СПЦ да го реши црковниот спор со сестринската православна црква.

---

[280] Патријархот на Српската православна црква Павле, го именува владиката Јован (Јован Вранишковски) за свој егзарх во Република Македонија и за старешина на автономната Охридска архиепископија.

[281] *Info-bilten ERP KIM* (Info-sluzba ERP KIM je zvanicna informativna sluzba Srpske Pravoslavne Eparhije rasko-prizrenske i kosovsko-metohijske i radi s blagoslovom Njegovog Preosvestenstva Episkopa Artemija), <http://www.kosovo.com/erpkiminfo.html

Советодавниот комитет на Советот на Европа, смета дека се потребни законските и практичните мерки, за да се подобри спроведувањето на принципот на недискриминација и ефективна еднаквост.[282]

3.2. Македонското национално малцинство во СРЈ/СЦГ и негувањето на елементите на неговиот етнички идентитет

Унапредувањето и заштитата на културното наследство, како материјално така и духовно се од круцијално значење за зачувување на идентитетот на секоја малцинска заедница. Иако поимот култура има широко значење, меѓусебните и постојаните влијанија на народот кој живее на релативно мал простор допринесува за збогатување на културните вариетети, а кога е во прашање културата на малцинските заедници најчесто се мисли на заштитата на обичаите, фолклорот, книжевното и уметничкото творештво.

Унапредувањето на условите кои се потребни за одржување и развивање на културата на припадниците на националните малцинства и зачувувањето на неопходните елементи на нивниот идентитет во СРЈ, правно е регулирано преку одредбите на одредени закони и преку посебната малцинска политика. Уставот на СРЈ (чл. 11), го гарантира правото на националните малцинства на зачувување, развој и изразување на нивната етничка, културна, јазична и друга посебност. Слична одредба содржи и Уставот на Црна Гора кој (чл. 67, ст. 1), на припадниците на националните малцинства им гарантира заштита на националниот, културниот, јазичкиот и верскиот идентитет. *Уставот на Република Србија не спомнува заштита на националниот идентитет.* Најголемо значење во овој дел има повторно, сојузниот Закон за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл.12, ст.1), во кој се утврдува дека изразувањето, чувањето, негувањето, развивањето, пренесувањето и јавното изразување на националната и етничката, културната, верската и јазичната посебност како дел од традицијата на граѓаните, националните малцинства и неговите припадници се неотуѓиво индивидуално и колективно право. Одредбите од ст. 2 на истиот член, предвидуваат

[282] STAVOVI SAVETODAVNOG KOMITETA ...;

дека припадниците на националните малцинства имаат право да основаат посебни културни, уметнички и научни установи, организации и здруженија во сите области на културниот и уметничкиот живот, со цел зачувување и развивање на националната и етничката посебност. Тие институции, здруженија и организации се самостојни во својата работа и државата ќе учествува во нивното финансирање согласно своите можности.

Сојузниот Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства, (во чл. 12, ст. 5), утврдува дека музеите, архивите и институциите за заштита на спомениците на културата чиј основач е државата, ќе обезбеди претставување и заштита на културно-историското наследство на националните малцинства на своја територија, како и тоа дека претставниците на Националните совети ќе учествуваат во одлучувањето за начинот на претставување на културно-историското наследство на својата заедница.

Во СРЈ за интересите на малцинското население во областа на творештвото и културата грижа водат народносните матици[283], заедниците[284] и друштавата[285], кои подготвуваат програми и спроведуваат активности за зачувување и унапредување на јазикот, книжевноста, уметноста и фолклорот на малцинствата. Заштитата на културното наследство и унапредувањето на културниот идентитет на малцинските заедници се најразвиени во Војводина каде богатата традиција и културното творештво на малцинствата се институционализирани и се одвиваат преку работата на аматерски здруженија.

Националните симболи, знамињата и празниците се посебен вид на традиција и културно наследство на националните малцинства, воопшто. Тие во СРЈ се правно заштитени. Поаѓајќи од сфаќањето дека можноста за истакнување на на-

---

[283] Народносните матици се општествени организации чија задача е изразување , негување и чување на националниот идентитет и колективните интереси на припадниците на одредено малцинство.

[284] Општествено-културни организации во кои можат да се вклучат сите граѓани без разлика на нациионална, верска и социјална припадност, но кои својата активност првенствено ја усмеруваат на негување и зачувување на националниот идентитет на одредено национално малцинство на територијата на СРЈ.

[285] Друштва за јазик, книжевност и култура на припадниците на националните малцинства во СРЈ е неполитички општествени организации, кои врз основа на слободите и граѓанските права овозможуваат негување и афирмирање на националните вредности во областа на јазикот, културата, информирањето и образованието.

ционалните симболи не само што придонесува за зачувување на националниот идентитет, туку и на чувството на вистинска слобода и рамноправност, во федералниот Устав (чл. 11) се вели дека, „СРЈ го признава и гарантира правото на националните малцинства на употреба на националните симболи". Уставот на Црна Гора (чл. 69), исто така го прокламира правото на употреба и истакнување на национални симболи, но тоа право го признава како право на припадниците на националните малцинства.

Употребата на националните симболи попрецизно е уредена со сојузниот Закон за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл. 16), кој утврдува дека припадниците на националните малцинства имаат право на избор и употреба на националните симболи и знамиња. Во истиот член се подвлекува дека националните симболи и знамиња на националните малцинства не можат истовремено да бидат симболи, односно знамиња на други држави.

Со цел остварување на индивидуалните и колективните права на националните малцинства и унапредување на условите кои се потребни за одржување и развивање на нивниот идентитет во СРЈ се воспоставени неколку државни органи. На федерално ниво е воспоставено *Министерство за национални и етнички заедници,* кое е надлежно за работите од областа на остварувањето на малцинските права. *Националните совети на националните малцинства,* кои според Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства се тела кои ги бираат припадниците на националните малцинства. Тие ќе ги претставуваат националните малцинства во областа на службената употреба на јазиците, образованието, културата и информирањето на јазиците на малцинствата.[286] Со Уставот на Република Црна Гора се предвидува дека заради зачувување и заштита на националниот, етничкиот, културниот, јазичкиот и верскиот идентитет на припадниците на националните групи се формира *Републички совет за заштита на*

[286] Во чл. 19, ст. 7 од законот се предвидува дека советите ќе одлучуваат за одделни прашања од тие области, така што Законот создал правна основа и наметнал обврска на државата на националните совети со закон да им довери поедини јавни овластувања во области кои се значајни за зачувување на идентитетот на националните малцинства. Вака законски уредено се предвидува дека националните совети нема да имаат одлики на здруженија на граѓани, туку овластени претставници на малцинствата како колективитети. Во функција на отпочнување на работата на националните совети објавен е Правилник за начинот на работата собранието на електоти за избор на совет на национални малцинства.

правата на припадниците на националните малцинства. Во Владата на Република Црна Гора постои посебно *Министерство за национални малцинства и етнички групи.*

Социјалното и културното организирање на македонското национално малцинство, без оглед на земјите во кои се наоѓа, претставува еден од основните фактори на нивното социјално, национално, културно опстојување.

Во Спогодбата меѓу Србија и Црна Гора и Република Македонија за реципрочна заштита на националните малцинства (чл.2), се вели дека, „припадниците на националните малцинства имаат право на изразување, зачувување и развивање на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет, како и дека државите ќе се воздржуваат од политики и мерки кои имаат за цел асимилација на припадниците на малцинствата и заштита од пракси кои имаат таква цел".

Во истата Спогодба (чл. 5), на припадниците на македонското национално малцинство му се гарантира правото, индивидуално или во заедница со останатите членови на својата група да го изразува и развива својот етнички, културен, јазичен и верски идентитет, а СЦГ ќе создава услови и ќе донесува мерки за потребите за таа цел. Ст. 2 од истиот член предвидува дека, СЦГ за таа цел ќе го поддржува и помага слободното организирање и здружување на припадниците на македонското малцинствата во цел зачувување на националниот и културниот идентитет, востановување и функционирање на организации, здруженија и институции кои ги претставуваат интересите на македонското национално малцинство и обезбедуваат нивно учество во јавните работи, особено оние кои се однесуваат на нив, во областа на културата, образованието и информирањето. Освен тоа СЦГ презема обврска (ст. 4), да го помага одржувањето на културните манифестации на македонското национално малцинство кои доведуваат до унапредување на неговиот идентитет и културата.

Освен во овие области СЦГ со обврските што ги презеде со потпишувањето на Спогодбата, исто така, се обврза да обезбеди услови за зачувување на културното наследство на македонското национално малцинство со посебни спогодби (чл.6).

Овие одредби од Спогодбата, би требало да ја отсликуваат билатералната правна рамка која дава дополнителна гаранција за заштита и унапредување на идентитетот на македонското национално малцинство во СЦГ, меѓутоа состојбата е поинаква.

Во *Мислењето за СЦГ*, Советодавниот комитет констатира дека, „лицата кои припаѓаат на групи кои релативно скоро, по распадот на Југославија, се дефинирани како национални малцинства, како што се Хрватите и Македонците, во новонастанатите околности имаат потешкотии во добивање и остварување на правото на соодветна помош за своите културни институции и иницијативи".[287] Советодавниот комитет смета дека, „на овие проблеми треба да се обрати поголемо внимание и да се третираат како прашања од приоритетно значење..., и ја поттикнува власта да обрати внимание на иницијативите на лицата кои припаѓаат на македонското и хрватското национално малцинство согласно спроведувањето на чл. 6 од Рамковната конвенција".[288]

Уставот на СРЈ, на граѓаните им ја гарантира слободата на мирно собирање, без одобение со предходна пријава до надлежен орган. Таа слобода привремено може да биде ограничена од надлежен орган со цел спречување на загрозување на здравјето и моралот или поради безбедност на граѓаните и имотот. Слободата на мирно собирање ја гарантиранаат уставите на Република Србија и Република Црна Гора.[289]

Уставот на СРЈ (чл.35), секому му ја гарантира слободата на убедување, на совеста, мислата и јавно искажаната мисла. Со одредбите од чл. 36, ст. 2, се утврдува дека, граѓаните имаат право во средствата за јавно информирање да ги објавуваат и изразуваат своите мислења.

Повелбата за човекови и малцински права и граѓанските слободи предвидува (чл. 29), дека секој има право на слобода на изразување што вклучува слобода преку говор, пишување, слика или на било кој друг начин да се примаат и шират информации и идеи.

---

[287] STAVOVI SAVETODAVNOG KOMITETA...;
[288] Исто;
[289] Чл. 43 од Уставот на Република Србија и чл. 39 од Уставот на Црна Гора.

Организирањето на македонското национално малцинство во СЦГ во разни здруженија кои имаат за цел зачувување на националениот, културниот и јазичниот идентитет претставува едно од основните прашања на нивната положба во српската етнокултурна средина. Неповрзани и како широка, расплинета, спонтана маса тие не претставуваат општествана сила. Единствено организирани, со одредени поширок или потесни задачи, тие можат да бидат организиран општествен фактор, не само како субјект на сопствана заштита (социјална, етнокултурна, јазична), туку можат да станат рамноправен субјект во целокупното решавање на општествените односи во земјата, а преку тоа да ги решаваат прашањата поврзани со својата положба и својата етничка афирмација. Од степенот на организираност на македонското национално малцинство и на малцинствата воопшто, и колку таа организираност е условена со општите текови на општествениот живот на одредената средина, толку таа ќе има поголемо влијание во решавањето на прашањата од општите општествени односи, па и во решавањето на своите проблеми.

Едно од основните прашања во проучувањето на етничките организации на малцинствата е проблемот на нивната типологизација, односно класификација. Од повеќе класификации[290], во контекст на трудот ќе ја истакнам класификацијата на полскиот истражувач Х. Радецки, кој дава седум типа на организации на националните малцинства: административни, социокултуролошки (училишта, младински организации и братства), религиозни (црковни општини и религиозни организации), организации од типот на „специјален интерес", рекреативни организации (спортски клубови, театри, играорни групи, хорови итн.), информативни организации (печат, радио, телевизија, информативни центри), и економски организаии (фондации и кредитни институции).[291]

Во СЦГ единствена организирана македонска заедница е „Здружението на Македонци за Браничевскиот округ". Оваа заедница е фомирана во 1996 год., во

---

[290] Види во: R. Park, H. A. Miller, *Old World Traits Transplanted*, Chicago 1925; J. Chapman, *Voluntary Associations*, New York 1969; L. Wynar, *Enciclopedic Directory of Ethnic Organizations*, Litt eton 1976, Цит. дела во: Вражиновски Т., *Македонското иселеништво во Канада*, Матица Македонска, Скопје, 1992, стр. 14-15;

[291] H. Radecki, *Ethnic Organizational Dynamics. The polish group in Canada*, Waterloo, 1979 во Исто, стр. 15;

Пожаревац, како здружение на граѓани, со цел да се негува јазикот, фолклорот, обичаите и традициите на македонското национално малцинства во СЦГ.

„Барањето за формирање на уште едно здружение на Македонците за Подунавскиот округ, по одржаното основачко собрание, а по изминување на повеќе од осум месеци од поднесување на барањето, беше одбиено со образложение дека целите на здружението не се во согласност со законот..., а целите се негување на јазикот, фолклорот, обичаите и традицијата, а актите беа препишани од веќе формираното здружение за Браничевскиот округ".[292]

По овој гест на српските власти, згаснала желбата на Иницијативните одбори за формирање на такви здруженија за Шумадискиот и Мачванскиот округ, непосредно пред одржување на нивните основачки собранија.

„Во меѓувреме имаме формирање на друштвото „Југос". Македонското пријателство „Шар Планина" во Белград со поддршка на видни луѓе на тогашната власт со соодветна медиумска придружба со цел да биде медијатор на македонското малцинство во СЦГ, а со формирање на свои подружници во повеќе окрузи, остава впечаток дека македонското малцинство е добро организирано, а тоа е голема заблуда".[293]

„Како последица на тоа македонското национално малцинство, иако побројно од некои други малцинства што живеат во СЦГ, е убедливо најнеорганизирано и нема никакви информации на мајчин јазик говорни или пишувани, нема свои училишта, книги, дневни и неделни весници или какво било радио, ТВ или некоја минута на него, некој простор за собирање на своите членови. Едноставно, нема ништо. Македонците тука немаат ниту организирана национална заедница, ниту организирана држава која се грижи за нив, но тоа не значи дека и немаме потреба за манифестирање на својот национален идентитет или дека македонството некаде по пат сме го изгубиле".[294]

---

[292] Гојко Илиевски (Претседател на Здружението на Македонците од Браниќевскиот округ), *ОРГАНИЗИРАНОСТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО СРБИЈА*, *Македонско сонце*, бр. 394, 18.01.2002;
[293] Исто;
[294] Исто;

Во јуни 2006 год., во Република Србија беше регистрирана за сега единствената политичка партија на припадниците на македонското национално малцинство-Демократска партија на Македонците во Република Србија. Претставниците на новоформираната политичка партија, имаат за цел политичка партиципација на Македонците во власта како услов за афирмација на правата и положбата на македонското национално малцинство.

Кога зборуваме за културните процеси на македонското национално малцинство, во контекст на овој труд се мисли на проучувањето на културните традиции на Македонците. Тие содржат неколку битни елементи. Прво, тоа се елементите на културата што тие ги поседуваат како примарна култура и ја сочувале во помала или поголема мера во изменета форма. Второ, се јавува прашањето: кои се елементите на новата култура прифатени од македонското национално малцинство и нивните потомци во процесот на општествено прилагодување во услови на мултикултурен живот и прифаќање на неговите производи. Во тој контекст во процесот на оддржување и негување на културното наследство важни се два предуслова: историската свест, преку која македонското национално малцинство е сврзано со историјата на македонскиот народ и држава и културната содржина. Овие два предуслови имаат битно влијание врз прифаќањето на културолошкото наследство од страна на младата генерација Македонци.

Паралелно треба да се прават напори за заживување на другите дејности од областа на културата, на пример: воспитната, издавачката и спортската дејност, кои во последниве години во секојдневното живеење добиваат нови димензии и форми на организирано обединување. Во Спогодбата (чл. 6), се истакнува дека, СЦГ презема обврска за македонското национално малцинство „да ја поттикнува и поддржува научно-истражувачката дејност и студиите за историја, култура и современа положба на националните малцинства, а за таа цел ќе овозможи пристап до архивски материјал".

Оддржувањето и негувањето на националниот, јазичниот, културниот и верскиот идентитет на македонското национално малцинство е од првостепено значење не само заради запознавање на нивниот културен живот и неговото

влијание врз културолошките промени кои неминовно влијаат врз етничката самосвест на Македонците, туку и за процесот на акултурализација, кој е еден од факторите за етничка асимилација.

Во функција на кажаното, а во прилог на потврда на исказите на претседателот на Здружението на Македонците за Браничевскиот округ, ќе додадам дека една од главните причини за етничката асимилација на Македонците во СЦГ е тивката акултурација, која во недостаток на институции кои ќе ја оддржуваат, негуваат и развиваат македонската култура и јазик, сé повеќе го топи и обезличува македонскиот културен белег.

Советодавниот комитет на Советот на Европа забележува дека, СЦГ на ја исполнила преземената законска обврска од сојузниот Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл. 20), да формира Фонд за унапредување на економскиот, социјалниот, културниот и општиот развој на националните малцинства, што претставува предуслов за исполнување на обврските од чл. 5 на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства.

3. 3. Антидискриминаторните одредби, толеранцијата и македонското малцинство во СРЈ/СЦГ

Поттикнувањето и негувањето на духот на толеранцијата и меѓукултурниот дијалог е од непроценлива важност за развој и опстанок на мултиетничките и мултикултурните општества. Една од главните цели на официјалните власти во СРЈ/СЦГ, според изготвувачите на државниот Извештај е унапредување на заемното почитување, разбирање и соработка помеѓу луѓе од различна национална, јазичка и верска припадност, како и помеѓу државјаните на држави кои живеат на територијата на СРЈ/СЦГ. Негувањето на духот на толеранцијата и меѓукултурниот дијалог биле предмет на некои заеднички проекти на невладини организации и државни органи. Биле организирани тркалезни маси за толеранција и мултиетнички спортски манифестации во национално мешаните средини. Министерството за национални и етнички заедници, имајќи предвид дека недостатокот

на толеранција е најизразен во областа на меѓунационалните односи и дека националните малцинства ќе имаат бенефит доколку дојде до негово поттикнување, во 2001 год., организирало медиумска кампања под наслов „Толеранција".

Во областа на образованието со Законот за заштита на правата и слободите на националните малцинства е предвидено дека плановите и програмите за работа во образовните институции и училиштата со настава на српски јазик, треба да содржат теми кои содржат сознанија за историјата, културата и положбата на националните малцинства, но и други содржини кои ја поттикнуваат меѓусебната толеранција и заедничкиот живот. Во функција на поттикнување на толеранцијата во Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл. 13, ст. 7), се предвидува дека, „наставните планови и програми во образовните институции во кои наставата се изведува на српски јазик, во средините во кои јазикот на малцинствата е во службена употреба, треба да постои можност за учење на јазикот на националното малцинство".

Иако во СРЈ/СЦГ постои воспоставен систем на образование на некои од малцинствата на својот мајчин јазик, некои малцински организации искажуваат незадоволство во однос на наставните содржини. Надминување на ова незадоволство се предвидува во сојузниот закон за малцинска заштита во кој се предвидува дека, во одлучувањето за наставните содржини ќе учествуваат и претставници на националните малцинства.[295]

Во областа на медиумите, мерките за унапредување на меѓусебното разбирање и соработка почиваат на одредбите на законите на југословенските федерални единици со кои се регулираат основните начела на емитување на радио и ТВ програми во сферата на јавното информирање, предвидувајќи дека програмската орјентација на јавните гласила треба да овозможи уважување и изразување на културниот и јазичкиот идентитет на националните малцинства.[296]

---

[295] Сојузното министерство за национални и етнички заедници формирало експертски тим кој има за задача: целосна анализа на учебниците на малцинските јазици; предлагање на листа на содржини кои можат да бидат навредливи и кои треба да бидат изменети или исклучени; предлагање на нови содржини; предлагање на содржини кои би се учеле во наставата на српски јазик кои ќе имаат за цел претставување на животот и обичаите на малцинствата.

[296] Чл. 78, т. 4 од Законот за радиодифузија на Република Србија и чл. 25, ст. 2 од Законот за јавно информирање на Република Црна Гора.

Освен што на националните малцинства и на нивните припадници им се гарантира правото на зачувување развој и изразување на нивната етничка, културна, јазична, верска и друга посебност, правниот систем на СРЈ/СЦГ предвидел мерки за сузбивање на дискриминацијата, односно заканата, непријателствата или насилствата кои се насочени кон некого поради неговата етничка или друга посебност. Така, Уставот на СРЈ (чл. 42, ст. 1), покрај другото забранува делување на политички, синдикални и други организации кое е насочено кон кршење на загарантираните слободи и права на човекот и предизвикување на национална, расна, верска и друга нетрпеливост и омраза.

Мерки за заштита на лицата изложени на закани или дискриминација, непријателство или насилство, се содржани во неколку закони, кои ја утврдуваат прекршочната и дисциплинската одговорност на организацијата и лицата кои вршат поттикнување на ваквото чинење.[297]

Иако во последните неколку години во СЦГ, насилството кон припадниците на националните малцинства е во опаѓање, сé уште постојат одредени случаи кои периодично предизвикуваат наплив на нетрпеливост. Мултикултурната, мултиетничката и мултирелигиозната југословенска заедница, по кризата која дециниски се провлекуваше во сите општествени системи е оптоварена со анимозитети и недоверба која ја спречува брзата ревитализација на интегративните општествени вредности. Традицијата на либералниот дискурс укажува дека стабилната демократија кон која се стремат српските власти во последната југословенска држава (СРЈ), има намера да го ублажи постоечкиот етноцентричен екск-

[297] Законот за службена употреба на јазикот и писмото на Република Србија (чл. 19), предвидува дека на подрачјата на кои во службена употреба се јазиците на националните малцинства, имињата на местата и другите географски имиња, имињата на улиците, имињата на органите и организациите, сообраќајните знаци, известувањата и предупредувањата за јавноста и другите јавни написи се испишуваат и на јазиците на националните малцинства. За кршење на овој член од законот предвидена е парична казна. Во законите за образование на Република Србија, предвидени се парични казни за основните и средните училишта, доколку во нив се загрозуваат или омаловажуваат групи и поединци врз расна, национална, јазична, полова или верска припадност, односно доколку училиштата ги поттикнуваат таквите активности или не преземаат мерки за нивно спречување. Законот за радиодифузија на Република Србија, исто така, предвидува казнени мерки со цел спречување на емитување на програма која содржи информации кои ја поттикнуваат дискриминацијата, омразата или насилството спрема лица или групи поради нивното припаѓањеили неприпаѓање на одредена раса, вера, нација, етничка група или пол.

лузивизам на држава во која доминантна улога има мнозинската (српската) етничка заедница.

Современите размислувања на Роберт Дал, Аренд Липхарт, Херберт Линц или Алфред Степан и Вил Кимлика, укажуваат на стратегија на прилагодување во општествата со длабоки подкултурни расцепи, која со своите карактеристики усогласување на општествените, социокултурните, класните и политичките интереси, соработка и меѓусебна контрола на политичките интереси-претставуваат основи на консенсуалната демократија, по Липхарт единствен можен модел на демократија во вакви општества. Според одредени автори, богатството на култури, јазици и религии во услови на традиционален пристап првенствено се пречки во развој на демократијата, отколку услов за нејзина консолидација. Така, Пјер Ван ден Берг, изразува сомнеж во можноста за демократизација на мултиетничките општества, сметајќи дека развојот на демократијата е „право пропорционална согласност околу основните вредности, а обратно пропорционално на културниот плурализам".[298]

Во праксата е познато дека етничките спорови пречат во развојот на демократијата во зависност од видот на спорот и начинот на кои се вклопуваат во политичката структура.

Советодавниот комитет констатира дека чл. 56 од Уставната повелба за човекови и малцински права и граѓански слободи го истакнува значењето на унапредувањето на толеранцијата во образованието и во други контексти. Ваквите пораки треба да претставуваат поттик за подобрување на меѓуетничките односи, којшто сé уште се затегнати поради агресивните мерки на политиката на претходниот режим и последиците настанати во текот на судирите. Советодавниот комитет, исто така нагласува дека, покрај властите, за преземање на конкретни ставови со цел зацрстување и градење на духот на толеранцијата и меѓукултурниот дијалог, потребно е учество и на други релевантни учесници, како што се верските институции кои делуваат на територијата на Србија и Црна Гора.[299]

---

[298] Van den Berghe, *Ethnic Pluralism in Plural Society: Special Case*, Ethnicity, 1976;
[299] STAVOVI SAVETODAVNOG KOMITETA...;

Кога се истакнува улогата на на црковните институции во градење на духот на толеранцијата и меѓукултурниот дијалог, во овој контекст важно е да се истакне несоодветниот однос на СПЦ кон ова прашање, односно изјавите во врска со српско-македонскиот црковен спор дадени за медиумите во моменти на национален набој. Изјавите дадени од српските свешени лица, можат слободно да се оценат како изјави со кои се поттикнува национална нетрпеливост во врска со црковен „спор" за кој не може да се каже дека е верска омраза од причини што и МПЦ и СПЦ се две сестрински православни цркви на две суверени национални држави и народи. За сериозна забелешка е фактот што скоро никој од српската политичка елита, интелектуалците, медиумите и граѓаните отворено и директно не го осуди речникот на српските свештеници, за кој македонската јавност смета дека би можел да остави негативен печат во меѓунационалните, меѓудржавни односи на СЦГ и РМ. Беа спомнувани изрази: „..sinod raskolnicke MPC...odmetnutu jerarhiju MPC",[300]„Drevne freske i ikone koje su ostavili ovi srpski vladari danas se isključivo proglasavaju za etničko kulturno blago makedonskog naroda, što vodi ka kulturnoj asimilaciji stanovništva koje se još oseća Srbima...Bratski odnosi među Crkvama i narodima ne mogu da se temelje na asimilaciji i negiranju istorijskih ćinjenica, bez obzira na sadašnju političku stvarnost",[301]„...Imenom ‚Makedonske pravoslavne Crkve' se vređaju osećanja Makedonaca grćkog i bugarskog porekla koji u sprezi etnofiletizma MPC i pojedinih političara i istoričara BJR Makedonije razumljivo vide teritorijalno-kulturne pretenzije prema teritorijama susednih država".[302]„Neodrživa je argumentacija da svaka nacija samo zato što je različita od neke druge nacije treba da ima autokefalnu Crkvu...,".[303] Грубиот речник кој сé уште се употребува во медиумската комуникација меѓу МПЦ и СПЦ влијае негативно врз меѓунационалната толеранција на внатрешен и надворешен план (се мисли на СЦГ и РМ) и на меѓудржавните односи.

---

[300] *Krivica po svaku cenu - kršenja ljudskih i verskih prava pod vidom proizvoljnih "zakona"*, Informativna služba Srpske Pravoslavne Eparhije rasko-prizrenske i kosovo-metohijske;
[301] *„SPC ne negira BJR Makedoniju i samoopredeljenje njenog stanovništva ali ne prihvata etničku i kulturnu asimilaciju„* Informativna služba Srpske Pravoslavne Eparhije rasko-prizrenske i kosovo-metohijske;
[302] *Sporni naziv:„Makedonska pravoslavna crkva„* Informativna služba Srpske Pravoslavne Eparhije rasko-prizrenske i kosovo-metohijske;
[303] Patrijarh Pavle u svoju božičnu četitku, *Odnos SPC prema pitanju autokefalnosti Ohridske Arhieopiskopije,* Исто;

Во контекст на имплементирање на чл. 6 од Рамковната конвенција може да се заклучи дека: Република Србија со исклучок на повремени оптимистички политички изјави не прави ништо-врз основа на својата законска обврски и во име на меѓуетничката толеранција-да ги санкционира оние кои јавно, негирајќи го постоењето на една православна црква, ја доведуваат во прашање националната свест на македонското национално малцинство во СЦГ, а со тоа директно го негира македонскиот национален, културен и јазичен идентитет или со други зборови кажано, го негира постоењето на македонското национално малцинство на своја територија.

3. 4. Слободата на вероисповест во СРЈ/СЦГ

Уставот на СРЈ (чл. 18, ст. 1), утврдува одвоеност на црквата од државата и согласно тоа, нема некоја „официјална" „државна" или на друг начин институционализирана „мнозинска" религија, односно црква. Според ст. 2, од истиот член на Уставот, црквите се рамноправни во вршење на верските работи и верските обреди. Верските слободи во СРЈ се уживаат како индивидуални слободи кои во праксата најчесто се остваруваат во заедница со други. Во Уставот на СРЈ (чл. 43), на граѓаните им се гарантира слободата на верување, на јавно и приватно исповедување на верата и вршење на верски обреди. Уставот прецизира дека никој не е должен да се изјаснува за своето верско уверување. Слични одредби содржат и уставите на федеративните единици. Со одредени законски решенија на граѓаните на СРЈ им е овозможено изразување на верското уверување, со тоа што на верниците им се дава можност за време на најголемите верски празници да осуствуваат од работа.[304]

Повелбата за човекови и малцински права и граѓански слободи (чл. 26), ја гарантира слободата на вероисповест: „секој е слободен поединечно или во заедница со други, во приватниот и во јавниот живот, да ја изразува својата вера или убедување преку вероисповест, вршење обред, посетување на верски служби и настава".

[304] Zakon o drzavnim praznicima Republika Srbija, *Službeni glasnik RS, br. 48/9;*

Со последните измени на Законот за основно образование и Законот за средно образование (2002), за првпат по Втората светска војна воведена е верска настава во училиштата. Посетувањето на верска настава се заснова на слободен избор на ученикот, односно неговите родители. Наставните планови и програми за верска настава спогодбено ги донесуваат министерот за образование и министерот за вера на Република Србија, по усогласен предлог на црквата и верските заедници (Српска православна црква, Исламскат заедница, Католичка црква, Словачка евенгелистичка црква, Еврејска заедница, Реформатска христијанска црква и Евангелистичка христијанска црква) во согласност со закон. Уставот на Република Србија (чл. 41, ст. 4), предвидува дека државата може материјално да ги помага верските заедници, додека Уставот на Република Црна Гора (чл. 11, ст. 4), ја востановува таа обврска на државата.

Во Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства се истакнува дека вероисповеста може да биде една од карактеристиките врз основа на кои група државјани на СРЈ, кои претставуваат национално малцинство се разликува од мнозинското население.[305]

Како што беше кажано во заклучоците за имплементација на чл. 5 и 7 од Рамковната конвенција ќе повторам дека, согласно уставно и законски загарантираните права, и согласно Спогодбата меѓу Србија и Црна Гора и Република Македонија, за заштита на српското и црногорското малцинство во Република Македонија и македонското национално малцинство во Србија и Црна, припадниците на македонското национално малцинство има право на изразување, негување и развивање на својот етнички, културен, јазичен и верски идентитет (чл. 2 ст. 1 од Спогодбата), и право на организирање и здружување заради зачувување на националниот и културниот идентитет.

[305] Во СРЈ, како и во Република Македонија има примери кога припадниците на едно национално малцинство имаат различна религиска припадност. Повеќето Албанци се со исламска вероисповест, иако има и православни и припадници на Католичката црква. Бошњаците се муслимани. Повеќето Бугари се православни, иако има и католици. Унгарците во СРЈ во голем дел се католици, додека има и мал дел кои припаѓаат на Христијанската реформска црква. Припадниците на ромското национално малцинство во голем дел се православни, но има и дел кој припаѓа на муслиманската религија. Романците се православни, додека Русините и Украинците се унијати, односно верници на Гркокатоличката црква. Словаците се верници на Словачко-евангелистичката црква и Евангелистичко-методистичката црква. Власите се православни, а останатите национални малцинства во СРЈ во кои се вбројуваат и Македонците се православни христијани.

Кога сме кај прашањето на слободно изразување на верското убедување и основањето на верски институции, организации и здруженија на националните малцинства, без да се задржувам на верското организирање на другите национални малцинства во СЦГ, ќе ја истакнам специфичната позиција на македонското национално малцинство по ова прашање.

Неспорен е фактот дека уставните и законските одредби на СЦГ, односно Република Србија го гарантираат правото на изразување на верското убедување и негување на истото. Теориски е многу лесно припадниците на едно национално малцинство, во случајот македонското, своето верското убедување да се практикува во држава во која мнозинското население е православно. Меѓутоа, состојбата и практично ќе беше така доколку не постоеше повеќедеценискиот црковен спор помеѓу Македонската православна црква и Српската православна црква.

Во овој контекст постои потреба да се дадат одредени објективни видувања во врска со улогата на СПЦ во политичкиот, културниот и верскиот живот на Република Србија и корените на црковниот спор меѓу двете цркви, за да може полесно да се добие претстава за практичните не/можности за верско организирање на Македонците во Република Србија.

Иако уставното начело за одвоеност на црквата од државата е сé уште на сила, СПЦ се поагресивно и поуспешно настојува тоа да го оспори. Во меѓувреме таа има привилегирана положба во однос на другите верски заедници во Република Србија, а постојата и зачетоци на законско нарушување на начелото на слобода на убедување и вероисповест, како и верска рамноправност.[306]

Предлогот за донесување на Закон за верска слобода од Министерството за вера на Република Србија, најдобро го одразува односот на државата, не само кон СПЦ, туку и кон другите цркви и религии. Одредбите од чл. 8 на Нацрт-законот предвидува „на СПЦ да ѝ се даде почесна предност која се огледа во историското и природното право и самопреземената обврска пред јавните власти во земјата и странство да ги застапува заедничките права и да ги усогласува ставовите и ин-

[306] Пример: Воведување на верска настава во државните училишта со редукција на тоа право само за припадниците (изричито наведени седум) на т.н. „традиционални“ или „историски“ цркви.

тересите на сите верски организации во Србија".[307]Со ваквата одредба флагрантно се крши начелото на рамноправност на верските заедници прокламирано во чл. 27 од Повелбата за човекови права и граѓански слободи, бидејќи СПЦ се става во привилегирана положба, повикувајќи се на „историското и природното право", категории кои се надминати на крајот на XIX и почетокот на XX век.

СПЦ е незаобиколив фактор во одлучувањето за сите суштински прашања со кои се соочува српското општество. Таа има одлучувачка улога во давање отпор во евроатлантските интеграции на Србија. СПЦ својата критика ја насочува и кон националните малцинства кои се залагаат за европската интеграција на Србија, третирајќи ги како „агресивни со примана на револуционерни методи", особено „во формирањето на ставови за личниот и колективниот идентитет". Систематското и сеопфатното оспорување на секуларните принципи, како темели на модерното време претставува долгорочна стратегија на СПЦ со поддршка на националистичката елита, војската и дел од државната власт. СПЦ не е само религиозна организација, туку и водечка национална институција посветена на националното единство, поради што на нејзиното делување се гледа како на историска мисија. Во времето кога српските националисти го формирале националниот програм, СПЦ ја го подржала истиот.[308]

СПЦ има став дека реформите во образованието се неопходни, но не правец во кој што ги водел покојниот премиер (проевропски и либерални), туку обратно, кон фиксирање на традиционални и конзервативни вредности кои во налет на глобализацијта можат да го сочуваат она што се смета за српски идентитет. Според интерпретацијата на СПЦ, српската национална историја се темели исклучиво на СПЦ која ја конституирала српската нација како света заедница на Србите обединети во непречено остварување на заветот на Св. Сава.

Модерните културни обрасци на Србија во XIX и XX век, се темелат на поединецот во културата и политиката, кој темелите не ги бара во светосавскиот завет, туку во вредностите на модерното време. Клучна личност на модерната орјентација бил Доситеј Обрадович, кој бил осуден од СПЦ, а тоа е оквалифику-

[307] *Pravoslavlje*, (списание за верски прашања), br. od 1-15. 1. 2004;
[308] Vjekoslav Perica, *Balkan Idols*, Oxford, University Press, 2002, str..36;

вано како, „прва духовна, антисветосавска, антизаветна револуција во историјата на српскиот народ“[309], бидејќи Обрадовиќ го покренал процесот на протестанизација, тотална национална негација и самоотуѓување. Според СПЦ, Доситеј, Карацич, Марковић и Скерлич преку духовна, јазична, политичка и културна револуција го подготвиле „доаѓањето на комунистичката секта во Србија“ а потоа и „комунистичката револуција“ која го уништила националниот лик и идентитет на српскиот народ. Тоа, според СПЦ ја довело Србија до „радикално историско отпаѓање од српскиот завет и до врв на антизаветна историја на Србите“.

СПЦ отсекогаш ги негирала авнојските граници, а тоа се гледа и од нејзините ставоти за време на војните од 1991-1999 год. Таа веруваше во легитимитетот на српскиот народ и за цело време ги подржуваше воените цели во Хрватска, Босна и на Косово, како и аспирациите кон Македонија и Црна Гора.[310] Српските националисти и СПЦ кога зборуваат за територијалните аспирации на српската држава, секогаш се навраќаат на 1918 год., па и на времето пред настанокот на Кралството на СХС. Тоа не е случајно, бидејќи постојано се подгрева аргументацијата дека, доколку Србија не се соединела во Југославија од меѓународната заедница ќе ја добиела целата територија на Југославија без Словенија и дел од Хрватаска.[311]

Негирањето на Македонската православна црква се вклопува во овој образец.[312] Спорот со МПЦ ја одбележа цела 2004 год., иако во суштина се работи за повеќедецениски раскол кој настана откако во Охрид во октомври 1958 год., црковно-народниот собор одлучи да се „обнови старата македонска Охридска архиепископија“ чии граници се поклопуваат со републичките граници на Македонија. Во 1967 год., прогласена е потполна самостојност на МПЦ, што никогаш не беше прифатена од СПЦ и покрај фактот што Југославија во меѓувреме се распадна, а Македонија стана самостојна и независна држава.

---

[309] Boško Obradović, *Pravoslavlje*, "Sedam revolucija u srpskoj kulturi", 1. 11. 2004.
[310] Boško Obradović, *Pravoslavlje*, ...14. 2. 2004.
[311] Dobrica Ćosić, *Lovljenje vetra*, Samizdat b92, Beograd, 2001.
[312] Според СПЦ, денес од 40 епархии на Српската православна црква (вклучувајќи и 4 упразнети епархии во БЈР Македонија) повеќето се наоѓаат надвор од територијата на Србија. *Иницијални извештај о примени Међународног пакта о грађанским и политичким правима у Савезној Републици Југославији за период од 1992-2002 године,* Савет министра Србије и Црне Горе, Београд, 2003, срт. 81;

СПЦ својот став го брани од канонска позиција при што патријархот Павле предупредува дека, „расколот води во духовна пустош“ и од страна на СПЦ се оспорува правото на афтокефалност на МПЦ, бидејќи според зборовите на патријархот Павле, „Македонија е комунистичка творевина“. Повеќедеценискатa конфронтација помеѓу двете православни цркви кулминираше во 2005 год., кога МПЦ се одлучи да го оспори обидот на СПЦ преку именување на свој егзарх во Македонија да се доведе во состојба во која МПЦ ќе добие ист третман во однос на Охридската архиепископија, како црногорската црква во однос на Цетињската митрополија. Македонија тоа го доживеа како мешање во внатрешните работи, како на црквата, така и на државата.

Во 2001 год., во Ниш СПЦ потпиша Декларација која предвидуваше обновување на Охридската архиепископија наместо МПЦ, но Синодот на МПЦ ја негира таа декларација. Декларацијата покрај највисоки претставници на СПЦ ја потпишале и тројца македонски владици, што од страна на МПЦ беше протолкувано како своевиден пуч вперен против МПЦ.[313] Објавувањето на канонското единство на Охридската архиепископија со три манстири и преоѓањето на 30 монаси и монахињи во нејзин состав предизвика големо незадоволство во Република Македонија. Дипломатската офанзива на СПЦ по повод апсењето на нивниот егзарх Јован, од страна на МПЦ и државниот врв во Македонија беше именувана како „агресивно однесување на СПЦ“, но сепак во име на добрососетските односи беше оставен простор за дијалог со напомена дека, „СПЦ треба да сфати дека МПЦ има свој поглавар, свој Синод кој постојано се негирани“.[314] Тие исто така, ја оспорија Нишката спогодба и ја осудија манипулацијата на „ракоположувањето на 24-годишно момче за владика во македонската егзархија“.[315] Македонскиот парламент со акламација ја подржа афтокефалноста на Македонската православна црква со што црковниот спор се префрли и на меѓународните односи. СПЦ преку воспоставувањето на Охридската архиепископија во суштина работи на оспорување на македонскиот национален идентитет.

---

[313] „ Strah od opasnih scenarija“, *Danas*, 17-18. 1. 2004.
[314] „Dužni smo da razgovaramo“, *Večernje novosti*, 18. 1 2004.
[315] „Jači posle torture“, *Večernje novosti*, 2. 2. 2004.

Кога сето ова ќе се земе во предвид, може да се заклучи дека во отсуство на македонски верски институции и организации на територијата на Република Србија, на македонското национално малцинство му преостанува своите верски обичаи да ги практикува во храмовите на Српската православна црква, не негирајќи ја истата. Во фокусот на српско-македонскиот спор и на жестоката анти-МПЦ кампања што ја водат српските медиуми преку изјавите на високите српски свештеници, на Македонците во Србија не им останува ништо друго, освен својата вродена толеранција да ја стават пред секојдневните предизвици на докажување на историските вистини за Македонија и македонскиот народ.

3. 5. Македонското национално малцинство во СРЈ/СЦГ и неговото право на слободно изразување

Слободата на изразувањ во СРЈ е уставно гарантирана со чл. 35 од Уставот на СРЈ, со кој се гарантира слобода на убедување, совест, мисла и јавно искажана мисла. Примањето и давањето на информации, исто така, спаѓа во слобода на изразување и е гарантирано со чл. 36, ст. 2 од Уставот на СРЈ, со кој се предвидува дека граѓаните имаат право во средствата за јавно информирање да го изразуваат и објавуваат своето мислење.

Уставот на СРЈ (чл. 46, ст. 2), на припадниците на националните малцинства им го гарантира правото на јавно информирање на својот мајчин јазик. Државата е обврзана во средствата за јавно информирање кои се во нејзина сопственост, односно кои се под нејзина контрола, да обезбедат информирање на јазиците на малцинствата. Во Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл. 17), оваа материја е регулирана така што се утврдува дека припадниците на националните малцинства имаат право на потполно и непристрасно информирање на свој мајчин јазик, вклучувајќи право на изразување, примање, праќање и размена на информации и идеи по пат на печатот и другите средства за јавно информирање и дека државата во програмите на радијата и телевизиите ќе обезбеди информативни, културни и образовни содржини на јазикот на национал-

ните малцинства. Јавното информирање на јазиците на националните малцинства подетално е регулирано со законите за медиуми на федералните единици.

Законот за радиодифузија на Република Србија предвидува обврска на неговите носители да произведуваат и емитуваат програми наменети за сите сегменти на општеството, должни се во соодветен обем да ги почитуваат јазичните и говорните стандарди на националните малцинства на подрачјето каде што се емитуваат програмите и дека се должни да обезбедат задоволување на потребата на граѓаните за програмски содржини кои го изразуваат културниот идентитет на националните малцинства преку можноста на подрачјата каде што живеат и работат, одредени програми или програмски целини да ги следат на својот мајчин јазик и писмо (чл. 78). Законот за јавниот радиодифузен сервис на Републија Црна Гора (чл. 25, ст. 2 и 3), пропишуваат дека програмски орјентираните јавни гласила мора по обем, квалитет и содржина да обезбедат остварување на правата на националните малцинства кои живеат во Република Црна Гора на јавно информирање на својот мајчин јазик. [316]

Со цел-унапредување на толеранцијата и овозможување на културниот плурализам, во Законот за радиодифузија на Република Србија, се предвидува можност програмите кои се емитуваат во рамките на јавниот радиодифузен сервис да мора да обезбедат разновидност и меѓусебна усогласеност на содржините со кои се поддржуваат демократските вредности на современото општество, а особено почитување на човековите права и културниот, националниот, етничкиот и политичкиот плурализам на идеи и мислења.

Повелбата и Уставот на Црна Гора го гарантира правото на информирање, односно јавно соопштување на јазикот на мацинствата (чл. 52 од Повелбата; чл.68 од Уставот на Црна Гора), додека Уставот на Србија тоа не го гарантира. Со Повелбата на националните малцинства им се гарантира правото да основаат сопствени средства за јавно информирање (чл. 52).

Според мислењето на Советодавниот комитет на Советот на Европа, некои одредби од Законот за радиодифузија на Република Србија се нејасни. Про-

[316] Zakon o javnim radiodifuznim servisima „Radio Crne Gore“ i „Televizija Crne Gore“, *Službeni list RCG, br.51/02, 62/02;*

грамите наменети за малцинствата немаат обврска за емитување на програма на српски јазик или со превод на српски јазик како што пропишува чл.72, меѓутоа законот не содржи јасно изземање во поглед на обврската дека најмалку 50% од времето на емитување мора да биде на српски јазик, што е пропишано во чл.73, ст.1. Советодавниот комитет смета дека *примената на јазични квоти* на оние кои емитуваат програма на малцинските јазици е проблематична, особено како станува збор за локалните и регионалните станици, имајќи предвид дека бројот на населението за кое тоа се однесува и фактот дека тие обично живеат компактно во одделни региони. Во таа смисла, Комитетот смета дека властите треба да ги изземат од квотата 50% станиците кои емитуваат програма на малцинските јазици.

Кога станува збор за *припадниците на македонското национално малцинство и остварувањето на нивното право на информирање на свој мајчин јазик*, како и правото на основање на средства за информирање на свој мајчин јазик, ќе ја спомнам обврската што Србија и Црна Гора ја презеде со потпишувањето на Спогодбата со РМ за реципрочна заштита на малцинствата.

Во Спогодбата (чл. 7, ст. 1), се вели дека, Србија и Црна Гора го признава правото на македонското национално малцинство на информирање по пат на печат, радио и телевизија на сопствениот јазик и писмо и дека ќе ја помага нивната информативната дејност. Согласно внатрешното законодавство, Србија и Црна Гора презема обврска да овозможи редовно емитување на програма на радио и телевизија на јазикот на македонското малцинство во зоната на покривање со траење кое ќе биде дополнително спогодбено договорено. Србија и Црна Гора со оваа спогодба исто така, презеде обврска да ги преземе и дистрибуира радио и телевизиските програми од матичната земја на македонското малцинство-Република Македонија.

Оваа правната рамка, вклучително и обврската од билатералната спогодба би требало да овозможи, барем во окрузите во кои живеат поголем број припадници на македонското национално малцинство, емитување на радио и ТВ-програма на македонски јазик во обем и траење утврден со закон. Меѓутоа, состојбата со информирањето е загрижувачка, од причина што во моментот во Србија и

Црна Гора не постои ниту пишан, ниту електронски медиум кој дава и емитува информации од земјата и светот на македонски јазик. Доколку се погледнат внимателно статистичките податоци кои се однесуваат за бројот на пишани и електронски медиуми кои имформираат на јазици на малцинства кои живеат во Србија и Црна Гора, ќе се забележи одредена нелогичност, бидејќи од податоците се гледа дека националните малцинства кои се бројно многу помалку застапени од македонското малцинство во вкупното население на СЦГ, имаат свои информативни гласила кои емитуваат програма на нивен мајчин јазик. За да биде иронијата поголема Македонците немаат ниту едно.[317]

„Во Панчево, општина во која живеат голем број Македонци, не постои ниту едно информативно гласило на македонски јазик, ниту радио, ниту ТВ емисија. Да бидам прецизен, постоеја пред десет години, но сега веќе не егзистираат. Причина не е политичката волја, туку недоволната заинтересираност на самите Македонци. Интересно е што Македонците сами, поради непознавањето на својот мајчин македонски јазик го избегнуваат учеството во радио и ТВ емисии. Од укинувањето на Радио Панчево и станицата на македонски јазик во локалниот весник во Панчево поминаа десетина години, но до денес никој не го покрена прашањето за нивното повторно заживување".[318]

Што се однесува до издавачката дејност на јазикот на македонското малцинство во СЦГ во Спогодбата (чл. 5, ст. 5) се вели дека, Србија и Црна Гора ќе ја овозможат издавачката дејност на македонското национално малцинство како и праќањето на книги, списанија, носители на слики и звуци на малцинските органи-

---

[317] Бројот на радијата и јазиците на кои се емитуваат радио и ТВ програмите во СРЈ за 2001 година се: *српски јазик*: ТВ програмите се емитуваат во износ од 311.358 саати, а радио програмите 1.092.017 саати; *бугарскиот јазик* нема телевизиска програма, додека радио програмата се емитува 395 саати; *албански јазик:* телевизиска програма се емитува 110 саати, а радио програмата 5.167 саати; *унгарски јазик:* телевизиската програма се емитува во 1.183 саати а радио програмата 21.713 саати; ромски јазик: телевизиска програма 848 саати, а радио програма 2.265 саати; *русински јазик*: телевизиска програма се емитува 261 саат, а радио програма 1.848 саати; *словачки јазик:* телевизиска програма се емитува 266 саати, а радио програма 7.582 саати; *украински јазик*: телевизиска програма 16 саати, а радио 105 саати; *останатите јазици*: телевизиска програма се емитува во износ од 34.309 саати, а радио програма 6.496 саати. *Иницијални извештај о примени Међународног пакта о грађанским и политичким правима у Савезној Републици Југославији за период од 1992-2002 године,* Савет министра Србије и Црне Горе, Београд, 2003, стр. 90;

[318] Jugoslav Veljkovski (Istorijski arhiv Novog Sada), *MAKEDONCI SU POTPUNO ZABORAVLJENI,* Okrugli sto NACIONALNE MANJINE U SRBIJI, Novi Sad, 8-9. Septembar 2000.

зации во некомерцијални цели и како такви ќе бидат ослободени од царина и даноци.[319] Во чл. 7, ст. 1 од Спогодбата, попрецизно се уредува признаеното право на македонското малцинство на информирање на својот мајчин јазик и писмо по пат на печат, радио и телевизија и со помош на сопствената информативната дејност.

Од предходно изнесеното уште еднаш може да се потврди податокот дека во СЦГ не постои ниту пишан, ниту електронски медиум на македонски јазик, што говори дека мала е веројатноста за развивање на издавачката дејност и развивање на информативна дејност. Останува да се чека моментот кога ќе започне реализацијата на обврските од Спогодбата (чл. 5, ст. 5; чл. 7, ст. 1 и 2), кога Република Македонија како матична држава на Македонците во СЦГ ќе има законска обврска и можност да реализира дел од тоа што треба да го направи за делот од својот народ кој живее во соседната држава.

Незаинтересираноста, апатијата и загрижувачката неорганизираност на македонското национално малцинство и немањето на иницијативи за стварна примена на уставно и законски загарантираните колективни права во сферата на општествениот, политичкиот и културниот живот во СЦГ, претставува огромен хендикеп за Македонците воопшто, но најмногу за младата генерација припадници на македонското малцинство, која во иднина ќе треба да ја негуваат и продолжуваат македонската културна традиција, а со тоа ќе го заштитат македонскиот националниот идентитет од криза и асимилација.

Како може да се негува нешто ако нема преку што? Како може да се продолжува традицијата ако не се знае? Како може да се знае мајчиниот јазик ако не се учи, а доколку се учи не се применува? Дали не станува збор за криза на идентитетот?

---

[319] Советодавнио комитет констатира дека некои државни органи го намалуваат бројот на публикации на јазиците на малцинствата и создаваат алтеранативни форми на помош. Советодавнио комитет смета дека е важно да се обезбеди максимум во поглед на достапноста, квалитетот и разновидноста на публикации на малцинстките јазици. Освен позитивните оценки за унапредување на можностите за информирање на албански јазик во јужна Србија, Советодавнио комитет не го третира проблемот на незастапеноста на медиумите (радио и ТВ) на јазиците на останатите национални малцинства меѓу кои и македонското. Ако се знае дека меѓународната заедница интерванира единствено после агресивна медиумска кампања на жалби и поплаки од здруженија и организации кои ги застапуваат интересите на припадниците на националните малцинства, тогаш одговорот на прашањето зошто македонското национално малцинство нема медиуми е многу јасен-*не се бара, не се добива.*

Овие се само неколку од бројните прашања кои заслужуваат сериозно внимание, за да можат да се одговорат, како од припадниците на македонското малцинство во СЦГ, така и од властите во Република Македонија кои само декларативно се грижат за нашинците во соседните држави, а истовремено РМ е модел за малцинска политика и заштита на Балканот.

3. 6. Право на употреба на македонскиот јазик и личните имиња на припадниците на македонското национално малцинство во СРЈ/СЦГ

Правото на припадниците на националните малцинства на слободна употреба на јазикот, приватно и јавно, усно и писмено, во СРЈ е уредено со Устав и со други прописи. Уставот на СРЈ (чл.11), на националните малцинства им го гарантира правото на зачувување на својата јазична посебност, (чл. 45, ст. 1) ја гарантира слободата на изразување на националната припадност, култура, како и употребата на својот мајчин јазик и писмо. Слободната употреба на својот мајчин јазик и писмо во Уставот на Република Србија е гарантирана со чл.49, ст.1, а во Уставот на Република Црна Гора со чл. 68. Законот за заштита на слободите и правата на анционалните малцинства (чл.10), на припадниците на националните малцинства им го гарантира правото, приватно и јавно слободно да го употребуваат својот јазик и писмо.

Уставот на СРЈ (чл.15, ст.1), предвидува дека во службена употреба е српскиот јазик. Употребата на малцинските јазици во односите меѓу припадниците на националните малцинства и органите на управата е широко поставена. Обемот на користење на малцинските јазици зависи од видот на односите помеѓу припадниците на малцинствата и органите на управата и од карактерот на органите на управата. Уставот на СРЈ (чл.49), пропишува дека секој има право во постапките пред суд или други државни органи или организации кои вршат јавни овластувања да го употребува својот јазик и во тие постапки да се запознае со фактите на својот јазик. Оваа одредба го дава тоа право независно од тоа дали постапката се води во области во кои националните малцинства се населени тредиционално или во

значителен број. Користењето на мајчиниот јазик во постапките пред судовите и управните органи во Република Србија е регулирано со Законот за службена употреба на јазикот и писмото (чл.16), во кој се предвидува дека во судовите и управните органи пред кои припадниците на националните малцинства ги остваруваат своите права и обврски, органите се должни во постапката кој се води на српски јазик, на припадниците на националните малцинства да им се обезбеди употреба на својот мајчин јазик и писмо, односно да поднесуваат молби, жалби, тужби, предлози, претставки и други поднесоци на свој мајчин јазик, а на нивните барања-пресуди, решенија и другите акти со кои се решава за нивните права и обврски, сведочења, уверенија и потврди, да им се одговара, исто така, на нивниот мајчин јазик.[320]

Уставот на СРЈ (чл.15, ст.2), предвидува дека на подрачјата каде живеат националните малцинства во службена употреба, покрај српскиот јазик, во употреба се и јазиците на националните малцинства. Уставот на Црна Гора (чл.9, ст.3), непосредно ја регулира службената употреба на јазикот и писмото на националните малцинства, предвидувајќи дека во единиците на локалната самоуправа во кои припадниците на националните малцинства претставуваат мнозинство или значителен дел од населението, во службена употреба е јазикот на националното малцинство.

Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл. 11), предвидува дека, на територијата на единиците на локалната самоуправа каде традиционално живеат припадници на националните малцинства, нивниот јазик и писмо може да биде во рамноправна службена употреба. Врз основа на таквото решение, единиците на локалната самоуправа се слободни да воведуваат јазик и писмо на националните малцинства во службена употреба. Законот за службена употреба на јазикот и писмото на Република Србија, не ги предвидел критериумите кои единиците на локалната самоуправа треба да ги земат во предвид кога утврдуваат кој јазик покрај српскиот ќе биде во службена употреба. Тој недостаток довел до тоа единиците на локалната самоуправа да имаат различни решенија по тоа прашање. Тој недостаток до одреден степен формално се надминува со

[320] Zakon o službenoj upotrebi jezika i pisma, *Službeni glasnik RS, br.45/91; 53/93; 67/94; 48/94;*

одредби од Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства. Во него, (чл.11, ст.2) се предвидува дека единиците на локалната самоуправа се обврзуваат да обезбедат рамноправна службена употреба на јазикот и писмото на националното малцинство, доколку процентот на припадници на националното малцинство учествуваат со 15% во вкупниот број на населението на нејзина територија, според резултатите од последниот попис на населението.

Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл.11, ст.4), прецизира што подразбира под службена употреба на јазикот и писмото на националното малцинство.[321] Законот за службена употреба на јазикот и писмото на Република Србија, исто така содржи одредба со која се прецизира што се подразбира под службена употреба на јазикот на националното малцинство. Одредени појавни облици на службената употреба на јазикот и писмото на националните малцинства се уредени со посебни прописи.[322]

Во законите за основни, средни и виши школи се утврдува дека училишните евиденции се водат и на јазикот на националното малцинство, кога се изведува настава и на јазик на национално малцинство.[323] Во истиот дух со Законот за универзитет на Република Србија (чл.122), се утврдува дека кога наставата се изведува и на јазик на национално малцинство, матичната книга на студенти и евиденцијата за издадени дипломи, освен на српски јазик и кирилично писмо, се води и на јазикот и писмото на националното малцинство. Истовремено се прецизира дека на универзитетите, односно факултетите каде што наставата се изведува и на јазик на национално малцинство, јавните исправи се издаваат на обрасци кои се

---

[321] Тоа подразбира користење на јазикот на националното малцинство во управните и судските постапки и водење на управната и судската постапка на јазикот на националното малцинство, употреба на малцинскиот јазик во комуникација со органите со јавни овластувања; издавање на јавни исправи и водење на службена евиденција и збирки лични податоци на јазиците на националните малцинства; употреба на малцинските јазици на гласачките ливчиња и изборниот материал и во работата на претставничките тела.

[322] Законот за парнична постапка (чл.6 и 102-105), Законот за избор на народни пратеници на Република Србија (чл. 60, ст. 6; чл. 76, ст. 2), Закон за избор на сојузни пратеници во Народното собрание (чл.63, ст. 4), Закон за избор на пратеници и одборници на република Црна Гора (чл. 74, ст. 1);

[323] Закон за основна школа, чл. 99, ст. 3; Закон за средна школа чл. 100, ст. 5; и, Закон за виша школа, чл. 47, ст. 5;

двојазично печатени- на српски јазик и кирилично писмо и на јазикот и писмото на националното малцинство.[324]

Службената употреба на јазикот и писмото на националните малцинства во Црна Гора се спроведува врз основа на уставните одредби дека јазиците и писмата на националните малцинства ќе бидат во службена употреба во општините во кои припадниците на малцинствата се мнозинство или значителен дел. Во судската пракса не е дозволено водење на постапка на јазиците на националните малцинства, но дозволено е овластен судски преведувач да му преведува на лице кое не го знае српскиот јазик.

Правото на користење на своето име и презиме на мајчин јазик, на општ начин е опфатано во уставните норми кои ја гарантираат слободата на употреба на малцинските јазици, но ова право е гарантирано и со посебни прописи. Во Република Србија со Законот за лични карти (чл. 20), меѓу другото е утврдено дека податоците во обрасците на личната карта се испишуваат на јазиците на националните малцинства, согласно законот. Со Законот за лични карти на Република Црна Гора се предвидува правото на национпналните малцинства своето име во матичната книга на родените да го испишуваат на својот јазик и писмо. Ова право посебно е регулирано со Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства. Така во чл. 9, од законот се предвидува дека припадниците на националните малцинства имаат право на слободен избор и користење на личните имиња и имињата на своите деца, како и на запишување на овие имиња во сите јавни исправи, службени евиденции и збирки лични податоци, според јазикот и правописот на припадниците на националните малцинства. Со ова право не се исклучува паралелниот упис на имињата и на српски јазик и кирилично писмо.

Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл. 11, ст. 5), предвидува дека во единиците на локалната самоуправа во кои малцинскиот јазик е во службена употреба, имињата на организациите кои вршат јавни овластувања, имињата на единиците на локалната самоуправа, населените места, улиците и другите топоними се испишуваат на јазикот на националното малцинство кој е во службена употреба, според неговата традиција и правопис.

---

[324] Zakon o univerzitetu, *Službeni glasnikt RS, br. 21/02;*

Врз основа на податоците од официјалниот извештај на Србија и Црна Гора за имплементација и примена на одребите од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, Советодавниот комитет на Европската унија го поздравува фактот што, чл. 10 и 11 од Законот за заштита на националните малцинства ги содржат важните гаранции за обвската за „официјална употреба" на малцинските јазици во контактите со властите во оние единици на локалната самоуправа каде што бројот на припадниците на националното малцинство изнесува 15%. Законското право во одредбите на овој член на законот, во пракса се спроведува со одредени потешкотии, така во Војводина овие гаранции по интензивни расправи се проширени во поглед на хрватскиот јазик. Официјална употреба на албанскиот јазик во три општини во јужна Србија, како и на бошњачкиот јазик во општините Нови Пазар, Сеница и Тутин.

Имајќи ја предвид сложената формална ситуација во Србија и Црна Гора, и постоењето на различни ставови прифатени во различни подрачја, Советодавниот комитет смета дека властите треба да ја разгледаат можноста да ја обезбедат *de facto* и *de jure* примената на овие правни обврски, а со тоа ***на сите лица*** *кои припаѓаат на национално малцинство* да им овожможат својот мајчин јазик да го користат не само во контактите со општинските власти, туку и во контактите со сите административни органи на власта.[325]

Во некои подрачја каде што постои законска гаранција, лицата на кои тие се однесуваат ретко ја користат можноста за употреба на својот малцински јазик во своите контакти во власта. Иако постојат многу потенцијални фактори кои се причина за ваквата состојба, Советодавниот комитет смета дека постои потреба од додатни мерки за подигање на свеста меѓу припадниците кои припаѓаат на бугарското, словачкото, ***македонското*** и другите национални малцинства за своите права во оваа област.[326]

Кога станува збор за можноста за примена на одредбите од чл. 10 и 11 од Законот на заштита на правата и слободите на националните малцнства од страна на припадниците на македонското малцинство во Србија и Црна Гора, треба да се

[325] STAVOVI SAVETODAVNOG KOMITETA...;
[326] Исто;

каже дека врз основа на законски пропишаната квота од 15%, како услов за службена употреба на малцинскиот јазик и писмо во единиците на локалната самоуправа во кои живее малцинството - *Македонците ниту во една општина не го исполнуваат законскио услов, за да може македонскиот јазик и писмо службено да се користи во комуникација со административните органи на власта.*

Во општината Панчево која брои 127.162 жители, а која се наоѓа во Јужнобанатскиот округ (313.937), и покрај тоа што бројот на Македонците кои живеат таму е најголем (веднаш по Градот Белград во кој живеат 8.372 Македонци), изнесува ***5.276 или 4,15%,*** сепак тој процент не е ниту приближен до законскиот минимум од 15%.

Потписниците[327]на Спогодбата за заштита на малцинствата меѓу Србија и Црна Гора и Република Македонија не ги усогласиле постоечките законски прописи во областа на службената употреба на малцинските јазици и писма со преземената спогодбена обврска која на припадниците на македонското национално малцинство им го дава тоа право. Имено, во Спогодбата (чл. 3, ст. 1 и 2) се вели дека, Договорните страни го признаваат правото на националните малцинства (се мисли на македонското во СЦГ и српско-црногорското во РМ) да го користат својот мајчин јазик усмено и писмено во приватниот и јавниот живот, како и правото личните имиња да им се запишуваат на мајчиниот јазик и писмо во јавните исправи и официјалните документи. Во рамките на националното законодавство договорните страни на припадниците на националните малцинства ќе им го овозможат користењето на мајчиниот јазик во локалната администрација, пред административните и судските органи, како и истакнувањето на топографски написи, називи на места, улици и јавни установи на јазикот на малцинството.[328]

---

[327] Потписници на Спогодбата меѓу Србија и Црна Гора и Република Македонија за заштита на српско-црногорскиото малцинство во РМ и македонското малцинство во СЦГ се: за Србија и Црна Гора-министерот за човекови и малцински права на СЦГ Расим Љајич и за Република Македонија-министерката за надворешни работи на РМ, Илинка Митрева.

[328] Во три одлуки од 25.01.2001 година Уставниот суд на Србија реши дека одредбите од чл. 7 на Законот за службена употреба на јазиците и писмата не овозможува замена на географските називи со називи на јазик на нациоанално малцинство, а со тоа се исклучува можноста за преведување (превод) на географските називи. *Одлука Уставног суда Републике Србије* ИУ-111/93, ИУ 64/94 и ИУ 350/93.

Ако се земе во предвид законски пропишаниот минимум од 15% застапеност на припадниците на националните малцинства во единиците на локалната самоуправа, за да може нивниот јазик да биде во службена употреба, тогаш е јасно дека одредбите од Спогодбата (чл. 3) имаат само декларативен карактер, но не и правна сила со која вон законските прописи ќе се овозможи примена на македонскиот јазик во служената комуникација со административните и судските органи, како и органите на локалната самоуправа. Не може да стане збор за истакнување на топографски написи, називи на места и улици на македонски јазик поради веќе наведените причини, но и поради фактот што нема области кои се населени со мнозинско македонско население.

Советодавнио комитет на Советот на Европа е загрижен поради фактот што пропишаното право на употреба на јазикот и писмото на националните малцинства во приватниот и јавниот живот (чл. 52 од Повелбата за човекови и малцински права, и чл. 10 од Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства), не е во согласност со Законот за службена употреба на јазиците и писмата на Република Србија (чл. 20). Во таа насока Комитетот смета дека Србија треба да ја ревидира споменатата одредба во согласност со чл. 11 од Рамковната конвенција. Што се однесува на Црна Гора, Советодавниот комитет смета дека постои потреба општите одредби од Уставот да се дополнат со дополнителни гаранции и законски прецизности во поглед на спроведувањето на чл. 11 од Рамковната конвенција.

3. 7. Пристап до образованието и право на образование на мајчин јазик за македонското национално малцинство во СРЈ/СЦГ

Сојузниот Устав и Уставот на Република Србија немаат изричити одредби за преземање мерки за негување на културата, историјата, јазикот и верата на националните малцинства во областа на образованието и истражувањето. Уставот на Република Црна Гора (чл. 71) прецизира дека, „наставните програми на образовните установи ја опфаќаат и историјата и културата на националните и етничките групи".

Учењето на елементи на националната култура на националните малцинства во Србија е предвидено во одредби од законите за образование. Пр., со Законот за основно образование (чл. 5, ст. 2) и Законот за средно образование (чл. 27, ст. 6), се предвидува дека, „на учениците кои припаѓаат на националните малцинства, кога наставата се изведува на српски јазик, ќе им се обезбеди учење на наставни планови и програми на мајчин јазик со елементи на националната култура".

Нормирајќи го образованието на припадниците на националните малцинства на својот мајчин јазик, Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл. 13, ст. 5-7), предвидува „наставните програми за потребите на припадниците на националните малцинства во делот кој се однесува на национални содржини, во значителна мера ќе содржат теми кои се однесуваат на историјата, уметноста и културата на националните малцинства; дека во изработката на наставните планови за потребите на наставата по предметите кои ја изразуваат посебноста на националните малцинства на јазикот на националните малцинства, двојазичната настава и учење на јазикот на националното малцинство со елементи на национална култура, ќе учествуваат и националните совети на националните малцинства; со цел да се поттикне толеранцијата кон националните малцинстава, плановите и програмите за работа во образовните установи со настава на српски јазик, треба да содржат и теми кои содржат сознанија за историјата, културата и положбата на националните малцинства, исто така и други содржини кои ја поттикнуваат меѓусебната толеранција и заедничкиот живот; дека на територијата

каде што јазикот на националното малцинство е во службена употреба, плановите и програмите во образовните установи со српски наставен јазик треба да содржат можности за учење на јазикот на националното малцинство".

Во средините каде наставата се изведува само на српски јазик, учениците чиј јазик не е српскиот имаат право на изборен предмет Мајчин јазик со елементи на национална култура, двапати неделно од прво до осмо одделение.

Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл. 14), предвидува дека, „за потребите на образованието на јазиците на националните малцинства во рамките на вишото и високото образование ќе се обезбедат катедри и факултети каде што на јазиците на националните малцинства, или двојазично, ќе се образуваат воспитувачи, учители и наставници за јазиците на националните малцинства".

Во сферата на високото образование, со цел да се овозможи негување на културата, историјата и јазикот на националните малцинства функционираат посебни катедри на кои се изучуваат националните јазици и книжевност. На филолошките и филозофските факултети во Република Србија не се изучуваат сите јазици на кои говорат малцинствата во СРЈ.[329]

Одредбите од истиот Закон утврдуваат дека, покрај споменатото више и високо образование, факултетите ќе организираат лекторат на јазиците на националните малцинства, каде што студентите припадници на националните малцинства ќе можат да ги совладуваат стручните термини и на јазиците на националните малцинства. Законот предвидува дополнителна обврска на државата во оваа област е помош за стручно оспособување и терминолошко усовршување на наставниците за потребите на образованието на јазиците на националните малцинства, односно поттикнување на меѓународната соработка, со цел овозможување на припаднците на националните малцинства да студираат во

[329] На Филолошкиот факултет во Белград се изучуваат бугарскиот јазик и книжевност, романски јазик и книжевност, турски јазик и книжевност, орјентална филологија, албански јазик и книжевност, унгарски јазик и книжевност и украински јазик и книжевност. На Филозофскиот факултет во Нови Сад се изучуваат унгарскиот јазик и книжевност, словачкиот јазик и книжевност, русинскиот јазик и книжевност и романскиот јазик и книжевност. На Филозофскиот факултет во Ниш се изучува славистика со балканистика.

странство на мајчин јазик и така стекнатата диплома да им се признае во согласност со закон.

Пристапот до учебници е регулиран со Законот за учебници и други наставни средства на Република Србија. Во овој Закон (чл.4, ст.3) се вели дека, „учебниците се печатат и на јазиците на националните малцинства за ученици за кои воспитно-образовниот процес се изведува на јазиците на националните малцинства".

Уставот на СРЈ во член 62, утврдува дека образованието е достапно секому, под еднакви услови, дека основното образование е задолжително и за него не се плаќа школарина. Уставот на Република Србија во член 32, став 1-3, исто така утврдува дека образованието е достапно секому и дека за редовното образование кое се финанасира од јавните приходи, граѓаните не плаќаат школарина. Слично на ова се утврдува и во Уставот на Република Црна Горна (член 62).

Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл. 13, ст. 1), предвидува дека, „припадниците на националните малцинства имаат право на воспитание и образование на свој мајчин јазик во предшколските установи, основно и средно образование и воспитание". Од посебна важност за употребата на мајчиниот јазик на припадниците на националните малцинства во наставата е одредбата од Законот (чл. 13, ст. 2), со кој се прецизира дека, „државата е должна да создаде услови за организирање на образование на јазикот на националните малцинства, доколку во моментот на донесување на законот не постои образование на јазикот на националните малцинства во рамките на образовниот систем". Законот (чл. 13, ст. 3) предвидува дека, за изведување на образовниот процес на јазикот на малцинството може да биде пропишан одреден минимум број на ученици, односно тој број може да биде помал од законски пропишаниот минимум број на ученици за обезбедување на соодветен облик на настава и образование. Според Законот за основно обазование на Република Србија, „наставата на јазиците на националните малцинства или двојазичната настава се организира во средините каде постојат најмалку 15 пријавени ученици за упис во прво одделение". Со одобрение од министерот за образование, настава може да се организира и за помал број на ученици (чл.5, ст. 2). Кога наставниот план и програма се изведува на јазиците на националните малцинства учениците

задолжително совладуваат наставни програми и планови на српски јазик и обратно.[330]

Законот за основно образование на Република Црна Гора (чл.11), предвидува дека, „на подрачјата на кои живеат поголем број припадници на националните малцинства се основаат училишта и одделенија со настава на јазикот на тоа национално малцинства, односно етничка група. Во зависност од условите и можностите за припадниците на националните малцинства може да се воведе настава на нивниот мајчин јазик и во други училишта". Во истиот Закон (чл. 12) се пропишува можноста „на подрачјата во кои живеат припадници на југословенските народи и припадниците на националните малцинства можат да се основаат училишта и одделенија со двојазична настава".[331] Законодавството на Република Црна Гора (Законот за основно и Законот за средно образование) не содржи бројни или некои други критериуми за спроведување на настава на малцинските јазици или за настава на малцинските јазици.[332]

Образованието на јазикот на малцинствата во средношколските установи во Република Србија е регулирано со Законот за средно образование[333], според кој за остварување на наставниот план и програма на јазиците на националните малцинства потребен е минимум од 15 ученици во прва година гимназија, во стручни и уметнички училишта (чл. 5, ст. 1). За остварување на настава за малцинствата со број помал од пропишаниот минимум потребна е согласност од министерот за образование. Одредбите од Законот за средно образование на Република Србија (чл. 5) ги обврзува средните училишта во средините каде наставата е само на јазиците на националните малцинства да обезбедат услови за остварување на план и програма на српски јазик, а во средините каде што не се изведува двојазична или настава на јазиците на малцинствата мора да се обезбедат услови за спроведување на план и програма за предметот мајчин јазик со елементи на национална култура.

---

[330] Zakon o osnovnoj školi, *Službeni glasnik RS, br. 50/1992;*
[331] Zakon o osnovnoj školi, *Službeni List RCG, br. 34/91, 48/91, 17/92, 56/92, 30/93, 32/93, 27/94, 2/95, 20/95, 64/02;*
[332] Zakon o srednoj školi, *Službeni List SRCG, br.28/91; Službeni lis RCG, br. 35/91, 48/91, 17/92, 56/92, 27/94, 64/02;*
[333] Zakon o srednjoj školi, Službeni glasnik RS, br. 50/1992;

Уредувајќи го правото на припадниците на националните малцинства да се образуваат на својот мајчин јазик, југословенскиот правен систем предвидува задолжително учење на српскиот јазик како официјален и единствено средство за меѓусебно комуницирање меѓу различните етнички заедници. Истото го пропишува и Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл. 13, ст. 4).

Советодавниот комитет ја истакнува потребата, во учебниците по историја кои во се содржани ограничени информации за националната историјана националните малцинства и на нивните матични држави, да се прошират информациите за националните малцинства и нивните култури и да се отстранат негативните стереотипи кога се во прашање некои од националните малцинства. Советодавниот комитет, исто така ја истакнува потребата од деидеологизација на наставната содржина по предметот историја.[334]

Според податоците од едно социолошко истражување, спроведено во 2005 год., од страна на Белградскиот центар за човекови права, 66% од граѓаните на СЦГ сметаат дека припадниците на националните малцинства имаат право да објавуваат книги и посетуваат училишта на мајчин јазик без ограничување, но само 50% се согласуваат со таквата политика на државата за употреба на малцинските јазици; 18% би ги ограничиле овие права на нелојалните малцинства, а 26% би ги ограничиле сите права на националните малцинства.[335]

Според Спогодбата за реципрочна малцинска заштита меѓу РМ и СГЦ (чл. 4), преку соодветни законодавни мерки, СЦГ презема обврска на припадниците на македонското национално малцинство да му овозможи да го изучува својот мајчин јазик, како и да се образуваат на свој мајчин јазик. Србија и Црна Гора и Република Македонија презедоа обврска дека, „ќе ја поттикнуваат образовната соработка и размената во врска со образованието на своите национални малцинства-особено по пат на размена на стручњаци, училишни програми, учебници и други наставни материјали, доделување стипендии и учество на наставниците и

[334] STAVOVI SAVETODAVNOG KOMITETA...;
[335] *LJUDSKA PRAVA U SVESTI GRADANA SRBIJE I CRNE GORE*, Beogradski centar za ljudska prava i *Strategic Marketing and Media Reastch Institute* (SMMRI), 2005, str. 395-396;

учителите на семинари посветени на стручно усовршување, како и соработка на училиштата и заемна посета на учители и ученици".

Македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора не го остварува правото да го учи својот мајчин јазик или да се образува на свој мајчин јазик, бидејќи на територијата на Република Србија, во ниту една општина во која живеат припадниците на македонското малцинство нема основни, ниту средни училишта во кои како предмет или како јазик на наставата ќе се изучува македонскиот јазик и писмо.

Ова прашање е многу комплексно и има повеќедимензионална природа. Парадоксален е официјалниот статистички податокот според кој од вкупно 25.847 Македонци кои живеат во Србија, на пописот на населението во 2002 год., само ***14.355*** државјани на Република Србија, се изјасниле дека мајчин јазик им е македонскиот !?[336]

Која е причината за тоа?

Неорганизираноста на македонското национално малцинство е една од причините за ваквата состојба. Доколку Македонците успеат преку законски утврдените критериум за настава на мајчин јазик[337], со основање на одделение (паралелка), или двојазична настава покрај задолжителното изучувањето на српскиот јазик, да го изучуваат и македонскиот јазик со елеманти на македонската националната култура, тогаш сигурно нема да се случува оваа *јазична асимилација* на Македонците во Република Србија.

Според моето мислење за ваквиот пропуст, дел од одговорноста паѓа и на Македонците кои живеат во Република Србија. Еден од аргументите за тоа е следниот: Бројот на припадниците на македонското малцинство на возраст од 0-14 години е 1.882, од вкупниот број на Македонци кои живеат во Република Србија. Ако ги имаме предвид податоците за бројот на Македонци во РС по округ и ако на

---

[336] *СТАНОВНИШТВО ПРЕМА МАТЕРЊЕМ ЈЕЗИКУ, Статистички годишњак Србије и Црне Горе*, Завод за статистику Србије и Црне Горе, Београд, 31.03.2002;

[337] Најмалку 15 пријавени ученици за упис во прво одделение за основно и 15 пријавени ученици за упис во прва година гимназија за средно образование. Министерот за образование може да одобри формирање на одделенија и со помал број на ученици. Меѓутоа бавното одобрение од Министерството за образование ги приморува родителите-Македонци да се откажат од упис на децата во училиштата на мајчин јазик, а во некои случаи и од можноста за посета на двојазична настава.

тоа ги додадеме податоците за општините во кои бројот на Македонците е најголем, тогаш не постои причина поради која македонскиот јазик ако не целосно, барем преку двојазична настава не би се изучувал во средните и основните училишта.[338]

Колку за споредба уште еден податок, споредбено со бугарското национално малцинство во Република Србија. Бројот на Бугарите, односно припадниците на бугарското национално малцинство кои живеат на територијата на Република Србија изнесува *20.497* или ***5.350*** *помалку од Македонците на национално ниво.* Настава на бугарски јазик се изведува во три основни и едно средно училиште во две општини, а на Филолошкиот факултет во Белград постои Катедра за изучување на бугарскиот јазик со елементи на национална култура. Владата на Република Србија и Владата на Република Бугарија склучија договор за соработка во областа на образованието, науката и културата. Ова не е случај само со бугарското национално малцинство.[339]

Сега се поставува прашањето: Како едно национално малцинство (бугарското, а и другите малцински заедници), кое е бројно помало во споредба со македонското и на национално и на локално ниво, може да се организира и да има образование на мајчин јазик на сите нивоа на образование, а Македонците да останат потполно заборавени и изолирани од процесот на формално образование на мајчин јазик?[340]

---

[338] Општини во кои живеат најголем број Македонци: *Панчево* 5.276, *Зрењанин* 437, *Вршац* 508, *Пландиште* 1297, *Крагуевац* 326, *Бор* 540, *Краљево* 251, *Крушевац* 201, *Нови Сад* 1.144, *Стара Пазова* 209, *Смедерево* 854, *Пожаревац* 174, *Ниш* 715, *Нишка Бања* 697, *Лесковац* 251, *Врање* 209 итн. СТАНОВНИШТВО ПРЕМА СТАРОСТИ, ПОЛУ И НАЦИОНАЛНОЈ ИЛИ ЕТНИЧКОЈ ПРИПАДНОСТИ, ***Статистички годишњак Србије и Црне Горе***, Завод за статистику Србије и Црне Горе, Београд, 31.03.2002;

[339] Настава на русински јазик во учебната 2003/2004 год., се изведува во три општини, односно три основни училишта со 37 оделенија или 693 ученици. Настава на русински јазик во средно училиште за учебната 2003/2004 год., се изведува во 2 општи 1 општина, односно едно средно училиште со 4 оделенија или 67 ученици. Исто;

[340] Според пописните податоци од 2002 год., бројно помали национални малцинства од македонското се: Бугари 20.497, Буњевци 20.012, Горанци (за кои постојат докажани податоци дека се Македонци со исламска вероисповест или т.н. Макеонци-муслимани) 4.581, Муслимани (изјаснети со религиски, но без етнички предзнак) 19.503, Германци 3.901, Руси 2.588, Русини 15.905, Словенци 5.104, Украинци 5.354, Чеси 2.211, Останати 11.711 и граѓани кои искажале регионална припадност. Исто;

Треба да се постави прашањето за улогата и функцијата на Македонскиот национален совет кој е задолжен за организирање, подготвување и учество во подготовката и организирањето на наставата на македонски јазик на ниво на локална самоуправа.

Во Спогодбата за реципрочна малцинска заштита меѓу РМ и СГЦ, се уредува материја која е безпредметна (пристапот до училишни програми, учебници и други наставни материјали на македонски јазик), во момент кога нема објективна можност за примена на истата. Македонците во Република Србија не можат да го остварат ова право, бидејќи Законот за учебници и други наставни средства на РС предвидува таква можност само за националните малцинства за кои наставата се изведува на нивниот мајчин јазик.[341]

Иако постои релативно добра основа за образование на јазиците на националните малцинства, особено во АП Војводина, постои извесна неусогласеност во поглед на достапноста на малцинските образовни установи во одредени општини. Условите за образование на јазиците на малцинствата се поповолни во средините во кои малцинството е концентрирано, а полоши во средини во кои живеат мал број на припадници на малцинствата, а односот на бројот на учениците кои посетуваат настава на мајчин јазик е помал во однос на учениците кои посетуваат настава на српски јазик.

Загарантираното право на националните малцинства да основаат свои образовни институции, училишта и универзитети не е во согласност со Законот за основно образование на РС, во кој се исклучува можноста за основање на редовни приватни основни училишта.

Советодавниот комитет препорачува властите во СЦГ, покрај досегашните напори за обезбедување на услови за изведување на настава на јазиците на националностите (во најголем дел во АП Војводина), да обратат поголемо внимание на барањата поднесени од организации кои ги застапуваат малцинските интереси

---

[341] Пристапот до учебници е регулиран со чл. 4 од Законот за учебници и други наставни средства на РС, во кој изричито се утврдува дека „учебниците се печатат на јазиците на националните малцинства за учениците за кои воспитно-образовниот процес се изведува и на јазикот на националното малцинство".Официјалните учебници за основно и средно образование ги оздава Заводот за учебници и наставни средства. Заводот е задолжен за печатење на учебници на *унгарски, словачки, романски, русински, ромски, албански, турски и бугарски јазик.*

за учење на јазиците на националните малцинства за кои нема организирано настава на ниту едно ниво на образование (хрватски, бошњачки, влашки, ***македонски*** итн.).[342]

Според официјалните српски податоци дадени во Извештајот за имплементацијата на Рамковната конвенција, припадниците на националните малцинства имаа еднакви можности за пристап до високообразовните институции. Според нив, во вкупниот број студенти запишани во учебната 2000/2001 год., 201.638, застапени се сите национални малцинства што живеат во Србија и Црна Гора.[343] Ако се обрати внимание на овие податоци ќе се забележи дека, во приказот на бројната застапеност на студенти припадници на националните малцинства за една академска година на високообразовните институции во СЦГ, *нема податоци за бројот на студентите Македонци.* Веројатноста дека немало запишани Македонци е многу мала, ако се има предвид застапеноста на Македонците на глобално ниво и нивната бројна доминантност во однос на другите национални малцинства за кои постојат податоци (Бугари, Буњевци, Евреи, Германци, Русини, Турци, Украинци и Чеси).

Во изминатите неколку години интензивирана е билатералната соработка меѓу високообразовните институции од Србија и Црна Гора и Република Македонија на полето на размена на студенти и наставни кадри, и на тој начин се отвара можноста да се придонесе за промовирање на културното разбирање, пријателството, мирот и дијалогот помеѓу двете држави.[344]

---

[342] STAVOVI SAVETODAVNOG KOMITETA ...;

[343] *Албанци* 180, *Бугари* 112, *Буњевци* 167, *Власи* 44, *Евреи* 47, *Унгарци* 2.943, *Бошњаци* 1.176, *Германци* 26, *Роми* 52, *Романци* 197, *Русини* 323, *Словаци* 673, *Турци* 15, *Украинци* 87, *Хрвати* 505 и *Чеси* 32. На универзитетот и факултетите во АП Војводина од вкупниот број студенти запишани во учебната 2000/2001 год.,, 5,72% се Унгарци, 1,13% се Словаци, 0,30% се Романци и 0,71% се Русини. *Први извештај Савезне Републике Југославија о остваривању Оквирне конвенције за заштиту националних мањина...*стр.85-86;

[344] На Конференцијата на ректори одржана на 10 февруари 2006 год., во Солун, Грција, беше формирана Балканската универзитетска мрежа, како независна, непрофитна, невладина организација, отворена за универзитетите од балканските земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Грција, Романија, Србија и Црна Гора, Словенија и Турција, се централно седиште на Аристотел - универзитетот во Солун, Грција. Општа цел на мрежата е да ја олеснува пограничната академска и научна соработка, да промовира добрососедски односи и респект кон човековите права. Мултинационалниот и интердисциплинарниот карактер на мрежата ќе биде насочен и фокусиран на посебните историски и културни карактеристики на балканските народи. Членовите на БУМ се согласни, дека ќе овозможат размена на студенти и наставни кадри, и на тој

Слабостите кои се јавуваат во образованието на јазиците на малцинствата во СЦГ и последиците кои произлегуваат од тоа се одраз на големата дисперзија на малцинското населени, како и на: националната хетерогеност на семејствата, неблаговременото вклучување во образовниот систем на мајчин јазик и недоволното познавање на мајчиниот јазик, непостоење на услови во одредени средини за настава на малцинските јазици поради малиот број на ученици или недостаток на стручен кадар, мала можност за избор на училишта, мали шанси за вработување итн.

Припадниците на националните малцинства посебна забелешка имаат на наставните програми втемелени врз апстрактни идеолошки начела во кои е присутно силното влијание на етноцентризмот и традиционализмот, а помалку на педагошки и стручни мислења. Притоа, програмите се донесуваат без консултација со стручните и научните институции, поради што изостанува воспитувањето на децата за живот во мултикултурни средини што подразбира етничка и верска толеранција и отвореност кон другите. Така во повеќејазичните училишта, одделенијата се одвоени по наставни јазици, а образувањето на децата останува во рамките на нивната јазично-културна група што доведува до сегрегација, ривалство и нетрпеливост.

3. 8. Македонското национално малцинство и неговото учество во општествениот живот на СРЈ/СЦГ

Во уставно-правните одредби во кои СР Југославија се одредува како демократска држава во која власта припаѓа на граѓаните и се заснова на владеење на правото, се гарантира обезбедување на ефикасно учество на припадниците на националните малцинства во културниот, социјалниот и економскиот живот и јавните работи. Уставот на Република Црна Гора (чл. 73), на припадниците на националните малцинства им го гарантира правото на сразмерна застапеност во

начин да придонесат кон промовирање на културното разбирање, пријателството, мирот и дијалогот помеѓу државите членки. *Универзитетски весник - бр. 66,* Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методија„ во Скопје, јуни 2006;

јавните служби, органите на државната власт и локалната самоуправа. Во СР Југославија со одредби од повеќе закони и практични мерки се обезбедуваат формални услови за ефикасно учество на припадниците на националните малцинства во различни сфери на општествениот живот.

Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл. 19) во таа насока предвидува организирање *Совети на националните малцинства* како облик на малцинска самоуправа, односно културна автономија. Законот предвидува дека, припадниците на националните малцинства можат да изберат Национален совет заради остварување на правото на самоуправување во област на употребата на јазикот и писмото, образованието, информирањето и културата. Советите се формираат на принципот на доброволност, изборност, пропорционалност и демократичност.[345] Посебно и утврдено дека: во одлучувањето за наведените прашања, државните органи, територијалните автономии или единиците на локалната самоуправа се должни да побараат мислење од Советот; дел од овластувањата во овие области му се доверуваат на Советот, а со тоа и должноста на државата да обезбеди финансиски средства за нивно остварување; Националните совети можат да се обратат до државните органи во врска со сите прашања кои влијаат на правата и положбата на националните малцинства.

За ефикасно учество на припадниците на националните малцинства во јавните работи, во одредбите од Законот за заштита на правата и слободите на националните малцинства (чл. 20) се предвидува дека, „во постапките за вработување во јавните служби, вклучувајќи ја и полицијата ќе се води сметка за националниот состав на населението, соодветната застапеност и за познавањето на јазикот кои се зборува на подрачјето и во органите и службите".

---

[345] Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства предвидува изборот на националните совети да се регулира со посебен закон. До донесување на посебен закон изборот на националните совети ќе го бира Собранието на електори на националните малцинства кое ќе го сочинуваат сојузните, републичките и покраинските пратеници кои припаѓаат на националните малцинства, советниците кои се избрани во единиците на локалната самоуправа во кои јазикот на националното малцинство е во службена употреба, лицата кои припаѓаат на националните малцинства, а кои ќе соберат 100 потписа и лицата кои ќе го одредат општинските малцинско организации и здруженија. Pravilnik o načinu rada skupština elektora za izbor saveta nacionalnih manjina, *Službeni list SRJ, br. 41/02;*

Учеството на припадниците на националните малцинства во политичкиот живот и изразувањето на политичката волја се гарантира во уставните одредби за избирачкото право и слободата на здружување. Уставот на СР Југославија предвидува дека политичкиот плурализам е услов и гарант на демократскиот политички поредок во земјата. На припадниците на националните малцинства им се гарантира правото да основаат политички партии. Уставот на СРЈ предвидува само едно ограничување на слободата на здружување, а тоа се однесува кога здружувањето е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок, територијалната целост, кршење на загарантираните слободи и права на граѓаните или предизвикување на национална, расна, верска или друга нетрпеливост и омраза. Надлежен орган кој одлучуува за забрана за работа на политичка партија е сојузниот Уставен суд.

Законот за избор на сојузни пратеници во Сојузното собрание, утврдува дека во распределбата на мандатите учествуваат само изборните листи кои освоиле најмалку 5% гласови од вкупниот број избирачи кои гласале во изборната единица (чл.87) [346]. Слични одредби содржи и Законот за избор на народни пратеници на Република Србија[347]. Наведената одредба од сојузниот и републичките изборни закони не се афирмативни кон националните малцинства-доколку не се здружат во коалиции, но партиите кои во својот состав вклучуваат припадници на националните малцинства не можат лесно да освојат пратенички мандати. Законот за избор на советници и пратеници на Република Црна Гора, содржи посебно решение кои го олеснува изборот на народни пратеници на албанското национално малцинство. [348]

Сојузното министерство за национални и етнички заедници формирало експертска група за изработка на закон за измена и дополнување на сојузните изборните закони и изборниот закон на Република Србија, со цел да се надминат неповолните решенија за националните малцинства.

---

[346] Zakon o izbori poslanika Skupštine Srbija i Crne Gore, *Službeni glasnik RS, br. 10/03, 12/04;*
[347] Zakon o izboru narodnih poslanika, *Službeni glasnik RS, br. 35/00, 57/03, 18/04;*
[348] Zakon o izboru odbornika i poslanika, *Službeni list RCG, br. 16/00, 9/01, 41/02, 45/04;*

Уставните одредби на СРЈ/Србија и Црна Гора, го гарантираат обезбедувањето на ефикасно учество на припадниците на националните малцинства во културниот, социјалниот и економскиот живот и јавните работи.

Во Спогодбата за реципрочна малцинска заштита меѓу Србија и Црна Гора и Република Македонија (чл. 8), СЦГ како договорна страна се обврзува на македонското национално малцинство да му овозможи ефикасно учество во донесувањето на одлуки кои се однесуваат на нивните права на локално, регионално и државно ниво и нивна соодветна застапеност во Претставничките тела на сите нивоа.

Остварувањето, односно неостварувањето на правото на малцинстата да учествува во јавниот живот произведува далекусежни последици: во прв случај создава чувство на прифатеност на малцинството, допринесува за негова лојалност и претставува еден од критериумите за демократизација на општеството, во спротивност го доведува малцинството во криза на лојалноста и води кон етнички конфликти.

За да може да се добие приближно јасна слика за учеството и застапеноста на припадниците на македонското малцинство во државните, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија ќе ги земам податоците (само за застапеноста на Македонците) од едно истражување кое се однесува на состојбите со колективните права на националните малцинства во Србија, спроведено во 2002 год., од страна на Хелсиншкиот одбор за човекови права во Србији и Хуманитарниот центар за интеграција и толеранција од Нови Сад. Истражувањето опфаќа 36 општини во Војводини и 16 општини во централна Србија. Во прашање се општини во кои живеат најголем број припадници на националните малцинства според пописот од 1991 год., бидејќи резултатите од пописот 2002 год., сé уште не биле објавени.[349]

---

[349] Истражувањето во Војводини опфаќа 36 од вкупно 45 општини на нејзина територија. Истражувањето ги опфаќа следниве општини во кои **Македонците се застапени со:** *Ада* **2**, *Алибунар* **139**, *Апатин* **32**, *Бач* **11**, *Бачка Паланка* **51**, *Бачка Топола* **49**, *Бачки Петровац* **12**, *Бечеј* **62**, *Бела Црква* **109**, *Беочин* **27**, *Чока* **17**, *Кањижа* **10**, *Кикинда* **158**, *Ковачица* **100**, *Ковин* **143**, *Кула* **183**, *Мали Иџош* **17**, *Нова Црња* **25**, *Нови Бечеј* **60**, *Нови Кнежевац* 32, *Оџаци* **55**, *Панчево* **5.276**, *Пландиште* **1.297**, *Сечањ* **62**, *Сента* **30**, *Сомбор* 167, *Србобран* **33**, *Стара Пазова* **209**, *Суботица*

Од податоците кој се однесуваат на „правото на ефективно учество на националните малцинства во културниот, социјалниот и економскиот живот и јавните работи“ ќе ги издвојам само податоците кои се однесуваат на учеството на припадниците на македонското национално малцинство.

Од вкупно 1.399 пратеници на собранијата на 36-те истражени војводински општини, Македонците се застапени со ***3*** пратеници или ***0,21%.***

Од вкупно 287 членови на извршните одбори на 36-те истражени општини, Македонците се застапени со ***0,34%*** или со ***1*** член.

Според официјалната евиденцијата на Покраинскиот секретаријат за прописи, управа и национални малцинства на АП Војводина, од вкупно 120 пратеници во Собранието на Војводина, Македонците се застапени со ***0,83%*** или со ***1*** пратеник.

Според евиденцијата на Покраинскиот секретаријат за прописи, управа и национални малцинства на АП Војводина, во покраинските органи на управата ***нема*** вработени кои се изјасниле како ***Македонци.***

Од податоците за истражуваните 16-те општини во централна Србија, *нема податоци за застапеноста на Македонците во органите на единиците на локалната самоуправа*, односно општините. Дел од податоците се делумно дадени, односно во пресметувањето на процентуалната застапеност на националните малцинства, помалку застапените се рангирани во категоријата „останати“.

Политички партии со национален предзнак во Србија имаат Албанците, Бошњаците, Бугарите, Унгарците, Ромите и Власите. Неодамна во Република Србија е регистрирана политичка партија на македонското национално малцинство со име Демократска партија на Македонците во Србија (ДПМ). Повеќето од овие партии се многу мали, без свои претставници во сојузните, републичките, покраинските и локалните органи на власт.

495, *Темерин* **27**, *Тител* **55**, *Врбас* **155**, *Вршац* **508**, *Шид* **28**, *Зрењанин* **437**, *Житиште* **15** и делумно *Нови Сад* **1.144**;
На територијата на Централна Србија опфетени се 16 општини во кои **Македонците се застапени 1991-2002 со:** *Бојник* ***7-13***, *Бољевац 30-64*, *Бор* ***540-1.103***, *Босилеград* ***42-49***, *Бујановац* ***36-80***, *Димитровград* ***41-44***, *Медвеѓа* ***11-36***, *Нова Варош* ***4-33***, *Нови Пазар* ***8-20***, *Петровац* ***60-103***, *Прешево* ***21-44***, *Прибој* ***6-33***, *Пребоље* ***6-9***, *Сеница* ***7-24***, *Сурдулица* ***33-68*** *и Тутин* ***4-9***.

Според мислењето на Советодавниот комитет на Советот на Европа, постоечкиот Закон за избор на пратеници, со својот висок изборен цензус (5%), е практично неприменлив и претставува непремостива препрека за избор на претставници на политичките партии на националните малцинства. Таквиот однос кон националните малцинства е спротивен на современите меѓународни стандарди кога е во прашање давањето на изборните шанси на политичките партии на националните малцинства.[350]

Посебен проблем во Србија е т.н. „изборна географија" со која територииите на изборните единици во регионите со етнички мешано население се определува така што се „разбиваат" етнички хомогените целини на националните малцинства. Според Советодавниот комитет, таа пракса е спротивна на *Препораката од Линд за ефективно учество на националните малцинства во јавниот живот* од 1999 год.

Во податоците за „националниот состав на правосудството, МВР, образовните институции и јавниот сектор на стопанството и банкарството", од споменатото истражување ќе ги издвојам само податоците кои се однесуваат на учеството на припадниците на македонското национално малцинство.

Од податоците за националниот состав на судовите на општинските судови во Војводнина, кој според мислењето на Советодавниот комитет не соодветствува на националната структура на Војводина, од 383 судии во 30 општински судови ***нема*** ниту еден ***судија Македонец***.

Според евиденцијата на Покраинскиот секретаријат за прописи, управа и национални малцинства на Војводина, од вкупно 90 судии на окружни судови, во Окружниот суд во Панчево ***еден судија е Македонец***.

Припадниците на националните малцинства во незначителен број се застапени во службите на Министерството за внатрешни работи на Србија, што е

---

[350] Во многу европски земји, дури и во некои од земјите од бившиот југословенски простор, кон малцинствата се применува „позитивна дискриминација". Така на пр., во чл. 2, ст. 3 од Закон за избори во државното собрание на Република Словенија *(Uradni list, št. 44/92),* е загарантирано пратеничко место во Парламентот за еден припадник на италијанското малцинство и за еден припадник на унгарското малцинство. Helsinške SVESKE br.15, *NACIONALNE MANJINE I PRAVO,* Helsinški odbor za ljudska prava u Srbiji i Humanitarni centar za integraciju i toleranciju, „Zagorac„ Beograd, 2002, str. 89;

спротивно на одредбите од Законот за заштита на правата и слободите на националните малцинства (чл. 20) во кој се предвидува дека во постапките за вработување во јавните служби, вклучувајќи ја и полицијата ќе се води сметка за националниот состав на населението и соодветната застапеност на националните малцинства.[351]

Според податоците за „националниот состав на раководните места во образовните институции" во Војводина во 57 од вкупно 77 средни училишта ***во две средни училишта*** во општините *Ковачица и Панчево* ***директори се Македонци.*** Во 178 од вкупно 266 основни училишта во Војводина, ***Македонец е директор*** на ***едно*** основно училиште во општина *Оџаци.*

На територијата на централна Србија во општина Сурдулица од вкупно 3 средни училишта ***еден директор е Македонец.***

Во 160 од вкупно 240 анкетирани јавни претпријатија, ***Македонци се директори на две претпријатија (0,83%).***

Во 53 од вкупно 82 банки и експозитури во 36-те општини опфатени со анкетата на подрачјето на Војводина, ***меѓу раководителите*** во општина Пландиште ***еден е Македонец.***

Во општината Димитровград, од вкупно 7 јавни комунални претпријатија ***еден директор е Македонец.***

Советодавниот комитет е посебно загрижен за надоволната, односно многу малата застапеност на националните малцинства во извршната и судската власт. Еден од условите за ефикасно учество на националните малцинства во процесот на донесување на одлуки, според Комитетот е децентрализацијата или локалните облици на власт кои ќе овозможат поголема застапеност на националните малцинства.

Советодавниот комитет исто така, забележува дека податоците за националниот состав на сојузните, републичките, покраинските и локалните

---

[351] Од вкупно 24 началници на МВР во 36 општини на Србија, само еден е припадник на унгарското национално малцинство. Во 5 од вкупно 36 општини командирите на полициските станици се припадници на националнте малцинства. Исто, стр.92;

државни органи треба да се собираат во заштитана постапка и со одобрение на граѓанинот.

3. 9. Македонското национално малцинство во СЦГ и остварување на правата од член 16 од РКНМ

Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл. 22), „забранува мерки кои го менуваат односот на населението во областите населени со национални малцинства и кои го отежнуваат уживањето и остварувањето на правата на припадниците на националните малцинства". За разлика од чл. 16 од Рамковната конвенција која на страните им наметнува обврска „да се воздржат од мерки кои го менуваат односот на населението во областите населени со национални малцинства", Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства ги забранува таквите мерки. Ако одредбите од овој член се толкуваат на во контекст на чл. 16 од Рамковната конвенција, може да се заклучи дека, Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства не ги забранува сите мерки чии последици можат да предизвикаат промена на односот на населението, туку само оние мерки кои потекнуваат од јавната власт и кои го отежнуваат уживањето и остварувањето на правата на припадниците на националните малцинства.

Во правниот систем на СР Југославија, уживањето и остварувањето на одредени малцински права е условено од бројноста на националното малцинство и неговото учество во вкупното население, или на подрачјето на кое тоа право се остварува. Од учеството на малцинството во вкупното насление на СРЈ, или единицата на локалната самоуправа зависи: правото на обраќање до државните органи на мајчин јазик и правото да се добие одговор на претставките, предлозите и петициите на свој мајчин јазик (2% учество во вкупниот број на население) и службената употреба на јазикот и писмото (15% учество во бројот на населението во единицата на локална самоуправа), правото на учество во изборниот процес за избор на пратеници во претставничкиот дом (5% гласови од вкупниот број избирачи кои гласале во изборната единица) итн.

Извесни мерки кои јавната власт би можела да ги преземе, а кои би го сменило односот на населението во одредени случаи, објективно не би можеле да го загрозат остварувањето на малцинските права. Не може да се наруши уживањето и остварувањето на одредени права доколку се стекнати врз основа на прописи кои се применувале до стапувањето на сила на Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства.

Територијалната организација на областите населени со припадници на националните малцинства не е сменета од шеесеттите години на XIX век. Со промените во 2000 год., и донесувањето на новиот Закон за локална самоуправа, изборите на сите нивоа во СР Југославија се спроведуваат по пропорционалниот изборен модел во една изборна единица. [352] Тоа укажува на претходниот заклучок (чл. 15), според кој поедини решенија во изборните закони се неповолни за малцинствата. Еден пример кој укажува на мерка која за своја последица има промена на односот на населението е разместувањето на големиот број бегалци и внатрешно-раселените лица во текот на воените дејствија кои беа доселени на територијата на СРЈ од бившите републики на СФРЈ или од територииите на АП Војводина и АП Косово и Метохија.

Советодавниот комитет констатира дека, политиката на режимот на Милошевич и конфликтите кои произлегоа од тоа, сериозно ги загрозија принципите од чл. 16 на Рамковната конвенција и во голема мера го измениje односот на населението во областите населени со лица кои припаѓаат на национални малцинства. Имајќи ја предвид позадницата на ситуацијата и фактот дека ситуацијата по прашањето на пропорциите на националните малцинства во различни краишта кои и понатаму се менуваат како резултат на внатрешно раселените лица и други фактори, Советодавниот комитет инсистира таа пракса да престане и да се продолжи во насока на поправање на последиците од тоа.[353]

Спогодбата меѓу СЦГ и РМ за реципрочна заштита на српско-црногорското и македонското национално малцинство (чл. 9), предвидува законска обврска за СЦГ, дека во функција на обезбедување на услови за рамноправно учество на

---

[352] Zakon o lokalnoj samoupravi, *Službeni glasnik RS, br. 9/02, 33/02, 33/04;*
[353] STAVOVI SAVETODAVNOG KOMITETA ...;

припадниците на македонското национално малцинство во социјалниот и економскиот живот, ќе обезбедат мерки за поттикнување на економскиот развој во подрачјата населени со нив, а исто така ќе се воздржат од мерки кои имаат за цел менување на етничкиот состав на населението во областите населени со национални малцинста и ограничување на нивните слободи и права.

Гледано од аспект на процентуалната застапеност на Македонците во Србија и Црна Гора и нивната политичка и културна неорганизираност, може да се заклучи дека веројатноста и можноста за остварување на правата кои се цензусно условени е многу мала, скоро невозможна. Покрај бројната условеност на одредени права, факт е дека државната политика на СЦГ, особено кон припадниците на малцинствата од бившите југословенски републики (Хрватите, Македонците, Бошњаците и Албанците кои имаа покраински стату), е порестриктивна, исполнета со доза на недоверба и одолговлекување на позитивните афирмативни мерки за заштита на нивните припадници. Односот кон македонското национално малцинство е за „посебно одбележување", бидејќи СЦГ официјално го призна многу доцна, иако неговиот број беше далеку поголем од малцинствата на кои им беше дадена предност пред македонското. За одбележување е и фактот што во поголем дел од истражувањата и извештаите на владини и невладини организации кои се занимаваат со малцински прашања и проблеми, Македонците воопшто не се предмет на анализа, ниту пак се спомнуваат како национално малцинство кое во одредени општини живее во голем број. [354]

---

[354] Таков е случајот со државните (владини) извештаи: ***Први извештај Савезне Републике Југославија о остваривању Оквирне конвенције за заштиту националних мањина*** *поднет на основу члана 25 Оквирне конвенције*, Савезно Министарство националних и етничких заједница, Београд, 2002; ***Иницијални извештај о примени Међународног пакта о грађанским и политичким правима у Савезну Републици Југославији за период од 1992-2002 год.***, Савет министара Србије и Црне Горе, Београд јуни 2003; ***Информације о главним ефектима новог уставног уређења Србије и Црне Горе на заштиту људских права,*** Савет министара Србије и Црне Горе, 2003 год., и многу други;

3. 10. Билатералните спогодби меѓу РМ и СЦГ во прилог на унапредување на положбата на македонското национално малцинство

Уставот на СР Југославија (чл. 48), на припадниците на националните малцинства им го гарантира правото да воспоставуватаа и одржуваат непосредни односи во СРЈ и надвор од нејзините граници со припадниците на својата нација во други држави, но не на штета на СР Југославија или републиките членки. Слични одредби содржи и Уставот на Република Црна Гора кои утврдува дека припадниците на националните и етничките групи имаат право да воспоставуваат и одржуваат непосредни контакти со граѓаните надвор од Црна Гора со кои имаат заедничко национално и етничко потекло, културно и историско наследство, како и верско убедување, без штета за Црна Гора. Уставот на Република Србија не содржи одредби со таква содржина.

Во Законот за заштита на слободите и правата на националните малцинства (чл. 6) се содржани одредби кои на припадниците на националните малцинства им го гарантира правото слободно да воспоставуваат и одржуваат мирољубиви односи внатре во СРЈ и надвор од нејзините граници со лица кои законски престојуваат во други држави, посебно со оние со кои имаат заеднички етнички, културен, јазичен и верски идентитет или заедничко културно наследство.

Соработката на припадниците на националните малцинства со лицата кои законски престојуваат во други држави, а имаат ист етнички, културен, јазичен или верски идентитет се остварува со посредство на културно-образовни здруженија на припадниците на националните малцинства. Раширени меѓународни контакти и соработката со сонародниците во светот имаат матиците на националните малцинства.

Правото на припадниците на националните малцинства да основаат невладини организации и да учествуваат во работата на таквите организации произлегува од прописите кои се однесуваат на основањето и работата на здруженијата на граѓани, а кои под еднакви услови се однесуваат на сите граѓани, па и на националните малцинства. Така со посебен закон е утврдено нивното

право да основаат посебни културни, уметнички и научни установи, друштва и здруженија.

Уставот на СРЈ (чл. 48), на припадниците на националните малцинства им го гарантира правото на припадниците на националните малцинства да учествуваат во работата на меѓународните невладини организации, но не на штета на СРЈ. Уставот на Република Црна Гора во таа смисла е полиберален (чл. 74, ст. 1), предвидува дека припадниците на националните малцинства и етничките групи имаат право да учествуваат во регионалните и меѓународните невладини организации, како и право на обраќање до меѓународните институции заради заштита на своите слободи и права гарантирани со Уставот. Уставот на Република Србија не содржи одредби со таква содржина.

СР Југославија склучила билатерални договори со соседните држави со цел посебно регулирање на положбата на националните малцинства. Најголем напредок во поглед на спогодбите СРЈ има со Република Унгарија, а во тек се преговори со Романија и Хрватска. Како завршна фаза од регулирањето на реципрочната малцинска заштита меѓу СЦГ и РМ, беше потпишувањето на билатерална соработка на поле на малцинската заштита.

Политиката на матичната држава кон своето национално малцинсво во други држави и кон нивните организации и дејности како резултат на таа политика, содржи четири основни обележја: 1. т.н. „рамнодушна" политика, што значи дека земјата матица нема некои посебни акти или политичко делување од страна на своите владини институции. Во таквиот случај етничката група е третирана како граѓани на земјата на настанување, а реалацијата помеѓу земјата на потекло и етничката група, почесто е на релација земја на потекло-земја на настанување, живеење. Во такви ситуации членовите на етничката група кои ја посетуваат земјата на потекло се третираат како „вообичаени странци". 2. Таа може да биде политика на „апсорпција", тоа значи дека етничката група е третирана како дел од народот на потеклото, а политиката на државата е насочена кон користење на таа група како средство на политичко делување во земјата на живеење. Оваа појава дојде до израз кога беше во тек процесот на признавање на самостојноста и суверенота на македонската држава. 3. Политика на „отфрлање", тоа значи пресе-

кување на поблиски контакти на земјата на потекло со етничката група, или само со дел од неа. Таквата ситуација може да придонесе за зајакнување на етничките организации, со полиња на активности во вид на подмирување на културните потреби и идентификација на групата, отстранета од културата на земјата на потекло. 4. Тоа е политиката на „селекција", што значи на различното третирање на етничката група или на дел од неа, како и нејзините организации. Таа селекција е потчинета на политичката определба на двете страни. Ваквата ситуација е опасна за етничката организација, поради разбивачкиот однос на земјата на потекло кон одделните организации. Тука треба да се нагласи дека има моменти кога во својата политика, земјата на потекло го признава постоењето на организациите и сака со нив да соработува, но се поставуваат соодветни услови за отфрлање на страна на организациите на некои сфери од нивните активности, пред сé од политичката сфера, или промена на таквите активности, насочени во корист на земјата на потеклото. Во овој контекст може да се спомне определбата на македонските власти во периодот до 1991 год., за „југословенизација" на Македонците во бившите југословенски републики, особено во Србија, што создаваше тешки последици по националниот карактер на Македонците кои живееја таму.[355]

Една од обврските од Спогодбата за реципрочна малцинска заштита меѓу СЦГ и РМ (чл. 10), се однесува на поттикнувањето на сите облици на прекугранична соработка која ќе биде во интерес на националните малцинства, чии припадници ќе учествуваат во сите нејзини форми. Во Спогодбата (чл. 11) се вели дека, „Договорните страни ќе ја земат во предвид оваа спогодба при склучување на други заемни договори и програми за соработка кои се однесуваат на правата и положбата на националните малцинства".

Одредбите од Спогодбата меѓу СЦГ и ПМ за заштита на српско-црногорското малцинство во РМ и македонското малцинство во СЦГ склучена на

[355] Во статистичките податоци за бројот на населението во СрЈ/СЦГ од 1991 и 2002 год., сéуште се забележува бројка на граѓани кои национално се определиле како Југословени. Во конечките резултати од пописот во 1991 година кои се однесуваат на СР Југославија, а во пописот од 2002 година на Република Србија, „Југословени„ се дадени веднаш по Србите и Црногорците, со што се исклучени од групата „национално неопределени граѓани". На пописот од 1991 год., како „Југословени" се изјасниле 323.625 граѓани, додека на пописот од 2002 год., таа бројка изнесува 80.721.

6.07.2004 год., ќе ги спроведува меѓувладина Мешовита комисија која ќе има за задача: разгледување на актуелни прашања во врска со националните малцинства, разгледување на остварувањето на обврските од овој договор, како и поднесување на препораки до владите за оставарување на оваа Спогодба.

Согласно рокот на важење на Спогодбата (5 години), Република Македонија, иако има законска обврска да се грижи за положбата на македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора таа сеуште води „рамнодушна" политика која се одразува на сите полиња на општественото, политичкото и културното живеење на Македонците во СЦГ, а во крајна линија го доведува во прашање и нивното индивидуално чувство на национален и културен идентитет.

3. 11. Пријателство и соработка помеѓу РМ и СЦГ, како услов за признавање и почитување на правата на македонското малцинство

Правниот поредок на СР Југославија познава два вида на ограничување на човековите, а со тоа и на малцинските права. Општата основа за ограничување на човековите права според југословенскиот устав се почитувањето на слободите и правата на другите[356]и забрана на злоупотреба на правата[357].

Покрај ограничувањата на човековите права, југословенскиот устав предвидува и можност за дерогација на одредени права за време на воена состојба, непосредна воена опасност и вонредна состојба.

Следејќи го редоследот на одредбите од Рамковната конвенција, како логичен след на предходните анализи, дојдовме до завршните одредби на Спогодбата меѓу СЦГ и РМ за заштита на српско-црногорското малцинство во РМ и Македонското малцинство во СЦГ. Во Спогодбата (чл. 15 и 16) се утврдува начинот на стапување во сила на Спогодбата, која подлежи на ратификација во согласност со националното законодавство на земјите потписнички.

---

[356] Чл. 9, ст. 4 од Уставот на СР Југославија, чл. 11 од Уставот на Република Србија и чл. 16, ст. 2 од Уставот на Република Црна Гора.

[357] Чл. 67, ст. 3 од Уставот на СР Југославија, чл. 12, ст. 3 од Уставот на Република Србија и чл. 16, ст. 3 од Уставот на Република Црна Гора.

Времетраењето на спогодбата од 5 години автоматски се продолжува, доколку една од двете страни во писмена форма не достави барање за престанок.

Заради доследно применување на одредбите од Спогодбата, чл. 13 предвидува обврска договорните страни да не ги толкуваат или извршуваат одредбите во смисол на намалување на правата и слободите на националните малцинства кои им се гарантираат во моментот на потпишување на спогодбата.

3.12. Некои актуелни теми и нови состојби

Периодот од 2002 до 2006 год., за државната заедница Србија и Црна Гора претставуваше период на добра соработка на сојузно ниво со периоди на жестока спротивставеност на властите во Црна Гора во однос на доминантната улога на Република Србија кога беа во прашање клучните меѓународни предизвици околу иднината со земјата и регионот. Поттикнати од големите разидувања во однос на внатрешната и надворешната политика и охрабрени од сé почестите изјави од меѓународната заедница дека „Црна Гора без Србија, побргу ќе стане членка на ЕУ", ги натераа властите во *Црна Гора да расшишаш референдум за независност.*

Републичката референдумска комисија во Подгорица официјално потврди дека референдумот за државниот статус, одржан на 21 мај во Црна Гора, ги исполнува условите на Европската Унија и 55,5%, односно 230.660 од гласачите кои излегле на референдумското изјаснување ја поддржале независноста, додека 44,% или 185.000 гласачи гласале за останување во државната заедница со Република Србија. 13 јули 2006 година е прогласен за Ден на државноста на Република Црна Гора.[358] Владата на Република Србија на 5 јуни донесе одлука за признавање на Црна Гора и воспоставување на дипломатски односи со новата држава со што ќе придонесе во развојот на пријателски и добрососедски односи.[359]

Осамостојувањето на Црна Гора претставува почеток на еден процес на уставно правно дефинирање и законодавно европеизирање на легислативата која се однесува на заштитата на националните малцинства. Сојузното функционирање

[358] *Oficijalno potvrdena nezavisnosta na Crna Gora*, 12.08.2006, <http://www.pcnen.cg.yu/;
[359] *Srbija ja prizna nezavisnosta na Crna Gora*, 12.08.2006, <http://www.b92.net/;

на државната заедница во услови на ново политичко и уставно уредување значи преземање на позитивната пракса во креирањето на закони поврзани со малцинската заштита, но и корекција на постојните недостатоци.

Периодот од 1999 до 2006 год., претставува период исполнет со предизвици за зачувување на безбедноста и стабилноста на Балканот. Немирите на Косово проследени со воената интерванција на НАТО врз СРЈ; бегалската криза од Косово; падот на режимот на Милошевиќ; воспоставувањето на Протекторат на ОН врз КиМ; прелеаниот вооружен конфликт од Косово во Република Македонија во 2001; пред и пост-рамковниот период во Македонија; преговорите за финалниот статус на Косово итн., се само дел од настаните кои беа значајни како за СЦГ, така и за Република Македонија. И покрај дефинирањето на многу прашања на меѓудржавно ниво, сéуште остана отворено прашањето за демаркација (обележување) на границата меѓу Република Македонија и Република Србија во делот кон Косово. Во предвечерието на преговорите за финалниот статус на Косово, државните претставници на двете држави се договорија дека, „тоа е само техничко прашање кое ќе се реши со посредство на меѓународната заедница, односно УНМИК на Косово и државите Србија и Македонија". Оттогаш поминаа неколку години, а овој проблем (од 1945) остане сéуште нерешен. Во меѓувреме претставниците на албанските власти во Приштина не ја пропуштаат можноста да изјават дека тие се легитимни претставници со кои Република Македонија треба да ја обележи државната граница, но по решавањето на финалниот статус на Косово.

Едно прашање кое сé почесто се актуелизира од страна на политичката јавност во Република Македонија е проблемот на потеклото и националната припадност на Гораните во областа Гора. Според податоци од Пописот на населението во Република Србија во 2002 год., како Горанци се изјасниле 4.581 граѓанин, во смисла на национална припадност. Ако се знае дека најголем дел од Горанците се исламизирани, тогаш валидна е и бројката од 19.503 граѓани кои се изјасниле како „Муслимани" во смисла на верска припадност без изјаснување по национална припадност. Имајќи ги во предвид податоците за: територијалното разграничување меѓу тогашото Кралство на СХС; поделбата на Македонија од

1912 год.; периодот на „Голема Албанија“ во 1946 год., етничките процеси и утврдувањето на авнојските граници на СФРЈ, може да зборуваме за Македонци-муслимани во смисол на национална и верска припадност во областа Гора на територијата на Република Србија и Република Албанија. [360]

Во периодот на „борба за територии“ и „присвојување на идентитети, население и историја“,останува последниве две прашања да го носат епитетот „отворени“ во надворешната политика на Република Македонија со северниот сосед Република Србија

[360] Шарпланинската област Гора претставува планинска котлина на крајот на југот на Република Србија. Се наоѓа јужно од Призрен, помеѓу највисоките врвови на Шар Планина, Кораб и Коритника. На југозападна страна, природната и етничката граница на оваа област е планината Галаич (Албанија). Се простира на површина од 385,6км². Пред Втората светска војна, за време на Кралството Југославија, Гора припаѓаше на „Вардарската Бановина“, т.е. Република Македонија. По Првата светска војна, односно по формирањето на Кралството на СХС, со *„Завршниот протокол на меѓународната комисија за границата меѓу Република Албанија и Кралството на СХС“* од јули 1926 година во Фиренца (Македонија во меѓународните договори„ том I, (1913-1940), ДА на РМ), направена е корекција на границата со Албанија, така што девет села од шарпланинската жупа Гора во која денес живеат 15.000 Горанци припаднале во Албанија и 19 населени места од источната страна кои останале во составот на Македонија, т.е. тогашното Кралство на СХС. Во овој контекст треба да се истакне податокот дека споменатиот меѓународен договор меѓу Албанија и Кралството на СХС за утврдување на границите е утврден со Лондонскиот договор од 1913, а е модификувана со одлуката на Амбасадорската конференција во Париз на 9 ноември 1921 год., (чл. 2 од Завршниот протокол...). Српски извори тврдат дека тогаш Македонија од Министерството за руда и шума побарала извесен дел (7.600 хектари) од пасиштата во Гора. За повеќе податоци околу Гора и Горанците види во (српски извори): Лутовац М., *Гора и Опоње-антропогеографска проучавања,* Српски етнографски зборник, књ. LXIX, 1955; *Насеља и порекло становништва*, књ. 35, САН, Београд; Цвијић Ј., *Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије,* књ. III, Београд, 1911;

2. РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА (1991-2006)

Воведни напомени

По прогласување на независноста на Република Македонија, Република Бугарија беше прва држава сосед што на 15 јануари 1992 год., ја призна Република Македонија под уставното име. Со одлука на Владата на РМ на 20 декември 1993 год., двете држави воспоставија дипломатски односи.

Односите меѓу Република Бугарија и Република Македонија во периодот по демократските промени во Бугарија на крајот на 1989 и почетокот на 1990 год., карактеристични по падот на тоталитарниот режим на Тодор Живков, се карактеризираат со толеранција и добрососедство и со т.н. „преќутна согласност за неотварање на прашањето за македонското национално малцинство во Бугарија, т.е. во Пиринскиот дел на Македонија". Таа „рамнодушна" политика се зацврсти со донесувањето на Амандманот I и II на Уставот на РМ од 1991 година, со што во уставно прокламираната грижа за македонското национално малцинство во соседните земји, Република Македонија се обврза на немешање во суверените права и внатрешните работи на соседните земји, вклучително и на Република Бугарија. Донесувањето на овој амандман даде друг дух на „грижата" што тивко, но сигурно прерасна во „негрижа".

Од друга стана пак, Република Бугарија во својата декларативна демократизација кога станува збор за заштитата на националните малцинства што живеат на нејзина територија и понатаму го игнорира фактот дека во Бугарија живеат етнички Македонци, не како „етничка група" или како „Бугари од различно етничко потекло", туку како национално малцинство, како дел од македонскиот народ во пиринскиот дел на Македонија.

2. 1. Имплементација на РКНМ и устаните гаранции за заштита на малцинствата во Република Бугарија

Општата правна рамка за заштита на правата на националните малцинства и заштита од дискриминација на малцинствата во Република Бугарија е несоодветна со одредбите од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства што Република Бугарија ја потпиша на 09.10.1997 год., ја ратификува на 07.05.1999 год., а која влезе во сила на 01.09.1999 год.

Согласно обврската од чл. 25 на Рамковната конвенција, земјата потписничка има обврска да доставува Извештај за мерките во имплементирањето на одредбите од Конвенцијата и истиот да го достават до Советодавниот комитет кој подоцна ќе даде свое мислење. Република Бугарија првиот мониторинг Извештај го достави на 21 април 2003 год. Извештајот започнува со определбата дека: „Република Бугарија ја спроведува политиката на почитување и заштита на основните права и слободи на човекот. За таа цел Бугарија е цврсто решена да се раководи од принципите утврдени во Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства. По демократските промени во 1989 год., Република Бугарија требаше да реши два предизвика во област на заштитата на човековите права. Прво, да заврши со политиката на кршење на основните слободи и права на човекот. Второ, да ја гарантира приманата на тие права врз основа на новиот Устав на државата, да изврши промена на законодавството и негово хармонизирање со нормите на меѓународните инструменти за заштита на правата на човекот и да ја реформира институционалната пракса...“.[361]

Во податоците од државниот Извештај кој се однесуваат на „Информации за етнографскиот состав на земјата“, дадени се податоци за дефинирање на категории граѓани, согласно нивната определба според јазик, етничка и религозна припадност.

Според Законот за попис на население, живеалишта и земјоделски стопанства во Република Бугарија (чл. 5, ст. 3), донесен од Народното собрание на

[361] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA PURSUANT TO ARTICLE 25, PARAGRAPH 1 OF THE FRAMEWORK CONVENTION FOR THE PROTECTION OF NATIONAL MINORITIES, (Received on 9 April 2003), (Bulgarian version), ACFC/SR (2003) 001, str. 2;

10.02.2000 год., „податоците за етничка група, вероисповест и мајчин јазик се собираат со доброволно изјаснување на лицето". Во врска со пописните обрасци во *Упатство...* на Националниот статистички институт дадени се определби за етничка група, мајчин јазик и вероисповест, со додавање на четврта опција како можен одговот „не се самоопределил" што не било случај со пописот од 1992 год.

За трите етнографски прашања во пописниот образец дадени се следниве можни определби:

Етничка група: бугарска, турска, ромска (циганска), друга, не се самоопределил;[362]

Мајчин јазик: бугарски, турски, ромески (цигански), друг, не се самоопределил;[363]

Вероисповест: источно-православно, католичко, муслиманско-сунитско, муслиманско-шиитско, друга, не се самоопределил.[364]

Националниот статистички институт не ја смета како ограничување во самоидентификацијата графата „други".

2. 2. Алтернативни етнографски податоци и коментари за составот на населението во Република Бугарија

Бугарскиот Хелсиншки комитет изготвил ***Алтернативен извештај*** во врска со имплеметацијата и спроведувањето на одредбите од Рамковната конвенција за

---

[362] Според добиените податоци од пописот бројот на населението во Република Бугарија изнесува 7.928.901. ***Бугарската етничка група*** е најбројна во етничкиот состав на Бугарија и изнесува 6.655.210 или 83,9%. На второ место е ***турската етничка група*** со 746.664 или 9,4%. На трето место е ***ромската (циганската) етничка група*** со 370.908 или 4,6%. Бројот на лицата од сите ***останати етнички групи*** изнесува 69.204, бројот на ***лица кои не се самоопределиле*** изнесува 62.108, додекаво пописни обрасци нема пополнето 24.807.

[363] ***Бугарскиот е мајчин јазик*** за 6.697.158 граѓани на Бугарија или 84,5%. ***Турскиот е мајчин јазик*** на 762.516 или 9,6% од населението. ***Ромскиот*** е посочен како мајчин јазик од 327.882 или 4,1%. 71.084 души посочуваат ***друг мајчин јазик*** различен од посочените три, а 45.454 ***не посочиле мајчин јазик***, додека во 24.807 пописни обрасци нема пополнето.

[364] ***Христијанството*** во Република Бугарија ја вклучува источно-православната, католичката и протестантската (евангелската) вероисповест. Тоа опфаќа 6.638.870 или 83,7% од населението. ***Муслиманската вероисповест*** ја вклучува сунитската и шиитската вероисповест, а таа опфаќа 966.978 или 12,1% од населението. ***Другите вероисповести*** се посочени од 14.937 граѓани. 283.309 граѓани ***верски не се самоопределиле*** (кај Ромите тој број е најголем 16,5%, додека кај Бугарите 2,33%, кај Турците 3,1%, непополнети 24.807. Резултатите се достапни на: www.nsi.bg

заштита на националните малцинства во Република Бугарија. Во тој извештај (напишан по ист редослед на факти како и официјалниот државен извештај), Хелсиншкиот комитет ги наведува сите намерни пропусти и недоследности во прикажувањето на фактичката состојба со малцинствата во Бугарија и притоа, дава свои вистинити и проверени податоци. Тие податоци најмногу се однесуваат на состојбата со Македонците и Помаците.

На 1 декември 1992 год., ОМО „Илинден" испрати протесно писмо до КЕБС, пред претстојниот попис на населението во Бугарија, каде што наведува дека на пописот е дадена можност грѓаните на Бугарија да се изјаснат како: Бугари, Турци, Цигани, Татари, Евреи, Ерменци, Казалбаси, Черкези, Гагаузи и друго, но не и како Македонците чиј мајчин јазик е македонскиот. Во почетокот на пописот во Бугарија (4-14 декември 1992 год.), ОМО „Илинден" дистрибуирал апел со кој „се повикуваат Македонците слободно да се декларираат како Македонци". Во текот на пописот се вршени заплашувања и притисоци на Македонците да се изјаснуваат како Бугари, а не како Македонци, а паралелно со тоа се водела и медиумска кампања за еднонационалниот карактер на Бугарија.

На 22 април 1996 год., говорејќи пред Советот на Европа бугарскиот претседател Петар Стојанов, изјавил дека, „Македонија е дел од најромантичната бугарска историја" и дека „во Бугарија нема македонско национално малцинство".

Според официјалната бугарска статистика, односно пописот на населението од 2001 год., во Република Бугарија живеат 7.928.901 жители од кои: 6.655. 210 (83,9%) од бугарската етничка група, 746.664 (9,4%) од турската етничка група, 370.908 (4,6%) од ромската етничка група, на останатите етнички групи отпаѓаат 69.204 граѓани, 62.108 не се определиле национално, додека 24.807 воопшто не одговориле на прашањето.[365]

Во еден друг табеларен приказ на податоците за бројот на населението по области и етничка група од 01.03.2001 год., бројот на Македонците, односно припадниците на македонската етничка група во Бугарија изнесува ***5.071*** (!).[366]

---

[365] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA .., str.16;

[366] <http://www.nsi.bg/Census/CensusList1htm. НАЦИОНАЛЕН СТАТИСТИЧЕСКИ ИНСТИТУТ, **Преброяване 2001,** *НАСЕЛЕНИЕ КЪМ 01.03.2001 Г. ПО ОБЛАСТИ И ЕТНИЧЕСКА ГРУПА;*

Според ***бугарскиот Хелсиншки комитет***: „Најголем проблем во владиниот Извештај е недостатокот на податоци за демографскиот статус на Помаците и Македонците во Бугарија. Факт е дека за нивниот број нема официјални пописни податоци, ниту во пописот од 1992, ниту во пописот од 2001 год. Демографскиот проблем со бугарските државјани со Македонски идентитет е многу поголем. Во средината на 1950-тата година бугарската власт започна да одбива да го признае Македонскиот идентитет на граѓани не само во Бугарија, туку и во соседната југословенска Република Македонија. Од ***169.544*** Македонци според пописот во 1946 год., нивниот број на пописот од 1965 год., опаднал на дури ***9.632*** за само 9 години. Во 1960 и 1970 год., се водеа голем број политички судења на луѓе обвинети за дејности поврзани со „македонски национализам". Резултатите кои се поврзани со Македонците-***10.803,*** според пописот во 1992 год., официјално никогаш не се публикувани.[367] ***3.000*** од нив се изјасниле дека мајчин јазик им е македонскиот. Слободно ќе заклучиме дека државната политика кон Македонците и кон изразувањето на македонски етнички идентитет е крајно негативна и тиранска. Во 2001 год., неколку луѓе беа под криминална истрага, бидејќи отворено се спротивставуваа на власта и ги охрабруваа другите слободно да го декларираат својот македонски идентитет. Од 1989 год., до денес луѓето продолжуваат да го декларираат својот македонски идентитет, но состојбата со нетолеранцијата и непризнавањето на нивниот идентит сé уште е проблематична. Можеме слободно да заклучиме дека кога би имало услови за вистинско и слободно самоопределување во Бугарија, ќе има многу луѓе кои ќе се декларираат како Македонци".[368]

Бугарскиот научник К. Кертиков, во своите анализи на строго доверливи документи на високото раководство на Комунистичката партија на Бугарија, кои датираат од времето меѓу 19946 -1989 год., разликува две спротивни фази во етнонационалната политика на БКП. Во фазата „А" (1946-1956) се случ*увало забр-*

[367] На 15 декември 1992 год., само преку бугарската телевизија била објавена кратка информација дека при пописот на населението, во регионот на Сандански и на Петрич, 30% се изјасниле како Македонци.

[368] Alternative report submitted pursuant to Art.25. (1) of the Framework Convention for the Protection of National Minorities, prepared by the **Bulgarian Helsinki Committee** in September 1999, under section „Demographic situation in the country ", str. 5; Достапен на: http:// www.bghelsinki.org/

зување на етничката диференцијација, додека во фазата „Б“ се настојувало да се *создаде „национално единство“ преку етничка хомогенизација* (1956-1989). Фазата „А“ ја карактеризирал аматеризам и утопизам, но тоа не ги спречило нејзините автори да манипулираат со судбината и со свеста на милиони бугарски граѓани преку припишувања-често многу контрадикторни-на нивниот идентитет. Фазата „Б“ вклучувала обмислени и добро организирани активности-замена на пасоши и на други лични документи за идентификација, преселување на групи од населението, интернирање и менување на небугарските несловенски имиња итн. Светот на Кафка бил отворен: секој морал да избира меѓу губењето на својата личност и прифаќањето на наметнатата.[369]

Податоците за мерките од фазата „Б“ јасно говорат дека бугарската кампања за „етничка хомогенизација“ била прилично успешна, ефикасно постигнувајќи ги своите цели без да создаде проблеми на властите, на внатрешен или на меѓународен план: прашањето на човековите права сé уште не беше крупен фактор во меѓународните односи и меѓународната политика.

2. 3. Одредбите од член 1, 2, и 3 од Рамковната конвенција од аспект на бугарскиот уставно-правен систем

Во државниот Извештај за спроведување на Рамковната конвенција се изнесени податоци кои говорат за членството на Бугарија во меѓународни организации и примана на меѓународното право. Како држава-членка на ООН од 1955 год., Република Бугарија активно учествувала во работата на светската организација, особено во нејзините главни органи за правата на човекот. Таа активно учествува и во УНЕСКО, МОТ и други специјализирани организации во системот на ООН. Бугарија е членка и на Советот на Европа од 1992 год., и Организацијата за безбедости и соработка на Европа (ОБСЕ) од 1975 год. Бугарија учествувала скоро на сите меѓународни форуми организирани од ООН на прашања за човековите права и расната дискриминација. Според Извештајот, Република Бугарија цврсто

[369] K. Kertikov, Ethnonational Issues in Bulgaria (1944-1991), *Bulgarian Quarterly,* 1991, 1 (3/Winter), стр. 82-92, and 2 (1/Spring), стр. 76-89;

се придржува кон принципите и правата кои произлегуваат од Општата декларација за правата на човекот, Декларацијата на ОН за правата на лица припадници на национални или етнички, религиозни и јазични малцинства (1992), Декларацијата на Собранието на ООН за борба против сите форми на нетрпеливост и расна дискриминација, заснована на религиозна припадност или убедување (1981), Декларацијата на УНЕСКО за расата и расните предрасуди (1978) итн.[370]

Основните меѓународни обврски се преточени во основни уставни норми кои ја обврзуваат бугарската држава да дејствува „за воспоставување на еднаков меѓународен ред" (чл. 24, ст. 2 од Уставот на РБ).[371] Според Уставот (чл. 56), „секој граѓанин има право на заштита кога се нарушени или загрозени неговите права или законски интереси". Уставот, Законот за МВР и Кривично-процесниот кодекс даваат „право на адвокатска заштита на секој од моментот на задржување или на подигање на обвинение".[372]

Според коментарот на бугарскиот Хеслиншки комитет, во реалноста постојат сериозни проблеми во спроведувањето на овие закони, поради нееднаквиот пристап до правдата за сиромашните луѓе и дискриминаторскиот однос кон одредени припадници на малцинства во кривичните и граѓанските постапки.[373]

Одредбите од Рамковната конвенција за добрососедски односи произлегуваат како од Уставот, така и од меѓународноправните обврски на Република Бугарија. Согласно Уставот на Р Бугарија (чл. 24, ст. 1), „внатрешната политика на Република Бугарија се остварува во содејство со принципите и нормите на меѓународното право". Врз основа на тие принципи Република Бугарија во 1999 год., ја ратификува Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства. Уставот на Бугарија (чл. 24, ст. 2) предвидува дека, „основните цели на внатрешната политика на Република Бугарија се... благосостојбата и основните сло-

---

[370] Исто, стр. 14;
[371] *Конституција*, Приета на 12 юли 1991 г.;
[372] *Наказателно-процесуален кодекс,* РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ НАРОДНО СЪБРАНИЕ , Обн., ДВ, бр. 89 от 15 ноември 1974 г., от ДВ, бр. 88/1999 г.; <http://www.bild.net/temida/va/aozv/kdks/npk.html
[373] За повеќе детали за необјективните податоци во државниот Извештај за имплементација на чл. 1 од Конвенцијата види во: Bulgarian Helsinki Committee, *The Human Rights of Muslims in Bulgaria in Law and Politics since 1878*; Bulgarian Helsinki Committee, *Annual Reports on the Human Rights in Bulgaria in 1999, 2000 and 2001*, достапни на: <http://www.bghelsinki.org; Bulgarian Helsinki Committee, *Access to Justice: International Standards and the Situation in Bulgaria,* BHC, Sofia, 2003;

боди и права на бугарските граѓани, како и спроведувањето на меѓународниот ред".[374]

Во информацијата за статусот на меѓународното право во правниот систем на Република Бугарија, во Уставот (чл. 5, ст. 4) се вели дека, „меѓународните договори, ратификувани по уставен ред, објавени и влезени во сила во Република Бугарија се дел од внатрешното право на државата. Тие имаат предност пред нормите на внатрешното законодавство што им противречат".

Бугарскиот Хесиншки комитет во својот алтернативен извештај, објавува податок во кој според Решението бр. 7 на Уставниот суд од 1992 год., меѓународните договори кои се ратификувани и стапиле во сила, а не се објавени во Службен весник *(Official Gazette),* не се дел од домашното законодавство, освен ако не се ратификувани пред влегувањето во сила на Уставот од 1991 год., а нивното објавување не е потребно.[375]

Во државниот Извештај на Бугарија за имплементација на чл. 3 од Рамковната конвенција, се вели дека: „Во Република Бугарија секое лице кое припаѓа на етничко, религозно или јазично малцинство има право да избира дали ќе биде третирано како припадник на такво малцинство или не, без тоа да предизвика било какви негативни последици. Материјална реализација ова право имаше при спроведување на пописот на населението во Република Бугарија, при што секој доброволно ја определуваше својата етничка припадност, мајчиниот јазик и вероисповеста, а доколку сака може и да не го стори тоа".[376]

Уставот на Република Бугарија (чл. 6, ст. 1) утврдува дека, „сите луѓе се раѓаат слободни и еднакви во своите права и обврски".[377] Изричито се потврдува (чл. 6, ст. 2) дека, „сите граѓани се еднакви пред законот. Нема да се дозволи никакво ограничување на правата и привилегиите, засновано на расна, народносна и етничка припадност, пол, религија, образование, убедување, политичка припадност, лична и општествена положба или имотна состојба".[378]

---

[374] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA... str. 21;
[375] Alternative report ... by the Bulgarian Helsinki Committee, str.1;
[376] лок. цит;
[377] *Конституция*, Приета на 12 юли 1991 г.;
[378] Исто;

Како дополнителна гаранција за заштита на индивидуалноста на лицата кои припаѓаат на етнички, религиозни или јазични малцинства е уставна гаранција против присилна асимилација. Согласно Уставот на Бугарија (чл. 29, ст. 1), „никој не може да биде подложен на мачење, на нечовечко или понижувачко однесување, како и на присилна асимилација".

Во Решението бр. 2 од 18 февруари 1998 год., Уставниот суд на Бугарија констатира дека, „ниту во бугарското, ниту во меѓународното право не постои точно определување на терминот„национално малцинство". Како „најважни елементи" на идентитетот на лицата кои припаѓаат на национални малцинства, според Уставот (чл. 5, ст. 1), се религијата, јазикот, традицијата и културното наследство. Но, тоа не е доволно за давање на точна определба на терминот „национално малцинство". Со оглед на поставеност на ратификуваните меѓународни договори и нивната правна сила во бугарското законодавство, поимот „национално малцинство" е содржан во бугарското право со посредство на чл. 14 од Европската конвенција за правата на човекот, како и со посредство на Конвенцијата за борба против дискриминацијата во областа на образованието (чл. 5, ст. 1), исто така и со Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства и Европската социјална повелба.

Уставниот суд одбележува дека терминот „национално малцинство" не е туѓ на бугарското право. Во уставно-правната традиција на Бугарија тој термин е употребуван во чл. 79, ст. 1, ал. 2 од Уставот на Народна Република Бугарија од 1947 год. Судот истакнува дека терминот „национално малцинство" е потврден уставен термин и не е неопходно секој таков термин да биде присутен во Уставот, за да се признае неговата уставнавна сообразност.

Согласно Рамковната конвенција (чл. 3, ст. 2) во Државниот Извештај се вели дека, Уставот гарантира слобода на вероисповест (чл. 13, ст. 1); еднакви правни услови за стопанска дејност (чл. 19, ст. 2); изучување и употреба на мајчиниот јазик (чл. 36, ст. 2); слобода на совеста и на мислата и изборот на вероисповест, и на религиозни и атеистички гледишта (чл. 37, ст. 1); право да бара, прима и шири информации (чл. 41, ст. 1); слобода на здружување (чл. 44, ст. 1); право на секој да

ја развива својата култура според својата етничката припадност (чл. 54, ст. 1) и др.[379]

При гарантирање на основните права и слободи, Уставот и законодавството не прави разлика меѓу граѓаните од гледна точка нивнат полова и етничка припадност или врз верски принцип.

Согласно Уставот на РБ (чл. 26 и 27), основните слободи и права на човекот се единствени и исти за сите бугарски граѓани, но и за странците кои живеат во Република Бугарија.

2.4. Македонското национално малцинство во бугарската терминолошка определба на термините „малцинство„ и „етничка група„

Хелсинкиот комитет на Бугарија ги потврдува податоци од државниот извештај, дека во Уставот и постоечката легислатива терминот „национално малцинство“ е неодреден. Во нив се зборува само за „етнички, културни, јазични и религиозни групи/малцинства“ во Бугарија. Официјалната државна политика вешто ја одбегнува употребата на терминот „национално малцинство“, како во периодот пред потпиешувањето, така и по потпиешувањето на Рамковната конвенција за заштита на национални малцинства. Во пракса, примената на правната заштита и одредбите од Рамковната конвенција се ограничува само на некои малцински групи, но тие не важат за Помаците и Македонците, бидејќи се тотално исклучени од нивното признавање како „етнички, културни, јазични и/или религиозни малцинства“ или според елементите за определување на „национално малцинство“. Овие две малцинства воопшто не се спомнати во владиниот извештај за имплементација на Раконвенција во Бугарија.[380]

На 19 април 1991 год., тогашниот бугарски претседател Жељу Желев, за еден унгарски весник изјави дека, „бугарскиот Устав не го познава статусот ‚национално малцинство’,..., со закон се гарантираат човековите права, но Уставот не признава колективни права“.

---

[379] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA ..., str.25;
[380] Alternative report submitted,..., by the Bulgarian Helsinki Committee, str.9;

При чинот на признавање на независноста на БЈРМ од страна на Република Бугарија, бугарските власти нагласија дека, „тој чин не води кон признавање, односно препознавање на македонско малцинство во Бугарија. Бугарските државјани кои себеси се идентификуваа како Македонци беа предмет на различни форми на дискриминација и државен притисок во секој нивен обид да го манифестираат својот македонски идентитет“.[381]

Во почетокот на 1980-тата, концептот за етничка група стана корисен за социологијата и за социјалната антропологија за идентификување на културно различни групи. Изведениот термин етногенеза обично се употребуваше за означување процеси на промена, кои доведуваат до тоа едно определено население во општеството да прифати нов идентитет. Најистакнат пример за политичка злоупотреба на прашањата на етницитетот е случајот со Македонците.

За да се расплетка прашањето на Македонците во Бугарија, неопходно е да се оди пошироко од обичниот статистички опис. Потребно е посоодветно да се погледне во процесот на етикетирање содржан во етничката идентификација. Овој процес е во тесна врска со напорите на локалните држави за постигнување на национална хомогеност. За мнозинството Бугари, во нивниот секојдневен говор, „Македонец“ значи едноставно Бугарин чие потекло е од географскиот регион Македонија и кои генерално се прифаќа на ист начин како и Бугаринот од кој било друг регион.

Двосмисленото етикетирање на „Македонци“ дефинирани како дел од бугарската нација и „Македонци“ дефинирани како граѓани на Република Македонија, актуелно се рефлектира во јавноста. Во едно истражување на јавното мислење врз примерок од 1.009 луѓе направено низ целата Бугарија во 1999 год., од страна на *Аналитичката креативна група, ACG Ltd*, на прашањето: „Кога некој се нарекува Македонец, што прво ви паѓа на ум?“ - било одговорено на следниот начин: „дека

[381] Поранешниот македонски претседател Киро Глигоров во својата книга „Македонија е сé што имаме“ за овој настан вели: „Морам да кажам дека тогаш кога не призна Бугарија на 15 јануари 1992 год., тоа навистона беше настан кој се почувствува во целата наша јавност... Бугарската влада многу мудро го спочила своето соопштение, говорејќи дека ги признава реалностите, а избегнувајќи да каже чија е оваа држава Македонија, дека тоа е држава на македонскиот народ, а не на некое население што живее овде. Георгиевски ми го рече она што еден месец подоцна, кога на чело на делегацијата беше во Софија, го изјави и за бугарската телевизија: „Важно е Бугарија да ја признае државата Македонија, а за македонската нација нека говорат научниците“.

тоа значи човек од Пиринска Македонија одговориле 24,5%; 15,8% одговориле дека тоа значи граѓанин на Република Македонија; за 19,6% тоа ги означува и двете погоре споменати групи; а 35,6% одговориле дека тоа значи Бугарин од Македонија (додека останатите 4,6% дале „други" одговори)"..

Во 1996 год., група автори врз основа на истражување изготвиле *студија за значењето на македонскиот идентитет во градот Петрич*, на крајниот југозапада на Бугарија-Пиринска Македонија, кој тогаш имал 27.662 жители. [382] Во тоа истражување, поради спецификите на формирањето на етничкиот идентитет во Пирин, неизбежен бил *индиректниот пристап кон самоопределувањето*. Како што покажале податоците „македонскиот" идентитет долго време бил предмет на груба манипулација во регионот. Според тоа, разумно е да се очекува значителен степен на двосмисленост во врска со терминот „Македонец". Студијата утврдила три главни социјални претставувања на „Македонецот", кои според авторите на студијата, со променлив степен на сигурност можат да бидат применети во истражувања и на други делови од регионот на Пиринска Македонија.

Првото социјално претставување проценува дека, „сите т.н. Македонци, дури и оние кои живеат во Република Македонија, се всушност Бугари". Испитаниците кои го поддржале ова претставување тврделе дека, „само 20 или 30 луѓе во целиот град, па дури и помалку од тоа, се сметаат себеси за Македонци". Според нивното мислење „помалку од 5% од населението на Петрич се сметаат себеси за Македонци", но, „тие се всушност Бугари како нас". Зад ваквото социјално претставување стои идејата за Голема Бугарија. „Да постоеше Голема Бугарија, економски напредна, а не во економска криза како што е сега", тогаш продолжува приказната, „Бугарија сигурно ќе дејствуваше како центрифугална сила за сите оние кои повеќе или помалку си признаваат себеси дека се всушност Бугари" (односно, Македонците).

Второто социјално претставување смета дека, „ние сме Македонци, различни од Бугарите, и дел од македонската нација". Испитениците кои го

[382] Истражувањето било извршено од Бонка Бонева, а податоците е цитирана според нејзиниот текст „*Ethnicity in Pirin Macedonia: Blurred Categories, Emergent Minority*,, ***Balkanistica,*** 1996 (9), стр.156-166;

поддржуваат ова претставување се борат за обединета Македонија, или за македонска држава што ќе ги вклучува Пирин и грчка Македонија. Тие тврдат дека „80% од населението во Пиринска Македонија мисли како нас". Запрашани што е заедничко за Македонците и за Бугарите, одговорите се вртат околу две позиции: „Сите ние сме Словени" и „Ние сме нешто како роднини", со дополнителна забелешка дека „Македонецот (во Република Македонија) ми е нешто како брат", додека „Бугаринот ми е братучед". Една третина од испитаниците кои го подржале ова социјано претставување покажале мошне силна лојалност и емоционална поврзаност кон Република Македонија и нејзините Македонци. Содржината на интервјуата покажала дека во нивните изјави многу почесто се спомнува Република Македонија, отколку Бугарија, и често со многу поголемо почитување, што се потврдува во изјавите од типот „Македонија е во нашата крв" или „кога зборуваме за Македонија и за Бугарија, Македонија ни е помила".

Третото социјално претставување може да се дефинира на следниов начин: „Иако не нарекуваат Македонци, целото население во Пиринскиот регион е бугарско. Ние сме различни од луѓето кои живеат во Република Македонија, тие се вистински Македонци". Испитаниците кои го поддржуваат ова претставување се идентификувани спреме нивното категоризирање како Македонци: „Не ми е грижа дали ме нарекуваат Македонец. Во градот немам сретанато човек кој навистина се смета себеси за Македонец... Сите ние сме Бугари". По сé изгледа, дека постои силен економски мотив во процесот на етничката идентификација.[383] Како што нагласиле повеќето жители на Петрич: „Македонија (односно, Републиката) нема природни ресурси, нема богатства... Таа е во полоша економска состојба од Бугарија. Зошто јас би се нарекувал Македонец?" Бугарското државјанство претставува приоритет за припадноста за овие испитаници: „Ние сме граѓани на Република Бугарија, според тоа, ние сме Бугари; оние кои се граѓани на Република Македонија се Македонци" рекле тие. Меѓутоа авторите нагласуваат дека само еден мал дел од испитаниците се определиле за ова претставување.

---

[383] Според некои автои етницитетот е посуштинска причина за стратификација и за општествена поделба отколку сопственоста или класата. N. Glazer, D. Moynihan (eds.), *Ethnicity: Theori and Experience*, Boston: Harvard University Press, 1975;

Податоците од едно друго истражување на Центарот за изучување на демократијата, спроведено во 1991 год., фрла дополнителна светлина врз податоците од горенаведното истражување.[384] Во ова репрезентативно истражување во регионот на Благоевград (Пиринска Македонија), помладата генерација (старосна група од 18-25 год.) го поддржува второто претставување од предходното истражување: „Пиринските Македонци, како и сите Македонци во светот, и припаѓаат на македонската нација". Меѓутоа, постарата генерација (од 46 години нагоре) го поддржала првото претставување: „Сите Македонци се само Бугари, дури и оние во Република Македонија". Во исто време, важно е да се нагласи дека поголемиот дел од испитаниците кои се самоидентификувале како Македонци биле во групата од 46 години нагоре.[385]

Според извештајот од истражувањето на М. Ленкова *„Малцинства во Југоисточна Европа: Македонци во Бугарија„*: „Македонците во Пиринска Македонија се поделени во три групи: мнозинството имаат бугарски национален идентитет и Макеоднски етнички и/или регионален идентитет; Македонци со македонски национален идентитет, т.е., имаат јазик, култура и историја која е различна од другите Бугари; и, етнички не-Бугари кои се проблематични од лингвистички аспект, бидејќи го употребуваат стандардниот бугарски јазик подобро, отколку македонскиот стандарден јазик".[386] Според авторот, „ова го зголемува прашањето за степенот на идентитетот на пиринските Македонци во денешна Бугарија, дали всушност е национална орјентација, или е форма на етно-регионалнизам, како во случајот на егејските Македонци во Грција".[387]

Ако се земат во предвид споменатите податоци од истражувањата за идентитетот и самоопределувањето на Македонците во пиринскиот дел на Македонија, т.е. Република Бугарија и истите се разгледуваат во контекст на

---

[384] Център за иследване на демокрацията, необјавен ракопис, 1992 година, цитирано во *„Потрага по „снежниот човек„: Современички идентитети во Пиринска Македонија, Бугарија,* Б. Стојанова-Бонева, С. Е. Николов, В. Рудометоф, во ***Македонското прашање***, ЕвроБалканПрес, 2003, стр.343;
[385] Тие сочинувале 66,6% од оние кои си го избрале својот идентитет. Во другите две групи, распределбата била следна: меѓу припадниците на старосната група од 18-25 години, 10,3% се самоидентификувале како Македонци, а 12,6% како Бугари; додека во групата од 26-45 години, 23,1% се самоидентификувале како Македонци, а 38% како Бугари.
[386] *MINORITIES IN SOUTHEAST EUROPE:* ***Macedonians of Bulgaria*** by Mariana Lenkova, researcher of Center for Documentation and Information on Minorities in Europe - Southeast Europe (CEDIME-SE), str. 13;
[387] Исто, стр. 14;

општоприфатената дефиниција во меѓународното право за терминот „национално малцинство“, наспроти определбата на терминот „етничко малцинство“[388], тогаш може да се заклучи:

Традиционалното неприфаќање на постоењето на Македонци во Бугарија, проследено со негирање на македонската нација и македонскиот јазик, како и различниот начин на водење на бугарската државна политика за промена на идентитетот на Македонците во Пиринскиот регион, дава делумна потврда на сознанијата од цитираните истражувања. Меѓутоа, друга е причината зошто официјалните власти во Бугарија воопшто не го употребуваат терминот „национално малцинство“. Доколку тој термин се употреби за Македонците во Бугарија, тогаш тие признаваат дека матична/национална држава на Македонците во Бугарија е Република Македонија, а не Бугарија, што не соодветствува на официјално прифатениот бугарски став за непостоење на македонска нација.

Од друга страна пак, континуираното негирање и спречување на самоидентификацијата на бугарските граѓани кои себеси се чувствуваат како Македонци, доведе до раѓање и развој на еден не така нов процес на популаризација на положбата на македонското национално малцинство во Бугарија и растење на самосвеста за идентитетот (во смисла на етницитет), кај еден дел од Македонците во Република Бугарија.

Во контекст на државниот Извештај и податоците за имплементација на чл. 3 од Рамковната конвенција, важно е да се каже дека:

Република Бугарија (согласно одредбите од Конвенцијата, за правото на избор на групите врз кои ќе се применуваат одредбите од Рамковната конвенција и дефинирањето на поимот „национално малцинство“), *воопшто не ги третира Македонците, дури и во смисла на критериумите за дефинирање на поимот „етничко малцинство/група“, што значи дека, одредбите од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства не важат за нив.*

---

[388] Неопходно е да се разликуваат етнички малцинства кои: имаат матична земја и се означуваат како „национални малцинства“ и етнички малцинства без матична/национална држава и се означуваат како етнички малцинства. Зборник текстови, *Културниот идентитет-разлика по себе*, Темплум, Скопје, 2002;

2.5. Бугарските уставни антидискриминаторски одредби и македонското национално малцинство

Во бугарскиот државен Извештај за имплементација на одредбите од чл. 4 на Рамковната конвенција се вели дека, Уставот на Република Бугарија и многу бугарски закони содржат антидискриминаторни одредби, кои се остваруваат преку различни правни механизми. Во тек на 1992 год., Уставниот суд даде официјално толкување на антидискриминаторните одредби од Уставот и укажа на нивниот обем и начинот на примена. Кон правната рамка за заштита од дискриминација треба да се додадат и антидискриминаторните определби од меѓународното право, кои можат да се прилагодат и стават во функција на од Уставот на Бугарија.

Основите за заштита од дискриминација се дадени во Уставот на Бугарија (чл. 6, ст. 2), и тоа: „сите граѓани се еднакви пред законот. Нема да се дозволи никакво ограничување на правата и привилегиите, засновано на расна, народносна и етничка припадност, пол, религија, образование, убедување, политичка припадност, лична и општествена положба или имотна состојба".[389]

По барање на Претседателот, во 1992 год., Уставниот суд даде одговор на прашањата: дали еднаквоста пред законот значи и еднаквост пред сите други нормативни акти; дали определбите за недискриминација во таа одредба се исцрпно наброени, и дали привилегиите претставуваат нарушување на принципот на недискриминација? На првото прашање, Уставниот суд одговори дека „еднаквоста пред законот значи и еднаквост пред сите други нормативни акти". На второто прашање, Судот одговори дека „основите за недискриминација во чл. 6 ст. 2, се наброени исцрпно, т.е. Уставот предвидува заштита од дискриминација само по основ на наброените основи, а тоа не значи дека со други закони тие основи не можат да се дополнат". На третото прашање, Судот даде одговор дека „привилегиите засновани на признанија, дадени врз основа на определбите од чл. 6 ст. 2, го нарушуваат принципот на недискриминација".[390]

---

[389] *Конституция*, Приета на 12 юли 1991 г.;
[390] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA ... , str. 31;

Бугарското законодавство согласност уставната норма (чл. 6 ст. 2) , содржи редица антидискриминарорни законски определби: Законот за социјална заштита (чл. 3), предвидува дека „при обезбедување на социјалната помош не се дозволува дискриминација, привилегии или ограничувања, засновани на раса, народност, политичка или етничка припадност, приход, пол, возраст, религиозно убедување и општествена положба".

Закон за заштита на производството и правилата на тргување (чл. 34), предвидува „забрана на секаква реклама која содржи елементи на дискриминација по однос на пол, раса, религија, националност, политичко убедување, возраст, физичка или умствана способност или која го загрозува човековото достоинство".

Законот за народна просвета (чл. 4), вели дека, „граѓаните имаат право на образование..., не се дозволуваат ограничувања или привилегии, засновани на раса, народност, пол, етнички и социјален статус, вероисповест и општествена положба".[391]

Во Закон за радио и телевизија (чл. 76, ст. 2) се вели дека, „не се дозволува емитување на реклами кои се засновани на национална, етничка, религиска, расна, полова или друга дискриминација".[392]

Кривично-процесниот кодекс (чл. 2), утврдува дека, „при остварување на правата и обврските од овој закон не се дозволува дискриминација, привилегии или ограничувања, засновани на народност, приход, пол, сексуална оријентација, раса, боја на кожата, возраст, политичко и верско убедување, членство во синдикални и други општествени организации и движења, семејна, општествена или материјална положба...".[393]

Тешките форми на дискриминација во бугарското законодавство се прогласени за кривични дела. Во Кривичниот законик во делот за „Кривични дела

---

[391] **Закон за народната просвета**, обн., ДВ, бр. 86 от 18 октомври 1991 г., изм., бр. 90 от 1996 г., изм. и доп., бр. 36 от 1998 г., доп., бр. 124 от 1998 г., изм., бр. 153 от 1998 г., бр. 67 и 68 от 1999 г. РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, ВЕЛИКО НАРОДНО СЪБРАНИЕ;< http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/znp.htm

[392] **Закон за радиото и телевизията,** обн., ДВ, бр. 138 от 24 ноември 1998 г., изм., бр. 60 и 81 от 1999 г., изм. и доп., бр. 79 от 2000 г. , НАРОДНО СЪБРАНИЕ, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ;
<http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/zrt.html

[393] **Наказателно-процесуален кодекс,** РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ НАРОДНО СЪБРАНИЕ , Обн., ДВ, бр. 89 от 15 ноември 1974 г., с много изменения и допълнения, последното от които от ДВ, бр. 88/1999 г.; <http://www.bild.net/temida/va/aozv/kdks/npk.html

против правата на човекот“ се наведени кривични дела за кои следуваат соодветни санкции (дела против националната и расната еднаквост, дела против вероисповеста, дела против трудовите права на граѓаните итн.).

Во поглавјето на Изветајот за рано предупредување на UNDP, насловено како „Интеграција на малцинствата“, врз основа на состојбите во месец октомври 2001 год., и податоците од проектот „Народите се богатство на Бугарија“, дадени се следниве заклучоци: „Антидискриминаторното законодавство и механизмите за неговото спроведување не се доволно ефикасни... Недостигаат конкретни механизми и инструменти за реализација на основните принципи на Рамковната програма за интеграција на малцинствата во бугарското општество... Националниот совет за етнички и демографски прашања кој треба да ги реши тие проблеми нема административен капацитет..., не предвидува конкретни мерки за ефикасно спроведување на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинаства“.[394]

Во врска со податоците за имплеметација на чл. 4 од Рамковната конвенција, во својот алтеранативен извештај бугарскиот *Хелсиншкиот комитет,* меѓу другото пишува: „Дискриминацијата на етничките и религиозните малцинства претставува сериозен проблем во бугарското општество. Таа во различен контекст зазема место скоро во сите сфери од општествениот живот. Домашни и меѓународни мониторинг организации документираа многу случаи на дискриминација врз етничките и религиозните заедници. Во Уставот на Бугарија (чл. 11, ст. 4) на дискриминачки начин се ограничува слободата на здружување во политички партии засновани на етничка и религиозна основа, што се применува како забрана за регистрација на политички партии на Македонците, Ромите и Помаците. Во неколку прилики на организациите на Македонците им е забранета регистрација и правото на мирно собирање“.[395]

Устаните и законските гаранции за недискриминација во Република Бугарија не се доволно аргументирани во државниот извештај. Што се однесува до примената на антидискриминаторските одредби кога е во прашање македонското национално малцинство, тогаш има што да се каже, но спротивно од наброените

[394] UNDP, ***Early Warning Report***, Bulgaria, Sofia, 2001.
[395] Alternative report … prepared by the **Bulgarian Helsinki Committee,** str. 10;

уставни гаранции во бугарското законодавство.

Без да навлегувам во поединечно објаснување на наведените законски гаранции и нивната примена на Македонците во Бугарија, ќе нагласам дека македонското малцинство, односно македонската „етничка група“, како што го именуваат властите во Бугарија, во ниту еден случај нема да ги остварува уставните и законските права кои важат „за сите бугарски граѓани“ сé додека слободно го изразува својот македонски идентитет. Не може да се зборува за недискриминација, а притоа се оневозможува правото на здружување по етничка основа. Ако знаеме дека, „припадниците на етничкото, културното, јазичното или верското малцинство можат поединечно или во заедница со други членови на тоа малцинство да ги остваруваат своите загарантирани права“, тогаш која е логиката да се попречи слободниот избор на граѓаните како ќе се остварува тоа право, дали како колективното или како индивидуално право. Ако на секој припадник на малцинство во Бугарија му се гарантира правото слободно да избира да постапува или да не постапува како таков и притоа да не се најде во неповолна положба поради тоа определување или остварување на права врзани за тоа определување, тогаш зошто на припадниците на македонското национално малцинство кои јавно го декларираат својот македонски идентитет им се оспоруваат т.н. уставно загарантирани права.

2.6. Македонскиот национално малцинство и негување на елементите на неговиот идентитет

Во делот од државниот Извештај за имплементација на чл. 5 од Рамковната конвенција, во кој требаше да бидат содржани клучни податоците за сегашната државната политика и мерките кои се преземаат за унапредување на правата од чл. 5 од Конвенцијата, на многу декларативен начин, со многу површни податоци е прикажана состојбата со унапредувањето на културата на малцинствата. Во извештајот се вели дека, „за обезбедување на рамноправност на културита на малцинствата се создаваат услови кои ќе го гарантираат културниот дијалог и

унапредување на толерантна културна средина".[396] Законот за заштита и развој на културата работи во насока на унапредување на овие процеси, додека законски гаранции за тоа се содржани и во Законот за народни библиотеки, Законот за радио и телевизија и Законот за авторското право итн.

Според бугарските власти „основа за спроведување на процесот на рамноправно културно интегрирање на малцинствата во бугарското општество е развивање на културниот плурализам: интегрирање со зачувување на сопствениот културен идентитет; широка меѓусебна соработка меѓу рамноправните култури; толеранција на различноста; развојот на малцинските култури придонесува за збогатување на националната култура".[397]

Сите изнесени податоци за мерките за унапредување на ова право на малцинствата, се однесува на програми во кои како предмет на културна заштита се јавува само ромското етничко малцинство. НВО-ии и здруженијата на граѓани во Република Бугарија се сé поактивни во поттикнување на процесот на културна интеграција на малцинствата. Идејата за рамноправност врз етничка основа и за толеранција меѓу културите на малцинствата и мнозинството е основа за градење на целата концепција во проучувањето, развојот и заштитата на културите на етничките малцинства, како и основа за заштита на културните права на сите граѓани кои живеат во Република Бугарија.

Во едно од предходните поглавја беше истакнато дека едни од најважните, а воедно и неопходни елементи за зачувување и негување на етничкиот идентитет се верата, јазикот, традицијата и културното наследство. Сите овие елементи го сочинуваат јадрото на чувството за посебност и претставуваат клучни елементи за етничка само-идентификација на човекот, односно групата.

Етницитетот како прва инстанца во колективната идентификација кој се базира на перцепираните културни разлики и коренито е поврзан со културата, претставува производ на социјалната интеракција, а во социјалната интеракција и во само-идентификацијата може да биде колективен и индивидуален.[398] Општествените улоги кои го дефинираат и одредуваат местото на поединецот во

[396] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA ... , str. 44;
[397] Исто, стр. 43;
[398] Eriksen, T. H. (1993) Ethnicity and Nationalism: Anthropological Perspectives. London: Pluto;

општеството и неговата индивидуална историја, влијаат врз формирањето на двата аспекти од неговиот идентитет: општествениот и идентитетот за себе. Разликуваме внатрешни и надворешни аспекти на етничкиот идентитет.[399] Надворешните аспекти упатуваат на манифестното социјално и културно однесување како: а) зборување на етничкиот јазик, практикување на традицијата; б) учество во лични врски, како семејство и пријателство; в) партиципација во етнички институции и организации како цркви, училишта, трговски друштва, медиуми; г) волонтерско учество во етнички асоцијации како клубови, друштва, здруженија на млади; д) учество во настани спонзорирани од етнички организации како концерти, пикници, литературни средби, митинзи итн. Внатрешните аспекти на етничкиот идентитет упатуваат на слики, идеи, атрибути и чувства кои се поврзани со надворешните белези на етницитетот.

Во различни периоди во историјата и за време на различните начини на водење на бугарската државна политика, имаше промени во идентитетот на Македонците кои живеат во Пиринскиот дел на Македонија. Како и со другите малцинства, постои разлика помеѓу самоидентификацијата на пиринските Македонци и идентфикацијата која што тие ја добиваат од мнозинското население на бугарската заедница.

Една од причините за различната перцепција во идентификувањето на Македонците во Бугарија, според некои автори е поради „заедничките културни карактеристики... Нема поединечен културен фактор, кој ја оделува едната група од другата. Поради блискоста на јазиците, културата и историската позадина, Македонците не можеле да се идентификуваат и посочат од остатокот на бугарското население„.[400]

Ако се спојат обврската од РКНМ „за непреземање на мерки, политика и пракса насочена кон асимилација на нацинаналните малцинства спротивно на нивната волја“ и стратешката цел на бугарската држава за „спроведување на

---

[399] Wsevolod W. Isajiw, *Defenition and Dimension of Ethnicity*, University of Toronto, Ottawa, Ontario, Canada, April 2, 1992.

[400] *MINORITIES IN SOUTHEAST EUROPE: **Macedonians of Bulgaria*** by Mariana Lenkova, researcher of Center for Documentation and Information on Minorities in Europe - Southeast Europe (CEDIME-SE), str. 13;

процесот на рамноправно културно интегрирање на малцинствата во бугарското општество со зачувување на сопствениот културен идентитет“ слободно може да се каже дека резултатите од овие заложби не ги чувствуваат Македонците во Бугарија.

Оневозможувањето на правото на слободно здружување е доволен доказ дека не функционира единствениот начин за претставување на групните/колективните интереси на едно малцинство, кое има свои култрни белези, свој јазик, своја колективна меморија за историските настани, своја традиција и свои интереси. Неорганизираноста на малцинството (македонското) се покажа како еден од клучните фактори за стихијна асимилација, а ако таа е потпомогната и со државни механизми, тогаш прашање на време е кога ќе почне да се зборува за троцифрена бројка на Македонци. Жестоките обиди за регистирање на организации и здруженја на припадниците на македонското национално малцинство во Бугарија, отсекогаш, па и сега наидуваат на остра осуда од официјалните власти со прејудицирање на непостоечки „задни намери“.

Ако ги земеме само трите последни елементи на споменатиот надворешен аспект на етничкиот идентитет како услов за идентификација од поширокото општество (партиципација во етнички институции и организации како цркви, училишта, трговски друштва, медиуми; учество во етнички асоцијации како клубови, друштва, здруженија на млади; учество во настани спонзорирани од етнички организации како концерти, пикници, литературни средби, митинзи итн.), кога станува збор за надворешниот етнички идентитет на македонското малцинство во Бугарија, може да се каже дека тој е непрепознатлив бидејќин е му се дозволува слобода на изразување.

Во Република Бугарија никогаш не постоела државна стуктура, ниту пак орган кој ќе има мандат и ефективен план за грижа кон националните малцинства околу остварувањето на малцинските права и слободи, гарантирани од бугарското законодавство.

Бугарскиот Хелсиншки комитет дава податоци за лицемерната државна политика кога е во прашање прикажувањето на објективните податоци за практикувањето на правата од чл. 5 на Рамковната конвенција. Според него, Национал-

ниот совет за етнички и демографски прашања кој има улога на координатор на активностите на државните органи и невладините организации, никогаш во досегашната пракса не ја исполнил законската обврска „во донесувањето на клучните одлуки кои се важни за малцинствата, да ги вклучи организациите кои ги претставуваат интересите на малцинствата".[401] Тоа зборува за неговата фиктивна улога во политика на „двоен аршин" и претставува „институционална фарса" за несоодветната малцинска заштита.

2.7. Македонското малцинство во бугарската политика на толеранција и културен дијалог

Поттикнувањето и зацврстувањето на духот на толеранцијата и дијалогот во функција на зачувување на културната разновидност, во бугарскиот државен Извештај претставени се како приоритети за Република Бугарија. Од посебна важност се нагласува,,соработката со невладините организации кои имаат значаен придонес во таа област".[402]

Преамбулата на бугарскиот Устав прокламира дека, „хуманизмот, еднаквоста, праведноста и толеранцијата како општочовечки вредности се цел за која се залагаат народните власти". Во Уставот (чл. 37, ст. 1) се вели дека, „државата придонесува за развој на толеранцијата и разбирањето меѓу верниците од различни религии, како и меѓу верниците и атеистите".

Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација (чл. 7), која по сила Уставот на Бугарија (чл. 5, ст. 4) е дел од бугарското законодавство, предвидува дека, „државите-страни во Конвенцијата се обврзуваат да обезбедат итни и ефективни мерки за борба против предрасудите кои водат кон расна дискриминација, особено во област на вероисповеста, образованието, културата и информацијата, да го помогаат разбирањето, толеранцијата и пријателството меѓу народите, расните и етничките групи,...".

---

[401] Alternative report ... prepared by the **Bulgarian Helsinki Committee,** str.10;
[402] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA ... , str. 49;

Во тек на 2002 год., Министерството за образование и наука во едно свое соопштение насловено како „Интеграција на децата и учениците на малцинствата“ истакнува дека, „статешка цел на министерството е поттикнување на културната различност како фактор за меѓусебно запознавање и духовно развивање меѓу малцинствата и мнозинството“, како и „создавање атмосфера за толеранција и разбирање меѓу малцинствата“.[403] Во други документи на Министерството за образование и наука се истакнува „неопходност од воведување на меѓукултурно воспитание во рамките на изучување на општествените науки и граѓанското образование“. Министерството наведува податок дека „бугарските училишта во своите програми сé уште не одвојуваат место за содржини за запознавање на културите на малцинствата и нивниот придонес во развојот на бугарската култура, како и за развивање на духот на толеранцијата и разбирањето меѓу различните култури“.[404] Теми со вакви содржини, засега се „предмет на дискусија во вонучилишните и воннаставните активности финансирани од невладини организации. Треба да се разработат наставни планови и програми во кои ќе се стави акцент на наставни содржини од областа на историјата и литературата на малцинствата кои живеат во Бугарија, преку кои учениците ќе се запознаат со културите на традиционалните малцинства во Бугарија“.[405]

Во оскудните информации за конкретни активности во насока на горекажаното изготвувачите на државниот извештај за имплементација на чл. 6 од Рамковната конвенција издвојуваат само неколку, кои во недоволна мерка ја претставуваат нивната цел.

Бугарското кривично законодавство предвидува „кривична одговорност за лица кои ќе сториле дискриминација и насилство врз етничка, расна или религиска основа“.[406] Во Законот за радио и телевизија (чл. 10), се утврдуваат принципите на работа на радио и телвизиските оператори. „Се забранува создавање и емитување

---

[403] Исто;
[404] Исто;
[405] Исто, стр. 51;
[406] **Наказателно-процесуален кодекс,** РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ НАРОДНО СЪБРАНИЕ , Обн., ДВ, бр. 89 от 15 ноември 1974 г., с много изменения и допълнения, последното от които от ДВ, бр. 88/1999 г.; <http://www.bild.net/temida/va/aozv/kdks/npk.html

на информации кои предизвикуваат национална, политичка, етничка, религиозна и расна нетрпеливост..., поттикнуваат насилство,...".[407]

Според бугарскиот Хелсиншки комитет „со исклучок на неколку медиуми чии сопственици се припадници на етнички и религиски малцинства, во Бугарија не постои домашен, национален медиум кој вистински придонесува за јакнење на духот на разбирањето и меѓукултурниот дијалог. Во случај на некои етнички и религиозни малцинства, медиумите се главни промотори на предрасуди и сомнежи. Најчесто предмет на „говорот на омразата" се: Ромите, Македонците и припадниците на не-традиционалните религии".[408]

Потврда за тоа се пишувањата во веќе споменатиот извештај на М. Ленкова. Таа заклучува: „Повремено, Бугарските водечки весници отворено пропагираат дискриминација против активистите на македонското малцинство. Речиси сите бугарски медиуми се обидуваа да ја дискредитираат легитимноста на ОМО „Илинден". Оваа организација е прикажувана или како маргинална организација на ментално нестабилни луѓе, или како терористичка организација одговорна за низа криминални активности. Следуваат конкретни примери од написи во водечки бугарски весници: „ОМО ‚Илинден' е организација на лудаци и психопати", бугарскиот обвинител: „ОМО ‚Илинден' се лудаци и предавници", „На ОМО ‚Илинден' ѝ треба психијатар", „Психопати со македонска болест" итн".[409]

Во една изјава на Стојан Денчев, заменик претседател на парламентарната комисија за надворешни работи и член на парламентот на Народното движење на бугарските етнички групи за слободи и права даде изјава: „Тешко е да се востанови дали постојат односи помеѓу Македонците и другите малцинства. Никој во Бугарија не верува во постоењето на Македонската нација и јазик, ова е добро познато на нашите пријатели од големите сили".[410]

Ако според наведениот податок во државниот Извештај дека, Република Бугарија „се обврзуваат да обезбедат итни и ефективни мерки за борба против

---

[407] **Закон за радиото и телевизията,** обн., ДВ, бр. 138 от 24 ноември 1998 г., изм., бр. 60 и 81 от 1999 г., изм. и доп., бр. 79 от 2000 г. , НАРОДНО СЪБРАНИЕ, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ; <http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/zrt.html

[408] Alternative report … prepared by the **Bulgarian Helsinki Committee,** str.12;

[409] *MINORITIES IN SOUTHEAST EUROPE:* ***Macedonians of Bulgaria*** *by Mariana Lenkova,*str. 20-21;

[410] Исто;

предрасудите кои водат кон расна дискриминација, особено во област на културата и информацијата, да го помогаат разбирањето, толеранцијата и пријателството меѓу народите, расните и етничките групи, како и за пропагирање на целите и принципите... за правата на човекот, Декларацијата на ООН за елиминација на сите форми на расна дискриминација... ", тогаш се поставуваат прашањата: Дали државните органи подеднакво ги штитат интересите на сите малцинства, односно македонското малцинсто? и, Дали органите го спроведуваат фамозниот чл.10 од Законот за радио и телевизија, кога цел на дискредитација и омаловажување се Македонци. Велам фамозен, од причина што токму тој член ја забранува говорната реторика во медиумите која поттикнува етничка нетрпеливост и ги навредува чувствата на припадниците на одредена етничка група, во овој случај македонската.

Очигледното намерна нефункционалност на механизмите за заштита, особено на македонското малцинство во Бугарија, ја потврдува државната политика свесно или „несвесно„ да се впушти во кршење на законските и уставните обврски „за заштита на лица изложени на закани или дискриминација, непријателства или насилства поради својот етнички, културен, јазички или верски идентитет".[411]

2. 8. Правото на мирно собирање и здружување на македонското малцинство во Бугарија

Според изготвувачот на државниот Извештај за имплементација на чл. 7 од Рамковната конвенција „принципот на плурализам во современото бугарско општество се огледа во големиот број регистрирани политички партии, граѓански здруженија, вклучувајќи ги тука и невладините организации, културни организации, клубовите итн.... Стотици организации на малцинствата слободно ја спроведуваат својата дејност согласно Уставот на Република Бугарија".[412]

---

[411] Чл. 6, ст. 2 од Рамковната конвенција за заштита на нациоанлни малцинства;
[412] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA ... , str. 58;

Слободата на мирно собирање и слободата на здружување за сите граѓани на Бугарија, се гарантира со Уставот на Бугарија и во некои законски акти. Во Уставот (чл. 43, ст. 1), се вели дека „на граѓаните им се гарантира правото на мирно собирање и без оружје на собирите и манифестациите".[413] Во чл. 44, ст. 2 од Уставот на Бугарија, „се забрануваат организации чија дејност е насочена кон суверенитетот, територијалната целост на државата и единството на нацијата; кон разгорување на расна, национална, етничка или верска омраза; кон загрозување на правата и слободите на граѓаните; како и, организации кои создаваат тајни или паравоени структури или настојуваат поставените цели да ги постигнат преку употреба на насилство".[414]

Законодавството предвидува различни форми на здружување: организации со нестопански цели (асоцијации и фондации), верски здруженија, политички партии, приватни граѓанско-правни здруженија и трговски друштва. Повеќето од овие форми на здружување на граѓаните (со исклучок на политичките партии), се отворени за членство и за странски државјани.[415]

Според Уставот на Бугарија (чл. 11, ст. 4) „не може да се основаат политички партии на етничка, расна или верска основа, како и партии кои си поставуваат цел за насилно преземање на државната власт".[416] Според толкувањето на Уставниот суд во Решение бр. 1 од 29 февруари 2000 год., „за една партија дека е на етничка основа може да се зборува тогаш, кога нејзиниот статут не дозволува во неа да членуваат лица кои припаѓаат на други етноси".[417]

Во Кривичниот кодекс на Република Бугарија (чл. 116) се вели: „оној кој основа политичка организација на верска основа или преку збор, печат , дејство или на друг начина ја користи црквата или религијата за пропаганда против народната власт, се казнува со лишување од слобода во времетрање до три години... ".[418]

Во Законот за политички партии (чл. 12, ст. 2), се уредуваат случаите во кои се укинуваат, односно се забранува работата на политичките партии: „кога со

---

[413] *Конституция,* Приета на 12 юли 1991 г.;
[414] Исто;
[415] Исто;
[416] Исто;
[417] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA ... , str. 57;
[418] **Наказателен кодекс,** ...;

дејноста на партијата се нарушува систематското спроведување на одредбите од овој закон; кога дејностите на партијата противречат на Уставот; кога во сила стапило решание на Уставниот суд во кое дејноста на политичката партија се прогласува за противуставна; и, кога поминало повеќе од 5 години од последната регистрација на политичката партија за учество на изборите (парламентарни, претстадателски или локални) ".[419]

Законот за собири, митинзи и манифестации ја пропишува постапката за организерање и спроведување на мирни собири на граѓаните. За организирање на собири не се бара дозвола или решение од органите на власта. „Претседателот на извршниот комитет на општинскиот народен совет или кметот може да го забрани одржувањето на собирот, митингот или манифестацијата, кога има податоци дека: се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок; општествениот и државниот ред; кон територијалната целост на државата; ги загрозува правата и слободите на другите граѓани..."(чл. 12, ст. 2).[420]

По политичките промени во Бугарија, од крајот на 1989 год., македонското национално малцинство преземаше конкретни активности и барања за подобрување на својот статус и на малцинските права и формираше посебни организации. Хронолошки следеа настаните:

На 14 ноември 1989 год., во Софија беше формирано *Независно здружение-македонска орѓанизација „Илинден"*. Целта на оваа организација беше да им се обезбеди слобода на мислата и вероисповеведта на Македонците во Бугарија,

---

[419] **Закон за политическите партии**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ, Обнародван, ДВ, бр. 29 от 10 април 1990 г., изм., бр. 87 от 1990 г., попр., бр. 89 от 1990 г., изм., бр. 59 от 1996 г., бр. 59 от 1998 г., <http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/zpp.html;

[420] **Законът за събранията, митингите и манифестациите**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ, Обн., ДВ, бр. 59 от 22 юли 1994 г., с много изменения и допълнения, последното от които от ДВ, бр. 84/2000 г., <http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/zsw.html; Со Решение бр. 4 од 21 април 1992 год., по уставното дело бр. 1/91 год., Уставниот суд ги отфрлил барањата на 93-мина народни претставници од составот на Големото народно собрание, кон кои се придружиле и 53 народни претставници од составот на 36-тото Народно сорание за објавување противуставност на Движењето за правата и слободите врз основа на чл. 11, ст. 4 од Уставот на РБ, како и барањето на 53-ца народни претставници од 36-то Народно собрание за утврдување на неизбирањето на народните претставници од истото Народно собрание, избрани на листата на Движењето за правата и слободите на изборите оддржани на 13 октомври 1991 год. Според Уставниот суд „целта не и е да воспостави забрана насочена кон определена категорија на лица со етнички, расен или верски предзнак. Целта е да не се дозволи создавање и функционирање на политички партии кои со својот етнички, расен или верски предзнак се затворени за лица кои не го носат нивниот предзнак и создале програма со цели и задачи врз основа на идеите и интерсите само на „своето" членство... ".

признавање на нивните малцински права (чл. 21 од Статутот), како и спротивставување и давање отпор (со мирни средства) на решенијата донесени од страна на владата кои се спротивни на преструјувањето и демократијата (чл. 20 од Статутот). Со Декларација-платформа која беше објавена подоцна Здружението е преименувано во „Независна македонска организација".[421] Здружението зеде активно учество на митингот за демократските промени во Бугарија на 18 ноември 1989 год. „Илинден" на 11 март 1990 год., организираше мирни демонстрации во Софија со учество на повеќе од стотина Македонци од Софија и од други места од Пиринска Македонија, по што како резултат на тоа до Народното собрание на Бугарија поднесена е *„Петиција од пиринските Македонци"*. Во Петицијата е вели: „Ние Македонците од Пиринска Македонија сме рамноправни граѓани на Бугарија и имаме уставно право на самоопределување на нашата национална припадност. Не сакаме никакво отцепување од границите на Бугарија... Како граѓани на Бугарија сметаме дека правилниот став по македонското прашање, а тоа постои, независно дали некои лидери тоа го сакаат или не, ќе придонесе во голема мерка да се надминат бариерите".[422]

На 14 април 1990 год., во Сандански, делегати на неколку македонски организации формирани врз различни основи се здружија во единствена *Обединета македонска организација (ОМО) „Илинден"*.[423] Меѓу нив беа: Организацијата „Илинден" (ВМРО-независна) од Благоевград, Комитетот за заштита на правата на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија и од Бугарија, Културно-

---

[421] Основањето на „Илинден" е во согласност со прифатената Повелба за правата на човекот од 1948 год., и потпишана од Бугарија во 1970 год. Тоа е во согласност со чл. 19 и 20 од Општата декларација за правата на човекот, усвоена на генералното заседание на ООН (10.12.1948) и со чл. 52 од Уставот на НРБ. *СТАТУТ на Независното здружение „Илинден"* во: Илиевски Трајче, ***Малцинствата и меѓународното право***, Студентски збор, Скопје, 1993, стр. 249-250;

[422] Исто,стр.256;

[423] Според *Уставот (Статут) на ОМО „Илинден":* Организацијата поставува основна цел да ги обедини сите Македонци, граѓани на Бугарија врз општествена и културна основа...нема да се бори за нарушување на територијалната целокупност на Бугарија, ниту пак ќе се служи со насилство, бруталност или незаконитост во остварувањето на своите цели.... Во *Програмата на ОМО „Илинден":* таа ќе се залага за популаризација на македонската историја и култура во Бугарија и надвор од неа, за заштита на македонското историско мионато, култура и традициите низ пропаганда, образование и научна дејност; за организирање на тесна врска со организираните Македонци и установи во странство; самостојна пропаганда и информативна дејност; итн. Извадоци од *Програмските документи на Обединетата македонска организација (ОМО) „Илинден"*,Исто, стр. 259-263;

просветното друштво „Јане Сандански“ од село Микрево, Комитетот на репресираните Македонци од Пиринскиот дел на Македонија и во Бугарија и Независниот македонски демократски сојуз. Според извори на Координативното тело на ОМО „Илинден“ во организацијата членуваат околу 40.000 члена. Секции на ОМО се организирани во цела Пиринска Македонија, а најмногу има во регионите на Благоевград, Симитли, Сандански и Петрич.

На 22 април 1990 год., по повод 75-годишнината од убиството на Јане Сандански, крај неговиот гроб кај Рожденскиот манастир, близу до Мелник, во организација на ОМО „Илинден“ беше одржан масовен собир на Македонците. Присуствуваат околу 10.000 луѓе. Предходно, бугарските органи што го забраниле одржувањето на собирот, презеле повеќе мерки за негово попречување. На собирот беше објавена *Декларација* до сите партии во Бугарија, ООН, Раселовиот суд, Советот на Европа и до Европскиот парламент. Во Декларацијата, меѓу другото се вели: „Ние Македонците од Пиринска Македонија, од ОМО „Илинден“, бараме враќање на еднаш признаените, а подоцна одземените национални права..., чие остварување бараме да се реализира според меѓународните договори, декларации и другите акти за признавање на правата на малцинствата во светот (т. 1.); воведување и изучување на македонскиот јазик и историјата на македонскиот народ во училиштата (т. 2.); емисии на македонски јазик на Радио Благоевград (т. 3.); издавање на македонски весник (т. 4.); Народното собрание на НРБ да им ги признае националните права на Македонците во Бугарија..., (т. 6) “.[424]

На 14 мај 1990 год., до Окружниот суд во Благоевград беше предадено барањето за регистрација на ОМО „Илинден“. Приложени биле Статутот и програмата на ОМО, а во барањето организацијата се повикувала на важечките прописи во Бугарија и Општата декларација за човекови права на ООН, чиј потписник е и Бугарија. Истиот ден Националната служба за заштита на Уставот ја обвинува ОМО „Илинден“, дека нејзините цели се против територијалниот интегритет на Бугарија и единството на нацијата. Според нив, дејноста на ОМО е противуставна, сепаратистичка и антибугарска, со цел да се „основа независна

[424] ***Декларација упатена од Собранието на Рожденскиот манастир одржан на 22 април 1990 година***, Исто, стр. 276;

македонска држава во етничките граници на Пиринска, Егејска и Вардарска Македонија што значи отцепување на Пиринска Македонија од Бугарија".[425]

На 22 мај 1990 год., Комисијата за надворешна политика на Народното собрание на Бугарија со посебна изјава ја осуди „антиуставната и сепаратистичка дејност на ОМО ‚Илинден'". По две седмици, на 6 јуни Окружниот суд во Благоевград го одби барањето на ОМО „Илинден" за судска регистрација на седница зад затворени врати. Членовите и активисти на ОМО прогласиле „штафетен штрајк" со глад, како протест за оваа одлука.

Треба да се спомне дека во тој период паралелно со настаните во организација на Македонците во Бугарија, свои активности презедоа Претседателството на тогашна СРМ (пред независноста од 1991 год.) и Собранието на СФРЈ. Како резултат на тие напори на 22 јуни 1990 год., на Конференцијата за човековата димензија на КЕБС во Копенхаген, југословенската делегација поднесе меморандум за положбата на македонското национално малцинство во соседните земји. Претставниците на Грција и на Бугарија го отфрлиле меморандумот за „непостојното прашање".

Во Бугарија се проширува бројот на организациите и формите на дејствување на Македонците.[426]

ОМО „Илинден" продолжи со својата работа и по одбивањето на регистрацијата. Така на 2 август 1990 год., во с. Оштава, близу Кресна, беше одржан Првиот

---

[425] Исто, стр.284;

[426] Во ноември 1991 год., формирана е *Нова македонска демократска партија* (нејзин основач, писателот Славе Македонски, за неа вели дека ја викаат „Партија на сиромашните"), која се бори за организирање на Македонците во Бугарија и за заштита на нивните човекови права. На 30 септември 1993 год., во Сандански е формиран *Сојуз за просперитет на Пиринскиот дел на Македонија*, кој „ќе се бори за признавање на македонското национално малцинство во Бугарија и за статус на автономна област на Пиринскиот дел на Македонија во рамките на Бугарија". На 5 октомври 1994 год., во с. Мусомиште, Гоцеделчевски регион е одржан конститутивен состанок на *ОМО „Илинден-демократско движење"* кое во овој дел на Пиринска Македонија треба да ги продолжува традициите на ОМО „Илинден". На 25 април 1995 год., формирано е христијанското братство *„Свети Илија"-Благоевград*, како една од организациите на ОМО „Илинден". Во Бугарската лига за заштита на правата на човекот-постои *„македонска секција"* во која се зачленети 30 члена од нелегалната организација ОМО „Илинден" и секцијата на македонистите има свој печат со ѕвездата од Варгина. Меѓу македонските организации се спомнува постоењето на „Пиринска надеж"-партија, (односно здружение), кое е формирано од Борис Дебрелиев-Светиврачки, историчар, кој се обидел да ја регистрира пред софискиот суд. На 10 јуни 1997 год., е формирана организација на македонски друштва во Бугарија ВМРО-СМО *(Сојуз на македонските организации)*, составена од 30 друштва на иселени Македонци.

конгрес на ОМО „Илинден“ на кој учествувале 103 делегати и раководители од месните и градски организации, како и претставници од „Илинден-ВМРО“[427] од Софија. Со акција на органи на бугарската полиција Конгресот е прекинат, материјалите запалени, а организаторите притворени. Набргу после тоа на 14 ноември 1990 год., Врховниот суд на Бугарија ја отфрли жалбата на ОМО „Илинден“ во врска со регистрацијата и ја потврди одлуката на судот во Благоевград. На средбата меѓу секретарот на Координативното тело на ОМО „Илинден“, Јордан Барбатов и претседателот на Собранито на РМ, Стојан Андов на 3 април 1991 год., беше побарано, „Собранието да ја запознае светската јавност за проблемите на оваа организација, која не може да се регистрира пред бугарските органи“.

По кој знае кој пат од 1990 год., на Македонците во Бугарија им беше спречено правото на мирно собирање. На 19 април 1991 год., при вториот обид за одбележување на годишнината од смртта на Јане Сандански, бугарските власти употребиле полицисли сили да ги спречат Македонците да го одржат закажаниот собир на Рожденскиот манастир.

Во втората половина на 1991 год., активностите на ОМО „Илинден“ добиваат во интензитет и на меѓународен план. За време на Конференцијата на КЕБС за човековата димензија која се одржа во Москва од 19-29 септември 1991 год., во паралелните активност учествуваа и претставници на ОМО „Илинден“.

На 4 мај 1993 год., полицијата повторно ја попречила ОМО „Илинден“ да ја одбележи 90-годишнината од смртта на Гоце Делчев, а на 1 август истата година стотина полицајци го контролирале теренот околу Самоиловата Крепост, за да го спречат најавеното одржување на собирот во организација на ОМО „Илинден“ за

---

[427] На 15 мај 1990 год., на претстедателот на „Илинден (ВМРО)“ од Софија-Георги Солунски му бил врачен писмен предлог од Софиското градско обвинителство во рок од еден месец да ја прекине својата дејност или да се регистрира како политичка организација врз основа на Законот за политички партии. Подоцна, на 23 септември 1992 год., во Софија е регистрирана македонската организација на Георги Солунски под име „Традиционална организација-ВМРО, независна, Илинден“. Организацијата била регистрирана како „културна организација“ и нејзините членови ќе може да ја популаризираат македонската традиција, култура, бит и обичаи. Меѓутоа, во април 1993 год., Врховниот суд ја суспендирал регистрацијата, а на 20 јуни 1993 год., во еден инцидент во центарот на Софија, бил уапсен Георги Солунски, лидерот на ТМО ВМРО Илинден, бидејќи стрелал во шефот на Радикалната бугарска националдемократска партија и лесно го ранил. Обвинението против него е повлечено, но Солунски бил задржан во истражен притвор од јануари 1994 год, а случајот и понатаму е отворен.

одбележување на Илинден. Собирот не се одржа. На 31 јули 1994 год., ОМО „Илинден" сакал да организира собер по повод 91-годишнината од Илинденското востание, 50-годишнината на Република Македонија и 980 години од ослепувањето на војниците на македонскиот цар Самуил, во месноста Самуилова Крепост кај Петрич. Кметовите на Благоевград, Петрич и Сандански благовремено се известени за овој собер, но манифестацијата не е одобрена како и минатата година, „бидејќи ја организира нелегална организација".

Во пресрет на парламентарните избори во Бугарија на 18 декември 1994 год., ОМО „Илинден" ги повика Македонците од Пиринска Македонија да ги бојкотираат изборите и бара „да не гласаат за бугарските окупатори за да не се создаде лагитимна бугарска власт во Пиринска Македонија". За таа цел била формирана коалиција „Македонци и демократија", меѓутоа таа немала реални можности за политичко претставување на изборите.

На 17 март 1995 год., Координацискиот совет на ОМО „Илинден" ја обвинува Бугарија пред Европскиот суд на правдата за кршење на човековите права на македонското национално малцинство, а неколку дена подоцна, на април 1995 год., лидерот на ОМО „Илинден", Јордан Костадинов, на прес-конференција во агенцијата „Балкан" во Софија одново ја обвини бугарска држава за политика на геноцид врз Македонците.

Во еден период, во средината на 1996 год., се појавиле извесни разидувања внатре во ОМО, и тоа во неколку насоки: појава на нови организации („ќерки") и промени во раководството на постојната организација.[428]

---

[428] Наводно, на остварена средба во Петрич на претставниците на трите формации: ОМО „Илинден" (лидер Ј. Костадинов), ОМО „Илинден-демократско движење" (лидер Иван Сингартијски) и ОМО „Илинден-96" (лидер Кирил Иванов), бил постигнат консензус за подготвување заедничка програма и статут на организацијата во насока на надминување на разликите. На 28 февруари 1998 год., во градот Гоце Делчев се одржа Обединувачки конгрес на фракциите и групите на ОМО „Илинден". Меѓу другото се кажа: „Признавајќи дека поделени на фракции Македонците тешко ќе ги постигнат своите цели раководствата на ОМО „Илинден-демократско движење" (со претседател Ангел Безев) и ОМО „Илинден" (со претседател Кирил Иванов) и на сите помали групи на ОМО „Илинден" (со исклучок на групата на ОМО „Илинден" чиј претседател е Јордан Костадинов, за кого се вели дека е главен виновник за поделбите во организацијата), решија натаму да дејствуваат заеднички. За нов претседател на ОМО „Илинден" е избран Иван Сингартијски. Цитирано според *„Нова Македонија„* од 2 март 1998 год.

На 29 јули 1998 год., Европската комисија за човекови права ја разгледа и прифати тужбата на ОМО „Илинден“ против Република Бугарија, за која предходно во бугарскиот печат се тврдеше дека „тужбата ќе биде отфрлена, бидејќи Конвенцијата (Рамковната) не ги штити колективните права на малцинствата, туку индивидуалните“.

Во тој период за одбележување е регистрацијата на Традиционалната македонска организација „ВМРО-независна“ на лидерот Ѓорги Солунски, на 14 август 1997 год., што претставува *прва регистрација на македонска организација во Бугарија“.*

На 13 ноември 1997 год., а подоцна на 2 ноември 1998 год., судот во Благоевград повторно ги одби барањата за регистрација на ОМО „Илинден“, бидејќи нејзините активност биле насочени „против суверенитетот, територијалниот интегритет и против единството на бугарската нација“.[429]

Во едно интервју за „Нова Македонија“ од 1 јуни 1998 год., претседателот на ОМО „Илинден“ изјавил: „Основна цел на ОМО е да биде легална и демократска организација... ќе ги почитуваме бугарските закони како лојални граѓани на Република Бугарија“, „сакаме во Бугарија да се спроведува она за што се залагаат меѓународните организации..., сакаме да се почитуваат нашите права како Македонци и да бидеме признаени како македонско малцинство во рамките на Бугарија“. „Статутот на ОМО е целосно усогласен со Уставот на Бугарија, прегледан е речиси од сите позначајни бугарски и меѓународни невладини институции. Нашата цел е културна, спортска и друга активност, а не политички целиЕвропските парламентарци Дејвид Аткинсон и Хенинг Гелерод во својот работен престој во Бугарија изразиле интерес за положбата на македонското национално малцинство во оваа земја. *На 21 септември 1998 год., Советот на Европа ја обвини Република Бугарија за кршење на правата на Македонците во оваа земја.* Парламентарното собрание на Советот на Европа расправаше по извештаите за почитување на обврските на Бугарија спрема Советот на Европа. Во Извештајот подготвен токму од двајцата парламентарци се вели дека Бугарија

[429] *Decision No.319* from 2/11/1998 of the Blagoevgrad District Court denying registration as an NGO to the OMO-Ilinden Association, led by Mr. Yordan Kostadinov;

ги крши основните права на Македонците, а идентитетот на бугарските Македонци дури не се ни признава.

На 12 февруари 1999 год., Градскиот суд на Софија ја регистрира ОМО „Илинден-партија за економски развиток и интеграција на населението" како политичка партија со седиште во Благоевград.[430] Речиси точно една година подоцна на 29 февруари 2000 год., Уставниот суд на Бугарија ја суспендира оваа одлука на Градскиот суд на Софија за регистрација на ОМО „Илинден-ПИРИН".

Европскиот суд за човекови права во Стразбур по жалбите на активистите на ОМО „Илинден-ПИРИН", пресуди во корист на активистите на организацијата по основа на прекршување на правото на мирно собирање и одреди парична казна за Република Бугарија за нанесната штета. Европскиот суд исто така укажа на потребата Република Бугарија да ја преиспита исправноста на одлуката за нерегистрација на македонската организација и да направат дополнителни напори за надминување на овој проблем.[431]

Бугарските власти сé уште не го признаваат македонското национално малцинство, мошне рестриктивно се однесуваат кон секоја иницијатива за мирно собирање и слободно изразување на македонскиот идентитет. ОМО „Илинден-ПИРИН" сé уште не може да се регистрира пред надлежните судови и да ја „легализира" својата дејност, а бугарските власти и покрај укажувањата од меѓународните организации, одбива да го разгледува прашањето за Македонците во Бугарија, однесувајќи се кон него како „затворено и непостоечко".

---

[430] *Decision No.12802/98* of the Sofia City Court on the registration of OMO-Ilinden-PIRIN as a political party, led by Mr. Ivan Iliev Sungartiiski; објавена во *State Gazette* No.16/1999.

[431] Поопширно за пресудите на Европскиот суд за човекови права во Стразбур види во: **CASE OF THE UNITED MACEDONIAN ORGANISATION ILINDEN AN OTHERS v. BULGARIA,** *no. 59491/00,* JUDGMENT, STRASBOURG, 19 January 2006; **CASE OF THE UNITED MACEDONIAN ORGANISATION ILINDEN – PIRIN AND OTHERS v. BULGARIA,** *no. 59489/00,* JUDGMENT, STRASBOURG, 20 October 2005; **CASE OF IVANOV AND OTHERS v. BULGARIA,** *no. 46336/99,* JUDGMENT, STRASBOURG, November 2005; **CASE OF STANKOV AND THE UNITED MACEDONIAN ORGANISATION ILINDEN v. BULGARIA,** *nos. 29221/95 and 29225/95,* JUDGMENT, STRASBOURG, 2 October 2001; **CASE OF THE UNITED MACEDONIAN ORGANISATION ILINDEN AND IVANOV v. BULGARIA,** *no. 44079/98,* JUDGMENT, STRASBOURG, 20 October 2005; <http://www.dhcour.coe.fr/hudoc/

2. 9. Правото на слободно изразување на вероисповедта

Според изготвувачите на државниот Извештај за имплементација на чл. 8 од Рамковната конвенција, во Република Бугарија постојат голем број верски заедници од различен тип и големина. „Источноправославната вероисповест е традиционална религија на Бугарите. Бугарската православна црква низ векови била заштитник на бугарскиот идентитет. Во текот на 1870 год., со ферман на султанот на Османлиската империја таа е институционално востановена под името Бугарска егзархија. По ослободувањето на Бугарија во текот на 1878 год., таа зема учество во изградбата на бугарската државност и во утврдувањето на бугарската „национална идеја" меѓу Бугарите во странство".[432]

Слободата на вероисповест се уредува во Уставот на Република Бугарија. Во Уставот (чл. 13, ст. 1), се вели дека, „вероисповестите се слободни". Во ст. 3, се вели дека, „традиционална религија во Република Бугарија е источноправославната религија".[433]

Во Уставот (чл. 37, ст. 1) се вели дека, „слободата на совеста, слободата на мислата и изборот на вероисповеста и религиозните или атеистичките погледи се загарантирани. Државата придонесува за развој на толеранцијата и почитувањето меѓу верниците од различни религии, како и меѓу верниците и неверниците (атеистите) ".[434]

Во законодавството на Република Бугарија не е определено кои религии се признаваат. Министерскиот совет до 01.10.2001 год., регистрирал вкупно 28 верски заедници во Бугарија.

Во Решението бр. 5 од 11 јуни 1992 год., Уставниот суд дава толкување на одредбите од чл. 13 и чл. 37 од Уставот на Бугарија. Судот утврдил дека „правото

---

[432] По Бугарската православна црква во Бугарија постои и Ерменска апостолска православна црква. Муслиманската вероисповест во Бугарија се практикува од Турци, Бугари, Роми и Татари. Израелската религија е тредиционална религија на бугарските Евреи. Католицизмот во Бугарија постои од многу одамна, додека Протестантите (евангелисти) во Бугарија се јавуваат во два вида-традиционални протестанти и нови протестанти (евангелски)- религиозно движења кое се јавува во периодот на демократските промени во Бугарија. REPORT SUBMITTED BY BULGARIA … , str. 59;

[433] *Конституция*, Приета на 12 юли 1991 г.;

[434] Исто;

на вероисповест е апсолутно лично, загарантирано и основно право на секој бугарски граѓанин; тоа го вклучува правото на слободен избор на вероисповест и можноста за слободно практицирање преку писмо, печат и здружување; тоа право не може да биде ограничено на никаков начин, освен во случаите на горе-споменатите членови од Уставот; верските здруженија и институции се одделени од државата; не е дозволено државно мешање и државно администрирање на внатрешно организираниот живот во нив".[435]

Во текот на декември 2002 год., Народното собрание на Бугарија донесе нов Закон за вероисповестите. Законот поставува нова основа за уредување на односите меѓу државата и верските заедници. Регистрацијата на религиозните институции го врши судскиот систем. Се гарантираат религиозните права и слободи и се предвидуваат механизми за заштита од дискриминација на верска основа.[436]

Во учебната 1997-1998 год., по 50-годишен прекин во училиштата повторно се воведува изучување на *Религија* како факултативен предмет. Учителите кои изведуваат настава се теолози кои завршиле на Софискиот или Велико-трновскиот универзитет (за христијани) или на Вишиот исламски институт (за муслимани). Од учебната 2001/2002 год., наставата по *Религија* е организирана во две форми: задолжително и слободно, односно факултативно.[437]

Наставата по предметот Религија-Ислам се изведува на бугарски јазик, врз основа на Законот за народна просвета (чл. 8, ст. 1), според кој „во детските градинки, училиштата и универзитетите официјален јазик е бугарскиот".[438]

Религијата несомнено игра значајна, а често и клучна улога, како во формирањето на специфичните социодемографски групи, така и во нивната мобилизација среде општествено-политичките конфликти и соработка. Комплексноста и амбивалентноста меѓу етницитетот и религијата го невеле бугарскиот социолог Г. Фотев да заклучи дека, „кога ќе идентификуваме определен етницитет, или различни етницитети, ние треба да го ставиме на страна проблемот на религијата

---

[435] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA ... , str. 61;
[436] **Закон за вероизповеданията**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ, ДВ, бр. 120 от 29.12.2002 г..
[437] лок. цит;
[438] Закон за народната просвета, ...;

и на вероисповедта. (Има) бројни случаи кога во рамките на еден етницитет наидуваме на вкоренети различни религии, кои имаат различни последици врз историскиот живот на етницитетот. Но, дури и ако овие последици имаат карактеристика на акутно изразен внатрешен антагонизам, етницитетот како таков е сочуван".[439] Меѓутоа, сигурно е дека кога вероисповеста и етницитетот коиндицираат, врските на групата се посилни и претставуваат вовед во заедничка акција.

Ако се суди по бројот на судски постапки пред Европскиот суд за човекови права за кршење на основните права на малцинствата, тогаш неможе со сигурност да се каже дека слободното изразување на верска припадност во Бугарија е посебно загарантирана. Анализирајќи ги извештаите на меѓународните организации кои се занимаваат со мониторинг над процесот на спроведување, остварување и унапредување на правата на малцинствата, се добива впечаток дека кршењето на правото на вероисповест не е основно, примарно непочитување, туку секогаш се јавува како фактор плус, кој придонесува за дополнително непочитување на правата на одредени припадници на религиските малцинства во Бугарија.

Што се однесува до македонското национално малцинство во Бугарија и остварувањето на неговото право на вероисповест ќе дадам неколку податоци.

Црковните влијанија низ историјата на просторот на Македонија каде што одреден период доминирале Бугарската егзархија и Грчката патријаршија, а подоцна Српската православна црква, не може а де не предизвикале последици во однос на статусот на денешната Македонска православна црква. Непризнавањето на МПЦ од страна на СПЦ, повлекува последици и по нејзиното признавање од страна на Грчката и Бугарската православна црква.

Најголемиот дел од Македонците во Бугарија се православни христијани и не постои разлика помеѓу Македонците и Бугарите во однос на нивната вероисповест. Не постојат македонски цркви во Бугарија, ниту пак видлива религиозна пракса меѓу Пиринските Македонци. Македонците во Бугарија посетуваат

[439] G. Fotev, *The Other Ethnicity*, Sofia: Bulgarian Academy of Sciences, M. Drinov Publishing House, 1994, стр. 23;

црковна богослужба во црквите на Бугарската православна црква. Во самиот почеток на своето дејствување ОМО „Илинден“ во својот статут напоменуваше дека БПЦ е непријател на Пиринските Македонци и бараше основање на Македонска православна црква. Но, тоа не беше никогаш прифатено.

Во периодот кој беше карактеристичен по расколот во Бугарската православна црква со постоење на два Синоди (1989-1994) , водени од големобугарските идеи меѓу црковните лица на 23 јули 1994 год., од светиот Синод на БПЦ, митрополитот Натанаил беше одреден за „одговорен митрополит за Македонија“, а неговата задача беше „да се грижи за бугарските верници во Македонија и во Албанија“.

Решавањето на црковниот спор помеѓу СПЦ и МПЦ во голема мерка ќе ја искристализира сликата за местото и улогата на МПЦ во балкански културен и религиски простор. Бугарскиот став за непризнавање на македонската нација и јазик, претставува една од детерминантите која оди во прилог на непризнавање на МПЦ од страна на БПЦ. А ако знаеме дека религијата е една од компонентите на етничкиот идентитет, тогаш е многу јасно зошто бугарскиот Синод тактизира со својата одлука за признавање на афтокефалноста на МПЦ.

2. 10. Медиумската политика кон Македонците во Република Бугарија

Според изготвувачите на државниот Извештај за имплементација на чл. 9 од Рамковната конвенција, „во Република Бугарија секое лица, вклучително и лицата припадници на малцинствата, имаат право на слободно изразување на мислата, на примање и ширење на информации и идеи на свој мајчин јазик“.[440]

Правото на слободно изразување е загарантирано со Уставот на Бугарија. Во Уставот (чл.39, ст.1) се вели дека, „секој има право да го изразува своето мислење и да го пренесува по пат на збор-писмено или усно, преку звук, соопштение или на друг начин“. Во ст. 2 од истиот член се вели дека, „тоа право не може да се користи за загрозување на правата и добрата на другите и за повикување на на-

[440] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA ... , str. 65;

силна промена на уставното уредување, за разгорување на омраза, извршување на кривични дела или насилство врз личноста".[441]

Во Уставот (чл. 40, ст. 1) се утврдува дека, „печатот и другите средства за масовна комуникација се слободни и не подлежат на цензура". Во ст. 2 од истиот член се вели дека, „запирање и конфискација на печатено издание или на друг носач на информација е дозволено само врз основа на судски акт, кога се нарушуваат правата или се содржани повици за насилна промена на уставното уредување, за извршување на кривични дела или насилство над личноста".[442]

Согласно Уставот на Бугарија (чл. 41, ст. 1), „секој има право да бара, прима и шири информации. Оставрувањето на ова право не смее да биде насочено кон загрозување на правата и добрата на другите граѓани, како и кон националната безбедност, општествениот ред, народното здравје и моралот".[443]

Во Решението бр. 2 на Уставниот суд од 14 ноември 1996 год., се вели дека, „не е утврдено уставно ограничување за јазикот на кој граѓаните можат да го оставруваат ова право (чл. 39, ст. 1 од Уставот) ". Тоа е можност „граѓаните на кои бугарскиот јазик не им е мајчин да го користат својот мајчин јазик (чл. 36, ст. 2 од Уставот)".[444]

Во Законот за радио и телевизија е утврдено правото на ширење информации на мајчин јазик на етничките групи во Бугарија. Во него (чл. 6, ст. 3) се вели дека, „државните радио и телевизиски оператори..., преку програмата обезбедуваат заштита на националните интереси, на општочовечките културни вредности, на националната култура, на образованието и културата на сите бугарски граѓани, без оглед на нивната етничка припадност". „Бугарското национално радио (БНР) и Бугарската национална телевизија (БНТ) се национален радио оператор, односно национален телевизиски оператор,... кои придонесуваат за развивање и популизирање на бугарската култура и бугарскиот јазик, како и на културите и јазиците на граѓаните припадници на етничките групи".[445] Во Законот (чл. 12, ст. 2)

---

[441] *Конституция*, Приета на 12 юли 1991 г.;
[442] Исто;
[443] Исто;
[444] лок. цит, стр. 66;
[445] *Закон за радиото и телевизията, ...;*

се вели дека, „ одделни емисии и програми на радио и телевизиските оператори можат да бидат и на друг јазик..., наменети за граѓани на кои бугарскиот не им е мајчин...“. Во чл. 49, ст. 1 се вели дека, „бугарското национално радио и Бугарската национална телевизија создаваат национални и регионални програми; емисии за странство, наменети за Бугарите зад границите; емисии наменети за бугарските граѓани на кои бугарскиот јазик не им е мајчин, вклучувајќи и на нивниот“.[446]

Согласно принципот на слобода на печатот и ширење информации, гарантирани со Уставот, „ниту една државна институција не може да врши контрола над обемот на информацијата, тематската и жанровската структура на печатените медиуми“.[447]

Бидејќи Бугарија не го признава постоењето на македонското национално малцинство, сосема е разбирливо дека нема да постојат ТВ и радио програми на македонски јазик на Бугарската национална телевизија и на Бугарското национално радио, како и печатени весници на македонски јазик наменети за припадниците на македонското малцинство.

Бугарскиот закон за радио и телевизија не прецизира (како што е тоа случај со Законот за полтитички партии), дека македонскиот приватен печат, радијата и ТВ-станиците не можат да постојата на територијата на Бугарија. Оваа законска непрецизност, ја искористија група Македонци од пиринскиот дел на Македонија, Бугарија и почнаа да го печатат малотиражнот *Македонски весник за теорија, историја, култура и уметност „Народна волја“*.[448] Од април 1992 год., весникот

---

[446] Исто;

[447] *Конституција,* Приета на 12 јули 1991 г.; Во овој дел од државниот Извештај се наброени периодични весници кои излегуваат на некој од јазиците на етничките групи во Бугарија. Ерменски периодични весници: *Ереван, Вахан и Ерменец*; Еврејски периодични весници: *Еврејски вести, Шалом и Барберан*; Ромски периодични весници: *Романо објективо, Житан, Андрал, Џипси рај и Акана*; Турски периодични весници: *Филиз, Балон, Извор, Делиорман и Сабах*; Влашки периодичен печат: *Тимпул*; Руски: *Белаја волна*, и други печатени изданија: *Етнорепортер и Народна волја*, со додавка *Пирин пламен*. REPORT SUBMITTED BY BULGARIA … , str. 68-69;

[448] Весникот за прв пат почнал да излегува на 1 октомври 1980 год., во Сиднеј, Австралија, Основачи биле: Александар Христов, Крсто Енчев, Ангело Вретовски, Георги Чочков, Митре Мојсовски и други. На првата средба основачите донесуваат решение, поради големета потреба од македонски весник, изданието да се намени за Македонците кои живеат во Пиринскиот дел на Македонија. Во текот на цела 1980-та година весникот излегувало во Сиднеј, а од 1981 год., почнува да се печати во Лондон. <http://www.makedonoka.org/NarodnaVolja/

започнува да излегува како месечник во Благоевград и истиот е запишан во бугарскиот каталог на весници и списанија. Весникот излегува на македонски и на бугарски јазик во тираж од 2.500 примероци. Од месец мај 1996 год., весникот излегува на 8 страници, а заедно со него оди додаток на 4 страници, исклучиво на македонски јазик под наслов „Пиринski пламен".

Весникот „Скорнување" на ОМО „Илинден", кој за првпат излегол по повод 82 години од Балканските војни, престанал да се печати поради недостиг на финансии и поради тоа што бугарските власти ги конфискувале сите издедени примероци и со тоа ја спречиле дистрибуијата на весникот (врз основа на чл. 40, ст. 2 од Уставот на Бугарија).

Во почетокот на дејствувањето на ОМО „Илинден" излегуваше од Печат веснокот „Македонец" кој подоцна престана да се печати од истите предходно наведени причини.

Бугарскиот Хелсиншки комитет спроведел бројни истражувања за: употребата на мајчиниот јазик на малцинствата во пишаните и електорнските медиуми; медиумите и нивната улога во промовирањето на толеранција и културен дијалог; ширење на предрасуди и стереотипи преку медиумите; дискриминацијата во медиумите итн. Во тие истражувања бугарскиот Хелсиншки комитет дошол до неколку заклучоци кои се однесуваат на македонското национално малцинство:

1. „...Во бугарските медиуми многу малку се посветува внимание на промоцијата на толеранцијата и меѓукултурниот дијалог, како и на поттикнување то на заедничкото разбирање и соработка помеѓу луѓето кои живеат во Бугарија... Некои од медиумите, најчесто служат како извори на предрасуди и средства за негирање и дисквалификација на одредени малцински групи. Од сите малцинства во Бугарија, Ромите, Македонците и Муслиманите (Турци и Помаци) се најнезастапени во содржините на медиумите и се прикажани на најнегативен начин во медиумските содржини".[449]

2. „...Уште еден недостаток на бугарскиот печат е фактот што и покрај малиот простор во весниците во кој се третираат малцински прашања..., најмногу

[449] *Ethnic Minorities in the Press (Етническите Малцинства в Печата),* Bulgarian Helsinki Committee, Sofia: 2002, стр. 8-9;

се застапени турското и ромското малцинство, додека Македонците..., воопшто не се спомнуваат и најчесто се наречени „невидливи заедници“.[450]

3. „Во медиумите постои еден дефект кој е во тренд, а тоа е известувањето за врз основа на сензационализам заснован на недокажани и официјално непотврдени случувања во кои како учесници се јавуваат припадници на малцинства: Македонци, Роми,... и воопшто не се води грижа за чувствата и угледот на учесниците“.[451]

4. „И пишаните и електонските медиуми имаа непријателски став кон секакво изразување на македонски етнички идентитет. Македонците и сé што се поврзано со нив..., најчест се негативно претставени во медиумите“.[452]

Критикувајќи ја примената на одредбите од чл. 39 ст. 2 од Уставот на Република Бугарија, Македонското движење за човекови права од Канада, упатило остри критики и протести кон две национални телевизии во Бугарија: Бугарската национална телевизија (БНТ) и Бугарска телевизија (БТВ), во врска со темата и ставовите изнесени во отворена емисија насловена како „Дали Македонскиот јазик и нација навистина постојат II“. Јавното медиумско негирање на постоењето на македонската нација и јазик од страна на политички претставници, според нив претставува грубо кршење, како на основните уставно загарантирани човекови права, така и на споменатиот член од Уставот, за кој во Кривичкиот кодекс на Бугарија е предвидена казна, која се разбира никогаш нема да биде извршена.[453]

2. 11.Македонското национално малцинство и нивното право на употреба на мајчин јазик

Согласно обврската од Рамковната конвенција, во бугарската правна терминологија терминот „јазик на малцинството“ е заменет со „мајчин јазик“, а тој се

---

[450] *Ethnic Press in Bulgaria (Етническа Преса в България)*, Bulgarian Helsinki Committee, Sofia: 2000, стр. 10-11;
[451] Исто, стр. 14;
[452] Centre for Social Practices, *Their Voices* (Техните Гласове), Sofia: 2002.
[453] Пошироко за случајот во: *Defamation of Macedonians on Bulgarian Television*, **The Macedonian Minority in Bulgaria,** Report by the Macedonian Human Rights Movement of Canada (MHRMC), <http://www.mhrmc.ca/

дефинира како „јазикот на кој детето комуницира во семејството до поаѓање во училиште“, согласно Правилникот за спроведување на Законот за народна просвета.[454] Уставниот суд дополнува дека „терминот „мајчин јазик“ се однесува за сите граѓани на кои бугарскиот јазик не е мајчин“, така што според него, „не е неопходно определувањето на терминот ‚малцинство’, за да се користи мајчиниот јазик“.[455]

Согласно Уставот на Бугарија (чл. 36, ст. 2), „граѓаните на кои бугарскиот не е мајчин јазик, имаа право покрај задолжителното изучување на бугарскиот јазик да го изучуваат и користат својот јазик“.[456]Според Уставот (чл. 3), „официјален јазик во Република Бугарија е бугарскиот“, а со чл. 36 се уредува обемот на користење на официјалниот бугарски јазик.

Во Граѓанско-процесниот кодекс (чл. 5) се вели: „Службен јазик е бугарскиот. Кога во делото учествуваат лица кои не го знаат бугарскиот јазик, судот назначува преведувач со помош на кој тие лица комуницираат и му се обраќаат на судот“.[457]Кога некој од лицата учесници не го знае бугарскиот јазик, а јазикот со кој се служи е непознат на нотарот, последниот назначува преведувач.

Во Кривично-процесниот кодекс (чл. 11, ст. 1) се вели дека, „кривичната постапка се води само на бугарски јазик“.[458]Лицата кои не го владеат бугарскиот јазик можат да го користат мајчиниот или друг јазик. Во тој случај се назначува преведувач.

Македонскиот јазик е едно од најконтроверзните прашања во рамките на односите меѓу Бугарија и Македонија, што се рефлектира во односот на Бугарија кон македонското национално малцинство на територијата на Бугарија. „Вечната“ борба за докажување на небугарскиот карактер на македонскиот јазик продолжува и денес кога, човештвото чекори по патеките на јазичната глобализација. Едно од општоприфатените бугарски тврдења е дека „македонскиот јазик е за-

---

[454] Правилник за прилагане на Закона за народната просвета,...;
[455] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA ... , str. 70;
[456] *Конституция*, Приета на 12 юли 1991 г.;
[457] **Граждански процесуален кодекс**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ, Обн., Изв., бр. 12 от 8 февруари 1952 г, с много изменения и допълнения, последното от които от ДВ, бр. 92/2000 г. <http://www.bild.net/temida/va/aozv/kdks/gpk.html
[458] **Наказателно-процесуален кодекс,...;**

падно-бугарски дијалект кој на вештачки начин од страна на југословенските комунисти е претворен во јазик“ и дека, „како посебен, литературен јазик непостои“.

Интелектуални кругови дебатираат. Според некои од нив „македонскиот јазик спаѓа во словенската група на јазици, во источната јужнословенска подгрупа и е поврзан со бугарскиот јазик“. Други автори на македонскиот јазик гледаат како на „врска меѓу источната подгрупа (бугарскиот јазик) од јужнословенската група јазици и западната подгрупа (српско-хрватскиот јазик) подгрупа на јужнословенската група јазици“.[459]

Фактот дека, „македонскиот јазик ги има скоро сите, исти дистинктивни карактеристики што го издвојуваат бугарскиот јазик од останатите словенски јазици..., оние што го кодификуваа македонскиот литературен јазик беа внимателни. Поради нивната желба да го направат нивниот јазик колку што е можно поразличен од бугарскиот, тие ги одбраа западните македонски дијалекти за основа на литературниот македонски јазик. Овој дијалект..., најмногу се разликуваше од бугарскиот литературен јазик (базиран на североисточните бугарски дијалекти)“.[460] Настрана од тоа, се воведени фонетски правописни карактеристики на српскиот јазик.[461] Некои необјективни про-бугарски тврдења одат и подалеку од тоа, велејќи дека: „македонскиот јазик е бугарски јазик пишуван на српска машина за пишување“.[462]

Според податоците од пописот на населението во Бугарија во 1992 год., 3.000 од вкупно 10.803 Македонци, се изјасниле дека мајчин јазик им е македонскиот.[463]

Красимир Канев, претседател на бугарскиот Хелсиншки комитет вели дека „Македонците во Пиринска Македонија зборуваат многу бугарско-македонски дијалекти: малешевски дијалект, серско-неврокопски дијалект и штипски дијалект. Нивниот дијалект е многу близок со официјалниот бугарски јазик, па затоа

---

[459] *The New Encyclopaedia Britannica. Macropaedia. Knowledge in Depth,* Chicago: Encyclopaedia Britannica, Inc., 1990;
[460] Bulgarian Academy of Sciences, *Edinstvoto na bulgarskiya ezik v minaloto i dnes (The Unity of Bulgarian Language in the Past and Today)*, Sofia: Bulgarian Academy of Sciences, BA, 1978;
[461] Danforth, Loring M., Claims to Macedonian identity: the Macedonian question and the breakup of Yugoslavia, *Anthropology Today,* Vol.9, No.4, 1993, стр. 35;
[462] Kochev, Ivan, Otto Krosteiner, Ivan Alexandrov (1994). *The Fathering of What Is Known As the Macedonian Literary Language,* Sofia: Macedonian Scientific Institute, стр. 26-45;
[463] Demographic Structure of Population/Structure of the Population in Bulgaria by Ethnicity, Mother Tongue and Religion According to the Census from December, 1992, National Institute of Statistics, Sofia, 1994;

нама никаква објективна практична потреба за воведување на литературниот македонски во селата и градовите во Пиринска Македонија".[464]

Во секојдневниот живот, луѓето во регионот на Пиринска Македонија во Бугарија ги користат дијалектите и македонскиот јазик при меѓусебната комуникација, додека кога контактираат со официјалната администрација го користат бугарскиот литературен јазик.

На 22.06.1971 год., ЦК на БКП, донесе Одлука бр. 333 за потпишување на договор меѓу Бугарија и СФРЈ. Оваа одлука дозволуваше потпишување на билатерали договори на официјалните јазици на југословенските републики, вклучувајќи ја и Македонија. На тој начин „јазичниот проблем" се држеше *status quo*, нешто што подоцна се распадна на парчиња.[465]

Всушност немаше „јазичен проблем" сé до 1994 год. Во периодот меѓи 1992 и 1994 год., беа потпишани барем два билетерални договори меѓу Бугарија и Македонија. Настан што го разгори проблемот беше посетата на Македонија од страна на тогашниот бугарски министер за образование, Марко Тодоров. За време на таа посета, македонската страна побара министерот да го признае постоењето на македонскиот јазик, што за секој бугарски политичар би било „самоубиство". Видно вознемирен бугарскиот министер ја прекина официјалната посета и се врати во Бугарија.[466] Одбивањето на Бугарија да го признае македонскиот јазик покрена многу прашања. До пред неколку години имаше повеќе од 20 билатерални договори меѓу двете држави кои чекаа решавање на „јазичното прашање" за да можат да бидат потпишани и да почнат да се имплементираат.[467]

„Со признавањето на македонскиот јазик, Софија ќе мора да се соочи со фактот дека во Македонија има луѓе што зборуваат на македонски јазик. Тоа

---

[464] Kanev, Krassimir, *Konventsiyata za maltsinstvata i zdraviyat smisul,* (The Minorities Convention and Common Sense), *Ethno Reporter*, No.1, 1998, Sofia: International Initiative for Minority Rights;
[465] Fileva, Liliya, *Sofia i Skopie - v tursene na obshta diplomaticheska gramatika,* (Sofia and Skopje - In Search of Common Diplomatic Grammar), *Kapital (Capital),* Sofia, November 10-16, 1997.
[466] Krasimir Kanev, *Bulgarian Helsinki Committee* ...;
[467] На 25 април 1994 год., Претседателот на Република Македонија Киро Глигоров во официјалната посета на Република Бугарија одржа говор пред бугарскиот парламент, изразувајќи подготвеност за најширок развој на односите и соработката. Поради „јазичниот проблем„ не дојде до потпишување на парафираните договори. Во: Киро Глигоров, ***Виорни времиња, Рейублика Македонија-реалносш на Балканош***, Култура, Скопје, 2004, стр. 284;;

потоа би довело до покренување на прашањето за македонското малцинство во Бугарија".[468]

На изненадување, бугарските власти конечно го призна македонскиот литературен јазик. Ова се случи на 22 февруари 1999 год., кога тогашниот македонски премиер Љ. Георгиевски и неговиот бугарски колега И. Костов потпишаа заедничка *Декларација за пријателство и соработка меѓу Република Бугарија и Република Македонија.* Во Декларацијата експлицитно се потврдува дека двете страни ги признаваат уставните јазици на двете држави.[469]

2. 12. Личните имиња на Македонците во Бугарија

Според изготвувачот на државниот Извештај за имплементација на одредбите од чл. 11 на Рамковната конвенција, „лицата кои припаѓаат на малцинствата, слободно можат да ги користат личното и семејното име како и нивните традиционални имиња. Тие имиња се официјално и законски признаени".[470]

На 5 март 1990 год., Народното собрание донело Закон за имињата на бугарските граѓани. Законот давал можност преку судска постапка ослободена од судски такси, да се разгледаат молбите за утврдување на насилната промена на имињата. На 15 ноември истата година, Големото народно собрание донело Закон за измена на Законот за имињата на бугарските граѓани кој овозможувал административна постапка за промена на име кои можат да биде и без задолжителните карактеристики за традиционалните бугарски имиња -ов, -ова, (-ев, -ева).[471]Оваа постапка завршила заклучно со 1999 год., кога бил донесен Закон за граѓанска регистрација, кој давал можност граѓаните на кои принудно им биле сменети ими-

---

[468] Од разговорот за *„Македонски глас"* со Стивен Ешли од ВВС, пренос од Радио Перт на македонски јазик, Скопје, 18.11.1997;

[469] Интегралниот текст на Декларацијата е објавен од Македонската информативна агенција (МИА) на 23 февруари 1999.

[470] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA ... , str. 73;

[471] Според еден податок од Министерскиот совет во канцеларијата на Претседателот на Републиката на 28 февруари 1991 година биле доставени 598.123 молби за исправка на името, од кои 376.759 биле решени, а за останатите 221.364 во тек била административна постапка. **Закон за изменение на Закона за имената на българските граждани,** Државен вестник, бр. 94 от 23 ноември 1990 г.;

њата во брза судска постапка, според Граѓанско-процесниот кодекс да можат да си ги вратат истите.

Законот за граѓанска регистрација (чл. 13) предвидува дека, „татковото име на секое лице се образува од името на таткото со додавање на наставката -ов или -ев и завршетокот во зависност од полот на детето, освен кога името на таткото не дозволува такви завршетоци или тие противречат на семејната, етничката или религиската традиција на лицето". Во истиот закон (чл. 19, ст. 2) се вели дека, „лицето со бугарско потекло, со стекнато или добиено бугарско државјанство може да го промени татковото и семејното име со додавење на наставка -ов или -ев..., во брза судска постапка". Исто така, се вели (ст. 3) дека, „на бугарските граѓани на кои принудно им биле сменети имињата, можат да си ги вратат истите".[472]

Според бугарските власти, нема законски пречки за поставувањето на написи и други соопштенија на јавни места, освен на бугарскиот и на друг јазик. Трговскиот закон дозволува имињата на фирмите да се испишуваат и на друг јазик освен официјалниот бугарски јазик. Во Трговскиот закон (чл. 7, ст. 3) се вели: „Трговците задолжително ја испишуваат фирмата на бугарски јазик. Тоа може дополнително да се испише и на туѓ јазик".[473]

Во Решението бр. 2 од 18 февруари 1998 год., Уставниот суд ја разгледал можноста (согласно чл. 11, ст. 3 од Рамковната конвенција), за обезбедување на правна можност во населените места кои традиционално се населени со малцинства, имињата на улиците и другите топографски ознаки наменети за јавноста, да бидат испишани на јазикот на малцинството кое живее таму. Судот истакнува дека, „во Конвенцијата изрично се дадени условите за таа правна можност, а тие немаат приоритет пред официјалниот топонимски систем на сопствената држава, бидејќи тој систем е елемент на државниот суверенитет.

---

[472] Исто, стр.74;

[473] **Търговски закон**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, ВЕЛИКО НАРОДНО СЪБРАНИЕ, Обн., ДВ, бр. 48 от 18 юни 1991 г., с много изменения и допълнения, последното от които от ДВ, бр.84/2000 г. <http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/tz.html

Според тоа, оваа определба не подразбира какво и да е официјално признавање на општинските називи на малцински јазици“.[474]

Непризнавањето на македонскиот јазик во периодот кога е донесен Законот за измени на Законот за имињата на бугарските граѓани, кој овозможуваше административна постапка за промена на имињата на Македонците кои за време на присилната промена биле сменети, предизвика последици по бугарските граѓани-Македонци кои имаа желба да ги вратат своите првобитни имиња. Голем дел од нив останаа непроменети.

И македонските како во бугарските имиња ја содржат наставката -ов или -ев (-ова, -ева), кои според Законот за имињата на бугарските државјани се сметаа за задолжителни карактеристики на традиционалните бугарски имиња, наспроти прифатените карактеристики на македонските имиња -ски (-ска).

2. 13. Негување на културата, историјата и јазикот на Македонците во бугарски општествено-политички контекст

Во Законот за народна просвета на Бугарија (чл. 15, ст. 1) од образовните институции се бара да создаваат услови за „градење на слободна, морална и иницијативна личност, која ќе ги почитува законите, правата на другите, нивната култура, јазик и религија“.[475]

Законот за заштита и развој на културата (чл. 2) предвидува дека, „основни принципи на националната култура се почитување на културното разнобразие при негување на единството на националната култура“.[476] Во истиот Закон (чл. 24, ст. 2, т. 6) се вели дека, „се создава Национален фонд „Култура“..., средствата од Фондот се неменети за програми и проекти за заштита на слободата и културните разлики на етничките, религиските и јазичните групи“.[477]

Водечко место во научното истражување на културата, историјата, јазикот и религијата на малцинствата во Бугарија заземаат: Софискиот универзитет „Св.

---

[474] лок. цит;
[475] Закон за народната просвета, ...;
[476] Закон за закрила и развитие на културата, ...;
[477] Исто;

Климент Охридски“, Институтот за етнографија при БАН, Институтот за социологија при БАН, Институтот за историја при БАН, Институтот за фолклор при БАН, Новиот Белградски Универзитет, Пловдивскиот и Шуменскиот универзитет. Во иднина се настојува да се зголемат предавањата по историја и култура на педагошките факултети за големите малцински групи и да се посвети поголемо внимание на обука на млади стручњаци од областа на образованието, медицината, социјалната заштита и јавната администрација за работа во мултиетнички средини.[478]

Во последните неколку години, неколку невладини организации обезбедуаат финанска помош за публикување на историски, етнолошки, социолошки и лингвистички истражувања за малцинските групи. Така на пр., Меѓународниот центар за проблемите на малцинствата и културите во периодот од 1995-2001 год., издал 30 тома со научни истажувања за малцинствата во Бугарија и на Балканот, финански помогнал издавање на уште 23 труда од таа област, на 7 речници и учебни помагала за изучување на турски, ромски, ерменски и романски јазик.[479]

Како нов факт во научниот живот на државата се наведува засиленият интерес на претставниците на малцинствата за изучување на сопствената историја, култура и јазик. Со активна помош на невладини организации во Бугарија, започнува создавање на речници, граматики и наставни материјали за историјата и културата на малцинствата во Бугарија, како и подготовка на наставници за настава по историја и култура на малцинствата во училиштата.

Ако се знае дека најважни елементи на етничкиот идентитет се јазикот, културата, традицијата, историјата и религијата, тогаш чинот на негација на македонскиот идентитет во Бугарија значи непризнавање на неговите основни елементи. Во предходните поглавја ги истакнав проблемите со можноста за употреба на македонскиот јазик во мас-медиумите, дискриминаторскиот однос кон македонските организации кои имаат за цел негување на македонскиот културен идентитет итн. Во Бугарија во континуитет се спроведува политика на занамарување на „прашањето со македонскот национално малцинство“, не како „невидлива

[478] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA … , str. 73;
[479] Исто;

заедница", туку како „субјект кој е реалност во општествено-политичкиот живот на Бугарија".

Оневозможувањето на објективното претставување на македонската историја и култура, стана државна политика која во зависност од периодот, беше со помал или посилен интензитет. На 1 октомври 1993 год., во Благоевград беше отворен *„Македонски научен институт"* чиј основен предмет ќе биде „борбата за зачувување на бугарштината и спречување на процесите на турцизација и македонизација кај дел од населението во Пиринска Македонија".[480]

Некои од идеите на салцбуршкиот професор Ото Кронштајнер, еден од застапниците на идејата за бугарскиот карактер на македонскиот јазик и нација во јануари 1995 год., беа „допрецизирани" од про-бугарскиот историчар Божидар Димитров, а подоцна т.н. Македонски научен институт од Софија ги претстави како свои во 14 точки.[481]

Слична антимакедонска содржина и бугарска пропаганда се книгите „Десетте лаги на македонизмот" и „Војната за национално обединување", напишани од „македонски" граѓанин, про-бугарски орјентираниот историчар Божидар Димитров. Книгите ја шокира македонската научна јавност и беа остро критикувани од ИНИ и МАНУ поради нивните антимакедонски содржини.

---

[480] *Memorandum Regarding the Language Dispute*, Sofia: Macedonian Scientific Institute – Sofia, 1997;

[481] Тој им препорача на Македонците „да се вратат на својата матица". Препорачуваше: 1. Македонците, најпрвин, треба да се откажат од теоријата за два јазика. Демек, македонскиот јазик и бугарскиот не се два различни јазика, туку еден единствен, нешто како две блиски варијанти, поконкретно: македонскиот јазик е само дијалект на бугарскиот; 2. во Македонија, напоредно со македонскиот литературен јазик во сегашната форма, треба да се допушти употребата на бугарскиот јазик; 3. во основното и во средното образование да се воведе, факултативно, и настава на бугарски јазик; 4. во рамките на Скопскиот универзитет треба да се формира Институт за бугарски јазик; 5. во сегашната форма на македонскиот литературен јазик да се воведе бугарска азбука, бугарска ортографија; 6. да се обезбеди слободна размена на весници, списанија и друга литература меѓу Бугарија и Македонија; 7. бугарската реч да се афирмира преку заеднички предавања на радиото, телевизијата, театарски претстави и на литературни читања во двете земји; 8. да се создаде заедничка институција за македонско-бугарски јазични прашања; 9. да се сопре понатамошното србизирање на македонскиот народ; 10. да се изврши размена на историската документација меѓу двете земји; 11. да се даде право (само во Македонија) на слободен избор на фамилијарните имиња; 12. Македонија и Бугарија заеднички да дејствуваат за признавање на словенско-бугарската народносна група во Егејска Македонија, според принципите што важат за европските малцински права; 13. малцинствата да се признаваат според еднакви принципи, и; 14. да се усогласи коректна терминологија во однос на жителите во Македонија (бугарски Македонци, албански Македонци, турски Македонци итн.) и во Бугарија (бугарски Бугари, турски Бугари, македонски Бугари итн.). Kochev, Ivan, Otto Krosteiner, Ivan Alexandrov, *The Fathering of What Is Known As the Macedonian Literary Language,* Sofia: Macedonian Scientific Institute, 1994, str. 26-45;

Единствен начин за јавно промовирање на содржини од македонската историја, култура и јазик во Бугарија е македонскиот весникот за теорија, историја, култура и уметност *„Народна Волја"*, во кој свои написи пишуваат интелектуалци, историчари, публицисти и професори, а исто така, во него се поместени научни содржини преземени од македонски весници и списанија.

По повеќе години упорен политички, воено-полициски, административен, културно-просветен и пропаганден притисок, проследен со неброени материјални, финанасиски и интелектуални средства, со помош на највисоката научна институција во Бугарија, Бугарската академија на науките и уметностите, бугарската партиска и државна раководна структура била уверена дека ја постигнала својата цел: усогласување на бугарската политика, наука и општествено-политичка свест и мисла во однос на постоењето, односно „непостоењето" на македонската нација, држава и македонскиот национално малцинство во Бугарија и посебно за Македонците што живеат во Пиринскиот дел на Македонија.[482]

2.14. Пристапот до образование и правото на образовани на мајчини јазик за Македонците во Бугарија

Според изготвувачот на државниот Извештај за имплементација на одредбите од чл. 13 на Рамковната конвенција, „определбите на внатрешното законодавство кои го регулираат начинот и условите за отварање и функционирање на приватните училишта се еднакви за сите бугарски граѓани".[483] Според него „нема пречки за отварање на приватни училишта на етничките малцинства во Бугарија, но таа можност до сега не е реализирана". Во Бугарија се отворени и функцион-

[482] Според упатствата и налог на највисоките партиски и ржавни органи и личното ангажирање на тогашниот претседател на Бугарија, Тодор Живков, Бугарската академија на науките и уметностите објавува брошура насловена како „Македонското прашање. Историско политичка информација„ во која говори за: дневнополитичките збиднувања и односите со тогашната југословенска федерација, настани и личност во Македонија уште за време на Филип ИИ и Алекасандар Македонски; средновековната македонска држава на Самуил; за македонските преродбеници и револуционери; за македонските буни и востанија; за појавата на социјалистичката, комунистичката идеологија итн., при што главна цел е истакнување на бугарскиот карактер на сите овие настани и случувања од историска важност за македонската историја и култура. *Macedonia: Documents and Material*, Sofia: Bulgarian Academy of Sciences, 1978;

[483] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA … , str. 79;

ираат приватни духовни училишта и приватни јазични училишта, во кои се образуваат и припадници на малцинствата.

Во Законот за народна просвета (чл. 10) се вели дека, „училиштата и детските градинки се државни, општински и приватни".[484] Во него (чл. 11) се регулира начинот на отварање на приватни училишта од страна на приватни и физички лица кои немаат буџетско финансирање и користат сопствени материјални средстава. Во Правилникот за примена на Законот за народна просвета (чл. 23, ст. 1) се вели дека, „духовните училишта се отвараат со одлука на министерот за образование наука по предлог на централен орган на призната религиозна институција во државата".[485] Во Законот за вишо образование (чл. 15) се дадени основите за отварање на приватни виши училишта во постапка согласно нормативната база и дејноста на Националната агенција за оценка и акредитација на вишите училишта во Бугарија.[486]

Во Уставот на Бугарија (чл. 36, ст. 2) се вели дека, „граѓаните на кои бугарскиот не им е мајчин, имаат право покрај задолжителното изучување на бугарскиот јазик да го изучуваат и употребуваат својот јазик".[487]

Законот за народна просвета (чл. 8, ст. 2), предвидува: „учениците на кои бугарскиот јазик не им е мајчин јазик, покрај задолжителното изучување на бугарскиот јазик, имаат право да го изучуваат својот мајчин јазик во општинските училишта под заштита и контрола од страна на државата".[488]

---

[484] Закон за народната просвета, ….;
[485] Правилник за прилагане на Закона за народната просвета,…;
Во Бугарија има три приватни средни духовни муслимански училишта кои имаат право да издаваат дипломи за завршено средно образовани. Предметите кои се изучуваат (Светиот Куран, историја на исламот, арапски јазик, исламско право, етика и др.), треба да бидат во согласност со државните образовни стандарди за средно образование. Во Софија е отворен Виш исламски институт кои има решение за подготовка на религиозни водачи. Во текот на 1999 год., Министерството за образование и наука издало решение за отварање на Виш евангелистички теолошки институт во Софија, кој функционира како религиски институт. Што се однесува до финансирањето и финансиската помош од државата, една десетина од предвидените средства ги користат исламските образовни институции.
[486] **Закон за висшето образование**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ, Обн., ДВ, бр. 112 от 27 декември 1995 г., с много изменения и допълнения, последното от които от ДВ, бр. 54/2000 г. <http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/zwo.html
[487] *Конституция*, Приета на 12 юли 1991 г.;
[488] лок. цит.;

Указот бр. 183 на Министерскиот совет од 5 септември 1994 год., за изучувањето на мајчинио јазик во општинските училишта го утврдува следното: „Учениците на кои бугарскиот не им е мајчин добиваат настава на мајчин јазик од прво до осмо одделение во општинските училишта како факултативен предмет застапен со четири часа неделно. Финансиската помош за спроведување на наставата се обезбедува од општинскиот буџет“.[489]

Во Законот за образовните степени, општообразовниот минимум и наставниот план (чл. 15, ст. 3) се вели: „во задолжително избраните предмети се вклучува и изучувањето на мајчин јазик согласно чл. 8, ст. 2 од Законот за народна просвета“.[490]

Во Наредбата бр. 5 (чл. 19, ст. 1) на Министерството за образование и наука од 30 мај 1994 год., „минимален број ученици за формирање на група за факултативна настава е 13. Групата се дели на два дела кога има над 26 ученици“. Со решение на општинскиот совет за изведување факултативна настава во училиштата во малите села се формираат и помали гупи од ученици, но не помалку од 7 (ст. 3).[491]

Во Наредбата бр. 8 (чл. 24) на Министерството за образование и наука од 6 декември 1999 год., „паралелките се делат по задолжително избрани предмети, најмалку по 11 ученици во група. Збирни групи се образуваат при минимум 12 и максимум 20 ученици во група“.

Со измените на Законот за образовните степени, општообразовниот минимум и наставниот план терминот „мајчин јазик“ од „слободно избран предмет“ се преименува во „задолжително избран предмет“. Со тоа формално се гарантира изучувањето на мајчиниот јазик во „задолжително“ наставно време и во редовна настава. [492] Останува отворено нормативното прашање за образувањето на групи од ученици кои сакаат да го изучуваат својот мајчин јазик, а се помали од 12, односно помали од 11.

---

[489] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA ... , str. 81;
[490] **Закон за степента на образование, общообразователния минимум и учебния план**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ, Обн., ДВ, бр. 67 от 27 юли 1999 г.
[491] лок.цит.;
[492] Исто;

Освен во периодот од 1944-1948 год., кога Пиринска Македонија *de facto* уживала културна автономија во состав на Бугарија, никогаш не постоеле напори од страна на бугарските власти да го промовираат правото на образование на македонски јазик. Во периодот на комунизмот државата спроведе и финансираше иницијатива за отварање на училишта за малцински групи во рамките на државното образование, со цел да се зачува посебната култура на малцинствата. Уставот на НРБ (чл. 79) ја даваше таа можност. Друг важен акт беше Народниот акт за образование од 1948 год., според кој се дозволуваше формирање на малцински школи (чл. 14) каде предметите ќе се изучуваат и на јазикот на малцинствата и на бугарски јазик (чл. 9).

Бидејќи Бугарија не го признава постоењето на македонското национално малцинство како различно од бугарската нација, не постои законска регулатива која ќе ја измени праксата на непостоење на образование на мајчин македонски јазик за македонското малцинство.

Различните фракции во рамките на ОМО „Илинден-ПИРИН" застапуваат различни ставови во однос на образованието. Порадикалната страна бара да се повтори ситуацијата од 1944-1948 год., односно на учителите од Република Македонија да им биде дозволено да изведуваат настава на литературен македонски јазик на локалното население во Пиринска Македонија, додека другата страна има поумерени ставови.

По анализираат на сите домашни (бугарски) и странски извештаи кои ја третираат малцинската проблематика и проблемите на правата на човекот во деловите од извештаите во кои треба да стојат податоци за сегашната состојба на различни образовни ниво на македонски јазик, може да се заклучи: Предучилишни воспитни установи-НЕМА; Основни училишта-НЕМА; Средни училишта-НЕМА; и Високообразовни установи-НЕМА, или поедноставено: ***Нема образование на македонски јазик, ниту пак, образовни установи со настава на македонски јазик.***

2. 15. Учество на малцинствата во економскиот, културниот и социјалниот живот на Бугарија

Усатвот на Бугарија (чл. 54, ст. 1), „на бугарските граѓани им го гарантира правото да ги користат националните и општочовечките вредности, како и да ја развива својата култура согласно нивната етничка припадност".[493]

Социјално-економската положба на претставниците на одделни малцинства е различна. Податоците дадени во годишните извештаи за човековиот развој во Бугарија (Програма за развоја на ООН-ПРООН) покажуваат дека регионите во кои е концентрирано малцинското население имаат низок индекс на човечки развој.

Што се однесува до учеството на припадниците на националните малцинства во политичкиот живот на земјата во Извештајот се дадени податоци само за турското и ромското малцинство и нивното учество во политичкиот живот преку партии и движења регистрирани согласно Законот за политички партии.

Во Извештајот се дадени мал број податоци за учеството на малцинствата во бројот на вработените во јавната администрација, органите на државна управа, и воопшто во социо-економскиот и политичкиот живот во Бугарија.

Според бугарскиот Хелсиншки комитет „партиципацијата на малцинствата во политичкиот, економскиот и културниот живот е незначително, особено за припадниците на Македонците, Ромите и Помаците".[494]

Скоро во сите годишни извештаи за човековите права подготвени од Стеј Департментот на САД, се нагласуваат „незастапеноста на малцинствата во органите на централно и на локално ниво".[495]

Не постојат никакви податоци за учеството на било кое од малцинствата во бројот на вработените во јавната администрација, органите на државна управа, и воопшто во социо-економскиот на Бугарија.

---

[493] *Конституция*, Приета на 12 юли 1991 г.;
[494] *Human Rights in Bulgaria after the October 1991 Elections*, Bulgarian Helsinki Committee, Annual Report, str.1;
[495] Види во: U.S. State Department, *2001 and 2002 Annual Reports on Human Rights Practices: Bulgaria*, во секцијата National/Racial/Ethnic Minorities.

2. 16. Пријателство и соработка меѓу Република Македонија и Бугарија, како услов за национално признавање и почитување

Во Извештајот се вели дека, „при определување на границите на областите и општините во Република Бугарија се водело сметка да не дојде до промена на етничкиот состав на одделни населени места". Определувањето на границите се вршени согласно чл. 5 од Европската повелба за локална самоуправа во кој се вели дека, „за секоја промена на границите на општините преку референдум ќе се консултира населението".[496]

Со уставните промени од 1999 год., и новата административно-територијална поделба на државната територија не се нарушени правата и слободите на граѓаните изразени во Рамковната конвенција.[497] Според Уставот на Бугарија (чл. 135, ст. 1), „територијата на Република Бугарија се дели на општини и области..., во нив може да има други административно-територијални единици и органи на самоуправување во согласност со закон".[498]

Во државниот Извештај на Бугарија се вели дека, „лицата припадници на етнички, религиски и јазични малцинства имаат полна слобода да патуваат во други држави и да оддржуваат контакти со лица со кои имаат сличен или ист етнички, религиски и јазичен идентитет. Бугарските власти не создаваат никакви пречки во тоа."[499] За бугарските државјани не се бараат визи за државите од Шенгенскиот договор за престиј до 90 дена.

Гаранции за спроведувањето на одредбите од чл. 17 од Рамковната конвенција се содржани во културните спогодби склучени меѓу Бугарија и други држави кои имаат свои етно-културни групи кои живеат на територијата на Бугарија. Врз принципот на реципроцитет Бугарија создава услови за зачувување на истите права и на лица припадници на бугарската група во други држави.

---

[496] Европската повелба за локална самоуправа (1985) од Бугарија е потпишана на 03.10,1994 година, ратификувана на 10.05.1995 година, а на сила во Бугарија стапила на 01.09.1995;
[497] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA ... , str. 90;
[498] **Конституция**, Приета на 12 юли 1991 г.;
[499] REPORT SUBMITTED BY BULGARIA ... , str. 91;

Во Извештајот се заклучува дека, „бројните самостојни иницијативи реализирани во текот на последните неколку години покажаа дека меѓународната соработка создава сé поголем степен за заемна доверба и активен културен дијалог меѓу лицата припадници на малцинства со кои имаа ист етнички, културен, јазичен и религиски идентитет и наследство“.[500]

Во Правилникот за надлежност и организација на НСЕДП (чл. 2, т. 2, 4 и 5), се вели дека, „(НСЕДП)... меѓу државните органи и невладините организации ги координира конкретните мерки за исполнување на меѓународните обврски на Република Бугарија во областа на правата на бугарските граѓани, припадници на малцински групи..., ги помага контактите на различни етнички групи со сродните на нив во странство и во соработка со Агенцијата за Бугарите во странство работи за спроведување на надворешната политика на Република Бугарија... Ги поддржува контактите со сродни државни органи во странство, како и со меѓународни организации со конкретни задачи и сфери на дејствување“.[501]

Политиката на Република Бугарија за имплементацијата на чл. 18 од Рамковната конвенција е насочена кон склучување на билатерални договори за соработка со конкретни содржини и проекти со своите соседи и со други држави.

Во текот на февруари 1999 год., беше потпиешана декларација на министрите за надворешни работи на Република Бугарија и Република Македонија како импулс за развивање на односите меѓу двете држави.

Поттикнувањето на транс-граничната соработка и соработката во рамките на евро-регионите создава претпоставки за реализирање на заеднички иницијативи во економската, социјалната и културната област меѓу државите.

Европската рамковна конвенција на Советот на Европа за транс-гранична соработка меѓу територијалните единици или власти, Република Бугарија ја ратификува на 07.05.1999 год., а стапи на сила 08.08.1999 год.

Пристапувањето на Република Бугарија кон Рамковната конвенција на Советот на Европа за транс-гранична соработка меѓу територијалните групи или власти, предвидените законски мерки, како и направените напори за развој на

[500] лок.цит;
[501] Исто;

соработката во однос на транс-граничната соработка претставува поддршка и поттик за развој во таа област.[502]

Посебна важност и се придава на *Декларацијата за пријателство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија,* која беше склучена на 22 февруари 1999 год., меѓу владите на двете држави, бидејќи во неа се наведени одредби кои ги опфаќаат сите сегменти на соработка на полиња кои директно го засегаат македонското национално малцинство во Бугарија. Во Декларацијата се наведени 11 точки кои говорат за договорната соработка во областа на стопанството, сообраќајот, туризмот, како и во областа на културата, образованието, информациите, здравството, социјалната грижа и спортот и др.

Како посебно важна се подвлекува единаесеттата точка во која се вели дека, *„двете страни нема да преземаат, поттикнуваат и поддржуваат една кон друга дејства кои имаат непријателски карактер... нема да пројавуваат територијални претензии една спрема друга...**Република Македонија изјавува дека ништо во нејзиниот Устав не може и не треба да се толкува дека претставува или некогаш ќе претставува основа за мешање на Република Македонија во внатрешните работи на Република Бугарија со цел да го заштити статусот и правата на лица кои не се државјани на Република Македонија...** Двете страни ќе преземат ефикасни мерки за спречување на недобронамерната пропаганда од страна на институции и агенции и нема да дозволат активности на приватни лица насочени кон поттикнување на насилство, омраза или други слични дејства кои би наштетиле на односите меѓу Република Бугарија и Република Македонија*".

Како во случајот со Србија и Црна Гора, така и со Бугарија, уште еднаш се потврдува декларативната заложба на Република Македонија за грижа за маке-

---

[502] Европската Рамковна конвенција на Советот на Европа за транс-гранична соработка меѓу територијалните единици или власти, Република Бугарија ја ратификувала на 07.05.1999 година, а стапила на сила 08.08.1999 година. Во областа на транс-граничната соработка Република Бугарија и Република Македонија склучиле: 1. Заемна програма за транс-гранична соработка за периодот 1999-2003 година; 2. Меѓувладина спогодба за соработка на Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за отварање на два ниви гранични премини и патни мрежи за поврзување меѓу двете држави; 3.Спогодба меѓу Владата на Република Бугарија и Владата на Република Македонија за железничко поврзување меѓу двете држави; REPORT SUBMITTED BY BULGARIA ... , str. 92;

донското национално малцинство во соседните држави и нејзината „рамнодушна“ политика кон случувањата на полето на малцинската заштита. Жалам што ќе констатирам дека и овој договор, кој претставува добра основа за заемна соработка и пријателство со Бугарија, не е доволно искористан во насока на поттикнување на активности што ќе им задоволат некои од правата на Македонците во Бугарија. Повторно гледаме едностранa обврска (од РМ) за немешање во внатрешните работи на Бугарија во обидот и целта да го заштити статусот на Македонците во Бугарија. Недефинирањето на заемните обврски во однос на заштитата на малцинствата го прави овој договор уште едно „слово на хартија“, што уште еднаш ја потврдува нерешителната и „рамнодушна“ политика на Република Македонија кон македонското национално малцинство во Република Бугарија.

3. РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА

(1991-2006)

3.1. Спор бр. 1: Грчко-македонскиот спор за името на државата Република „Македонија„

Уште во деновите што му предходеа на осамостојувањето на Република Македонија, Грција манифестираше поспецифичен однос кон распадот на СФРЈ и кон создавањето новите држави на овој простор. Тоа особено се однесуваше во врска со раѓањето на современата македонска држава, Република Македонија, на нејзината северна граница.

Грција учествуваше во европските иницијативи за мирно решавање на југословенската криза, но притоа пред сé, инсистираше на задоволување на своите национални интереси. Од моментот кога Европската заедница се определи за свикување на меѓународна конференција и воспоставување арбитражна процедура за состојбата во Југославија, грчката влада јавно се огласи со редица изјави и иницијативи што го најавија грчко-македонскиот спор.

Следуваа бројни изјави од официјалните грчки претставници, за тоа што ќе се случи со распаѓањето на СФРЈ. На 13 мај 1991 год., грчкиот министер за надворешни работи Андонос Самарас изјави: „Распадот на Југославија ќе им овозможи на ‚скопјаните' да го поставуваат македонското прашање". Подоцна грчката влада официјално изјави дека нема да го признае „едностраното прогласување на независноста на која било (југословенска) република". Оваа реакција следеше откако беше поднесена предлог-резолуцијата за осамостојување на Република Македонија. Грчките власти изразија загриженост дека, „создавањето независна македонска држава би предизвикало трајна закана за нашите (грчките) национални интереси".

Неколку дена пред одржувањето на референдумот за осамостојување во Република Македонија, поточно на 4 септември, грчкиот министер Самарас во посета на Белград изјави дека, „...и по референумот, Грција нема да признае независна државата што ќе го носи историското грчко име Македонија". Така и

беше. *Република Грција одби да ја признае Република Македонија под уставното со кратко образложение на почетокот дека „употребата на името подразбира територијални аспирации на делови од грчка Македонија“.*[503]

Непризнавањето на уставното име на Република Македонија претставуваше една од најочекуваните, груби и ирационални појави на грчкото спротивставување на фактот за осамостојување на новата македонска држава, по распадот на поранешната СФРЈ.

Првиот претседател на Република Македонија, г-нот Киро Глигоров, на 2 декември 1991 год., упати *Писмо до сите шефови на држави и влади до светот*, во кое меѓу другото се велеше: „...Македонија го прогласи своето право на независност на 25 јануари 1991 год., додека референдумот од 8 септември 1991 год., убедливо ја потврди целта за независност... Ние бараме официјално признавање на независноста на Македонија и на нејзиното постоење како држава што ќе ги опфаќа територијата и народите во рамките на границите на она што одамна и досега беше познато како Република Македонија... Нејзината територија е јасно дефинирана со Грција на југ, Бугарија на исток, Албанија на запад и со Србија на север... Изостанувањето на признавањето на постоењето на државата Македонија како независна држава би можело од некои да биде протолкувано како покана за мешање во работите што се исклучиво на Македонија и за создавање на напнатост и делби од кои Македонија подолго време досега беше ослободена, но често ги искусувала во својата историја... “.[504]

Набргу по испраќањето на писмото од претседателот Киро Глигоров, Собранието на Република Македонија, врз основа на Уставот (чл. 68), на 19

---

[503] Според проф. Ортаковски В., (во *Малцинствата на Балканот*),„Повикувањето на историскиот принцип како основа за грчкото спротивставување на суверенитетот на Република Македонија и на употребата на името Македонија, со образложение дека територијата Македонија била грчка долго пред продорот на Словените на Балканот во Отоманската империја, претставува употреба на апсурдни аргументи од аспект на маѓународното право“.

[504] Писмо од претседателот на Република Македонија Киро Глигоров до сите шефови на држави и влади во светот, од 2 декември 1991 год., во: Тунтев Ахил, *Република Македониј. Прва декада (1990-1999)*, МИ-АН, Скопје, стр.76-78;

декември 1991 год., донесе Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава.[505]

Во меѓувреме, консолидирајќи ги своите редови и својата позиција во идните случувања поврзани со Република Македонија, Владата на Република Грција ги дефинира условите за меѓународно признавање на (во тоа време) СРМ. Владини претставници на 4 декември 1991 год., изјавија: „Таа не треба да го користи името Македонија, кое има чисто географско, а не етничко знмачење. Таа треба да признае дека нема територијални барања кон нашата земја. Таа треба да признае дека во Грција нема македонско малцинство".[506] Потпаролот на грчката Влада Емануел Каламидас на 29 ноември, неколку дена по усвојување на Уставот на Република Македонија изјави: „Новиот Устав на Република Македонија претставува ‚двојна провокација'. Тој не ја гарантира неповредливоста на границите, поттикнува територијални претензии спрема Грција и го отвара прашањето за постоење на македонско национално малцинство во Грција".

Од грчко националистичко становиште употребата на името „Македонија" од страна на „Република Скопје" претставува нешто многу посериозно од узурпација на грчката историја, култура и идентитет. Тоа значи дека, деловите на Македонија што се наочаат во другите земји треба, исто така, да ѝ припаѓаат на „Република Скопје". Тоа со други зборови значи дека постојат територијални претензии кон грчка Македонија, и според тоа, претставува директна закана за интегритетот на грчката држава. Грчките коментатори укажуваат на различните докази за да ги поткрепат своите гледишта дека, „Република Скопје" има иредентистички намери во однос на грчката територија. Покрај бројните „докази", Грците сметаат дека скопската загриженост за човековите права на непостоечкото „македонско" малцинство во Грција е само изговор за нивните неосновани иредентистички барања за грчка Македонија.[507]

---

[505] Декларација за меѓународно признавање на Република македонија како суверена и независна држава од 19 декември 1991 година, бр. 08-5099, Собрание на Република Македонија;
[506] Извештајот на Меѓународната група за малцински права од октомври 1994;
[507] Danforth, Loring M., *The Macedonian Conflict/ Ethnic Nationalism in a Transnational World*, Princeton, New Jersey: Princeton University Press, 1995, стр. 66-67; Според Денфорд, „грчкото гледиште за македонското прашање, како што тука има потцртано, е насекаде и подеднакво поткрепено, како еден вид државна идеологија. Тоа ги обединува Грците од различни генерации, различни политички партии,

Според Грците употребата на името Македонија од „Словените од Скопје“ е „злосторство“, дело на „плагијат“ против грчкот народ. Со тоа што се нарекуваат „Македонци“, овие „Словени од Скопје“ го „крадат“ или „насилно го земаат“ грчкото име; тие ја „проневеруваат“ или „присвојуваат“ грчката култура и наследство; тие ја фалсификуваат грчката историја. Ако „Скопје“ се признае како „Република Македонија“ ако Словените се признаат како „Македонци“, тогаш сé што е македонско особено славните подвизи на Александар Македонки нема повеќе да бидат дел од грчката историја и цивилизација, туку ќе станат исклучиво сопственост на Словените. Во името на таквата закана Грците, особено грчките-Македонци, се решени да го бранат своето име од она што сметаат дека е „узурпација“ и оттаму „монополизација“ од страна на туѓинци.[508]

На 16 декември 1991 год., по барање на Грција, во Бриселската декларација на Советот на министрите на ЕУ е содржан и дополнителен услов со кои се бара: секоја република пред да биде признаена, „да усвои политички и уставни гаранции за тоа дека нема никакви територијални претензии спрема соседната земја-членка на ЕУ и дека нема да води никаква непријателска пропагандна акција против таа земја, што значи и користење на оние имиња што подразбираат територијални претензии“.

Во таа насока Република Македонија, под притисок на меѓународната заедница, а по барање на Република Грција, на 6 јануари 1992 год., ги донесе Амнадманот I и II на Уставот на РМ од 1991 год., во кои се истакнува дека, „Република Македонија нема територијални претензии спрема било која соседна држава...“ и дека, „во остварувањето на својата грижа за деловите од македонскиот народ во соседните држави нема да се меша во суверените права на другите држави или во нивните внатрешни работи“.

Еден ден пред Извештајот на Арбитражната комисија (Мислење бр. 6), на Бадинтеровата комисија на ЕУ, Република Грција ги запозна амбасадорите на

како и Грците во Грција и дијаспорета“. Голем дел од фактите на грчката националистичка историографија за Македонија, според Денфорд, се базираат на книгата *Македонија: историја и политика*, издадена и на англиски и на грчки јазик од Центарот за Македонците во странство и Друштвото за македонски студии. Таа беше исто така издадена од Министерството за образование и религија за употреба во грчките училишта и во Грција и во дијаспората.

[508] Исто, стр 64;

земјите членки на ЕУ, дека и покрај исполнување на одредени барања (се мисли на амандманите), Република Македонија не ги исполнува условите за признавање.

Во Извештајот на Бадентеровата комисија на ЕУ за признавање на СРМ од Европската заедница и нејзините членки, меѓу другото на крајот се вели дека, „Република Македонија ги исполнува барањата во насоките за признавање на новите држави..., дека РМ, ги отфрла сите територијални претензии,... дека користењето на името Македонија не може во себе да подразбере каква било територијална претензија спрема друга држава; дека РМ формално се обврзува,... да се воздржи како генерално, така и врз основа на чл. 49 од својот Устав посебно, од каква било непријателска пропаганда против која било држава... ".[509] Но, ЕУ го одложи признавањето, бидејќи практиката за донесување одлуки со консензус и овозможи на Грција да ја блокира нејзината одлука за признавање на Македонија.

Меѓутоа и покрај ваквиот став на најкомпетентното тело избрано од Европската Унија, Грција ја продолжи својата силна и безкомпромисна дипломатска борба против „името Македонија" и „македонското прашање".

Во градовите низ цела Европа, Северна Америка и Австралија стотици илјади Грци демонстрираа против признавањето на Република Македонија од страна на Европската заедница. Над нивните глави тие носеа пароли во сина и бела боја прогласувајќи дека Македонија е грчка: „Македонија била, е и секогаш ќе биде грчка!", „Македонската историја е грчка историја!", „Македонија-Грција!", „Вистинските Македонци се Грци!" и „Забрането признавање на Скопската Република под елинистичкото име Македонија!". Според зборовите на Стелиос Папатемелис, поранешен социјалистички министер на Северна Грција, „Грција и Македонија сочинуваат една таква совршена историска и културна целина што името ‚Македонија' е неотуѓива и вечна сопственост на елинизмот, дел од нејзината душа".[510]

Пјер Бурдие во својата распарава за „волшебната моќ на именувањето" нагласува дека, „моќта да ставиш име е една од најелементарините форми на

[509] Мислење на Бадентеровата комисија на Европската заедница, Конференција за Југославија, Арбитражна комисија, *Мислење бр. 6 за признавање на Социјалистичка Република Македонија од Европската Заедница и нејзините земји-членки, 11 јануари 1992;*
[510] Danforth, Loring M., стр. 58-59;

политичка сила, бидејќи ја вклучува силата што го оживува она што е именувано. Уште поинаку, поседувањето на едно име-правото на идентификација со извесно име е еквивалентно на поседувањето на она што е именувано".[511] Така, според него, конфликтото меѓу Грците и Македонците во врска со името „Македонија" е конечна расправа за тоа која група има право на сé што е поврзано со „Македонија", нејзината култура, нејзината историја, и дури, во крајната анализа, со нејзината територија.

За време на португалското претседателствување со ЕУ, на 27 јуни 1992 год., во Гимараеш, Министерскиот совет на ЕУ на кој се расправаше за „барањето поднесено од Поранешната југословенска република Македонија" за нејзиното признавање како независна држава, донесе Декларација во која се вели дека, „Заедницата е подготвена да ја признае Македонија како суверена и независна држава, во рамките на нејзините постојни граници, во моментот кога ќе се реши проблемот со името, што може да го прифатат сите заинтересирани страни (Декларацијата ја потпиеша и Грција) ".[512]

На одржаната седница на Владата на РМ на 28 јуни 1992 год., а подоцна и на вонредната седница на Собранието, беше усвоена Декларација со која се отфрли условот содржан во Лисабонската декларација од 27 јуни, според која признавањето на земјата беше условено со промената на името на Република Македонија.[513]

Од почетокот на 1993 год., почна процедурата за прием на Македонија во ООН, а истовремено е поведена и грчка дипломатска кампања за неговото попречување воопшто, и посебно со име што ќе го содржи името Македонија. На 7

---

[511] Bourdieu, Pierre, *Languge and Symbolic Power*, Cambridge, MA: Harvard University Press, 1991, стр. 236;
[512] Поранешниот претседател Киро Глигоров, во својата книга ***„Македонија е сé што имаме„*** околу овој настан пишува: „Го задржав вниманието на овој документ, бидејќи во него е содржана основата за подоцнежната Лисабонска декларација на Европската заедница. Но, и заради еден друг детаљ кој ми панда во очи при препрочитувањето на овој текст. Имено, во него првпат е употребена формулацијата ‚Поранешна југословенска република Македонија' и тоа без никаква посебна елаборација... изразив незадоволство поради, како што реков ‚лицитацијата околу името, како услов за признавање на државата...'. По тој повод уште еднаш истакнав дека никој однадвор нема да и наметне решение на Македонија, кое нема да биде прифатливо за нашиот народ".
[513] *Декларација на Собранието на Република Македонија од 3 јули 1992 година по повод Лисабонската декларација*, бр. 08-2812/1; Тунтев Ахил, *Република Македонија. Прва декада (1990-1999)*, ...стр.84-85;

јануари 1993 год., Република Македонија упати формално барање до Советот за безбедност на ООН, подоцна во февруари и Меморандум со придружно писмо во кое се содржани и елементи за одговор на грчкиот меморандум по тој повод и се нагласува дека промената на името би била против волјата на народот.

На 7 април 1993 год., Советот за безбедност на ООН усвои *Резолуција 817/93* со која: „Му препорачува на Генералното собрание, државата,... да биде примана во членството на Обединетите нации и на таа држава, за сите потреби, во рамките на ОН привремено да ѝ се обраќаме со ‚поранешна југословенска Република Македонија', сé додека не се надмине разликата што се појави во врска со името на државата... ".[514] Еден ден потоа, Генералното собрание на ОН донесе одлука (Резолуција на ГС бр. 47/225) за прием на Република Македонија во светската организација како 181 нејзина членка во согласност со Резолуцијата 817/93 на Советот за безбедност на ОН.

Со приемот на Република Македонија во светската организација, ОН се јавуваат како нов посредник за решавање на грчко-македонскиот спор во врска со името. За таа цел на 18 јуни 1993 год., Советот за безбедност на ОН донесе *Резолуција 848/93*, со која го повикува грчката и македонската страна „да продолжат да соработуваат и со посредство на генералниот секретар да дојдат до брзо решение..., пред почетокот на 48-та сеница на Генералното собрание на ОН".

Поради грчкото спротивставување на 17 септември 1993 год., беше одбиено македонското барање за прием во Советот на Европа. По тој повод, генералниот секретар на ОН упати извештај до Советот за безбедност, во врска со *Резолуцијата 845,* со која се бара „двете страни да се воздржат од каква било акција што може да придонесе за напнатост меѓу нив".[515]

Изборите во Грција во есента 1993 год., на власт ја донесоа владата на Андреас Папандреу, која уште го заостри својот пристап во однос на Македонија. Папандреу, укинувањето на ембаргото кон Македонија го услови со промена на

---

[514] *RESOLUTION 817/93*, S/RES/817/93, Adopted by the Security Council at its 3196th meeting, on 7 April 1993;
[515] *RESOLUTION 845/93*, S/RES/845/93, Adopted by the Security Council at its 3243rd meeting, on 18 June 1993;

македонското знаме и Уставот, а решението на спорот го најави „пред идната есен“. Грчката политиката на „уцена“ продолжи и во текот на 1995 год.

По долги преписки и медиумски надмудрувања, на 13 септември 1995 год., со посредство на специјалниот претставник на генералниот секретар на ОН, Сајрус Венс меѓу Република Македонија и Република Грција беше потпишана *Привремена спогодба (Interim Accord)* за нормализација на односите меѓу двете држави.[516]

Метју Нимиц, еден од посредниците на ОН во спорот со името во врска со потпишувањето на Привремената спогодба, меѓу другото кажа: „...Уставното име на земјата на која ѝ се обраќаме со ‚поранешна југословенска Република Македонија' е Република Македонија. Значи државата си усвои име. Грција се спротивстави на тоа име од историски причини. Обединетите нации ја примија државата, но не ѝ го изменија името, а не ѝ ни дадоа име. Употребуваат референца, која вели: „Во ОН на оваа држава ќе ѝ се обраќаат како ‚поранешна југословенска Република Македонија' што претставува формулација што не ми е драго да ја употребувам кога ја употребувам... Значи, на оваа држава ѝ се обраќаме така, но тоа не е нејзиното име... На извесен начин тоа е многу филозофски, но тоа е реалноста. Практично така само ѝ се обраќаме... “.

Откако по отставката на Сајрус Венс, на местото специјалниот претставник на генералниот секретар на ОН во грчко-македонските преговори, од 24 декември 1999 год., него го замени Метју Нимиц. Во македонскиот печат во месец октомври 2005 год., проциркулира интегралниот текст на предлогот на Нимиц за решавање на спорот со Грција за името на нашата држава. Но, тој остана да се коментира, без притоа да произлезе некој конкретен предлог од двете страни.

---

[516] Привремената спогодба содржи 23 чл.,во кои Двете страни се договорија за: воспоставување на односи на амбасадорско ниво (чл.1); потврдување на зедничката граница како трајна и непроменлива...(чл. 2); почитување на суверенитетот, територијаниот интегритет и политичката независност...(чл. 3); воздржување од закана и употреба на сила...(чл. 4); преземање на практични мерки за разликите со името...(чл.5); преземање на ефикасни мерки за забрана на непријателски активности или пропаганда...(чл. 7); Воздржување од наметнување на пречки во движењето на луѓето и стоки...(чл. 8); ќе се водат од принципите и духот на демократијата, основните слободи...(чл. 9); развојот на меѓучовечките односи заради унапредување на разбирањето и добрососедството...(чл. 10); ќе го поттикнуваат развојот на заемните пријателски односи и економската соработка...(чл. 14); ќе ја подобруваат научната и техничката соработка...(чл. 16); ќе соработуваат во борбата против организираниот криминал...(чл. 20); ќе ги решаваат сите спорови едноставно со мирољубиви средства...(чл. 21); итн.

Во наредните неколку години македонско-грчката соработка се развива во насока на почитување на одредбите од Привремената спогодба, главно во позитивна насока. Меѓутоа, во однос на спорот во врска со името и прашањето на македонското национално малцинство не се забележани некои позначајни подвижувања во позитивна насока од грчка страна, кои би довеле до решавање на отворените прашања меѓу двете држави. Се регистрираат изјави со оптимистички тонови, дека спорот не треба да ја попречува меѓусебната соработка, меѓутоа во практиката се останува на *status quo.* Медијацијата на меѓународната заедница, ОН, ЕУ, Советот на Европа, Меѓународната кризна група и други, продолжува и понатаму.

3.2. Грчката националистичка идеологија и меѓународната заштита на малцинските права

Во националистичките идеологии, националниот идентитет е материјализиран и есенцијализиран. Тој е дефиниран, не како состојба што постојано се создава и за која се преговара, туку како нешто вродено и постојано, што сочинува една природна и духовна суштина која што често се идентификува со крвта и душата на човекот. Кога идеалот на националното самоопределување ќе се оствари, заедницата луѓе, што го делат заедничкиот национален идентитет и која според тоа чини нација, се здружува како граѓани на истата суверена држава и живее заедно во една хомогена културна заедница во рамките на територијалните граници на таа држава.

Од грчко националистичко становиште, Грција е национална земја. За припадниците на грчката нација, или етнос, се вели дека се Грци, бидејќи тие се „Грци по род“ или бидејќи „грчката крв“ тече во нивните вени. За да се сметаат за потполни припадници на грчката нација луѓето исто така, треба да бидат лојални кон грчката држава, со која грчката нација се идентификува, со тоа што ќе покаже дека „по душа се Грци“ (елинопсихи) или „национално свесни“ (етникофронес).[517]

[517] Herzfeld, Michael, *Anthropology Throught the Looking Glass: Critical Ethnographu on the Margins of Europe*, Cambridge University Press, 1987, стр. 170;

Еден од главните последици од националистичката идентификација на грчката нација со грчката држава е таа што луѓето, не се сметаат потполни припадници на грчката нација, не се сметаа, исто така, потполнни граѓани на грчката држава. Поради ова луѓето што не зборуваат грчки, кои не се православни христијани, или кои едноставно не се идентификуваат како Грци, претставуваат закана на концептот на една чиста хомогена грчка нација, и според тоа закана и за безбедноста на грчката нација. За да се заштити интегритетот на грчката национална држава, постоењето на ваквите луѓе мора да се негира; тие треба да се екстернализираат, да се прикажат како нешто „друго“ или туѓо.[518]

Луѓето што не се идентификуваат како припадници на грчката нација можат исто така, да се етикетираат како непријатели на грчката држава и да се екстериоризираат со тоа што ќе се наречат агенти на некоја странска држава. Така, македонските активисти за човекови права во Грција се наречени „агенти на Скопје“. Еден грчки коментатор односот на „непостоечкото“ македонско малцинство во Грција и Владата на Република Македонија го нарече „папочна врвца“, слика што живо го опишува „туѓото“ македонско малцинство како биолошко продолжување на својата национална татковина, својата „мајка“ Република Македонија.[519] Во националистичката идеологија не само што државите се идентификуваат со нацијата, туку се смета дека нацијата ја поседува суверената територија на државата. Според тоа, да се признае постоењето на едно национално малцинство во територијалните граници на државата претставува еднакво на признание дека областа населена од тоа малцинство не е легитимна сопственост на државата. Следствено, барањата на водачите на националните малцинства за признавање, припадниците

[518] Овој процес на екстернализација е илустриран во медицинските метафори со кои Џорџ Пападопулос, водачот на воената хунта што владееше со Грција од 1967 до 1974 год., ги опиша непријателите на Грција: тие се „рак рани“ што треба да се оперираат за да се обнови здравјето на грчкото општество. Ако оваа метафора на Пападопулос се спореди со претставата на Кофос за создавање на македонскиот национален идентитет како „експеримент на мутација“ ќе се забележи дека во двата случаи се употребуваат претстави на медицинска патологија за да се опишат „туѓите“ идеологии (комунизмот, од една страна, македонскиот национализам, од друга) што претставуваа закана за грчката држава. Kofos, Evangelos, *Nationalism and Communism in Macedonia*, Thesaloniki: Institute for Balkan Studies, 1964, стр. 54-85;

[519] Valinakis, G., *I Ellinoyugoslovikes sheseis ston politico tomea*, цитирано во: Danforth, Loring M.,... стр. 171;

на доминантната група често ги сметаат не само како закана за хомогеноста на нацијата, туку и за територијаниот интегритет на државата.

Во Грција, како и во други национални држави, каде што национализмот е основниот оправдувачки принцип, секоја критика на националистичката политика на грчката власт содржи „анти-национална" или „анти-грчка" активност. Главната карактеристика на национализмот да им дава приоритет на барањата на националната држава пред барањата за индивидуалните човекови права е особено вистинита можност да развијат политичка култура и легална филозофија, што гарантираат заштита на поединецот од државата и што ги спречува поекстремните кршења на човековите права, во Грција ваквите либерални принципи на индивидуални права и слободи никогаш не се развија. Наместо тоа, појавата на една моќна централизирана држава заедно со една долга традиција на авторитаризам доведоа до една ситуација во која државата е заштитника на општествената целина во која поединецот претставува само дел. Следствено, „индивидуалните човекови права постојат ако се одредени конкретно со закон и само дотаму до каде нема да се судрат со повисоките значајни интереси на државата".[520]Во овој контекст не е чудно што улогата на судството во Грција секогаш била да ги брани интересите на грчката држава и да ги озаконува политичките режими што биле на сила, а не да ги штити правата на поединците наспроти обидите на државата да ги ограничи индивидуалните слободи. Како што вели цитираниот автор „во многу наврати од Втората светска војна наваму, грчките судови ‚озакониле' тешки прекршувања на основните демократски права што се гарантирани го грчкиот устав и на таков начин ја рефлектирале примарноста на државата над секоја идеологија за слобода и демократија".[521] Фактот дека не постојат никакви индивидуални човекови права, освен оние што се специјално гарантирани од грчката држава, земени во врска со општата тенденција на судовите да применуваат тесни правни приоди, значи дека апстрактните уставни одредби за општите морални концепти не се легално застапени. Ова многу често ги има доведено грчките су-

[520] Pollis, Adamantia, *The State, the Law and Human Rights in Modern Greece*, во ed. ***Human Rights Quartelity***, 1987, стр. 587-614;
[521] Исто, стр. 604;

дови да донесуваат „строги ограничувања на слободата на говорот, слободата на комуникации и правото на собирање“.[522]

Кршењето на индивидуалните човекови права како и правата на националните малцинства во Грција често се оправдува со националистичката идологија, со потребата да се брани чистотата на грчката нација или територијалниот суверенитет на грчката држава. Ова е особено вистинито кога луѓето, чии права се прекршени, не се „навистина“ Грци. Очигледен пример за институционализирање на дискриминацијата против грчките граѓани, што не се ппипадници на грчката нација, содржи чл. 19 од грчкиот Закон за државјанство, кој прави разлика меѓу грчки граѓани што се од грчка националност и оние што не се. Само овие последниве можат да бидат лишени од своето грчко државјанство ако се открие дека тие ја напуштиле Грција без намера да се вратат. Повеќето луѓе што го изгубиле своето грчко државјанство како резултат на оваа мерка се припадниците на македонското и турското национално малцинство во Северна Грција или грчка Македонија.

Постојат и други примери што го илустрираат степенот до кој индивидуалните права на грчките граѓани, особено оние кои етнички или национално не се определуваат како Грци, се подредени на приматот на грчката нација отелотворена во грчката држава. Според грчкиот Устав, „Признавањето на заштитата на основните и незастариви права на човекот од страна на државата се насочени кон остварување на општествениот прогрес во слобода и правда“; „Државата има право да бара од сите граѓани да ја исполнат нивната обрска за социјална и национална солидарност“.[523]

Земајќи го во предвид централното место што во грчката националистичка идеологија го зазема идеалот за национална чистота и хомогеност, не е чудно што постоењето на грчките граѓани, што не се етнички или национално Грци, по дефиниција претставуваат закана за националната солидарност, како што претставува и тврдењето на други дека такви луѓе постојата. Во грчкиот устав, исто така

---

[522] Исто;

[523] Чл. 25, ст. 2, 4 од: *УСТАВ НА ГРЦИЈА*, 9.06.1975 год., во: Габер Стеван, ***Балкански политички системи. Уставните уредувања на околните балкански држави,*** Правен факултет-Скопје, 1979, стр.124-190;

се вели дека, „не е дозволено злоупотреба на правата“.[524] Овие мерки создаваат уставна основа за донесување законски и судски одлуки кои значително ги ограничуваат човековите права на грчките граѓани, како што се слободата на вероисповест, слободата на изразување, слободата на дружење и слободата на движење, коишто во принцип се загарантирани со грчкиот устав, но кои во пракса се кршат во случај на луѓето кои припаѓаат на религиозните, етничките или националните малцинства.[525]

Во сегашната ера на глобализација, во која националните држави се интегрираат во разни транснационални организации, односот меѓу националните малцинства и државите во кои живеат почнува да се менува. Зголемената улога ангажираност на иселеничките организации, нивните држави домаќини, и транснационалните организации во она што порано биле внатрешни работи на државите, им дава на етничките малцинства поголема сила во нивната борба за човекови права.

Иако Грција долго време се сметаше дека е ставена на „маргините на Европа“ таа стана членка на НАТО во 1951 год., и рамноправна членка на Европската Унија во 1981 год. Сега кога се приближува долго очекуваната појава на „обединета Европа“, Грција се наоѓа под уште поголем притисок да потврди колку што може повеќе да ги спроведува најразличните економски, политички, општествени и културни барања што ги карактеризираа либералните демократии на Западна Европа. Еден од најсериозните конфликти што се појави за време на овој процес на европеизација на Грција е конфликтот меѓу грчката национална идеологија, од една страна, со своето определување за чиста и хомогена национална држава, и поплуралистичките вредности на ЕУ, кои ја нагласуваат важноста да се зачуваат основните човекови права на религиозните, лингвистичките, етничките и националните малцинства, од друга страна. Станува многу тешко да се зачува една статичка, органска концепција на грчкиот национален идентитет, во која се вклопуваат религијата, нацијата и државјанството, во време кога ЕУ

[524] Исто, чл. 25, ст. 1;
[525] Pollis, Adamantia, *Greek National Identity: Religious Minorities Rights and European Norms*, Journal od Modern Greek Studies, N. 10, 1992, str. 95;

добива се поголема моќ над општествените и политичките работи на своите земји-членки.

Уште поспецифично, Република Грција ја потпишала Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа на 22.09.1997 год., но и како членка на Советот на Европа и земја-членка на ЕУ, Грција е една од малкуте земји која сé уште не ја ратификувала Рамковната конвенцијата за заштита на национални малцинства, а тоа значи игнорирање на примената на нејзините одредби. Во грчкиот устав стои дека, ваквите меѓународни конвенции го потиснуваат спротивните одредби на домашните закони.

Грција ја ратификувала Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи во 1963 год., но таа главно ги игнорира одредбите од Конвенцијата. Кога Советот на Европа заклучи дека, Грција за време на хунтата, беше виновна за кршењето на Конвенцијата, нејзините воени владетели сметаа дека овие наоди се „повреда на суверенитетот на државата". Во 1985 год., Грција ратификува еден од Протоколите на Конвенцијата што им дозволува на поединци да се жалат на Европската комисија за човековите права за наводни кршења на нивните човекови права.[526]

Додека грчката обврска за заштита на индивидуалните права се повикува на евопските стандарди, постои еден голем исклучок-правата на религиозните и националните малцинства сериозно се кршат. Во вакви случаи грчките судови просто ја игнорираат Конвенцијата кога пресудуваат за уставноста на некое посебно законодавство. Грчките кршења на европската Конвенција за човекови права, особено во однос на правата на религиозните и националните малцинства, се првенствено одговорни за неуспехот на Грција да се приклучи на европските стандарди во однос на индивидуалните човекови права.[527]

Предизвикот на традиционалната концепција за грчкиот национален идентитет, наметнат од потребата на Грција да се согласи со европските стандарди за човековите прва, ќе поведе, да се надеваме, кон развивање на ново чувство за грчкиот национален идентитет, послоевито и плуралистичко-чувство во кое да се

[526] Pollis, Adamantia, *Greek National Identity:...*, стр. 178;
[527] Исто;

биде Македонец, од една страна, и да се биде Грк, од друга страна, нема да биде взаемно исклучиво. Тогаш грчкиот идентит ќе може да коегзистира не само со полокализираните етнички или регионални идентитети, туку и со транснационалните идентитети. Само кога Македонците и другите национални малцинства во Грција ќе ги уживаат сите права што ги уживаат грчките граѓани иако не се „Грци по род", само тогаш грчката стварност ќе биде потполно во согласност во европските идеали за човековите права на религиозните, етничките и националните малцинства.

3.3. Спор бр. 2: Негација на македонскиот национален идентитет

Очигледно е дека во комплексот на „спорните прашања" меѓу Република Македонија и Република Грција, зад „спорот околу името" на северниот сосед се наоѓаат и за Грција многу попрактични прашања: прашањето со македонскиот идентитет на населението во Северна Грција (грчка Македонија или Егејска Македонија), како и признавањето на неговиот статус на национално малцинство, согласно определбите на меѓународните норми.

Во грчката националистичка историја негацијата на македонскиот идентитет се сосредоточува на три главни прашања: *постоењето на македонската нација, македонскиот јазик и македонското национално малцинство во Грција.*

Грчката позиција, како што можеше да се очекува е дека не постои такво нешто како македонска нација. Бидејќи никогаш не постоела македонска држава, тврдат грчките националисти, не може да постои ни македонска нација. Македонската нација се определува како „лажна" или „искована" нација. Таа е една „вештачка творба", „фабрикација" или „изум" на Тито, југословенскиот повоен комунистички водач, кој во 1944 год., „крсти" еден „мозаик на националисти" (Албанци, Срби, Турци, Власи, Грци и Цигани) и без никаква оправданост им даде име „Македонци". Тито го зазеде географскиот термини го употреби да ѝ даде име на една нова националност. Правејќи го тоа, сé што беше географско македонски тој го намени на новата „македонска нација". Значи за разлика од Грците, кои се родени Грци „т.н. Македонци" беа направени; тие беа создадени со владин

декрет. Во една поекстремна националистичка реторика македонската нација се нарекува „грозотија", „рак рана" што Србите, пријатели на Грција, треба да ја „тргнат" од балканската сцена.[528]

Бидејќи јазикот што древните Македонци го зборување бил грчки, негрчкиот словенски јазик што се зборува во „Скопје" денеска, не може да се вика „македонски јазик". Во грчките извори тој јазик не нарекува „лингвистички идиом на Скопје". Згора на тоа, тврдат Грците овој „лингвистички идиом" или „дијалект" не е воопшто никаков јазик. Пред Втората светска војна „т.н. македонски јазик" бил сосема непознат. Јазикот што Словените во Скопје го зборувале бил „некоја идиомска форма на бугарскиот..., со еден многу оскуден вокабулар од не повеќе од илјада до илјада и петстотини зборови" од кои многу биле расипани позајмици од грчкиот, турскиот, влашкиот и албанскиот". Според зборовите на Николас Мартис, поранешен министер на Северна Грција „лингвистичкиот идиом на Скопје" претставувал „говорен збир на зборови, без синтакса, без граматички компоненти, без спелување".[529] Потоа во 1944 год., Тито вештачки го трансформира овој селски словенски дијалект во национален јазик и произволно го нарече „македонски јазик". Како што вели еден грчки лингвист, овој јазик „е толку близок и на бугарскиот и на српскиот, така што според лингвистичките норми, не може да претставува посебен јазик".[530]

Во однос на етничкиот состав на населението во Грција, официјално грчко становиште е дека, во Грција воопшто нема никакви етнички или национални малцинства. Грција е среќна што е „земја со практично идеална етничка, лингвистичка и религозна хомогеност и единство".[531] Единствен исклучок на ова тврдење за потполна етничка чистота е признавањето дека во Источна Тракија постои нешто што внимателно се нарекува муслиманско „религиозно малцин-

---

[528] *Makedhoniki Foni.* Monthly Publication of the Pan-Macedonian Association of Melbourne and Victoria. Fitzroy, Victoria. во Danforth, Loring M., стр. 62;
[529] Popov, Ch., Radin M., *Contemporary Greek Government Policy on the Macedonian Issue and Discriminatory Practicies in Branch of International Law,* Melbourne: Central Organizational Committee for Macedonian Human Rights, Australian Sub-Committee, 1989, стр. 46;
[530] Andriotes, Nicholas P., *The Confederate State of Skopje ant Its Language, Athens*, 1957, стр. 6;
[531] Angelopolos, A., *Population Distribution od Greece Today According to language,* National Consciousness and Religion, Balakan Studies, br. 20, 1979, str. 129;

ство“, наспроти турското „етничко или национално малцинство“ што не постои. Со други зборови, во Грција нема „Турци“ туку само „муслимански Грци“.

На сличен начин во Грција нема Словени, а да не зборуваме за некакви „Македонци“. Постои само една мала група на „славофонски Елини“ или „двојазични Грци“ кои зборуваат и грчки и „еден чуден словенски идиом“ но, кои имаат „грчка национална свест“.[532] Или како што стоеше на транспарентите при протестите на Грците низ светот „Едеинствени Словени во Грција се туристите“. Она што често се нарекува „сенишно славо-македонско малцинство“ не постои. Бидејќи додека постои грчко малцинство во Албанија „нема, ниту може да има албанско малцинство во Албанија“. Значи, „не може да има македонско малцинство во Грција, бидејќи македонија ја сочинува Северна Грција и сите нејзини жители очигледно се Македонци“.[533]

Бранејќи ја својата етно-специфичност, Македонците на Балканот и пошироко, упорно се спротивставуваат на националистичките тврдења на соседните земји и тврдат дека тие не се Срби, Југословени, Бугари или Грци. Згора на тоа, тие одбиваат дека постои такво нешто како југословенски-Македонци, бугарски-Македонци или грчки-Македонци. Тие ги отфрлаат овие зборови со цртичка, сметајќи ги за „разделувачко-етикети“ индикативни за еден „разделувачки менталитет“ што мора да се надмине. Не постојат ниту Славо-Македонци, како што не постојат Славо-Руси или Славо-Полјаци. Употребата на такви термини, според еден активист за правата на Македонците, го негира постоењето на Македонците како единствена нација и им служи на „денационализторските цели на нашите балкански господари и ја потврдува пропагандата на оние што вршат геноцид над нас“.

Умерените Македонци се свесно дека не постои можност одново да се цртаат меѓународните граници, ја признаваат неповредливоста на границите и суверенитетот на своите соседи. Меѓутоа, тие упорно бараат од Бугарија и Грција да

---

[532] Kofos, Evangelos, *Nationalism and Communism in Macedonia*, Thesaloniki: Institute for Balkan Studies, 1964, стр. 226;

[533] *Vergina*, Newslettr published by the Macedonian Academc Society, Melbourne, Australia ;

го признаат постоењето на македонските национални малцинства во рамките на нивните граници и да им се гарантираат основните човекови и малцински права.

Како одговор на грчките националистички тврдења дека не постои македонска нација, јазик и малцинство и дека „Словените" или „Скопјаните" немаат право на македонското име, Македонците ги обвинуваат Грците дека го негираат македонскиот идентитет, држејќи монопол на името „Македонија" и проневерувајќи го да значи „грчко". Тие го отфрлаат грчкото тврдење дека Грците имаат некакво авторско право наимето Македонија. Македонците исто така ја отфрлаат идејата дека Грците и само Грците се наследници на Александар Велики и на дрвните Македонци, цитирајќи го делото на Јакоб Фалмарајер, германски научник од деветнаесеттиот век, кој стана вечен непријател на Грција, бидејќи ја дискредитира романтичната идеја за континуитетот на елинизмот. Македонците тврдат дека додека низ историјата Македонците секогаш биле познати како Македонци, Грците неколку пати си го промениле своето име.[534]

Лоринг Денфорд го употребува терминот „Македонец", за да се однесува на луѓе од словенско говорно подрачје со „македонски национален идентитет" без разлика на нивната земја на потекло. Од оваа перспектива, може да постојат неколку вида на Македонци: оние кои се граѓани на Република Македонија, или оние кои се граѓани на Бугарија, Грција, Албанија, САД, Канада, Австралија итн. Секако дека оваа категоризација ги игнорира македонските граѓани со различен етникум кои живеат во рамките на Македонија (на пр. Албанци, Власи, Турци, Срби, Роми итн.), кои е можно да имаа определена лојалност кон државата во која живеат. Во услови на тековниот спор Грција-Македонија, може да помислиме на друга дихотомија на Македонци: од една страна оние граѓани на Македонија кои живеат, или кои може да живеат во новата Република Македонија; а од друга страна Македонците кои се грчки граѓани, од кои голем број живеат во Егејска Македонија. „Голем број", затоа што проценката на бројот на овие луѓе во Еге-

[534] За време на Римјаните биле познати како Ахајци; за време на византискиот период како Римјани. Дури во 1821 год., станале познати како Елини. На крајот, Македонците нагласуваат дека многу познати „Грци" не биле воопшто „Грци". Маркос Бацарис, херој од Грчката војна за независноста бил Албанец, а Јон Каподистриас, првиот претседател на Грција, бил Венецијанец. Кога Грците тврдат дека не постојат Македонци, Македонците одговараат тврдејќи дека, всушност не постојат Грци, а не Македонци. Во Danforth, Loring M., стр. 82;

јска Македонија се движи од околу 20.000 (грчки извори), преку 300.000 (меѓународни извори), до околу еден милион (македонски извори). Ако ја земеме средната проценка како најверојатна, тогаш Егејските Македонци со грчко или друго граѓанство се бројни барем колку и во САД, Канада и особено во Австралија како што се и во Грција.[535]

Според Денфорд, од антрополошки поглед релативно скората дата на создавање на македонската држава и на конструкција на македонската нација не значи дека, како што тврдат грчките националисти, македонскиот народ е „вештачки", додека грчкиот народ е „природен". Денфорд му дава задача на грчкиот владин историчар Кофос да се изјасни за она што тој го смета како погрешна употраба на поранешната теорија за природата на националниот идентиет во неговата поддршка на грчката кауза. Кофос тврди дека македонскиот национален идентитет е единствено „замислен" (употребувајќи ја терминологијата на Бенедикт Андерсон), додека грчкиот национален идентитет е „вистински". Денфорд расправа дека и македонскиот национален идентитет и грчкиот национален идентитет се еднакво изградени.

Центарлниот проблем во расправата помеѓу Грците и Македонците, Денфорд го гледа во тоа што два различни национални идентитета и култури биле изградени од иста суровина, од ист збир на моќни национални симболи. Тој смета дека, додека една територија треба да биде взаемно ексклузивно поседување од една или друга држава-конкретно село може да биде лоцирано единствено во Грција или во Македонија-не само што две култури можат да коегзистираат на едно место, туку два различни народа со две различни националности може да делат исто име. Оттука тој вели дека може да има два вида Македонци, Грци и не-Грци. Слично на ова, може да постои Македонија која е независна држава и Македонија која е регион во друга држава. Тој смета дека такво решение може да предизвика одредени забуни, но верува дека е поволно за непризнаените Македонци кои не се Грци да им се овозможи правото да се идентификуваат себеси како Македонци.[536]

---

[535] Исто;
[536] Исто;

3.4. Македонското национално малцинство во Република Грција (Северна Грција/Грчка Македонија/Егејска Македонија)

Дали македонската нација постои или не, тоа прашање одамна е веќе решено-не во полемиките, кабинетите и на зелена маса. Тоа прашање не може ни да се поставува од секој оној што води сметка за историските факти. Но, по сите жолчни расправии, по многубројните негативни тврдења, по секојдневните напади против Македонците во Егејска Македонија и по преземањето на конкретни мерки за нивно фактичко ликвидирање: се поставува, навистина, голо и отворено прашањето: *постои ли македонско национално малцинство во Грција?*

Спрема сите историски факти, спрема статистичките податоци и искажувањата на низа автори, а кои се однесуваат на различни историски периоди, спрема реалната ситуација денес во Република Грција-македонското национално малцинство во Грција постоело и постои и тој факт не може со никаков сериозен приговор да биде негиран. Тој факт не може да биде негиран уште повеќе кога ќе се земат во предвид и многубројните обврски што разните грчки влади во меѓународните договори ги преземаа со цел да се заштитат малцинствата што живеат на територијата на Грција.

Прашањето на положбата на македонското национално малцинство во Грција се поставува дотолку повеќе што во современите услови ретки се земјите каде што на националните малцинства не им се обезбедени минималните малцински права. Парадоксалноста на ова прашање се состои, всушност во тоа што Македонците во Егејска Македонија имаа повеќе права во времето на турската империја отколку сега.

На 21-ви април 1994 год., американскиот огранок на *Human Rights Watch*, го издаде извештајот насловен како *„Негирање на етничкиот идентитет: Македонците во Грција"*. На 84 страни извештајот ги опишува во детали постоењето и активностите на македонското национално малцинство во Егејска Македонија.

Исто така во извештајот се споменува дека македонското малцинство е значително по број со сопствен јазик и култура.[537]

За време на една посета во Солун, во ноември 1999 год., високиот комесар за малцинства на КЕБС, Макс ван дер Штул изјави дека, „положбата на македонското национално малцинство во балканските земји заслужува повеќе внимание". Подоцна, по бурните грчки реакции, коментирајќи ја изјавата на Ван дер Штул, грчкиот министер за надворешни работи Папуљас, рече, „не постои друго малцинство во Грција освен муслиманското малцинство".[538]

Големи реакции во грчката јавност доживеа сензационалната репортажа на новинарот Танас Атанасиу со жителите на Флорина во Грција. На 9 октомври 1994 год., во весникот *Нова Македонија* беше објавен напис во кој се вели дека, „гледачите во Атина за првпат можеа да слушнат грчки жители кои велат дека не се „Грци по потекло'' туку Македонци. Гледачите на Атина и други делови на Грција слушнаа дека Флорина (инаку сé уште наречен Лерин од страна на Македонците) е населен со „не-грчки народ'' кој зборува на друг јазик. На прашањето: „Дали сте Грк? ", Ставрос Анастасиадис одговори: „Не, не сум. Јас воопшто не се чувствувам како Грк". Репортерот прашува: „Па што сте тогаш вие?", а одговорот: „Јас сум Македонец".[539]

Презентацијата беше сметана за сензационална и од страна на новинарите кои ги правеле интервјуата со жителите на Лерин, бидејќи забележаа дека грчките власти сé дотогаш го негирале постоењето на македонското национално малцинство.

---

[537] Во извештајот се дадени повеќе податоци од кои за бројот на етничките Македонције се вели: Според грчката влада бројот на населението на тринаесетте номархии (регионални области на Македонија изнесува 2.121.953...Во официјалните пописи на населението во Грција не постои класифицирање според јазикот кој го зборуваат. Последниот таков попис бил во 1951 год., кога 41.000 1ители низ Грција беа попишани како Славо-Македонци. Во 1992 год., во Државниот извештај на САД е објавено дека: Северна Грција е дом на мал број (неофицијално над 10.000 до близу 50.000) грчки жители кои се потомци на луѓе кои зборуваат на Словенски дијалект. Некои сé уште го зборуваат тој дијалект, а малкумина од нив се идентификуваат себеси како Македонци. *DENIAL OF ETHNIC IDENTITY*, The Macedonans in Greece, Human Rights Watch/Helsinki, April 11-22, 1994;
[538] Macedonian Information Center (MIC), Skopje, November 14, 1994;
<http://www.osce.org/inst/hcnm/news/stat-hcnm-99.htm.
[539] *We Are Fine What We Are*, MILS News, Skopje, Octomber 10, 1994;

До слични, но податоци со огромна научна вредност за Македонците во Егејска Македонија, дошла Анастасија Каракасиду, академик со грчко потекло во својата студија за наоѓање на потиснатата, но сé уште жива, македонска култура и јазик во Егејска Македонија. Во своите посети на Флорина (Лерин) и Едеса (Воден), таа заклучила дека, Грција ги помешала етничката и националната припадност и додава: „Редефинирајќи ја етничката како национална припадност, грчката влада креираше контрадикторности што денес, се камен темелник на малцинските проблеми во Северна Грција... Иако асимилацијата во централна грчка Македонија сега е речиси завршена, во регионот на Флорина некои локални заедници продолжија со покажување на етничката (т.е. славо-македонска) свест, и покрај нивниот грчки идентитет... Тоа што повеќето го бараат е признавање на нивниот статус како етничко малцинство во националната држава, а со тоа и право на еднакви шанси за влез на работа, практикување на својата православна вера, да зборуваат на свој јазик и да ги образуваат нивните деца со фолклорот и приказните на нивните предци“.[540]

Поранешниот претседател на Република Македонија, Киро Глигоров, вели дека верува оти загриженоста на Грција во спорот со Македонија се врти околу можноста словенските Македонци, кои ја напуштиле или биле протерани од Грција по Граѓанската војна, да бараат да им се врати одземената земја. Илјадниците што живеат во егзил би сакале да си ги повратат земјиштата и домовите што биле принудени да ги напуштата. Во поткрепа на ова е интервјуто во Њујорк Тајмс на американскиот новинар Чак Судетик со еден Македонец во егзил кој рекол: „Не станува збор само за името и знамето, овде станува збор за имотот... Јас имав куќа, 14 ниви, неколку лозја и ледина посадена со костени. Тој имот бил во моето семејство веќе 300 години и јас сакам да ми биде вратен“.

---

[540] Karakasidou, Anastasia, Politicizing Culture: Negating Ethnic Identity in Greek Macedonia, *Journal of Modern Greek Studies,* n. 11, 1993, стр. 1-28; Во врска со оваа работа на Анастасиа Каракасиду интересно е да се каже дека била многу негативно примена во грчката јавност и од страна на грчките националисти. Леонард Дојл пишува дека, заради избегнување на непотребните контраверзи околу дебатата за Македонија во Грција, таа не ја објавила својата докторска дисертација која се однесувала на Егејска Македонија, но националистите дошле до копија од нејзе и добила смртни закани во прекриена приказна за можниот начин на нејзината смрт од еден грчко-американски весник во САД. Тоа биле некои од причините што таа престанала со својата академска работа и поставените цел за докажување на грчките невистини за Македонците во Егејска Македонија.

Американскиот антрополог Лоринг Денфорт тврди дека, негирањето на правото на грчките Македонци, кои не се етнички Грци, да се идентификуваат како Македонци може да се види како еден вид на симболично етничко чистење, бидејќи не само што го порекнува постоењето на македонска нација и малцинство во Грција, туку исто така се обидува да го уништи и нивниот идентитет, јазик и култура. Денфорд смета дека, ваквиот пристап „е израз на истиот етнички национализам, кој понекогаш во периодите на економски хаос и политички колапс, може да доведе до буквално, а не само симболично етничко чистење. Истиот оној вид што го гледаме сега во другите делови на поранешната Југославија".[541]

Меѓутоа, Денфорд тврди дека грчката стретегија може да биде и успешна. Според една антрополошка перспектива, обидите на Грција да наметне хомогена национална култура, на една група народ со различни јазични и културни традиции, може да доведе до создавање на национално малцинство. Со негирањето на постоењето на македонско малцинство во северна Грција, грчката влада можеби ги негува „истите оние кошмари кои се обидува да ги потисне".[542]

4. Положбата и правата на македонското националните малцинства во Република Грција во контекст на РКНМ

Грција ја потпиеша Рамковната конвенција за заштита на национални малцинства во Стразбург, на 22 септември 1997 год. Конвенцијата сé уште не е ратификувана, што значи нејзините одредби за заштита на националните малцинства не се применуваат во Грција. Изговорот на Република Грција за непотпишувањето на Конвенцијата е дека малцинската заштита е загарантирана од други меѓународни документи кои се наменети за малцинската заштита, а во кои Грција е потписничка, како и членството на Република Грција во меѓународните тела и организации (ЕУ, Советот на Европа, ОБСЕ, ООН, УНЕСКО и др.). Од меѓународните договори, Грција ги има потпиешано и ратификувано: *Меѓународниот пакт за граѓански и политички права* (ратификуван 1997);

[541] Danforth, Loring M., стр. 94;
[542] Исто;

Меѓунардонатта конвенција за елиминирање на ситте форми на расна дискриминација (ратификуван 1970); *Европскатта конвенција за заштитта на човековитте права и основнитте слободи и други меѓународни норми* (ратификуван 1974); Република Грција, исто така ја нема ратификувано *Европскатта повелба за регионални и малцински јазици.*[543]

Според Уставот на Република Грција (чл. 28, ст. 1), „Начелно утврдените норми на маеѓународното право, како и меѓународните договори по нивната ратификација по законодавен пат и нивното влегување во сила според одредбите на секој од нив, претставуваат составен дел на внатрешното грчко право и имаат повисоко значење од сите на нив спротивни одредби дадени со закон".

Единствената уставно гаранција која имплицира на малцински права и заштита , односно недискриминација е чл. 5, ст. 2 од Уставот во кој се вели дека, „сите лица што се наоѓаат на грчката територија уживаат апсолутна заштита на својот живот, на своето достоинство и својата слобода без разлика на националноста, расата, јазикот, или на религиозните и политичките убедувања".

Темата за заштита на правата на малцинската на грчката политичка сцена доби на „популарност" кога притисоците од меѓународната заедница, НВО-ции и организациите на малцинствата станаа се почести и укажуваа на потребата од модернизација (хуманизација) на државната политика кон малцинствата.

Чл. 2 од Рамковната конвенција, според кој одредбите од Конвенцијата „се применува со добра верба, во духот на разбирањето и толеранцијата и во склад со добрососедските и пријателски односи и соработка меѓу државите", е ирелевантни за Република Грција, бидејќи Конвенцитата не е ратификувана. Доколку беше така оваа обврска треба да се исполнува по принципот на реципроцитет, особено во однос на грчките соседни кои имаа делови од својот народ на територијата на Грција. За да функционира овој принцип еден од основните предуслови е не-

[543] *Меѓународниот договор за економски, социјални и културни права* (ратификуван 1985); *Конвенција за превенција и спречување на кривичното дело геноцид* (ратификувана 1954); *Конвенцијата за заштита на правата на детето* (ратификувана 1992); *Конвенцијата за елиминација на ситте форми на дискриминација против жената* (ратификувана 1983); *Европската конвенција против тортура и нечовечки и понижувачки третман* (ратификувана 1993); *Европската социјална повелба* (ратификувана 1984);

постоење на спорни прашања меѓу Грција и нејзините соседи.[544]На самиот почеток беше истакнат грчко-македонскиот спор со името, со постоењето/непостоењето на македонската нација, јазик, и на крајот македонското малцинство во Грција, а тоа е доволно јасно за да потврди дека принципот на реципроцитет е неприменлив.

4.1. Грчка дефиниција за поимот „национално малцинство„ и правото на слободно изразување на етничкиот идентитет на Македонците

Следејќи ја формата на Рамковната конвенција за заштита на национални малцинства во контекст на одредбите од чл. 3, може да се каже дека во законодавството на Република Грција не постои дефиниција за „национално малцинство" или за „малцинство" воопшто.

Грчкото законодавство оперира со терминате ***omogenis*** (национални или етнички Грци) и ***allogenis*** (не-национални или не-етнички Грци). Во 1981 год., Советот на државата-Грција, дал толкување за термините, определувајќи дека, „***allogenis*** е лице родено од родители кои се ‚не-етнички Грци', манифестира *‚недостаток на грчка национална свест*'; сé уште не асимилиран од грчката нација; и припаѓа на група со која има зедничка историја, традиција, аспирација и идеали". Додека „***omogenis*** е лица од родители ‚етнички Грци'; со силно изразена грчка национална свест; и припаѓа на грчката нација".

Оваа определба на термините „етнички Грци" и „не-етнички Грци" најширока примена најде при споведување на одредбите од чл. 19 на Законот за државјанство на Република Грција. Според него, грчките граѓани ‚***allogeneis***', можеа на многу едноставен начин да го изгубат своето државјанство, доколку е утврдено дека ја напуштиле Грција со намера да не се вратат, иако прогонството е неуставно. Од друга страна пак, грчките граѓани кои се ‚***omogeneis***', врз основа на чл. 6 од истиот закон, можат да стекнат државјанство на многу полесен и побрз начин, отколку ‚***allogeneis***'. Оваа дистинкција меѓу грчките граѓани се употребува

[544] Покрај грчкиот спор со Република Македонија, околу името и македонското национално малцинство во Грција, Република Грција има слични и исти спорови со Република Албанија, околу постоењето/непостоењето на албанско национално малцинство во Грција, како и со Турција во врска со турското религиозно/национално малцинство;

во многу законски акти и оди во прилог на грчката официјална политика на непрепознавање на национални малцинства на своја територија.[545]

Во извештајот од 1994 год., на *Британскиот одсек на меѓународното здружение за човекови права (ISHR)* забележа, „официјално тормозење и апсење на поранешните грчки граѓани (со словенско потекло) кои се враќаат во Грција да ги посетат своите семејства". Во *Негирањето на етничкиот идентитет: Македонците во Грција,* забележано е дека „на македонските политички бегалци кои ја напуштиле Северна Грција по завршувањето на Граѓанската војна, како и на нивните наследници кои се идентификувале како Македонци, не им е дозволено да се здобијат со државјанство, повторно да се населет во земјата или пак, да ја посетат Грција".[546] Асоцијацијата за човекови права во Егејска Македонија, со седиште во Австралија, подготви извештај во кој детално се објаснуваат жалбите за злоупотреба на човековите права и дава загрижувачки примери за третирањето на македонко-грчки граѓани кои потпаѓале под оваа грчка легислатива.

Грчките власти официјално признаваат постоење само на едно национално малцинство, а тоа е Муслиманското,... додека другите јазични или етнички групи не се сметаат за национални малцинства, како што се: Ромите, Власите, грчките граѓани кои зборуваат Македонски *(Macedonian-speakers),* вклучувајќи ги и етничките или националните Македонци *(ethnic and national Macedonians)* и мала група на Евреи.[547]

Националниот статистички институт на Република Грција ги спроведува пописите на населението секои десет години, а во Прашалникот не се определува место за национално/етничко самоопределување на грчките граѓани.[548]

---

[545] Според изјавата на Министерот за внатрешни работи, Алекос Пападопулос во1998 год., повеќе од 60.000 грчки граѓани го изгубиле грчкото државјанство во периодот од 1955 до 1998 год., по основ на чл. 19 од Законот за државјанство, а тие најчесто беа не-етнички Грци. (муслиманското малцинство, македонското малцинство итн.). Minister of Interior Alekos Papadopoulos, *Avghi,* 24/1/1998

[546] *DENIAL OF ETHNIC IDENTITY,* The Macedonans in Greece, Human Rights Watch/Helsinki, April 11-22, 1994;

[547] GREEK HELSINKI MONITOR (GHM) & MINORITY RIGHTS GROUP – GREECE (MRG-G), ***Greece, Report about Compliance with the Principles of the Framework Convention for the Protection of National Minorities*** *(along guidelines for state reports according to Article 25.1 of the Convention),* 18 September 1999 <http://www.greekhelsinki.gr/;

[548] За повеќе информации види на: http://www.statistics.gr/;

Лицата кои припаѓаат на македонското и на турското национално малцинство немаат право на слободен избор да бидат третирани како такви и да ги остваруваат правата од тој избор, наспроти многуте неповолности кои произлегуваат токму од таквиот избор. Во најмногу случаеви тие неможат да ги оставруваат своите права и слободи ниту во заедница со други.[549]

Amnesty International, во ноември 1992 год., во извештајот насловен како *„Нарушување на правта за слободно изразување"*, го објави ***Случајот-Христос Сидеропулос*** и *Анастасиос Булис.* Овие двајца активисти беше предвидено да се појавата на сослушување на 10 декември 1992 год., откако биле објавени нивните коментари во едно интервју за грчкото списание *Ена* (во март 1992 год.). Тие зборувале за нивниот македонски етнички идентитет, велејќи дека тие се „чувствуваат Македонци". Сидеропулос вели: „Постојат милиони Македонци (во Грција). Ние имаме право на асоцијации, училишта, цркви, традиција... Јас имам македонска етничка свест... Јас припаѓам на етничко малцинство кое не е признато во мојата држава". Во март 1993 год., судот ги осуди Сидеропулос и Булис им изрече казна од пет години затвор. Подоцна двајцата беа ослободени по усвојувањето на нивната жалба, а обвиненијата спрема Сидеропулос и Булис беа отфрлени поради промените во законот што се однесуваат на искажаните мислења во медиумите. Претседателот на Грчкиот Хелсиншки Монитор, Панајотис Димитрас вели дека, грчките активности во овој случај биле забележани ширум светот и ѝ донесоа лош углед на Грција во меѓународната заедница.[550]

Правната акција против Сидероплос повлече остри реакции од *Меѓународната хелсиншка федерација за човекови права* со седиште во Виена. Таа јавно изјави дека е загрижена за судењето, тврдејќи дека применетиот закон ги нарушил принципите на слободата на говорењето. Според нив, изјавата на

---

[549] (GHM) & (MRG-G), ***Greece,*** *Report about...*FCNM, (along guidelines for state reports), стр. 10;

[550] Сидеропулос (првпат) и Ставрос Анастасиадис се соочија со обвиненија кои произлегуваат од слични изјави, дадени на 10 јуни 1990 год., во Копенхаген на Конференцијата за човековата димензија (CHD) на КЕБС. Грчката делегација на конференцијата во Копенхаген побара од извршниот секретар на конференцијата да го отстрани печатениот материјали од масата на делегацијата на Движењето за македонските човекови права, чиј претседател е Сидеропулос. Јавниот обвинител, Илиас Костарас, го повика Сидеропулос на суд, обвинувајќи го за „ширење на дезинформации, со што се загрозуваат и меѓуинародните односи на Грција". *Amnesty International,* Index: Eur 25/Wu 02/ 94 10 May 1994;

Сидеропулос е само изразување на сопствено мислење, право кое е заштитено во грчкиот Устав, со Европската конвенција за човекови права (со чл. 10, ст. 1), и Универзалната Декларација за човекови права (чл. 19). Со обвинението врз оваа основа, вели Комиитетот, „Грција е прва членка на КЕБС која ги тужи своите граѓани за искажување на индивидуално мислење за време на конференција на КЕБС". Хелсиншката федерација апелираше до владите на сите земји членки на КЕБС да се побара од грчките власти повлекување на обвинението, бидејќи тие претставуваат директен напад на развојот на КЕБС и предизвикуваат загриженост во поглед на грчката готовност да делува во согласност со меѓународните правила за малцинствата и слободата на говорот.[551]

Според *Human Rights Watch*, обвинението против Сидеропулос се дел од официјално дозволената политика на малтретирање на етничките Македонци кои живеат во Грција. Извештајот вели дека, „обвинувањето на луѓе за мирно изразување на сопствените погледи, без оглед на тоа дали се тие популарни или не, е забрането со меѓународните закони и спогодби за човекови права". Односот кон Сидеропулос беше опишан како процес кој се „одвива спротивно на најосновните вредности на европското општество... Грција се обиде да го сруши неговиот глас: Британија би требало да му понуди азил".

Европскиот суд за човекови права го заврши процесот Сидеропулос и другите против грчката влада, започнат пред околу осум години, а кој откако ги помина сите судски инстанци во Грција својата завршница ја доби на 10 јули во Стразбур. Европските судии во својата одлука рекоа дека: *„Грција го прекршила чл. 11 од Европската Конвенција за правата на човекот со кој се регулира правото на слободно здружување на граѓаните"*, пресудувајќи државата Грција да им исплати 4 милиони драхми на тужителите, во рок од три месеци и *„се обврзува да им овозможи на своите граѓани што себеси се чувствуваат како Македонци да*

---

[551] *Amnesti International (AI)* тврди дека обвинението против него би требало да бидат правно неупотребливи, бидејќи чл. 6 на грчкиот Кривичен закон вели дека, грчки граѓани може да бидат обвинети за криминален чин сторен во странска држава само ако тој „чин е казнив според законите на таа земја" или има „барање од владата на земјата каде е извршен прекршок". Ниту еден од овие услови не бил исполнет. АИ верува дека доколку Христос Сидеропулос биде затворен, тој ќе биде затвореник на совеста. *Amnesty International*, Index: Eur 25/Wu 02/ 94 10 May 1994;

се организираат врз етничка основа".[552] Одлуката е примена во Друштвото за човекови права на Македонците во Грција, со седиште во Лерин, чиј претседател е Христос Сидеропулос. Главниот иницијатор на процесот, многупати осудуваниот Македонец во Грција Христос Сидеропулос, одлуката на Еворпскиот суд ја оценува *„како голема сатисфакција за Македонците во Грција и охрабрување за натамошната борба за нивните права"*.

4. 2. Право на рамноправност и не-дискриминација

Државите кои ги потпиешаа меѓународните договори за малцинска заштита се обврзаа на припадниците на националните малцинства да им гарантираат рамноправност пред законот и еднаква законска заштита. Република Грција тврди дека основната и најважна антидискриминаторна правна одредба е содржана во Уставот (чл. 5, ст. 2), а останатите поконкретни мерки за обезбедување на еднаквост пред законот се применуваат согласно Конвенцијата за елиминирање на сите форми на расна дискриминација. Антидискриминаторната политика и правните норми за еднаков третман на припадниците на етнички, јазични и религиски групи во Република Грција, според официјалните грчки власти се изразени во неколку уставни одредби.

Во извештајот од анализата на *GHM & MRG-G,* наведувајќи притоа повеќе од стотина индивидуални случаи на дискриминација, се вели дека, „во овој како и во другите поврзани членови од Уставот на Грција се поттикнува асимилацијата на лица со не-Грчко етничко потекло".[553]

Во сите меѓународни извештаи за малцинските права со голема жестина се осудува официјално применетиот акт на дискриминација, т.е.,чл. 19 од Законот за државјанство на Република Грција.[554] Укинувањето на член 19, од страна на Парламентот на 11 јуни 1998 год., озакони уште една дискриминација, бидејќи

[552] *Greece condemned for discriminating against Macedonian minority,* GREEK HELSINKI MONITOR & MINORITY RIGHTS GROUP – GREECE, 13/7/1998 <http://www.dhcour.coe.fr/eng/SIDIROPOULOS%20&%20OTHERS%20ENG.html

[553] (GHM) & (MRG-G), ***Greece,*** *Report about*...FCNM, стр. 14;

[554] *Greek Citizenship Code*, Law 3370/1955; Ако забраната на ретроактиот ефект од укинувањето на чл. 19 од Законот за државјанство, како и неможноста за враќање на државјанствата на минатите „жртви" се поврзе со Декретот бр. 2536 од 1953 год., кој се однесуваше на „колонизацијата на

ламентот на 11 јуни 1998 год., озакони уште една дискриминација, бидејќи немаше „ретроактивен ефект“ т.е. минатите „жртви“ немаа право на да си го повратат изгубеното државјанство грчко државјанство. Тоа се однесуваше и за оние грчки граѓани кои по губењето на грчкото државјанство добиле државјанство на друга држава.

Бидејќи, Република Грција не ја ратификуваше Рамковната конвенција, тогаш за неа не важат одредбите од чл. 5 и 8, кои се однесуваат на обврската за унапредување на условите потребни за одржување и развивање на културата на припадниците на националните малцинства и зачувување на неопходните елементи на нивниот идентитет. Во Грција не постои официјална политика која ќе ја поттикнува културната и религиозната различност.

4 .3. Слобода на вероисповест

Во Уставот на Грција (чл. 13) се вели: „Слободата на религиозното уверување е неповредлива. Уживањето на индивидуалните и политичките права е независно од религиозните уверувања на поединецот. Секоја признаена религија е слободна; религиозните обреди се остваруваат без пречки и под заштита на законите. Со религиозните обреди не може да се повредуваат јавниот ред или добрите обичаи. Прозелитизмот[555] е забранет. Свештениците на сите признати религии се подвргнати под надзор на државата и имаат исти обврски спрема неа како и свештениците што и припаѓаат на домашната религија. Никој не може да биде ослободен од своите обврски спрема државата или да одбие да се сообрази со одредбите на законите поради своите религиозни уверувања... “.

Доминантна религија во Грција е Источната ортодоксна црква на Христа (чл. 3 од Уставот). Текстот на Уставот на Република Грција, започнува со зборовите „Во името на Света Тројца, единствена и неделива“, што е еден необичен начин на изразување на одделеноста на црквата и државата.

пограничните подрачја“ (иселени од Македонци), тогаш станува јасна намерата на грчките власти околу нивната одлука за неможноста од враќањето на грчките државјанства за Македонците.

[555] *грч.* восхитеност од новопримената вера; настојување да се приберат колку, што е можно поголем број нови следбеници на некоја вера;

Во овој контекст интересен е ***Случајот-Архимандрит Никодимос Царкњас***, кој на индиректен начин поврзува неколку проблеми: правата на Македонците во Грција, верските права, правото на слободно изразување и уште многу други. Архимандрит Никодимос Царкњас, е еден од водачите на кампањата за човековите права на Македонците во Грција. Тој, заедно со група истомисленици во септември 1991 год., го формираа *„Македонското движење за балкански просперитет"*. Тој јавно ја бранеше слободата на Македонците да го искажуваат својот етнички идентитет, своето етничко наследство, да бидат образувани и да посетуваат богослужби, како на грчкиот, така и на нивниот македонски јазик. Неговите активност биле следен повеќе од 10 години од страна на грчките власти по што, како што велат во грчкиот огранок на Хелсиншкиот комитет, „дошло до кампања за уништување на личноста која содржи тешки обвинувања". Неговото патешествие, според него, започнува кога во октомври 1989 год., му било понудено место на епископ, доколку застане на иста страна со државата по македонските прашања, а му било кажано дека скапо ќе плати ако не прифати. Тој не ја прифатил понудата и продолжил со своите активности за афирмирање на македонското малцинско прашање. Во 1992 год., епископот Апостолос го отпуштил Отец Царкњас од неговата парохија, а подоцна тој заедно со уште еден верник (Фотиос Целепис) бил повикан на судење, под обвинение дека го навредил Архиепископот. Тоа било параван за вистинската причина за неговото апсење, а тоа според извештајот Стејт Департментот е поради „немањето храброст на властите да кажат дека го отпуштиле и оптужиле поради неговите анти-елинистички ставови". како и да побараат „да му се суди за предавство", наместо тоа тие „го отстранија со млакото оправдание". Иако судењето било одложено, судењата биле постојано презакажувани. Под обвинение дека „пружал отпор при апсењето" во годините после 1992 год., тој постојано бил канет на судења. Како резултат на обвинението, по 20 години служба во Грчката православна црква, во 1993 год., на Отец Царкњас му била одземена мантијата од страна на Светиот синод, а официјалната причина за тоа била неговата (не)дисциплина, но (според Грчкиот хелсиншки монитор), „најверојатно поради неговото застапување за правата на македонското малцинство во Грција". Веднаш потоа, тој и се придружи на Македонската православна

црква и стана член на манастирот „Св. Ѓорѓи Великомаченик“ во скопското село Кучково. Од тогаш, тој е прогонуван за поседување лажен авторитет од владата на Грција.

Во меѓувреме, во март 1993 год., престојувал во Австралија меѓу македонските иселеници каде што дал изјава за печатот во врска со малцинските права во Грција и положбата на македонското национално малцинство. Еден месец подоцна, на одржаната конференција за печатот во Скопје, тој покрај проблемите на македонското малцинство во Грција зборуваше и за спорот со името, при што истакна дека „проблемот не е во името, туку во Македонија“.

На 5 мај 1994 год., Отец Царкњас бил уапсен на враќање од Македонија во Грција. Не е јасно врз основа на кои обвинувања тој бил уапсен, меѓутоа обвинението подоцна беа отфрлени и тој е ослободен откако хелсиншкиот огранок на *Human Rights Watch* и AI испратиле строга протестна нота до Атина.[556]По апсењето бил известен дека не смее да ја напушти Грција. Во своето отворено писмо до македонските организации во Канада, Америка, Австралија и Европа, Царкњас пишува: „Основната причина зошто сум спречен да ја напуштам Грција е дека јас ‚ќ пркосам на Грција'.Овој коментар навидум се однесува кон мојата борба за националните права на Македонците кои живеат во Северна Грција. Јас ве повикувам да ги информирате сите меѓународни организации за тоа како мене ми е забрането да ја напуштам Грција, без никаква издадена судска наредба“.[557] Едночлениот ротирачки суд на Едеса го осуди Отец Церкњас двапати за исто обвинение и го казни на шест месеци затвор, при што истовремено побара да вети дека никогаш веќе нема да облече мантија.

Грчкиот хелсиншки мониторинг ја осуди двојната пресуда, опишувајќи ја како нарушување на верската слобода која претставува опасен преседан за созда-

---

[556] Во писмото од 10 мај, ***Amnesty nternational*** ургираше кај грчката влада да гарантира дека сериозните обвинениј за малтретирањето на Анхимандритот Царкњес ќе бидата во целост испратени од страна на непристрасни претставници на власта и дека личноста одговорна за овој настан ќе биде изведена пред лицето на правдата. Американскиот Стејт Департмент забележува дека ниту еден претставник на полицијата досега не бил обвинет или казнет за вакво однесување. *Amnesty International* Index: Eur 25/Wu 02/ 94 10 May 1994;

[557] Nikodimos Tsarknias, handwritten personal letter. Sant Sophias 14, Aridea-Vellis Postcode 58400, May 12, 1994;

вање нетолеранција на Балканот. Осудите против Царкњас беа базирани на аргументот дека, „како грчки граѓанин, тој не може да се повикува на не-грчка црква".

Грчкиот хелсиншки мониторинг истакнува дека, „вистинската причина за одлуката на судот против отец Царкњас е неговата поддршка за правата на македонското малцинство во Грција, неговата водечка улога во организацијата Македонско движење за балкански просперитет, која нашироко ја афирмира положбата на македонското малцинство во Грција".[558]

Грчкиот Хелсиншки комитет во својот извештај за човековите права истакнува: „Во Грција постои голем недостаток од секаков вид на толеранција и разбирање кон малцинствата од страна на мнозинството како и меѓукултутен дијалог помеѓу мнозинството и малцинството, односно со повеќето од малцинствата. Наспроти тоа актите на насилство врз нив се многубројни и широко распространети, како од државата, така и од медиумите, интелектуалците и политичарите... Државата не презема активности за превенција, ниту пак се труди да обезбеди содржини со толерантски дух во наставните содржини во училиштата... Уште повеќе, дури и на универзитетите постои апсолутен недостаток на литература (референци) за малцинствата..., а за литература на јазиците на малцинствата не станува збор".

4. 4. Правото на здружување на македонското национално малцинство во Грција

Грчкиот Хелсиншки комитет како најпечатлив случај на насилство и непријателство кон малцинствата во Грција во последниве неколку години посочува нападот против активистите на партијата на македонското малцинство во Грција *„Виножито"* во 1995 година.[559]

Барањето за регистрација на македонската политичка партија во Грција беше поднесено на крајот на 1994 год., а на „8 септември 1995 год., во Лерин се одржа

---

[558] (GHM) & (MRG-G), ***Greece,*** *Report about*...FCNM, (along guidelines for state reports), стр. 14;
[559] Поопширно види во: *Greece against its Macedonian minority. The. Rainbow. Trial,* Greek Helsinki Monitor and Minority Rights Group – Greece, ETEPE, Athens, 1998;

основачката конференција на Партијата на македонското малцинство во Грција ‚Виножито' со учество на 76 делегати од локалните единици".[560]

На само неколку дека по основањето на партијата, 14 сепември 1995 год., организирана група граѓани под водство на градоначалникот, вандалски се однесуваа пред седиштето на партијата „Виножито", а полицијата насилно го симна написот на партијата кој освен на грчки јазик бил испишан, според грчките власти „на Словенски лингвистички идиом". Подоцна, четворица активисти[561]на партијата беа обвинети за „предизвикување омраза меѓу граѓаните" (чл. 192 од Кривичниот закон на Грција), бидејќи го употребиле својот мајчин јазик во написот на партијата „Виножито-Леринско комитет". Кон ова обвинение беше придадено „обвинение за употреба на мајчиниот јазик" во изјавите дадени за печатените медиуми. Во пред-судскиот процес, активистите беа изложени на агресивна и дискриминаторска медиумска кампања во која беа изкажани многу негативни зборови од страна на претставници на грчки политички партии и организации дека „тие се платени агенти на скопската пропаганда", „анти-Грци", „грчки непријатели", „терористи" итн.[562]

Една од причините за ваквите реакции на грчките власти беше намерата на „Виножито" да излезе со свои (15) кандидати на претстојните избори за пратеници во Европскиот парламент, со цел да ги испробаат силите на национално ниво и да го уништат митот дека нема етнички Македонци во Грција. Врховниот суд на Атина (на 29 мај) реши да не им дозволи на кандидатите на македонското национално малцинство да учествуваат на изборите за делегати во Европскиот парла-

---

[560] Во неа членуваа 23 етнички Македонци или симпатизери кои имаа желба да учествуваат во изборите. Партијата „Виножито" во својата програма како основна цел го постави барањето за признавање на македонското малцинство од страна на грчката влада. Својата работа ја насочуваат кон тоа, да престане дискриминацијата против Македонците во грција на полето на образованието и вработувањето, како ив о другите области на општествениот, културниот и политичкиот живот. Тие сакаат Македонците во Грција да го имаат правото да ги следат богослужбите на македонски, да завршат своето основно и средно образование на македонски, и да објавуваат весници и радио и телевизиски програми на македонски. Некои од целите на партијата се состои и од укунување на некои конкретни закони кои вршат дискриминација против македонците во однос на државјанството и правото на имот и признавање на универзитетските дипломи од Република Македонија.

[561] Василис Ромас, Костац Тасопулос, Петрос Василидис и Павлос Воскопулос;

[562] Поопширно види во: Lenkova Mariana, *Hate speech,, in the Balkans,* The International Helsinki Federation for Human Rights (IHF), ETEPE, 1998; и во: Lenkova, M., *Positive and Negative Stereotypes in the Media of Seven Balkan Countries,* Greek Helsinki Monitor & Minority Rights Group – Greece, August 1997;

мент со образложение дека „Виножито не ги истакнала своите принципи за употреба на не-насилно реализирање на политичките цели“ (Закон бр. 59 од 1974 год.). Сепак, со повратна одлука пред изборите партијата учествуваше на изборите, на кои, според официјалните резултати „Виножито“ освоила вкупно 7.623 гласа. Во интервјуто за радио *Нома,* Скопје, Трајанос Пасиос, координатор на „Виножито“ и уредник на македонскиот весник *Зора*, истакнал дека, скромниот број на гласови е сепак успех. Тој ги посочил медиумите во Грција во кои биле објавени многу малку информации за партијата, поради што многу луѓе не биле ни свесни за нејзиното постоење, а згора на ова, забраната за регистрација на „Виножито“ била најшироко објавена во медиумите, додека повратна одлука донесена пред изборите, воопшто не била покриена. Укажал на негативната медиумска кампања, цитирајќи ги веќе споменатите епитети, на цензурата кој се спроведува итн.[563]

На овие обвинениј потврда даде и извештајот на Грчкиот хелсиншки мониторинг во кој се истакнува дека, „Советот на националната радио и телевизија не повел постапка според закон за изрекување на санкција согласно прекршокот што претставува акт на цензура“.[564]

Кога станува збор за правото на здружување во Грција може да се зборува многу, но на почеток ќе ја изнесам уставната гаранција на ова право.

Во Уставот на Република Грција (чл. 13, ст. 1, 2 и 3) се вели дека, „1. Грците имаа право да образуваат правни лица или здруженија од неделовен карактер, во сообразност со законите на државата, но не можат во никој случај, ова право да го остваруваат без претходно одобрение; 2. Здружението може да биде распуштено само со судско решение поради повреда на законот или на една суштинска норма од неговиот статут; 3. Одредбите од предходниот став се применуваат по аналогија и врз правните лица што не се образувани како здруженија“.

Не исклучувајќи ги предходните случаи, овде како посебно интересен е случајот кој дојде пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур, а тоа е регистрацијата на *„Дом на Македонската култура“ (Stegi Makedonikou Politismou).*

---

[563] *MIC*, Skopje, February 7, 1995;
[564] (GHM) & (MRG-G), ***Greece,*** *Report about*...FCNM, (along guidelines for state reports), стр. 21;

Првиот обид за основање на здружението бил направен во 1989 год., кога група припадници на македонското малцинство во Флорина-Лерин, неофицијално основале „Дом за Македонската култура". Повеќе од 14 години, грчките власти (управните и судските органи) успешно ја попречуваа регистрацијата, најчесто без основани оправданост.

Меѓународната критика за процесот на долгогодишната регистрација на „Домот на македонската култура" привлече остри реакции од истакнати претставници на меѓународната заедница. На 9 јули 1998 год., Европскиот суд за човекови права во Стразбур донесе одлука според која, Грција го прекршила чл. 11 од Европската конвенција за правата на човекот со која се регулира правото на слободно здружување на граѓаните. Македонците можат да ја регистрираат својата организација „Дом на македонската култура".[565]

Здружението последен пат го поднело барањето за регистрација до првостепениот едночлен суд во Флорина во јуни 2003 год. По долго одолговлекување, на 19 декември 2003 год., Судот донесе решение во кое одбива да го регистрира здружението со образложение дека: „...Формулацијата (името) на здружението и нејзините одредби се нејасни и предизвикуваат конфузија за нејзините вистински цели... Користењето на терминот „Македонска култура" ја дополнува конфуцијата, бидејќи се поврзува со непостоечкиот јазик, опишан како „Македонски".. Признавањето на една ваква организација претставува директна опасност на јавниот ред и поттикнување на можност за користење на странски агенти, кои се обидуваат од време на време, неуспешно да фабрикува една историски непостоечка „македонска нација"... Заради сите овие причини спомнати овде, го одбиваме барањето" .[566]

Танасис Парисис, претседател на *Европското Биро за помалку употребувани јазици (EBLUL) во Грција,* објаснувајќи го решението на судот истакнува дека тоа е „контрадикторно и на европското право и на здравиот разум, а исто така и

[565] <http://www.dhcour.coe.fr/eng/SIDIROPOULOS%20&%20OTHERS%20ENG.html
[566] <www.greekhelsinki.gr/bhr/english/special_issues/home_of_macedonian_civilization.html

кршење на основните човекови права".[567] Тој истакна дека ќе се преземат итни мерки против оваа одлука на европско ниво, бидејќи „Домот на македонската култура" во блиска иднина ќе биде врвен приоритет за Бирото (EBLUL).[568]

4. 5. Правото на слободно изразување на националните малцинства во рамките на грчкиот правен систем

Согласно чл. 9 од Рамковната конвенција, секој припадник на национално малцинство има право на слободно изразување, а тоа опфаќа слобода на уверување и примање и давање на информации и идеи, на малцински јазик, без попречување од страна на власта и без разлика на границите.

Ова право, е уставно загарантирано. Во Уставот на Грција (чл. 12) се вели дека, „Придржувајќи се кон законите на државата, секој може да ги изразува и објавува своите мисли со зборови, по писмен пат или преку печатот; Печатот е слободен. Цензурата како и другите превентивни мерки се забранети... ". Од друга страна пак, во чл. 13, ст. 2 од Уставот се вели дека *„радиофонијата и телевизијата се поставени директно под контрола на државата.* Тие имаат за цел објективна дифузија и под еднакви услови за давање информации и вести... ".

Доволно е да го погледнеме одредбите од Уставот на Грција (чл. 13 ст. 2), за да ни стане јасно, дали во Грција постои слобода на изразување за македонското национално малцинство во Грција на свој мајчин јазик (македонски), во смисла на чл. 9 од Рамковната конвенција. Ако на ова се додаде официјалниот грчки став дека во Грција не постои никакво малцинство кое се нарекува „македонско", дека не постои никаков „македонски јазик", тогаш што ни преостанува, освен да констатитаме дека македонското национално малцинство не го остварува со уставно загарантираното право на слободно изразување.

Правото на слободно изразување на своите мисли со зборови или преку печат (како што е наведен во самиот Устав на Грција) е најчестата причина за досегашните обвинениј а против припадници на македонското малцинство во

---

[567] Papadakis, N. *Greek government bans Macedonian cultural centre, Eurolang, news agency for minority languages*;< http://www.eurominority.org
[568] Исто;

Грција, за што сведочат многу судски процеси и случаи, кои својата разрешница ја добија пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур (Сидеропулос, „Виножито“ итн.).

Да се потсетиме. Дел од обвинението против основачите на „Домот на македонската култура“ и „Виножито“, како и одбивањето на нивните барања за регистрација беа засновани врз написи во неколку грчки весници во кои тие потврдно и афирмативно говорат за постоењето на македонското национално малцинство во Грција. Предходно беа дадени податоци каков е медиумскиот третман на малцинските прашања (тие воопшто не се медиумска тема), и доколку го има каков е тој (полн со дисквалификации, груби навреди и понижувачки).[569]Од поодамна во Грција егзистирал пишан метеријал на македонски јазик (соопштенија, апели, летоци), кој тајно се печател и дистрибуирал меѓу населението кои зборува македонски. Печатениот материјал најчесто завршувал како плен на грчките власти по што следувал полициски прогони и малтретирања на населението. Грчкиот хелсиншки монитор во својот извештај наведува податок дека, „во средината на 1990-тата година, веродостојни извештаи кои поштенски биле испраќани од припадници на македонското малцинство за весникот *Зора* и *Моглена* биле попречувани од поштенските служби“.[570]

Грчкиот Хелсиншки Монитор ја осудува цензурата во грчкиот дневен весник *„Македониа“*, за необјавување на напис на новинарот Танасис Тиаридис, под наслов „Кратка забелешка за отфрлениот јазик“. Во написот авторот низ краток историски приказ ги истакнува причините за забрана на македонскиот јазик и одбивањето на Грција да го признае македонското национално малцинство. Авторот на крајот од текстот повикува дека е време да се надмине таа пракса и да се овозможи учење на македонскиот јазикот во регионите каде што се зборува. Уредникот на весникот, Кристос Капсалис, го одбил објавувањето на написот со образложение дека е „вон начелата“ на издавачот.[571]

---

[569] Поопширно види во: Lenkova Mariana, *„Hate speech„ in the Balkans*, The International Helsinki Federation for Human Rights (IHF), ETEPE, 1998; и во: Lenkova, M., *Positive and Negative Stereotypes in the Media of Seven Balkan Countries*, Greek Helsinki Monitor & Minority Rights Group – Greece, August 1997;
[570] (GHM) & (MRG-G), ***Greece,*** *Report about*...FCNM, (along guidelines for state reports), стр. 53;
[571] Текстот може да се најде на website на авторот: <http://www.triaridis.gr/keimena/keimD046.htm;

Комитетот на Европското биро за помалку употребувани јазици (EBLUL) го изразува својот протест кон 2-от канал на Грчката национална телевизија (GNT), поради не емитувањето на документарец во чие снимање учествувале и тие, насловен како *„Патувајќи низ Грција"* (Taxidevontas stin Ellada). Официјалната изјава за причината била „технички проблеми", додека вистинската причината за не емитувањето на документарниот филм била според нив, „појавувањето на жители на Флорина/Лерин пред камерите и употребата на нивниот мајчин македонски јазик".[572]

Организацијата на медиумите во Југоисточна Европа (SEEMO) и Меѓународниот прес институт (IPI), се длабоко загрижени за сегашниот медиумски развој во Грција. Според информациите на SEEMO полицијата на 4 јуни 2004 год., влегла во просториите на приватна радио станица *„Македонски глас" (Makedonikos Ichos),* го прекинала емитувањето на програмата и го уапсила сопственикот Арис Вотарис. Официјалното објаснување било дека радио станицата немала лиценца за локална или регионална трансмисија, но вистинската причина според нив е тоа што „Вотарис е (Славо) Македонец и често емитува традиционални песни и ора на македонски јазик и употребува македонски јазик при емитување на програма во живо".[573]

Американскиот Стејт Департмент во вториот дел од својот извештај за Грција од 2003 год., забележува дека, „Уставот содржи исклучок на слободата на говорот. Некои правни рестрикции за слободата на говорот остануваат на сила и биле користени во неколку случаи..., во врска со чувствителни политички теми во однос на Поранешната Југословенска Репиблика Македонија. Со овие, т.н., национални прашања, властите..., дадоа јасен доказ за нивната нетолерантност на политичките неистомисленици; обвинувањата што ги поднесе тужителот на суд

---

[572] Athanasios Parisis, (President of GMSC of EBLUL), *Greek State Television Airs Previously Banned Program That Exposes Persecution Against Macedonian Minority,* Committee of the European Bureau for Lesser Used Languages, 14 March 2005, Geneva;

[573] *Radio Station Owner Arrested in Greece for Broadcasting in Macedonian Language*, SEEMO (South East Europe Media Organisation), Press Release: Greece - Vienna, 9 June 2004, <http://www.seemo.org/

беа базирани на тоа што обвинетите го кажале или напишале, а не на нивните акти... “.[574]

Американскиот извештај укажува на делот од Кривичниот закон, посветен на ограничување на слободниот говор и печат. Притоа се забележува: „чл. 141 на Кривичниот закон забранува „изложување на пријателските односи на грчката држава со други странски држави на опасноста од вознемирување на истите“; чл. 191 од законот забранува „ширење на лажни информации и гласини кои можат да создадат загриженост и страв кај граѓаните и да предизвикаат пречки во меѓународните односи на земјата, како и поттикнување на ривалство и поделба кај народот, што неизбежно води до рушење на мирот во земјата“. Беа апсени луѓе за давање на летоци или памфлети кои ја обвинуваа владината политика кон Македонија и го потврдуваа постоењето и малтретирањето на македонското и другите малцинства во Грција.[575]

4. 6. Право на образование и употреба на мајчиниот јазик за припадниците на македонското национално малцинство

Официјален јазик во Република Грција е грчкиот. Тој како службен јазик се употребува секаде и секогаш. Како што беше наведено предходно, кршењето на правото на употреба на јазикот на малцинството не оди самостојно, туку секогаш во комбинација со кршењето на правото на национално/етничко самоопределување, правото на слободно изразување, правото на собирање и здружување итн.

---

[574] U. S. DEPARTMENT *of* STATE, ***Greece-2003***, Country Reports on Human Rights Practices, Released by the Bureau of Democracy, Human Rights, and Labor, March; <http://www.state.gov/g/drl/rls/hrrpt/2003;

[575] *Американскиот Стејт Департмент* известува дека група од шест члена на една организација била обвинета на шест и пол месеци затвор заради клевета и инсинуации насочени против власта, како и за предизвикување нервоса кај граѓаните со давање на летоци и лепење плакати на кои пишувало: „Кажете им НЕ на Патриотите. Признајте ја Словенска Македонија“. Атинската полиција уапсила четворица студенти за дистрибуција на летоци на кои пишувало: „Соседните народи не се наши непријатели. Кажете му „НЕ„ на национализмот и војната“. Во извештајот на Стејт департментот се опишува случајот на 17-годишниот Пападакис за држење на летоци во кои пишувало: „Не дозволувај да бидеш обземен од национализмот. Александар Македонки-воен криминалец“. *Њујорк Тајмс* ова го нарече „најбизарен пример“ за грчкото негирање на сопствениот мешан етнички идентитет. Исто;

Добро познатиот официјален грчки став за „македонскиот јазик“ како „лингвистички идиом на бугарскиот“ и како „дијалект“, е доволна потврда дека во Грција македонскиот јазик не се употребува во смисол на чл. 10 од Рамковната конвенција и другите меѓународни норми, па дури и како едно од минималните права на човекот во случај на лишување од слобода.

Во извештајот на Грчкиот Хелсиншки Монитор за 2001 год., насловен како *„Звукот на тишината-Македонското малцинство во Грција во 2001 година“* се вели: „...грчката влада е истрајна во своето одбивање да дозволи образование на македонски јазик во училиштата, дури и во села каде што мнозинството од населението се Македонци. Грчката влада преку потпаролот на Министерството за прес и мас-медиуми Димитрис Репас, одбива да одговори на апелот на подгрупата во Европскиот парламент „Зелена и европска слободна алијанса“ до премиерот Костас Симитис, за признавање на македонскиот јазик и негово вклучување во образовниот систем на Грција“.[576]

Европското Биро за помалку употребувани јазици (EBLUL) отвори своја канцеларија во Грција во 2002 год., а негов прв претседател беше Насе Персис, етнички Македонец и активист во движењето за заштита на правата на Македонците во Грција. Според Бирото, најголемата ирониј а е во тоа што отвориле канцеларија во земја која не го признава постоењето на малцинствата на своја територија.

Како резултат на контактите и соработката на „Виножито“ со пратениците од Европскиот парламент, во чест на соработката, холандската евро-пратеничка Нели Меис, на 21 јануари 1999 год., до Комитетот достави барање во парламентарна процедура да се одобри барањето за употреба на македонскиот јазик во Грција. Во барањето насловено како *„Барање од Славо-Македонците за признавање на македонскиот јазик во Грција“* се вели: „1. Признавање на македонскиот јазик како официјален малцински јазик во Грција; 2. Имплементација на македонскиот литературен јазик во образовниот систем на Грција, поконкретно во основното и средното образование и паралелно отварање на Катедра за Македон-

[576] MHRMC 2004 Annual Report – *The Macedonian Minority in Greece*, Macedonian Language and the European Bureau for Lesser Used Languages (EBLUL), March 27, 2004; <http://www.mhrmc.ca/

ски јазик на универзитетско ниво; 3. Признавање на македонскиот јазик во државно-контролираните мас-медиуми, вклучувајќи ги радиото и телевизијата со право на емитување програма на македонки јазик во регионите на Грција каде што се зборува македонскиот јазик".[577]

Во изјавата на *Комитетот за човекови права при ООН*, наслована како *„Превенција од дискриминација и заштита на малцинствата"*, во точка три се вели: „Некои држави-членки на ЕУ водат анти-малцинска политика. Грција на пример, го негира постоењето на Славо-Македонците... Грчката влада ги отфрла европските иницијативи за заштита на малцинствата. Таа е единствена земја-членка на ЕУ која недозволува отварање на сектор-Европска канцеларија за малцински јазици". Во својата изјава тие наведуваат јазици кои ги сместуваат во категоријата „ограничени" или „без капацитет да опстанат". Според нивното рангирање Славо-Македонскиот јазик во Грција (како единствен таму) се наоѓа на 6 место.[578]

Во Уставот на Грција во само еден член со девет става, нашироко се утврдуваат уставните гаранции во делот на образованието на сите три нивоа, но најмногу на високото образование. Во ст. 1 од чл. 16 се вели дека, „уметноста, истражувањето и образованието се слободини" и дека, „нивниот развој и унапредување претставува обврска на државата". Во ст. 4 од споменатиот член се вели дека, „сите Грци имаат право на бесплатно образование во сите степени во установите на државата... ". Во ст. 9, чл. 16 на Уставот се вели дека, „основањето на високообразовни институции од страна на приватни лица е забрането".

Ако ги анализираме одредбите на чл 16 од Уставот на Грција, низ призмата на чл. 13 и 14 од Рамковната конвенција, во кои освен правото на припадниците на

---

[577] *EUROPEAN PARLIAMENT, Application for raising an official request regarding the use of the Macedonian language*, Signed by Parliamentarian Nelly Maes, Dated: January 21, 1999; По овој повод, претседателот на „Виножито", Трајан Пасиос вели дека, „откако ЕУ го призна македонкиот јазик како еден од јазиците на малцинствата што живеат во границите на Унијата, Македонското движење за балкански просперитет ќе побара помош од високиот комесар за малцинства при ОН да им помогне во воведувањето на македонскиот јазик како втор јазик во училиштата во Егејска Македонија, како и радио и телевизиски емисии". *MILS News*, 25 Oct. 1999;

[578] *PREVENTION OF DISCRIMINATION AGAINST AND THE PROTECTION OF MINORITIES,* UN COMMISSION ON HUMAN RIGHTS, Sub-Commission on Prevention of Discrimination and Protectionof Minorities, Fifty-first session, E/CN.4/Sub.2/1999/NGO/18, 28 June 1999;

малцинствата да се образуваат на свој мајчин јазик им се гарантираат и правото на основање и водење на приватни установи за образование, ќе заклучиме дека Република Грција, доколку ја ратификува Рамковната конвенција ќе мора да направи измени во Уставот, уставно да го гарантира правото на основање и водење приватни образовни институции.

Интересна е исто така, формулацијата во ст. 4 од чл. 16, „сите Грци имаат право...". Оваа формулација јасно укажува дека сите граѓани на Република Грција се пред сé „Грци", а потоа „граѓани". Секоја етничка или национална самоидентификација на граѓанинот како „не-етнички Грк" е детерминанта за систематска и директна институционална дискриминација.

Македонскиот јазик никогаш не бил признат како јазик на еден народ, на една нација, не едно малцинство, па поради тоа нема простор да говориме за образование на македонски јазик во Грција.

Во 1986 год., владата на Папандреу го иззема Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од листата на странските академски институции чии дипломи се признаваат во Грција, со образложение дека наставата на тој универзитет се изведува на јазик кој не е „меѓународно признат".[579]

4.7. Право на користење на имињата и презимињата на малцинските јазици во Република Грција

Чл. 11 од Рамковната конвенција за заштита на зационални малцинства, го гарантира „правото на припадниците на националните малцинства, своите имиња и презимиња да ги испишуваат и употребуваат на својот мајчин јазик". Освен оваа одредба во чл. 11, се вели дека, „земајќи ги своите посебни услови, традиционалните локални имиња, имињата на улиците и другите топографски ознаки наменети за јавноста, да бидат испишани на локалниот јазик кога постои доволно барање на таквите ознаки".

---

[579] Ортаковски, В., *Малцинствата на Балканот*,...стр. 286;

Ова во Република Грција би важело, само доколку со ратификацијата ја преземе обврската за имплементација на овој (и останатите) член во своето законодавство.

Во вториот дел од трудот беа дедени податоци околу мерките што ги преземале тогашните грчки власти за преименување на топографските словенски имиња во чисто грчки. Прва и основна причина за таквата пракса на грчките власти беше исполнување на националниот план за етнички „хомогена" Грција, кој се остваруваше преку присилно иселување на македонското население од егејскиот дел на Македонија, колонизација на иселените подрачја со „грчки" елемент, како строгата забрана за јавнтата и приватната употреба на македонскиот јазик. Овие мерки не ќе беа „комплетни" доколку не ми се придружеше фамозниот Закон бр. 332, за задолжително преименување на сите населени места во Егејска Македонија. Новите имиња беа објавени во „Службен лист" (Ефимерис тис кибернисеос) бр. 346. Со овој закон имињата на населените места во Егејска Македонија, кои во текот на вековите се создаваа по природен пат, кои не се создаваа со административни наредби, ниту под влијание на националните пропаганда, сега требаше да бидат заменети, а со тоа барем формално да се уништат трагите за постоењето на Македонците во тие краишта. Но, и покрај оваа законска одредба, македонското население сосема природно, продолжи да си ги употребува старите словенски имиња на населениет места. Останатата топонимија во Егејска Македонија-имињата на реките, планините, месностите итн., беше заменета со нови грчки имиња.

Како илустративен пример за ова е едно од обвинението против Христос Сидеропулос од страна на грчките власти. Имено, во 1996 год., при влез од Македонија во Грција, Сидеропулос бил задржан од грчката гранична полиција, а подоцна и обвинет согласно „најексплоатираниот" чл. 191 од Кривичниот закон[580]на Грција, со образложение дека, „со себе носел два видни календари со пејзажи од

[580] Ширење на лажни информации и гласини кои можат да создадат загриженост и страв кај граѓаните и да предизвикаат пречки во меѓународните односи на земјата, како и поттикнување на ривалство и поделба кај народот, што неизбежно води до рушење на мирот во земјата.

грчка Македонија, поточно Флорина (Лерин) на кои имињата на пределите биле напишани на лингвистичкиот идиом на Скопје".[581]

Не треба да се заборави и секогаш треба да се има предвид, дека ова присилно преименување на населените места, топонимите и микротопонимите беше проследено и со присилно прекрстување и на имињата и презимињата на Македонците. Повеќето од нив се сосема обезличени и не можат да се препознаат, но добар дел од нив добија само грчки суфикси и од коренот може многу лесно да се препознае дека станува збор за имиња од словенско потекло.

Многу луѓе од Северна Грција што се идентификуваат како Македонци, а не како Грци го мразат фактот што, иако не биле Грци, им давале грчки имиња. Овој отпор го засилува нивното чувство на оттуѓеност од грчката држава и Грчката православна црква, двете институции во грчкото општество што имаат сила на луѓето да им даваат имиња. Луѓето од Северна Грција со македонски национален идентитет чест се жалат дека грчките свештеници, без разлика дали се во Лерин, Мелбурн или во Торонто, не им дозволуваат на своите деца да им даваат словенски (па дури ни англиски) имиња. Тие велат дека само на своите домашни миленичиња можат да им даваат словенски имиња.

Во едно свое теренско истражување Грчкиот Хелсиншки Монитор изнесува автентични податоци (интервјуа) со локални жители етнички-Македонци, околу употребата на имињата. Запрашан од член на мисијата: дали локален етнички македонски пар би му дало на своето дете словенско име, како на пример Борис?, мала група мажи кои седеа во една локална кафеана во селото Лофи се насмеаја. Еден од нив одговори: „Не е можно да се стори тоа. Кога бебето ќе се роди, изводот од матичната книга е без име, се носи во црквата и на свештеникот му кажуваш кое име го сакаш за своето дете. Црквата ги прифаќа само грчките имиња, така да за бебето да биде соодветно заведено со владата, можаш да му дадеш Грчко име".[582]

На прашањето од *Хелсиншкиот комитет за човекови права:* дали на родителите би им било дозволено на своите деца да има даваат Словенски имиња?,

[581] (GHM) & (MRG-G), ***Greece,*** *Report about*...FCNM, (along guidelines for state reports), стр. 12;
[582] Исто;

Грчкото Министерство за надворешни работи изјавило: „Во Грција давањето имиња е суштествено приватна работа и државата нема влијание врз тоа. Имињата на децата се избрани од родителите или кумовите и се одобрени со религиозни церемонии. Тие кои не припаѓаат на религиозна исповед можат да ги именуваат своите деца по цивилна процедура. Само оние имиња кои се навредливи се исклучени со Закон за да се заштити личноста на детето..., име Борис, може да се најде, иако ретко кај Грчките граѓани".[583]

Како и да е, запрашан од мисијата на GHK во Флорина: дали дете би можело да биде крстено со името „Борис"?, грчкиот свештеник, Отец Иринеос Хатзиефраимидис рече: „Никој досега не побарал такво нешто. Имаме листа со имиња на светци и ние им даваме имиња на децата од таа листа, или понекогаш историски имиња како Периклес...".[584]

Иако луѓето од Северна Грција со македонски национален идентитет имаат грчки имиња, што им биле дадени кога ги крстеле и кои стојат на нивните лични карти, пасоши и други официјални документи, тие исто така, имаат и словенски имиња што неформално се употребуваат меѓу семејството и пријателите. Еден македонски активист за човекови права што живее во Торонто вели: „Ние сите имаме по две имиња".

Сега кога ги имаме во предвид овие податоци, лесно може да се добие одговор на прашањето: зошто Грција не ја ратификува Рамковната конвенција?

Од грчко становиште, македонската пракса да го употребува името „Егејска Македонија" за „грчка Македонија", претставува закана за грчкиот суверенитет во таа област, како и употребата на македонските имиња Лерин и Солун за градовите Флорина и Тесалоники. Грчката пракса да употребува грчки имиња за места во други земји на пример, (Константинопол за Истамбул, Монастири за Битола, и Северен Епир за Јужна Албанија) не се гледа со исти очи.

Република Грција со својата системска и институционализирана асимилација во име на етничката „хомогеност" ги прекршува основните права на македонското национално малцинствата: правото да се именува како што сака, да зборува на

[583] Исто;
[584] Исто;

својот мајчин јазик, да се идентификува како што се чувствува. Во ситуација кога Република Грција би ја ратификувала Рамковната конвенција, таа во истиот момент ќе се соочи со обврската (доколку има доволно барања за тоа), за враќање на првобитната состојба со топонимите и миркотопонимите. Грција, според својата идеологија тоа го смета за закана за суверенитет на северна Грција, односно грчка Македонија и многу е тешко да се поверува дека таа во иднина би презела мерки за корегирање на одамна направената неправда.

4. 8. Право на слободно движење и одржување на мирољубиви контакти меѓу Македонците ширум светот и Македонците во Грција

Едно од правата што ги гарантира Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства е слободното и мирољубивото одржување на контакти меѓу луѓето кои имаат заеднички етнички, културен, јазичен и верски идентитет, а законски се наоѓаат во други држави. Обврска на државите е да не им го попречуваат на граѓаните остварувањето на тоа право.

Врз основа на меѓународното право, државјанин на една држава се ползува со нејзината заштита без оглед на тоа каде се наоѓа. Значи странецот може да се повикува на своето државјанство и да ги бара правата што му се обезбедени од неговата национална држава врз основа на дипломатски или фактички реципроцитет. Тој има право да се врати во својата национална држава и наполно да се стави под нејзина заштита. Македонците бегалци од Грција се лишени и од оваа можност.[585]

Република Грција со Одлуката број 106.841 од 1982 год., за репатриција на грчките државјани и политичките бегалци, им го забрани влезот во Грција на граѓаните кои себеси се сметаа за „не Грци“, односно им го дозволува влезот само на „Грците по род“, поточно кажано на оние кои ќе се откажат од својот македон-

[585] На 1 октомври 1947 год., во Грција е донесен Закон (декрет) за одземање на државјанството, а на 23 август 1953 год., Закон бр. 2536 за колонизација на граничните подрачја, во 1959 год., Закон за давање изјава за лојалност, во 1967 уставен акт за одземање на државјанството...Вакви и слични нелегитимни акти не се ревидирани ни со поновите акти за репатриција на грчките државјани и политички бегалци.

ски идентитет. Голем е бројот на Македонци од егејскиот дел на Македонсија кои согласно овој закон немаат право да влезат во Република Грција. Во таа категорија спаѓаат: децата бегалци од егејскиот дел на Македонија, политичките бегалци од времето на Граѓанската војна во Грција 1946-1949 год., и Македонците од Грција кои го изгубија своето грчко државјанство, согласно чл. 19 од Законот за државјанство на Грција од 1982 год., што се укина, но немаше ретроактивен ефект за минатите „жртви"- Македонците.

Дел од овие бегалци, на кои подоцна им успеа да го регулираат својот личен статус со прифаќање на државјанство (преку натурализација) на некоја од државаите на прием или некоја прекуокеанска имигрантска држава (САД, Австралија, Канада), сепак се спречени да влегуваат во нивните држави на потекло, да ги посетуваат своите роднини или да ги користат своите имоти и други права.

Пример за тоа се австралискиот државјанин Јанко Калинчев, роден во село Овчарани (Мелити во Грција) и канадскиот државјанин Георги Кизовски, роден во Габреш (Гаврос), со намера на 20 јули 2003 год., од Република Македонија да влезат во Република Грција , за да ги посетат своите родни места, им бил одбиен влезот во Република Грција без образложение за таквата постапка. Според Кизовски, „Грчката Влада има црна листа на луѓе кои се активни во Македонските организации во странство и отворено себеси се декларираат како Македонци. Ние сигурно сме вратени, бидејќи членуваме во Здружението на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија во Австралија и Канада".[586]

Ова се случува и после усвојувањето на *Завршниот документ на КЕБС во Хелсинки* што се одржа во 1975 год., а чиј потписник е и Република Грција. Пред сé, принципот VII на Декларацијата за односите на државите учеснички, кој се однесува на почитувањето на човековите права и основните слободи, повторно го афирмира начелото на недискриминација.

Документот предвидува мерки за соработка во хуманитерните и други области, како што се контактите помеѓу луѓето, односно олеснување на слободното движење, на контактите, поединечно или колективно, приватно или

[586] Целиот случај на: <http://www.mhrmi.org/press/05/kizovski.pdf

службено, помеѓу лицата, институциите и организациите: а) контакти и редовни средби врз основа на семејни врски, т.е. дозволување на лицата да влегуваат на нивната територија ид а ја напуштаат за да ги посетат членовите на своите семејства; б) спојување на семејства, т.е. добивање на потребната административна дозвола, овозможување на пренос на личен имот; в) бракови на граѓани во земјата на лица кои решиле да склучат брак со граѓани од друга држава ученичка и овозможување на преселба во државата во која еден од нив нормално живее; г) патување за лични и професионални цели...;

Грчкиот Хелсиншки комитет, АИ и други заклучија: „Грција ги прекршува одредбите од Завршниот документ на КЕБС", односно „принципот VII на Декларацијата за односите на државите учеснички, кој се однесува на почитувањето на човековите права и основните слободи".

Проблемот на децата бегалци беше вклучен во комплексот на проблеми за кои се дискутираше во ООН под мотивот „Загрозување на политичката независност и територијалниот интегритет на Грција".[587] Комисијата на ОН проблемот на децата го разгледувала во рамките на целокупниот грчки проблем, односно според Проект-резолуцијата подготвена од САД, Франција и Англија. Комисијата поднесе извештај до генералното собрание на ОН, на Третото заседание одржано во Париз на 27 ноември 1948 год., на кое е донесена Резолуцијата 193 (III)С, која гласи: „Генералното собрание препорачува враќање на децата во Грција кои сега се наоѓаат далеку од своите домови ако некој од родителите, таткото, мајката, а во нивно отсуство и некој од најблиските роднини побара тоа да се стори; ги повикува сите земји членки на ОН и земјите на чија територија се наоѓаат тие деца да преземат мерки за исполнување на оваа препорака... ".

Гернералното собрание на ООН на своето Трето, Четврто, Петто, Шесто и Седмо заседание, едно по друго ја пре-усвојуваше Резолуцијата 193 (III)С, бидејќи не се исполнуваа препораките даден во неа. Меѓународниот комитет и Лигата на асоцијациите на Црвениот крст, кои најмногу биле задолжени за решавање на овој

[587] Ова произлезе од тоа што грчката влада во 1948 година ги обвини партизаните дека насилно префрлиле над 28.000 деца во Албанија, Југославија и Бугарија, од каде потоа биле пренесувани во други земји.

проблем во својот конечен извештај навеле дека откако се исцрпени сите средства и начини за да се дојде до преговори и до изнаоѓање на заеднички ставови за враќањето на децата, планираат за извесен период да ја одложат својата работа, а да ја продолжат откако ќе бидат отстранети пречките на кои постојано наидувале. Усвојувајќи го овој Извештај, Генералното собрание на ОН, реши да го укине мандатот на Постојаната комисија и да ја прекине нејзината дејност, а да се продолжи штом ќе се создадат услови за тоа.

Ниту оваа Резолуција 193 (III)С на Генералното собрание на ООН не беше исполнета. Здружението на децата-бегалци од Егејскиот дел на Македонија, на својата Втора светска средба, одржана во 1998 год., усвои *Декларација* и ѝ се обрати на меѓународната јавност, за да ја запознае со своите деценски маки.[588]

На 8 јуни 2003 год., грчкиот заменик министер за надворешни работи, Андреас Ловардос, даде историска изјава, најавувајќи го слободното враќање на македонските политички бегалци, евакуирани од Грција како деца за време на Граѓанската војна во Грција од 1946-1949 год.[589] Истата година со предходни административни подготовки на Македонците-политички бегалци и децата-бегалци им беше дозволен 20-дневен ограничен престој во Грција, кој се реализира од 10 до 30 август 2003 год. После 50-годишен живот во егзил во земјите од Европа, Америка, Австралија и Канада, голем број Македонци ја поминаа македонско-грчката граница, за да како што велат тие, „ги посетиме своите родители и блиски, своите огништа, да ги посетиме нашите светилишта, гробовите на нашите предци, татковци и мајки и сé што ни е најмило".[590] Но, другиот дел од нивните права (државјанство, имот, права итн.) сé уште е нивна неостварена желба. Но, како што велат: „...со помош на меѓународната заедница и на сите прогресивни сили, ние сме уверени дека конечно ќе се избориме против сé што ги разделува

---

[588] За *Декларацијата*, а и повеќе за проблемот со децата-бегалци поопширон во: *Етничките промени во Егејска Македонија во XX век*, Задружение на децата-бегалци од Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2002;
[589] Повеќе за тоа види на: http://www.balkanreport.tol.cz/
[590] *Декларација*...стр.30;

луѓето и народните, против сите видови неправди. Ние веруваме во подобра и посветла иднина".[591]

4. 9. Повик за демократизација на Република Грција

Од досега кажаното не треба да се добие впечаток дека сите граѓани на Република Грција го подржуваат ставот на грчките власти за непризнавање на македонското национално малцинство во Грција.

Во последните неколку години, откако меѓународната заедница, а особено Европскиот суд за човекови права во Сразбур, како и Европската слободна алијанса започнаа една тивка, но континуирана кампања за интеранационализација на македонскиот проблем во Грција. Освен од меѓународната, почнуваат да доаѓаат забелешки за грчката политика кон Македонците и од грчката јавност. Така атинскиот весник *„Ергатики Алиленгии"*, ја критикува „дискриминаторската политика на Грција спрема Македонците, како и анти-македонската хистерија во јавноста". Весникот *„Алиги"*, објави статија на еден комунистички лидер кој вели дека, „...е факт постоењето на македонското малцинство во Грција". Весникот *„Та Маглена"*, го поставува прашањето, „Зошто Македонците се дискриминирани?„ и „Зошто Грција не го применува меѓунардониот закон?". Педесеттина интелектуалци од Грција во 2005 год., потпиешаа петиција за поддршка на Македонците во Грција за признавање на нивниот статус на национално малцинство.

Голема улога во афирмацијата на македонскиот проблем во Грција, но и во другите земји во светот имаа бројните меѓународни организации кои имаа за цел да ја запознаат светската јавност со сериозноста на проблемот. Од својот почеток Меѓународното движењето за човекови права на македонското малцинство во Грција има значајна транснационална димензија. Од издавањето на нивниот почетн манифест во 1984 год., македонските активисти во Северна Грција тесно соработуваат со водачите на иселеничките заедници на егејските Македонци во Канада и Австралија. Со својата интернет страница Движењето шири информации (годишни извештаи, статии, интервјуа итн.) за минати и актуелни случувања

[591] Исто;

поврзани со македонското национално малцинство не само во Грција, туку во целиот свет.[592]

Овој дел ќе го завршам со дел од извештајот на Ева Биданиа, претседател на Европската слободна алијанса, насловен како *„Македонското Малцинство во Грција: Борејќи се против плимата"*. Во него таа пишува: „...Изгледа дека Европската Унија и сите институции на големите држави го игнорираат овој проблем. По кој знае кој пат Европа замижува пред неправдите кои се случуваат во домашната сфера на „недопирливата" држава-членка. Како може Европа да прифати и толерира такво малтретирање на нејзиниот народ? Како е можно во ЕУ да се направи место за држава како Грција, кога очигледно истата неприкладно се однесува кон нејзината македонска популација до тој степен да е честопати осудувана од меѓународните невладини организации за кршење на човековите права? Како е можно ЕУ да прифатила за членка држава која донесува расистички и ксенофобични закони? За време на мојот престој постојано се прашував какво значење има зборот „Елинска Демократија" на границата на Грција со Македонија? Елинската демократија наместо да биде афирмација за демократскиот статус за државата, би требало да значи, според грчкиот начин на гледање, НЕДОСТАТОК НА ОСНОВНИ ДЕМОКРАТСКИ ПРАВА НА ЕДЕН РЕЖИМ. Европската Унија треба да го смени горенаведениот толерантен став и да ја повика грчката влада да ја смени нејзината асимилаторна политика кон македонското малцинство и да побара на Македонците во Грција да им бидат овозможени демократските и човекови права кои тие ги заслужуваат".[593]

---

[592] <http://www.mhrmc.ca/

[593] Ева Биданиа, *Македонското Малцинство во Грција: БОРЕЈЌИ СЕ ПРОТИВ ПЛИМАТА*, Европската Слободна Алијанса; <http://www.efa-youth.org

4. РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

(1991-2006)

Воведни напомени

Република Албанија, како држава, се формира 1912 год., и главно беше етнички хомогена земја. Албанците (Геги-сунити и Тоски-православни), го претставуваа мнозинството на населението од оваа земја. Решението на Народното собрание од 28 ноември 1912 год., дека, „Албанија од денес станува слободна и независна"; изборот на Исмаил Ќемаил како претседател и на Дом Никол-Качори како потпретседател; поставувањето на националното знаме во Валона; како и другите манифестации во рамките на прогласувањето на независноста, освен ентузијазмот што го причиниле, како што вели Боби Гани, „сé уште не го покажале тоа дека Албанците го постигнале државно-националното рамниште на своето социокултурно интегрирање, односно сé уште не покажале дека Албанците конкретно ја поставиле својата историчност и социјалност на оваа рамниште на интеграција".[594]

За Република Албанија, до скоро светот знаеше многу малку. Под превезот на официјалните информации, кои треба да го отсликаат животот, тешко е да се согледа што се сé случува во оваа балканска земја, бидејќи трагите од цензурираните албански весници сé уште сведочат за пласирани дезинформации за албанската стварност. Надвор од цензурата, по демократските промени на општествено-политичкиот систем и отварањето на дотогаш „најизолираната земја" кон светот, остана да се види како оваа природно убава земја успева социокултурно да се самиоинтегрира, а подоцна да се отвори за современите текови на евроатлантските интеграции.

[594] Гани Боби, *Културен парадокс*, ед. Современа мисла, Магор, Скопје, 2001;

4. 1. Малцинската заштита во Република Албанија

Албанскиот устав од 14 март 1946 год.,[595] им гарантираше еднаквост на сите граѓани, без оглед на разликите во националноста, расата и верата. Чл. 15 определуваше, дека секое дискриминирање врз основа на тие особини се казнува, исто како и секој обид за сеење омраза и раздор меѓу националностите, расите и верите. Чл. 39, им ги гарантираше на националните малцинства сите права, заштитата на нивниот културен развој и слободната употреба на нивниот јазик. Во Уставот од 28 декември 1976 год., кон тие права беше додадено и правото на малцинствата на изучување на мајчиниот јазик во училиштата и им се гарантираше еднаквост во сите полиња на општествениот живот (чл. 42). За противуставен се прогласува и се казнува секој вид дискриминација со кој се кршат правата на малцинствата.[596]

Подоцна, постигнатите резултати и извршените промени во албанското општество наметнаа потреба од промена на Уставот на НР Албанија од 1946 год. На 28 декември 1976 год., Народното собрание на Албанија го усвои конечниот уставен текст под назив Устав на Социјалистичка Народна Република Албанија.

Уставот во основата ја содржи истата листа на основни права и должности на граѓаните што ја содржеше и Уставот на НР Албанија од 1946 год. Во областа на основните лични и политички права, Уставот предвидува само две новини: воведува задолжително осмогодишно образование (чл. 52), не признава слобода на вероисповеста и забранува постоење на било какви верски организации (чл. 37 и 55). Во поглед на слободата на вероисповеста новиот устав во однос на Уставот на НР Албанија од 1946 год., зазема спротивен став. Имено, додека Уставот на НР Албанија од 1946 год., им гарантираше на сите граѓани слобода на вероисповедување, дозволувајќи едновремено и постоење на верски заедници, новиот устав изрично не признава никаква вера и забранува постоење на било каква верска организација. Во таков контекст Уставот забранува било каква религиозна пропа-

---

[595] Уставот на Народна Република Албанија од 1946 год., спаѓа во групата на народно-демократски устави и е работен под силно влијание на Уставот на ФНРЈ од 1946 год. Влијанието на Уставот на ФНРЈ врз Уставот на НР Албанија посебно се забележува во одредбите за општествено-економското уредување, правата и должностите на граѓаните и државното уредување. Уставот на НР Албанија од 1946 год., со извесни измени останува во сила сé до 1976 год.

[596] Оратковски В., *Малцинствата на Балканот*,...стр.300;

ганда, а дозволува граѓаните да се здружуваат во различни организации што делуваат во областа на политиката, економијата, културата, како и во сите други области од животот на земјата (чл. 54 на Уставот од 1976 год.).

Уставот им обезбедува на националните малцинства во Албанија заштита и развиток на културата и народните традиции, користење на мајчиниот јазик и негово учење во школите, како и рамноправен развиток во сите области од општествениот живот (чл. 42). Секоја национална привилегија или нееднаквост, како и секоја акт со кој што се нарушуваат правата на националните малцинства, Уставот ги квалификува како противуставни и казниви дејствија (чл. 42). Во тој поглед Уставот од 1976 год., следејќи го духот и практиката на Уставот од 1946 год., проблематиката на националните малцинства пошироко ја утврдува и во целост зазема марксистички став во однос на решавањето на прашањата сврзани со положбата и правата на националните малцинства во албанското општество. Следствено на тоа, македонското и грчкото малцинство ги имаа права утврдени со Уставот и имаат можности за развој на сопствената култура и сопствениот јазик.

Но, во практиката во Албанија, за врема на режимот на Енвер Хоџа, имаше изразито кршење на човековите права за сите граѓани, а во тие рамки и на правата на припадниците на малцинствата. Ќе наведам неколку примери (за забраната на религијата, менувањето на имињата на граѓаните и на населениет места и принудното раселување на граѓаните во Албанија), за да дадам одговор на со право поставуваното прашање: дали општите декларации, изразени пред сé во албанскиот устав, за рамноправноста на националните малцинства, не се лицемерство и демагогија?

Прашањето е оправдано од причина што, во тој период започнува широката кампања против сите религии, за време на албанската верзија на т.н. „културна револуција“ пропратена со декрети со асимилаторски карактер. Декретот бр. 4236 им даваше овластувања на локалните извршни комитети и кооперативи да го експлоатираат сиот имот на религиозните организации и да ги пренаменат за други потреби. Религиозните празници и приватното верско исповедување беа забранети. Беа конфискувани личните крстови, икони и библии на верниците,

додека верските водачи и свештените лица биле јавно обвинувани, бричени, протерувани, затворани и убивани.

Со административниот Декрет бр. 5.339 во 1975 год., албанската влада вовела промена на имињата за „граѓаните кои имаат несоодветни имиња и невредливи презимиња од политички, идеолошки и морален аспект". Главна цел на оваа промена биле имињата и презимињата на малцинствата. Паралелно со овој декрет бил воведен и Декретот бр. 225, за промена на имињата на географските места со религиозна конотација. Во контекст на оваа состојба, новинарот Деметри Делифер во една репортажата во весникот „Експресо" под наслов „Сталин е мртовнапред Енвер Хоџа", за Албанија пишува: „Единствена атеистичка земја во светот што одржува идилична врска со иранскиот верски режим... ".[597]

Наколку години подоцна, од 1979 год., започна да се применува Декретот бр. 5.912, со кој се предвидуваше интернирање на поединци и семејства кои „претставуваат опасност за општествениот систем".[598] Оваа интернирање воедно имало за цел дисперзирање на малцинствата низ Албанија со цел да им се намалат правата. Македонците од македонските етнички предели, како и од другите подрачја на Албанија, не само поради економски причини, туку принудно се населуваат во градовите ширум Албанија. Така се разбива нивната етничка компактност и со тоа им се оневозможуваат основните услови за егзистирање како национално малцинство. Многу чести се случаите најблиските роднини (браќа, сестри и родител), да ги разделат давајќи им на едните работа и живеење во еден дел, а на другите во друг дел на Албанија.

Едни од мерките за спроведување на денационализацијата и асимилацијата на малцинствата во Албанија во тој период било образованието, работата, па дури и фабрикување на мешовити бракови во кои, независно од тоа дали сопругата е Албанка, или сопругот Албанец, секогаш доаѓало до поалбанчување на семејството.

---

[597] Дневен информативен билтен на Танјуг, Белград-*Експресо*, Септември 1980 год.;

[598] Чл. 1 од Декретот: Интернирањето и протерувањето како административна марка може да се применува против албански граѓани, странци и лица без државјанство кои навршиле 14 години и по се одговорни и претставуваа опасност за општествениот поредок на НСР Албанија.

Енверовиот принцип Албанија да биде апсолутно национално „хомогена“ и „чиста“, водел кон различни начини на елиминација на малцинствата во Албанија. Не биле малку примерите за физичка елиминација и тортурата, спроведувани низ мрежата албански затвори и концентрациони логори.[599]

По смртта на Енвер Хоџа, во април 1985 год., Албанија постепено ги отвори границите за посети во и од Албанија, со што припадниците на националните малцинства можеа да ги примаат и одат во посета на своите роднини во соседните земји. Тоа беше една извонредна можност, по толку години строга изолација на албанските граѓани, особено на малцинствата и Македонците како дел од нив, да започната да одржуваат нормални врски со своите роднини во тогашна СРМ.

По воведувањето на повеќепартискиот систем, во првата половина на 1991 год., во Албанија се јави потреба од широка демократизација на општеството што подразбираше коренити промени во дотогашната пракса на празна формализација на правата на националните малцинства. За дел од тие предизвици Албанија не беше подготвена, како на пример растечката еманципација на националните малцинства што требаше да води кон формализирање на нивните организации за афирмација на нивните права и слободи. Погубен чин за овој демократски раст беше донесувањето на Законот за политички партии, кој по примерот на Бугарија ги забрани политичките партии на малцинствата.

На албанските вонредни избори одржани во 1997 год., по бунтот и насилството во земјата и повеќемесечниот општествен хаос кој беше протолкуван како „неуспешен државен удар“ на ДПА на Бериша, Фатос Нано даде оставка, а него го наследи Пандели Мајко. Во тој период Пандели Мајко, како наследство од Нано го примал нацртот на новиот албански устав, кој подоцна откако беше усвоен во Собранието, беше изгласан и на референдум.

Новиот Уставна Република Албанија беше донесен на 21 октомври 1998 год. Одредбите од новиот Устав на Република Албанија кои се однесуваат на човековите права и слободи, како и на припадниците на националните малцинства

[599] Во печатото на соседна Грција се тврди (Епитера-Атина, февруари 1983 год.) дека во Албанија има повеќе затвори и „30 концентрациони логори, и тоа дека од Втората светска војна до сега се стрелани повеќе од 20.000 луѓе“. Такви работи се случувале во Пекин, Љушка, Бубуљин, Верибоб, Тербуф, Мирфуљ и др. Цитат во: Будимовски Д.К., *Македонците во Албанија* ... стр. 118;

ќе бидат предмет на анализа во делот од трудот кој е резервиран за примената на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства од страна на Република Албанија.

5. Положбата и правата на македонското национално малцинство во Република Албанија, во контекст на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства

Молбата на Република Албанија за членство во Советото на Европа беше прифатена на 29 јуни 1995 год., но под услов дека ќе бидат прифатени барањата на Советот на Европа за гарантирање на човековите права и демократијата, за што претседателот на Парламентот на Албанија, Арбонери во последен момент потпиеша декларација. Албанија ја потпиша Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на 29 јуни 1995 год., ратификувана од Собранието на Република Албанија со Закон бр. 8.496, на 3 јуни 1999 год., а стапи во сила на 1 јануари 2000 год.

Како производ на ратификацијата на Рамковната конвенција, албанските власти во 1998 год., го донесоа новиот албански устав со обврска дека ќе го реформираат судскиот систем со цел да ја зајакнат неговата независност, дека ќе ја подобрат слободата на печатот, ќе воведат мораториум на смртната казна и ќе ги укинат егзекуциите во наредните три години.

Прифаќајќи ги обврските од Рамковната конвенција, Република Албанија, согласно чл. 25 од Конвенцијата во 2002 год., до Советодавниот комитет го поднесе својот прв Извештај за имплементација на одредбите од Рамковната конвенција.

Согласно чл. 1 од Рамковната конвенцијата, заштитата на националните малцинства и нивните права и слободи се составен дел на меѓународната заштита на човековите права и како таква спаѓа во областа на меѓународната соработка.

Република Албанија е членка на ООН од 14 декември 1955 год., и ги ратификувала скоро сите нејзини поважни документи кои се однесуваат на заштитата на човековите права и слободи. Тоа се: *Универзалната декларација за човекови права* (1955); *Меѓунарднатa конвенција за елиминирање на сите форми*

права (1955); *Меѓународната конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација* (1969); *Меѓународниот пакт за граѓански и политички права* (1991); *Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права* (1991); *Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација спрема жената* (1996); *Конвенцијата за правата на детето* (1992); и, *Конвенцијата против дискриминацијата во образованието* (1963);

Од 1991 год., Република Албанија е членка на ОБСЕ и ги потпишала скоро сите нејзини поважни документи, како: *Завршниот документ на Хелсиншката конференција* (1975); *Декларацијата од Копенхаген* (1990); *Повелбата од Париз за Нова Европа* (1990); *Документите од конференцијата во Москва* (1991) и др.

Откако на 13 јули 1995 год., Албанија стана членка на Советот на Европа, таа воспостави блиска соработка со нејзините тела, а исто така, ги ратификува сите поважни документи: *Конвенцијата за заштита на основните човекови права и слободи* (ратификувана со Закон бр. 8.137 во 1996) и *Протоколите 1, 2, 4, 6, 7 и 11 на Конвенцијата*; *Европската конвенција за меѓугранична телевизија* (ратификувана со Закон бр. 8.525 во 1999) и др.

Уставот на Република Албанија определува посебен статус на меѓунардоните инструменти чија потписничка е Република Албанија. Тоа се чл. 121 и 122 од Уставот на Албанија, со кои се вели дека, „сите ратификувани маеѓународни документи/конвенции претставуваа дел од внатрешното законодавство на Република Албанија и имаат приоритет пред домашните закони доколку истите им противречат".

Со усвојувањето на овие бројни меѓународни документи, Република Албанија покажува дека има намера да ги почитува и штити човековите права, вклучувајќи ги тука и правата на припадниците на националните малцинства.

Во контекст на гореневеденото, треба да се истакнат неколку забелешки. Прво, еден дел од маѓународните документи се потпишани и ратификувани во периодот пред демократските промени, а сепак од примерите кои ги наведов на самиот почеток, јасно се гледа дека тие биле само празен фомализам, бидејќи принципите на тие документи беа грубо кршени од режимот на Енвер Хоџа. Како пример ќе го наведам Завршниот документ на Хелсиншката конференција од 1975

година. Овој документ ги застапува принципите за неповредливоста на постоечките граници на државите потписнички. Тогашна НСР Албанија не зеде учество на Хелсиншката конференција, што е единствен случај во Европа и не ги прифати нејзините документи (ги потпиеша многу подоцна). Една од причините за тоа е идеологијата на тогашниот режим, односно енверовиот принцип за обединување на Албанците во проектот „Голема Албанија".

Во чл. 2 од Рамковната конвенција, се нагласува дека, „одредбите од Конвенцијата се применуваат со добра верба, во духот на толеранцијата и разбирањето и во склад со добрососедските односи и соработка меѓу државите...".Во тој контекст, како што е наведено во државниот извештај, „Република Албанија верува дека заштитата на националните малцинства не претставува само природно тежнение кон исполнување на обврските, туку ќе придонесе во градењето на мостови на пријателство и разбирање со соседните народи и држави".[600]

Водена од својата стратешка определба за евроатлантски интеграции, албанската влада во последниве неколку години работи на враќање и зајакнување на довербата во меѓународната заедница, а особено на зацврстување на заемните односи со соседите во името на толеранцијата и меѓукултурниот дијалог. Во тој контекст, Република Албанија потпишува мултилатерални и билатерални договори, договори со соседите на полето на науката, образованието, економската соработка, прекуграничката трговија, што директно и индиректно влијаат врз благосостојбата на националните малцинства кои живеат на нејзина територија. Албанија дава голем придонес во создавање на услови за стабилизација, безбедност и мир во регионот со нејзиното учествоа во регионалните иницијативи како што е Пактот за стабилност на Југоисточна Европа и некои други.

Во контекст на одредбите од чл. 2 на Рамковната конвенцијата и определбите во државниот извештај на Албанија, би го спомнала признавањето на Република Македонија од страна на Република Албанија, под референцата на ОН на 26 април 1993 год., со Декларација на Владата. Подоцна двете држави обострано отворија

---

[600] REPORT SUBMITTED *BY ALBANIA* PURSUANT TO ARTICLE 25, PARAGRAPH 1 OF THE FRAMEWORK CONVENTION FOR THE PROTECTION OF NATIONAL MINORITIES, ACFC/SR (2001) 005, 26 July 2001;

претставништва на ниво вршители на должност амбасади, а дипломатски односи воспоставија на 24 декември 1993 год. Тука, исто така, ќе ги спомнам:

1) Спогодбата за научна, техничка и технолошка соработка помеѓу Владата на република Македонија и Владата на Република Албанија, склучена во Скопје на 1 јули 1994 год., а ратификувана на 29 март 1995 год.; и,

2) Спогодбата меѓу македонската и албанската влада за одржување, обновување и обележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-албанската граница, склучена на 4 декември 1997 год., во Тирана, а ратификувана на 11 февруари 1998 год.

Во еден заеднички проект на *Институтот Евро-Балка-Скопје* и *Институтот за демократија и медијација-Тирана*, насловен како „Македонија и Албанија, кон подобро разбирање и запознавање", реализиран во 2003 год., според одговорите на испитаниците на поставено прашање: Како ги оценувате односите меѓу Република Македонија и Република Албанија на скала од еден до пет?, добиени се следниве заклучоци: Малку повеќе од половината испитанци оцениле дека македонско-албанските односи се на просечно ниво. Бројот на испитаниците кои сметаат дека меѓусебните односи се на добро или многу добро ниво е минимален. 32% од испитаниците сметаат дека односите меѓу двете држави се на ниско ниво, а 10% тврдат дека тие се на многу ниско ниво. Испитаниците генерално се сложиле дека постои суштинска разлика меѓу официјалното ниво и вистинското ниво на соработката меѓу двете држави, кое се сведува најчесто само на декларации. Исто така, на официјалните односи им недостасува содржина. Меѓутоа, повеќето од испитаниците забележуваат дека постои многу простор за подобрување на односите меѓу двете земји. Според мнозинството испитаници, Македонија и Албанија треба да вложаат многу поголеми напори во развојот на меѓусебната економска соработка, посебно во регионалните проекти во кои учествуваат двете држави, на чело со АМБО и Коридорот 8. Од една страна, Македонија не го искористува доволно пристапот до море во Албанија со пристаништата, како Драч или Валона, а од друга страна македонскиот, пазар е речиси непознат за албанските фирми и претпријатија. И покрај потпишувањето на договорот за слободна трговија, едвај се обидуваат да извадат корист од неговите погодности. Повеќето

испитаници сметаат дека меѓусебните односи се под значително влијание на историскиот товар на заемни предрасуди и недоверба. Тие дополнително се компликуваа прво за време на војната во Косово во 1999-та, и особено за време на конфликтот во 2001 год. Ситуацијата дополнително ја компликува обраќањето на Албанија кон Република Македонија како БЈРМ. Дел од испитаниците ја наведуваат значителната диспропорција меѓу третманот на албанската популација во Македонија, која е во подобра положба и ужива повеќе права од македонското малцинство во Албанија. Претставниците на албанската популација во Македонија сметаат дека Според испитаниците од албанска етничка заедница, врз односите меѓу Македонија и Албанија влијат наводните предрасуди на Македонците спрема албанскиот народ. Како и другите испитаници, и тие ја истакнуваат потребата од подобрување на економската соработка меѓу двете земји. Исто така, тие мислат дека Македонија и Албанија би можеле да развијат стратешко партнерство во регионални рамки.[601]

Според податоците од ова истражување, надворешни фактори кои ја отежнуваат соработката меѓу Република Албанија и Република Македонија се: Нерешениот статус на Косово; Некохерентната политика на меѓународната заедница во регионот; Организираниот криминал, шверц со оружје, дрога и бело робје; Влијанието на албанските лоби-групи во Европа и САД; Регионалните интереси на соседите на двете држави; Проблемите со малцинства.

5. 1. Правото на етничка/национална идентификација

Согласно Уставот на Република Албанија (чл. 20, ст. 2), „лицата кои припаѓаат на национални малцинства имаат право, без пречки и обврски слободно да ја изразуваат својата етничка, културна, верска и јазична припадност".[602] Врз основа на тоа, како што стои во државниот извештај секој има право слободно да

[601] Анализа на резултатите од прашалникот за проценка на меѓусебните односи на Република Македонија и Република Албанија.„Македонија и Албанија, кон подобро разбирање и запознавање" *Институтот Евро-Балкан, Скопје и Институтот за демократија и медијација, Тирана,* Freedom House Budapest, август 2002;

[602] *KUSHTETUTA E SHQIPËRIES,* TË DREJTAT DHE LIRITË THEMELORE TË NJERIUT (Устав на Албанија, Човекови слободи и права), Издавачи Сабри Гоџа, Арбен Имами, 21.10.1998, Тирана;

избира дали да биде или да не биде третиран така. Правото на изразување или неизразување на својата етничка припадност и изборот да биде или да не биде третиран како припадник на малцинство е право на сите припадници на националните малцинства, без разлика дали тие живеат во заедница во нивните традиционални населби или пак насекаде на територијата на Република Албанија.

Правото на изразување на својата етничка припадност не предизвикува никакви негативни последици. Согласно на ова, во Уставот (чл. 18, ст. 2) се вели дека, „никој не може да се дискриминира за причини какви што се полот, расата, религијата, етничката припадност, јазикот, политички, верски или филозофски убедувања, економска состојба, образовна, социјална или семејна определба".[603]

Во државниот извештај се вели дека, националните малцинства што живеат во Република Албанија имаа исти права и се еднакви пред законот со забрана на дискриминација на нивните права загарантирани за сите албански граѓани, индивидуално или во заедница со други.

За македонското национално малцинство во Албанија, албанските власти не велат дека не постои, но проблемот е во тоа што неговиот број се минимизира и се сведува на „4.878 Македонци распоредени во девет села во реонот на Преспа,,. Официјалните изјави на албанските претставници никогаш не го негирале постоењето на македонската нација, респективно и постоењето на македонско национално малцинство во Република Албанија. Тоа е еден вид на „перцептивен реципроцитет" во признавањето на албанскиот национално малцинство во Македонија и македонското национално малцинство во Албанија.

Овде е интересно да се спомне еден проблем кој се појави во послебиве неколку години, а тоа е бугарската пропаганда за идентитетот на македонското национално малцинство во Албанија. Повод за ова беше изјавата што во 1995 год., тогашниот претстедател на Албанија, Сали Бериша ја даде за медиумите. Имено, на заедничка прес конференција во Тирана на албанскиот претседател Сали Бериша и германскиот претседател Роман Херцог, меѓу другите беше поставено и прашањето за положбата на малцинствата во Албанија, особено за македонското малцинство. Херцог пред јавноста изјавил дека, „...правата на малцинствата се од

[603] Исто;

големо значење за мирот на Балканот", додека претседателот Бериша на прашењето одговорил, изјавувајќи дека е вистина оти во Албанија постои „словенска група" чие потекло е „дискутабилно дали е бугарско или македонско" пренесуваат македонските медиуми.[604]

Јавноста во Република Македонија, но и Македонците и нивните организации во Албанија, беа видно вознемирени од оваа изјава на албанскиот претстедател, што даваше право на сомнеж во бугарска пропаганда меѓу македонското малцинство во Албанија. Така, секретарот на македонското друштво „Братство" во Тирана, Алим Саитовски изјави дека, „во Албанија живеат голем број Македонци, особено во Голо Брдо, Преспа и Гора, а дека Бугари ниту физички ниту пак историски би можело да има".

По повод тврдењата на бугарските медиуми дека Македонците во Албанија (особено во Голо Брдо) се Бугари, Фетаху Кимет, претседател на друштвото „Мир" во кое членуваат Македонци од Тирана, Драч, Елбасан, Голо Брдо, Гора и од други места, вели дека, „...тоа е една провокативна игра на одредени албански политичари кои од лични причини со бугарска помош на една организација именувана како „Иван Вазов" сакаат да вршат влијание врз Македонците во Голо Брдо".[605] Меѓу другото тој вели: „Како можат Македонците од Голо Брдо да се прогласуваат Бугари, кога нивниот јазик, обичаи и фолклор се македонски. Сите тие села се семејно поврзани со селата од другата страна на границата, со Отишани, Цепчиште и други места во Македонија каде што луѓето се Македонци... ".[606]

Во периодот на интензивирана бугарска пропаганда во 1995 год., во Софија излегла книга со наслов „Бугарите во Албанија од 1913 до 1939 година" , во која се тврди дека за време на балканските војни овие села (реонот Голо Брдо и Гора), побарале да ѝ припаднат на Албанија, зашто само таа од државите што ја делеле Македонија не барала да им го сменат нивниот бугарски идентитет. Запрашан да

---

[604] MACEDONIAN TELEVISION:Commentary on occasion of statement by Berisha that there are Slavs with questionable origin - Macedonian or Bulgarian, living in Albania, Skopje, 6 March, 1995 (MIC);
[605] Фетаху Кимет (Тирана, Албанија), *БАРАМЕ ИСТИ ПРАВА КАКО АЛБАНЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА* (интервју), *Утрински весник*-пишува Виктор Цветаноски, Скопје, 1995;
[606] Исто;

го коментира ова тврдење, Кимет Фераху изјавил: „...Во минатото никогаш овдешните луѓе немале некои големи врски со Бугарија. Животот на нашите во Голо Брдо се одвивал преку Дебар, Струга, Охрид, Битола, Солун. Тоа беше патот на нашите печалбари. Мал број луѓе оделе во Софија, Пловдив, Благоевград и тоа барајќи работа. Во изминатите години немало никакви појави од кои може да се заклучи дека во нашите села живеат Бугари... Сé што се слуша и чита во софиските медиуми е само пропаганда. Тие трошат пари и енергија напразно и задоволуваат интереси на мал број луѓе кои ја продаваат својата нација".[607]

Познавачите на причините за бугарската пропаганда во Албанија, во која цел е македонското национално малцинство велат дека, тоа е добро познатата теза на бугарските националисти за непостоење на македонската нација, наспроти нивните тези за бугарскиот идентитет на македонското население, независно дали станува збор за Македонците во Република Македонија или пак, за македонското малцинство во другите земји, во овој случај на Албанија (Грција).[608]

Историчарите, разбирливо не испуштаат да констатираат дека причините за тоа се албанско-бугарските односи за време на Втората светска војна, кога Македонција подпаднала под бугарска власт и нормално македонските етнички предели во Албанија биле сметани за бугарски, а Македонците за Бугари. Меѓу другото се истакнува дека, во Република Бугарија сé уште постојат сили кои ја истакнуваат својата санстефанска амбиција, која во современи услови на независни држави може да се промовира единствено преку малцинствата кои живеат на тие територии.[609]

---

[607] Исто;

[608] *90 Years Greek Ethnic Cleansing of Bulgarians in Aegean Macedonia,* Article originally published in Denmark. MORGAENAVISEN JYLLANDS-POSTEN, 26.02.1999; <http://www.macedoniainfo.com/macedonia/index.htm; Во овој како и во многу други текстови се зборува дека македонското национално малцинство во Грција е всушност бугарско;

[609] Главниот уредник на весникот„*Зора*„Крапчев (еден од големите заговорници за бугарскиот карактер на Македонија) е еден од најактивните Македонци, кој ја споменува Голема Албанија како пријателка на Бугарија. Тој не пропушта да го објави т.н. договор од 1920 год., меѓу македонските револуционери (врховисти) и албански групи (Хасаб-бег) потпиешан во Тирана за заедничка борба за заедничка цел и што ги определувал границите на идна Албанија и на идна бугарска Македонија. Според тој договор: 2) Границите меѓу Македонија и Албанија ќе бидат на Кањинан (с. Камењане) кота 500, ќе поминува преку Шара до сегашната српско-албанска граница (1920); 3) Градовите Охрид, Струга и Ресен, како чисто Бугарски остануваат во границите на Македонија; 4) Градот Дебар останува вклучен во една од двете земји, по плебисцит.

Обидот на одредени бугарски организации да го придобијат македонското национално малцинство во Албанија (повеќе сиромашното), нудејќи им помош во вид на донации, државјанства, визи, облека, пари итн., во услови на недостаток на грижа од страна на Република Македонија за своите сонародници во Албанија, го става на тест интензитетот на чувството за припадност кон одредна нација и свеста за македонскиот етнички идентитет на припадниците на македонското национално малцинство. Обидите за давање бугарска помош за населението од Голо Брдо биле одбиени со изговор дека населението таму не е бугарско.

5. 2. Колкав е бројот на Македонците во Република Албанија?

Ова прашање, навидум лесно, е едно од клучните прашања кога станува збор за практицирањето и остварувањето на одредени права на припадниците на македонското национално малцинства во Република Албанија.

Како што спомнав предходно, за македонското национално малцинство во Албанија, албанските власти не велат дека не постои, но проблемот е во тоа што неговиот број се минимизира и се сведува на „4.878 распоредени во девет села во реонот на Преспа". Ова е официјална бројка, според пописните резултати од 1991 год.

Претставниците на Македонците во Албанија не ја испуштаат можноста постојано да укажуваат дека бројот на Македонците е многу поголем од оној со кој оперира официјалната албанска статистика.

Претседателот на *Студентското друштво на Македонците од Албанија* и на *Македонското друштво „Преспа"*, Едмунд Темелко за статистичките податоци и бројот на Македонците во Албанија вели: „Во Албанија во 1947 год., имаше 4.800 Македонци само во Мала Преспа. Сега таа бројка е намалена на 4.200, што е и официјалната бројка, што ја признава албанската влада. Меѓутоа, нашите

Министерство за надворешни работи на Италија известува соодветни установи за идните албанско-бугарски односи што ќе произлезат од заедничката окупација на Македонија, април 1941 година, Строго доверлива телеграма на МНР-Рим, во Тодоровски Г., Домазетовски П., 2003, ***Окупацијата на Западна Македонија (1941-1944), документи***, Струга-Јабланица, стр.23-27;

неофицијални сознанија говорат дека нивниот официјален податок од 4.200 е само дел од македонското малцинство во Мала Преспа, од каде што само 20.000 Македонци се преселени низ другите градови во Албанија. Вкупниот број на Македонци со кој ние располагаме е околу 300.000, од кои 100.000 говорат чист македонски јазик, а од нив 60.000 живеат во Тирана".

Евтим Митревски, потпретседател на Друштвото на Македонците „Преспа" во Албанија, го дели истиот став. Тој во новинарско интервју вели: „Ние отсекогаш сме барале да се спроведе попис од кој може да се види националната припадност на граѓаните во Албанија. Тогаш и ќе се утврди реалната бројка на Македонци и на другите малцинства. Пописот што беше одржан во минатата година не беше вистински попис, зашто не ја отслика националната структура на населението. Ние сметаме оти во Албанија живеат повеќе од 300 илјади Македонци. Инаку, албанските власти навистина шпекулираат со само 5.000 Македонци и тоа само во Мала Преспа. Ние со таквата бројка не се согласуваме. Претседателот на нашето Друштво „Преспа", Едмунд Темелко, на конференцијата на ОБСЕ и на Советот на Европа што се одржа во Тирана, кажа јасно и гласно дека бројката што ја кажуваат албанските власти е далеку под реалната и дека во Мала Преспа, Голо Брдо, Тирана, Драч, Елбасан и на други места живеат околу 350 илјади Македонци. Нивните тврдења дека нé има само 5.000, албанските власти треба да го докажат со попис".[610]

Четирите македонски органицзации во Албанија: „Мир", „Братство", „МЕД" и „Преспа", го бојкотираа пописот на населението во Албанија во 2001 год., во знак на протест, бидејќи на пописниот лист нема опција „Македонец" за изјаснување според национална припадност. Албанските власти продолжуваат да го минимизираат бројот на Македонците и на другите национални малцинства во Албанија и поради тоа, Заедницата на Македонците во Албанија ќе организира свој попис за да ја утврди точната бројка на Македонци.[611]

---

[610] Евтим Митревски, потпретседател на Друштвото на Македонците „Преспа„ во Албанија *БАРАМЕ МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ДА СЕ ИЗУЧУВА И ВО ГОЛО БРДО И ГОРА, Македонско Сонце*, бр. 406, 12.04.2002;

[611] OSCE Human Dimension Implementation Meeting, *The Macedonian Minority in Albania*, Warsaw, October 6-17, 2003; <http://

Советодавниот комитет во врска со статистичките податоци за бројот на припадниците на националните малцинства дадени во државниот извештај за спроведување на Рамковната конвенција на Албанија изразува, „голема загриженост поради недостаток на статистички информации кои се однесуваат на националните малцинства..., и за можноста од доследна примана на одредбите од Рамковната конвенција кои се поврзани со бројната застапеност на националните малцинства на одредна територија, регион, град, село...“.[612] Советодавниот комитет, исто така, забележува „на драстична разлика на статистичките податоци..., 2% од вкупното население според владини извори и над 20% според други извори“.[613] Комитетот забележува дека, „во пописните обрасци за 2001 год., не е предвиден простор за национално определување на граѓаните“.[614] Советодавниот комитет во својата специјална препорака до албанските власти нагласува дека, „треба да преземе активности за утврдување на точниот број граѓани кои припаѓаат на националните малцинства во Албанија“.[615]

Времето потребно албанските власти да постапат по препораките на Советот на Европа и недостаток на официјални податоци за бројот на Македонците во Албанија, остава простор за надмудрување и убедување за тоа, чии бројки се поточни, и тоа на штета на Македонците.

5. 3. Право на рамноправност и не-дискриминација

Како и во предходниот, така и во чл. 18, ст. 2 од Уставот, согласно чл. 4 од Рамковната конвенција, право на секој припадник на националното малцинство е недискриминација по основ на пол, раса, религија, етничка припадност, јазик, политичко или верско убедување. Во Уставот на Република Албанија (чл. 18, ст. 3)

---

[612] ADVISORY COMMITTEE ON THE FRAMEWORK CONVENTION FOR THE PROTECTION OF NATIONAL MINORITIES, ***OPINION ON ALBANIA,*** ACFC/INF/OP/I(2003)004, Strasbourg, 12 September 2002;
<http://www.coe.int/t/e/human_rights/minorities/2._framework_convention_(monitoring)/2._monitoring_mecanismn/4._opinion_of_the_Albania.htm

[613] Исто;

[614] Исто;

[615] Исто;

експлицитно се наведува дека, „никој не може да се дискриминира за причините споменети во ст. 2, ако не постои оправдана и објективна причина“.[616]

Во државниот извештај до Советодавниот комитет на Советот на Европа, Република Албанија ги изнесува своите мерки за примана на принципот на недискриминација и еднаквост. Според нив, одредени постојни закони кои се однесуваат на заштита на националните малцинства во Република Албанија содржат анти-дискриминаторски одредби. Според Кривичниот законик (чл. 265) на Република Албанија, се казнува секое „предизвикување на расна, национална или верска омраза и нетрпение, подготовка, дејствие или намера за дистрибуција на печатен материјал за таа намена“. Според чл. 266, се казнува секое „нарушување на јавниот мир, повикување на омраза против дел од населението и употреба на насилство и самоволие против нив“.

Друга гаранција за заштита на законски и уставно загарантираните права на припадниците на националните малцинства во Албанија е институцијата Народен правобранител или Омбудсман, кој во февруари 2000 год., беше избран од Собранието на Република Албанија. Согласно Законот бр. 8.454 од 4 февруари 2000 год., „Народниот правобранител ги штити правата, слободите и интересите на граѓаните од незаконска и погрешна работа на органите на јавната администрација, исто така и од трета стана која дејствува во своја корист“.

Принципот на еднаквост во комуникацијата меѓу јавната администрација и припадниците на националните малцинства е загарантиран со Законот за управна постапка (чл. 11, ст. 1), во кој се вели дека, „во односот со физичките лица, јавната администрација ќе се води од принципот на еднаквост, односно никој нема да биде привилегиран или дискриминиран по основ на пол, раса, религија, етницитет, јазик, политичко, религиозно или филозофско убедување, економска, образовна, социјална состојба или семејна определба“.

Според изготвувачите на државниот Извештај, „националните малцинства што живеат во Република Албанија се заштитени од дискриминација и на полето

[616] *KUSHTETUTA E SHQIPËRIES,* TË DREJTAT DHE LIRITË THEMELORE TË NJERIUT (Устав на Албанија, Човекови слободи и права), Издавачи Сабри Гоџа, Арбен Имами, 21.10.1998, Тирана;

на вработувањето и социјалната заштита".[617]Во Законот за работни односи (чл. 9), кој ги опфаќа работните односи во јавниот и приватниот сектор, „се казнува секаков вид на дискриминација при вработувањето или во професионалниот живот". Исто така во делот на социјалната и здравствената заштита „на граѓаните им се гарантираат еднакви права, без разлика на нивната националност или раса".

Албанскиот Кривичен законик ја санкционира дискриминацијата во јавната сфера. Така, се вели (чл. 253), дека со 5 години затвор „се казнува секој оној кој во државна или јавна служба, при вршењето на својата работа, изврши дискриминација врз основа на потекло, национална припадност, здравствена состојба, религиозно или политичко убедување,... ".

Во државниот извештај се вели дека, на полето на образованието се гарантираат еднакви права за сите албански граѓани. Законот бр. 7.952, (чл. 3) од од 21 јуни 1995 год., предвидува „еднакви права на сите граѓани да се образуваат на сите образовни нивоа предвидени со закон, без разлика на социјален статус, националност, јазик, пол, религија, раса, политичка припадност, здравствана состојба и економски статус".

Согласно обврската на Република Албанија за усвојување на мерки за унапредување на еконмскиот, социјалниот, политичкиот и културниот живот, полната и ефективна рамноправност меѓу припадниците на националните малцинства (бидејќи одредбите од потпиешаната Рамковна конвенција не се директно применливи), Република Албанија презеде обврска во блиска иднина амандмански да интервенира во Уставот од 1998 год., и да ги усогласи постоечките закони со потребите на националните малцинства и одредбите од Рамковната конвенција. За таа цел во 2000 год., отворена е *Канцеларија за национални малцинства* во рамките на Министерството за надворешни работи, која има обврска да го следи спроведувањето на меѓународните обврски на Република Албанија на полето на малцинската заштита. Од 1998 год., во рамките на Министерството за локална самоуправа функционира *Сектор за национални малцинства*, кој има задача да ги решава проблемите поврзани со ефективната партиципација на националните малцинства во процесот на одлучување на локално и национално ниво.

---

[617] REPORT SUBMITTED BY ALBANIA ..., ACFC/SR (2001) 005, ...;

Еден инспектор од Бирото за основно образование при Министерството за образование и наука на Република Албанија е задолжен за следење на проблемите на националните малцинства во образованието. Еден од советниците на Премиерот на Република Албанија е задолжен да се справува со социјалните проблеми, вклучително и со проблемите на националните малцинства.

Советодавниот комитет на Советот на Европа во врска со наведените податоци за еднаквост и не-дискриминација во албанскиот државен извештај, смета дека, „иако дискриминацијата не може да се смета за генерален проблем во албанското општество, сепак постојат бројни поплаки од припадници кои припаѓаат на националните малцинства. Поплаките најчесто се однесуваат на дискриминација во област на вработувањето, пристапот до основните комунални услуги (струја, вода итн.), образованието, домувањето, социјалната заштита и др".[618] Советодавниот комитет забележува на „недостаток од официјални статистички податоци за точна бројна застапеност на припадниците на националните малцинства, за да може да се коментира дали одредена дискриминаторска практика е генерален проблем или со неа се соочува само одреден дел од населението или национално малцинство".[619] Комитетот наведува дека, „најголем проблем со кој се соочуваат припадници на националните малцинства во Албанија, а кој е генериран од дискриминацијата е широката употреба на митото, заради задоволување на побарувања од јавната администрација од страна на службените органи".[620]

Писателот не ги споделува ставовите изнесени во делот еднаквоти и недискриминација дадени во државниот извештај на Република Албанија, а истовремено, имајќи го предвид мислењето на Советодавниот комитет, може да се дадат неколку видувања за положбата на македонското национално малцинство во Албанија.

Како што кажав и предходно, албанскиот официјален став во однос на постоењето на македонско национално малцинство во Република Албанија е позитивен, значи Албанија не одрекува дека на нејзина територија или како што таа вели „во југоисточниот дел на Албанија на самата граница со ПЈР

---

[618] ADVISORY COMMITTEE ..., ***OPINION ON ALBANIA,*** ACFC/INF/OP/I(2003)004, ...;
[619] Исто;
[620] Исто;

Македонија“, живеат Македонци. Проблемот е во тоа што, минимизирајќи го нивниот број директно или индиректно ги дискриминира нивните загарантирани права, кои се територијално одредени.

Правата поврзани на принципот на „сврзани садови“ ја наметнува потребата од базично остварување на примарните, како основа за остварување на останатите права. Официјалната албанска политика која преку употребата на албанскиот јазик во сите сфери на општествениот живот и образование на албански јазик на ниво на високото образование е доволен предуслов, припадниците на националните малцинства (македонското) да немаат соодветен пристап на пазарот на труд, вработувањето, конкурентност со својот личен стручен капацитет итн.

Централизираната и моноцентрична урбанизација и индустријализација на Република Албанија, како и несразмерниот регионален развој на територијата на Албанија, особено во делот каде што живее македонското национално малцинство се едни од многубројните причини, зошто Македонците во Албанија во најголем дел се сиромашни и живеат во неразвиено подрачје.

Фетаху Кимет, претседател на друштвото *„Мир“* и член на Комисијата на Пактот за стабилност што се занимава со правата на човекот и правата на малцинствата во Албанија, истакнувајќи дел од овие проблеми вели: „Македонија, заедно со албанските власти, треба да настојува да ги решава глобалните проблеми на македонското малцинство во Албанија. Сите Македонци живеат крај границата на двете држави. Тие имаат големи проблеми околу снабдувањето со струја и вода, животниот стандард им е многу низок. Треба да се влезе во заеднички проекти за да им се решат основните проблеми на тие луѓе. Со конкретни проекти, како на пример, изградба на мрежа за електрификација, водоводи и слично. Тоа е најважното. А студирање во Софија, Скопје или во Рим тоа е решавање на лични проблеми, иако преку студиите се остварува извесно влијание. Јас, на пример, сум дипломирал во Кина. Не можам да речам дека сум Кинез. Важна е стратегијата и соработката на општините од двете страни на границата“.[621]

---

[621] Фетаху Кимет (Тирана, Албанија), *БАРАМЕ ИСТИ ПРАВА КАКО АЛБАНЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА* (интервју), *Утрински весник*-пишува Виктор Цветаноски, Скопје, 1995;

5. 4. Македонското национално малцинство во Албанија и неговото право на употреба на мајчиниот јазик и правото на образование на мајчин јазик

Во државниот извештај на Република Албанија во податоците кои се однесуваат на имплементацијата на чл. 12, 13, и 14 од Рамковната конвенција, а кои се однесуваат на употребата на мајчиниот јазик на припадниците на националните малцинства, како и на можноста за образование на мајчин јазик, дадени се општи податоци за правната рамка во која малцинствата го остварува ова право.

Според Уставот на Албанија (чл. 14), „официјален јазик во Албанија е албанскиот", додека чл. 20, им го грантира правото на лицата кои им припаѓаат на националните малцинства „...да учат на свој мајчин јазик".[622] Според изготвувачите на државниот Извештај, „правото на употреба на мајчиниот јазик во приватниот и јавниот живот е загарантирано. Припадниците на националните малцинства слободно го употребуваат мајчиниот јазик во секојдневната меѓусебна комуникација, на јавните собири, во изборните кампањи, во сопствени печатени и електронски медиуми, во публикациите од културен, литературен, историски и научен карактер, во религиозните церемонии итн. Во комуникацијата помеѓу припадниците на националните малцинства и властите во единиците на локалната самоуправа каде што живее малцинството, по слободен избор тие можат да комуницираат на својот мајчин јазик, бидејќи во повеќето случаи претставниците на локалната власт се припадници на малцинството".[623]

Согласно Уставот на Република Албанија (чл. 28, ст. 1), „секому кому му се укинува слободата, има право веднаш на јазикот кој го разбира да се информира за причините на оваа мерка, како и за обвинението за кое се товари... ".[624] Во Уставот (чл. 31, т. ц), се вели дека, во текот на кривичната постапка секој има право „на бесплатна помош од еден преведувач, кога не го зборува или не го

---

[622] ***KUSHTETUTA E SHQIPËRIES,*** *TË DREJTAT DHE LIRITË THEMELORE TË NJERIUT ...*;
[623] REPORT SUBMITTED BY ALBANIA..;
[624] Исто;

разбира албанскиот јазик".[625] Овие принципи се содржани и во кривичната и граѓанската постапка.

Во врска со имплементацијата на чл. 12 од Рамковната конвенција, кој се однесува на образованието на националните малцинства на свој мајчин јазик, во државниот извештај на Албанија се истакнува дека, „посебна и постојана грижа се води за образованието на националните малцинтва". Како што беше спомнато во Законот бр. 7.952 (чл. 3), според кој „на сите граѓани им се гарантира образование на сите ниво на образовние, без разлика на нивната социјана положба, национална припадност, јазик, пол, религија, политичко убедување, здравствена и економска состојба". Во истиот закон (чл. 10, ст. 1) се вели дека, „ќе се создаваат можности лицата кои припаѓаат на национални малцинства да учат на мајчин јазик во рамките на наставните предмети да ја изучуваат својата историја и култура".

Правото на луѓето кои припаѓаат на одредено национално малцинство, на задржување на сопствениот идентитет, може да се оствари целосно само доколку ваквите лица имаат можност да стекнат соодветни познавања на мајчиниот јазик во рамките на образовниот процес. Истовремено, лицата кои припаѓаат кон одредени национални малцинства имаат обврска да се интегрираат во поширокото национално општество преку стекнување на соодветни знаења за службениот јазик на државата.

Истражувањата на полето на образованието укажуваат, дека во основните училишта наставата би требало да се изведува на јазиците на малцинствата. Јазикот на малцинството би требало да се изучува како редовен предмет. Службениот јазик на државата би требало исто така, да се предава како редовен предмет, по можност од страна на билингвални наставници кои имаат разбирање за културните и јазичните корени на децата.

Според податоците од државниот Извештај, во Република Албанија постојат две основни училишта на македонското национално малцинство, во кои се учи на македонски јазик и тоа во Корча и Девол.

Во Корча постојат две (2) основни училишта на македонки јазик од I-VIII одделение, седум (7) основни училишта од I-IV одделение, 15 паралелкисо настава на

[625] Исто;

македонски јазик и 11 здружени (групни) часа по предмети на македонски јазик. Вкупниот број на ученици кои учат на македонски јазик во Корча, според податоците на Министерството за образование и наука за учебната 1999/2000 год., изнесува 511. Бројот на наставници кои изведуваат настава на македонски јазик во Корча, изнесува 42 ученици.

Во Девол постои едно основно училиште во кое наставата се изведува на македонски јазик од I-IV одделение и 1 групен часа на македонски јазик. Според ресорното министерство, вкупниот број на ученици кои учат на македонски јазик во Девол во учебната 1999/2000 год., изнесува 11 ученици. Еден наставник во Девол изведуваат настава на македонски јазик.

Првите години од образованието играат клучна улога во развојот на детето. Истражувањата на полето на образованието покажуваат дека идеален медиум во подучувањето во претшколското образование или образованието во градинките е мајчиниот јазик на детето.

Според податоците во државниот Извештај, освен 8-те основните училишта на македонски јазик, во Корча и Девол постојат и предшколски установи (детски градинки). Во Корча, според податоците на Министерството за образование и наука, за учебната 1999/2000 год., постојат осум (8) детски градинки за припадниците на македонското малцинство, кои згрижуваат вкупно 202 деца, а за нив се грижат 11 воспитувачки и негователки. Во Девол постои една детска градинка со 13 деца за кои се грижи една воспитувачка.

Во државниот Извештај, освен податоците за основните и предшколските установи, изнесен е податок за егзистирање на едно средно училиште во Корча во кое се изведува двојазична наставата на македонски и албански јазик.

Со оглед на неопходноста и важноста на меѓународните инструменти во меѓукултурното образование и со цел истакнување на историјата, културата и традициите на малцинствата, државните образовни институции би требало да ја обезбедат можноста од тоа, општото задолжително образование да вклучува и настава во врска со историјата, културата и традицијата на соодветното национално малцинство. Поттикнувањето на припадниците на мнозинството да ги изучуваат јазиците на националните малцинства кои живеат во рамките на даде-

ната држава би требало да придонесе за јакнење на толеранцијата и мултикултурните аспекти во рамките на државата.

Во овој контекст, *Европската комисија за борба против расизмот и нетолеранцијата (ECRI),* во својот извештај од 2005 год., за Албанија врз основа на својата набљудувачка мисија во Препораките истакнува: „ECRI им препорачува на албанските власти да ја разгледаат можноста за унапредување на образованието на малцинствата на нивен мајчин јазик. ECRI, исто така, препорачува властите да ја поттикнуваат интеракцијата и комуникацијата меѓу децата кои припаѓаат на различни етницитети и да го унапреди моделот на билингвални училишта... ".[626]

Врз основа на повеќе законски и подзаконски акти во август 1994 год., донесена е Одлука бр. 396 и Упатство бр. 14 на Министерството за образование и наука на Република Албанија, во кои покрај другото, се утврдуваат критериумите за отварање и функционирање на училишта за припадниците на националните малцинства; сразмерот помеѓу употребата на мајчиниот и албанскиот јазик преку наставни програми и содржини кои на припадниците на националните малцинства им овозможуваат изучување на својата историја, традиција и култура и др.

Во основните училиштата од I-VIII, каде што се изведува двојазична настава, соодносот меѓу наставата на јазикот на националното малцинство и наставата на албански јазик изнесува 40%-60%, додека во основните училишта од I-IV тој сооднос изнесува 90%-10% во корист на јазикот на малцинството.

Во училиштата каде што се изведува настава на македонски јазик, од 1998 год., воведен е нов предмет-*Историја на македонскиот народ.*

Според податоците од државниот Извештај, „голем дел од припадниците на македонското малцинство во Албања по завршувањето на средно училиште своето образование го продолжуваат на универзитетите во Тирана, Скопје и Битола. Во некои случаи тие одат да студираат во земјите на ЕУ, а оние кои не продолжуваат со школувањето одат да работат во Република Македонија".[627]

---

[626] European Commission Against Racism and Intolerance, *Third report on Albania*, 14 June 2005 , *Minority language education*, Recommendations, № 66; <http://www.coe.int/T/E/Human_Rights/Ecri/1-ECRI/2-Country-by country_approach/Albania/Albania_CBC_3.asp

[627] лок. цит;

Во интервју за весникот „Нова Македонија“, претседател на Македонското друштво „Преспа“ од Албанија, Едмонд Сотир за образованието на македонското малцинство во Албанија вели: „На нашиот мајчин јазик се следи наставата само во Мала Преспа и тоа само еден дел од предметите. Во Тирана, каде што живеат 60.000 Македонци, нема ниту едно основно училиште, а за средно не станува збор. Имаме само една гимназија во Пустец, каде сите професори и ученици се Македонци. Во високото образование состојбата е уште поапсурдна. Не само што нема шанси за студирање на мајчиниот јазик, туку и на постојните осум универзитети низ цела Албанија, нема никакви предности, или какви било квоти за националности. Така што Македонците што сакаат да студираат, имаат шанси да се запишат само на оние факултети, каде што евентуално ќе остане слободно место. Тоа најчесто е Педагошката виша школа, а може да се најде по некое слободно место и на Медицинскиот факултет. На Музичката академија, или пак, на Факултетот за драмски уметности Македонците немаат никаков пристап“.[628]

Зборувајќи за потребите на македонското национално малцинство, претседателот на „Преспа“ цитира дел од нивната Резолуција е склучување спогодба за малцинските права меѓу Република Македонија и Република Албанија, врз основа на рамноправност и реципроцитет, според која „се бара право на образование на мајчин македонски јазик во основното, средното и високото образование и создавање услови за остварување на тоа право; отворање основни училишта на македонски јазик во селата во Голо Брдо и во Гора и во сите населени места во Република Албанија каде што живеат Македонци. Од Министерството за образование на Република Македонија бараме да организира курсеви за подготовка на наставниците кои изведуваат настава на македонски јазик во Република Албанија, како и курсеви за македонски јазик во Голо Брдо, Гора, Тирана и други места во Албанија каде што живеат Македонци“.[629]

---

[628] *Правата на Македонците во Албанија-минимални*, Едмонд Сотир, претседател на Македонското друштво Преспа од Албанија, *Нова Македонија*, 16 јуни, 2001;
[629] Исто;

Во Република Албанија нема приватни образовни институции.

Советодавниот комитет на Советото на Европа во своето мислење за извештајот на Албанија, истакнува дека, „покрај постоечките училишта во кои наставата се изведува на македонски јазик, постојат и нови барања за отварање на училишта на македонски јазик надвор од т.н. ‚малцинска зона'".[630] Комитетот истакнува дека, „во недостаток на статистички податоци за застапеноста на малцинствата по општини и региони, тешко е да се маркираат области кои припадниците на македонското национално малцинство живее во значителен број".[631] Советодавниот комитет истакнува дека, „властите треба да ја разгледаат можноста за отварање на училишта и во други места населени со малцинства", односно да постапат согласно чл. 14, ст. 2 од Рамковната конвенција. Исто така, Комитетот во своето мислење за државниот Извештај на Албанија препорачува, „властите сериозно да ја разгледаат можноста за отварање на катедра за македонски јазик и други јазици на универзитетско ниво".[632]

Согласно препораките на Советот на Европа, Република Албанија би требало да создаде услови кои би им овозможиле на организациите кои ги претставуваат припадниците на националните малцинства да учествуваат, на еден целисходен начин, во развојот и примената на политиката и програмите поврзани со образованието на малцинствата. Исто така, на регионалните и локалните органи би требало да им обезбедат соодветни надлежности на малцинствата во врска со образованието, обезбедувајќи на тој начин и учество на малцинствата во процесот на дефинирање на политиката на регионално и/или локално ниво.

Обезбедувањето на можноста за изведување на наставата во основното и средното образование на јазикот на малцинството, зависи во голем дел од расположивиот број на наставници обучени за тоа во сите дисциплини, на мајчиниот јазик. Заради тоа, имајќи ја предвид обврската за обезбедување на соодветни можности за образование на мајчиниот јазик, државата би требало да

---

[630] ADVISORY COMMITTEE ..., ***OPINION ON ALBANIA***, ACFC/INF/OP/I(2003)004, ...;
[631] Исто;
[632] Исто;

обезбеди соодветни институции за обука на ваквите наставници и би требало да обезбеди можности за пристап до ваквата обука.[633]

Голем дел од активностите за стручно усовршување на наставниот кадар кој изведува настава на македонски јазик за припадниците на македонското национално малцинство во Република Албанија биле реализирани во соработка со универзитетите во Република Македонија.

Во сите меѓународни норми и договори се предвидува, припадниците на националните малцинства да имаат пристап до образовните институции од високообразовниот сектор на нивниот мајчин јазик, доколку покажале потреба за тоа. Високото образование на мајчиниот јазик може да се направи достапно до националните малцинства преку основање на соодветни институции во рамките на постоечките образовни структури и под услов ваквите институции да им служат соодветно на потребите на засегнатото национално малцинство.

Од пред неколку години со одлука, Владата на Република Македонија од буџетот на Република Македонија издвојува финансиска помош во вид на стипендии за студенти-Македонците од соседните држави, како поттик и помош за студирање на високообразовните институции и универзитетите во Македонија. Според извори на Министерството за образование на РМ, најголем број од стипендистите на Владата на РМ се Македонци од Република Албанија, кои најчесто студираат на Педагошкиот факултат во Скопје, Институтот за национална историја при Филозофскиот факултет, Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет и на останатите факултети во РМ. Најмалку застапени се стипендистите-Македонци од Република Србија (СЦГ) и од Република Грција. Изворите ова го објаснуваат со фактот што во Република Грција не се признаваат дипломите од универзитетите во РМ, заради „меѓународно непризнаениот јазик", но и заради неможноста за слободно национално изјаснување, додека широката

[633] Во државниот извештај се истакнува дека, „посебно внимание се посветува на педагошкото и стручното усовршување на наставниците и директорите на училиштата на националните малцинства". Нивното усовршување е поставено како една од приоритетните задачи на образовните власти кои се задолжени за следење на проблемите во образованието на националните малцинства. Министерството за образование и Институтот за педагошки студии организира стручни семинари за наставниците кои изведуваат настава за припадниците на малцинствата.

општествена интеграција на Македонците во Република Србија и познавањето на српскиот јазик не претставуваат проблем за Македонците да студираат на универзитетите во Србија.

Освен помош во вид на стипендии, голем број невладини и владини организации организирано во вид на донации обезбедуваат комплети учебници од прво до петто одделение за децата од мала Преспа кои наставата ја следат на македонски јазик, помош во храна, облека и др.

5. 5. Правото на здружување на македонското национално малцинство во Албанија

Согласно Уставот на Република Албанија, основните права и слободи на човекот се неодделиви, неотуѓиви и неповредливи и се темел на целиот правен поредок (чл. 15, ст. 1). Основните права и слободи, како и обврските предвидени во Уставот, како за албанските државјани, исто така важат и за странците и за лицата без државјанство на територијата на Република Албанија, со исклучок на случаи кога Уставот на посебен начин го врзува остварувањето на одредни права и слободи со албанското државјанство (чл. 16, ст. 1).

Правото на мирно собирање и учество во него, без оружје е гарантирано со Уставот на Република Албанија (чл. 47). Како додаток на ова е Законот бр. 8.145 (чл. 1) или „На правото на собирање“ од 1996 год., во кој се вели дека, „сите граѓани на Република Албанија без разлика на пол, раса, боја, јазик, религија, етницитет, економска, финансиска, образовна и социјална состојба, политичко убедување, потекло или друго лично својство, има право на јавно собирање“.[634]

Уставот на Албанија (чл. 46) вели дека, „никој не може да биде спречен во правото за колективно организирање за било која законска цел“.[635] Законот за политички партии, бр. 8.580, од 17.02.2000 год., „засновувајќи се на ова уставно

[634] Law „On Right of Gatherings”, Law no.8485, dated 12.05.1999
[635] *KUSHTETUTA E SHQIPËRIES,...;*

право на граѓаните, остава простор исто така, за основање политички партии засновани врз етничка основа".[636]

Како резултат на организираното живеење на македонското малцинство, на 4 април 1991 год., група млади и образовани Македонци и официјално ја формираа *Организацијата „Преспа" од Мала Преспа*, за унапредување на правата и положбата на македонското национално малцинство во Албанија во сите сфери. Во Тирана се формираше *„Здружение на Македонците во Тирана"*, за зачувување на македонскиот етнос и организирање на културен, образовен и политички план. Во регионот Голо Брдо 37 села го формираа *Културно уметничкото друштво „Братство"*, за негување на македонскиот фолклор. Македонците од Елбасан ја основаа организацијата *„ДОМНЕА"* (Демократска организација на македонското национално единство во Албанија), чији основни цели се отварање на училишта со настава на македонски јазик, основање на културно-уметнички и други друштва и здруженија и остварување на други права и слободи согласно меѓународните стандарди.

Законот за политички партии (чл. 7), „забранува регистрација на политички партии кога нивната внатрешна организација е против демократските принципи на државата; кога нивното основање е спротивно на уставните одредби; кога тие побудуваат и поттикнуваат расна, верска, регионална и етничка омраза; кога се засновани на тоталитарни методи" итн.[637] Според извештајот за примена на човековите права на *Биротo за демократија, труд и човекови права*, „нема извештаи дека овие решанија се искористени против некои малцинска група".[638]

Советодавниот комитет го поздравува донесувањето на Законот за политички партии бр. 8.580, кој влезе во сила на 17 февруари 2000 год., и истовремено го укинува Законот бр. 7.502 донесен на 25 јули 1991 год., со кој се забрануваше правото националните малцинства да основаат свои политички партии.[639]

---

[636] Law „On Political Parties", No.8580, dated 17.02.2000;
[637] Исто;
[638] *Albania-Country Report on Human Rights Practices*, Released by the Bureau of Democracy, Human Rights and Labor, March 4, 2002, str. 18;
[639] ADVISORY COMMITTEE ..., ***OPINION ON ALBANIA***, ACFC/INF/OP/I(2003)004, ...;

Иако целосното почитување на човековите права и почитувањето на принципот на недискриминација го намалуваат или елиминираат барањето за формирање на политички партии се засновани на етнички врски, во повеќето случаи, ваквите партии кои го претставуваат малцинството можат да бидат единствана надеж за ефикасно претставување на нивните интереси, а на тој начин и делотворното учество на претставниците на малцинствата во политичкиот живот на државата.

Обединувањето, односно здружувањето на припадниците на македонското малцинство во Република Албанија, започна со почетокот на демократските промени во Албанија, кога системот на владеење по принципот „изолација" почна постепено да ерозира и да добива форма на надежна демократија. Строгоста што до 1991 год., ја наметна албанската власт продолжи да се чувствува и во годините кога со уставните промени Албанија се трансформира во парламентарна демократија. Уставната забрана за политичко организирање на етничка основа, комбинирано со иста таква одредба во Законот за политички партии бр. 7.502 од 1991 год., само ја најавија жестоката битка на националните малцинства во Албанија да опстојат во своите намери да формираат политички партии. Желбата за учество во политичкиот живот на Албанија и настојувањето да се биде дел од политичкиот плурален мозаик, ги натера повеќето од националните малцинства, покрај нивното културно здружување, да тежнеат кон политичката партиципација во власта со свои легитимни претставници. Периодот од 1991 год., наваму, за националните малцинства беше период на политичка борба во докажувањето на авторитетот на власта, од една страна, и докажувањето на легитимноста на барањата за формирање на политички партии на малцинствата, од друга страна. Таа „борба" беше тешка, бидејќи одредни барања на националните малцинства, *und bloc* беа одбивани.

Надежта се јави која беше донесен новиот Законот за политички партии бр. 8.580, кој влезе во сила на 17 февруари 2000 год., а истовремено ја укина одредбата за забрана на основање политички партии врз етничка основа. Македонското национално малцинство дотогаш беше политички неорганизирано, или поточно кажано дејствуваше политички зад превезот на здружувањето заради заштита на

правата на Македонците во Албанија. Дотогашната политичка про-форма, постепено почна да добива изгледи за вистинска политиочка опција на Македонците во Република Албанија. Многу официјални претставници од Македонија и од Албанија не веруваат дека политичките права на малцинствата ќе го достигнат потребното ниво за нивно легитимно претставување во претставничкиот дом на Република Албанија. Овие размислувања се однесуваат на македонското малцинство, бидејќи грчкото малцинство во Албанија политички функционира од 1991 год., а денес нивните претставници имаат свое место во Парламентот на Република Албанија.

Запрашан дали постојат шанси Македонците во Албанија, со политички средства да се изборат за статусот за кој се избори албанското малцинство во Македонија, поранешниот македонски амбасадор во Албанија, Ристо Никовски, во интервју за „Утрински весник" вели: „Политичките права на малцинствата,... се многу ограничени, бидејќи не е дозволено формирањето на партии на етничка основа. Во почетокот на деведесеттите Грците, сепак, формираа партија, но таа беше забранета и подоцна се претвори во Партија за човекови права, чиј главен носител на активностите *de facto* е Омонија. Македонците размислуваат да формираат партија, но лично мислам дека тоа не е реално и дека е подобро да се активираат во некоја од партиите која ќе има разбирање за нивните аспирации и ќе ги реализира нивните барања".[640]

Во интервју за весникот „Нова Македонија" на новинарско прашање во врска со едно од барањата во Резолуцијата од 45 точки што ја донесе Македонското друштво „Преспа" од Албанија, а кое се однесува на избор на Македонци пратеници во Парламентот на Република Албанија на парламентарните избори во 2001 год., претседател на здружението Едмонд Сотир, вели: „Првиот чекор во таа насока веќе е направен со кандидатурата на првиот Македонец Кимет Фетаху. Тој е претседател на Македонското друштво „Мир" од Тирана и независен кандидат за пратеник во Парламентот на Албанија од изборната единица Голо Брдо... Со

---

[640] Слободанка Јовановска, интервју со Ристо Никовски, македонски амбасадор во Албанија, *ПОЛИТИЧКИТЕ ПРАВА НА МАЛЦИНСТВАТА ВО АЛБАНИЈА СЕ ОГРАНИЧЕНИ, „Утрински весник„* 18.01.2002;

оглед на тоа што населението во таа изборна единица е претежно македонско, сметаме дека ќе победи. Инаку, во Албанија Уставот не дозволува формирање партија на национална основа. Затоа, за да можеме да излеземе на политичката сцена се трудиме да формираме граѓанска партија. На Македонците во Албанија им се нуди соработка со повеќе политички партии, но, за возврат не ни даваат ниту едно пратеничко место, туку само градоначалнички".[641]

Во тој контекст, во интервјуто за „Утрински весник" на прашањето: Колку Македонците се вклучени во политичкиот живот на Албанија?, Кимет Фетаху, претседател на друштвото „Мир" и независен кандидат за пратеник, одговара:„ Јас сум член на Комисијата на Пактот за стабилност што се занимава со правата на човекот и правата на малцинствата во Албанија. Ние уште не сме претставени во албанскиот Парламент и во државните институции како малцинство. Ние го бараме тоа што Албанците го имаат добиено во Македонија, да имаме свои партии, свои пратеници. Во Албанија се плашат од такви организирања. Сакаме да формираме партија, а албанскиот Устав не дозволува политички организации врз национална основа. Ние сметаме во таа насока да одиме чекор по чекор, според времињата што ќе доаѓаат".[642]

Претставниците на Македонското политичко друштво „МИР", Организацијата за заштита на правата на Македонците од Албанија Друштво „Преспа", Македонското политичко друштво „МЕД", Политичкото друштво „Братство" и Студентското друштво на Македонците од Албанија, поаѓајќи од Повелбата и Универзалната декларација за човекови права на ООН, донесена на 10 декември 1948 год., на 30 октомври 2004 год., се обединија во единствена *„Македонската заедница во Албанија"*, и најавија регистрација на Македонска партија за европска интеграција.

Претседателот на Студентското друштво на Македонците од Албанија и на Македонското друштво „Преспа", во интервју за медиумите изјави: „...Регистриравме *Македонска заедница* каде што се обединети сите македонски

---

[641] *Правата на Македонците во Албанија-минимални*, Едмонд Сотир, ...;
[642] Фетаху Кимет (Тирана, Албанија), *БАРАМЕ ИСТИ ПРАВА...*;

друштва. Тоа се постигна на Првата национална конференција на Македонците во Република Албанија, под покровителство на Светскиот македонски конгрес, одржана на 28, 29 и 30 април годинава (2001), во манастирот Св. Наум Охридски во Охрид. Целта на нашето дејствување е односите меѓу Република Албанија и Република Македонија за сите прашања од заеднички интерес да се градат на мирен начин, преку преговори врз рамноправна основа и со заемно почитување, немешање во внатрешните работи, неповредливост на границите и неизразување територијални претензии. Сето тоа е во интерес на мирот, стабилноста и соработката на Балканот и развојот на демократијата. По тој повод Македонската заедница подготви Резолуција од 45 точки со предлог мерки и барања за унапредување на положбата и правата на Македонците во Република Албанија. Резолуцијата е доставена до Обединетите нации, до Високиот комесаријат за човекови права на Обединетите нации, ОБСЕ, високиот комесар за малцински права на ОБСЕ, до Советот на Европа, Европската Унија, претседателите, парламентите и владите на Република Македонија и на Република Албанија, до архиепископот и архијереите на Македонската православна црква, како и до Светскиот македонски конгрес и до македонските друштва во Република Албанија".[643]

5. 6. Македонски медиуми во Албанија

Согласно чл. 9 од Рамковната конвенција, припадниците на националните малцинства имаа право на слободно изразување кое опфаќа слобода на уверување и примање и давање информации на мајчин јазик. Освен тоа државите потписнички на Конвенцијата се обврзуваат да усвојат соодветни мерки за олеснување на пристапот до средствата за информирање на припадниците на националните малцинства и можност за користење и создавање на сопствени средства за јавно информирање.

Уставот на Република Албанија (чл. 22, ст. 2 и 3), ја гарантира слободата на радиото и телевизијата со забрана на предвремена цензура на средствата за масовно комуницирање. Законот за јавни и приватни радиа и телевизии на Република

[643] Едмонд Сотир, ..., *Нова Македонија*, 16 јуни, 2001;

Албанија, бр. 8.410 донесен во 1998 год., на националните малцинства им го гарантира пристапот до електронските медиуми. Законот (чл. 39) го „забранува емитувањето на програми кои поттикнуваат насилство, агресија, војна, расна и национална омраза“ и вели дека, „јавните и приватните радио и телевизиски програми ќе го почитуваат личното достоинство и основните човекови слободи ..., правата на детето и младината, јавниот ред, националната безбедност, Албанскиот јазик и култура, уставните и правата на националните малцинства во согласност со меѓународните конвенции потпишани од Албанија и религиската разновидност во Албанија“. Истиот закон (чл. 37) предвидува, „задолжителна употреба на албанскиот јазик за сите програми, освен за музичките лирски творби на странски јазик, наставна програма на странски јазик, програма наменета исклучиво за националните малцинства, и програми на локални радио-телевизиски субјекти лиценцирани да емитуваат програма на јазиците на налцинствата“.

Пристапот до јавните медиуми во Албанија за етничките Македонци е отежнат. Никогаш не постоела телевизиска програма на македонски јазик во Албанија. Радио Корча, трипати неделно емитува вести на македонски јазик. Содржината на емитуваната програма е вести од Македонија, од Албанија и светот, како и македонски песни и ора. Албанските власти ја изразија својата подготвеност да отворат локално радио во Пустец, кое ќе функционира исклучиво на македонски јазик. Но, тоа сé уште не е сторено. Во економски опустошениот Пустец, во 2002 год., Македонците отворија приватно радио, кое емитува програма на македонски јазик во временски период од седум часот наутро до осим часот навечер, а од самиот почеток му се заканувaше пропаст поради финансиски проблеми. Локалните телевизии во Пустец, без некој посебен ред и обврска повремено емитуваат емисии од забавен карактер на македонски јазик, но според жителите тоа е повеќе случајно и ненамерно, отколку намерно.[644]

[644] United Nations 61th Session of the Commission on Human Rights, 14 March – 22 April 2005, Geneva, *The Macedonian Minority in Albania,* Report by the Macedonian Human Rights Movement of Canada (MHRMC); <http://www.mhrmc.ca/

Во последните десет години, Македонското здружение за човекови права издаваше повеќе весници на македонски јазик, но поради финансиски потешкотии, остана да се издава семо еден весник на здружението „Преспа".

5. 7. Слободата на вероисповест на македонскиот малцинство во Албанија

Потписничките на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, меѓу кои и Република Албанија, со одредбите од чл. 8 преземаат обврска на секој припадник на национално малцинство во Албанија, да му го признаат правото на слободно изразување на своето верско убедување и правото да основа верски институции, организации и здруженија.

Албанците во Република Албанија се поделени на две големи дијалектни и културни групи: Геги и Тоски, и во три религиозни групи, муслимани, католици и православни. Примерен стимул за воспоставување на националната свест на Албаниците во регионот беа јазикот и културата-култура создадена од слични искуства, јазик традиција и во голема број случаи, религија.

Конфесионалната поделба на Албанците во три религии не успеала да создаде и културна поделба врз овие основи, поради функционирањето на народните интегративни социокултурни единици (семејството, братството, селото, кланот, бајракот, провинцијата). И покрај ова, религиите им помогнале на вертикалните диференцијации на албанската култура како последица на дејствувањето на географските и историските фактори, меѓутоа, локалните диференцијации на албанската култура не се совпаѓаат со пространството на религиите во оваа култура.[645]

Голем дел од албанските граѓани се секуларно оријентирани поради долгиот период на државното форсирање на атеизмот. Забраната на релиите и религиските објекти и активности, придонесе за зајакнување на атеистичката ориентација на албанските граѓани, независно од нивната етничка припадност.

---

[645] Гани, Боби, ..., стр. 66;

Во Уставот на Република Албанија (чл. 24), се вели дека, „слободата на свеста и религијата е гарантирана. Секој е слободен да ја избере или промени религијата или убедувањето и да го манифестира самостојно или во заедница со други, во јавниот или приватниот живот, со посредство на ритуалот, образованието или праксата. Никој не може да се обврзе или да се спречи да учествува во некоја религиозна заедница или во нивната пракса, како и јавно да го изрази своето убедување и верување“.[646]

Не постојат официјални статистички податоци за точниот број на граѓани според нивното религиско убедување, поради фактот што на официјалниот попис во 1989 год., целото население се изјаснило како атеисти. Според податоците од пописот во 1953 год., на кој и денес албанските власти се повикуваат при процена на конфесионалната структура на населението во Албанија, 70% од населението во Албанија се Муслимани (вклучувајќи ја и Бекташката заедница), 20% се Православни христијани, а 10% се Католици.

Во државниот Извештај се вели дека, „во Албанија историски егзистираат исламската и христијанската религија и четири основни традиционални верски заедници: муслиманската, бекташката, христијанската и католичката“.[647] Во Албанија денес, покрај споменатите верски заедници, исто така вкупно постојат приближно 62 Христијански, Протестантски, Евангелистички, Адвентистички, Бајхајски и други верски здруженија, како и голем број Исламски верски добротворни организации.

Православното религиозно свештенство и она на малцинствата, своето високо образование го завршило на Вишата теолошка школа и Теолошката Академија во Тирана. Голем дел од свештениците на националните малцинства своето теолошко образование го завршиле на теолошките образовни институции во Грција и Република Македонија.

Според податоците од Извештајот, Православната верска заедница, која според статистичките податоци е застапена со 20% од населението во Албанија, своето верско убедување го практицира во 350-400 цркви, наспроти, како што е

[646] *KUSHTETUTA E SHQIPËRIES,...;*
[647] REPORT SUBMITTED *BY ALBANIA...;*

нагласено во Извештајот, 320 џамии во кои се изведува верска служба за 70% муслимани во Албанија.

Со Одлуката на Советот на министри, бр. 341 од 7 јули 2000 год., „целокупниот материјал и опрема за изградба и реконструкција на верски објекти и објекти од верски карактер, како и објекти потребни за изведување на верски активности" се ослободува од трошоци за царински такси. На овој начин, но и со доброволни прилози од месното население, се реконструирани и изградени голем дел од православните цркви во селата каде што живее македонското национално малцинство. Со помош и донација од Македонската православна црква, во општина Пустец, изградена е нова и голема црква „Св. Марија".

Во септември 2003 год., во црквата во Пустец настанал инциденти при обидот на албанскиот православен свештеник да влезе во црквата и да врши богослужба. Македонско месното население го попречило неговиот обид да влез во црквата, што подоцна резултиурало со интервенција на полицијата која му помогнала на албанскиот свештеник да влезе во црквата во Пустец. Македонците од Пустец одбиваат нивниот селски свештеник да биде именуван и назначен од Албанската православна црква и бараат свештените лица за сите православни цркви во селата каде што живеат Македонци, да доаѓаат од Македонија и да бидат именувани од Македонската православна црква.[648]

Во мислењето за државниот извештај, Советодавниот комитет забележува на „голем број неправилности околу податоците за имотот на верските заедници, кој во минатото бил конфискуван од страна на владеачкиот комунистички режим".[649] Според него, „Секцијата за верски прашања при Советот на министри на Република Албанија, треба да направи поголеми напори да го реши проблемот со сопственоста на имотот на верските заедници", како и „голем број икони, објекти и архивви кои сé уште се во државна сопственост".[650] Според податоците во Извештајот, претседателот Бериша во врска со овие прашања, му се обратил на Парламентот со барање да донесе закон кој специјално ќе се однесува на

[648] *OSCE Human Dimension Implementation Meeting, The Macedonian Minority in Albania*, Warsaw, October 6-17, 2003; _
[649] ADVISORY COMMITTEE ..., ***OPINION ON ALBANIA***, ACFC/INF/OP/I(2003)004, ...;
[650] Исто;

сопственоста на верските заедници бидејќи законот за сопственост од 1991 год., не им го гарантира тоа право.

5. 8. Македонски имиња и презимиња и топоними во Република Албанија

Чл. 11 од Рамковната конвенција, на припадниците на националните малцинства им го гарантира правото да го користат своето име и презиме на малцинскиот јазик и правото на нивно официјално признавање. Освен тоа, во областите традиционално населени со луѓе кои припаѓаат на националните малцинства, државите се обврзуваат во согласност со својот правен систем, да им овозможат традиционалните локални имиња и други топографски ознаки да бидат испишани на локалниот јазик.

Припадниците на националните малцинства своите имиња и имињата на членови на нивните семејства ги запишуваат во Канцелариите за граѓанска регистрација при Градските управи или Општините каде што живеат. Согласно закон, регистрацијата ја врши службеникот на Канцеларијата, според фонетскиот изговор на името и презимето и врз основа на правописот на Латинската азбука, односно на пишан Албанскиот јазик, кој во исто време е официјален јазик во Албанија. Ова право се применува и за запишување на имињата и презимињата на припадниците на трите национални малцинства кои живеат на територијата на Албанија, кои во својот мајчин јазик го користат правописот на Кириличната азбука. Според албанските власти, „регистрацијата на нивните имиња и презимиња според кириличниот правопис ќе создаде бројни проблеми и ќе внесе конфузија во комуникацијата со останатиот дел од јавната администрација и разните институции во Албанија“.[651]

Јавната употреба и испишувањето на традиционалните имиња на областите, имиња на улици и други топографски знаци на јазикот на малцинствата во Албанија, не е регулирано со посебен закон. Во областите каде што живеат значителен број припадници на националните малцинства, локалните власти се

[651] *REPORT SUBMITTED BY ALBANIA...*, ACFC/SR (2001) 005, 26 July 2001;

слободни да одлучуваат за тие прашања, земајќи ги во предвид ограничувањата кои се поврзани со урбаното планирање.[652]

Со административниот Декрет бр. 5.339 од 1975 год., со кој албанската влада воведе промена на имињата за „граѓаните кои имаат несоодветни имиња и навредливи презимиња од политички, идеолошки и морален аспект", како и со Декретот бр. 225, истата година, за промена на имињата на географските места со религозна конотација, настанаа промени кои оставија длабоки последици врз припадниците на националните малцинства во Албанија.

Тоа време остави трага видливи траги кои се чувствуваат и денес. Имињата на припадниците на македонското малцинство и на географските имиња, како и на имињата на населените места добија нови албански, илирски имиња. Било забрането на новородените деца да им се даваат македонски имиња, биле дозволени само албанските, чисти илирски имиња кои биле наброени во закон. Поголем дел од топографските имиња на населениет места биле заменети со албански, бидејќи религиската конотација на имињата не одговарала на прописите кои владееле.

Денес во Албанија многу често, скоро најчесто се сретнуваат Македонци со албански имиња, или пак, со словенски имиња, а илирски презимиња. Македонците во Албанија имајќи го ова предвид, многу често го поставуваат прашањето, зошто албанските власти селото Пустец го преименуваа во Личенас, па дури и целото подрачје Мала Преспа е преименувано според новото име на најголемото село во овој крај-Личенас (Пустец). На подрачјето на Мала Преспа постојат 9 македонски села (Пустац, Шулин, Глобочане, Туманец, Горна Горица, Долна Горица, Леска, Зрновско и Церје), за кои албанските власти велат дека се македонска „малцинска зона".

По демократските промени во Република Албанија, и покрај притисоците од меѓународните тела (Советот на Европа), кај албанските власти не постои законодавна иницијатива за донесување на закон со кој на припадниците на малцинствата ќе им се даде можност по административен пат да си ги вратат првобитните со декрет сменети имиња.

---

[652] Исто;

5. 9. Македонското национално малцинство во Албанија и нивните контакти со матичната држава-Република Македонија

Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства (чл. 17), ги обврзува потписничките, меѓу кои и Албанија на припадниците на националните малцинства да не им го попречува одржувањето на слободни и мирољубиви контакти со лица од другата страна на границите кои законски се наоѓаат во други држави.

Во Уставот на Република Албанија (чл. 38), се вели дека, „никој нема да биде спречен слободно да ја напушти земјата".[653] Во овој контекст, во државниот извештај за имплементација на оваа одредба од Конвенцијата се вели дека, „во тешкиот период на транзиција, во периодот на економската криза во Албанија, голем дел од припадниците на македонското и грчкото национално малцинство што живеат на границите со Грција и Република Македонија, ја искористија отворената шанса сезонски да работат и да живеат одреден временски период во матичните држави".[654]

За зачувување и развој на идентитетот на националните малцинства кои живеат во Албанија, покрај наведената правна рамка како значаен елемент се истакнува отвореноста на границите, слободата на движење, унапредување на односите со соседните земји кои се нивни матични земји и со кои малцинствата имаат заеднички карактеристики, како што се јазик, култура, носии и традиција, религиозни верувања итн. Овие земји создаваат можности за: слободно прекугранично движење со предност за минување на националните малцинства кои имаат долгогодишна виза од својата матична земја, слободен медицински третман во земјата, ступендии за високообразовните останови, публикување на книги и нивна слободна дистрибуција, размена на наставен материал за училиштата на националните малцинства и слободна квалификација на нивните наставници; финансиска поддршка за учество и организација на спортски и културни активности, сезонско вработување итн.

---

[653] *KUSHTETUTA E SHQIPËRIES*, ...;
[654] Исто;

Како што е познато, Република Македонсија и Република Албанија потпиешаа „Договор за слободно движење на луѓе кои живеат во зона од 20 километри на грницата меѓу двете држави". Голем број на Македонци од Албанија ја користат оваа можност за слободен влез и излез во Република Македонија, одејќи на сезонска работа, за школување и студирање, поради здравствана заштита и лекување итн.

Министерството за внатрешни работи на Република Македонија во 2002 год., излезе со иницијатива за издавање македонски државјанства на припадниците на македонското малцинство во Албанија, како една од можностите за користење на правата и заштитата од нивната матична држава Република Македонија. Според извори од македонските здруженија на Македонците во Албанија, во Албанија има 150 Македонци со македонско државјанство.

Од изнесените податоци за комуникацијата меѓу населението (Македонците) на двете држави и односот на Република Македонија кон припадниците на македонското малцинство во Албанија, споредбено со односот кон македонското малцинство во Србија, Бугарија и Грција, може да се каже дека, Република Македонија води грижа пропратена со периодична помош, за Македонците во Албанија.

Во споменатиот проект на Институтот Евро-Балкан-Скопје и Институтот за демократија и медијација-Тирана, насловен како *„Македонија и Албанија, кон подобро разбирање и запознавање"*, врз основа на општата проценка на ситуацијата на македонското малцинство во Албанија, според одговорите на испитаниците на поставен прашање: Што знаете за македонското малцинство во Албанија?, добиени се следниве заклучоци: Ужива значително помалку права отколку албанската популација во Македонија; Не ги ужива во целост сите права предвидени со меѓународните стандарди и конвенции; Е во значително поголем број отколку пет илјади, колку што е официјално признаено од страна на албанската држава; Македонците во Албанија живеат во пограничните области Мала Преспа и Голо Брдо, како и во поголемите градови и економски центри; Живее во извонредно тешки економски и социјални услови; Тоа е маргинализирано политички, економски и културно; Нема обезбедено образование на мајчин јазик, освен основно обра-

зование; Нема свои политички претставници на локално и на државно ниво; Тоа е запоставено од матичната земја-Македонија.[655]

Голем број странски и домашни аналитичари кои се занимаваат со прашањето за националните малцинства на Балканот сметаа дека, еден од факторите на развој и унапредување на билатералните односи меѓу државите, се заедничките национални малцинства, односно деловите од народите кои живеат во двете држави и државната политика спрема нив. Со оглед на фактот дека, Република Албанија не го негира постоењето на македонското национално малцинство на нејзина територија (што не е случај со Бугарија и Грција), а од друга страна, Република Македонија воведува посебни афирмативни мерки за унапредување на положбата и правата на албанското национално малцинство, тогаш може да се каже дека фактор на стабилност и мирољубиви добрососедски односи е државната политиката спрема малцинствата и можноста за реципрочна малцинска заштита.

Во спомнатото истражување, на прашањето: *Каква улога би можеле да играат Албанците од Македонија во развојот на билатералните односи меѓу Македонија и Албанија?,* испитаниците генерално се согласиле дека: Албанската популација во Македонија би можела да игра значајна и конструктивна улога во развојот на меѓусебните односи меѓу Македонија и Албанија. Таа би можела да има улога на природен мост меѓу Скопје и Тирана и да придонесе за подобрување на политичката, економската и културната соработка. Меѓутоа, тоа нема да се случи сé додека членовите на албанската популација во Македонија не прифатат дека тие се пред сé државјани на Република Македонија и треба да ги застапуваат и да ги бранат интересите на македонската држава, наместо да му даваат предност на етнички фактор и пораките од Тирана или Приштина. Но, како и во претходните прашања, испитаниците потврдија дека албанската популација во Македонија е клучен фактор за понатамошниот развој на односите меѓу двете земји.[656]

---

[655] Македонија и Албанија, кон подобро разбирање и запознавање, ***Институтот Евро-Балкан, Скопје и Институтот за демократија и медијација, Тирана,*** Фреедом Хоусе Будапест, август 2002;
[656] Исто;

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

По наведувањето на низата податоци и искажувања што се однесуваат на положбата и правата на македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора, Република Бугарија, Република Грција и Република Албанија, по запознавањето со опсежната документација (национална и меѓународна), која се однесува на националните малцинства - за секој непристрасен посматрач ќе биде многу јасно, дека некои од сегашните тврдења за непостоење на македонско национално малцинство, минимизирањето на неговиот број, како и незначителноста на ова прашање, дека се лишени од секаква основана аргументација. Погледот на опсежната документација и напреавените анализи, по толку актуелен проблем недвосмислено покажува, дека македонското национално малцинство не само што постои во соседните држави, туку дека многу актуелно е прашањето, не на признавањето дали тоа малцинство постои или не (тоа прашање е решено од самата историска стварност), туку на признавањето на неговите основни човекови и малцински права.

Од многубројните поединечни резимирања би можеле да се дадат неколку заеднички заклучоци кои се заеднички за сите четири студии на случај во кои предмет е македонското национално малцинство:

1) Македонците во Република Србија (СЦГ), Бугарија, Грција и Албанија, како дел од македонскиот народ, со векови живеато тие краишта, кои дури пред големите промени во нивниот етнички состав, претставуваа краеви со најкомпактно македонско население во тогашната турска провинција;

2) Во војната на статистички податоци, што во минатото и денес ја водат аргументаторите националните каузи на соседните држави, и покрај низа разногласија, дури и апсурдни податоци, сепак не може да биде прикриен основниот факт што во овој поглед е важен во врска со проблемот на македонското национално малцинство. Од статистичките податоци неведени во предходните анализи, се гледа дека, без оглед на начинот на кој се собирани или определувани, без оглед на тенденциите што авторите на разните статистики ги вложуваат во нив, кажуваат дека во рамките на границите на соседните држави, има неколку

стотини илјади македонско население, кое таму со векови живеело, без оглед на тоа како го нарекувале застапниците на национални интереси во соседните држави.

3) Апсолутно неприфатливи се тврдењата за етничка хомогеност на државите на Балканот, а во тој контекст и тврдењето на Република Грција, како и одделни изјави за етничка хомогеност на одделни области во рамките на националните граници на Република Бугарија, Албанија и Србија. Кога ќе се земат во предвид историските околности, кои доведоа во текот на вековите историјата на балканските народи да биде тесно поврзана и испреплетена, би било нереално и би претставувало ненормална појава кога зад границите на балканските држави кои се територијално политички оцртани да не би останале, во поголем или помал број, припадници и на другите народи од соседните држави. Националната измешаност, значи е една наормална појава на Балканот, настаната поради дејствувањето на низа објективни фактори во текот на вековите.

Решавањето на прашањето на македонското национално малцинство во соседните држави, како и сите проблеми во односите меѓу државите, треба да се спроведува по пат на меѓусебни договори. Тоа значи дека Република Македонија, го заснова принципот на решавање на овој проблем на мирољубив начин, без употреба на сила и без вршење на било каков протисок. Актуелизирањето и настојувањето да се реши прашањето на непризнавање на основните малцински права на Македонците во соседните држави, може успешно да се реши доколку стриктно и доследно се засновува врз начелата на меѓународните односи: рамноправност, немешање во внатрешните работи, почитување на внатрешното уредување и меѓународната положба на секоја земја одделно, почитување на суверенитетот и неповредливоста на државните граници, заемно разбирање и почитување, постоење на заемна доверба.

Еден од најчестите изговори за одбивањето да се решава проблемот на националните малцинства воопшто, па и на македонското национално малцинство во соседните земји е тврдењето дека, иницијативата за неговото решавање што ја отвара матичната земја претставува мешање во внатрешните работи на земјата во која малцинството живее, значи манифестација на територијални претензии и сл.

Секоја форма на територијална претензија станува историски анахронизам, особено денес во Европа, во моментот кога народите почнуваат да сфаќаат дека почнува да се јавуваа проблемот како да се укинат границите, односно како заемно да се отворат и да се претворат во послободни за движење на луѓето, а не како да се менуваат.

Доказ за доследната примена на принципите на меѓународното право, како и за желбата прашањето на положбата и правата на македонското национално малцинство да се решава врз принципот на немешање во суверените права и внатрешните работи на соседните држави, како и немањето територијални претензии спрема никого, е донесувањето на Амандманите I и II на Уставот на Република Македонија од 1991 год. Со нив Република Македонија потврдува дека ќе настојува да ги развива добрососедските односи и соработката, и до сега доследно го почитува принципот на неповредливоста на границите со сите свои соседи.

Интересирањето на Република Македонија за положбата на македонското национално малцинство во соседните земји е нејзино право и обврска. Ова нејзино право се заснова врз одредбите на меѓународно-правниот систем што е изграден врз одлуките и документите на Обединетите нации, врз меѓународните и билатералните договори. Таа има морално право и обврска да го право тоа зошто прашањето на малцинските права и малцинската заштита во Република Македонија е решен на најсоодветен начин.

Во заклучните согледувања морам да констатирам дека, Република Македонија, поточно македонските власти, без разлика на политичко-партискиот мандат што го добиваат на секои четири години, не водат политика која ќе оди во насока на меѓународна афирмација на прашањето на положбата и правата на македонските национални малцинства во соседните земји. Иако овде, веднаш виси обврската преземена во Амандманите I и II на Уставот на Република Македонија, можам слободно да констатирам дека, парализираност што РМ ја почувствува кога тргна во насока на отворање на прашањето за положбата на македонското малцинство во соседните земји, трае премногу долго. Шеснаесет годишниот период, откако Република Македонија ја доби својата независност е период на водење „рамнодушна политика“ кон македонското национално малцинство во

соседните земји. Направени се малку обиди за склучување на билатерални договори кои ќе се однесуваат конкретно на прашањето на македонското национално малцинство. Обврските од постоечките билатерални договори меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора, Бугарија, Привремената спогодба соГрција и Албанија, кои директно (со СЦГ) или индиректно се однесуваат и на припадниците на македонското национално малцинство не се почитуваат. Не постои државна иницијатива за поттикнување на една регионална балканска конференција на највисоко ниво, на која би се утврдиле основните принципи за постапување по отворените малцински прашања. Клучна улога во градењето на добрососедските односи се националните малцинства, се разбира, под услов да се почитуваат нивните права да го негуваат и развиваат својот национален идентитет, јазик, култура и традиција. Тоа што во текот на историскиот развој тие се нашле одвоени од својата целина, воопшто не би смеело да води кон негирање на нивната национална и етничка припадност, на нивниот јазик и култура, а особено кон нивна асимилација од страна на нациите кон чија државна целина сега припаѓаат. Современата меѓународна политика спрема малцинствата тргнува од становиштето дека националните малцинства се мостови што треба да ги зближуваат народите, да придонесуваат за пријателството и соработката меѓу земјите на нивната национална припадност и оние што се сега нивна татковина.

Во времето по завршувањето на студената војна и воената криза при распадот на бившата југословенска федерација, за прв пат Балканот е поведен од една повисока над-национална аспирација, а тоа е идејата за Обединета Европа. Сите балкански земји ја прифаќаат европската рамка, односно вклучувањето во европските институции. Нивното постепено влегување во ЕУ, може да има силно повратно дејство на усогласувањето на нивните различни интереси и за надминување на традиционалните балкански историски хипотеки. Тоа би можело значително да придонесе за решавање на прашањата за унапредување на правата на припадниците на националните малцинства кои живеат во нив, според европски стандарди, за прифаќање на економскиот развој како апсолутен национален приоритет и, воопшто за свртување од минатото кон иднината.

Колку за потсетување: Република Грција е членка на Европската Унија од 1981 год., Република Бугарија го очекува своето приклучување во најбрз можен рок, Република Албанија очекува покана за кандидат за членство во ЕУ, додека Република Србија до пред една година го немаше потпишано Пактот за стабилност на Советот на Европа, како прв чекор кон европските интеграции. Зошто е ова важно?

Кога ќе ги земеме во предвид условите и критериумите за интеграција на државите во Европската Унија, треба логички да заклучуваме дека државите кои аспирираат за членство и оние кои се членки ги имаат исполнето популарните Копенхагеншки критериуми, во кои голем дел од барањата за реформи се однесуваат токму на прашањата на заштитата на човековите слободи и права, и на заштита и унапредување на положбата и правата на националните малцинства што живеат на нивна територија.

Зачудува фактот, како меѓународната заедница замижува на фактот (кој и самата го констатира), дека нејзина држава-членка Република Грција, е една од ретките земји на ЕУ која остро се спротивставува на сите меѓународни интервенции кои укажуваат на потребата од подобрување на националното законодавство и на државната политика, во насока на подобрување на основните човекови слободи и права и правата на малцинствата кои за Грција се „табу-тема". За да биде апсурдот поголем, Копенхагеншките критериуми се услов и за Република Бугарија, меѓутоа како што гледаме, и таму европската заедница изостанува од својата обврска за спроведување на еднакви критериуми за сите, а не да не се води по принципот на „двојни стандарди" или популарно „двоен аршин". Република Албанија која има долга комунистичка, може да се каже и тоталитарна традиција, во интерес на евроатлантските интеграции започна да се помирува со фактот дека демократизацијата, регионалната интеграција и добрососедските односи се примарен услов за мирот и стабилноста на Балканот. Одредени изјави во функција на големоалбанската национална кауза се само еден од предизвиците со кои, во очи на решавањето на финалниот статус на Протекторатот Косово-Република Албанија треба да се соочи, за да остане доследна на напорите за евроатлантски интеграции. Навидум неочекувано, но реално, Република Албанија прави напори за

системска демократизација на националното законодавство, во коешто сé уште се чувствува духот на комунистичкиот режим. Политиката на Република Албанија спрема малцинствата е една од клучните работи на кои меѓународната заедница полага сметка. Во таа насока, а во функција на унапредувањето на положбата и правата на македонското национално малцинство, Република Албанија и Република Македонија се на добар пат, билатерално како до сега, да го решаваат ова прашање.

Република Србија која подоцна се вклучи во современите евроатланстски регионални текови, има шанса да биде добар пример за водење на малцинска политика, под услови: да ја проголта гордоста на водечка и доминантна нација на Балканот; да се помири со фактот дека минатите случувања не доведуваат секогаш до исполнување на целите кои се поставуваат за во иднина; да се ослободи од црковниот хегемонизам во функција на верското и националното почитување; и, да не го занемарува постоењето на македонското национално малцинство. Ова се само неколку предизвици со кои треба да се соочи Република Србија, за да може без умисла да пристапи кон овозможување на стварно практикување на постоечките уставно загарантирани права на националните малцинства.

Република Бугарија правеше успешен баланс помеѓу она што се нарекува, оддржување на стабилни добрососедски односи зад превезот на декларативната заложба за национално признавање на македонската нација и македонскиот јазик од една страна, и европската стандардизација на националното законодавство, од друга страна. Зад „успешниот" баланс, се криеше долгогодишното кршење на основните права на бугарските граѓаните, правото на здружување што ѝ овозможуваше на Бугарија преку неутрализација на политичката партиципација на националните малцинства, да го одржи континуитетот во својата политика кон македонското национално малцинство.

Во врска со регулирањето на правата на припадниците на малцинствата и во балканските земји во идниот период значаен е фактот што Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, усвоена од Советот на Европа, стапи во сила на 1 февруари 1998 год. Како несомнено најсеопфатен од сите инструменти за заштита на малцинствата, таа е првиот интегрален мултилатерален текст за

заштита на националните малцинств воопшто, кој е правно задолжителен. Со определувањето на правните принципи кои државите се обврзани да ги почитуваат за да обезбедат заштита на националните малцинства, се очекува таа да изврши важно влијание на подобрувањето на положбата на македонското национално малцинство и на малцинствата воопшто.

Сојузна Република Југославија, т.е. Србија и Црна Гора ја потпиша и ратификува Рамковната конвенција и согласно обврските за евроинтеграциите пристапува кон усвојување на мерки за унапредување на положбата на малцинствата кои живеат на нејзината територија. Она што се чувствува како недостаток кога е во прашање Србија е отсуството на чувство кај припадниците на малцинства, дека навистина ги остваруваат формало загарантираните права.

Република Бугарија ја потпиша и ратификува Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, но во Уставот и постоечката легислатива терминот „национално малцинство“ е неодреден. Во нив се зборува само за „етнички, културни, јазични и религиозни групи/малцинства“ во Бугарија. Официјалната државна политика вешто ја одбегнува употребата на терминот „национално малцинство“, како во времето пред потпиешувањето, така и по потпиешувањето на Рамковната конвенција за заштита на национални малцинства. Во пракса, примената на правната заштита и одредбите од Рамковната конвенција се ограничува само на некои малцински групи, но не и за припадниците на македонското национално малцинство.

Република Грција е една од малкуте земји-членки на Европската Унија кои ја потпиша, но сé уште не ја ратификувала Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства. Оспорувањето на сé што е македонско: македонскиот јазик, македонската нација, уставното име на македонската држава, македонскиот национален идентитет и постоењето на македонско национално малцинство, се аргументи кои доволно зборуваат за сегашниот стан на официјалните грчки власти. Обивањето страна на Република Грција да ја ратификува Рамковната конвенција од говори за причината поради која се прави тоа, а таа е македонското национално малцинство. Верувам дека тоа е така од повеќе причини. Една од нив е тоа што, доколку Грција потпише таков правно обврзувачки договор, како што е

Рамковната конвенција, прво таа треба да направи коренити промени во Уставот од 1978 год., или да донесен нов, кој би дал можност за менување, дополнување и донесување на закони кои директно или индиректно се однесуваат на малцинствата. Многу од одредбите на Рамковната конвенција одат во прилог на барањата на Македонците од Егејска Македонија, нивното враќање во Грција, добивање на грчко државјанство, право на сопственост врз конфиускуваниот имот за време на прогонот, право на употреба на јазикот, имињата и топонимите на македонски јазик, или со еден збор кажано, во Република Грција ќе падне митот за хомогеноста на грчката нација, а тоа ќе ја смени од корен.

На крајот, Република Албанија. Нејзиното членство во Советот на Европа во 1995 год., беше условено од потпишувањето на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства. Албанија ја потпиша и ратификува Рамковната конвенција и постепено, но сигурно, малку неочекувано за никои од земјите на Балканот, таа оди многу понапред во она што се нарекува настојување да се обезбедат услови за унапредување на правата на националните малцинства, вклучително и правата на македонското национално малцинство.

И на крајот од овој труд, би сакала да кажам дека, единствен начин за унапредување на положбата и правата на македонското национално малцинство во соседните држави е реципрочното почитување и градење на добрососедските односи меѓу Република Македонија и соседните држави: Србија (Косово со својот иден статус), Бугарија, Грција и Албанија, врз принципите на рамноправност, суверенитет, територијален интегритет и немешање во внатрешните работи. Меѓународната заедница, која многупати се јавува како двигател и арбитер на позитивната политика на Балканот во името на мирот и стабилноста, треба да преземе одговорност за намерните пропусти, кои се одразуваат врз положбата на едно национално малцинство-македонското.

ПРИЛОГ: Скратена верзија на

РАМКОВНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

Совет на Европа, Стразбур, 10 ноември 1994

Дел I

Член 1

Заштитата на националните малцинства и нивните права и слободи се составен дел на меѓународната заштита на човековите права и како таква спаѓа во областа на меѓународната соработка.

Член 2

Одредбите на Рамковната конвенција се применува со добра верба, во духот на разбирањето и толеранцијата и во склад со добрососедските и пријателски односи и соработка меѓу државите.

Член 3

1. Секој припадник на национално малцинство има право слободно да избира да постапува или да не постапува како таков и нема да се најде во неповолна положба поради тоа определување или остварување на права врзани за тоа определување.
2. Припадниците на националните малцинства можат да ги остваруваат оние права и да ги уживаат слободите кои произлегуваат од начелата од оваа Конвенција, поединечно или во заедница со други.

Дел II

Член 4

1. Страните се обврзуваат на припадниците на националните малцинства да им гарантираат рамноправност пред законот и еднаква законска заштита. Во таа смисла се забранува секаква дискриминација врз основа на припадност на национално малцинство.
2. Страните се обврзуваат, каде што е потребно, да усвојат мерки за унапредување во сите области на економскиот, социјалниот, политичкиот и културниот живот, полна и ефективна рамноправност меѓу припадниците на националните малцинства и оние кои припаѓаат на мнозинството. Во тој поглед посебно ќе водат сметка за посебните услови на припадниците на националните малцинства.
3. Мерките усвоени во согласност со ставот 2 не се сметаат за акт на дискриминација.

Член 5

1. Страните се обврзуваат да ги унапредуваат условите потребни за одржување и развивање на културата на припадниците на националните малцинства и

зачувување на неопходните елементи на нивниот идентитет, односно верата, јазикот, традицијата и културното наследство
2. Без штети по мерките преземени во рамките на својата општа интеграциона политика, Страните ќе се воздржат од политиката и праксата на асимилација на припадниците на националните малцинства спротивно на нивната волја и ќе ги штитат од секаква акција насочена кон таквата асимилација.

Член 6

1. Страните ќе го поттикнуваат духот на толеранцијата и меѓукултурниот дијалог и ќе преземат ефикасни мерки за унапредување на меѓусебното почитување и разбирање и соработка помеѓу сите луѓе кои живеат на нивна територија, без разлика на нивниот етнички, културен, јазички или верски идентитет, особено во областа на образованието, културата и медиумите.
2. Страните се обврзуваат да преземат соодветни мерки за заштита на лица изложени на закани или дискриминација, непријателства или насилства поради својот етнички, културен, јазички или верски идентитет.

Член 7

Страните ќе обезбедат почитување на правото на слободна на мирно собирање, слободно здружување, слободно изразување и слобода на мислата, совеста и вероисповеста на секој припадник на национално малцинство.

Член 8

Страните се обврзуваат на секој припадник на национално малцинство да му го признаат правото на слободно изразување на своето верско уверување и да основа верски институции, организации и здруженија.

Член 9

1. Страните се обврзуваат да го признаат, а правото на секој припадник на националните малцинства на слободно изразување опфаќа слобода на уверување и примање и давање на информации и идеи, на малцински јазик, без попречување од страна на власта и без разлика на границите. Во рамките на своите правни системи, договорните страни ќе обезбедат пристап до средствата за јавно информирање на припадниците на националните малцинства, без дискриминација.
2. Ставот 1 не ги спречува страните да ја условат работата на радиата и телевизиските станици или кинотеките и го условат добивањето на одобрување за работа врз основа на објективни мерила и без дискриминација.
3. Страните нема да им пречат на припадниците на националните малцинства да создаваат и да го користат печатот како средство за јавно информирање. Во правниот режим за радио и телевизиски емисии, земајќи ги во предвид одредбите од став 1, колку е тоа можно, на припадниците на националните малцинства ќе обезбедат да добијат можност за користење и создавање на сопствени средства за јавно имформирање.
4. Во рамките на нивниот правен системи, Страните ќе усвојат соодветни мерки за олеснување на пристапот до средствата за јавно информирање на припадниците на

националните малцинства, со цел унапредување на толеранцијата и овозможување на културниот плурализам.

Член 10

1. Страните се обврзуваат на секој припадник на национално малцинство да му го признаат правото на користење на својот мајчин јазик приватно и јавно, усно и писмено, слободно и без попречување.
2. Во подрачјата на кои тредиционално или во значителен број се населени припадници на националните малцинства, доколку тие бараат и доколку нивното барање одговара на реалната потреба, Страните ќе вложат напори, во рамките на можносто, да обезбедат услови за користење на малцинскиот јазик во односите меѓу тие припадниците и административните власти.
3. Страните се обврзуваат да го гарантираат правото на секој припадник на национално малцинство веднаш да биде информиран, на јазик кој го разбира, за причините за апсење и природата и причините за обвинение против него/нејзе, како и да се брани на тој јазик, ако е потребно со бесплатн помош од преведувач.

Член 11

1. Страните се обврзуваат да го признаат правото на секој припадник на национално малцинство, да го користи своето име и презиме на малцинскиот јазик и правото на нивното официјално признавање по модалитетите утврдени во нивниот правен систем.
2. Страните се обврзуваат да го признаат правото на секој припадник на национално малцинство, на јавно видливи места да ги изложи ознаките, написите и другите информации од приватен карактер на својот мајчин јазик.
3. Во подрачјата традиционално населени со значителен број луѓе кои припаѓаат на национално малцинство, Страните ќе настојуваат во рамките на своите правни системи, вклучувајќи каде што е потрабно и договорите со другите држави, а земајќи ги во предвид своите посебни услови, традиционалните локални имиња, имињата на улиците и дргите топографски ознаки наменети за јавноста, да бидат испишани на локалниот јазик кога постои дозволно барање за таквите ознаки.

Член 12

1. Каде што е можно, Страните ќе преземат мерки во областа на образованието и истражувањето, заради негување на културата, историјата, јазикот и вероисповеста на своите национални малцинства и мнозинското население на своја територија.
2. Во врска со тоа, покрај другото, ќе обезбедат соодветна можност за оспособување на наставници и пристап до учебници и ќе обезбедат комуникација помеѓу ученици и наставници на различни заедници.
3. Страните се обврзуваат да ги унапредат еднаквите можности за пристап до образованието на сите степени за припадниците на националните малцинства.

Член 13

Во рамките на својот образовен систем, Страните ќе го признаат правото на националните малцинства на основање и водење на сопствени приватни установи за образование и оспособување.

Член 14

1. Страните се обврзуваат да го признаа правото на секој припадник/чка на националното малцинство да учи на свој малцински јазик.
2. Во областите кои традиционално или во значителен дел се населени со припадници на националните малцинства, ако има доволно барања, Страните ќе настојуваат да обезбедат, колку е тоа можно и во рамките на својот образовен систем, припадниците на тие малцинства да имаа соодветна можност да учат на свој мајчин јазик или настава на тој јазик.

Член 15

Страните ќе создадат неопходни услови за ефикасно учество на припадниците на националните малцинства во културниот, социјалниот и економскиот живот и јавните работи, особено на оние кои се заинтересирани за тоа.

Член 16

Страните се воздржуваат од мерки кои, ја менуваат застапеноста на населението во подрачја во кои живеат припадници на националните малцинства, и имаат за цел да ги ограничат правата и слободите што произлегуваат од принципите наведени во оваа Рамковна конвенција.

Член 17

1. Страните се обврзуваат да не го попречуваат правото на припадниците на националните малцинства слободно и мирољубиво да одржуваат контакти со лица од другата страна на границите кои законски се наоѓаат во други држави, посебно оние со кои тие имаат заеднички етнички, културни, јазичен и верски идентитет, или заедничко културно наследство.
2. Страните се обврзуваат да го почитуваат правото на припадниците на националните малцинства да учествуваат во работата на невладини организации, како на национален, така и на меѓународен план.

Член 18

1. Страните ќе вложат напори, доколку е потребно за склучување на билатерални и мултилатерални спогодби со други држави, посебно со соседните држави, заради обезбедување на заштитата на припадниците на соодветните национални малцинства.
2. Доколку е потребно, Страните ќе преземат мерки за поттикнување на прекуграничната соработка.

Член 19

Страните се обврзуваат да ги почитуваат и спроведуваат принципите содржани во оваа Рамковна конвенција внесувајќи ги, доколку е потребно, само ограничувањата, рестрикциите или укинувањата предвидени во меѓународните правни инструменти, посебно во Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи и нејзините Протоколи, ако тие се однесуваат на правата и слободите што произлегуваат од споменатите принципи.

Дел III

Член 20

Во вршењето на правата и слободите што произлегуваат од принципите наведени во оваа Рамковна конвенција, припадниците на националните малцинства ги почитуваат националното законодавство и правата на другите, посебно правата на припадниците на мнозинството или на другите национални малцинства.

Член 21

Ништо во оваа Рамковна конвенција нема да биде толкувано како да дава право да се преземе активност или да се постапува спротивно на основните принципи на меѓународното право и посебно на суверенета еднаквост, територијалниот интегритет и политичката независност на државите.

Член 22

Ништо во оваа Рамковна конвенција нема да биде толкувано како да ги ограничува или укинува човековите права и основни слободи што се признати согласно законите на секоја Договорна страна или друга спогодба во која таа е потписничка.

Член 23

Правата и обврските што произлегуваат од оваа Рамковна конвенција, во мерка во која се соодветни на Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи и нејзините Протоколи, се подразбираат согласно со последните.

Член 24

1. Комитетот на министрите на Советот на Европа е задолжен да го надгледува спроведувањето на оваа Рамковна конвенција од страна на Договорените страни.
2. Страните кои не се членки нма Советот на Европа ќе учествуваат во механизмот на спроведување според модалитетите што треба да се утврдат.

Член 25

1. Во рок од една година од денот на стапувањето во сила на оваа Рамковна конвенција по однос на некоја Договорна страна, таа ќе му достави на Генералниот секретар на Советот на Европа целосни информации за законските и други мерки што ги презела заради остварување на принципите наведени во оваа Рамковна конвенција.

2. Подоцна, секоја Страна ќе му достави на Генералниот секретар, повремено и секогаш кога тоа ќе го побара Комитетот на министрите, секаква друга информација во врска со спроведувањето на оваа Рамковна конвенција.
3. Генералниот секретар му го пренесува на Комитетот на министрите сите информации добиено согласно одредбите од овој член.

... ...

БИБЛИОГРАФИЈА

1. Anastasios Tamis, ed., *Macedonian Hellenism*, Melburne: River Seine Presss, 1990;
2. Anthony Smith, *The Ethnic Origins of Nations*, Cambridge, Eng.: Blackwell, 1986;
3. Armstrong, J., *Nations before Nationalism*, Chapel Hill: University of North Carolina Press, 1982,
4. Ачкоска, Виолета, *Братството и единството 1944 1974-Помеѓу хармонија и дисхармонија*, Институт за национална историја, Скопје, 2003;
5. Ајановски Вангел, *Егејски бури*, Институт за национална историја, Скопје, 1975;
6. B. E. Segal, *Racial and Ethnic Relations*, Thomas V. New York: Crowell Company, 1966;
7. Баркер, Елизабет, *Македонија и нејзиното место меѓу балканските политички сили,* Македонска книга-Скопје, 1992;
8. Barth Frederic, *Ethnic Groups and Bounderies*, Oslo: Universitetsforlaget, George Alen, 1969;
9. Birch, Anthony H., *Nationalism and National Integration*, London: Unwin Hyman, 1989;
10. Битоски, Крсте, *Ставот на Кралството Грција кон Македонија и кон Македонската револуционарна организација (1893-1903),* Прилози за Илинден 1978, II, Крушево, 1979;
11. Brubaker, R., *Citizenship and Nationhood*, Cambridge, Mass.: Harvard University Press,1992;
12. Будимовски, Д.К., *Македонците во Албанија,* НИО Студентски збор, Скопје, 1983;
13. Бенедикт Андерсон, *Замислени заедници,* Скопје, Култура, 1998;
14. Bulgarian Academy of Sciences, *Edinstvoto na bulgarskiya ezik v minaloto i dnes* (The Unity of Bulgarian Language in the Past and Today), Sofia: Bulgarian Academy of Sciences, BA, 1978;
15. Bourdieu, Pierre, *Languge and Symbolic Power*, Cambridge, MA: Harvard University Press, 1991;
16. Верковиќ С., *Македонски народни умотворби*, I, Македонска книга, Скопје, 1985;
17. Вражиновски Т., *Македонското иселеништво во Канада*, Матица Македонска, Скопје, 1992;
18. Вражиновски Т., *Организационата структура на македонското иселеништво во Канада,* Матица македонска, Скопје, 1992;
19. Vjekoslav Perica, *Balkan Idols*, Oxford, University Press, 2002;
20. Geipel, John, *The Europeans: Ethnohistorical Survey*, London and Harlow: Longmans, Green, 1969;
21. Gellner Ernest, *Nations and Nationalism,* Ithaca, NY: Cornell University Press, 1983;
22. Glazer, N., D. P. Moynihan: *Beyond the Melting Pot,* Cambridge, Mass.: The M.I.T. Press, 1992;
23. *Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија*, том V, кн. 1, Београд;
24. Greenfeld, Liah, *Nationalism: Five Roads to Modernity*, Cambridge, Mass.: Harvard University Press, 1992

25. Gurr Ted Robert, *Minorities at Risk,* Washington, D.C. United States Institute of Peace, 1993;
26. Gills R. John (ed.), *Commemorations: The politics of National Identity*, Princeton: Princeton University Press, 1994;
27. Grzegorz Babinski, *Wiez etniczna a procesy asimilaciji. Przemiany organizaciji etnicznych,* Zagadnienia teoretyczne i metodologiczne, Krakow 1986;
28. Габер Стеван, *Балкански политички системи. Уставните уредувања на околните балкански држави,* Правен факултет-Скопје, 1979;
29. Гани Боби, *Културен парадокс*, ед. Современа мисла, Магор, Скопје, 2001;
30. Данчо Зографски, *Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија во времето на турското владеење*, Култура-Скопје, 1967;
31. Dunn, S., Fraser, T. G., *Europe and Ethnicity: World War I and Contemporary Ethnic Conflict,* London: Rout ledge, 1996;
32. Давичо Оскар, *Међу Марксовим партизанима*, Библиотека Тридесет дана, Београд, 1947;
33. Едмон Бушје де Бел, *Македонија и Македонците*, Македонска книга, Скопје, 1992;
34. Elezovic, G., *Kratka istorija Bitoljskog vilajeta*, Brastvo XXVII, Beograd 1933;
35. *Encyclopaedia Britannica.* Macropaedia. Knowledge in Depth. Chicago: Encyclopaedia Britannica, Inc., 1990;
36. Zartman, I.W., *Negotiations and renegotiations in ethnic conflict: the beginning, the middle and the ends'* in Montville, J. (ed.) Conflict and Peacemaking in Multiethnic Societies, Lexington Books, 1989;
37. Зборник текстови, *Културниот идентитет-разлика по себе*, Темплум, Скопје, 2002;
38. Zbornik radova *„Jugoslovenski narodi pred prvi sverski rat"* SANU, Odeljenje društvenih nauka, knjiga 61, Posebno izdanje, Beograd;
39. *Историја на македонскиот народ*, издание на Просветно дело, Скопје, 1972;
40. Илиевски Трајче, *Малцинствата и меѓународното право*, Студентски збор, Скопје, 1993;
41. *Историја на Македонскиот народ*, Книга I, издание НИП Нова Македонија, Скопје, 1969;
42. *Историја на македонскиот народ*, Книга III, издание на НИП Нова Македонија, Скопје, 1969;
43. Јелавич, Барбара, *Историја на Балканот, XIX век*, Том I, НИК-Лист, Скопје, 1999;
44. Јелавич, Барбара, *Историја на Балканот, XX век*, Том II, НИК-Лист, Скопје, 1999;
45. Jenkins, B. and Sofos, S., *Nation and Identity in Contemporary Europe*, London: Rout ledge, 1996;
46. Јотевски, В., *Националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија 1944-1948 г.,* Скопје, 1996;
47. Катарциев И., *Време на зреење*, I издание, Култура, Скопје, 1977;
48. Крсте П. Мисирков, *За македонците работи*, (Софија: Печатница на „Либералнија Клуб" 1903), Скопје, 1974;
49. Kymlicka Will, Sapiro Ian, *Ethnicity and Group Rights*, N.Y.University Press,1997;
50. Кремптон Ц. Ричард, *Балкан после другог светског рата*, Clio, Pearson Education Limited, United Kingdom, 2003;

51. Кирјазовски Ристо, *Македонското национално прашање и Граѓанската војна во Грција,* Институт за национална историја, Скопје, 1998;
52. Киселиновски Стојан, *Етничките промени во Македонија (1913-1995),* Институт за национална историја, Скопје, 2000;
53. Kochev, Ivan, Otto Krosteiner, Ivan Alexandrov, *The Fathering of What Is Known As the Macedonian Literary Language*, Sofia: Macedonian Scientific Institute, 1994;
54. Коневски, Блаже, *Граматика на македонскиот литературен јазик*, Култура, Скопје, 1982
55. Kofos, Evangelos, *Nationalism and Communism in Macedonia,* Thesaloniki: Institute for Balkan Studies, 1964,
56. Лазарески, Јаков, *Националната приврзаност и односот спрема други народи,* Скопје: НИО Студентски збор, 1994;
57. Lijphart, A., *Democracy in Plural Societies: A Comparative Exploration*, New Haven and London: Yale UP, 1977;
58. Llobera, J.R., *The God of Modernity: The Development of Nationalism in Western Europe,* Oxford: Methuen, 1994;
59. Лазар Колишевски, *Аспектите на македонското прашање*, Наша книга, Скопје, 1979;
60. Лазаров., Л., *Македонија во француската политика на Балканот 1944-1957,* Институт за национална историја;
61. Лутовац М, *Гора и антропогеографска проучавања,* Српски етнографски зборник, књ. LXIX, 1955;
62. *Македония като природно и стопанско цяло*, издание: Македонски научен институт, София, 1945;
63. Mayall, J., *Nationalism and International Society*, Cambridge: Cambridge University Press, 1990;
64. Mcgarry, John, Brendan O'leary (eds.): *The Politics of Ethnic Conflict Regulation,* London: Rout ledge, 1997;
65. Muntti Kristian, *The Protection of Ethnic and Linguistic Minorities in Europe,* Abo Akademi University,1995;
66. *Македонија во меѓународните договори,* Том I, (1913-1940), Државен архив на Република Македонија, Извод, редакција и кометар на д-р Михајло Миноски, Скопје, 2006;
67. Младеновски, Ѓ, *Антропологија,* Зборник текстови, Крим, Скопје, 2000;
68. M. Mihovilović, M. Bošnjaković, S. Saračević, *Sukob s Informbiroom*, Zagreb, 1976;
69. Мојсов Лазар, *Македонците во Егејска Македонија, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција,* Мисла, Скопје, 1989;
70. O'brien, Conor Cruise, *God Land: Reflections on Religion and Nationalism,* Cambridge, Mass: Harvard University Press, 1988;
71. Ортаковски, В., *Меѓународната положба на малцинствата,* Скопје, Мисла, 1996;
72. Ортаковски, Владимир, *Малцинствта на балканот (Minorities in the Balkans),* „2 Август С„- Штип, 1998;
73. Пандевски, Манол, *Македонија на Балканот: XIV-XIX: Историски координати,* Мисла, Скопје, 1990;
74. Поповски Т., *Македонското национално малцинство во Бугарија, Грција и Албанија,* Македонска Книга, Скопје, 1981;

75. Пандевски, Манол, *Македонија и Македонците во годините на Источната криза 1876-1878,* Скопје, 1978;
76. Рудометов Виктор, *Македонското прашање: Култура, историографија, политика,* Евро-Балкан, 2003;
77. Ристовски, Б., *Историја на македонската нација*, МАНУ, Скопје, 1999;
78. Smith, G.(ed.), *Federalism: The Multiethnic Challenge*, London: Longman, 1995;
79. Станоевски, Цветан, *Како ја видоа Македонија (Руски публикации за Македонија 1828-1913)*, Македонска книга-Скопје, 1978,
80. Стојан Ристески, *Создавањето на современиот македонски литературен јазик,* Студентски збор, Скопје, 1988;
81. Стојанов, П., *Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912-1913 година*, Институт за национална историја, Скопје, 1979;
82. Ташева, М., *Етничките групи во Македонија (Историски контекст),* Филозофски факултет, Скопје, 1997;
83. Ташевска-Ременски Фросина, *Албанците и Македонците: Етничката интеракција во Република Македонија, пред и по конфликтот од 2001 година (магистерски труд),* необјавен труд, 2004;
84. Тодоровски Г., Домазетовски П., *Окупацијата на Западна Македонија (1941-1944), документи*, Струга-Јабланица, 2003;
85. Ташева, Марија, *Етничките групи во Република Македонија (Современи состојби),* Скопје: Филозофски факултет, 1997;
86. Ташева, Марија, *Социолошки теории*, Скопје, УКИМ, 1999;
87. Ташева, Марија, *Социологија*, Штип: 2-ри Август, 2003;
88. Teich, M., Porter, R., *The National Question in Europe in Historical Context*, Cambridge: Cambridge University Press, 1994;
89. Тодоровски Глигор, *Македонското прашање и реформите во Македонија,* Скопје, Култура, 1989;
90. Ferguson John, *War and Peace in the World's Religions,* The Camelot Press ltd. London,1997;
91. Filip Putinja i Zoslin Stref-Fenar, *Teorije o etnicitetu*, Beograd, XX-vek,1976;
92. Фрчковски, Д. Љубомир, *Меѓународно право за правата на човекот,* Скопје, Магор, 2001;
93. Fotev G., *The Other Ethnicity*, Sofia: Bulgarian Academy of Sciences, M. Drinov Publishing House, 1994;
94. Hobsbawm E. J., *Nations and Nationalism since 1780,* New York: Cambridge University Press, 1990;
95. Horowitz, D., *Ethnic Groups in Conflict*, Berkeley: UC Press, 1985;
96. Hutchinson, J., *Modern Nationalism*, London: Fontana Press, 1994;
97. Ханс Лотар Штепан, *Македонскиот јазол*, Аз-Буки, Скопје, 2004;
98. Herzfeld, Michael, Anthropology Thought the Looking Glass: Critical Ethnographu on the Margins of Europe, Cambridge University Press, 1987;
99. Хаџиев, Вања, *За името Македонија и Македонци во историјата*, Љуботен, Скопје, 1996;
100. Христов Симовски, Тодор, *Населените места во Егејска Македонија,* Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 1998;

101. Howard, M., *The Lessons of History*, Oxford: Oxford University Press, 1993;
102. Hastings, A., *The Construction of Nationhood: Ethnicity, Religion and Nationalism*, Cambridge: Cambridge University Press, 1997;
103. Wilson, K., Jan van der Dussen, *The History of the Idea of Europe*, Milton Keynes: The Open University, 1995;
104. Worchel Stephen, Austin William G., eds., *Psychology of Intergroup Relations*, Chicago: Nelson-Hall, 1986;
105. Wsevolod W. Isajiw, *Defenition and Dimension of Ethnicity*, University of Toronto, Ottawa, Ontario, Canada,1992;
106. Џ. Р. Елис, *Македонскиот Империјализам*, Мисла, Скопје, 1988;
107. Џамбазовски, Климент, *Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија*, том V, кн. 1, Београд, 1988;
108. Џамбазовски, Климент, *Влијанието на Илинден врз српско-бугарските односи*, Охрид, ИНИ, 1970;
109. Џамбазовски, Климент, *За некои национални македонистички тенденции на македонската емиграција во Србија кон крајот на XIX век*, ГИНИ, Скопје, 1986;
110. Шеј Џон, *Македонија и Грција-битка за дефинирање нова балканска нација*, Стеда графика, Скопје, 2002;

МЕЃУНАРОДНИ ИЗВЕШТАИ:

1. ***OSCE Human Dimension Implementation Meeting***, *The Macedonian Minority in Albania*, Warsaw, October 6-17, 2003;
2. ADVISORY COMMITTEE ON THE FRAMEWORK CONVENTION FOR THE PROTECTION OF NATIONAL MINORITIES, ***OPINION ON ALBANIA***, ACFC/INF/OP/I(2003)004, Strasbourg, 12 September 2002;
3. European Commission Against Racism and Intolerance, ***Third report on Albania***, 14 June 2005;
4. ***Albania-****Country Report on Human Rights Practices*, Released by the Bureau of Democracy, Human Rights and Labor, March 4, 2002;
5. United Nations 61th Session of the Commission on Human Rights, 14 March – 22 April 2005, Geneva, ***The Macedonian Minority in Albania***, Report by the Macedonian Human Rights Movement of Canada (MHRMC);
6. European Parliament, *Report on the situation as regards fundamental rights in the European Union (2000)*, final, Doc A5-0223/2001 Rev, 21.06.2001;
7. European Monitoring Centre on Racism and Xenophobia, *Attitudes towards minority groups in the European Union*, Vienna, March 2001,
8. Ombudsman, *Annual Report 2000* (in Greek), Athens 2001;
9. European Commission against Racism and Intolerance, *Second Report on Greece of 10 December 1999*, Strasbourg, 27.06.2000;
10. UN Committee on the Elimination of Racial Discrimination, *Concluding Observations: Greece*, 27.04.2001, UN Doc: CERD/C/Add. 119, 27.04.2001;
11. European Commission against Racism and Intolerance, *Second Report on Greece*, Strasbourg, 27 June 2000 (Doc CRI, 2000, 32);

12. Council of Europe Committee of Ministers Recommendation R (2001) 6 *on the prevention of racism, xenophobia and racial intolerance in sport*, 18 July 2001;
13. REPORT SUBMITTED BY **ALBANIA** PURSUANT TO ARTICLE 25, PARAGRAPH 1 OF THE FRAMEWORK CONVENTION FOR THE PROTECTION OF NATIONAL MINORITIES, ACFC/SR (2001) 005, 26 July 2001;
14. U. S. DEPARTMENT *of* STATE, ***Greece-2003***, Country Reports on Human Rights Practices, Released by the Bureau of Democracy, Human Rights, and Labor, March;
15. MHRMC 2004 Annual Report – The Macedonian Minority in Greece, Macedonian Language and the European Bureau for Lesser Used Languages (EBLUL), March 27, 2004;
16. ***PREVENTION OF DISCRIMINATION AGAINST AND THE PROTECTION OF MINORITIES,*** UN COMMISSION ON HUMAN RIGHTS, Sub-Commission on Prevention of Discrimination and Protectionof Minorities, Fifty-first session, E/CN.4/Sub.2/1999/NGO/18, 28 June 1999;
17. *Greece against its Macedonian minority.* ***The. Rainbow. Trial,*** Greek Helsinki Monitor and Minority Rights Group – Greece, ETEPE, Athens, 1998;
18. GREEK HELSINKI MONITOR (GHM) & MINORITY RIGHTS GROUP – GREECE (MRG-G), ***Greece, Report about Compliance with the Principles of the Framework Convention for the Protection of National Minorities*** *(along guidelines for state reports according to Article 25.1 of the Convention),* 18 September 1999;
19. ***Amnesty International***, Index: Eur 25/Wu 02/ 94 10 May 1994;
20. ***Greece condemned for discriminating against Macedonian minority,*** GREEK HELSINKI MONITOR & MINORITY RIGHTS GROUP – GREECE, 13/7/1998;
21. DENIAL OF ETHNIC IDENTITY, ***The Macedonans in Greece***, Human Rights Watch/Helsinki, April 11-22, 1994;
22. Defamation of Macedonians on Bulgarian Television, ***The Macedonian Minority in Bulgaria,*** Report by the Macedonian Human Rights Movement of Canada (MHRMC);
23. UNDP, ***Early Warning Report***, Bulgaria, Sofia, 2001;
24. Alternative report submitted pursuant to Art.25. (1) of the Framework Convention for the Protection of National Minorities, prepared by the **Bulgarian Helsinki Committee** in September 1999;
25. REPORT SUBMITTED **BY BULGARIA** PURSUANT TO ARTICLE 25, PARAGRAPH 1 OF THE FRAMEWORK CONVENTION FOR THE PROTECTION OF NATIONAL MINORITIES, (Received on 9 April 2003), (Bulgarian version), ACFC/SR (2003) 001;
26. ***LJUDSKA PRAVA U SVESTI GRADANA SRBIJE I CRNE GORE***, Beogradski centar za ljudska prava i *Strategic Marketing and Media Reastch Institute* (SMMRI), 2005;
27. *Први извештај Савезне Републике Југославија о остваривању Оквирне конвенције за заштиту националних мањина поднет на основу члана 25 Оквирне конвенције*, Савезно Министарство националних и етничких заједница, Београд, 2002;
28. Helsinške SVESKE br.15, *NACIONALNE MANJINE I PRAVO,* Helsinški odbor za ljudska prava u Srbiji i Humanitarni centar za integraciju i toleranciju, „Zagorac„ Beograd, 2002;
29. *Информација о главним ефектима новог уставног уређења Србије и Црне Горе на заштиту људских права,* Савет министра Србија и Црна Гора, 2002;
30. *Иницијални извештај о примени Међународног пакта о грађанским и политичким правима у Савезној Републици Југославији за период од 1992-2002 године,* Савет министра Србије и Црне Горе, Београд, 2003;

31. Okrugli sto NACIONALNE MANJINE U SRBIJI, Novi Sad, 8-9. Septembar 2000; Jugoslav Veljkovski (Istorijski arhiv Novog Sada), ***MAKEDONCI SU POTPUNO ZABORAVLJEN;***
32. STAVOVI SAVETODAVNOG KOMITETA O OKVIRNOJ KONVENCIJI ZA ZAŠTITU NACIONALNIH MANjINA, ***MIŠLjENjE O SRBIJI I CRNOJ GORI,*** Savet Evrope, ACFC/OP/I(2003)008, Strazbur, 27. novembra 2003;
33. Центар за документација и информации за малцинствата во Европа-Југоисточна Европа (CEDIME-JE), Малцинствата во Југоисточна Европа, ***Македонци во Бугарија***, 2000;
34. *Human Rights in Bulgaria after the October 1991 Elections*, Bulgarian Helsinki Committee, Annual Report;
35. U.S. State Department, 2001 and 2002 Annual Reports on Human Rights Practices: Bulgaria;
36. Lenkova Mariana, *Hate speech,, in the Balkans,* The International Helsinki Federation for Human Rights (IHF), ETEPE, 1998;
37. **Lenkova, M., *Positive and Negative Stereotypes in the Media of Seven Balkan Countries,* Greek Helsinki Monitor & Minority Rights Group – Greece, August 1997**
38. *Mariana Lenkova, researcher of Center for Documentation and Information on Minorities in Europe - Southeast Europe (CEDIME-SE),*MINORITIES IN SOUTHEAST EUROPE: ***Macedonians of Bulgaria;***
39. Athanasios Parisis, (President of GMSC of EBLUL), **Greek State Television Airs Previously Banned Program That Exposes Persecution Against Macedonian Minority,** *Committee of the European Bureau for Lesser Used Languages,* 14 March 2005, Geneva;
40. ***Radio Station Owner Arrested in Greece for Broadcasting in Macedonian Language,*** SEEMO (South East Europe Media Organisation), Press Release: Greece - Vienna, 9 June 2004;
41. Popov, Ch., Radin M., *Contemporary Greek Government Policy on the Macedonian Issue and Discriminatory Practicies in Branch of International Law,* Melbourne: Central Organizational Committee for Macedonian Human Rights, Australian Sub-Committee, 1989;
42. Minority Rights-Problems, Parametars and Patterns in the CSCE Context, Washington, D.C;
43. Kuper, Leo, *International Action against Genocide*, Report No.53, London: Minority Rights Group, 1984;
44. Alfredsson, Gudmundur and Melander, Göran, A Compilation of Minority Rights Standards: A Selection od Tehts from International and Regional Human Rights instruments ant other Documents, Raoul Wellenberg Institute for Human Rights and Humanitarian Law, Repport.24, Lund, Sweden, 1997;

НОРМАТИВНИ АКТИ И ДРУГИ ПРАВНИ ДОКУМЕНТИ:

1. **Закон за народната просвета**, обн., ДВ, бр. 86 от 18 октомври 1991 г., изм., бр. 90 от 1996 г., изм. и доп., бр. 36 от 1998 г., доп., бр. 124 от 1998 г., изм., бр. 153 от 1998 г., бр. 67 и 68 от 1999 г. РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, ВЕЛИКО НАРОДНО СЪБРАНИЕ;
2. **Закон за радиото и телевизията,** обн., ДВ, бр. 138 от 24 ноември 1998 г., изм., бр. 60 и 81 от 1999 г., изм. и доп., бр. 79 от 2000 г. , НАРОДНО СЪБРАНИЕ, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ;
3. **Закон за степента на образование, общообразователния минимум и учебния план** , Обн., ДВ, бр. 67 от 27 юли 1999 г.; *State Gazette No.67 from 27 July 1999*

4. **Наредба № 4 от 2 септември 1999 г. за общообразователния минимум и разпределение на учебното време,** МИНИСТЕРСТВО НА ОБРАЗОВАНИЕТО И НАУКАТА РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ Обн., ДВ, бр. 80 от 10.09.1999 г., изм. и доп., бр.18 от 7.03.2000 г. *State Gazette No.80/1999, No.18/2000*
5. **Правилник за прилагане на Закона за народната просвета**, МИНИСТЕРСТВО НА ОБРАЗОВАНИЕТО И НАУКАТА РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, Обн., ДВ, бр. 68 от 30 юли 1999 г., изм., бр. 19 от 2000 г.; *State Gazette, No.68/1999*
6. **Постановление № 86 от 12 март 1997 г. за утвърждаване на държавен регистър на специалностите по образователно-квалификационни степени във висшите училища на Република България,** МИНИСТЕРСКИ СЪВЕТ, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, Обн., ДВ, бр. 24 от 21 март 1997 г., изм. и доп., бр. 42 от 1997 г., доп., бр. 76 от 1998 г., изм. и доп., бр. 39 и 86 от 1999 г., доп., бр. 31 от 2000 г. *State Gazette No.24/199; 42/1997; 76/1998; 39, 86/1999; 31/2000;*
7. **Закон за отбраната и въоръжените сили на Република България**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ, Обн., ДВ, бр. 112 от 27 декември 1995 г., с много изменения и допълнения, последното от които от ДВ, бр. 64/2000 г
8. **Закон за държавния служител**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ, Обн., ДВ, бр. 67 от 27 юли 1999 г., изм., бр. 1 от 2000 г., *State Gazette No.67/1999, No.1/2000;*
9. **Закон за висшето образование**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ , Обн., ДВ, бр. 112 от 27 декември 1995 г., с много изменения и допълнения, последното от които от ДВ, бр. 54/2000 г.,
10. **Закон за закрила и развитие на културата,** РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ , Обнародван, ДВ, бр. 50 от 1 юни 1999 г., изм., бр. 1 от 2000 г
11. **Закон за политическите партии**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ, Обнародван, ДВ, бр. 29 от 10 април 1990 г., изм., бр. 87 от 1990 г., попр., бр. 89 от 1990 г., изм., бр. 59 от 1996 г., бр. 59 от 1998 г.,
12. **Законът за събранията, митингите и манифестациите**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ, Обн., ДВ, бр. 59 от 22 юли 1994 г., с много изменения и допълнения, последното от които от ДВ, бр. 84/2000 г
13. **Закон за вероизповеданията**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ, ДВ, бр. 120 от 29.12.2002 г..
14. **Граждански процесуален кодекс**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ, Обн., Изв., бр. 12 от 8 февруари 1952 г, с много изменения и допълнения, последното от които от ДВ, бр. 92/2000 г.
15. **Закон за съдебната власт**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, НАРОДНО СЪБРАНИЕ, Обн., ДВ, бр. 59 от 22 юли 1994 г., с много изменения и допълнения, последното от които от ДВ, бр. 84/2000 г.
16. **Закон за изменение на Закона за имената на българските граждани,** Държавен вестник, бр. 94 от 23 ноември 1990 г.;
17. **Търговски закон**, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ, ВЕЛИКО НАРОДНО СЪБРАНИЕ, Обн., ДВ, бр. 48 от 18 юни 1991 г., с много изменения и допълнения, последното от които от ДВ, бр.84/2000 г.
18. Law „On Right of Gatherings", Law no.8485, dated 12.05.1999
19. Savezni Zakon o zaštitu slobode i prava nacionalnih manjina, *Službeni list SRJ, br. 11/02;*

20. Zakon o osnovnoj školi, *Službeni glasnik RS, 50/92, 53/93, 67/93, 48/94, 66/94, 22/02, 62/03;*
21. Zakon o srednjoj školi, *Službeni glasnik RS, br. 50/92, 53/93, 67/93, 48/94, 24/96, 23/02, 25/02, 62/03, 64/04;*
22. Zakon o radnim odnosima u državnim organima, Službeni glasnik RS, br. 48/91, 66/91, 44/98, 49/99, 34/01,
23. Zakon o radio difuziji, *Služben iglasnik RS, br. 42/02, 97/04;*
24. Povelja o ljudskim i manjinskih pravima i građanskih slobodama, *Službeni list SCG, 6/03;*
25. Zakon o drzavnim praznicima Republika Srbija, *Službeni glasnik RS, br. 48/9;*
26. Zakon o drzavnim praznicima Republika Srbija, *Službeni glasnik RS, br. 48/9;*
27. Zakon o službenoj upotrebi jezika i pisma, *Službeni glasnik RS, br.45/91; 53/93; 67/94; 48/94;*
28. Zakon o osnovnoj školi, *Službeni List RCG, br. 34/91, 48/91, 17/92, 56/92, 30/93, 32/93, 27/94, 2/95, 20/95, 64/02;*
29. Pravilnik o načinu rada skupština elektora za izbor saveta nacionalnih manjina, *Službeni list SRJ, br. 41/02;*
30. Zakon o izbori poslanika Skupštine Srbija i Crne Gore, *Službeni glasnik RS, br. 10/03, 12/04;*
31. Zakon o izboru narodnih poslanika, *Službeni glasnik RS, br. 35/00, 57/03, 18/04;*
32. Zakon o izboru odbornika i poslanika, *Službeni list RCG, br. 16/00, 9/01, 41/02, 45/04;*
33. Zakon o lokalnoj samoupravi, Službeni glasnik RS, br. 9/02, 33/02, 33/04;
34. Деловник за работа на Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за заштитан а националните малцинства (ACFC/INF (98)2);
35. Ustavnu Povelju Državne zajednice Srbije i Crne Gore, Zakon o sprovođenju Ustavne povelje Srbije i Crne Gore;
36. POVELJA O LJUDSKIM I MANJINSKIM PRAVIMA I GRAĐANSKIM SLOBODAMA, Službeni list SCG, 6/03;
37. Zakon o ratifikaciji Sporazuma između Srbije i Crne Gore i Republike Makedonija o zaštiti srpske i crnogorske nacionalne manjine u Republici Makedoniji i makedonske nacionalne manjine u Srbiji i Crnoj Gori, Službeni list SCG-Međunarodni ugovori-br.6/2005;
38. ***KUSHTETUTA E SHQIPËRIES,*** *TË DREJTAT DHE LIRITË THEMELORE TË NJERIUT* (Устав на Албанија, Човекови слободи и права), Издавачи Сабри Гоца, Арбен Имами, 21.10.1998, Тирана;
39. Устав на Република Македонија (Со амандманите на Уставот I-XVIII), ЈП „Службен весник на Република Македонија,, Скопје, 2002;
40. **CASE OF THE UNITED MACEDONIAN ORGANISATION ILINDEN AN OTHERS v. BULGARIA,** *no. 59491/00*, JUDGMENT, STRASBOURG, 19 January 2006;
41. **CASE OF THE UNITED MACEDONIAN ORGANISATION ILINDEN – PIRIN AND OTHERS v. BULGARIA,** *no. 59489/00,* JUDGMENT, STRASBOURG, 20 October 2005;
42. **CASE OF STANKOV AND THE UNITED MACEDONIAN ORGANISATION ILINDEN v. BULGARIA,** *nos. 29221/95 and 29225/95,* JUDGMENT, STRASBOURG, 2 October 2001;
43. **CASE OF THE UNITED MACEDONIAN ORGANISATION ILINDEN AND IVANOV v. BULGARIA,** *no. 44079/98,* JUDGMENT, STRASBOURG, 20 October 2005;
44. **Decision No**.319 from 2/11/1998 of the Blagoevgrad District Court denying registration as an NGO to the OMO-Ilinden Association, led by Mr. Yordan Kostadinov;

45. Nations General Assembly, *Draft Declaration of the World Conference against Racism*, Durban, September 2001, UN Doc A/CONF.189/4, 20.08.2001.
46. Capatorti, Francesco, 1979, UN document E/CN. 4/ Sub. 2/384/Rev. 1.*Декларација за раси и расни предрасуди* (E/CN. 4 / Sub. 2/1982/2/ Add. 1, annex V, 1982);

СТАТИСТИЧКИ ИЗВОРИ:

1. *Статистички годишњак Србије и Црне Горе*, Завод за статистику Србије и Црне Горе, Београд, 2003;
2. *Demographic Structure of Population*/Structure of the Population in Bulgaria by Ethnicity, Mother Tongue and Religion According to the Census from December, 1992, National Institute of Statistics, Sofia, 1994;
3. Population Division of the United Nations Secretariat, World Urbanization Prospects: The 2001 Revision, Data Tables and Highlights (ESA/P/WP.173, 20 March 2002).;
4. CDI (Centar za demografska istraživanja), IDN (Institut društvenih nauka), *Migracije stanovništva Jugoslavije*, Beograd.
5. CDI, IDN: *Demografska kretanja i karakteristike stanovništva Jugoslavije prema nacionalnoj pripadnosti*, Beograd;
6. Republički zavod za statistiku SRS: *Prirodno kretanje stanovništva na teritoriji SR Srbije van teritoriji SAP u periodu 1961-1984. god. - po regionima i opštinama*, Bilten 266, Beograd, 1986;
7. Republički zavod za statistiku SRS*: Stanovništvo po polu i starosti na teritoriji SR Srbije van teritorija SAP u 1961. 1971. i 1981. godini - po regionima i opštinama*, Bilten 268, Beograd, 1986;
8. Republički zavod za statistiku SRS: *Stanovništvo u gradovima SR Srbije*, Bilten 251, Beograd, 1985;

ЕЛЕКТРОНСКИ ИЗДАНИЈА:

1. К'инчовъ В., *Македония-Етнография и статистика*, I изд. Бълг. Книжовно Д-во, София, 1900; II фототипно изд. "Проф. М. Дринов", София, 1996;
2. Archives diplomatique de Ministère des affaires ètrangeres, Paris, Sèrie Z Europe. Sous-sèrie, La Yougoslavie, vol.22;
3. Цвијић, Јован, *Проматрања о етнографији македонских Словена,* Београд, 1906;
4. Руменов Владимир, *Българитъ в Македония под гръцка властъ,* Македонски преглед (МП), София, книга 4, 1941;
5. Leon Dominian, *The frontiers of Language and Nationality in Europe*. Published for the American Geographical Society of New York 1917;
6. Richard von Mach , *Der Machtbereich des bulgarischen Exarchats in der Türkei*. Leipzig - Neuchatel, 1906;
7. Andonovski Hristo, *The First Macedonian Primer Between the Two World Wars-The ABECEDAR*, Skopje, 1986;
8. Zbornik radova sa međunarodnog naučnog skupa *„Stanovništvo slovenskog porjekla u Albaniji„* održan na Cetinju 21, 22, 23 juna 1990;
9. Цвијић Ј., *Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије*, књ. ИИИ, Београд, 1911;

10. *Memorandum Regarding the Language Dispute*, Sofia: Macedonian Scientific Institute – Sofia, 1997;
11. Bulgarian Academy of Sciences, *Macedonia: Documents and Material*, Sofia: BAN, 1978;
12. *Macedonian Information and Liaison Service (MILS) News*, Skopje, May 24, 1995;.
13. Gellner, E., Scale and Nation, *Philosophy of the Social Sciences* 3, 1973,
14. Sugar, P. & Lederer, I. (eds.) *Nationalism in Eastern Europe*, Washington University Press, Seattle, 1969;
15. *Encyclopedia Americana*, Danbury, International edition, Grolier Incorporated, 1984;
16. Blumi , Isa, The Question of Identity, Diplomacy and Albanians in Macedonia: Has the rain Come?, *International Journal of Albanian Studies,* Vol. 1, No. 2, p. 6 (Web-edition).

СПИСАНИЈА, ПУБЛИКАЦИИ И ДРУГ МАТЕРИЈАЛ:

1. Angelopolos, A., Population Distribution od Greece Today According to language, National Consciousness and Religion, *Balakan Studies*, br. 20, 1979;
2. Бранко Панов, Откритија на стогодишна опсесија, Списание *Арена*, бр. 896, 28.II.1978, Загреб;
3. Chaim Kaufman, "Possible and Impossible Solutions to Ethnic Civil Wars." International Security 20 (Spring 1996)
4. Connor,W., Nation-Building or Nation Destroying?, *World Politics*, Vol XXIV, No.3, April 1972
5. Gagnon, V.P. Jr., Ethnic Nationalism and International Conflict: The Case of Serbia, *International Security*, vol. 19 (Winter 1994/95);
6. Danforth, Loring M., Claims to Macedonian identity: the Macedonian question and the breakup of Yugoslavia, *Anthropology Today*, Vol.9, No.4, 1993;
7. Deutsch, Karl W., Social Mobilization and Political Development, *The American Political Science Review,* Vol.LV, No.3, Sept.1961
8. Eriksen, T. H., Ethnicity and Nationalism: Anthropological Perspectives. London: Pluto, 1993;
9. F. Stephen Larrabee, "Long Memories and Short Fuses: Change and Instability in the Balkans." International Security 15 (Winter 1990/91):
10. Fein, H., Genocide: a sociological perspective, *Current Sociology*, 38, 1, 1990;
11. Huntington S., The Clash of Civilizations, *Forign Affairs*, 1993 (3);
12. Kanev, Krassimir, Konventsiyata za maltsinstvata i zdraviyat smisul, (The Minorities Convention and Common Sense), *Ethno Reporter*, No.1, 1998, Sofia: International Initiative for Minority Rights;
13. Karakasidou, Anastasia, Politicizing Culture: Negating Ethnic Identity in Greek Macedonia, *Journal of Modern Greek Studies,* n. 11, 1993;
14. Lustick, I., Stability in deeply divided societies: consociationalism versus control, *World Politics* XXXI, 1979;
15. Pollis, Adamantia, Greek National Identity: Religious Minorities Rights and European Norms, *Journal od Modern Greek Studies*, N. 10, 1992;
16. Russell Leng and Patrick Regan, "Social and Political Cultural Effects on the Outcomes of Mediation in Militarized Interstate Disputes," *International Studies Quarterly* Vol.47, No.3 (Sep 2003),
17. Ryan, S.,Ethnic Conflict and the United Nations, *Ethnic and Racial Studies*, 13/1, 1990;

18. Smith, A. D., National identity and the idea of European Unity, International Affairs, 68/1, 1992:
19. Van den Berghe, Ethnic Pluralism in Plural Society: Special Case, *Ethnicity*, 1976.

ЕЛЕКТРОНСКА БАЗА НА ПОДАТОЦИ (WEB-SITES):

http://www.macedoniansinalbania.org/
http://www.mhrmc.ca/
http://www.balkanreport.tol.cz/
http://www.efa-youth.org/
http://www.state.gov/
http://www.seemo.org;
http://www.dhcour.coe.fr/eng/SIDIROPOULOS%20&%20OTHERS%20ENG.html
http://www.eurominority.org
http://www.greekhelsinki.gr/
http://www.osce.org/
http://www.bild.net/temida/va/aozv/kdks/gpk.html
http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/zsw.html
http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/tz.html
http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/zwo.html
http://www.makedonoka.org/NarodnaVolja/
http://www.bild.net/temida/va/aozv/kdks/npk.html
http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/znp.htm
http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/zrt.html
http://www.bild.net/temida/va/aozv/knst/krb.html;
http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/zwo.html;
http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/zpp.html;
http://www.bild.net/temida/va/aozv/zakn/zsw.html;
http://www.bulgariahelsinki.bg/
http://www.dhcour.coe.fr/
http://www.kosovo.com/
http://www.blicnews.com/aktuelno/1sadrzaj/sadrzaj4.htm
http://www.info.gov.yu
http://www.ethnoloque.com/
http://www.nationmaster.com/
http://www.nsi.bg/Census/CensusList1htm.
http://www. divorcereform.org/
http://www.ciesin.org/
http://mk.oneworld.net/
http://www.pcnen.cg.yu/
http://www.bghelsinki.org/
http://www.wikipedia.org/
http://www.parlament/al
http://www.albgovt.gov.al/
http://www.cia.gov/
http://www.bartleby.com/ by Columbia University Press

http://www.amnesty.org/
http://www.freedomhouse.org/
http://www.undp.org/
http://www.humanrights-usa.net/
http://www.unitedmacedonians.org/
http://www.coe.int/
http://www.emigration.gov.mk/
http://www.balkanica.org/
http://www.knigite-abv.bg/
http://www.makedonika.org/
http://www.info.gov.yu/
http://www.slobodna evropa.org/
http://www.bgcentar.org.yu/
http://www.rastko.org.yu/
http://www.geocities.com/

СОДРЖИНА

ВОВЕД..... 4
НЕКОЛКУ ПОГЛЕДИ НА ПРОБЛЕМОТ И ЦЕЛИТЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО..... 9
ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ИСТРАЖУВАНИОТ ПРЕДМЕТ..... 12

ПРВ ДЕЛ

1. МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ КАКО ЕТНО-ИСТОРИСКИ СУБЈЕКТ..... 15
1.1. Историски конотации..... 15
1.2. Природно-географски одлики..... 17
1.3. Потекло на името Македонец и Македонија..... 26
1.4. Македонскиот јазик..... 30
1.5. Македонската афтокефална црква.....34

2. МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ОД БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС ДО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ..... 38
2.1. Берлинскиот конгрес од 1878 година и македонското прашање..... 38
2.2. Пропагандата на балканските држави на македонскиот етнички простор... 41

3. БАЛКАНСКИОТ СОЈУЗ, БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И ПОДЕЛБАТА НА МАКЕДОНИЈА..... 47

4. УЛОГАТА НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ ВО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ..... .53

ВТОР ДЕЛ
„ОД ПОДЕЛБАТА ДО ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО 1913-1991„

1. КРАЛСТВОТО НА „СХС" И ПОРАНЕШНАТА „СФРЈ"..... 60
Воведни напомени
1.1. Етничките промени во Вардарскиот дел на Македонија и српските статистики 1918-1944 година..... 61
1.2. Образованието, етничко-јазичните и политичките промени по српската колонизација..... 67
1.3. Положбата на Македонците во Кралството на СХС (1913-1941)..... 69
1.4. Македонската национална свест и ставовите на КПЈ за решавање на македонското национално прашање..... 72
1.5. Создавање на Социјалистичка Република Македонија..... 75
1.6. СФР Југославија (до 1991 година) 78
1.7. Македонско-српските односи во рамките на СФРЈ..... 83

2. РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА..... 86

2.1. Бугарските статистики од 1918-1944 година..... **86**
2.2. Грчко-бугарската конвенција за „доброволна" размена од 27 ноември 1919 година и етничките промени во Пиринскиот дел на Македонија..... **93**
2.3. Положбата на македонското малцинство во Бугарија, етно-јазичните и политичките последици од бугарската „колонизација" **95**
2.4. Положбата на македонското национално малцинство во Бугарија меѓу двете светски војни..... **96**
2.5. БКП, културната автономија на Пиринска Македонија и македонското национално малцинство..... **101**
2.6. Инфорбирото од 1948 година и македонскот национално малцинство во Бугарија..... **104**

3. РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА.....109

3.1. Грчката статистика, националната структура и Македонците во Егејска Македонија (1913-1944).....**109**
3.2. Преименување на топонимите во Егејска Македонија и прекрстување на Македонците.....**118**
3.3. Меѓународните договори и обврски на Грција кон малцинствата и правата на македонското национално малцинство..... **121**
3.4. Образованието, јазикот и положбата на Македонците во Егејска Македонија **124**
3.5. Грчката антимакедонска пропаганда и југословенско-грчките односи.....**128**
3.6. Грција во периодот на политичка стабилност.....**131**

4 . РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА.....133

4.1. Македонското национално малцинство и македонските етнички предели во Албанија.....**133**
4.2. Положбата на македонското национално малцинство во Албанија **139**

ТРЕТ ДЕЛ
СОВРЕМЕНИ СОСТОЈБИ (1991-2006)

ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ.....146

1. Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства (РКНМ).....**148**
2. Содржина и толкување на РКНМ.....**149**

1. СОЈУЗНА РЕПУБЛИКАЈУГОСЛАВИЈА-СРБИЈА И ЦРНА ГОРА (1991-2006)..... 155
Воведни напомени

1. СРЈ / Србија и Црна Гора и Рамковната конвенција за заштита на националите малцинства..... **158**

2. Македонското национално малцинство во српската официјална статистика (1991-2002)..... **160**
3. Уставно-правна основа за заштита на слободите и правата на националните малцинства во СРЈ/Србија и Црна Гора, согласно РКНМ..... **163**
3.1. Право на еднаквост пред законот и рамноправна малцинска заштита..... **171**
3.2. Македонското национално малцинство во СРЈ/СЦГ и негувањето на елементите на неговиот етнички идентитет.....**175**
3.3. Антидисктиминаторните одредби, толеранцијата и македонското малцинство во СРЈ/СЦГ.....**183**
3.4. Слободата на вероисповест во СРЈ/СЦГ.....**188**
3.5. Македонското национално малцинство во СРЈ/СЦГ и неговото право на слободно изразување.....**194**
3.6. Право на употреба на македонскиот јазик и личните имиња на припадниците на македонското национално малцинство во СРЈ/СЦГ.....**199**
3.7. Пристап до образованието и право на образование на мајчин јазик за македонското национално малцинство во СРЈ/СЦГ.....**206**
3.8. Македонското национално малцинство и неговото учество во општествениот живот на СРЈ/СЦГ.....**215**
3.9. Македонското национално малцинство во СРЈ/СЦГ и остварување на правата од член 16 на РКНМ..... **222**
3.10. Билатералните спогодби меѓу РМ и СЦГ во прилог на унапредувањето на положбата на македонското малцинство во СЦГ..... **226**
3.11. Пријателство и соработка помеѓу РМ и СЦГ, како услов за признавање и почитување на правата на македонското малцинство.....**228**
3.12. Некои актуелни теми и нови состојби.....**229**

2. РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА (1991-2006).....232
Воведни напомени

2.1. Имплемантација на РКНМ и устаните гаранции за заштита на малцинствата во Република Бугарија.....**233**
2.2. Алтернативни етнографски податоци и коментари за составот на населението во Република Бугарија..... **234**
2.3. Одредбите од член 1, 2, и 3 од Рамковната конвенција од аспект на бугарскиот уставно-правен сстем.....**237**
2.4. Македонското национално малцинство во бугарската тернинолошка определба на термините „малцинство„ и „етничка група„..... **241**
2.5. Бугарските уставни антидискриминаторски одредби и македонското национално малцинство..... **247**

2.6. Македонскиот национално малцинство и негување на елементите на неговиот етнички идентитет..... **250**
2.7. Македонското малцинство во бугарската политиката на толеранција и културен дијалог.....**254**
2.8. Правото на мирно собирање и здружување на македонското малцинство во Бугарија **257**
2.9. Право на слободно изразување на вероисповеста.....**267**
2.10. Медиумската политика кон Македонците во Република Бугарија.....**270**
2.11. Македонското национално малцинство и нивното право на употеба на мајчин јазик.....**275**
2.12. Личните имиња на Македонците во Република Бугарија..... **278**
2.13. Негување на културата, историјата и јазикот на Македонците во бугарски општествено-политички контекст..... **280**
2.14. Пристапот до образование и правото на образование на мајчин јазик за Македонците во Бугарија.....**284**
2.15. Учество на македонското малцинствата во економскиот, културниот и социјалниот живот на Бугарија.....**287**
2.16. Пријателство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија, како услов за национално признавање и почитување..... **288**

3. РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА (1991-2006)..... **292**

3.1. Спор бр. 1: Грчко-македонскиот спор за името на државата „Република Македонија„.....**292**
3.2. Грчката националистичка идеологија и меѓународната заштита на малцинските права **300**
3.3. Спор бр. 2: Негација на македонскиот национален идентитет.....**306**
3.4. Македонското национално малцинство во Република Грција (Северна Грција/Грчка Македонија/Егејска Македонија).....**311**
4. Положбата и правата на националните малцинства во Република Грција во контекст на РКНМ.....**314**
4.1. Грчка дефиниција за поимот „национално малцинство„ и правото на слободно изразување на етничкиот идентитет на Македонците.....**316**
4.2. Право на рамноправност и не-дискриминација..... **320**
4.3. Слобода на верпоисовест..... **321**
4.4. Право на здружување на македонското национално малцинство во Грција..... **324**
4.5. Правото на слободно изразување на националните малцинства во рамките на грчкиот правен систем.....**328**
4.6. Право на образование и употреба на македонскиот јазик за припадниците на македонското национално малцинство.....**331**
4.7. Право на користење на имињата и презимињата на малцинските јазици во Република Грција..... **334**
4.8. Право на слободно движење и одржување на мирољубиви контакти меѓу Македонците ширум светот и Македонците во Грција..... **338**

4.9. Повик за демократизација на Република Грција..... **342**

4. РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА (1991-2006).....344
Воведни напомени

4.1. Малцинската заштита во Република Албанија..... **345**
5. Положбата и правата на македонското национално малцинство во Република Албанија, во контекст на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства..... **349**
5.1. Правото на етничка/национална идентификација..... .....**353**
5.2. Колкав е бројот на Македонците во Република Албанија? **357**
5.3. Право на рамноправност и не-дискриминација..... **359**
5.4. Македонското национално малцинство во Албанија и неговото право на употреба на македонскиот јазик и правото на образование на мајчин јазик... **364**
5.5. Правото на здружување на македонското национално малцинство во Албанија.....**371**
5.6. Македонски медиуми во Република Албанија.....**376**
5.7. Слободата на вероисповест на македонскиот малцинство во Албанија.....**378**
5.8. Македонски имиња и презимиња и топоними во Република Албанија.....**381**
5.9. Македонското национално малцинство во Албанија и неговите контакти со матичната држава-Република Македонија..... **383**

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА.....387

ПРИЛОГ: ***Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства*** *(скратена врзија)*..... **395**

БИБЛИОГРАФИЈА.....401
Меѓународни извештаи.....405
Нормативни акти и други првани документи..... 407
Статистички извори..... 410
Електорнски изданија..... 410
Списанија, пубилкации, и друг материјал..... 411
Електронска база на податоци (web-sites).....412

СОДРЖИНА..... 414